ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ДЕМОНИ

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ДЕМОНИ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
БЕСЫ

Превел од руски
БРАНКО ВАРОШЛИЈА

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

ДЕМОНИ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

НАМЕСТО УВОД: НЕКОЛКУ ПОЕДИНОСТИ ОД ЖИВОТОПИСОТ НА МНОГУПОЧИТУВАНИОТ СТЕПАН ТРОФИМОВИЧ ВЕРХОВЕНСКИ

I

Пред да почнам да ги опишувам неодамнешните и многу необични настани што се случија во нашиот град кој дотогаш со ништо не се разликуваше од другите. морам, бидејќи сум невешт, да почнам од подалеку и тоа со неколку биографски податоци за надарениот и многупочитуваниот Степан Трофимович Верховенски. Тие детали нека послужат само како увод во хрониката што ќе ја изнесам, а самиот настан што имам намера да го опишам, ќе дојде подоцна.

Да кажам веднаш: Степан Трофимович меѓу нас постојано играше некоја особена, така да речам, граѓанска улога што ја сакаше со страст, така што, ми се чини, без неа не можеше ни да живее. Да не се помисли дека јас него сега го споредувам со артист од театар, бог да чува, уште повеќе дека и самиот го ценам. Сето тоа и можеше да биде навика или, подобро речено, непрекината и благородна љубов и наклоност од детинството за пријатно мечтаење за својот убав, граѓански став. Тој, на пример, необично ја сакаше својата позиција на човек и „прогонуван" и така да се рече „изгнаник". Овие две зборчиња го имаат класичниот сјај на својот вид што го засени еднаш засекогаш и, подоцна, издигнувајќи го постепено во неговите очи, најпосле, во текот на многу години, го доведе до постамент мошне висок и за

неговото самољубие мошне пријатен. Во еден сатиричен англиски роман од минатиот век, некој Гуливер, враќајќи се од земјата на џуџињата, каде што луѓето по раст биле сè на сè едно два прста, толку се свикнал себеси да се гледа како џин што, на пример, одејќи по лондонските улици и не сакајќи им викал на минувачите и на колите да му се засолнат од патот, да внимаваат да не ги прегази, вообразувајќи си уште дека тој е грамаден, а тие малечки. Поради тоа го исмејувале, а суровите кочијаши дури го фркнувале со камшикот. А дали било тоа право? Што сè не може да направи навиката? Навиката на нешто скоро исто го беше натерала и Степан Трофимович: само во поневина форма, ако може така да се рече — зашто тој беше најдобар човек.

Јас мислам дека најнакрај сите и сегде го заборавија, но никако не може да се рече дека порано не го знаеле. Неоспорно е дека извесно време и тој ѝ припаѓал на прочуената плејада прославени општествени работници од нашето минато поколение; и, едно време — впрочем, само за еден малечок миг — мнозина тогашни пренаглени луѓе го изговараа неговото име скоро паралелно со имињата на Чадаев, Белински, Грановски и Херцен кој само што беше почнал да се јавува од Европа. Активноста на Степан Трофимович, меѓутоа се заврши скоро веднаш кога и почна — под „бурата на околностите“. Како се случи тоа? Подоцна се виде дека воопшто немало не само „бура“, туку дури ни „околности“, барем не во случајот на Степан Трофимович. Јас дури овие денови дознав и сосема се зачудив, а тоа е целата вистина, дека Степан Трофимович меѓу нас, во нашата губернија, не живеел како „изгнаник“, како што обично се мислеше меѓу нас; и не само што не бил „протеруван“, туку никогаш не бил ни под полициско внимание. Сега го гледате неговото силно вообразување. Тој низ целиот свој век искрено верувал дека во некои кругови постојано му се потплашуваат, дека секој негов чекор е познат и запишан, и дека сите наши три губернатори, во досегашните дваесет години, доаѓајќи во губернијата доаѓале со некое веќе однапред добиено

уверување за него, што им задавало грижи и што им е натурско „одозгора“ и тоа „пред сите други нешта“ А ако некој тогаш земаше со несоборливи докази да го уверува многууважениот Степан Трофимович дека тој нема никакви причини да страхува, него тоа бездруго многу ќе го навредеше. Инаку тоа беше човек најумен и најнадарен, човек, така да се рече, дури и од науката, иако во науката ... но, да речеме, со еден збор, во науката тој не направи којзнае што и, како што изгледа, токму и ништо. Но, добога, кај нас во Русија тоа се случува со сите луѓе од науката.

Од Европа Степан Трофимович се врати веќе кон крајот на четириесеттите години и блесна како лектор на универзитетската катедра. Успеа да одржи само неколку предавања, ми се чини за Арапите; успеа исто така да одбрани прекрасна дисертација за некогаш, во XV век започнатото граѓанско и ханзанско значење на германското градче Ханау и, наедно со тоа, за оние посебни и нешто нејасни причини зошто до тоа значење сепак не дошло. Оваа дисертација фино и жестоко ги прободи тогашните словенофили и одеднаш му донесе на авторот многубројни и разгневени непријатели меѓу нив. Подоцна, впрочем, по губењето на катедрата, авторот успеа да го печати (може да се рече поради одмазда и за да видат кого го изгубиле) во напредно месечно списание што го преведуваше Дикенса и ја објавуваше Жорж Санд — почетокот на едно мошне зрело испитување, би рекол — за причините на посебните морални добродетели на некои рицари од не знам кое време, или така нешто. Секако, тој тука спроведуваше некоја мошне висока и необично благородна идеја. Се раскажуваше потем дека натамошното продолжување на тоа испитување било неочекувано забрането и дека дури и тоа напредно списание настрадало поради печатењето на првата половина од трудот. Сосема е возможно нешто такво да се случи — зашто што немаше тогаш! Но во овој случај повеќе е веројатно дека навистина ништо не било, туку дека писателот бил мрзлив да го заврши она што го почнал. А своите предавања за Арапите ги прекина поради тоа што некој некако (очи-

гледно некои од неговите конзервативни непријатели) беше фатил некое писмо од авторот до некого, во кое биле изнесени некакви „околности“, поради што пак некој барал од авторот „изјаснување“. Не знам дали е вистина, но се тврдеше и тоа дека токму во тоа време во Петроград се влегло во трагата на некакво мошне големо противприродно и противдржавно здружение од тринаесеттина членови, кое за малку што не ја разниша зградата. Се зборуваше дека тие членови се подготвувале да го преведат токму самиот Фурие.[1] Во истото тоа време, како да е сè така наместено, во Москва дојдоа и до една поема од Степан Трофимович што тој уште порано, пред шест години, ја беше напишал во Берлин, во својата прва младост, и која во препис одеше од рака до рака помеѓу двајца љубители и еден студент. Таа поема ја имам денес на својата маса; а ја добив пред една година во своерачен, сосема свеж препис на самиот Степан Трофимович, со посвета, и во прекрасен повез од црвен сафијан. Впрочем, поемата не е без поезија дури, ни без некоја дарба, и необична е, но тогаш (поточно речено во триесеттите години) често така се пишуваше. Ќе ми биде тешко да ја изнесам нејзината содржина, зашто, да си кажам отворено, ништо не разбрав. Некаква алегорија во лирско-драмска форма што потсетува на вториот дел на „Фауст“. Сцената почнува со женски хор, потем доаѓа машки хор, потем хор од некакви сили и на крајот од краиштата хор на души уште неродени, но кои многу би сакале да поживеат. Сите тие хорови пеат за нешто неодредено, главно за нечие проклетство, но со нијанса на повисок хумор. Тогаш сцената неочекувано се променува и доаѓа до некаков „Празник на животот“; тука пеат дури и инсектите; се појавува желка со некакви латински сакраментални зборови; и, ако си спомнувам добро, пее и еден минерал, значи, предмет сосема без душа, мртов. Воопшто, сите пеат, непре-

---

[1] Фурие, француски филозоф и социолог, создавач на фаланстерската школа, социјалистички систем според кој луѓето би живееле заеднички во општи куќи, фаланстери.

стајно; а кога зборуваат, тогаш некако се нагрдуваат, неодредено но со некакво навестување на повисока смисла. Најодзади сцената пак се менува и се покажува див предел, а меѓу карпите скита еден цивилизиран момчак, скинува некакви тревки и ги цица, и кога самовилата ќе го праша зошто ги цица тие тревки, тој одговара дека во себе чувствува премногу живот, бара заборав и го наоѓа во соковите на тие треви, но дека всушност главна желба му е што побрзо да си го загуби умот (желба, можеби излишна). Потем, одненадеж доаѓа на црн коњ момчак со невидена убавина, а зад него едночудо од сите народи. Тој момчак ја претставува смртта, а сите народи копнеат по неа. И, најпосле, во сосема последната сцена, се појавува Вавилонската кула; неа ја довршуваат некакви атлети пеејќи песна за нова надеж; но штом ќе стасаат на врвот од кулата, господарот, да речеме на Олимп, смешно бега, а човештвото, кое најпосле сфаќа за што се работи, го зазема неговото место и започнува нов живот со наполно сознавање на нештата. И, ете, изнајдоа дека таа поема е опасна! Јас лани го молев Степан Трофимович да ја печати, зашто во наше време поемите сигурно веќе ни малку не се опасни, но тој предлогот го одби со очигледно незадоволство — не му се допадна моето мислење дека работата е наполно невина; на тоа мислам дека се должи и неговата студенина спрема мене, која траеше цели два месеци. Но, што мислите? Одненадеж, и скоро во исто време кога јас предлагав поемата да се печати овде, — таа се објави таму, во Европа, во еден револуционерен зборник, и тоа така што Степан Трофимович ништо да не дознае. Отпрвин се препали, појде до губернаторот, за Петроград напиша писмо со најчесно оправдување, мене двапати ми го читаше, но сепак не го прати, зашто не знаеше до кого да го упати. Со еден збор, се возбудуваше цел месец; но уверен сум дека во тајните катчиња на својата душа беше необично поласкан. Со егземпларот на зборникот што му беше испратен само што не спиеше; а дење го криеше под душекот и не дозволуваше слугинката да му ја претресува постелата. И иако секој ден оче-

куваше однекаде некаква телеграма, сепак од височина гледаше на светот. Но никаква телеграма од никаде не дојде. Тогаш се смири и со мене, што е доказ за необичната добрина на неговото кротко и незлобио срце.

II

Но јас не тврдам дека тој нималку не пропати од гонењето; само сега наполно се уверив дека можел да ги продолжи своите предавања за Арапите сè додека му е волја ако дадел некои потребни разјаснувања. Меѓутоа, тој ѝ подлегнал на амбицијата и со посебна ревност побрзал себеси еднаш засекогаш да се увери дека кариерата за цел живот му е упропастена во „бурата на околностите“. Но, ако ја зборуваме вистината за тоа, вистинската причина за промената на кариерата е во мошне деликатниот, уште и порано направен и пак обновен предлог на Варвара Петровна Ставрогина, жена на еден генерал—лајтнант и многу богата госпоѓа — Степан Трофимович да го земе на себе воспитувањето и сето умно развивање на нејзиниот единствен син, како виш наставник и како пријател, а за прекрасната награда, се разбира, не требаше да се распрашува ни да се зборува. Првпат тоа му беше предложено уште во Берлин, и токму тогаш кога првпат остана вдовец. Неговата прва жена била некоја ветерничава девојка од нашата губернија, со која тој се оженил во својата најрана и сè уште луда младост. Како што изгледа, со таа личност поднесол, таа била впрочем мошне привлечна, многу тешкотии поради немањето средства за нејзиното издржување, а на тоа згора и поради другите посебно деликатни причини. Таа умрела во Париз, живеејќи ги последните три години одвоено од него, а му оставила петгодишен син, „плод на првата, радосна и уште непоматена љубов“ — како што еднаш пред мене му се испушти од уста на растажениот Степан Трофимович. Детето веднаш по раѓањето го пратиле во Русија, каде што за сето време било од-

гледувано на рацете на некакви далечни тетки, некаде во некое зафрлено место.

Степан Трофимович тогашната понуда на Варвара Петровна ја одбил и набрзо пак се оженил, дури и пред годишнината од смртта на првата жена, со една берлинчанка, молчалива жена и, што е главно, без секакви посебни барања и потреби. Но, освен овие причини имало и други поради кои Степан Трофимович одбил тогаш да го прими местото на воспитувач — му изгледала примамлива славата на еден незаборавен професор што во тоа време се прочул, па и тој, Степан Трофимович, летнал кон катедрата за да го испроба својот орловски лет. Но сега, веќе со подгорени крилја, се сетил, природно, за предлогот што и на втората негова жена која со него не поживеала ни една година, сè довела во ред. Даречам просто: сè се завршило со пламено сочувство и со драгоцено, класично пријателство на Варвара Петровна спрема него, ако може за пријателството човек така да се изрази. Тој му беше паднал в прегратки на тоа пријателство и тоа се зацврсти за повеќе од 20 години. Го употребив изразот „паднал в прегратки“: но не дај боже некој да помисли нешто лошо: тие прегратки треба да бидат разбрани единствено во највозвишената морална смисла. Најнежна и најделикатна врска ги соедини засекогаш овие две суштества достојни за внимание.

Воспитувачката должност Степан Трофимович ја прими затоа што имотчето што остана по неговата прва жена (многу мало имотче) наполно се допираше со Скворешники, прекрасниот имот на Ставрогини, блиску до еден град во нашата губернија. Најпосле, тој можеше во тишината на својот кабинет, непречен од грамадноста на универзитетската работа, да ѝ се посвети на науката и да ја збогати татковинската книжевност со прилози од мошне добро значење. Тој тие прилози не ги даде, но можеше целиот свој преостанат живот, последните дваесет години и повеќе, да ги помине во став на „овоплотен прекор“ пред татковината, како што вели народниот поет:

„Како оволлотен прекор
. . . .
Стоеше пред татковината,
идеалистот либерал.“

Оној тип граѓанин на кој народниот поет овде мисли, можеби навистина имал право цел век да позира во таа смисла, ако го сакал тоа, иако е тоа и здодевно. Нашиот Степан Трофимович, ако зборуваме по право, беше само имитатор на слични особини; стоењето него го заморуваше, па поначесто и прилегнуваше. Но во став на лежење го сочува, треба да бидеме правични, отелотворувањето на прекорот; уште повеќе дека за губернијата и толку беше доста. Треба само да го видите во нашиот клуб кога ќе седне да игра карти. Целиот занесен зборува: „Карти! Еве, играм со вас јаралаш! Зарем тоа е умесно? Кој ќе одговара за тоа? Кој ја уби мојата активност и ја претвори во јаралаш? Еј, Русијо, пропадни!“ и величенствено ќе адутира со кец.

Ако ја зборуваме вистината, многу сакаше да се натпреварува на мегдан со карти; и поради тоа, особено во последно време, имаше чести и немили судири со Варвара Петровна, уште повеќе поради тоа што редовно губеше. Но за тоа попосле. Сега напоменувам дека тоа беше човек дури свесен (т. е. понекогаш) и поради тоа често беше тажен. Во тек на дваесетгодишното пријателство со Варвара Петровна тој по три-четири пати годишно редовно паѓаше во, меѓу нас наречената „граѓанска тага“, просто речено во чмаење, но изразот „граѓанска тага“ многу повеќе ѝ се допаѓаше на многупочитуваната Варвара Петровна. Подоцна тој, освен во граѓанска тага, почна да паѓа и во шампањско; но нежно чувствителната Варвара Петровна и во таа смисла цел век го чуваше од тривијалните склоности. Впрочем, нему и му беше потребна гледачка, зашто понекогаш е мошне чуден: среде највозвишената тага одеднаш ќе почне да се смее сосема простонародно. Наидуваа и моменти кога и за самиот себе зборуваше во хумористична смисла. А Варвара Петровна од ништо не се плаши толку, како од хумо-

ристичната смисла. Тоа беше жена класик, жена меценa, жена што работеше само под влијанието на високото умување. Дваесетипетгодишното влијание на оваа виша жена на нејзиниот кутар пријател, беше капитално. За неа треба посебно да се зборува, што и го правам.

III

Има чудни пријателства: скоро да се изедат едно со друго, така го минуваат целиот живот, а не можат да се разделат. И дури никогаш не би можеле. Оној од двајцата што ќе се навреди и ќе ја раскине врската, прв ќе се разболи, може и да умре. Јас сосема сигурно знам дека Степан Трофимович неколкупати, понекогаш токму по најинтимните разговори во четири очи со Варвара Петровна и откако таа ќе си отиде, скокал од канабето и удирал со тупаница во ѕидот. Тоа се случувало токму како што велам, без најмалку алегорија, дури и така што еднаш го откорнал малтерот од ѕидот... можеби ќе прашате — како сум можел да дознаам такви подробности? А што ако сум бил лично сведок? Ако Степан Трофимович, и тоа не еднаш, плачел на моето рамо и лелекал, сликајќи ми ги во живи бои сите свои тајни? (А што не зборуваше покрај тоа!) Но да видите што станувaше веднаш вториот ден по таквите лелекања: Степан Трофимович беше готов просто самиот себе да се распне дека е толку неблагодарен; или итно ме викаше кај себе, или тој доаѓаше кај мене — единствено за да ми каже дека е Варвара Петровна „ангел од чесност и деликатност, а тој токму спротивното". И не само што доаѓа и ми го вели тоа мене, туку често сето тоа и нејзе со најголема красноречивост ѝ го опишува во писма; и, под својот полн потпис, ѝ признава дека, да рецеме ништо помалку, туку, на пример, еве вчера, на туѓ човек му раскажувал дека таа го држи кај себе само од гордост, дека му завидува на ученоста и на надареноста; го мрази, но се плаши својата омраза да ја покаже, просто од страв да не ја остави и со тоа да не му наштети на нејзиниот авторитет во литерату-

рата; тој поради тоа себеси се презира и сака да умре со насилна смрт од неа го очекува последниот збор што ќе реши, сѐ – и сѐ така, и така натаму докрај. По вакви соопштувања може да се замисли какви нервни напади понекогаш надоаѓаа на тоа најневино од сите педесетгодишни деца! Еднаш читав едно такво писмо, пишувано по една од нивните меѓусебни караници што почнувале од ситници, но крајот би им бил отровен. Испреплашен, го молев пријателот да не го праќа писмото.

— Невозможно . . . почесно е така . . . тоа е должност ќе умрам ако не ѝ признаам сѐ, ама сѐ! — ми одговори скоро во треска и веднаш го прати писмото.

Во тоа и е разликата помеѓу нив: Варвара Петровна ни овој пат не би пратила такво писмо. Навистина, тој до занес сакаше да пишува и нејзе ѝ пишуваше иако живееше со неа во една куќа; во случај на хистерични напади ќе ѝ пишеше и по две писма дневно. Сигурно знам дека таа секогаш највнимателно ги читаше, дури и кога беа две писма на ден и, откако ќе ги прочиташе, ги ставаше во посебна фиока, откако ќе ги обележеше и ќе ги распоредеше; освен тоа, се разбира, ги ставаше и во своето срце.

Потоа, оставајќи го својот пријател по цел ден без одговор, ќе се сретнеше со него како обично, едноставно како вчера ништо особено да немало. Малку по малку така го дотера што тој веќе не смееше да ѝ ја спомнува вчерашнината, само некое време ќе ѝ се загледуваше во очите. Но, додека таа ништо не заборавaше, тој понекогаш забораваше и сѐ и премногу брзо; осмелен од нејзината мирнотија, тој уште истиот ден, ако дојдеа пријатели, ќе се смееше пиејќи шампањско и гимназиски пргав. Таа тогаш мораше да му фрла отровни погледи, но тој ништо не гледаше! Можеби дури по една недела, по месец, или дури по половина година, во некој посебен момент, ако си спомнеше не сакајќи на некој израз од писмата, а потоа и за целото писмо, со сите детали — црвенееше од срам и се мачеше понекогаш толку што се разбо-

луваше, добивајќи ги своите напади на избувливост. Тие негови напади, слични на колерина, во некои случаи доаѓаа како обична последица на нервните потреси, што само по себе значеше интересен, своевиден куриозитет, на неговиот телесен состав.

Навистина, Варвара Петровна мошне често сериозно го намразуваше. А тој една работа кај неа не забележа сè докрај: не забележа дека за неа тој најпосле стана син, нејзина творба, дури, може да се рече, нејзин изум; стана тело на нејзиното тело и не знаеше дека таа не го чува единствено од чистата „завист спрема неговата надареност“. Такви сомневања нејзе веројатно ја навредуваа, и уште како! Среде непрестајната омраза, љубомора, презирање — во неа се криеше некоја неподнослива љубов кон него. Го чуваше како капка вода на дланка; го негуваше и се моткаше околу него 22 години; ако се однесуваше нешто за неговиот углед како поет, научник и граѓански трудбеник, по цели ноќи не можеше да спие од грижи. Тој беше нешто како нејзината фантазија... Но таа затоа од него навистина многу и бараше; понекогаш дури и ропство. А го паметеше злото до неверојатност. Патем ќе раскажам две случки.

IV

Еднаш, уште кога првпат почна да се зборува за ослободувањето на селаните и цела Русија наеднаш закликта и се готвеше за препород, сврати кај Варвара Петровна на визита, патем, некој петроградски барон, човек со големи врски и мошне близок по службата до нештата што се подготвуваа. Сличните посети Варвара Петровна многу ги ценеше, зашто, по смртта на нејзиниот маж, нејзините врски со високото општество сè повеќе и повеќе слабееја, а најодзади и сосема се прекинаа. Баронот остана кај неа еден час и испи чај. Никој друг немаше за време на посетата, но Степана Трофимович Варвара Петровна го повика и го претстави. Баронот веќе и порано беше чул не-

што за него, или барем така изгледаше како да чул; меѓутоа, за време на чајот му посвети сосема малку внимание. Се разбира, Степан Трофимович, секако, не паѓаше во прашина од своја страна и, однесувањето му беше сосема отмено. Тој, изгледа, не беше од висок род, но така се случи што од малечок да биде воспитуван во една угледна московска куќа, значи, пристојно и убаво; француски зборуваше како да е од Париз. Според тоа, баронот на прв поглед мораше да види со какви луѓе Варвара Петровна се опкружува, иако живее во губерниска осаменост. Сепак, работата не испадна така. Само што баронот потврди дека првите, тогаш распространети гласови за големата реформа се стварност и наполно вистинити, — Степан Трофимович не издржа, туку одненадеж викна ура! дури направи и некакво движење со раката во знак на одушевување. Не викна силно, туку сосема одмерено, отмено; дури и нешто повеќе; можеби со намерно одушевување и со движење на раката посебно проучувано пред огледало, на половина час пред чајот. Сепак, сигурно нешто не било во ред, зашто баронот си допуштил одвај малку да се насмевне, па веднаш потоа мошне деликатно, уфрлил фраза за разбирливата сеопшта трогнатост на сите руски срца пред изгледите на големиот настан. Потем брзо отпатувал и, заминувајќи, не заборавил на Степан Трофимович да му подаде два прста. Враќајќи се во салонот, Варвара Петровна отпрвин помолчи неколку мига како да бара нешто по масата, па нагло се сврти накај Степан Трофимович и, бледа, со светнати очи, процеди низ шепот:

— Никогаш ова нема да ви го заборавам!

Другиот ден, пак беше со него, како ништо да не се случило, а тој случај никогаш не го споменуваше. Но по тринаесет години, во еден трагичен момент, си спомни и го прекори и пребледна исто како и тогаш кога првпат му забележа. Само двапати во животот му беше рекла: „Тоа никогаш нема да ви го заборавам!" Тоа со баронот беше вторпат; а и првиот е исто така карактеристичен и, како што ми се

чини, имаше големо значење во судбината на Степан Трофимович, така што имам намера и тој случај да го спомнам.

Тоа беше педесет и петта година, пролетта, во мај, токму кога во Скворешники стаса веста дека генерал-лајтнантот Ставрогин, лекоумен старец, умрел од растројство во желудникот на пат за Крим, каде што брзал, одреден во борбените единици. Варвара Петровна остана вдовица и се завитка во длабока црнина. Навистина многу не можеше да жали, зашто за последните четири години живееше наполно одвоено од мажот; не им се согласуваа карактерите; таа му праќаше издржување. (Самиот тој имаше само сто и педесет души и плата; покрај тоа углед и врски; а целото богатство и Скворешники ѝ припаѓаа на Варвара Петровна, единствена ќерка на мошне богат трговец.) Неочекуваната случка сепак ја потресе и таа се повлече во осаменост. Се разбира, Степан Трофимович се наоѓаше со неа постојано.

Беше крајот на мај, вечерите беа прекрасни. Тие двајца постојано се состануваат во бавчата и до полноќ седат во сеницата и еден на друг си ги отвораат душите, ги искажуваат своите мисли. Поетски мигови. Варвара Петровна, под впечатокот на промената во својата судбина, зборуваше повеќе од обично. Како да се лепеше до срцето на својот пријател. И така поминаа неколку вечери. Одеднаш, една необична мисла го засени Степан Трофимович: случајно неутешната вдовица да не смета на него и да не очекува дека тој, кога таа ќе ја симне црнината, ќе ја побара за жена? Мисла цинична; но, токму возвишеноста на човековиот мисловен склоп ја засилува понекогаш склоноста кон циничните мисли; тоа доаѓа веќе и од многустраноста на човековиот развиток. Степан Трофимович почна подлабоко да навлегува во таа работа и пронајде дека сè потсетува на тоа. Се замисли: „имотот е, вистина богат, но...“ Навистина, Варвара Петровна не личеше многу на убавица; висока, жолтеникава, ковчеста жена, со необично долго лице што сугерираше нешто коњско. Сè повеќе и повеќе се колебаше Степан Трофимович и се мачеше во сомнева-

ња; дури едно двапати, во недоумица, се расплака (тој доста често плачеше). А во ноќите, т. е. во сеницата, неговото лице некако и не сакајќи ќе почнеше да изразува нешто необично и потсмешливо, нешто кокетно и во исто време гордо. Тоа станувашe божем не сакајќи, случајно; но колку што е човек поблагороден, тоа толку повеќе се забележува.

Самиот господ ќе знае како било, но најверојатно дека во срцето на Варвара Петровна не се зачнувало ништо што подозривоста на Степан Трофимович можело наполно да ја оправда. Таа ни своето име, Ставрогина, не би го заменила со неговото, дури и да беше тоа славно. Можеби сето беше само женска играрија од нејзина страна, покажуваше на несвесна женственост, толку природна во некои женски случаи. Впрочем не гарантирам; длабочината на женското срце, не може ни ден-денеска да се испита ... Но да продолжам со сказната.

Треба да се претпостави дека таа успеала брзо да го прочита чудниот израз на лицето на својот пријател; таа имаше чувствителен мирис и умееше добро и да согледува; а тој понекогаш беше и премногу наивен. Вечерите си течеа како и порано и разговорите беа исто така поетични и интересни. Еднаш, кога падна ноќта, тие по најжив и најубав разговор, пријателски се разидоа и пред влезот во неговиот стан, во едно крило на куќата, пламено си ги стегнаа рацете. Секое лето тој се преселуваше во тоа крило, кое беше скоро во бавчата, на крајот од грамадната господарска куќа. Штом влезе во својата соба, тој зеде цигара и уште не запалувајќи ја, застана уморен крај прозорецот неподвижно, во грижлива недоумица и внимателно премислувајќи — кога, наеднаш, некакво лесно шушкање го тргна и го натера да се сврти. Пред него стоеше пак Варвара Петровна со која се раздели пред три-четири минути. Нејзиното жолто лице беше скоро посинето, усните стиснати ѝ потреперуваат во аглите. Првите десет минути го гледаше в очи молчејќи, со поглед цврст, неумолив, и наеднаш, брзајќи, прошепоти:

— Јас тоа никогаш нема да ви го заборавам!

Кога Степан Трофимович по десет години, со шепот ми ја раскажа оваа тажна сказна, откако претходно ја заклучи вратата — се колнеше, дека тогаш така се скаменил наместо што и не чул, ни видел кога Варвара Петровна си отишла. Но бидејќи таа тој случај подоцна ниеднаш не го спомна и сè одеше како ништо и да не било, Степан Трофимович цел живот беше склон да верува дека сето тоа било халуцинација пред болеста, дотолку повеќе што тој истата таа ноќ навистина и се разболи и боледуваше полни две недели што, се разбира, ги прекина и состаноците во сеницата.

Но и покрај вообразувањето за халуцинацијата, тој секој ден, целиот живот, некако очекуваше тој настан да се продолжи и, така да се рече, да се расветли. Не му се веруваше дека е тоа свршено само онака! А ако веруваше во тоа, тој мораше понекогаш чудно да гледа на својата пријателка.

V

Самата таа смисли дури и костум за него и тој така се носеше цел живот. Костумот беше избран и карактеристичен: црно палто со долги пешови, закопчано скоро до грло, ама елегантно; мека паларија (летно време сламена со широка периферија; бела јака од батист, со голема клучка и испуштени краишта; стап со сребрена дршка; коса до раменици. Неговата коса беше темна и дури во последно време малку побелена. Брадата и мустаќите ги бричеше. Велат дека во младоста бил многу убав. Според мене, тој и на старост беше необично заводлив. А зарем тоа е старост — педесет и три години! Но тој, од некоја граѓанска кокетерија, не само што не се правеше млад, туку токму како да се гордееше со солидноста на своите години; и во својот костум, висок, сув, со коса долга до раменици, личеше на патријарх,

или уште подобро — на портрет на поетот Кукољник[1] литографисан триесеттите години во некакво издание. Особено личеше на тој поет кога летно време седеше в бавча, на клупа, под расцутениот јоргован, со двете раце потпрен на стапот, со отворена книга пред себе и поетски замислен пред зајдувањето на сонцето.

Што се однесува до книгите, напоменувам дека во последно време некако го избегнуваше читањето. Весниците и списанијата што Варвара Петровна ги нарачуваше во големи количества, ги читаше редовно. Постојано се интересираше за напредокот на руската литература, се разбира, никогаш не заборавајќи на своето литературно достоинство. Понекогаш се занесуваше и со проучувањето на нашата современа висока политика, внатрешна и надворешна; но со времето замавна со раката и над тоа. Се случуваше да го земе со себеси во бавчата и Токвил,[2] а во џепчето го криеше и Пол де Кок[3] . . . Туку, тоа се само ситници.

Го ставам во заграда уште и ова за портретот на Кукољник: таа слика првпат ѝ дојде в раце на Варвара Петровна уште како девојка, кога беше во еден отмен завод во Москва. Таа веднаш се вљуби во сликата, според обичајот на сите питомци по заводите што се заљубуваат во сешто, наедно и во своите наставници, претежно во наставниците од краснопис и цртање. Но интересноста на тој случај не е во особините на девојките, туку во тоа што Варвара Петровна и во својата педесетта година ја чува таа слика меѓу своите најинтимни драгоцености; веројатно така и дошло до тоа на Степан Трофимович да му се дотера костум во по нешто сличен на оној нацртан на сликата . . . Но, се разбира, и тоа е ситница.

Првите години или поточно во првата половина на времето откако живее во куќата на Варвара Петровна, Степан Трофимович вezден размислуваше за некакво дело, и секој ден сериозно се подготвуваше

---

[1] Кукољник (Нестор), беззначаен писател од тоа време.

[2] Алекси де Токвил, француски писател и политичар.

[3] Пол де Кок, француски романсиер.

да започне да го пишува. Но во втората половина најверојатно заборавил сѐ што било и поминало. Сѐ почесто ни зборуваше: „Ми се чини дека сум готов за работа; материјалот е собран; а не се работи! Ништо не се работи!“ и тажно ќе ја спуштеше главата. Без сомневање, тоа требаше да се направи за тој пред нас да изгледа уште поголем маченик во науката; самиот тој, меѓутоа, си мислеше на нешто друго. „Ме заборавиле! Никому јас не сум му потребен!“ му се откинуваше од усните, и колку пати! Оваа засилена хипохондрија го обзеде особено кон крајот на педесеттите години. Варвара Петровна сфати најпосле дека работата е сериозна. А и не можеше да ја поднесе мислата дека нејзиниот пријател е заборавен и некорисен. За да го разгали, а наедно и поради освежување на неговата слава, го однесе во Москва, каде што таа меѓу писателите и научниците имаше неколку одбрани познати; но набрзо се виде дека ни Москва ништо не помага.

Тоа беше посебно време; стана нешто ново, и нешто мошне чудно и необично, но што насекаде се насетуваше, дури и во Скворешники. Допираа разни гласови. Фактите, гледано воопшто, беа повеќе или помалку познати, но беше очигледно дека постоеја и некои придружни идеи и, што е главно, мошне многу идеи. И тоа е она што ја збунуваше: во тие идеи никако не можеше да се погоди, ни точно да се знае што значат. Варвара Петровна, по својата женска природа и својот карактер, сакаше на секој начин во нив да соѓледа некоја тајна. Почна и самата да ги чита весниците и списанијата, забранетите книги печатени во странство, па дури и прогласите, кои тогаш само што почнаа да се појавуваат (сето тоа нејзе ѝ го донесуваа), но сето тоа — колку да ѝ се сврти во главата. Таа почна да пишува писма; малкумина ѝ одговараа и, колку што одминуваше времето, пишуваше сѐ позбунето и понеразбирливо. Еднаш свечено го повика Степан Трофимович „сите тие идеи“ да ѝ ги разјасни, еднаш засекогаш; но ни неговите објаснувања, и тоа категорични, не задоволија. Погледот на Степан

Трофимович на сеопштото движење беше во најголема мера надмен и горд; тој се сведуваше на тоа дека е заборавен и дека никому не му е потребен.

Најодзади, сепак, се сетија и за него; отпрвин во изданијата надвор од татковината го спомнаа како протеран маченик, а потем и во Петроград како згасната ѕвезда во едно познато соѕвездие; дури, не знам по што, го споредуваа со Радишчев.[1] Потем некој напиша дека тој веќе умрел и вети да го донесе неговиот некролог. Степан Трофимович воскресна за миг и силно се напрчи. Целата надменост на неговите погледи на современиците брзо спадна, во него се распали фантазијата: да се биде со движењето и да се покаже својата сила. Варвара Петровна во сè поверува и разви силна ревност. Решија без одлагање, не губејќи ни час, да отпатуваат во Петроград, па на лице место за сè да се информираат, лично подлабоко да продрат во работата и, ако е возможно, да влезат во нова работа, наполно и исклучиво да влезат. Помеѓу другото, таа изјави дека е готова да формира свој весник и да му го посвети целиот свој живот. Гледајќи дека дошло дотука, Степан Трофимович стана уште погорд; на патот спрема Варвара Петровна почна да се однесува скоро заштитнички, а таа тоа веднаш го прими во своето срце. За тоа патување таа, впрочем, имаше уште една причина, мошне важна, имено, да ги обнови своите високи познанства. Требаше, според можностите, да се потсети светот на себе, или барем да се направи обид во тоа. Најпосле, јавната причина за патувањето беше да се види со синот единец, кој тогаш го заврши лицејот во Петроград.

---

[1] Радишчев е современик на Чаадаев, Рилеев и на другите декабристи; припадник на идеите на француските револуционери. Како политички затвореник царицата Катерина II го испраќа во Сибир.

VI

Стасаа во Петроград и останаа таму скоро целата зима. Но пред великипости сè се распука како шарен меур од сапуница. Мечтаењата се распукаа, а шарената збрка од зборови не само што не се разјасни, туку стана поодвратна. Прво, со високите врски скоро и не се успеа, освен во сосема микроскопски размери и со понижувачки натегања. Навредена, Варвара Петровна и со срце и со душа им се предаде на „новите идеи“ и започна со вечерните примања во својата куќа. Викна писатели, и веднаш ѝ дојде цела чета. Потоа доаѓаа и без да бидат повикани; еден доведуваше друг. Никогаш не беше видела такви писатели. Беа горди до будалштина, и тоа сосема отворено, како да изразуваат со тоа должност. Понекои (но никако сите) доаѓаа и пијани, и пак така некако како со тоа да исповедуваат посебна, штотуку пронајдена убавина. Сите беа чудно горди, иако не се знаеше на што. На сите тие лица стоеше испишано како тој час да пронашле некаква извонредно важна тајна. Си префрлаа и се навредуваа заемно, и си го сметаа тоа за чест. Мошне тешко беше да се дознае што напишале, всушност, но тука имаше и критичари и романсиери, и драмски писатели, и сатиричари, и исмејувачи.

Степан Трофимович зајде меѓу најкрупните, во нивниот највисок круг, од каде што се управуваше со движењето. До управувачот не беше лесно да се дојде, но него го дочекуваме на драго срце, иако, се разбира, никој од нив ништо не чул и не знаел за него, освен тоа дека ја „претставува идејата“. Тој пак околу нив толку маневрираше што, без оглед на нивната олимписка височина, ги повика на двапати дури и во салонот на Варвара Петровна. Тие беа мошне сериозни и мошне пристојни; се однесуваа убаво; другите очигледно им се плашеа. Се појавија и две-три поранешни литературни знаменитости, што тогаш случајно се затекоа во Петроград и со кои Варвара Петровна одамна беше позната и одржуваше одлични односи. Впрочем, таа сега се вчудовиди гледајќи како тие несом-

нени знаменитости се потивки од водата, помали од зрно просо; а некои од нив просто се вклопија во новата толпа луѓе и скоро видливо им се додворуваа.

Во почетокот Степан Трофимович имаше среќа: се фатија за него и го истакнуваа на јавните литературни собири. Кога тој првпат се качи на говорницата, на едно јавно литературно предавање, имаше бурен аплауз што потраа цели пет минути. И по девет години, кога ќе си спомне за тоа, нему окото му засолзува; впрочем, тоа доаѓаше повеќе од неговата уметничка природа отколку од благодарност. „Се колнам и се обложувам дека никој од тие слушатели за мене не знаеше, ни пак чул, ама сосема ништо!" — ми зборуваше (но само мене, и во доверба). Значајно признание — веројатно е остроумен, кога уште тогаш, на говорницата, и покрај својот занес, умеел толку убаво да ја оцени својата положба; а, од друга страна, веројатно, не е остроумен, кога ни по девет години не може тоа да го спомене а да не се почувствува навреден. Тогаш беше принуден да се потпише на два три заеднички протести (иако не знаеше против што). И Варвара Петровна морала да се потпише на протест против некаков „простачки испад". Впрочем, поголемиот дел од тие нови луѓе, иако ја посетуваа Варвара Петровна, поради нешто сметаа за должност на неа да гледаат преку рамо и отворено да ѝ се потсмеваат. Степан Трофимович подоцна ми навестуваше за своите горчливи часови тогаш зашто таа, божем, почнала нему да му завидува.

Таа, се разбира, сфаќала дека тие луѓе не се нејзино друштво, но сепак ги примала со целата своја женска нервна нестрпливост и, што е главно, сѐ нешто очекувала. На вечерите зборувала малку, иако умееше да зборува; повеќе слушала. Таму се зборувало за укинувањето на цензурата, за тврдиот ер, за замената на руската кирилица со латиница, за вчерашното познанство на тој и тој, за некаков скандал во Пасаж, за корисноста од поделбата на Русија по народности со слободна федеративна врска, за укинувањето на војската и воената морнарица, за установувањето на Полска до преку Днепар, за реформата на селскиот

сталеж, за прогласите, за укинувањето на наследството, семејството, сопственоста, децата, свештенството, за женското право, за домот на Краевски[1], што никој и никогаш не може да му го прости на господинот Краевски, и така натаму, и така натаму.

Беше јасно дека во таа толпа од нови луѓе има многу измамници, но без сомневање и многу чесни, дури и мошне привлечни луѓе, без оглед на понекои необични варијации. Чесните беа многу повеќе несфатливи отколку нечесните и грубите; но никогаш не се знаеше кој кого го држи в раце. Кога Варвара Петровна објави дека сака да оформи списание, нагрна кај неа уште повеќе свет, иако веднаш, и право в очи, ја затрупаа со обвинување дека е капиталист и дека е експлоататор на работата и трудот. Непоштедноста во обвинувањата се едначеше само со нивната неочекуваност. Една вечер, кај Варвара Петровна, престрашениот генерал Иван Иванович Дроздов, порано пријател и по служба другар на генералот Ставрогин, човек мошне достоинствен, (ама на свој начин) и кого сите ние овде го познаваме, до крајност упорен и раздразлив, страшно чуден, и кој ужасно се плашеше од атеизмот, започна препирка со еден млад и познат гостин на Варвара Петровна. Момчакот мазно му рече: „Вие бездруго сте генерал, кога така зборувате“, мислејќи со тоа да рече дека поголема навреда од „генерал“ не може да се најде. Иван Иванович силно пламна: „Да, господине, јас сум генерал и генерал-лајтнант и му служев на својот господар; а ти си, господине, едно детиште и безбожник!“ Се направи нечуен скандал. Утредента тоа се објави во дневниот печат, почнаа да собираат потписи против „грдата постапка“ на Варвара Петровна која не сакала генералот веднаш да го истера. Во илустриран весник излезе и карикатура во која пакосно беа нацртани Варвара Петровна, генералот Дроздов и Степан Трофимович како тројца конзервативни пријатели, а со

[1] За примањето и непримањето на извесни личности во куќата на издавачот Краевски.

сликата имаше и песна што народниот поет ја составил по овој повод.

Од своја страна напоменувам дека навистина многу лица со генералски чин ја имаат смешната навика да зборуваат: „Јас му служев на својот господар", како нивниот господар да не е и наш, на нашите прости граѓани, туку како да е некој посебен, само нивни.

Се разбира, не беше возможно и натаму да се остане во Петроград; дотолку повеќе што Степан Трофимович го претрпи и завршното фијаско. Тој не можеше да се воздржи да не зборува за правата на уметностите; на тоа уште повеќе го исмеаја. Во своето последно предавање мислеше да подејствува со граѓанската слаткоречност, вообразувајќи дека ќе ги трогне срцата и сметајќи на почитта спрема себе, човек во „прогонство". И така навести дека тој неоспорно се согласувал со тоа дека зборот „татковина" е некорисен и смешен; дека ја одобрува и мислата за штетноста на религијата; но гласно и цврсто изјави дека чизмата стои пониско од Пушкина, и тоа многу пониско... беше бездушно исвиркан, така што веднаш тука, јавно, се расплака. Варвара Петровна го однесе дома одвај жив. „On m'a traité comme au vieux bonnet de coton!"[1] мрмореше несвесно. Таа цела ноќ го двореше, му даваше капки. и до зора му повторуваше: „Вие уште сте користен; вие пак ќе се јавите, вие ќе се чуете, вас ќе ве „оценат... на друго место."

А другиот ден, рано претпладне, дојдоа кај Варвара Петровна петмина писатели, тројцата од нив сосема непознати, никогаш не ги ни видела. Тие со достоинство изјавија дека ја проучиле работата за нејзиниот весник, и по тоа нешто донесле одлука. Варвара Петровна, меѓутоа, никогаш и никому не му заповедала што и да е да проучува и да решава за нејзиното списание. Решението било такво што таа штом ќе го основа списанието. веднаш и весникот и капиталот да им го предаде ним, со право на слободно здружување; самата таа да отпатува во Скворешни-

[1] Постапија со мене како со стара крпа.

ки и да не заборави со себе да го поведе и Степан Трофимович, „кој е застарен". Од деликатност ќе се согласат да ѝ го признаат правото на сопственост и секоја година да ѝ испраќаат шестина од чистата добивка. Најтрогателно е тоа што ниеден од овие петмина нема никакви лакоми насоки за лична добивка, туку сето тоа го прават во име на „општата работа".

— Отпатувавме од Петроград како зашеметени, — раскажуваше Степан Трофимович, — јас ништо не можев да разберам и, си спомнувам, низ тропањето на тркалата постојано мрморев:

„Век[1] и Век, и Лав Камбек,
Лав Камбек, и Век и Век..."

и ѓаволот ќе знае што уште, и така сè до Москва. Се созедов дури во Москва — како да можев таму нешто друго да најдам!" ... О, пријатели мои, — ќе извикне понекогаш тој со инспирација, — вие не можете да замислите каков бол и гнев ве обзема кога големата идеја, што одамна и високо ја почитувате, ќе ја дофатат невешти луѓе и ќе ја извлечат на улица пред глупаците, какви што се и самите, и одеднаш ќе ја најдете на пазарот за старудии, извалкана наопаку наместена, без пропорции, без хармонија — како играчка кај неразумните деца — и не можете повеќе да ја познаете! Не! Во наше време не беше така! Не сакавме ние по таа насока! Не, не никако не! Јас не распознавам повеќе ништо... нашето време пак ќе дојде и пак ќе го упати на сигурното џаде сè што се тетерави и што се лула, целата денешница. Инаку, што сè не ќе се случи!?

VII

Штом се врати од Петроград, Варвара Петровна својот пријател го прати во Европа, „да се одмори"; а и требаше за извесно време да се разделат, таа тоа

[1] Наслов на списание.

го чувствуваше. Степан Трофимович тргна одушевен: „Таму ќе воскреснам! Таму ќе се зафатам со науката!" Но веќе со првите писма од Берлин тој ја започна старата песна: „Срцето е скршено, не можам ништо да заборавам!" ѝ пишуваше на Варвара Петровна. „Овде во Берлин сѐ ме потсетува на минатото, на моето минато, на првите одушевувања и првите маки. Каде е таа? Каде се сега тие две? Каде сте вие, два ангели за кои никогаш не бев достоен? Каде е синот мој, љубениот син мој? Каде сум, најпосле, јас, лично јас, стариот јас; со челична сила, како карпа неподвижен додека сега некаков Андреев, едно православно деденце со брада, може мојот живот да го скрши" итн.

Што се однесува до синот на Степан Трофимович, тој го имаше видено само двапати во животот: првиот пат кога синот се роди а вториот пат — тука скоро во Петроград, каде што момчето се готвеше да се запише на универзитет. Целиот свој живот момчето, како што и беше речено, го помина на воспитување кај тетките (со старателство на Варвара Петровна) во Оската губернија, на седумстотини врсти од Скворешники. А што се однесува до Андреев, тоа е едноставно овдешен трговец — ситничар, голем чудак, самоук археолог, страстен собирач на руски реткости кој понекогаш го мачи Степана Трофимович со своето знаење и, што е главно, со насоката на мислењето. Овој чесен трговец со бела брада и со големи сребрени очила, му должеше на Степан Трофимович четиристотини рубли за купениот од него имот (веднаш крај Скворешники) од неколку десетини шума за сечење. Иако Варвара Петровна широкоградо го снабди својот пријател, праќајќи го во Берлин, сепак тој пред поаѓање посебно сметаше уште на тие четиристотини рубли, веројатно поради своите тајни издатоци, и безмалку не се расплака кога Андреев го замоли да почека еден месец имајќи, впрочем, и право на тоа одлагање, зашто првата отплата беше дадена целата однапред, скоро за цело полугодие, според посебната тогашна потреба на Степан Трофимович.

Тоа прво писмо Варвара Петровна го прочита жедно, а извикот: „Каде сте вие две?“ го подвлече со писалката, забележа број на писмото и го заклучи во кутијата со другите. Ги споменуваше, се разбира, своите две покојни жени. Во другото писмо од Берлин песната имаше варијации: работам по 12 часа дневно (барем да е по единаесет, промрмори Варвара Петровна за себе), копам по книжарниците; споредувам, испишувам, јурам, одам кај професорите. Го обновив познанството со прекрасното семејство Дундасови. Колку е убава Надежда Николаевна! Уште и сега многу убава! Ве поздравува. Нејзиниот млад маж и сите тројца внуци се во Берлин. Навечер разговараме со младината до зора; и тоа се скоро вистински атински вечери — но единствено по нивната финост и убавина; сѐ е отмено; многу музика, шпански мотиви, соништа за сечовечката преродба, идеја на вечната убавина, Сикстинска мадона, светлост со пукнатини на темнина, но и на сонцето има дамки!... О, пријателке, благородна, верна пријателке! Со целото срце сум со вас, и ваш сум; секогаш со вас единствена, en tous pays[1] па дури тоа да е и dans le pays de Makar et de ses veaux[2] за кое, се сеќавате, мошне често треперејќи, разговаравме во Петроград пред враќањето дома. Смешно ми е кога ќе си спомнам. Минувајќи ја границата, се почувствував сигурен — чувство необично, ново, за првпат по толку долги години“... итн. итн.

— Ех, чисти лудории! — пресуди Варвара Петровна оставајќи го и ова писмо — кога траат атинските вечери до зора, тогаш не се седи по дванаесет часа со книга. Да не го пишувал пијан? Како се осмелува Дундасова да ми праќа поздрави? Туку, остави го, нека се проведе малку...

Фразата „dans le pays de Makar et de ses veaux“ значеше: „Во земјата каде што Макар не пасе телиња“[3] Степан Трофимович понекогаш патетично и сосема

[1] Секаде.

[2] Во земјата на Макар и неговите телиња.

[3] Позната руска поговорка што се зема во иста смисла како кај нас на господ зад грб.

глупо ги преведува руските пословици на француски, а без сомнение тој умее и подобро да ги разбере и да ги преведе; но тој ова го прави од некоја посебна кокетерија и смета дека е духовито.

„Се проведуваше" тој, меѓутоа, сам кусо време, не издржа ни четири месеца, па се врати во Скворешники. Во последните писма искажуваше силна љубов единствено спрема својата пријателка и буквално ги квасеше со солзите на разделба. А состанокот беше занесно радосен. Но по два дена сѐ тргна пак по старо, па и полошо. „Пријателе, пронајдов за мене една страшна . . . новост", ми рече по две недели, под најголема тајна: Je suis un прост натрапник et rien de plus! Mais r-r-rien de plus![1]

VIII

Потоа кај нас дојде до затишје и се продолжи на сите следни девет години. Нервните напади и лелекањата на моето рамо, што редовно се повторуваше, ни малку не му пречеа на нашиот добар живот. Чудно ми е дека Степан Трофимович за тоа време не се здебели. Само носот малку му поцрвени, и уште нарасна неговата добродушност. Малку по малку, крај него се утврди пријателска компанија, впрочем и натаму малубројна. Иако Варвара Петровна малку водеше грижа за таа компанија, сепак сите ние ја сметавме за своја патронеса. По Петроградската лекција таа сосем се пресели во нашиот град; зимно време живее на полскиот имот во близина. Никогаш таа во нашето губерниско општество немаше толкаво значење и толкаво влијание колку за последните седум години, поправо, точно до доаѓањето на нашиот сегашен губернатор. Нашиот поранешен губернатор, незаборавениот и добар Иван Осипович, ѝ беше близок роднина и таа некогаш го надаруваше со своите добродетели. Неговата жена трпнеше и од самата мисла и не сакајќи

---

[1] Јас сум прост натрапник и ништо повеќе. Токму ништо повеќе!

во нешто да не „не ѝ угоди“ на Варвара Петровна, а почитувањето на губерниското општество одеше дури дотаму што потсетуваше и на нешто грешно. Му беше, значи, добро и на Степан Трофимович. Беше член на клубот, на картите губеше достоинствено, господски, и се здоби со почитување. Навистина, мнозина гледаа на него само како на „научник“. Најодзади, кога Варвара Петровна му допушти да живее во другата куќа ние, компанијата, станавме уште послободни. Се собиравме кај него двапати неделно; беше весело, особено кога тој не го штедеше шампањското. Виното се земаше од дуќанот на Андреев, а сметките ги исплаќаше Варвара Петровна, секое полугодие, и денот на исплатата скоро секогаш беше и ден на колерината.

Најстариот член на нашата компанија беше Липутин, губерниски чиновник, човек што излегол од младите години, голем либерал и во градот познат како атеист. По вторпат беше женет со убава и млада жена, со неа доби и мираз, и освен тоа имаше и три возрасни ќерки. Целото свое семејство го држеше во страв божји и под клуч, имаше ретко тврда рака и од својата плата се здоби со куќичка и капитал. Освен тоа, беше познат интригант, повеќепати казнуван и тоа остро; еднаш го казни еден офицер, друг пат честит татко на семејство, поседник. Но ние ја сакавме неговата остроумност, духот, љубопитството, неговата особено пакосна веселост. Варвара Петровна не го сакаше, но тој секогаш некако умееше да се порамни спрема неа.

Таа не го сакаше ни Шатов, кој дури последната година стана член на нашата компанија. Порано Шатов беше студент и по еден студентски инцидент беше исклучен; во детството беше ученик на Степан Трофимович; роден е на имотот на Варвара Петровна како нејзин припадник, син на покојниот Павел Фјодоров, нејзин собар, и беше опсипуван со нејзиното добродетелство. Не го сакаше поради неговата гордост и неблагодарност, и никако не можеше да му прости дека не дошол веднаш кај неа, штом го исклучиле од Универзитетот; дури на нејзиното последно писмо во тоа

време ништо не ѝ одговорил и повеќе сакал да се зароби кај некаков цивилизиран трговец, да му ги поучува децата. Заедно со семејството на трговецот отишол во странство и тоа повеќе во својство на чувар на децата, отколку како воспитувач; но тој во тоа време силно сакал да појде во странство. Децата освен него имале и воспитувачка, некаква жива госпоѓица, Русинка, што влегла во куќата на трговецот исто така пред самото заминување на пат и е примена пред сѐ затоа што не била скапа. Но по два месеца трговецот ја истерал поради „слободоумност". По неа тргнал и Шатов и набрзина се привенчал за неа во Женева. Проживеале околу три недели заедно, па се разделиле како луѓе слободни и со ништо неврзани, а, се разбира, и поради немаштијата.

Долго потоа тој скитал по Европа сам и живеел којзнае од што; велат, чистел на улица чевли и на некое пристаниште бил носач. Најпосле, пред една година, се врати кај нас во родното гнездо и се настани кај татка си, старец кој по еден месец умре. Со својата сестра Даша, исто така штитеница на Варвара Петровна, кај која Даша како љубимица живееше во најголемо господство, беше во многу ретки, најретки и најдалечни односи. Во нашата компанија тој е секогаш намуртен и молчалив, но понекогаш, кога ќе се допреме до неговите убедувања, тој паѓа во болна раздразнетост, а својот јазик нималку не го воздржува. „Шатов треба прво да го врзиме, па дури потоа со него да се расправаме", така понекогаш се шегува Степан Трофимович; но тој го сакаше.

Во странство Шатов од основа беше променил некои свои поранешни социјалистички уверувања и беше скокнал во спротивни претераности. Тој беше едно од оние руски идеални суштества што некоја силна идеја одеднаш ќе ги стаписа и како истиот момент да ги притиснува, понекогаш засекогаш. Тие никогаш не се во состојба таа идеја да ја совладаат, да ја дотераат, туку веруваат во неа страсно и така потем целиот живот им преоѓа како во последно грчење под камен што ги пригмечил и дополу ги задушил. Шатов и по надворешност наполно им одговараше на своите убе-

дувања: несмасен, влакнест, светло рус, мал по раст, со широки плеќи, со дебели усни; со многу густи бели веѓи наднесени над очите, со намуртено чело, со поглед нељубезен, упорно сведен и како од нешто посрамотен. На косата постојано му стрчеше едно перче и со ништо не можеше да се замазни. Имаше дваесет и седум до дваесет и осум години. „Повеќе не се чудам дека го оставила жената" — изјави еднаш Варвара Петровна гледајќи го напорки. И покрај својата тешка сиромаштија, тој се трудеше на него сè да биде чисто. Од Варвара Петровна ни сега не побара никаква помош; се пробиваше со она што му го дал господ; работеше кај трговците. Еднаш беше зад тезгето во дуќанот; потем како помошник на еден набавувач отиде со товар на брод, но се разболи пред самото поаѓање на пат. Тешко е да се замисли немаштијата што тој беше во состојба да ја поднесе и не мислејќи на неа ни малку. По неговата болест Варвара Петровна потајно и безимено му прати сто рубли. Тој некако сепак ја откри тајната, се размисли, ги прими парите и отиде да ѝ заблагодари. Таа го прими топло, но тој и овој пат посрамено ги изневери нејзините надежи. Поседе сè на сè пет минути, молчејќи, тапо вперувајќи го погледот во земјата, смешкајќи се глупо, па одеднаш, прекинувајќи ја домаќинката на најинтересната точка од разговорот, стана, се поклони некако откосо, бочно, како да е крив, притоа в земја да пропадне од срам, и така го запна и го симна на душемето нејзиното скапоцено масиче за работа, го искрши и излезе одвај жив од срам и покорност. Потоа Липутин остро го прекори дека не ги одбил со презир тие сто рубли, како пари од неговата некогашна деспотска господарка; а тој, не само што ги прими парите, туку и се одвлече да ѝ заблагодари... Шатов живееше осамено на крајот од градот и не сакаше никој да му доаѓа, па и ние. На вечеринките кај Степан Трофимович доаѓаше редовно и земаше за читање од него книги и весници.

На тие вечери доаѓаше и уште еден млад човек, некој Виргински, овдешен службеник, донекаде сличен на Шатов, иако му беше, како што изгледаше, ви-

стинска спротивност во секој поглед. Тој беше „семеен“. Кроток, необично мирен млад човек, впрочем, веќе триесет години стар, прилично образован, но повеќе самоук. Беше сиромав, од својата служба ја издржуваше и сестрата на жена му и една тетка. Неговата жена, па и тие госпоѓи, ги усвојуваа најновите убедувања, но сето тоа кај нив излегуваше некако сурово; тоа беше само „идеја што паднала на улица“, како што еднаш, по некоја друга причина, рече Степан Трофимович. Тие примаа сè што ќе најдеа во брошурите и во книгите; и веќе на првиот глас од нашите престолнички напредни кругови и катчиња, беа готови што сакате да изнесат како идеја на улица, само ако од оние кругови тоа биде советувано. М-ме Виргинска се занимаваше во нашиот град и со родилни работи; како девојка долго време живеела во Петроград. Самиот Виргински беше човек со ретко чисто срце и јас често не сум наидувал на почист, свет оган од човечката душа. „Јас никогаш, никогаш нема да отстапам од тие прекрасни надежи“ — ми зборуваше тој со запалени очи. За „прекрасните надежи“ тој секогаш зборуваше тивко, со сласт, полушепотејќи, како тајна. Беше доста висок, но необично танок, со тесни раменици, со вонредно ретка, малку црвеникава коса. Секој горд подбив на Степан Трофимович кон некои од неговите мислења го примаше благо; но понекогаш и му одговараше, мошне сериозно, а и во многу нешта го збунуваше, па оној ќе занемеше. Степан Трофимович се однесуваше спрема Виргински сочувствено, татковски, онака како што се однесуваше воопшто спрема сите нас.

— Сите вие сте „недоносчиња“ — шеговито ќе му забележеше на Виргински, не сум ја забележал онаа исклучивост што ја забележав во Петроград, chez ces séminairistes[1], но сепак сте „недоносче“. Шатов на драго срце би сакал да биде „доносен“, но и тој е недоносче.

— А јас? — ќе прашаше Липутин.

[1] Кај овие семинаристи.

— Е, вие сте просто златна средина што сегде на сѐ се свикнува... на свој начин.

Липутин беше навреден. Се зборуваше за Виргински и, за жал, со многу веројатност дека жена му, не поживувајќи со него ни една година во законски брак, еднаш одненадеж изјавила дека го остава и дека повеќе го цени Лебјаткин. Потем се виде дека тој Лебјаткин, некаков дошлак, човек мошне сомнителен, никогаш не бил капетан во пензија, како што самиот себеси се наречуваше. Знаеше само да си ги суче мустаќите, да пие и да брбори најнезгодни глупости, какви што воопшто не може да се замислат. Тој човек веднаш безобѕирно се пресели кај нас, радувајќи се што ќе јаде туѓ леб; јадеше и спиеше кај нив и најпосле почна од височина да гледа на домаќините. Уверуваа дека Виргински, кога жена му изјавила дека го напушта, одговорил: „Пријателе мој, досега само те сакав, а сега те почитувам", но тешко е да се поверува дека тој навистина употребил таква староримска изрека; напротив, некои други велат дека липајќи се расплакал.

Еднаш, две недели по раскинот со жената, сите тројца, „целото семејство", излегоа во шумичката надвор од градот, со познатите да се напијат чај. Виргински беше некако трескаво весел, па дури и играше; но одеднаш, без претходна кавга, со двете шепи го фати за коса џинот Лебјаткин, кој изведуваше канкансоло, му го свитка грбот и почна да го влече, со липање, викање и солзи. Џинот толку се преплаши што дури не се ни бранеше и додека го влечеа, молчеше скоро непрестајно; а по влечењето се чувствуваше навреден, со целиот оган на благороден човек. Виргински цела ноќ на колена ја молеше жената за прошка, но не ја измоли; зашто, сепак, не сакаше да се согласи да појде и да му се извини на Лебјаткин; освен тоа, од страна на жената му беше докажано дека неговите мислења се бедни и дека е глуп — ова последново поради тоа што, расправајќи се со жената, клечел пред неа.

Капетанот набрзо исчезна и дури сега скоро пак кај нас се појави и тоа со својата сестра и со нови

намери. Но за тоа подоцна. Не е чудно, значи, што кутриот „семеен човек" доаѓаше во нашата компанија да ја разгали својата душа и дека нашето друштво му беше потребно. Впрочем, за своите домашни работи кај нас никогаш не зборуваше. Само еднаш, кога заедно се враќавме откај Степан Трофимович, тој од далеку почна да зборува за својата состојба, но брзо ме фати за рака и пламено извика:

— Тоа не е ништо, тоа е само приватна работа; тоа ни најмалку нема да ѝ пречи на нашата општа работа, ни најмалку!

Во нашата компанија доаѓаа и патемни гости; доаѓаше Евреинот Љамшин, доаѓаше капетанот Картузов. Некое време со нас беше и едно љубопитно чиченце, но тој умре. Липутин ни го доведе и гзензот[1] Слоњцевски, изгнаник; ние извесно време го примавме, од принцип, но подоцна прекинавме со него.

IX

Некое време во градот се разнесуваа гласови дека е нашето друштво расадник на слободоумност, разврат и безгрижност; тоа озборување и се утврдуваше. Меѓутоа, кај нас се водени само најневини, пријатни, наполно руски весели либерални разговори. „Вишиот либерализам" и „вишиот либерал", значи, либералот без секаква смисла, возможни се само во Русија. На Степан Трофимович, како и на секој духовит човек, неминовно му беше потребен слушател; а исто така неминовно потребно му беше да знае дека тој ја врши возвишената должност на пропагатор на идејата. Па, најодзади, требаше со некого да се пие она шампањско и крај него да се разменат од особен вид забавни мислења за Русија и за „руските дух", за бога воопшто и за „рускиот бог" посебно; и требаше и по стотти пат да се повторат на сите познатите и потврдени руски мрсни анегдотчиња. Се разбира, ние не бевме такви што да не се занимаваме и со нашите градски

[1] Католички свештеник кај Полјаците.

интриги, и тука понекогаш одевме до строги, високоморални осуди. Упаѓавме и во општите прашања за човештвото, сериозно размислувавме за идната судбина на Европа и на човештвото; доктринарно претскажувавме дека Франција по својот империјализам нагло падна на степенот на држава од втор ред и бевме наполно уверени дека тоа може да настапи очајно брзо и лесно. На папата веќе одамна му ја прорековме улогата на обичен митрополит во обединетата Италија и бевме наполно уверени дека целото тоа илјадагодишно прашање, во нашиот век на хуманост, индустрија и железници е само едно големо ништо. „Вишиот руски либерализам", се разбира, поинаку и не може да се држи спрема нештата. Степан Трофимович понекогаш зборува за уметноста и тоа мошне добро, но прилично апстрактно. Понекогаш си спомнува за своите другари и пријатели од младоста — а сето тоа се истакнати личности во историјата на нашето образование — си спомнува за нив трогателно и со големо почитување, но некако и со по нешто завист.

Кога ќе се заситевме од сето тоа, тогаш Еврејчето Љамшин (беззначајно поштенско чиновниче), мајстор на пијано, ќе заседне да свири; а за време на одморот претставува свиња, бура, раѓање со првиот плач на детето и други сештотности; него само заради тоа и го повикуваат. А ако се загрееме убаво со пијалакот — а тоа се случуваше, иако не често — тогаш паѓавме во одушевување и еднаш во хор, со придружба на Љамшин, ја пеевме Марселезата; само не знам дали беше добро. Големиот ден, деветнаесетти февруари (укинување на крепосното право) го дочекавме одушевено и во чест на тој ден долго ги празневме чашите. Впрочем, тоа беше многу одамна; тогаш уште ги немаше меѓу нас ни Шатов, ни Виргински; а Степан Трофимович уште живееше во иста куќа со Варвара Петровна. Нешто малку порано, пред големата дата, Степан Трофимович се беше навикнал сам за себе да ги мрмори познатите, иако нешто неприродни стихови што мора да ги направил некој некогашен либерален спахија:

„Врват селаните и секири носат,
нешто страшно ќе биде.“

Ми се чини, приближно нешто вакво, не си спомнувам токму од збор до збор. Варвара Петровна тоа го чу еднаш, па му викна: „Лудост, лудост!“ и ја обзеде лутина. Липутин, кој се најде тука, му рече на Степан Трофимович зајадливо.

— Ќе ми биде жал ако на господата поседници нивните бивши припадници навистина им донесат, во својата радост, нешто непријатно.

И помина со показалецот околу вратот.

— Cher ami[1] — благо му напомна Степан Трофимович — верувајте, ова (тој го повтори знакот на Липутин) нема да донесе ни малку корист ни за нашите поседници, ниту за сите нас воопшто. Не ќе можеме ни без глави ништо да создадеме, без оглед на тоа дека токму главите најмногу и ни пречат да се разбираме.

Напоменувам дека мнозина кај нас мислеа дека на денот на манифестот ќе се случи нешто необично, слично на она што го претчувствуваше Липутин, а тоа го мислеа токму таканаречените познавачи на народот и на државата. И Степан Трофимович мислеше така и, дури и повеќе, се беше сроживел со таа мисла толку што веќе спроти самиот голем ден неочекувано почна да ја моли Варвара Петровна да го пушти да отиде преку граница — со еден збор, се беше вознемирил. Но помина и големиот ден, и уште доста денови, и гордата насмевка пак се појави на усните на Степан Трофимович. Тој изнесе пред нас неколку значајни мисли за карактерот на Русите воопшто и на рускиот селанец посебно.

— Ние, како луѓе на сè брзо готови, премногу избрзавме со нашиот селанец — ја довршува тој низата од своите значајни мисли. — Го воведовме во мода и, неколку години едноподруго, ние во една цела литературна гранка го носевме како некоја новопронајде-

[1] Драг пријателе.

на, скапоцена работа. На вошливите глави стававме лаврови венци. Руското село за цели илјада години ни го даде единствено Камарински.[1] Прочуениот руски поет, уште и доста духовит човек, гледајќи ја првпат големата Рашел[2] на сцената, извикал одушевено: „Не ја давам Рашел за мужик!“ Јас одам и потаму: ќе ги дадам сите руски мужици за една Рашел. Време е потрезвено да се гледа и коломазот на нашиот простак да не се меша sa bouquet de l'impératrice.[3]

Во тоа Липутин веднаш се согласи со него, само рече дека тогаш, сепак, поради принцип, би било мудро да се биде против својата совест и да се фалат селаните; и рече дека дури и дамите од високото општество плачеле читајќи го Антон Горемика,[4] а некои од нив од Париз им пишувале на управниците на своите имоти во Русија во иднина да постапуваат со селаните колку што е возможно почовечно.

Се случи, и тоа како нарачано токму веднаш по гласовите за Антон Петрович,[5] дека и во нашата губернија, и тоа само за петнаесеттина врсти од Скворешники, избило некое недоразбирање така што во првата жестина, веднаш таму пратија војска. Овојпат Степан Трофимович толку се вознемири што дури и нас нè исплаши. Во клубот викаше дека треба да се испрати и повеќе војска, да се повика и од друга околија со телеграма; одеше кај губернаторот и го убедуваше дека тој со тоа нема ништо и никаква врска, го молеше по старото сеќавање на минатото да не го вмешаат некако во таа работа и бараше за оваа негова изјава веднаш, без одлагање, да се испрати извештај во Пе-

---

[1] Камарински, шегобиец и веселник, кој на народните собири и на панаѓурите го забавувал народот со камаринска песна, игра, шега.

[2] Голема француска артистка.

[3] „Мирис на царица“.

[4] Еден селски расказ од Григорович, кој кон половината на XIX век почнува да проповеда дека и селанецот е човек.

[5] Водач на еден одред селани по ослободувањето.

троград, каде шот треба. Добро е дека сѐ брзо помина и сѐ заврши со ништо; но јас тогаш му се зачудив на Степан Трофимович.

По три години, како што е познато, почна да се зборува за народноста и се зачна „општественото мислење“. Степан Трофимович многу се смееше.

— Пријатели мои, — не учеше тој, — ако нашата народност навистина се „зачнува“, како што тврдат сега оние таму по весниците, тогаш таа уште седи в училиште, во која и да е германска Петершуле, со германска книга и ја учи својата вечна германска задача а учителот е Германец, кога ќе затреба, ќе ја стави на колена. На Германецот учител, големо благодарам; но, од сето најверојатно е дека ништо не се зачнува, туку сѐ си оди како што одело и досега, значи под заштита господова! Според моето мислење, тоа е доста за Русија, pour notre sainte Russie.[1] Освен тоа, сите тие сесловенства и народности, сето тоа премногу е старо за да може да биде ново. Народноста, ако сакате, кај нас никогаш и не се покажувала поинаква, отколку како господска забава по клубовите, на сето згора уште и московска. Се разбира, не зборувам за времето на Игоров. И, најодзади, сето тоа доаѓа од неработење. Кај нас сѐ доаѓа од неработење, и доброто и лошото. Сѐ од нашата господска, слатка, образована, настрана безработица! Триесет илјади години јас тоа го тврдам. Ние не умееме да живееме од својот труд... И зошто тие таму сега се занесуваат со некакво „почетно“ јавно мислење кај нас, како да не дошло ни одовде ни одонде, туку одеднаш паднало од небото? Зарем тие не знаат дека за придобивањето на мислењето најпрвин, и пред сѐ, е потребен труд, личниот труд, личниот почеток во работата, својата сопствена практика! Без мака никогаш ништо не се добива. Ако работиме, ќе имаме и свое мислење. А бидејќи ние никогаш нема да работиме, тоа е и мислењето за нас ќе го имаат оние што и досега работеа место нас — значи, таа Европа, тие Германци, наши учители од пред два века. Покрај тоа, Русија е едно преголемо

---

[1] За нашата света Русија.

недоразбирање за да можеме ние самите да го решиме, без Германците и без труд. Еве, има веќе дваесет години како ѕвонам и повикувам на работа! Животот му го посветив на тој повик и, безумник, верував! Сега не верувам, но ѕвонам и ќе ѕвонам докрај, до гроб, ќе ја тргам ортомата додека не ми заѕвони за сопствена задушница!

Но, ние само одобрувавме. Му ракоплескавме на нашиот учител, и уште колку одушевено! А што велите, господа — зарем не се слуша дури и сега, доста често и секаде на ред, исто таквата „мила", „умна", „либерална" стара руска бесмислица?

Нашиот учител веруваше во господ, па понекогаш ќе почне да зборува:

— Не разбирам зошто сите овдека ме истакнуваат како безбожник? Јас верувам во господ, mais distinguons,[1] јас верувам во господ како во битие што себеси дури во мене се осознава. Секако не можам да верувам како мојата Настасја (слугинката) или како тој и тој господин кој верува колку „за секој случај", или како нашиот мил Шатов — но не, Шатов не смее да се земе предвид, Шатов верува сосила, како московски словенофил. Што се однесува до христијанството, јас, и покрај целото свое искрено почитување кон него, не сум христијанин. Побргу сум идолопоклоник на старото време, како големиот Гете или како стариот Грк. Доволно е веќе и самото тоа што христијанството не ја сфаќа жената — како што тоа прекрасно го разви Жорж Санд во еден од своите генијални романи. А што се однесува до молитвите, постите и сè друго, јас не разбирам на кого му е грижа како се однесувам спрема тоа. Колку и да се напнуваат овдека нашите известувачи, е, јас не сакам да бидам езуит. Во четириесетиседмата година Белински, бидејќи беше во странство, во странство, му го испрати на Гогољ своето познато писмо и во него убаво го искара дека тој, Гогољ, верувал во „некаков бог". Entre nous soit dit,[2] јас не можам да замислам ништо посмешно од моментот кога

---

[1] Но да различиме.

[2] Меѓу нас речено.

Гогољ (тогашниот Гогољ!) го прочитал тој израз и... целото писмо! Но, настрана смешното, бидејќи јас всушност со нив се слагам, ќе речам и ќе укажам: тоа беа луѓе! Тие знаеја да го сакаат својот народ, знаеја да страдаат за него, знаеја да се жртвуваат за него сите и во исто време знаеја и да не му одобруваат на народот, кога ќе беше потребно тоа, да не му гледаат низ прсти и да не му одобруваат во извесни поими. Еден Белински, навистина, не можел да бара спас во прочкиното масло или во посната репка со грашок.

Овдека се вмеша и Шатов.

— Тие ваши луѓе никогаш не го сакале народот, никогаш за него не страдале ниту жртвувале нешто за него, сеедно колку го вообразувале тоа, за свое задоволство! — мрачно промрмори тој, го впери погледот во земјата и нетрпеливо се размрда на столот.

— Тие не го сакале народот?! — викна Степан Трофимович. — О, уште како тие ја сакаа Русија!

— Ни Русија, ни народот! — викна Шатов светкајќи со очите. — Не може да се сака она што не се познава, а во рускиот народ тие ништо не разбрале! Сите тие, и вие со нив заедно, сте му ѕиркале на рускиот народ низ прсти, посебно Белински, и тоа се гледа токму од она негово писмо до Гогољ: Белински, исто како и љубопитникот во басната на Крилов, кој во музејот за реткости не го видел слонот — Белински целото свое внимание го вперил само на француските социјални бубички, и на нив завршил. А тој, можам да речам, бил поумен од сите вас!... И тоа уште не е сè што само сте ѕиркале на народот — туку сте се држеле и со презир спрема него – и тоа само затоа што под народ сте подразбирале единствено францускиот народ, па и тука само паризлиите, и сте се срамеле дека рускиот народ не е таков. Ете, тоа е вистината! А кој нема народ, нема ни бог! Знајте, и бидете во тоа сигурни, дека оние кои својот народ повеќе не го разбираат и губат врска со него, во исто време и во истата мера ја губат и татковската вера, стануваат или атеисти или рамнодушници. Јас зборувам вистината! Тоа е факт што лесно се докажува.

Ете зошто сме и ние и вие или гадни атеисти, или рамнодушни и развратни човечки ништожества, и само тоа! И вие, и вие, Степане Трофимович, не ве исклучувам јас ни вас, дури нешто повеќе — за ваша сметка и зборував, тоа треба да го знаете!

И откако ќе се изназборуваше вака, (а тоа нему често му се случуваше), Шатов обично ќе си ја земеше шапката и ќе побрзаше кон вратата наполно уверен дека сега на сѐ му дошло крај и дека засекогаш го прекинал пријателството со Степан Трофимович. Но овој навреме стасуваше да го задржи.

— Па зарем ние, Шатов, нема да се смириме по сите тие убави зборови, а? — ќе речеше тој благо, подавајќи му ја раката преку фотелјата.

Несмасен и срамежлив, Шатов не ги сакаше нежностите. Навидум тој е човек мошне суров, но скриено во себе, како да е мошне чувствителен. Иако често премногу претерува, тој самиот прв страда од тоа што го прави. Откако ќе си промрмори нешто — кога Степан Трофимович вака ќе го викне — тој ќе потапка со нозете во место како мечка, ќе се искриви, ќе ја остави шапката и ќе седне на своето место, постојано вперувајќи го погледот во земјата. И се разбира, ќе се донесе вино, Степан Трофимович ќе одржи некоја пригодна здравица макар, да речеме, во знак на сеќавање на некои од старите сериозни работници.

ВТОРА ГЛАВА

ПРИНЦОТ ХАРИ. СВРШУВАЧКА

I

На земјата имаше уште едно суштество на кое Варвара Петровна му беше предадена не помалку одошто на Степан Трофимович — нејзиниот син Николај Всеволодович Страврогин. Поради него и беше повикан Степан Трофимович за воспитувач. Момчето тогаш имаше осум години; неговиот татко, генералот Ставрогин, површен и лесен човек, во тоа време живееше одвоено од неговата мајка, па детето растеше само под нејзината грижа. Степан Трофимович, тоа треба да му се признае, умееше да го придобие својот штитеник. А целата негова тајна беше во тоа дека и самиот беше дете. Тој ја имаше постојаната потреба за вистински доверлив пријател (во она време мене уште ме немаше) и не се премислуваше она мало суштество, одвај пораснато една педа, да го направи свој пријател и довереник. Некако само по себе излезе така што меѓу нив да нема ни малку растојание. Тој често ноќе го будеше својот другар од десет или единаесет години само затоа пред него сиот во солзи да ги излие своите чувства, или да му довери некоја домашна тајна; дури и не насетуваше дека тоа никако не смее да го прави. Си паѓаа в прегратки и обајцата плачеа.

Детето знаеше дека мајка му многу го сака, но тоа тешко да ја сакаше многу. Таа со него малку зборуваше, ретко нешто му забрануваше, но нејзиниот вечен поглед врз себе тоа секогаш болно го чувствува-

ше. Впрочем, што се однесува до науката и моралниот развиток, мајката имаше полна доверба во Степан Трофимович. Тогаш уште наполно веруваше во него.

По сè судејќи, учителот во извесна мера му ги разори нервите на својот ученик. Во шеснаесеттата година, кога го пратија во лицеј, беше тесноград и блед, чудно мирен и замислен. (Подоцна се одликуваше со вонредна физичка сила.) Изгледа дека пријателите не си паѓале ноќе еден на друг во прегратка единствено поради некакви домашни ситници. Степан Трофимович умееше да ги допре најскриените жички, во најдлабоката длабина на душата од својот другар, и во него да го предизвика првото, уште нејасно чувство на онаа вечно света тага што кога некоја одбрана душа еднаш ќе ја сети и ќе ја запознае никогаш подоцна нема да ја замени со евтино задоволство. (Има љубители кои многу повеќе ја сакаат таквата тага отколку најбесомненото задоволство, ако е тоа воопшто возможно.) Секако било добро што голуждравчето и учителот, макар и доцна, биле раздвоени на две различни страни.

Првите две години момчето доаѓаше дома да го помине школскиот распуст. Кога Варвара Петровна и Степан Трофимович се наоѓаа во Петроград, доаѓаше и тој на литературните вечери на својата мамичка и тука слушаше и гледаше. Зборуваше малку и беше тивок и срамежлив, како и порано. Спрема Степан Трофимович се однесуваше со нежно внимание, но веќе некако повоздржано — тој очигледно избегнуваше да разговара со него за возвишени работи и за сеќавањата од минатото. Откако ја заврши школата тој, по желба на мајката, стапи во војската и веднаш доби место во еден од најугледните полкови на коњичката гарда. Меѓутоа, не отиде во Скворешники да ѝ се покаже во мундир на својата мајка и ретко ѝ пишуваше од Петроград. Варвара Петровна му праќаше пари не штедејќи, иако добивките од нејзиниот имот се смалија по реформата, така што во прво време не добиваше ни половина од поранешните приходи. Но, со долго штедење таа имаше прилично. За ус-

песите на својот син во високото петроградско општество многу се интересираше. Што не ѝ појде од рака нејзе, ќе му појде нему, на младиот офицер, богат и надежен. Тој ги обнови познанствата за кои таа веќе не можеше ни да сонува и секаде беше приман на драго срце.

Меѓутоа, мошне брзо до Варвара Петровна почнаа да стасуваат доста чудни гласови за тоа дека момчакот наеднаш и некако лудо весело почнал да живее. Не дека играл комар или многу пиел — се зборуваше за некаква жива распуштеност, за луѓе прегазени, за нечовечниот испад спрема една дама од добра средина со која што имал врска, па потем јавно ја навредил. Нешто и премногу очигледно нечисто имаше во таа работа. Се додаваше уште дека е убиец, дека насилствува, навредува од чисто задоволство за навреда. Варвара Петровна не извика: „Лудост, лудост!" Степан Трофимович ја уверуваше дека се тоа само првите бујни приливи на премногу богатиот личен состав; — дека морето ќе стивне и дека сето тоа личи на младоста на принцот Хари, кој водел весел живот со Фалстаф, Појнес и мистер Квикли, како што го има тоа опишано Шекспир. Овојпат Варвара Петровна не извика „Лудост, лудост!" како што ѝ беше вообичаено и како што од некое време мошне често му довикнуваше на Степан Трофимович, туку, напротив, го слушаше мошне внимателно, му наредуваше тоа да ѝ го објасни до подробности, самата го зеде Шекспир и вонредно внимателно ја прочита онаа бесмртна хроника. Но, хрониката не ја смири; не најде во неа многу сличности. Трескаво ги исчекуваше одговорите на неколку свои писма. Одговорите не задоцнија; набрзо стаса кобната вест дека принцот Хари имал скоро одеднаш два дуела, а самиот бил виновен и за двата, дека едниот противник го убил наместо, другиот го осакатил, и дека за тие дела е предаден на суд. Работата се завршила со неговото деградирање и одземање на сите права; потем го испратиле во еден пешадиски полк како прост војник, па и тоа поради исклучива милост.

Во шеесеттитретата година некако му успеа да се истакне, доби крст и го произведоа во наредник; наскоро потоа и за офицер. За тоа време Варвара Петровна испрати во престолнината можеби стотина писма со молби и преколнувања. Си допушти во толку необичниот случај малку и да се понижи. По новото произведување за офицер, момчето одеднаш поднесе оставка; но во Скворешники ни потоа не дојде и сосема престана да ѝ пишува на мајка си. Најпосле, од далеку се дозна дека пак е во Петроград, но дека во неговото поранешно друштво веќе никако не го гледаат, како негде да се скрил. Се дозна потем дека живее во некое чудно друштво, дека се здружил со петроградските никаквеци, со пропаднати службеници, со пијаници, со војни службеници во оставка кои на отмен начин просат милост, дека ги посетува нивните во нечистотија запуштени семејства, денот и ноќта ги поминува по мрачни засолништа, а таму оди, господ ќе знае по какви кривуличави и замрсени улички; дека се запуштил, дека е парталав и дека тоа, најверојатно, му се допаѓа. Од мајката не бараше пари; тој имаше свое имотче, некогашното селце на генералот Ставрогин, кое колку — толку сепак нешто донесуваше и кое што младиот Ставрогин, како што се збруваше, му го беше дал под закуп на некој саксонски германец. Најпосле, мајката одвај го измоли да ѝ се врати и принцот Хари се појави во нашиот град. Тогаш првпат го видов; дотогаш го немав видено.

Тоа беше многу убав младич на 25 години и, си признавам ме изненади. Мислев дека ќе видам парталко, испиен од разврат, со мирис на вотка. А тоа беше џентлемен поелегантен од сите што сум ги видел, вонредно облечен, со однесување на господин свикнат на префинетост. Но не бев одушевен само јас — се одушеви и целиот град кој веќе знаеше за житието на господинот Ставрогин до такви најситни детали, што е вистинско чудо како можело тоа да се знае. А што е уште почудно, половината од тоа беше вистина. По новиот гостин сите наши госпоѓи изгубија ум. Се поделија на две остро раздвоени страни —

едните го обожуваа, а другите го мразеа до крвна одмазда; но и едните и другите изгубија ум. Едните посебно ги привлекуваше тоа што на неговата душа можеби лежи некоја кобна тајна; а на другите токму навистина им се допаѓаше дека е убиец. Постепено се виде дека тој е мошне добро образован, дури и учен човек. Вистина, не беше потребно да се има многу знаење па ние да се одушевиме — но тој знаеше да суди и за насушните, многу интересни теми и, што е драгоцено, со ретка разумност. Ќе споменам како необичност дека сите наши скоро од првиот ден најдоа дека е тој необично разумен човек. Доста молчалив, неусилено отмен, за чудо скромен, а во исто време смел и уверен во себе како никој од нас. Нашите помодари го гледаа со завист и сосема исчезнуваа пред него. Ме зачуди и неговото лице; косата многу црна, сјајните очи некако многу спокојни и ведри, бојата на лицето мошне бела и нежна, руменилото премногу живо и чисто, заби како од бисер, усните како корал — може да се рече, убавина како цртана, а во исто време сето тоа некако како и да одбива. Велат дека неговото лице потсеќава на маска; впрочем, многу нешто зборуваа и за неговата необична телесна сила. По раст беше скоро висок. Варвара Петровна го гледаше со гордост, но постојано вознемирена. Кај нас остана скоро половина година и живееше зачмаено, мирно, доста тегобно, се појавуваше во друштвото и со несмалено внимание ги извршуваше сите барања на нашата губерниска етикеција. Со губернаторот беше роднина по таткото и беше примен во неговата куќа како близок род. Но, откако изминаа неколку месеци, ѕверката одеднаш си ги покажа ноктите.

Овојпат напоменувам, во заграда, дека нашиот мил, кроток Иван Осипович, нашиот бивш губернатор, во многу нешта ѝ беше сличен на таа жена, но од добро семејство и со врски — па со тоа ѝ се објаснува дека кај нас остана толку години, иако постојано се бранеше од секаква работа. Бидејќи беше гостољубив и комуникативен, одамна требаше да биде претставник и предводник на благородниците од старите до-

бри времиња, а не губернатор во олку мачно време како што е нашето. Во градот постојано се зборуваше дека со губернијата не управува тој туку Варвара Петровна. Тоа се зборуваше мошне зајадливо, па сепак тоа беше чиста лага. Впрочем, и освен тоа многу духовитости се упропастени кај нас за сметка на тоа. Варвара Петровна напротив, последните години свесно се засолнуваше од секаква повисока задача, без оглед на вонредното почитување на целото наше општество спрема неа и доброволно се беше повлекла во границите што си ги беше поставила самата. Место со возвишените задачи, Варвара Петровна одеднаш почна да се занимава со економија, и за две-три години значително ги зголеми примањата од својот имот, скоро исто онака како што беше и порано. Место поранешните поетични настојувања (патот во Петроград, намерата да издава списание, и др.), таа почна да штеди. И Степана Трофимович го засолни подалеку од себе, му одобри да најде стан во друга куќа (кое тој порано постојано го бараше, под разни изговори). Малку по малку, Степан Трофимович почна да ја наречува прозаична жена или, уште пошеговито, „своја прозаична пријателка". Се разбира, тој тие шеги си ги допушташе не поинаку, туку само во тон на најголемо почитување и долго чекајќи згодна прилика за нив.

Сите ние, поблиските, сфативме — а Степан Трофимович уште појасно од сите нас — дека синот сега беше нова надеж за Варвара Петровна, дури и како нов сон. Нејзината страст спрема синот започна од неговите успеси во петроградското општество, а посебно се зголеми од моментот кога стаса веста дека му е одземен офицерскиот чин и дека е изедначен со простите војници. Меѓутоа, беше очигледно дека му се плаши; пред него беше просто робинка. Се гледаше дека ѝ е страв од нешто неодредено таинствено, нешто што самата не може да го искаже; многупати незабележано и внимателно ќе демнеше на Николас, нешто премислуваше, нагаѓаше и разрешуваше... кога, види — ѕверката одненадеж си ги покажа ноктите.

II

Одеднаш, не се знае ни зошто ни како, нашиот принц неочекувано направи спрема различни лица два-три дрски, мошне грди испади, а притоа најглавно беше тоа дека тие дрскости беа нечуени, сосема нечовечки, ни оддалеку слични на оние што се во обична употреба, туку сосема необични и гаменски, и ѓавол ќе знае зошто направени, сосема без секаква причина. Еден од најпочитуваните во нашиот клуб, Петар Павлович Гаганов, човек во години, на тоа и заслужен, се беше здобил некако со навиката по секој збор да додава, со некаква возбуденост: „Не, не давам јас да ме влечат за нос!“ Па добро, нека биде така! Но, еднаш, во клубот, кога тој пламено пак ја изговори оваа реченица пред група клупски посетители околу него (и тоа луѓе од ред), Николај Всеволодович, кој стоеше сам и на кој никој не се обѕираше, одеднаш му пријде на Петар Павлович, па неочекувано и цврсто со два прста го фати за носот и уште го повлече дватри чекори по себе преку салата. Ама ништо не можеше да му биде лут на господинот Гаганов. Можеше да се оцени дека е тоа чисто ученички испад, сосема не за проштавање, се разбира. Но потем се зборуваше дека тој во самиот момент на дејството бил скоро изгубен во мислите, „токму како споулавен“; но за тоа дури многу подоцна си спомнија луѓето и го зедоа предвид. А во првата разместеност сите најпрвин го запаметија вториот момент, кога тој веќе се беше освестил и самиот сѐ беше сфатил онака како што беше — но, не само што не се збуни, туку уште и се насмевна весело и пакосно, „без најмалку каење“. Се дигна страшна врева, го опколија. Николај Всеволодович се вртеше, гледаше околу себе, никому не одговарајќи и љубопитно гледајќи ги лицата што извикуваа. Најпосле, како одеднаш пак да потона во мислите — барем така се зборуваше — се намурти и со цврсти чекори му пријде на навредениот Петар Павлович, па забрзано и со видлива нервоза промрмори:

— Вие, се разбира, ќе простите. Јас, всушност не знам како тоа одеднаш ми се присака... глупост...

Ова немарно оправдување беше исто што и нова навреда. Се крена уште поголема врева. Николај Всеволодович ги поткрена рамениците и излезе.

Сето тоа беше несериозно, да не зборуваме за простотилакот, простотилак пресметан и смислен, како што изгледаше на прв поглед, и што мора да беше смислена и до крајност дрска навреда на целото наше општество. Сите разбраа така. Почнаа со тоа што господинот Ставрогин веднаш и едногласно го исклучија од клубот; потем уште решија во името на својот клуб да го замолат губернаторот веднаш (не чекајќи работата формално да дојде пред суд) да го скроти опасниот кавгаџија, столичниот убиец, „и со тоа, со нему доверената административна власт, да го заштити мирот на целото чесно општество во нашиот град од штегните обиди". Со пакосна невиност додадено е уште и тоа дека „можеби и за господинот Ставрогин ќе се најде некаков закон". Оваа фраза ја подготвија за губернаторот за да го боцнат поради Варвара Петровна.

Китеа со уживање. Но губернаторот, како намерно, тогаш го немаше во градот отишол некаде близу, да ѝ го крсти детето на некоја интересна и неодамнешна вдовица, која по мажот останала бремена. Но се знаеше дека губернаторот брзо ќе се врати. Очекувајќи го, на уважениот и навреден Петар Павлович му приредија цели овации; го прегрнуваа и го бакнуваа, целиот град го посетуваше. Дури имаа намера во негова чест да приредат и еден ручек и само на неговата голема молба се откажаа од таа намера. Можеби, најпосле, успеаја правилно да сфатат дека тој човек го влечеле за нос и дека тука нема за што да се ликува.

Но, сепак, како се случи тоа? Како можело да се случи? Значајна е околноста дека тој дивјачки испад никој во целиот град не го припишуваше на умствена растроеност. Значи, готови беа од Николај Всеволодович и како од умен, да очекуваат такви постапки. Што се однесува до мене, јас ни ден-денес не знам како да го разјаснам тоа; земајќи го предвид дури и

случајот кој набрзо се случи и кој, ќе рече човек, се разјаснува и, како што изгледа, нè помирува сите нас. Додавам уште дека Николај Всеволодович, по четири години, на моето внимателно прашање за тој случај во клубот, одговори намуртен: „Да, јас тогаш не бев сосема здрав“ ... Но, нема да истрчувам.

Интересен ми беше и поројот од општата лутина со која кај нас се нафрлија на кавгаџијата и на столичниот убиец. По секоја цена сакаа тука да согледаат дрска насока и пресметната намера одеднаш да се навреди целото општество. Навистина, Ставрогин никого не придоби за себе; туку сите уште и ги вооружи против себе — а како? Сè до оној случај тој никогаш со никого не се беше спречкал, ниту некого навреди; напротив, беше дотеран како кавалер од помодна слика, само уште да може да зборува. Мислам дека го намразија поради гордоста. Дури и нашите госпоѓи, кои многу го обожаваа сега викаа против него и полошо отколку луѓето.

Варвара Петровна беше страшно погодена. Подоцна на Степан Трофимович му призна дека таа одамна сето тоа однапред го насетувала; цела половина година, секој ден, и дури, го предвидувала всушност „токму така“. Признание мошне значајно од страна на родената мајка. — „Почна!“ мислеше таа со стресување. Другиот ден по кобната ноќ во клубот таа внимателно, но решително почна да се објаснува со синот; меѓутоа, иако беше решителна, сепак треперешe, кутрата. Цела ноќ не беше заспала и рано изутрина појде и кај Степан Трофимович да се посоветува и тука се расплака, што уште никогаш не ѝ се беше случило пред луѓето. Сакаше Николас барем нешто да ѝ каже, барем да ја удостои со објаснување.

Николас, секогаш толку внимателен и полн почитување спрема мајката, ја слушаше донекаде намуртено но мошне сериозно; потем одеднаш стана и, не одговорувајќи ѝ ни со еден збор, ѝ ја бакна раката и излезе. А истиот ден, вечерта, стаса и вториот скандал; вистина многу помал и пообичен од првиот но

сепак, само уште посилно се разгори вревата во градот, затоа што општото расположение веќе беше за тоа.

Имено, жртва беше нашиот пријател Липутин. Токму по објаснувањето на Николај Всеволодович со мамичката, Липутин дојде кај него и мошне умесно го замоли за честа таа вечер да му дојде во посета — роденден ѝ е на жена му. Одамна Варвара Петровна со грозење гледаше како нејзиниот син прави познанства со пониски од себе, но не смееше да му рече ни збор. Тој покрај ова веќе имаше направено неколку познанства во тој третокласен слој на нашето општество, и уште понизок — но, ете, имаше таква склоност. Во куќата на Липутин инаку досега немаше одено, иако се гледаше со него. Му беше јасно дека Липутин го вика поради вчерашниот скандал во клубот и дека тој, Липутин, како месен либерал, е одушевен од скандалот, искрено мисли дека со клупските првенци така и треба да се постапува и дека сето тоа е мошне добро. Николај Всеволодович се насмевна и вети да дојде.

Имаше многу гости; не видни и угледни луѓе, но ведри и весели. Самољубивиот и завидлив Липутин само двапати годишно викаше гости, но тогаш не штедеше. Неговиот најугледен гостин, Степан Трофимович, не дојде поради болест. Послужија чај, имаше многу мезе и вотка во изобилство; карти играа на три маси, а младината, чекајќи ја вечерата, свиреше на фортепијано. Николај Всеволодович ја покани госпоѓата на Липутин, посебно убаво женче, пред него мошне бојазлива, изигра со неа два круга, седна крај неа, поразговара и ја насмеа. Забележувајќи колку е убава кога се смее, тој одненадеж пред сите гости ја прегрна околу половината и ја бакна в уста трипати по ред, мошне слатко. Кутрото преплашено женче падна во бесознание. Николај Всеволодович си го зеде шеширот, му пријде на мажот, збунет во општата сметеност, го погледна и самиот се збуни, па на брза рака измрмори: „Не лутете се“, и излезе. Липутин појде по него во претсобјето, лично му ја подаде бун-

дата и поклонувајќи се го испрати до скалите. Но веќе другиот ден, токму навреме, стаса доста интересен прилог кон овој, сразмерно земајќи невин случај — прилог кој му донесе на Липутин дури и почитување, со кое тој потем умееше да се користи онака како што беше најдобро за него.

Околу десет часот претпладне во куќата на госпоѓа Ставрогина дојде Агафја, слугинката на Липутин, жива и румена жена на триесет години, која Липутин ја прати со порака до Николај Всеволодович и која бездруго сакала „да се види и да поразговара со него на само". Ставрогин многу го болеше главата, но сепак излезе. Варвара Петровна успеа да биде присутна.

— Сергеј Василевич (т. е. Липутин) — загука живо Агафја — прво и прво, ми нареди многу и многу да ве поздравам од негова страна и прашува за вашето здравје, како сте спиеле ноќеска, и како повелате да се чувствувате сега, по сноšната вечер, молам убаво.

Николај Всеволодович се насмевна.

— Поздрави и благодари, Агафја, и речи му на својот господин од моја страна дека е тој најразумниот човек во целиот град.

— А тој спроти ова ми нареди да ви одговорам, господине — прифати Агафја уште поживо и посмело, — дека тој за тоа знае и без вас, и вам истото ви го посакува.

— Види! А како можел тој да знае што ќе ти речам јас тебе?

— Е, не знам на кој начин тоа го дознал, но кога излегов и веќе стасав на крајот од улицата, слушам дека тој по мене доаѓа; гологлав е и ми вели: „Ти, Агафјушка, ако тој случајно се досети па ти рече — речи му, вели на својот господин дека е тој во целиот град најумен, а ти, вели, немој да заборавиш на тоа да му одговориш: — Ние и самите знаеме, и уште колку добро, господине, па и вам истото тоа ви го посакуваме . . ."

III

Најпосле, дојде и до објаснувањето со губернаторот; само што се врати од пат нашиот мил и благ Иван Осипович и само што стаса да ја сослуша горчливата жалба на нашиот клуб. Без сомневање нешто мораше да се преземе, но тој се збуни. Нашето гостољубиво чиченце како да се плашеше малку од својот млад роднина. Сепак, тој се реши да го замоли за извинување и пред клубот и пред навредениот господин, и тоа така, што нив тоа извинување да ги задоволи, а ако затреба, тогаш и писмено да се оправда — а потем благо да го наговори да нѐ остави и да отпатува на пример, во Италија, божем од љубопитство, или воопшто каде и да е надвор од Русија. Во собата, во која влезе губернаторот да го прими овој пат Николај Всеволодович (во други прилики тој, по роднинското право, слободно шеташе по целата куќа), во таа соба, воспитаниот Аљоша Телјатников, чиновник, наедно домашен човек на губернаторот, седеше на еден агол од масата и ја отвораше поштата, а во соседната соба, кај прозорецот најблизок до вратата, се беше сместил еден дебел и здрав човек, полковник, кој патем свратил како пријател и поранешен другар по служба на Иван Осипович, се беше сместил и го читаше „Глас“ и, се разбира, не се обѕрнуваше на она што се случува во првата соба, дури и беше свртен со грб.

Иван Осипович почна оддалеку, скоро со шепот, но сѐ нешто заплеткуваше. Николас го гледаше мошне нељубезно, ни малку роднински; беше блед; седеше смуртен и слушаше со собрани веѓи како да совладува силна болка.

— Вие, Николас, имате добро срце и благородно — вметна чичкото меѓу другото — вие сте човек образован, сте се движеле во високото општество, а и овде досега многу добро се однесувавте, служевте за пример и со тоа го смиривте срцето на својата, за сите нас драга мајка... кога наеднаш, сепак се покажа во загадочен и за секого опасен колорит! Ви зборувам како пријател на вашиот дом, како постар човек и како ваш роднина, кој искрено ве сака и на кого

вие не треба да му се лутите... Речете, што ве раздвижува на толку невоздржано поведение, надвор од сите во светот усвоени правила и мерки? Што треба да значат таквите испади, слични на бунило?

Николас слушаше налутено и со нетрпение. Одненадеж, може да се рече дека нешто лукаво и потсмешливо светна во неговиот поглед, па пак се угасна.

— Кога сакате, ќе ви речам што ме раздвижува, — мрачно проговори тој, па, обзрнувајќи се околу себе, се наведна кон увото на Иван Осипович. Воспитаниот Телјатников се повлече уште два три чекори кон прозорецот, а полковникот се накашла зад „Глас". Иван Осипович, кукавица, веднаш и доверливо му се подоближи со увото; беше крајно љубопитен. И ете, тогаш се случи нешто сосема невозможно, а во некој поглед и премногу јасно. Чиченцето одеднаш почувствува: Николас, место да му шепне некоја интересна тајна, неочекувано го дофати со забите за врвот од увото и го стегна доста силно. Старецот потрепери, здивот му се пресече.

— Николас, каква шега е тоа! — офна тој механично, како со туѓ глас.

Ни Алјоша ни полковникот уште ништо не беа забележале, а не можеа ни да видат, и докрај им се чинеше дека оние двајца шепотат. Но ги загрижи очајното лице на старецот. Се гледаа со ококорени очи, не знаејќи дали да му притрчаат на помош, како што беа договорени, или уште да почекаат. Николас можеби го забележа тоа, па уште посилно го загриза увото.

— Николас, Николас! — пак офна жртвата. — Но... доста беше со шегата...

Да потраеше тоа уште миг, тој, кукавица, веројатно ќе умреше од страв; но се смилува изродот и го пушти увото. Смртен страв владееше со чиченцето една минута, а потем доби како некаков напад. За половина час Николас веќе беше уапсен и однесен, за почеток, во затворот, каде што беше одвоен во засебна ќелија, со посебна стража пред неговата врата. Остра казна, но нашиот добар старешина беше толку разлутен што решително ја зеде сета одговорност сам на се-

бе, па дури и пред Варвара Петровна. Сите премногу се зачудија на следниот настан — на таа госпоѓа, кога во возбудата веднаш потрча кон губернаторот заради објаснување, пред самите скали ѝ беше скратен приемот, па таа, и не симнувајќи се од колата, се врати дома не верувајќи си самата себеси, дека сѐ така се случило.

Најпосле, сѐ се објасни! По полноќ, во два часот, затвореникот, за чудо дотогаш мирен (дури беше и заспал) одеднаш крена врева, почна силно да удира со тупаница по вратата, со натприродна сила ја откорна железната решетка од неа, го скрши стаклото и ги исече рацете. Кога дежурниот офицер дотрча со одред стража и со клучевите, и кога нареди да се отвори ќелијата и да се јурне на непослушникот и да се врзе, тогаш се виде дека е тој во најсилен делириум. Го однесоа дома, кај мајка му. Одеднаш сѐ се разјасни. Сите три лекари искажаа мислење дека таков болен можел уште три дена пред ова да биде во бунило; иако се чинеше дека е тој при свест и полн со лукавство, можел да не биде при здрав ум и волја што, впрочем, беше докажано и со факти. Сега беше јасно дека Липутин пред сите други се досетил. Иван Осипович, човек деликатен и чувствителен многу се збуни; а интересно е и тоа што тој, веројатно, мислел дека Николај Всеволодович при здрава и полна свест е во состојба да направи севозможни лудости. Се засрамија и во клубот; се чудеа како тоа никој од нив „не го видел слонот", па го испуштиле од предвид единственото правилно разјаснување на сите чуда. Имаше, се разбира, и скептици, но тие не можеа да продрат со своето мислење.

Николас прележа повеќе од два месеци. На конзилиум беше повикан прочуен лекар од Москва. Целиот град ја бараше куќата на Варвара Петровна. Таа на сите им прости. Кога Николас, напролет, веќе сосема оздрави, без отпор се согласи, според желбата на мајката, да отпатува во Италија; таа уште го замоли и на сите нас да ни направи проштална посета

и при тоа каде што треба и колку што може да се оправда. И на тоа Николас се согласи со големо задоволство.

Во клубот беше познато дека тој со Петар Павлович Гаганов, во неговата куќа, имал мошне претпазливо објаснување и дека стариот наполно го задоволил. Правејќи разни посети, Николас беше мошне сериозен, а нешто малку и смрачен. Насекаде го примаа, како што изгледаше, мошне срдечно, но сите некако се чувствуваа во неприлика, збунети, а им беше мило дека патува во Италија. На Иван Осипович дури му се замаглија очите; беше трогнат до солзи, но некако не се осмели да го прегрне, дури ни при последното проштавање. А некои, богами, си останаа со уверување дека никаквецот им се насмеал на сите, а болеста дека е нешто онака. Ставрогин отиде и кај Липутин.

— Речете ми, — го запраша, — како сте можеле однапред да погодите што ќе речам за вашиот ум кога по Агафја сте подготвиле одговор?

— Па така, — се насмеа Липутин, — и јас ве сметам за умен човек, па можев вашиот одговор однапред да го знам.

— Сепак, чудно совпаѓање. Но ве молам, праќајќи ја Агафја вие, нели сметавте дека јас сум умен човек, а не луд?

— Најумен и најреален, а само се преправав како да верувам дека не сте со сите ... А и вие, веднаш се досетивте што мислам јас, па по Агафја ми го испративте патентот на остроумноста.

— Е, тука малку се лажете; јас, навистина ... не бев здрав ... — промрмори Николај Всеволодович собирајќи ги веѓите. — По ѓаволите! — викна тој, — зарем вие навистина мислите дека сум во состојба при чиста свест да ги напаѓам луѓето? И зошто да го правам тоа?

Липутин се сведна и не се снајде да одговори. Николас малку пребледи, или на Липутин така му се стори.

— Секако, вие имате мошне интересен склад на мислите, — продолжи Николас, — а што се однесува

до Агафја, јас, се разбира, знам дека вие ја пративте само за да ме посрамите.

— Да не требаше да ве предизвикам на дуел?

— Ох, да, дуел! Јас нешто сум научил дека вие дуелите не ги цените...

— Како и сè француско што се воведува! — пак се сведна Липутин.

— Го цените народното?

Липутин уште подлабоко се сведна.

— Гледај, гледај! Што гледам! — викна Николас забележувајќи на најистакнато место на масата една книга на Консидеран. — Да не сте веќе и фуриерист? И тоа уште може да биде! Зарем ова не е превод од француски? — се насмеа тој тропкајќи со прстот по книгата.

— Не, тоа не е превод од француски, — потскокна Липутин дури со некаква пакост. — Тоа е превод од светско-човечки јазик, господине, а не само од француски! Од јазикот на светско-човечката социјална република и хармонија, ете, тоа е, господине! А не единствено од Француски!

— Па, по ѓаволите, таков јазик и не постои! — се смееше Николас и натаму.

Понекогаш и ситницата го освојува наполно вниманието, исклучиво и долго. Најглавното за господинот Ставрогин ќе дојде попосле, а сега, за куриозум, напоменувам: од сите негови впечатоци, примени во времето што го помина во нашиот град, од сè што му останало во сеќавањето, најсилно му се засекла оваа непросветена и за малку не подла фигуричка на незначителниот губерниски чиновник, ситна душичка, завидливец и суров домашен деспот, скржавец и лихвар што ги држи под клуч остатоците од јадењето, догорените свеќи и испушоците, а во исто време е бесен секташ за којзнае каква идна „социјална хармонија", и ноќе се опива со занесот од фантастичните слики на идниот фаланстер, и верува дека во најкратко време фаланстерите ќе се остварат во Русија и во нашата губернија, како што верува дека самиот жив постои на овој свет. И тоа верува тука, каде што

самиот се здобил со „куќичка"; каде што по вторпат се оженил и со жената добил убава паричка; каде што, можеби, на сто врсти наоколу нема ниеден човек, почнувајќи од него самиот, кој макар и по изглед може да напомнува на идниот член на „светскочовечката социјална република и хармонија".

„Самиот господ знае како постојат овие луѓе!" — мислеше Николас во недоумица, спомнувајќи си понекогаш за неочекуваниот фуриерист.

IV

Нашиот принц патуваше повеќе од три години, па во нашиот град скоро и го заборавија. Но ние од Степан Трофимович дознавме дека ја пропатувал цела Европа, бил дури и во Египет, а навратил и во Ерусалим; потем ѝ се придружил на некаква научна експедиција за Исланд и навистина бил малку и на Исланд. Се зборуваше и тоа дека една зима слушал предавања на некој германски универзитет. На мајка си ретко ѝ пишуваше, еднаш на половина година, па и поретко; но Варвара Петровна тоа не ја лутеше, ниту ѝ беше криво. Еднаш утврдените односи со синот ги прими покорно и без патетика; тагуваше за својот Николас и сонуваше за него постојано. Ни мечтаењата ни жалбите свои, никому не ги доверуваше. Како што изгледаше, се оддалечи малку и од Степан Трофимович. Во себе правеше некакви планови, и се чини, стана уште потврда отколку што беше порано, и уште повеќе штедеше и се лутеше поради загубите на Степан Трофимович на карти.

Одвај еднаш, во април таа година, таа доби писмо од Париз од генералицата Прасковја Ивановна Дроздова, нејзина другарка од детство. Прасковја Ивановна — со која Варвара Петровна веќе осум години не се беше видела, ниту се допишуваше — ѝ јавуваше во своето писмо дека Николај Всеволодович тесно се зближил со нивната куќа и се спријателил со Лиза (нејзината единица), и дека има намера на лето да ги прати во Швајцарија, во Vernex — Montreux,

не гледајќи на тоа што во семејството на грофот К...(лице со големо влијание во Петроград), кое сега се наоѓа во Париз е примен како вистински син, така што скоро и живее во куќата на грофот. Писмото беше кусо и јасно ја покажуваше својата насока иако освен споменатите факти не содржеше никакви заклучоци. Варвара Петровна не размислуваше долго, веднаш се реши и се зготви да патува; ќе ја земе со себе и својата воспитаница Даша (сестра на Шатов); кон половината на април, навистина, појде до Париз, а потем во Швајцарија. Во јули се врати сама; Даша ја беше оставила кај Дроздови; а Дроздови, според веста што ја донесе оттаму, ветиле дека кон крајот на август ќе дојдат во нашиот крај.

И Дроздови беа поседници од нашата губернија, само службата на генералот Иван Иванович (некогашен пријател на Варвара Петровна и колега на нејзиниот маж) постојано им пречеше еднаш веќе да го посетат својот прекрасен, господарски имот. А по смртта на генералот, минатата година, безутешната Прасковја Ивановна отиде со ќерката во странство помеѓу другото и со таа намера да го употреби лекувањето со грозје, што требаше да го издржи во Vernex-Montreux во втората половина на летото; па потем, кога ќе се врати во татковината како што мислеше, засекогаш да се насели во нашата губернија. Во нашиот град таа имаше голема куќа, веќе со години празна, со затворени капаци на прозорците. Тоа беа богати луѓе. И Прасковја Ивановна, по првиот маж госпоѓа Тушина, беше, како и нејзината другарка од заводот Варвара Петровна, ќерка на заможен трговец од минатите времиња, и исто така се омажи со голем мираз. Нејзиниот прв маж, Тушин, капетан во коњицата во оставка, и самиот беше богат човек и донекаде даровит. По смртта ѝ остави на својата седумгодишна и единствена ќерка Лиза добар капитал. Сега Лиза имаше околу дваесет и две години и слободно можеше да се пресмета дека носи до двесте илјади рубли само свои сопствени пари, не сметајќи го имотот што ќе мора да ѝ припадне со време, по смртта на мајката, која во својот втор брак немаше деца.

Како што можеше да се види, Варвара Петровна беше мошне задоволна со своето патување. Според нејзиното мислење, нејзе ѝ успеало мошне добро да се разбере со Прасковја Ивановна, и, штом дојде, веднаш сè му раскажа на Степан Трофимович; дури беше кон него мошне експанзивна, што одамна не ѝ се беше случило. Степан Трофимович на тоа извика „ура!“ тропајќи со прстите и беше сосема одушевен; дотолку повеќе што времето на разделба со својата пријателка го помина мошне невесело и меланхолично. Поаѓајќи на пат, таа со него дури честито не се ни поздрави, ниту пак нешто од своите мисли му довери на „тој завеан“, од претпазливост да не се избрбори. И му се лутеше тогаш поради големите загуби на карти, што неочекувано избија на површина. Но уште во Швајцарија, нејзиното срце почувствува дека оставениот пријател треба, по враќањето, да го награди, уште повеќе дека спрема него веќе одамна беше сурова. Неочекуваната и загадочна разделба го потресе и го стаписа плашливиот Степан Трофимович, а како патем тогаш дојде и до други недоумици, па не знаеше што да прави. Го мачеше едно мошне дамнешно и важно задолжување, кое без помошта на Варвара Петровна не можеше да го намири. Освен тоа, во мај истата година се заврши и губернаторувањето на нашиот добар Иван Осипович; го сменија и уште со незгоди за него. Потем, додека се наоѓаше Варвара Петровна на пат, дојде нов старешина, Андреј Антонович фон Лемпке, а наедно со тоа почна и значајна промена во односите скоро на целото наше губерниско општество спрема Варвара Петровна, значи и спрема Степан Трофимович. Секако имал можност да направи неколку непријатни, иако и драгоцени забележувања и, онака осамен, без Варвара Петровна, тој ми се чини, многу се преплаши. Возбудено се мачеше со сомневања дали веќе новиот губернатор не го „известиле“ за него и не го прикажале како опасен човек. Со сигурност дозна дека некои наши госпоѓи имаат намера да ги прекинат посетите кај Варвара Петровна.

За новата губернаторка (се очекуваше кај нас да дојде дури наесен) тврдеа дека е прилично горда, ка-

ко што се слуша, но сепак вистинска аристократка, а не како „онаа наша злосреќна Варвара Петровна". Од некаде сите со сигурност знаеја, и тоа во детали, дека тие две, новата губернаторка и Варвара Петровна, некогаш се познавале, па се разделиле непријателски, така што веќе самото потсетување на госпоѓата Фон Лемпке ќе мора да предизвика кај Варвара Петровна болен впечаток. Ведрото и победоносно однесување на Варвара Петровна, презривата студенина со која слушаше за мислењата на нашите госпоѓи и за вознемиреноста на нашето општество, го оживеа снеможениот и уплашен Степан Трофимович и тој веднаш се разведри. Со посебен, радосно-умилкувачки хумор почна да ѝ го опишува доаѓањето на новиот губернатор.

— Вие, excellent amie[1], без сомневање, знаете, — почнуваше кокетирајќи и елегантно развлекувајќи ги зборовите, — што значи руски администратор зборувајќи воопшто, а што значи руски администратор по новото, значи „новопечен", „новопоставен"... Ces interminables mots russes!...[2] Но тешко да можете да знаете практично што значи администраторски восхит и каква е поправо таа работичка.

— Администраторски восхит? Не знам што е тоа.

— Тоа ќе рече... Vous—savez, chez nous[3]... En un mot[4], поставете како што сакате ништотно ништожество да продава некакви карти на железничката пруга, тоа ништожество веднаш ќе мисли дека има право да гледа на вас како Јупитер, ако му пријдете за карта, pour vous montrez son pouvoir.[5] „Ајде, вели, да ти ја покажам својата власт над тебе..." И тоа кај нив оди до администраторски восхит... Со еден збор, имам прочитано негде како некој певец, во една од нашите цркви на страна — mais c'est très curieux[6]

---

[1] Одлична пријателке.

[2] Ах, тие бескрајно ролги руски зборови!

[3] Вие знаете, кај нас...

[4] Со еден збор.

[5] Да ви ја покаже својата власт.

[6] Тоа е многу интересно.

— истерал, и тоа буквално речено истерал од црквата едно угледно англиско семејство des dames charmantes[1] и тоа пред почетокот на службата за велициности — vous savez ces chants et le livre, de Job[2]... и тоа го направил под изговор дека „мотањето на странците по руските цркви е неред и дека во црквата треба да доаѓаат во назначеното време“... Ги довел бессознание... Тој певец, псалтир, ете, бил во настап на администраторски восхит.

....

— Скратете, ако можете, Степане Трофимович.

— Фосподинот Фон Лемпке тргна сега по губернијата. Со еден збор, тој Андреј Антонович, седно што е руски Германец со православна вера, и уште — тоа му го отстапувам — за чудо убав маж, еден од четириесетгодишниците...

— Од каде пак убав? Има очи како брав.

— Во највисок степен! Но, ете, јас му го отстапувам мислењето на нашите дами и го одобрувам...

— Да преминеме на работата, Степане Трофимович, ви се молам! Патем речено, вие носите црвени шамии; од кога? Дали е тоа одамна?

— Тоа... само денеска...

— А вашето движење? Дали шетате по шест врсти дневно, како што ви нареди лекарот?

— Не... не секогаш.

— Го знаев јас тоа? Го насетував тоа јас уште во Швајцарија! — извика таа разлутено. — Но отсега ќе одите не шест, туку десет врсти! Вие сте страшно снеможен, страшно, страш-но! Не сте остарен, туку сте снеможен, пропаднат — кога пред малку ве здогледав, се изненадив, и покрај таа ваша црвена шамија... quelle idée rouge!...[3] Продолжете за Фон Лемпке, ако има што да се рече, и завршете еднаш, ви се молам; уморена сум.

— Со еден збор, само сакав да речам дека тој е еден од оние администратори кои почнуваат во чети-

---

[1] Допадливи дами.

[2] Ги знаете веќе оние стихови и книгата за Јов.

[3] Ама чудни црвени идеи!

риесеттата, кои до четириесеттата година трпнат во сиромаштија, а потем нагло стануваат луѓе, со помош на неочекувано здобиената жена, или какво и да е друго исто така неочекувано средство... значи, тој сега отпатува, значи, сакам да речам, за мене веднаш му шепнале на двете ува дека ја расипувам младината, дека ширам атеизам во губернијата... И тој веднаш спрема тоа почна да се управува.

— Дали е тоа баш вистина?

— Јас дури презедов извесни мерки... Кога за вас „до-ста-виле“ дека вие сте „управувале со губернијата“, vous savez[1] — тој благоволил да се изрази дека „слично во иднина нема да се случува“.

— Така рекол?

— „Дека слично во иднина нема да се случува“ и, avec cette morgue...[2] Неговата жена, Јулија Михајловна, ќе ја видиме кон крајот на август; доаѓа право од Петроград.

— ...од странство. Ние таму се најдовме.

— Vraiment?[3]

— Во Париз, и во Швајцарија. Таа им е роднина на Дроздови.

— Роднина? Чудно совпаѓање! Велат, славољубива е и... како да има големи врски?

— Сешто, чудни врски! До четириесет и петтата стара мома, без пари, а сега скокнала на својот Фон Лемпке и, се разбира, целата налегнала да го извлече меѓу луѓето, тоа ѝ е сета цел. Обајцата се интриганти.

— Велат, постара е од него две години?

— Пет. Нејзината мајка постојано ни беше пред прагот во Москва; додека беше жив Всеволод Николаевич, молеше и се наметнуваше како од милост да ја повикаме на бал. А оваа, ќерката, понекогаш целиот бал го преседуваше во некој ќош, со својата тиркизна мува на челото; така што јас, од сожалување, некое време ќе ѝ го пратев првиот играч. Тогаш

[1] Знаете.

[2] Со надуеност.

[3] Навистина?

веќе имаше дваесет и пет години, а сè уште ја изнесуваа во кусо здолниште, како да е девојче. Стана всушност неприлезено да ги повикуваш дома.

— Таа нејзина мува просто како да ја гледам.

— Да, еве ви: јас стасав таму и веднаш наидов на интрига. Пред малку го прочитавте писмото на Дроздова, јасно и просто писмо, нели? Меѓутоа, на што наидувам? Таа луда, Дроздова, — таа секогаш била само луда — гледа во мене прашално и како да вели: а што си дошла тиваму? Можете да си помислите колку се зачудив! Гледам, таа Лемпкеова пред нас се превиткува и се преправа, а крај неа еден роднина, внук на стариот Дроздов – јасно! Се разбира, јас сè веднаш пресвртив и така сега Прасковја пак е на моја страна. Но интрига, интрига!...

— Која вие, се разбира, ја совладавте! О, вие сте Бизмарк!

— Иако не сум Бизмарк, пак умеам да ја видам лагата и глупоста кога ќе наидам на нив. Лемпкеова — тоа е лага, а Прасковја глупост. Ретко некогаш сум наишла на жена позавеана од неа... а на сето згора нозете ѝ се отечени, а и добра е. А што може да биде поглупо од глупа добрина?

— Пакосната будала, ma bonne amie,[1] пакосната будала уште е поглупа — опонираше Степан Трофимович благородно.

— Можеби имате право; а вие си спомнувате за Лиза?

— Charmante enfant![2]

— Но, сега веќе не е дете, туку жена, и тоа жена со силен карактер. Благородна и огнена, и ми се допаѓа кај неа тоа дека не ѝ попушта на мајката, лековерна, жена мисирка. Но поради оној нејзин роднина за малку што не се направи чудо.

— Хе, всушност, тој и не ѝ е никаков род на Лизавета Николаевна... Да не има некои намери?

— Тоа ви е млад офицер, мошне молчалив, дури и скромен. Јас секогаш сакам да сум справедлива.

---

1 Драга пријателке.

2 Прекрасно дете.

Мене ми се чини дека тој самиот е против целата таа интрига и дека ништо не сака; само Лемпкеова тука нешто комбинира. Тој многу го почитува Николас. Вие разбирате: целата работа зависи од Лиза, а ја остави во одлични односи со Николас, а тој ми вети дека неизоставно ќе ни дојде во ноември. Веројатно тука единствено Лемпкеова интригира, а Прасковја е само жена без очи. Одеднаш, почнува да ми зборува дека сите мои сомневања се — чиста фантазија, а јас во очи ѝ одговорив дека е луда. Можам тоа и на страшниот суд да го потврдам. И да не ме мамеше Николас да го оставам тоа за подобра прилика, не ќе се вратев јас оттаму пред да ја обелоденам таа лицемерна и лажлива жена. Таа преку Николас му се додворуваше на грофот К., сакаше синот од мајка да го раздели. Но Лиза е на наша страна, а со Прасковја се договорив. Знаете ли дека Кармазинов ѝ е роднина?

— Како? Роднина на мадам Фон Лемпке?

— Па да, нејзин. Далечен.

— Кармазинов, раскажувачот?

— Па да, писател, што ви е чудно? Се разбира, тој самиот смета дека е голем. Надуено суштество! Таа ќе дојде заедно со него, а засега лета со него. Таа има намера овде да заведе не знам што, некакви литературни собири, предавања, такво нешто. А ќе дојде по еден месец, сака овде да го продаде својот последен имот. Јас, за малку што не се сретнав со него во Швајцарија, а тоа никако не го сакав. Впрочем, се надевам, ќе се смилува да ме познае. Некогаш ми пишуваше писма, доаѓаше дома... Би сакала вие малку подобро да се облекувате, Степане Трофимович. Секој ден сте сѐ понеуреден! О, колку ме мачите вие мене!... Што правите сега?

— Јас... јас...

— Разбирам. Пријатели, како и досега, пијанки, како и досега, клубот и картите, и репутација на атеист. Мене таа репутација не ми се допаѓа, Степане Трофимович. Не ми се сака да ве наречуваат атеист,

особено не сакам сега. Не го сакав тоа ни порано, зашто тоа е само празно брборење. Еднаш тоа требеше да ви се рече!

— Mais, ma chère...

— Слушајте, Степане Трофимович, што се однесува доученоста јас сум спрема вас ништо, се разбира; но јас патувајќи ваму многу размислував за вас. И дојдов до едно уверување.

— А до кое?

— До тоа дека јас и вие не сме најумните на светот, туку дека има и поумни од нас.

— И духовито и добро најдено! Има и поумни, значи, кои подобро од нас знаат што е што, и ние може да се лажеме во нештата, така ли е? Моја добра пријателке, да речеме дека се лажам, но добога, зарем јас го немам своето право, општочовечко, вечно, високо, највисокото право на слободната совест? Дали имам право да не бидам лажен светец ни фанатик, ако сакам така, па ако треба поради тоа нека им бидам неподнослив целиот свој век на разни луѓе? Et puis, come on trouve toujours plus de moines que de raison,[1] и бидејќи јас со тоа наполно се сложувам...

— Како, како рековте?

— Реков: Et puis, come on trouve toujours plus de moines que de raison и дека јас со тоа...

— Тоа бездруго не е ваше! Тоа сигурно однекаде сте го зеле?

— Тоа го рекол Паскал...

— Така и си мислев... тоа не е ваше. Зошто вие никогаш не зборувате толку кратко и јадро, туку секогаш толку долго развлекувате? Тоа е многу подобро од она пред малку за администраторското одушевување.

— Ma foi, chère...[2] а зошто? Прво затоа што јас, сепак, не сум Паскал, et puis...[3] второ, ние Русите

---

[1] И, потем, бидејќи калуѓери секогаш има повеќе отколку што е потребно.

[2] Богами, мила...

[3] А потем...

ништо не умееме да искажеме со својот мајчин јазик... Барем досега уште ништо не сме рекле...

— Хм! Тоа можеби и не е токму вистина. Би можеле барем да ги запишувате и да ги паметите таквите зборови, од разговори, знаете... Ах, Степане Трофимович, јас дојдов мошне сериозно, мошне сериозно да поразговараме.

— Chère, chère, amie!

— Сега, бидејќи сите овие Лемпкеови, сите тие Кармазинови... О, боже, колку сте се запуштиле, снеможеле! О, колку ме мачите вие!... Би сакала тие луѓе да почувствуваат почитување спрема вас, зашто тие не вредат ни колку вашиот мал прст, а вие, како се држите вие! Што ќе имаат да видат? Што имам да им покажам? Место да стоите како благородно сведоштво, да давате пример, вие се опкружувате со некои никаквеци, сте прифателе некои незгодни, непријатни навики, сте опаднале, старечки изнемоштени, не можете без пијалак и без карти, го читате единствено Пол де Кок и ништо не пишувате; додека сите тие таму пишуваат и пишуваат, вие целото свое време го трошите на брборење. Како можете да се дружите, дали е за одобрување да се дружите со таков никаквец каков што е вашиот нераздвоен Липутин?

— А по што е тој мој и нераздвоен? — бојазливо ѝ се спротивстави Степан Трофимович.

— Каде е тој сега? — строго и остро продолжи Варвара Петровна.

— Тој... тој вас безгранично ве почитува и отпатува во С-к да го прими наследството по мајка.

— Тој, ми се чини, само тоа и работи, да добива пари. А што прави Шатов? Сè исто?

— Irascible, mais bon.[1]

— Не можам да го поднесувам тој ваш Шатов: и зол е, и за себе многу мисли.

— Како е Дарја Павловна?

---

[1] Избувлив, но добар.

— Прашувате за Даша, зошто се присетивте? — Варвара Петровна го погледна љубопитно. — Здрава е, ја оставив кај Дроздови... во Швајцарија чув нешто за вашиот син... нешто лошо, не е добро.

— Oh, c'est une histoire bien bête! Je vous attendais, ma bonne amie, pour vous raconter.[1]

— Доста, Степане Трофимович, оставете ме на мира; се изнамачив. Ќе имаме уште кога да се назборуваме, особено за лоши работи... почнувате да прскате кога се смеете, тоа е веќе многу старечки!... И сте почнале сега чудно да се смеете... Боже, колку лоши навики кај вас се насобрале! Кармазинов нема да ви дојде во посета! А овде луѓето веќе и без тоа... Сосема се покажавте... Е, сега доста, доста, уморна сум! Најпосле човек може малку и да се поштеди.

Степан Трофимович го „поштеди човекот", но си отиде збунет.

V

Навистина нашиот пријател се здоби со доста лоши навики, особено во последно време. Тој опаѓаше очигледно и брзо, и вистина е дека стана неуреден. Повеќе пие, уште поплачлив е, со послаби нерви, стана веќе премногу чувствителен спрема убавото. Лицето му доби некаква вонредна способност необично брзо да се менува, на пример, од израз најсвечен до најсмешен, и дури најбесмислен. Не ја поднесува осаменоста, постојано чезне за некаква забава, што поскоро да дојде до неа. Не може, и тоа е постојано така, да не раскаже некоја интрига, некаква градска приказна и на сето згора, секој ден нешто ново. А ако подолго време никој не го посети, тогаш тажно — невесело лута по собите, приоѓа до прозорецот, замислен ги гризе усните, вдишува длабоко, и најодзади за малку што не залипува. Сè нешто насетува, трпне од нешто неочекувано, неминовно, стана страшлив, и има голема грижа за соништата.

---

[1] О, тоа е мошне глуп случај! Ве чекав, моја драга пријателке, да ви раскажам.

Целиот овој ден и вечерта му поминаа необично мрачно и тажно; ме повика, многу се возбудуваше, долго зборуваше, долго раскажуваше, но сето мошне неповрзано. Варвара Петровна одамна знаеше дека тој од мене ништо не крие. Мене пак ми се стори дека тој има нешто што му задава грижа, и тоа нешто посебно и такво што можеби ни самиот себеси не може јасно да си го претстави. Порано, кога ние двајцата ќе се осамотевме, па ќе почнеше да ми се жали, обично, скоро секогаш, по некое време ќе донесеше шише и ќе станеше многу поведар. Овојпат пијалак немаше и тој очигледно ја совладуваш во себе честата желба да испрати некого по пијалак.

— Зошто се лути таа постојано!? — постојано ми се жали како дете. — Tous les hommes de génie et de progrès en Russie étaient, sont et seront toujours de страстни комарџии, et пијаници qui boivent en zapoi...[1] а јас уште не сум ни комарџија, ни таков пијаница... Ме прекорува дека ништо не пишувам! Ништо не пишувам! Чудна мисла! Зошто лежам? Вашата должност е, вели, да стоите, како „пример и прекор“. Меѓу нас речено, што може да прави човек на кого му е судено да стои како „прекор“, ако не лежи... дали го знае таа тоа?

Најпосле ми стана јасна неговата главна, посебна тага, којашто овој пат толку наметливо го мачеше. Таа вечер тој често му приоѓал на огледалото и подолго пред него се задржувал. Најпосле се оддалечи од огледалото, се сврти кај мене и со некаков чуден очај ми рече.

— Мил мој, јас сум еден запуштен човек!

Да, навистина, сè до денешниот ден тој беше уверен барем во една работа, без оглед на сите „нови погледи“ и на сите „промени на идеите“ кај Варвара

---

[1] Сите генијални напредни луѓе во Русија биле, се и ќе бидат секогаш страсни комарџии и пијаници, кои пијат „со запивање“. — Запивање, гозба, честење, пијанка, а значи и хронично пијанство, кога одвреме навреме се пие и се опијанува извесно време.

Петровна — а тоа е дека тој сè уште го освојува нејзиното женско срце и тоа не само како „изгнаник", ни како славен научник, туку како убав маж. Тоа убаво уверување дваесет години се всадуваше во него, тоа му ја смируваше душата и, веројатно, од сите негови уверувања најтешко му беше да се раздели со ова. Дали таа вечер и насетуваше дека набрзо му се подготвува грамадна несреќа — во најблиска иднина?

VI

Преминувам сега на опишувањето на делумно заборавената случка, од која, всушност, и почнува мојот расказ.

Кон крајот на август Дроздови најпосле се вратија и така го претекоа за малку доаѓањето на нашата нова губернаторка, нивна роднина, која целиот град веќе одамна ја очекуваше. Доаѓањето на Дроздови предизвика исклучителен впечаток во општеството. Но, за сите тие интересни настани ќе зборувам подоцна; а сега ќе останам само на тоа дека Прасковја Ивановна ѝ донесе на Варвара Петровна, која онака нестрпливо ја очекуваше, една гатанка најголема грижа за неа; — имено, нејзиниот Николас се разделил од нив уште во јули и, сретнувајќи го на Рајна грофот К. отишол со него и со неговото семејство во Петроград. (Сите три ќерки на грофот се за мажење.)

— Од Лизавета, поради нејзината гордост и тврдоглавост не можев ништо да дознаам — заврши Прасковја Ивановна — но со свои очи видов дека помеѓу неа и Николај Всеволодович нешто се случило. Не ја знам причината, но ми се чини дека вие, мила моја, ќе морате за тоа да ја распрашате вашата Дарја Павловна. Според моето мислење, Лиза е многу навредена. Од сè срце се радувам дека најпосле ви ја доведов вашата миленица и ви ја предавам сега в раце — ја симнувам од својот грб.

Овие отровни зборови таа ги изговори раздразнето. Се гледаше дека „завеаната жена" отпорано веќе ги подготвила и дека однапред ужива во нивниот

впечаток. Но Варвара Петровна не беше жена што може да ја збунат сентименталните впечатоци и загадочности. Таа строго побара најточни и целосни известувања. Прасковја Ивановна веднаш го спушти тонот, а на крајот дури и се расплака и се впушти во сосема пријателски изјави. Оваа нервозна и избувлива, но сентиментална госпоѓа, постојано чувствуваше, како и Степан Трофимович, потреба за вистинско пријателство и најглавното во нејзините жалби на ќерката, Лизавета Николаева, се сведуваше токму на тоа дека „ќерката не ми е пријател“

Но од сите нејзини раскажувања, како што се покажа, беше точно единствено тоа дека помеѓу Лиза и Николас имало некаков судир, но каков, тоа Прасковја Ивановна очигледно не умееше одредено и јасно да го сфати. Најпосле, таа сосема се одрече од обвинувањата против Дарја Павловна, па не само тоа, туку уште посебно замоли на нејзините поранешни зборови да не им се придава никакво значење, зашто ги беше изговорила „со јад“. Со еден збор, сè изгледаше нејасно, па и сомнително Според нејзиното раскажување, судирот настанал поради Лизината „инаетчиска и потсмешлива“ нарав; а „гордиот Николај Всеволодович, иако беше силно вљубен, сепак не можеше да ги поднесе подбивањата, па и самиот стана подбивлив“.

— Наскоро потоа ние се запознавме со еден момчак ми се чини дека е роднина со вашиот „професор“, и семејното име му е исто...

— Тоа е неговиот син, а не роднина — ја поправи Варвара Петровна.

Прасковја Ивановна ни порано никогаш не можеше да си спомни за презимето на Степан Трофимович (Верховенски) и секогаш го наречуваше „професор“.

— Убаво, син, толку подобро, а мене ми е сеедно. Обичен момчак, мошне жив и слободен, но ништо особено. Ни Лиза не постапи добро, и дозволи момчакот сосема да ѝ се приближи, за да предизвика љубомора кај Николај Всеволодович. Јас тоа не го осудувам толку многу — моминска работа, нешто обич-

но, па и пријатно. Само, Николај Всеволодович, место да биде малку љубоморен на момчакот, тој со него се спријатели, како да не гледа ништо и како да му е сè сосема сеедно. А тоа ја збуни Лиза. Момчакот набрзина отпатува (некаде брзаше), а Лиза оттогаш почна во секоја згодна прилика да го предизвикува Николај Всеволодович. Забележа дека тој понекогаш разговара со Даша, па почна да беснее; оттогаш, мила моја, за мене нема живот. Лекарите ми забранија да се нервирам, а и она нивно фалено езеро многу ми здодеа, само забите ме здоболија од него, таков ревматизам добив. И се пишува за тоа дека од Женевското Езеро болат забите; таква особина има. Притоа, Николај Всеволодович доби писмо од грофицата К. и за еден ден се зготви и отиде. Се простија пријателски; Лиза на испраќањето беше мошне весела и лекомислена, и многу се смееше. Само, сето тоа беше наместено. Кога отиде тој, таа мошне замислена, не го спомнуваше повеќе никако а и мене не ми дозволуваше да го спомнувам. А и вам би ви советувала, мила Варвара Петровна, сега со Лиза за тоа ништо да не почнувате; само ќе ѝ наштетите на работата. Ако молчите, таа прва ќе проговори, па тогаш повеќе ќе дознаете. Јас мислам дека таа пак ќе се смири, само ако Николај Всеволодович не го задоцни своето доаѓање; а вети дека ќе дојде.

— Веднаш ќе пишам. Ако било сè така, тоа не е ништо, празна караница; сето тоа е лудост! А Дарја ја познавам многу добро; глупости! Сешто!

— Што се однесува за Дашенка, се каам, згрешив. Водеа само најобични разговори, и тоа гласно. Но тогаш, мила, сето тоа многу ме растрои. И Лиза потем пак со неа се спријатели, како и порано, тоа го видов.

Истиот ден Варвара Петровна му прати на синот писмо, молејќи го да дојде барем еден месец порано, отколку што беше закажал. Но сепак, во сето, нејзе ѝ остана нешто нејасно и непознато. Мислеше целата вечер и целата ноќ. Мислењето на Прасковја ѝ се чинеше мошне наивно и сентиментално.

„Прасковја за целиот живот беше премногу чувствителна, уште од времето во заводот“, мислеше таа, „а Николас не е човек што ќе бега поради простите момински подбивања. Причината е друга, ако имало меѓу нив некаква расправија. А оној офицер е, еве, овде, го донесле, и се населил кај нив дома како роднина. А што се однесува до Дарја, Прасковја пребрзо се покаа и се оправда, сигурно, значи, премолчи нешто што не сакаше да го каже...“

До утрото узреа планот на Варвара Петровна барем во таа смисла: одеднаш да расчисти макар со едно сомневање, план интересен по својата неочекуваност. Тешко е да се погоди што имало во нејзината душа кога го кроела, но јас и не помислувам однапред да ги разјаснам сите противречности од кои се состоеше планот. Како хроничар, јас се ограничувам само на тоа настаните да ги изнесам вистинито, токму онака како што се случија, и не сум виновен ако изгледаат неверојатно. Но секако, должност ми е уште еднаш да потврдам дека сомневањата на Варвара Петровна на Даша до зората сосема отпаднаа и ниедно не остана; да ја зборуваме вистината, тие поправо никојпат и не се зачнаа; Варвара Петровна беше премногу уверена во неа. Не сакаше ни да помисли дека нејзиниот Николас може да се занесе со неа... со „Дарја“. Изутрината, додека Дарја Павловна тураше чај, Варвара Петровна долго и внимателно ја набљудуваше и можеби дваесетти пат од вчера уверено си рече за себе:

— Сешто, глупост!

Само забележа дека Даша изгледа некако уморна и дека е уште помирна и потивка од порано, уште поапатична. По чајот, тие, по обичај воведен еднаш засекогаш, двете седнаа на рачна работа. Варвара Петровна и рече да ѝ поднесе сметка за своите впечатоци во странство, најмногу за природата, за луѓето, за градовите, за обичаите, и за уметноста, за индустријата — за сѐ што можела да забележи. Не постави ниедно прашање за Дроздови и за животот со Дроздови. Седејќи крај неа на масичката и помагајќи ѝ

да везе, Даша веќе половина час раскажуваше со својот едноличен, но нештто слаб глас.

— Дарја, — ја прекина Варвара Петровна однենадеж — а зарем немаш нешто посебно што би сакала да го кажеш?

— Не, ништо, — се замисли малкуцка Даша и погледна во Варвара Петровна со своите јасни очи.

— На душата, на срцето, на совеста?

— Ништо, — тивко и со некаква тажна цврстина повтори Даша.

— Знаев! Знај, Дарја, во тебе никогаш нема да се посомневам. Сега седи и слушај. Премини на овој стол, седни спроти мене, сакам убаво да те гледам. Така. Слушај — дали сакаш да се омажиш?

Даша одговори со долг прашален поглед, но не премногу зачуден.

— Чекај, молчи. Прво има разлика во годините, многу голема; но ти најдобро од сите знаеш дека тоа не е ништо. Ти си разумна, и во твојот живот не треба да има грешки. Впрочем, тој е уште убав маж. Со еден збор, Степан Трофимович, кого ти одсекогаш си го ценела. Значи?

Даша ја погледна уште попрашално и овојпат не само што беше зачудена, туку и забележливо поцрвени.

— Чекај, молчи; не брзај! Ти, навистина, ќе имаш пари, според мојот тестамент, но да умрам јас, што ќе биде со тебе, сеедно дека си со пари? Ќе те измами некој, ќе ти ги земе парите, потем ќе пропаднеш. А крај него ти си жена на авторитетен и познат човек. Погледни сега од друга страна: да умрам овој час — макар и да го згрижам парично — што ќе биде со него? Јас, ете, токму во тебе и се надевам. Чекај, не сум завршила — тој е ветерничав, завеан; нагол е, егоист, со ниски навики, но ти цени го прво така што има и многу полоши. Не сакам јас да те омажам за каков и да е одвратен човек, само да се ослободам од тебе; секако не го помисли тоа? Главно е: ти ќе го

почитуваш, зашто јас тоа го барам — се прекина таа одеднаш, налутено. — Дали слушаш? Што си се вкочанила?

Даша само молчи и слуша.

— Застани, почекај уште. Тој е загубен, но, па уште подобро за тебе! И кутар и жалосен загубенко, и не би требало ниедна жена да го сака; но тој треба да биде сакан поради неговата немоќ, па и ти сакај го поради незаштитеноста. Ти, бездруго, ме разбираш? Разбираш?

Даша кимна со главата потврдувајќи.

— Тоа го знаев, од тебе помалку и не очекував. Тој ќе те сака, зашто тоа ќе му биде должност, должност; ќе биде должен да те обожава, ќе мора! — крикна Варвара Петровна некако посебно раздразнето. — Впрочем, тој и без задолжување во тебе ќе се вљуби, го знам јас него. Освен тоа, и јас ќе бидам тука. Биди спокојна, јас секако ќе бидам тука. Тој ќе се жали на тебе, ќе почне да те напаѓа, на првиот што ќе го сретне ќе му шепоти за тебе, вечно ќе се жали, и само ќе се жали; ќе ти пишува писма од една соба во друга, по две писма на ден, но при сето тоа не ќе може да живее без тебе, а тоа ни е главно. Натерај го да те слуша; а ако не успееш во тоа, ќе бидеш глупачка. Ако посака да се обеси, ако се заканува, не верувај, сето тоа не значи ништо, чиста глупост! Не верувај, но сепак добро начули ги ушите; во невреме може и да се обеси; таквите луѓе го сакаат тоа: но не затоа што се силни, туку дека се слаби, затоа се бесат; и никогаш немој да го доведуваш до крајните граници — тоа е едно од првите правила во бракот. Запомни го и тоа дека е поет. Слушај, Дарја — нема поголема среќа од себеси да се прегориш. Освен тоа, мене ќе ми направиш големо задоволство, а тоа е главно. Немој да мислиш дека сега брборев од глупост; јас знам што зборувам. Јас сум егоист, биди и ти. Не те принудувам; не одам против твојата волја; нека биде по твојата, како што велиш така ќе биде. Де, што има, што си се вкочанила, речи нешто!

— Па мене ми е сеедно, Варвара Петровна, кога веќе морам да се мажам — одговори Дарја решено.

— Мораш? На што мислиш ти? — запраша Варвара Петровна гледајќи ја со строг и внимателен поглед.

Даша молчи и ги копка прстите со иглата.

— Ти си, навистина, умна, но ова сега го зборуваш прекутрупа. Вистина, ми дојде сега на ум да те омажам, но не од крајна потреба, туку тоа само онака го смислив; и тоа единствено за Степан Трофимович. Да не е тој, јас и не ќе помислев сега веднаш да те мажам, иако веќе имаш дваесет години... значи?

— Јас, како што ви е по волја, Варвара Петровна.

— Значи, се согласуваш. Чекај, молчи, кај брзаш, уште не сум завршила: по тестаментот, вложени се на твое име петнаесет илјади рубли. Јас ќе ти ги дадам сега по венчавката. Од тие пари ти нему ќе му дадеш осум илјади — поправо не нему туку мене. Тој има долг од осум илјади; јас ќе го платам долгот, но тој треба да знае дека е тоа со твои пари. Преостанатите седум илјади остануваат за тебе и за ништо на светот никогаш не давај му ни една паричка. Неговите долгови никогаш немој да ги плаќаш. Ако платиш еднаш, потем никогаш нема да се измрдаш. Впрочем, јас сум секогаш тука. Од мене ќе добивате илјада и двеста рубли годишно за издржување, со разните непредвидености до илјада и петстотини, покрај станот и храната, што исто јас ќе ви го давам, исто онака како што тој и сега го има тоа од мене. Само ќе си држите своја послуга. Парите за годишната издршка ќе ти ги дадам одеднаш и во готово, тебе в рака. Но биди добра, понекогаш давај му и нему нешто, пушти го нека ги носи пријателите, до двапати неделно, почесто не допуштај. Но, и јас ќе бидам тука. Ако умрам, пансионот нема да ви биде скратен, сè до неговата смрт; слушаш — само до неговата смрт, зашто тоа е негов пансион, а не твој. А тебе, освен сегашните седум илјади, кои ти остануваат во целост, само ако бидеш умна, ќе ти ос-

тавам уште осум илјади во тестаментот. Повеќе од мене нема да добиеш ништо, тоа треба да го знаеш. Значи, се согласуваш или не? Дали ќе кажеш веќе еднаш нешто?

— Јас веќе реков, Варвара Петровна.

— Знај дека тоа е наполно твоја волја, како што ќе посакаш така ќе биде.

— Допуштете, Варвара Петровна, ќе ве молам; — дали Степан Трофимович нешто ви зборувал?

— Не, ништо не ми зборувал, ниту нешто знае, но... тој веднаш ќе проговори!

И таа тој миг скокна и го фрли на себе црниот шал. Даша пак малку поцрвени и ја проследи со прашален поглед. Варвара Петровна нагло се сврти кон неа, со лице зажарено од гнев, и рече:

— Ти си луда! — се фрли на неа како јастреб. — Неблагодарна луда! Што ти се врти низ главата? Да не мислиш, дека сакам да те компромитирам макар и за трошка! Па тој ќе се влече на колена, и ќе моли, да умре од среќа, толку убаво ќе биде тоа наместено! Ти знаеш дека тебе нема да ти направам нешто лошо! Или мислиш дека ќе те земе поради осумте илјади, и јас сега трчам да те продавам! Луда си, луда, сите сте вие неблагодарни луди! Дај ми го чадорчето!

Таа полета и пеш јуреше по влажните светнати тротоари и преку дрвените премини, право кај Степан Трофимович.

VII

Вистина е дека таа искрено мислеше за мажењето на Дарја; дури сега се сметаше себеси за нејзина добротворка. Најчиста и најблагородна лутина запламти во нејзината душа во моментот кога нагрнувајќи го шалот, го дофати на себе невеселиот и недоверлив поглед на својата штитеница. Таа нејзе искрено ја сакаше уште од нејзиното детство. Токму рече Прасковја Ивановна, Дарја е нејзина миленица. А ве-

Ќе одамна Варвара Петровна беше начисто, и тоа засекогаш, дека „карактерот на Дарја не личи на нејзиниот брат“ (на карактерот на нејзиниот брат Иван Шатов); мирна е и кротка, способна за голем самопрегор, се одликува со верност и преданост, со необична скромност, со ретка разумност и, што е главно, благодарна е. Досега, по сè судејќи, сето тоа и беше така од страна на Дарја. „Во твојот живот нема да има грешки“ — одамна тоа го беше рекла Варвара Петровна, уште кога имаше детето дванаесет години; па бидејќи имаше особина упорно и страсно да ѝ се предава на секоја фантазија што ќе ја плени, на секоја намера и на секоја мисла што ќе ѝ изгледа светла — Варвара Петровна веднаш се реши тоа дете да го воспита како родена ќерка. Веднаш одвои за неа капитал, ѝ набави воспитувачка, мис Кригс, која остана кај нив сè до шеснаесеттата година на нејзината миленица; но потоа одеднаш поради нешто ѝ откажа. Земаше наставници од гимназијата, помеѓу нив и еден вистински Французин за француски јазик, кој Даша со него и го научи. И нему, исто така, неочекувано му беше откажано, скоро беше истеран. А една сиромашна госпоѓа, благородничка вдовица, придојдена отстрана, ја учеше Даша да свири на фортепијано.

Но главен наставник беше Степан Трофимович. Ако ја зборуваме ивстината, тој прв и ја пронајде Даша; имено, тој тивкото и кротко девојче го поучуваше уште во времето кога Варвара Петровна и не помислуваше на неа. Пак повторувам — вистинско чудо е дека сите деца него го сакаа! Тој ја поучуваше и Лизавета Николаевна Тушина, од нејзината осма до единаесеттата година (се разбира, ја поучуваше без награда и никако не би зел нешто од Дроздови). Тој самиот се вљуби во прекрасното дете и ѝ кажуваше некакви поеми за уредувањето на светот, на земјата, ѝ ја раскажуваше историјата на човештвото. Предавањата за првобитните народи и за првиот човек беа поинтересни од арапските гатанки. Лиза сето тоа го голташе и умееше потем, дома, необично смешно да го имитира Степан Трофимович. Тоа тој го дозна и

еднаш ја изненади. Збунетата Лиза му падна на учителот в прегратка и се расплака, а и Степан Трофимович со неа, од голема радост. Кога Лиза наскоро отпатува, остана само Даша. Бидејќи на Даша почнаа да ѝ доаѓаат учители, Степан Трофимович престана да работи со неа и малку по малку сосема ја занемари. Така тоа потраа долго време. Еднаш, кога таа имаше веќе 17 години, тој беше изненаден, вчудовиден од нејзината допадливост. Тоа се случи на масата на Варвара Петровна. Откако влезе во разговор со младата девојка, беше мошне задоволен со нејзините одговори, па ѝ понуди да ѝ одржи низа сериозни и опширни предавања од историјата на руската литература. Варвара Петровна за тоа го пофали и му заблагодари на прекрасната замисла. Даша беше одушевена. Степан Трофимович се фрли на работа посебно да се подготви за предавањата и најпосле тие започнаа. Започна од најстаро време; првото предавање помина интересно — беше присутна и Варвара Петровна — и кога го заврши, Степан Трофимович, на поаѓање, ѝ вети на ученичката дека следниот пат ќе премине на дебата за „Слово за полкот на Игора", кога наеднаш, стана Варвара и рече дека предавања повеќе нема да има. Степан Трофимович се згрчи, но премолчи, Даша се зарумени. Така неговата замисла угасна. Тоа беше токму пред три години од сегашната неочекувана фантазија на Варвара Петровна.

Кутриот Степан Трофимович седеше сам, ништо и не насетуваше. Со тажни премисли и поглед вперен низ прозорецот — да не наиде некој од познатите. Но никој да намине. Надвор сипе, студено е, треба да се подгрее печката. Тој воздивна. Одеднаш страшно привидување изникна пред неговите очи. Варвара Петровна, по вакво време, и вака во злодоба, доаѓа кај него! Па уште пеш! Тој толку се стаписа што заборави да го промени костумот, туку ја прими онака како што се затече — во црвеникав фанелски елек, кој обично го носи дома.

— Моја добра пријателко! — ја пречека тој со тивок извик.

— Сам сте, тоа ми е мило; не можам да ги поднесувам вашите пријатели!... Ама умеете да зачадите! Господи, каков е воздухот! Уште не сте зеле чај, а веќе е дванаесет. Неред — тоа е вашето блаженство! Ѓубрето — ваше уживање! Каква е оваа искината хартија на подов? Настасја, Настасја! Што работи таа ваша Настасја. Отвори ги, жено, прозорците, вратата, сѐ ширум! А вие, Степане Трофимович, да преминеме во салонот, дојдена сум по работа. Исчисти го ова, жено, барем еднаш во животот!

— Господинот го прави тоа ѓубре, — испишти Настасја разлутено, со жалостен глас.

— А ти исчисти, петнаесетпати на ден исчисти! Колку ви е пропаднат салонот! (влегоа во салонот). Добро затворете ја вратата, да не нѐ прислушкува таа... тапетите секако треба да се променат. Јас веќе ви пратив тапетар да ги изберете шарите; зошто не сте одбрале? Седете и слушајте. Ама седнете еднаш, ве молам! Кај одите? Кај одите? Ама кај одите?

— Јас... веднаш... — дофрли тој од другата соба. — Еве ме веднаш!

— А, го сменивте костумот! — рече, мерејќи го подбивливо. (Го беше ставил палтото преку елекот,) — така навистина подобро ќе личи за нашиот разговор. Седнете веќе еднаш, ве молам.

И му објасни сѐ одеднаш, отсечно и убедливо. Го потсети на осумте илјади што му беа најпотребни. Детально му изреди сѐ за миразот. Степан Трофимович ги ококори очите и се тресе. Слуша сѐ, но не разбира добро. Би зборувал, но гласот го изневерува. Знае само дека сѐ ќе биде така како што вели таа и дека не вреди да одговара и да противречи — тој, всушност е оженет човек, неповратно.

— Mais, ma bonne amie, — по третпат, во моиве години... и со тоа дете! — проговори тој најпосле. — Па тоа е едно дете.

— Дете на дваесет години, фала му на бога! Не кокорете се со тие очи, ве молам, не се наоѓате на сцена. Вие сте мошне разумни и бистри, но ништо не разбирате од животот, покрај вас постојано мора да

има помошничка. Ако умрам јас, што ќе биде со вас? А таа ќе ви биде добра негувателка; девојката е скромна, сигурна, разумна; освен тоа, и јас ќе бидам крај вас, нема баш веднаш да умрам. Таа е чувар на куќата, таа е ангел на благоста. Оваа срећна мисла ми доаѓаше на ум уште во Швајцарија. Дали разбирате вие кога јас самата ви велам дека е таа ангел на благоста! — извика одеднаш бесно. — Кај вас има само ѓубре! Таа ќе воведе ред, чистота, сè ќе биде како огледало... А-а, да не си вообразувате вие, можеби, дека на колена треба да ви го поднесам тоа богатство, да ги набројам сите предности, да ве измолам! Вие треба да сте на колена!

— Но... јас сум веќе стар човек!

— Педесет и три години — што е тоа! Тоа не е крај на животот, тоа е половина живот. Вие сте убав човек, тоа го знаете и самиот. Исто така знаете дека и таа ве почитува. Ако умрам јас, што ќе биде со неа? А покрај вас, ќе биде спокојна, па спокојна и јас. Вие имате глас, име, срце што умее да сака; вие добивате пансион, јас тоа го сметам за своја должност. Вие, можеби, ќе ја спасите неа, ќе ја спасите! Секако, ќе ѝ направите чест. Вие ќе ја оспособите за живот, ќе го развиете нејзиното срце, ќе ги насочите нејзините мисли. Колкумина денес пропаѓаат поради лошо насочени мисли! За тоа време вие и своето дело ќе го довршите и во исто време ќе го потсетите светот на себе.

— Јас, поправо, — промрмори тој поласкан од вештото измрдување на Варвара Петровна — јас поправо токму сега се подготвувам да приседнам да работам на своите „Раскази од шпанската историја".

— Ете гледате, токму се совпаѓа.

— Но... таа? Вие нејзе сте ѝ зборувале?

— Поради неа немојте да се вознемирувате, а немате зошто и да сте љубопитен. Се разбира, вие морате сам да ја замолите да ви ја укаже таа чест, разбирате? Но не грижете се, јас веќе ќе бидам тука. Освен тоа, вие неа ја сакате...

На Степан Трофимович му се сврти собата околу главата. Изникна една страшна идеја со која тој никако не можеше да се помири.

— Excellente amie! — рече со растреперен глас — јас... јас никако не можев да замислам дека вие ќе се решите да ме дадете... на друга... жена!

— Вие, Степане Трофимович не сте девојка; девојките се даваат, а вие сам се жените — зашишти таа жолчно.

— Oui, j'ai pris un mon pour un outre. Mais... c'est égal[1] — изусти тој и како изгубен го запре погледот на неа.

— Гледам дека е c'est égal! — процеди таа со презир. — Боже! па тој е во бессознание! Настасја, Настасја. Вода!

Но до водата не дојде. Тој се прибра. Варвара Петровна го зеде чадорот.

— Гледам дека со вас сега не може да се разговара.

— Oui, oui, je suis incapable.[2]

— Но до утре, вие ќе се одморите и ќе размислите. Останете дома, а ако се случи нешто, јавете ми, сеедно макар и ноќе. Писма не пишувајте, нема да ги читам. А утре во ова време ќе дојдам лично по конечен одговор и, се надевам, поволен. Погрижете се да нема некого, и да го нема ова ѓубре, зашто ова вака на што личи? Настасја, Настасја!

Се разбира, на другиот ден тој се согласи; и не можеше поинаку. За тоа постоеше една посебна причина...

VIII

Таканаречениот имот на Степан Трофимович (од педесет души по старото сметање, во допир со Скворешники) не беше сосема негово, туку ѝ припаѓаше

[1] Да, зедов еден збор за друг. Но... тоа е сеедно.

[2] Да, да, јас сум неспособен.

на неговата прва жена, па, значи, сега на нејзиниот син Петар Степанович Верховенски. Таткото само се грижеше за имотот; а кога момчето порасна, од него доби и формално одобрување за тоа. За синот тоа беше згодно: тој од таткото спрема договорот примаше до илјада рубли годишно на име принос од имотот, додека по новата уредба тоа не носеше повеќе од петстотини, а можеби и помалку од тоа. Самиот господ знае како се регулирани тие односи. Впрочем, оние илјада рубли ги праќаше Варвара Петровна, додека Степан Трофимович не вложуваше ни една единствена рубља. Напротив, целиот принос од таа земја тој го земаше за себе, во својот џеб, и, покрај тоа, земјата наполно ја упропасти давајќи му ја во закуп на некој трговец и продавајќи ја скришно од Варвара Петровна шумата за сечење, значи, нејзината главна вредност. Таа шума тој веќе одамна ја продаваше, дел по дел. Целата чинеше барем осум илјади, а тој за неа зеде само пет. Но, бидејќи тој понекогаш премногу губеше на карти, не можеше секогаш Варвара Петровна да ја моли за пари, не смееше. Таа зачкрта со забите кога најпосле дозна сè. И еве ти сега — синчето јавува дека ќе дојде по секоја цена да го продаде својот имот, а на таткото му порачува без одлагање да се погрижи за купувачи.

Јасно како ден дека на Степан Трофимович, според неговата благородност и несебичност, му беше срам пред тоа драго дете (кое, впрочем, последен пат го беше видел пред полни девет години во Петроград, кога синот беше студент). Во почетокот, целиот тој имот можеше да чини до триесет или четириесет илјади рубли, а сега, тешко да можеше за него да се добијат и пет. Без сомневање, Степан Трофимович, според формалниот договор, имаше право да ја продаде шумата и, кога ќе го стави во сметката нестварниот годишен принос од илјада рубли, кој со години редовно и точно му го праќаше на синот, можеше при крајната пресметка убаво да се огради. Но Степан Трофимович беше благороден човек со високи тенденции. И му светна низ главата за чудо убава, пре-

красна мисла: штом ќе дојде Петруша, тој благородно ќе ја поднесе пред него максималната цена, значи, петнаесет илјади рубли, како досега воопшто да немало никакви исплати и потем што поцврсто и со солзи ќе го притисне на гради милиот син, со што ќе бидат завршени сите пресметки. Таа среќна мисла ја развиваше пред Варвара Петровна оддалеку и внимателно. Навестуваше дека тоа ќе додаде и некаква посебна, благородна нијанса во нивната пријателска врска... во нивната „идеја“. Тоа мошне убаво ќе ја истакне несебичноста и великодушноста на преѓешните татковци и воопшто преѓешните луѓе спрема новата лекомислена социјална младина. Уште многу зборуваше тој за тоа, но Варвара Петровна на сѐ само премолчуваше и најпосле суво му изјави дека таа се согласува да ја купи нивната земја и дека ќе ја даде за неа максималната цена, т.е. шест — седум илјади (а можеше да се купи и за четири). За преостанатите осум илјади, развеани, не рече ништо.

Сето тоа се случи еден месец пред понудата за женачка. Степан Трофимович беше како од ровја погоден и почна да размислува. Порано имаше надеж дека синчето можеби никако нема ни да дојде; барем судејќи по она што можеше да се начуе отстрана, по мислењето на некое извесно лице. Иако Степан Трофимович како татко, со лутина, веројатно би ја одбил и самата мисла за таква надеж. Како и да е, до нас допираа сѐ некакви чудни гласови за Петруша. Во почетокот, откако го заврши универзитетот, пред шест години, синот безработно се меткаше по Петроград. Одненадеж дознавме дека тој соработувал во составувањето на некаков предизвикувачки проглас и дека е замешан во *делото*. Потоа чувме дека одненадеж се нашол во туѓина, во Швајцарија, во Женева, — избегал, што е и разбирливо.

— Мене тоа ме чуди — ни велеше тогаш Степан Трофимович, силно збунет. — Петруша, тоа е толку слаба глава! Тој е добар, благороден, мошне чувствителен и кога тогаш го видов во Петроград (пред девет години) јас многу се радував споредувајќи

го него и современата младина, но c'est un pauvre sire tout de même...[1] А сето тоа, знаете, потекнува од онаа недоносеност, сентименталност! Нив не ги занесува реализмот, не ги освојува тоа во социјализмот, туку чувствата, идеалната страна на социјализмот, така да се рече, неговата религиозна нијанса, неговата поезија... на туѓ глас, се разбира. Ама мене, како ми е мене! Јас овде имам многу непријатели, а таму уште повеќе и ќе се припише ова на татковото влијание... Господи! Петруша, подбуцнувачи! Во какво време живееме!

А Петруша мошне брзо му ја прати од Швајцарија својата точна адреса, поради вообичаената парична пратка; според тоа, тој најверојатно и не е вистински емигрант. А сега, по четири години, тој одненадеж се враќа во својата татковина и јавува дека скоро ќе пристигне: значи, воопшто не бил обвинет. И не само тоа; туку, изгледа, како да го зел некој во заштита, од сочувство. Сега пишуваше од јужна Русија каде што се наоѓа по нечија приватна, но важна порака и таму на нешто работи. Сето тоа најпосле е убаво и прекрасно — но каде да се најдат преостанатите седум-осум илјади за дополнување до петнаесет, па да се добие пристојната максимална цена за имотот? И што ќе се случи ако дојде до караница; па место величествената сцена помеѓу благородниот татко и синот, да дојде до парница? Нешто му зборуваше на таткото дека нежниот Петруша нема да отстапи од своите интереси.

— Се прашувам, — ми шепна тој еднаш — од каде тоа сите овие жестоки социјалисти и комунисти во исто време да се и неверојатно големи скржавци, добитници и поседници, и тоа така што колку што е некој поголем социјалист, колку што отишол подалеку, толку е поголем сопственик; како тоа? Да не е и тоа исто така од преголема чувствителност, од сентименталност?

---

[1] Тоа е сепак еден бедник.

Не знам дали има вистина во ова забележување на Степан Трофимович, но знам дека Петруша нешто знаеше за продажбата на шумата и за сè друго и дека Степан Трофимович, од своја страна, знаеше дека Петруша ги има тие известувања. Се случи така што ги читав писмата на Петруша до таткото; му пишуваше поретко не може да биде, еднаш во годината, ла ни толку. Само во последно време испрати две писма, скоро едно по друго, да го извести за своето доаѓање. Сите тие писма беа куси, сувопарни, чисто деловни; а бидејќи таткото уште од она видување со синот во Петроград беше на *ти*, според тогашната мода, писмата на Петруша едноставно личеа на оние старински наредби на некогашните поседници до управниците на нивните имоти.

И еве, одеднаш сега оние осум илјади, што ја спасуваат целата работа, излетуваат со предлогот на Варвара Петровна, но така што без сомневање да се почувствува дека тие пари само на таков начин и никако инаку не можат да долетаат. Степан Трофимович, значи, се разбира, се согласи со женачката.

Штом си отиде Варвара Петровна, тој ме извика, а се заклучи за секој друг на цел ден. Се разбира, малку се расплака, многу и добро зборуваше, многу и се заплеткуваше, случајно наиде еден каламбур и беше со него задоволен, потем се случи и малата колерина — со еден збор, сè одеше според редот. Потем однекаде го извлече портретот на својата од пред дваесет години покојна Германка и тажно го запраша: „Дали ми проштаваш?“ Воопшто некако беше излезен од патот, и од мака малку и се напивме. Сепак, тој набрзо слатко заспа.

Изутрината вонредно ја врза шамијата на вратот, грижливо се облече, често приоѓајќи му на огледалото за да се погледне. Шамичето за нос го испрска со мирис, впрочем, одвај да се чувствува; но само што ја здогледа низ прозорецот Варвара Петровна, набрзина зеде друга шамија, онаа намирисаната ја скри под перница.

— Е, прекрасно! — го пофали таа кога чу дека е согласен. — Прво и прво, тоа е благородна решител-

ност, а второ, го послушавте гласот на разумот за кој вие многу често сте глуви во своите приватни работи. Инаку нема причина да брзаме — додаде таа гледајќи го јазолот на неговата бела вратна шамија. — Засега вие ќе молчите, а ќе молчам и јас. Наскоро ќе имате роденден, па јас ќе дојдам со неа. Згответе чај за навечер, но, ве молам, без пијалак и без мезе; впрочем, сè јас лично ќе дотерам. Викнете ги своите пријатели — впрочем, изборот ќе го направиме заедно. Спроти тој ден вие со неа ќе поразговарате, ако биде потребно; на вашата вечер нема што да објавуваме, ниту пак ќе правиме некаква свршувачка, туку само ќе навестиме, или ќе пуштиме да се знае, без секакви свечености. А по недела — две, по можност, ќе биде свадбата, без секаква врева. Дури и нешто повеќе, веднаш по венчавањето можете да отпатувате, барем во Москва, да речеме. Можеби ќе појдам и јас со вас. Но, главно е дотогаш да — молчите.

Степан Трофимович се зачуди. Тој запелтечи, сакаше да рече дека не може така, дека треба да се договори со свршеницата, но Варвара Петровна го пречека сосема луто:

— Зошто? Прво и прво, можеби ништо и нема ни да биде.

— Како нема? — промрмори свршеникот, веќе сосема збунет.

— Така. Уште јас тоа има да го разгледувам. Впрочем, сè ќе биде како што реков, и не плашете се, јас неа самата ќе ја подготвам. Вие тука немате никаква работа. Сè што треба ќе биде речено и направено, и вие тука немате што да правите. Што би правеле? И во каква улога! Нема да одите кај неа, ниту да ѝ пишувате писма. Ни глас ни објава, ве молам! Ќе молчам и јас.

Варвара Петровна никако не сакаше да биде појасна и си отиде очигледно со збунетост. Изгледа дека прекумерната готовност на Степан Трофимович ја стаписа. Тој пак, за жалост, својата ситуација никако да ја разбере и никако да го земе прашањето од некоја

друга страна. Напротив, зеде некаков нов тон, се гледаше нешто победоносно и лекомислено на него. Се силеше.

— Тоа ми се допаѓа! — извика застанувајќи пред мене и ширејќи ги рацете. — Чувте? Таа сака да ја дотера работата дотаму што јас, на крајот од краиштата, да се откажам. И јас можам да го загубам трпението, па — да се откажам! „Седете мирно и немате зошто да одите таму“ ... Но, најодзади, зошто морам јас по секоја цена да се женам? Само затоа што нејзе ѝ дошла во главата смешна фантазија? Но јас сум зрел и сериозен човек и не морам да им подлегнам на празните фантазии на разгалената жена! Јас имам должности спрема својот син и ... и спрема самиот себе! Јас поднесувам жртва — дали го сфаќа тоа таа? Се согласив, можеби, само поради тоа што ми е здодеан животот и дека сум рамнодушен кон сè. Но таа може да ме налути, а тогаш веќе нема да ми биде сè рамнодушно; ќе бидам навреден и ќе се откажам. И најпосле уште и комита ... што ќе речат во клубот? Што ќе рече ... Липутин? ... „Можеби уште ништо нема ни да биде“ — што-о! Па тоа е веќе премногу. Тоа е веќе ... што е тоа? — Je suis un forçat, un Badinguet, un.[1] Човек залепен за ѕид!

А во исто време и некакво необично самозадоволство, нешто весело и немирно се наѕираше низ сите тие плачни извици. Вечерта пак пиевме.

[1] Јас сум роб, маченик...

ТРЕТА ГЛАВА

ТУЃИ ГРЕВОВИ

I

Помина приближно една недела и работата почна во извесна смисла да се развлекува.

Патем напоменувам дека целата таа злосреќна недела поднесував многу маки, зашто бев скоро нераздвојно со својот свршен пријател, како негов најискрен довереник. Него посебно го мачеше срамот, иако целата таа недела со никого не се видовме; секогаш бевме сами; но тој и од мене се срамеше, и тоа во толкава мера што мене ми се лутеше дотолку повеќе доколку повеќе ми се доверуваше. А бидејќи беше човек што се сомнева, мислеше дека веќе целиот град сѐ знае, па не смееше да се појави не само во клубот, туку ни меѓу своите најблиски пријатели. Дури и своите прошетки (поради потребното движење) ги правеше само квечерина, кога веќе сосема ќе се смрачи.

Помина една недела, а тој сѐ уште не знаеше дали е свршеник или не е, и никако не можеше со сигурност да дознае, колку и да се мачеше да дознае. Со свршеницата уште се немаше видено; не знаеше дали му е таа невеста; дури не знаеше дали има нешто сериозно во целата работа! А Варвара Петровна, не знам зошто, никако не сака да го прими. Не сака да му одговара на писмата (а ги праќаше во големи количества); сѐ на сѐ одговори на едно од првите, и тоа одвај, и со отворена молба за некое време да ја по-

штеди од секаков допир со него, зашто има многу работа; инаку и таа има нему да му каже многу нешта и важни и посебно чека некој слободен момент за тоа, а тогаш навреме ќе го извести, кога може да им дојде. Наедно ветува дека сите писма ќе му ги врати нераспечатени, зашто сето тоа е „просто само едно разгалување". Јас го прочитав тоа нејзино ливче; тој ми го покажа.

Но сите тие суровости и нејасности не се ништо спрема неговата најголема невола и грижа. Таа грижа го мачи необично и непрестајно; поради неа слабееше и очајуваше. Имаше нешто од кое тој најмногу се срамеше; нешто што не сакаше на никого да му го довери, па ни мене; напротив, уште и ме залажуваше, измрдуваше како детенце, а ваму секој ден праќа по мене; без мене не можеше да опстане, му бев потребен како воздухот и водата.

Таквото однесување во извесна смисла го навредуваше моето самољубие. По себе се разбира дека самиот јас одамна веќе ја имав погодено таа негова важна тајна и сè сосема ми беше јасно. По моето тогашно најдлабоко уверување, таа негова тајна, таа негова најголема грижа, не би му правела чест ако се дознае; и затоа јас, уште млад човек, малку се лутев на грубоста на неговите чувства и на некои негови сомневања во врска со предлогот на Варвара Петровна. Во разжестеност, и, признавам, од мака дека сум довереник — јас веројатно и претерано го осудував. И со таа своја бездушност успеав тој најпосле сè самиот да ми признае, иако знам дека во многу работи не е баш лесно да се признае вистината. И тој мене ме разбра, т.е. многу добро забележа дека јас него сосема го сознавам, па и дека се лутам на него, поради што и тој се лутеше на мене. Можеби мојата лутина беше ситничава и глупа; заемната повлеченост може понекогаш необично да му наштети на вистинското пријателство. Од една посебна точка, Степан Трофимович мошне јасно ги гледаше некои страни на својата ситуација и умееше мошне фино да ја искаже во она што мислеше дека не мора да го крие.

— О, зарем порано беше таква! Не беше таква порано, кога зборувавме за работите! — ќе ми рече тој понекогаш за Варвара Петровна. — Што сѐ умееше таа тогаш да рече! Можете ли да верувате дека таа тогаш имаше мисли, свои мисли! А сега сѐ е променето! Вели: сето тоа е само старинско празно брборење! Таа не мисли на она што некогаш било. Станата е некаков трговски посредник, економ, стврдната е, само се лути.

— А зошто да се лути сега кога ѝ ги исполнивте сите нејзини барања? — запрашав јас на тоа.

Тој фрли на мене еден фин поглед.

— Драги мој, да не се согласев, таа ќе се налутеше страшно, страш-но! Но сепак помалку од сега, кога, се согласив. — Беше задоволен со тоа што го рече и ние таа вечер испивме едно шише. Но тоа беше само моментно; другиот ден тој беше пострашен и потажен од секогаш.

Му се лутев многу и поради тоа што се колебаше на Дроздови, кои беа дојдени, да им ја направи должната посета; да ја направи заради обновување на познанството, што тие, како што чувме, многу го посакуваа, зашто се распрашуваа за него, а и тој сигурно копнееше по тоа, зашто за Лизавета Николаевна ми зборуваше со некој за мене несфатлив занес. Без сомнение, тој уште гледа во неа дете што некогаш многу го сакал; освен тоа, тој вообразува, не знам зошто, дека крај неа ќе најде олеснување на сите свои сегашни маки и дури ќе може од своите најголеми сомневања, да се разбистри и да ги разреши двоумиците. Замислува дека во Лиза ќе најде некое несекојдневно суштество. И, ете, нејќе, да ја посети, иако секој ден се подготвува за тоа.

И јас самиот силно сакав да ѝ бидам претставен и препорачан; а тоа би можело да ми го стори единствено Степан Трофимович. Мене необичен впечаток ми оставаа моите чести средби на улица во тоа време — кога таа во амазонски костум и на прекрасен коњ оди на прошетка, во придружба на убавиот офицер, таканаречениот нејзин роднина, внук на покојниот генерал Дроздов. Мојата заслепеност траеше, вистина,

само час; брзо ја видов сета невозможност мојот занес да се оствари — но ако беше тоа и само час, тој постоеше навистина, и затоа може да се разбере колку понекогаш во тоа време му бев лут на својот кутар пријател што толку упорно се повлекуваше и се осамуваше.

Сите наши од самиот почеток на нештата беа официјално известени дека Степан Трофимович за некое време не ќе прима и моли да му се осигури полн мир. Тој навалуваше тоа да се објасни со вистински циркулар, но јас го одвратив од тоа. Ме замоли па навратив кај сите пријатели и на сите им раскажав дека Варвара Петровна му нарачала на нашето „чиченце" (така ние меѓу себе го викавме) да заврши некаква исклучително итна работа, да доведе во ред некаква повеќегодишна преписка и дека тој поради тоа се затворил, а јас му помагам — и уште многу други нешта слични на ова. Единствено не стасав да појдам кај Липутин; постојано го одлагав тоа; поточно речено, се плашев да појдам. Однапред знаев дека тој не ќе ми поверува ни на еден збор и дека ќе вообрази оти тука има некоја тајна што токму само од него единствен сакаат да ја скријат; и штом ќе излезам од неговата куќа, тој ќе се растрча по целиот град да разнесе некаква интрига.

Додека го замислував јас тоа, се случи еднаш неочекувано да се судрам со него на улица. Се покажа дека тој веќе сѐ дознал од нашите, кои неодамна јас самиот ги известив. Но, чудно, Липутин не беше љубопитен и не се распрашуваше за Степан Трофимович; и не само тоа, туку уште ме прекина во зборот кога му се правдав дека кај него не сум дошол порано — и веднаш премина на друг разговор. Навистина, му се насобраа доста работи за раскажувања, а имаше необично жив дух и беше радосен што дошол до слушател. Ми ги раскажа сите градски новости, за доаѓањето на губернаторката, „со нови разговори"; и за веќе создадената опозиција во клубот; за тоа дека сега сите вреват за новите идеи и дека тоа му лежи на секого, и уште многу нешта. Зборуваше едно четврт час, и тоа мошне интересно, така што не можев

да се одвојам од него. Иако тој човек не го поднесувам, признавам има дарба да ве принуди на слушање, а посебно кога на нешто многу се лути. Како што мислам јас, тој човек е вистински и роден поткожник. Тој во секој момент знае за сите најнови вести, најмалата ситница во нашиот град, во прв ред сè што спаѓа во гадостите, и треба да се чуди човек колку може тој да ги прими на срце работите кои понекогаш ни најмалку не се однесуваат на него. Мене отсекогаш ми се чини дека завидливоста е главна црта на неговиот карактер.

Кога истата вечер му го раскажав на Степан Трофимович својот утрински разговор со Липутин, ме зачуди дека тој многу се возбуди и разжестено ме запраша: „Дали знае Липутин?" Му докажував дека не било возможно Липутин толку брзо да дознае за работите; и од кого да дознае? Но Степан Трофимович тераше и натаму.

— Верувале вие или не — заклучи тој најпосле — но јас сум уверен дека нему му се познати не само сите детали за нашата ситуација, туку дека тој знае уште и нешто повеќе од тоа, нешто такво што ни вие ни јас уште не го знаеме, а веројатно е дека никогаш нема ни да го дознаеме, или ќе дознаеме кога ќе биде доцна, кога веќе ништо не ќе може да се поправи.

Премолчив, но овие зборови навестуваа многу нешта. Потем, ние цели пет дена ни со еден збор не го спомнавме Липутин. Ми беше јасно дека Степан Трофимович многу жали што пред мене ги изговори и ги издаде своите сомневања.

II

Едно утро — седмиот или осмиот ден од согласноста на Степан Трофимович за женачка — околу единаесет часот, кога по обичај брзав кон својот разжалостен пријател, патем ми се случи една случка.

Го сретнав Кармазинов, „големиот писател", како што го вознесува Липутин. Јас Кармазинов почнав да го читам уште во детството. Неговите раскази и романи познати му се на целото минато, па дури и на нашето поколение; јас со него се занесував, ми претставуваа уживање во мојот детски и момчешки период. Потоа малку се оладив спрема неговото перо и неговите подоцнежни романи, со насока во која во последно време се пишува, веќе не ми се допаѓаа онака како неговите први творби, со толку искрена поезија; а неговите најнови дела воопшто не ми се допаѓаа.

Ако смеам и јас да го искажам своето мислење за ваква деликатна работа, сите господа наши писатели со средна надареност за време на животот се, како што е тоа обичај, скоро гении во очите на современиците; а не само што исчезнуваат од сеќавањето на луѓето за малку па и сосем, без секаква трага и некако нагло, кога ќе умрат, туку тоа се случува понекогаш и додека се живи, само да пристигне на смена нова генерација, на која што тие уште влијаеле. Несфатливо брзо сите ги занемаруваат и ги заборавaат. Кај нас тоа станува некако одеднаш, како промена на декорацијата на сцена. Се разбира, не е тоа она што се случувало со творци што доаѓале да ја кажат својата нова реч, како Пушкин, Гогољ, Молиер, Волтер и други такви општествени трудбеници. Нашите господа од средината, при крајот на својот живот обично веќе и самите, и тоа на жалостен начин, сосема се „испишуваат", и дури тоа не го ни забележуваат. Често се случува писател на кој долго и долго му припишувале извонредна длабина на идеите и се надевале на неговото посебно и сериозно влијание врз општественото движење, тој пред крајот на својот живот да обелодени таква плиткост и ситничавост на својата основна идеичка, што никој повеќе и не жали дека умеел толку брзо да се испише... но белите старци тоа не го гледаат и се лутат. Токму на крајот од нивната работа, нивното самољубие се дига толку што да се чудите. Господ знае што мислат тие за себе — мислат дека се барем богови. Се зборува

дека Кармазинов мошне ги цени своите врски со моќните луѓе и високото општество, скоро повеќе од својата душа. Зборуваат, кога ќе се запознае со вас, тој ќе ве опсипе со пофалби, ќе ви ласка, ќе ве занесе, ќе ве одушеви со својата простодушност, особено ако сте му потребен за нешто и, се разбира, ако сте му биле препорачан пред средбата. Но пред првиот кнез, првата грофица, пред првиот човек од кој се плаши, тој ќе смета за своја света должност да ве заборави, со најнавредлива немарност, како сламка, како мува, да ве заборави веднаш тука наместо, додека уште не сте ни стасале да се оддалечите од него — и сериозно држи дека е тоа највисок и најубав тон. Иако тој има совршена навика и совршено познавање на добрите манири, тој, велат, толку е самољубив, толку нервозен, што никако не може да ја скрие својата авторска чувствителност, дури ни во компании во кои е мало интересирањето за литература. Ако некој случајно го зачуди и го збуни со својата рамнодушност, тој е болно навреден и гледа да одмази.

Лани читав во едно списание негова работа напишана со страшна претензија на наивна поезија и на тоа згора и психологија. Го опишуваше пропаѓањето на еден брод негде во англиски води, што самиот со своите очи го гледал, видел како ги спасувале давениците и како ги извлекувале мртвите. Целиот тој напис, доста долг и многуглаголив, даден е единствено со намера да се истакне себеси. И постојано се чита помеѓу редовите: „интересирајте се за мене, гледајте каков бев јас во тие моменти. Што ви е грижа за морето, за бурата, за карпите, за остатоците на бродот? Јас сето тоа доволно ви го опишав со своето моќно перо. Што има да гледате над давеницата со мртво дете во вкочанетите раце? Подобро да гледате во мене, да видите дека јас не можам да ја поднесам таа глетка и ја свртувам главата за да не ја видам. Еве, го свртив грбот, еве ме стршно потресен, немам сили да се обѕрнам, ги затворам очите — нели, тоа е многу интересно?“ Му го кажав своето мислење на Степан Трофимович за овој напис на Кармазинов, и тој имаше исто мислење.

Неодамна се пронесе глас дека ќе ни дојде Кармазинов; се разбира, јас многу сакав да го видам, па ако е возможно со него и да се запознаам. Знам, тоа може да биде преку Степан Трофимович, зашто тие некогаш беа пријатели. И, навистина, одненадеж го сретнав на една крстосница. Веднаш го познав, зашто ми го покажаа тогаш кога поминуваше во колата со губернаторката.

Малечок, прчлест чичко, но нема повеќе од педесет години, со доста румено лице, густи прошарани перчиња што излегуваа од под тркалезната цилиндрична паларија и се свиткуваат околу чистите, розикави, мали уши. Лицето му е ситно, чисто, не многу убаво, со танки, продолжени, лукаво составени усни, со нешто меслест нос и живи, умни очи. Облечен е некако старински, во некаков мантил каков што во ова време би носел, на пример, негде во Швајцарија или во северна Италија. Но има многу ситни работи на неговите алишта — мали копци, јакички, петлици, лорнет од желкина корка на црна танка врвца, прстенче — сето тоа е неминовно како кај луѓето од непогрешно добриот тон. Уверен сум дека тој летно време носи некакви Принелови чевли во боја, со седефски копчиња одстрана. Кога се сретнавме тој застана на свиокот од улицата и внимателно ме погледна. Забележувајќи дека и јас него љубопитно го гледам, ме запраша со сладок, иако нешто пискав глас:

— Ве молам, од каде ми е поблиску до Виковата улица?

— За Виковата улица? Па еве ја веднаш овде — извикав јас со необична возбуденост. — Само право по оваа улица, па втората лево.

— Многу ви благодарам.

Проклет момент: јас, ми се чини, почувствував страв, изгледав премногу понизен, влекач! Тој за миг сето тоа го забележа и, се разбира, веднаш сè знаеше, т. е. знаеше дека јас знам кој е тој, дека сум го читал, сум го обожавал од детството, дека сега сум се уплашил и дека гледам понизно. Тој се насмевна, уште еднаш кимна со главата и појде право како што му

покажав. Не знам зошто се свртив и појдов по него; не знам зошто потрчав едно десет чекори. Тој наеднаш пак застана.

— А дали можете да ми речете каде е овде најблиската колска станица? — ми довикна тој пак.

Грд довик, грд глас!

— Кола? Најблиску е одовдека, стојат кај црквата, секогаш таму стојат — и за малку што не се свртив да потрчам по кола. Се сомневам дека токму и тоа го очекуваше од мене. Се разбира, веднаш се прибрав и застанав, но тој мошне добро го забележа моето движење и појде по мене со истиот грд насмев. И сега се случи нешто што никогаш нема да го заборавам.

Тој одненадеж ја испушти малата врекичка што ја држеше во левата рака. Впрочем, тоа не беше врекичка, туку некаква кутија, или кошничка, или нешто како портмоне, или, уште подобро, малечка женска торбичка, слична на старинските женски торбички, или веќе, не знам што, знам само дека, ми се чини, полетав да го кренам предметот.

Наполно сум уверен дека не го кренав предметот, но моето прво движење беше неоспорно и јас не можев да го скријам, па поцрвенив како будала. Стариот препреденик од таа околност и во тој час извлече сè што можеше да извлече.

– Не вознемирувајте се, сам ќе го кренам – проговори тој шармантно, т. е. тогаш кога веќе сосема убаво виде дека јас предметот нема да го кренам, и го крена како да сакаше да ме претече мене; пак ми мавна со главата и тргна по својот пат, а мене ме остави во талон. Сеедно — како самиот да го дигнав предметот! Некои пет минути се сметав себеси посрамотен наполно и вовеки; но кога стасав до станот на Степан Трофимович, јас наеднаш се засмеав. Таа средба сега ми беше толку забавна што веднаш решив Степан Трофимович малку да го разведрам: сè да му раскажам, и да му ја претставам целата сцена актерски, со лица.

III

Го затеков необично променет и се зачудив. Навистина, тој желно ми полета во пресрет штом влегов, и почна и да ме слуша, но толку расеано и збунето што отпрвин очигледно не знаеше што му зборувам. А уште кога го спомнав името на Кармазинов, тој сосема изгуби глава.

— Не зборувајте ми, не раскажувајте! — извика тој помамно. — Еве на, читајте! Читајте! Тој ја повлече фиоката и извади на масата три ливчиња, на брза рака и испишни со молив, сите три од Варвара Петровна. Првото од некни, второто од вчера, а третото пратено денес, пред еден час; со најпразна содржина, сè за Кармазинов, а сите три го покажуваат суетното и честољубиво возбудување на Варвара Петровна, возбудување од страв дека Кармазинов ќе заборави да ја побара во нејзината куќа. Еве го првото ливче, од пред три дена (веројатно и од пред четири дена, а можеби и пет).

„Ако најпосле, тој ве удостои денес со својата посета, за мене, молам, ни збор! Ни најмал знак. Не започнувајте и не спомнувајте.

В. С.“

Вчерашното:

„Ако тој, најпосле, посака денеска до пладне да ви дојде, ќе биде, јас мислам, најдобро никако и да не го примите. Така јас мислам, не знам какво е вашето мислење.

В. С.“

Денешното и последно:

„Уверена сум дека кај вас има доста ѓубре, а тутунски чад како во оџак. Ќе ви ги пратам Марија и Фомушка; за половина час тие се ќе исчистат. А вие не пречете им, поседете во кујната додека работат. Ви праќам ќилим од Бухара и две кинески вази — одамна мислев да ви ги подарам; а на тоа згора и мојот Тениер (привремено). Вазите можат да се стават и на

прозорец, а Тениер обесете го десно под сликата на Гете, тука е повидно, и до пладне секогаш е светло... ако тој, најодзади, дојде, примете го со профинета љубезност, но трудете се да зборувате за неважни работи, нешто научно, и со такво држење како вчера да сте се разделиле. За мене ни збор. Можеби ќе дојдам вечер да ве видам.

В. С."

П. С. Ако не дојде ни денес, нема да дојде никогаш."

Прочитав, а се зачудив дека Степан Трофимович толку се возбудува за вакви ситница. Го гледам прашално и веднаш забележав дека тој, додека јас читав, стасал својата бела шамија околу вратот да ја замени со црвена. Неговата паларија и стапот се на масата. Блед е, рацете му треперат.

— Не сакам да знам за нејзините возбуди! — се развика тој бесно, одговарајќи на мојот прашален поглед. — Je m'en fiche![1] Таа може да се возбудува поради Кармазинов, а на моите писма и не одговара! Еве, еве на, моето нераспечатено писмо што вчера ми го врати стои тука на масата под L'homme qui rit.[2] Што ми е грижа дека таа се уби поради Николењка! Je m'en fiche et je proclame ma liberté. Au diable le Karmazinoff! Au diable le Lembké![3] Вазите ги скрив во претсобјето, а Тениер во шифоњерот, а од неа барав веднаш да ме прими. Слушате ли? Барав! И јас нејзе ѝ пратив вакво ливче хартија, испишано со молив, незапечатено, по Настасја, и сега чекам. Сакам сè да слушнам од устата на Дарја Павловна и пред лицето на небото — или барем пред вас. Vous me séconderez, n'est-ce pas, comme ami et témoin.[4] Не сакам да црвенеам, не сакам да мамам, не сакам тајни, не допуштам тајни во оваа работа! Нека ми се признае

---

[1] Многу ми е грижа.

[2] Човекот што се смее.

[3] Ја прокламирам својата слобода! По ѓаволите Кармазинов, по ѓаволите Лемпке!

[4] Вие ќе ми помогнете, нели, како пријател и сведок?

сè, отворено простодушно, благородно, а тогаш... тогаш јас, можеби, целото поколение ќе го фрапирам со својата великодушност! Дали сум јас никаквец или не сум, почитуван господине? — заврши тој прекутрупа, гледајќи ме заканувачки како токму јас да го сметам за никаквец.

Го замолив да се напие малку вода; никогаш не сум го видел вака. Додека зборуваше, само трчаше горе-долу, па одеднаш застана пред мене, во некаков необичен став.

— Зарем вие мислите — започна пак со болна надуеност, мерејќи ме од петиците до главата — зарем вие можете да замислите дека јас, Степан Верховенски, нема да најдам во себе толку морална сила да ја земам својата торба — својата патничка торба — да ја фрлам на своите слаби плеќи и да излезам, засекогаш да ме снема овде, кога тоа го бара честа и големото начело на независноста? Ова не е првпат Степан Верховенски великодушно да му одговара на деспотизмот, макар и на деспотизмот на полудена жена, т. е. најнавредливиот и најсуров деспотизам што го има на светот — без оглед на тоа дека вие пред малку, ми се чини, си допуштивте на моите зборови да им се насмевнете, почитуван мој господине! О, вие не верувате дека јас ќе можам да најдам во себе толку великодушност, дека ќе умеам да го завршам својот живот како воспитувач кај трговците, или ќе умрам на туѓ плот од глад! Одговорете, одговорете веднаш: ми верувате или не ми верувате?

Јас намерно премолчив. Дури нешто повеќе, се преправав како да не смеам да го навредувам со одречен одговор, а не можам да одговарам потврдно. Во целата таа раздразнетост имаше нешто што просто ме навредуваше, но не лично, о, не! Туку... тоа попосле ќе го разјаснам.

Тој пребледи.

— Можеби ви е досадно со мене, Г-ве? (тоа е моето семејно презиме) и вие би сакале... никако и да не ме посетувате? — проговори тој со тон на мртов мир, кој обично доаѓа пред некоја необична експло-

зија. Скокнав преплашено, а во истиот момент влезе Настасја и молчејќи му го подаде на Степан Трофимович ливчето ишарано со молив. — Тој го погледна па ми го фрли мене. Варвара Петровна со своја рака ги беше напишала овие зборови: „Останете дома“.

Степан Трофимович молчејќи ја зеде паларијата и стапот, па брзо излезе од собота, а јас, и не сакајќи, по него. Наеднаш, во ходникот се зачуја гласови и чекори. Тој застана како погоден од ровја.

— Тоа е Липутин, пропаднав! — прошепоти и ме фати за рака.

Во истиот момент во собата влезе Липутин.

IV

Зошто да пропадне тој од Липутин, не знам, и не им давав вредност на тие негови зборови; сè бележев за сметка на нервите. Но сепак, тој негов страв не е обичен, па решив добро да набљудувам.

Самиот изглед на Липутин зборуваше дека тој со посебно право и против секоја забрана можеваму да влезе. Со себе водеше еден непознат господин, веројатно туѓинец. Во одговор на празниот поглед на стаписаниот Степан Трофимович, тој веднаш, и тоа силно извика:

— Носам гостин, и уште посебен! Се осмелувам да ја нарушам вашата осаменост. Господин Кирилов, градежен инженер, мошне познат. Што е главно, тој го познава вашето синче, многупочитуваниот Петар Степанович, и тоа мошне блиску, господине; има и порака од него. Токму сега ја доби.

— Тоа го додадовте — остро забележа гостинот — нема никаква порака, но Верховенски навистина го познавам. Го оставив во Х-ска губернија, десет дена пред нас.

Степан Трофимович механички ја протегна раката и му покажа на гостинот да седне; погледна во мене, погледна во Липутин и одеднаш, како да се освестил, брзо седна и самиот, но сè уште држејќи ги в рака стапот и паларијата, а не гледајќи дека ги држи.

— Ох, па вие сте сакале да излезете! А мене ми рекоа дека често боледувате — дека веќе сосема сте опадналe од работа!

— Да, болен сум, па токму сакав малку да прошетам ... Јас ... — тука застана, брзо ја фрли на отоманот паларијата и стапот, и поцрвени.

Јас, меѓутоа, набрзина го разгледав гостинот. Тоа беше уште млад човек, на околу дваесет и седум години, пристојно облечен, виток и прилично сув, црномурен, со блед лик со нешто малку матни, со валкан прелив на бледило, со очи црни без сјај. Изгледаше нешто замислен и расеан, зборуваше испрекинато и некако не многу правилно граматички, чудно ги разместуваше зборовите, се збунуваше кога мораше да употреби малку подолга реченица.

Липутин сосем убаво ја забележа крајната преплашеност на Степан Трофимович и очигледно беше задоволен. Тој седна на плетениот стол што го извлече скоро среде соба, за да биде на подеднакво растојание и од гостинот и од домаќинот, што се наместија еден спроти друг, на две спротивни канабиња. Острите и лукави очи на Липутин љубопитно ги проверува сите катчиња.

— Јас ... веќе одамна го немам видено Петруша ... вие сте се нашле во странство? — некако промрмори Степан Трофимович.

— И овде, и таму, настрана.

— И Алексеј Нилич дури сега, по четири години, се враќа од странство — прифати Липутин — одел да се усоврши во својата струка и доаѓа ваму кај нас, и се надева — има и причини за тоа — дека ќе добие место при градењето на нашиот железнички мост; сега чека одговор. Со помош на Петар Степанович тој се запознал со семејството Дроздови, со Лизавета Николаевна.

Инженерот седеше како нарогушен и слушаше со непријатно нетрпение. Мене ми се стори како да е лут на нешто.

— Тој се познава и со Николај Всеволодович.

— И него го познавате? — праша Степан Трофимович.

— Го познавам и него.

— Јас... јас веќе одамна и одамна го немам видено Петруша, и... се чувствувам мошне малку во право да се наречам татко... тоа е само збор, јас... а како е тој?

— Па така... и тој ќе дојде... — пак избрза господин Кирилов што побрзо да се спаси.

Тој баш се лутеше, тоа се гледаше.

— Ќе дојде! Одвај еднаш... јас... видете, јас веќе одамна го немам видено мојот Петруша — се наврза Степан Трофимович на таа фраза. — Го чекам сега моето кутро момче, пред кое... о, пред кое многу сум виновен. Тоест, сакам поправо да кажам, кога тогаш го оставив во Петроград, јас... со еден збор, мислев дека тој навистина не е ништо... такво нешто. Момчето е, знаете, нервозно, мошне чувствително и... бојазливо. Кога ќе легне да спие, тој удира со челото земи, ја крсти перницата, за да не умре во ноќта... си спомнувам. Впрочем, без секакво убаво чувство, т. е. да имаше барем нешто возвишено, основно, каков и да е зародиш на идната идеја, поправо беше малечок идиот. Но, јас, ми се чини... како да се сплеткав, проштавајте, јас... ме затековте...

— Ама сериозно ли: ја „крстел перницата"? — почна да се распрашува инженерот одненадеж, со некоја посебна љубопитност.

— Да, ја крстеше...

— Ништо, ништо; јас само онака, продолжете.

Степан Трофимович прашално погледна во Липутин.

— Убаво ви се заблагодарувам што дојдовте, но признавам, јас сега... не сум во состојба да... А, ве молам, каде живеете?

— Во улицата „Водици", во куќата на Филипов.

— Ах, таму каде што и Шатов — спомнав јас и не сакајќи.

— Токму така, во иста куќа — извика Липутин — само што Шатов е горе, во меѓукатот, а господинот долу, кај капетанот Лебјаткин. Тој го познава и Ша-

тов, ја знае и неговата жена. Со него е мошне познат, од странство.

— Како? Па да не знаете нешто за тој несреќен брак на нашиот кутар пријател, и таа жена? — извикна Степан Трофимович, одненадеж занесен со чувство. — Вие сте првиот што го гледам како човек што нив лично ги познава, и само ако...

— Сешто! — отсече инженерот и целиот пламнат. — Вие, Липутине, што додавате! Никогаш не сум ја видел жената на Шатов, само оддалеку, еднаш, а никако одблиску. Шатов го знам. Зошто додавате вие разни работи?

Тој круто се сврти на канабето, ја дофати својата шапка, па пак ја остави, повторно седна како што седеше и своите црни распламтени очи со некакво предизвикување ги запре на Степан Трофимович. Јас никако не можев да ја разберам таа чудна раздразливост.

— Проштавајте — напомена Степан Трофимович сериозно — разбирам, работата е можеби мошне деликатна, најделикатна...

— Тука нема никаква најделикатна работа, тоа е веќе и срамно; а не ви викнав „сешто“ вам, туку на Липутин; зошто додава? Простете ми, ако го примивте на свое име. Јас Шатова го знам, а жената негова никако не ја знам... никако не ја знам!

— Разбирам, разбирам; а тоа што пред малку ве нападнав барајќи од вас известување, тоа е само затоа што јас многу го сакам нашиот кутар пријател, нашиот немирен пријател, и отсекогаш сум се интересирал... Тој човек ги изневери одеднаш своите прегешни, можеби премногу младешки, но правилни мислења. А сега поради некои разни нешта вика на нашата света Русија, вика толку што тој прелом во неговиот организам — поинаку не сакам да се изразам — му го припишувам на некаков силен потрес, семеен, имено, на неговата злосреќна женачка. Јас, кој својата сирота Русија ја познавам како своите два прста, а на рускиот народ му го посветив целиот свој живот, јас можам да ве уверам дека тој рускиот народ не го познава, и на тоа згора...

— И јас ни малку не го познавам рускиот народ и... сосема се нема време да се проучи — пак отсече инженерот и пак круто се сврти на канабето.

Степан Трофимович молкна на половина збор.

— Проучува, проучува — прифати Липутин, — господинот веќе има започнато проучување и готви интересна расправа за причините кои ширењето на самоубиствата ги спречуваат или ги зачестуваат. Дошол до чудни, неочекувани заклучоци.

Инженерот многу се вознемири.

— Вие ни малку немате право — луто замрмори тој — јас никако... таа расправа! Јас не сакам глупости. Јас ве запрашав доверливо, сосема случајно. Нема никаква расправа; јас не публикувам, и вие немате право да...

Липутин очигледно уживаше.

— Проштавајте, можеби и сум се излагал дека вашиот литературен труд го нареков расправа. Господинот само собира податоци, а суштината на прашањето, или така да се рече, неговата морална страна, не ја допира, дури моралноста сосема ја отфрла, па се држи за најновото начело за сеопштото уништување поради добри завршни цели. Господинот бара повеќе од сто милиони глави, па во Европа да завладее здравиот разум; значи, многу и многу повеќе глави отколку што се бара на последниот конгрес на мирот. Во таа смисла Алексеј Нилич оди најдалеку од сите.

Инженерот слушаше со презрив и блед насмев. Околу половина минута помолчивме сите.

— Сето тоа е глупо, Липутин — прв проговори господин Кирилов, со некакво достоинство. — Ако ви реков јас не сакајќи неколку точки, а вие тоа сте го дофатиле, тогаш добро, како што сакате. Но вие немате право, зашто јас за тоа никогаш не зборувам, и со никого. Јас презирам да зборувам. Ако постои моето уверување, значи, за мене е јасно... а вие ова глупо го направивте. Јас не расправам за она што е сосема довршено. Јас не трпам расправање. Јас никогаш нема да расправам...

— И можеби многу добро правите — дофрли Степан Трофимович, кој не можеше да се воздржи.

— Ве молам, проштавајте, но јас не се лутам овде, не се лутам на никого — продолжи гостинот со пламена брзина — јас четири години гледам малку луѓе. Четири години малку разговарам и се трудев да не се гледам, поради моите цели, а тие не се ничија грижа. Липутин тоа го најде и се смее. Јас тоа го разбирам и не ми е грижа. Јас не сум навредлив, само сум лут на неговата слобода. А тоа дека со вас не расправам — заврши господин Кирилов сосема неочекувано и сите нас нè опфати со цврст поглед — ако јас пред вас не ги изложувам мислите, тоа никако не е поради тоа што јас се плашам од вас да не ме пријавите на властите, тоа не; ве молам, не мислете на некои глупости во таа смисла...

На ова никој ништо не му одговори, само се загледаа, Липутин заборави да се клешти.

— Господа, многу ми е жал — тука Степан Трофимович решително се крена од канабето – но не се чувствувам здрав и прибран. Проштавајте.

— Ах, тоа е да се оди, — се тргна господин Кирилов и го дофати качкетот. — Добро што рековте, зашто јас се заборавам.

Тој стана и простодушно, со испружена рака му пријде на Степан Трофимович. — Ми е жал, дека не сте здрав, а јас дојдов.

— Ви посакувам секаков успех кај нас — одговори Степан Трофимович стегајќи му ги рацете милосливо и лесно. — Разбирам дека, живеејќи долго настрана, како што рековте, сте се отуѓувале од луѓето поради своите насоки, па малку и сте заборавиле на Русија и, се разбира, сега ќе морате и покрај својата волја со чудење да гледате на нас вистинските, стари Руси, а и ние на вас, исто така. Но ќе помине тоа. Само едно ми задава тешкотии: вие сакате да го градите нашиот мост, а во исто време изјавувате дека сте на начелото на општото урнување! Нема да ви се даде да го градите нашиот мост!

— Како? Како го рековте тоа... их, по ѓаволите! — извика зачудениот Кирилов и наеднаш се насмеа со мошне весела и ѕвонлива смеа.

За час неговото лице доби сосема детински израз и мене ми изгледаше дека тоа мошне му личи. Липутин, одушевен од среќно најдените зборови на Степан Трофимович, си ги триеше рацете. А јас вазден во себе се чудев зошто Степан Трофимович толку се уплаши од Липутин, и зошто, слушајќи го како доаѓа, довикна: „Пропаднав!".

V

Сите стоиме на прагот. Тоа е момент кога домаќинот и гостите брзо ги разменуваат последните љубезности, па убаво се разминуваат.

— Тоа што господинот е денес вака зловолен, тоа е сè поради она — почна Липутин, така да се рече, одненадеж, и откако веќе излезе од собата, — поради тоа што кај нив имаше неодамна врева со капетанот Лебјаткин, поради неговата сестра. Капетанот Лебјаткин својата прекрасна сестричка, умоболна, секој ден ја тепа со нагајка, со вистинска козачка нагајка, господине, ја тепа и изутрина и навечер. Затоа Алексеј Нилич сега зеде друг стан, во крилото на истата куќа, само да не биде тука. Е па, довидување!

— Сестрата? Болна? Со нагајка? — извикна Степан Трофимович како и самиот одненадеж да е удрен со камшикот. — Каква сестра? Каков Лебјаткин?

Во моментот му се врати стравот од пред малку.

— Лебјаткин! Па тоа е оној капетан во пензија; порано себеси се наречуваше само капетан.

— Ама, што ми е грижа за чинот! Каква сестра? Господи... рековте Лебјаткин? Па кај нас имаше некој Лебјаткин.

— Па и тој е, токму нашиот Лебјаткин, си спомнувате, оној кај Виргински.

— Тоа е оној со лажниот пасош?

— Да! Пак ни се врати, има веќе три недели, и тоа под посебни услови.

— Ама тој е никаквец!

— Како да не може да има кај нас никакавеци? — ги развлече усните Липутин, а со своите мангупски очиња како да го допираше Степана Трофимович.

— Ех, господе, јас никако не мислам за тоа... Иако впрочем, што се однесува до никаквеци, јас наполно се сложувам со вас, токму со вас. Но потаму, потаму? Што сакавте со тоа да речете? Зашто вие секако со тоа нешто сакате да кажете.

— Ама сето тоа се само ситници!... Сакам да речам дека тој капетан, судејќи по сите очигледности, не отиде тогај откај нас поради лажниот пасош, туку за да ја пронајде својата сестра, а таа, како негде на непознато место да се криела од него; е па, ете, сега ја донесе, и тоа е целата приказна. Вие како да се уплашивте од нешто, Степане Трофимович? Од што се плашите? Впрочем, јас кажувам што слушам кога пијан брбори, инаку, трезен, тој тоа и самиот го премолчува. Избувлив човек, раздразлив, и, би рекол некаков војник-естетичар, поет, само со лош вкус. А таа негова сестра уште е и саката, крива, не само луда. Нејзе како некој некогаш да ја измамил и ја обесчестил, а господинот Лебјаткин како многу години веќе да зема од тој измамник редовна годишна отштета за повредената капетанска чест — така барем излегува според неговото брборење — но јас мислам дека тоа е само пијан разговор. Просто се фали. А така е и многу поевтино. Но дека има тој пари, чиста вистина е — пред една недела и пол босоног, тој сега стотини превртува низ раце. Со свои очи видов. Сестра му од ден на ден добива некакви напади, пишти, а тој со нагајката „ја доведува во ред“. Вели, на жената треба да ѝ се влее респект. И затоа не разбирам како може Шатов уште да живее со нив. Алексеј Нилич остана само три дена, па збогум — а тие се познаваат уште од Петроград — а сега поради мир и спокојство, го зазема куќното крило.

— Дали е сето тоа вистина? — се сврти Степан Трофимович кон инженерот.

— Вие, Липутин, многу брборите — промрмори Кирилов налутено.

— Тајни, доверливости! Од каде кај нас толку тајни наеднаш! — извика Степан Трофимович невоздржано.

Инженерот се намурти, поцрвени и излезе од собата.

— Алексеј Нилич му ја зеде нагајката, ја искрши и ја фрли низ прозорец, и многу се раскараа — додаде Липутин.

— Зошто брборите, Липутин, зошто? — почна пак инженерот.

— А зошто, од скромност, да се кријат најблагородните движења на својата душа, тоест, на вашата душа, господине? Јас не зборувам за себе.

— Колку е тоа глупо... и сосема непотребно. Лебјаткин е глуп, и сосема испустен, и не е во работа, некорисен е, и... и сосема штетен. Зошто брборите вие сешто? Јас си одам.

— Ах, ми е жал — извика Липутин со ведра насмевка — а вас, Степане Трофимович, ќе ве насмеам уште со една приказничка. Дури со таа намера и дојдов, иако веќе бездруго и вие сте чуле. Ех, Алексеј Нилич, вие веќе по вторпат толку брзо навалувате... довидување, господине! А онаа приказничка се однесува на Варвара Петровна... оној пат ме насмеа, посебно испратила по мене, просто да се умре... довидување!

Но домаќинот сега цврсто се фати за него — го дофати за рамениците, го сврти нагло назад во собата и го седна на столот. Липутин скоро се преплаши.

— Уште како, господине — почна тој, внимателно гледајќи од својот стол на Степан Трофимович — туку, наеднаш, ме повика и „доверливо" ме праша што мислам јас, по своето лично наоѓање, дали е Николај Всеволодович со здрава памет или не? Зарем тоа не е чудно?

— Вие сте полудиле! — промрмори Степан Трофимович и наеднаш како да ја изгуби присебноста. — Липутин, вие и премногу добро знаете дека сте дошле само за да кажете некаква нискост, како оваа и... нешто уште полошо!

Во моментот јас си спомнив како тој погоди дека Липутин знае за нашата работа не само повеќе од нас, туку и нешто преку тоа, што ние никогаш нема да го дознаеме.

— Ве молам, Степане Трофимович! — мрмори Липутин како страшно да се уплашил. — Ама, ве молам...

— Молчете, и почнете! Господине Кирилов, убаво ве молам, вратете се и вие, и бидете овде, најубаво ве молам! Седнете. А вие Липутин, почнете веднаш, непосредно, право и отворено, без и најмали заобиколувања!

— Само да знаев дека тоа вас толку ќе ве фрапира јас ништо не ќе почнев. Ама јас мислев дека вие веќе сè знаете од Варвара Петровна!

— Веројатно не сте го мислеле тоа! Почнете, ама почнете, кога ви велам!

— Само бидете добар, па и вие седнете, зашто како изгледа тоа јас да седам, а вие во такво возбудување пред мене... да јурите по собата. Нема смисла, ве молам, незгодно е.

Степан Трофимович се совлада и послушно седна во фотелјата. Инженерот, намуртен, остана стоејќи. Липутин ги гледаше со уживање.

— Само како да почнам... ме збунивте...

VI

— Оној пат, одненадеж, прати таа кај мене свој човек: Ве моли, вели, госпоѓата да дојдете утре напладне. Дали можете да си замислите? Јас ја оставам работата и вчера точно напладне заѕвонувам. Ме воведоа право во собата за примање; знаете и самиот како се држи таа секогаш спрема мене! Почнува директно, по својот секогашен манир, без завиткување. „Вие се сеќавате, вели, дека Николај Всеволодович пред четири години, за време на болеста, во неколку наврати чудно се однесуваше, така што целиот град беше во недоумица додека не се разјасни сè. Една

од тие негови постапки се однесуваше лично до вас. Тогаш, по своето оздравување, и на моја молба, Николај Всеволодович ве побара. Јас знам, исто така, дека тој порано неколку пати со вас разговарал. Речете сега искрено и отворено како вие... (тука госпоѓата малку се збуни) како ви изгледаше тогаш Николај Всеволодович?... Како воопшто гледавте на него?... Какво мислење сте можеле да имате и... какво ви е сега?..." Тука веќе сосема се загуби, така што почека цела минута, па одеднаш поцрвени. Јас се уплашив. Госпоѓата почнува пак, не со трогателен тон, тоа нејзе не ѝ оди, туку со тон мошне заповеднички: „Јас сакам, вели, добро и точно, вели, да ме разберете. Пратив сега по вас, зашто сметам дека сте човек внимателен, проникли и досетлив, способен за точно набљудување и мислење. (Тоа се комплименти!) Вие, вели, секако ќе разберете дека со вас зборува мајка. Николај Всеволодович неколку пати во животот има претрпено несреќи, и многу промени. Се тоа, вели, можело да влијае на неговиот разум. Се разбира, не зборувам, вели, за безумност, тоа никогаш не може да биде! (Тоа е речено решително и гордо.) Но може да има нешто необично, нешто особено, некој пресврт на мислите, склоност кон некој посебен поглед на нештата. (Сево ова се нејзини зборови, и јас се восхитував, Степане Трофимович, како Варвара Петровна умее да ја разјасни работата. Дама со голем разум!) Барем јас, вели, забележав некој постојан немир во него и стремеж кон настраности. Но, јас сум мајка, а вие човек туѓ, значи, ќе умеете, бидејќи сте разумни, да дадете понезависно мислење. И, најодзади, јас ве молам (така беше речено: јас ве молам) да ми ја кажете вистината, сè, без секакви завиткувања; и, ако на тоа ми ветите дека нема никогаш да заборавите оти е ова доверлив разговор, можете да ја очекувате мојата полна готовност во секоја возможна прилика да ви ја оддадам својата благодарност." Значи, господине, што велите!

— Вие... вие толку ме фрапиравте — процеди Степан Трофимович — што не ви верувам...

— Внимавајте, само внимавајте — продолжи Липутин како и да не го слуша — какво можело да биде тоа возбудување и вознемирување кога толку висока госпоѓа вака го праша за мислење човек каков што сум јас, и уште снисходливо дотаму што да моли за чување на тајна. Што велите на тоа? Впрочем, да не добива некакви вести за Николај Всеволодович?

— Не знам — нема никакви вести... не сум се видел со неа неколку дена... но... но вас ви напоменувам — протепка Степан Трофимович, а се гледа дека одвај ги средува своите мисли — но ви напоменувам, Липутин: ако ви е вам тоа доверливо речено, а вие сега пред сите...

— Наполно доверливо! Нека ме убие господ ако јас... А што сега јас овдека — па што, ве молам? Зарем ние овде сме туѓинци, па дури и самиот Алексеј Нилич?

— Јас не мислам така. Без сомневање, ние тројцата овде ќе ја сочуваме тајната, но четвртиот, вие, од вас јас се плашам, и ништо не ви верувам!

— Што велите? Па јас сум најмногу заинтересиран, мене ми е ветена вечна благодарност! А јас поправо сакав токму поради тоа, да укажам на еден необично чуден случај, повеќе, така да се рече, психички отколку чуден. Сношти, под влијание на разговорот со Варвара Петровна (можете и самите да замислите каков впечаток ми остави тоа) го запрашувам Алексеј Нилич, онака, оддалеку: вие, реков, и порано во странство, и во Петроград, го познававте Николај Всеволодович; па, реков, што мислите вие за него во однос на разумот и способностите? А господинот, по својот обичај, ми одговори лаконски дека е тој, човек со фин разум и со здраво расудување. А дали, реков, летоска не забележавте, реков, некое застранување на идеите, или некој, реков, посебен пресврт на мислите, некоја, така да се рече, душевна неурамнотеженост? Со еден збор, му го повторив прашањето на Варвара Петровна. И замислете, Алексеј Нилич, туку одеднаш се замисли и се намурти, еве точно вака како ова сега. „Да, вели, понекогаш ми се чинеше нешто необично."

Притоа, внимавајте; ако веќе и на Алексеј Нилич нешто можело да му изгледа необично, што ли можело да се види, е?

— Дали е тоа вистина? — се сврти Степан Трофимович кон инженерот.

— Јас, би сакал да не зборувам за тоа — одговори Алексеј Нилич, нагло поткревајќи ја главата и светкајќи со очите — јас сакам да го оспорам вашето право, Липутин. Вие немате во овој случај никакво право за мене. Јас никако не го реков своето цело мислење. Јас, иако се познавав во Петроград, тоа е одамна, а сега иако сме се сретнале, јас многу малку го познавам Николај Ставрогин. Ве молам мене отстранете ме, и... сето тоа личи на интрига.

Липутин, како мачена невиност, ги рашири рацете.

— Интригант! А да не сум и поткожник? Лесно ви е вам, Алексеј Нилич, така да критикувате, кога вие од сè се засолнувате. А вие Степане Трофимович, нема да верувате што сè, ми се чини, капетан Лебјеткин... а веќе е глуп, изгледа, глуп е како... она, срамота е и да се рече колку е глуп; има една руска споредба за степенот на глупост; па и тој смета дека Николај Всеволодович го навредил, иако се поклонува пред неговата остроумност. „Ме зачуди, вели, тој човек; тој е мудра змија“ (негови сопствени зборови). А на тоа јас нему (сè уште под влијание на вчерашницата и по разговорот со Алексеј Нилич): а вие, капетане, реков, како мислите вие од своја страна — дали вашата мудра змија е умно болна? И, дали верувате, тој просто потскокна од местото, како од грб да сум го изненадил со камшик без негово допуштање: „Да, вели, да, вели: само, вели, тоа не може да влијае...“ Ама што да влијае? — не дорече; потем тешко се замисли, толку тешко што просто се истрезни. Седевме во крчмата на Филипов. Дури потем веројатно, потем еден час, тој одеднаш удри со тупаницата по масата: „Да, вели, можеби е умно болен, но тоа не може да влијае...“ и пак не доврши на што да влијае. Се разбира, јас ви го предавам само екстрактот на разговорот, но јасно е што се мисли; прашајте кого што са-

кате, секој ќе дојде на една иста мисла, макар пред тоа никогаш да не му паднала на ум: мошне мудар, но може да биде и умствено растроен.

Степан Трофимович седеше замислен и напорно си ги средуваше мислите.

— А од кај го знае тоа Лебјаткин?

— Ако е по волја, распрашајте се за тоа кај Алексеј Нилич, кој пред малку ме нарече поткожник. Јас сум поткожник и не знам, а Алексеј Нилич знае, сè до најмали ситници и молчи.

— Јас ништо не знам, или малку — одговори инженерот со истата раздразнетост. — Вие го опивате Лебјаткин, за да го испробате. Вие и мене овде ме донесовте за да дознаете, и јас да кажам. Мора да сте поткожник!

— Досега не сум го опивал, ниту тој вреди за толкав трошок, ни покрај сите негови тајни, — ете што значи тој за мене, а за вас, не знам. Не јас, туку тој расфрла пари! А пред дваесет дена дојде од мене да измоли петнаесет копејки; тој е тој што чести шампањско, тој мене, а не јас него! Но вие ми дадовте идеја и, ако затреба, јас ќе го опијам, и тоа токму да ги дознаам, па можеби ќе ги дознаам... сите тие ваши тајнички — пакосно зајадуваше Липутин.

Степан Трофимович, во недоумица ги гледаше двајцата противници. Обајцата сами себе се издаваа и, што е главно, без завиткување. Мене ми се стори дека Липутин го донесе тој Алексеј Нилич само со таа намера преку трет да го вовлече во потребниот разговор — што е негов омилен начин.

— Алексеј Нилич и премногу добро го познава Николај Всеволодович, — раздразливо продолжи тој — само се прикрива. А што прашувате за капетанот Лебјаткин, со него тој се знае пред сите нас, пред пет шест години, во Петроград, во она, ако може така да се рече малку познато време во животот на Николај Всеволодович, кога тој уште ни не помислувал нас овде со своето доаѓање да нè усреќи. Нашиот принц, треба да заклучиме, направил мошне чуден из-

бор на познанства околу себе. И тогаш, ми се чини, се запознал и со Алексеј Нилич.

— Внимавајте, Липутин! Ви обрнувам внимание дека Николај Всеволодович повеќе сакаше да биде сам и тој умее да постои сам за себе.

— А што ми е тоа мене грижа, ви се молам? Јас сум првиот што вникнав дека е тој човек со најфин и најблагороден разум, а во таа смисла вчера и Варвара Петровна сосема ја смирив. „Но, за неговиот карактер не можам да се заколнам", ѝ реков. А истото тоа го рече сношти и Лебјаткин, со еден збор: „Поради неговата нарав, вели, настрадав". Ех, Степане Трофимович, лесно ви е вам да викнете — интрига, потслушнување! И, внимавајте, го викавте тоа откако извлековте сè од мене и уште со толку претерана љубопитност! Па и Варвара Петровна — и таа вчера право во метата: „Вие, вели, бевте лично заинтересиран, затоа и ве прашам." Е, туку уште нешто! Каква намера можам да имам кога јас лично претрпив од неговото превосходство навреда! Мислам, значи, дека имам причини да се интересирам, и тоа не само поради интриги! Денеска ви ја стега раката, а утре ни ова ни она, туку вас, уште за време на срдечниот пречек, и тоа пред целото чесно општество, ве удира по лицето, штом нему тоа ќе му се допадне! Сито па бесно! Ним им е главно — жена. Пеперуги и кокетни петлиња. Благородници, поседници со крилца како кај старите амори, Печорини, вадисрце! Лесно ви е вам, Степане Трофимович, превеан ерген, така да зборувате, и мене поради неговото превосходство да ме нарекувате интригант. А оженете се — бидејќи уште и сега младешки изгледате — оженете се со убава па млада девојка и тогаш, да речеме, поради нашиот принц, добро заклучувајте ја вратата, па и барикади во својата куќа направете! И што тука — ете, оваа мадмазел Лебјаткина, што ја тепаат со камшик, само да не е луда и кривоногa, богами, би помислил дека е таа жртва на страста на нашиот принц и токму поради тоа нашиот капетан Лебјаткин и пропатил „во своето семејно достоинство", како што се изразува самиот. Само таа да не одговара на господиновиот одбран вкус — но за него ни тоа не е лошо. Добра

ѐ секоја птичка, само ако налета на господиновото познато расположение. Вие спомнувате интриги; а зарем јас сум тој што вика, кога веќе цел град вика, а јас само слушам и потврдувам. Не е, ве молам, забрането да се одобрува.

— Целиот град? А што вика?

– То ест, тоа го вика капетанот Лебјаткин, кога е пијан, но зарем тоа не е сеедно како и целиот град да вика? А што сум јас виновен? Јас само се интересирам, онака, меѓу пријателите... зашто јас сметам дека сум овде меѓу пријатели — тука Липутин како невино суштество сите нѐ заокружи со очите. — И сега, ве молам, имајте на ум, има уште еден случај: тој, што неговата превозвишеност, принцот, уште од Швајцарија пратил по една од најблагородните девојки, и така да се рече, скромна сиротица, која што јас имам чест да ја познавам, триста рубли да му се предадат на капетанот Лебјаткин, а малку подоцна Лебјаткин доби најточен извештај, не сакам да кажам од кого, но, исто така, од најблагородно лице, па, значи, и најдоверливо, дека не се испратени триста рубли, туку илјада!... „Сигурно таа госпоѓица ми затаила седумстотини рубли“, вика Лебјаткин со цела уста и сака скоро по полициски пат да ги бара парите, барем така тој се заканува, и крева врева по целиов град...

— Тоа е ниско, ниско од вас! — скока инженерот од столот.

— Па вие сте тоа најблагородно лице што во името на Николај Всеволодович му потврди на Лебјаткин дека се пратени илјада, а не триста рубли. Тоа ми го рече самиот капетан, пијан.

— Тоа е... тоа е несреќно недоразбирање. Некој се измамил, па така... тоа е гадост, а од вас ниско!

— Ама и јас сакам да верувам дека е гадост и со жалење слушам, зашто, ако сакате, заплеткана е најблагородната девојка, прво поради седумстотини рубли, а второ поради очигледната интимност со Николај Всеволодович. Зашто, што го чини неговата превозвишеност, принцот, најблагородната девојка да

ја посрамоти, или туѓа жена на лош глас да ја изнесе, како што тогаш со мене беше направен казус? Ако наиде пред нив човек полн со великодушност, тие веднаш го принудуваат со своето чесно име да ги засолнува туѓите гревови. Истото тоа го поднесов и јас; јас зборувам за себе, господа...

— Вардете се, Липутин! — се поткрена од фотељата Степан Трофимович и побледи.

— Не верувајте, не верувајте! Некој се излагал, кој и да е, а Лебјаткин е пијан — извика инженерот неискажано возбуден. — Сè ќе се разјасни, а јас повеќе не можам... — и сметам за ниско́ст... и доста е, доста!

Тој излета од собата.

— Зарем вие така? Па и јас одам со вас! — се вознемири Липутин одеднаш и потрча по Алексеј Нилич.

VII

Степан Трофимович за момент застана во размислувањето, ме погледна, но некако како да не ме гледа, ги зеде шапката и стапот, па полека почна да излегува од собата. Јас, како и пред малку, појдов по него. Излегувајќи, тој забележа дека го следам, па рече:

— Ах, навистина, вие можете да бидете сведок. —... на овој случај. Вие ќе ме следите, нели?

— Степане Трофимович, да не одите пак таму? Помислете што може да излезе од тоа?

Со жалосен и збунет насмев од срам и наполно очајување, а во исто време со некое чудно одушевување, тој застана за миг, и ми прошепоти:

— Јас не можам да се оженам „со туѓите гревови"!

Јас ги очекував овие зборови. Најпосле дојде на ред и тој друг збор, толку криен пред мене, речен дури по цела недела измрдување, стеснување и обиколување. Бев сосема надвор од себе.

— И толку нечиста ... толку ниска мисла ... кај вас, кај Степан Верховенски, во вашата светла памет, во вашето добро срце! И ... и тоа само поради Липутин!

Тој ме погледна, не одговори, и продолжи по истиот пат. Не сакав да се свртам. Сакав да бидам негов сведок пред Варвара Петровна. Јас ќе му простев ако тој, по својата женска слабост, му веруваше само на Липутин; но сега беше веќе јасно дека самиот тој се посомневал и сè разбрал и сфатил уште многу пред Липутин; а Липутин само го потврди неговото недоразбирање и дофрли масло на огнот; уште од првиот ден тој беше готов да се посомнева во девојката, и сеедно што немаше за тоа никаква основа, па ни оваа на Липутин. Деспотското однесување на Варвара Петровна го толкуваше само како очајна желба со мажењето на девојката за чесен човек да го замачка ситното благородничко грешење на нејзиниот прекрасен Николас!

Да биде казнет за тоа и јас посакував!

— О! Господе, што си толку голем и добар! О, кој ќе ме смири! — воскликна тој, помина уште стотина чекори, и застана.

— Ајде да си одиме дома, сè ќе ви разјаснам! — му дофрлив јас, враќајќи го сосила дома.

— Тоа е тој! Степане Трофимович, вие сте? Вие? — се слушна покрај нас свеж, игрив, млад глас, како некоја музика.

Ние не видовме ништо пред нас додека не излезе девојката на коњ, Лизавета Николаевна, со својот постојан придружник. Таа ги задржа коњите.

— Елате, елате побрзо! — му рече таа гласно и весело. — Не сум го видела 12 години и го познав, тој ... Зарем не ме познавате?

Степан Трофимович ја прифати подадената рака и ја бакна смирено, со големо почитување. Гледаше во Лиза како во икона, и не можеше да прозбори ни збор.

— Ме позна и се радува! Маврикиј Николаевич, тој е одушевен дека ме гледа! А зошто ве нема овие две недели? Тетка ми ме уверуваше дека сте болен,

па не треба да ве вознемируваме; но јас знам дека тетка ми ме лаже. Само удрив со нозете и ве мунѕосував, но сакав како и да е, како и да е прво да дојдете сами, без покана, и затоа не пратив по вас... Господе, па тој воопшто не се изменил! — го гледаше таа наведнувајќи се во седлото. — Чисто смешно дека не се изменил! Ах, сепак, има брчки, многу брчки околу очите и на образите, има и бели влакна, но очите се исти! А јас, дали сум се изменила!? Да? Ама зошто молчите?

На ова јас си спомнив за зборувањата дека таа, кога ја однесле во единаесеттата година во Петроград, скоро се разболила, и дека, така болна, плачела и се распрашувала за Степан Трофимович.

— Вие... јас... — промрмори таа со глас испрекинат од радост. — Само што извикав пред малку „кој ќе ме смири!“ А при тоа одекна вашиот глас... Тоа го сметам за чудо, и почнувам да верувам.

— En Dieu? En Dieu qui est là haut et qui est si grand et si bon?[2] Гледате ли како јас сите Ваши предавања ги знам напамет. Маврикиј Николаевич, да знаете само на каква вера ме учеше со Dieu, que est si grand et si bon! А дали си спомнувате за своите приказни за Колумбо, како ја пронашол Америка и како извикале на бродот: земја, земја! Њања! Аљоња Фоловна, вели дека цела ноќ сум бладала и сум викала — земја, земја! А дали си спомнувате како ми раскажувавте за принцот Хамлет? Па оние ваши описи како сиромашките иселеници се пренесуваат од Европа во Америка? А сето тоа не беше вистина; потем дознав: не се преселуваат тие така; но, Маврикиј Николаевич, само да знаете колку ме лажеше убаво тогаш, скоро поубаво отколку да ја зборуваше вистината! Зошто го гледате така Маврикиј Николаевич? Тој е најдобриот и најчесниот човек на земјата и вие секако ќе го засакате како мене. Тој прави што сакам јас. Но, мил Степане Трофимович, веројатно сте несреќен кога среде пат повикувате некој да ве утеши. Несреќен сте, не е ли така? Да?

[2] Во господ? Во господ што е таму горе и кој е толку голем и толку добар?

— Сега сум среќен.

— Тетка не ми одговара! — продолжи таа не слушајќи го. — Секогаш таа тетка, несправедлива и за нас секогаш мила тетка! А дали си спомнувате кога ме прегрнавте во паркот, а јас ве утешував и плачев — ама не плашете се од Маврикиј Николаевич, тој, сè, сè знае за вас, сè, одамна, можете да плачете на неговото рамо колку што сакате, тој ќе стои колку што сакате!... Поткренете ја малку шапката, симнете ја сосема само за миг, испружете го вратот, поткренете се на прсти, сакам да ве бакнам в чело, како тогаш кога се разделувавме. Погледнете, онаа госпоѓица на прозорецот ужива во нас... Ајде, поблиску, поблиску! Господе, колку обелел!

И наведнувајќи се во седлото, таа го бакна в чело.

— А сега, одете дома! Знам каде живеете. Веднаш, овој момент ќе бидам кај вас. Прво јас ќе ве посетам вас, тврдоглавка а потем ќе ве одведам кај нас дома, за цел ден. Одете, си, подгответе ми го доаѓањето!

Коњот ја однесе во кас и таа одјури со својот кавалер. Ние се вративме. Степан Трофимович седна на канабето и се расплака.

— Боже, боже! — извика тој. — Најпосле една минута среќа!

Не поминаа ни десет минути, а таа навистина дојде во придружба на својот Маврикиј Николаевич.

— Вие и среќата, доаѓате во ист момент — стана тој да ја пречека.

— Еве ви цвеќе; токму сега одев кај мадмазел Шевалје, таа цела зима има цвеќе за имендените. Еве ви го и Маврикиј Николаевич, ве молам да се запознаете. Сакав да ви пратам слатки наместо цвеќе, но Маврикиј Николаевич ме убеди дека тоа не е во рускиот дух.

Тој Маврикиј Николаевич беше артилериски капетан на 33 години, висок, убав господин, со беспрекорно однесување, со сериозна и на прв поглед дури строга физиономија, иако беше човек со вонредна добрина и мошне нежен, што секој го чувствува веднаш во

првиот момент на познанството со него. Но беше молчалив, изгледаше мошне ладнокрвно, не го наметнуваше своето пријателство. Мнозина кај нас потоа зборуваа дека е тој човек ограничен; но тоа не беше сосема вистина.

Убавината на Елизавета Николаевна нема да ја опишувам. Целиот град со полна уста зборуваше за нејзината убавина, иако некои наши госпоѓи и госпоѓици со лутина ги одбиваа таквите мислења. Меѓу нив имаше и такви што Елизавета Николаевна ја мразеа; и тоа, прво, поради гордоста; затоа што Дроздови и не почнаа со посети, а тоа навредуваше, иако на тоа одложување навистина му беше причина болежливоста на Прасковја Ивановна. Второ, ја мразеа дека е роднина на губернаторката; трето, дека секој ден шета на коњ. Ние уште никогаш досега немавме амазонки, па природно е дека појавата на Елизавета Николаевна, која секој ден шеташе на коњ, а сè уште не беше започнала со визитите, го навредуваше општеството. Впрочем, веќе сите знаеја дека таа јава по наредба на лекарот, но и покрај тоа зајадливо зборуваа за нејзината болест.

Таа навистина беше болна. Она што на неа на прв поглед се истакнуваше — тоа беше нејзината болна, нервна, непрекината вознемиреност. Но! кутрата, многу се мачеше, но тоа сето дури најодзади се дозна. Сега, кога си спомнувам за минатото, веќе не можам да речам дека таа беше убавица, како што ми се чинеше тогаш. Може да се помисли дури дека воопшто не беше убава. Висока, тенка, но вита и силна, таа скоро изненадуваше со неправилноста на своите црти. Очите некако коси, како кај Калмиците, лицето бледо, костенливо и слабо; но на него имаше нешто што победува и што привлекува! Во пламениот поглед на нејзините темни очи се читаше некаква моќ; целата таа изгледаше „како победничка и како да победува". Изгледаше горда, а понекогаш и смела, дрска; не знам дали знаеше да биде добра, но знам дека тоа многу го сакаше и дека се мачеше себеси да се принуди на малку добрина. Во таа природа секако, имаше убави инстинкти, прекрасни настојувања и сосема вис-

тински потфати; но сè во неа вечно како да бараше своја рамнотежа и не ја наоѓаше, сè беше во хаос, во вознемиреност, во неспокојство. Можеби таа си поставуваше пред себе премногу строги барања, а никогаш не наоѓаше доволно сили тие барања да ги задоволи.

Седна на отоманот и почна да ја разгледува собата.

— Зошто ми е мене во вакви моменти секогаш тешко на душата, разјаснете го тоа, вие, учен човеку! Цел живот мислев дека самиот господ знае колку ќе се израдувам кога ќе ве видам и кога на сè ќе се сетам, а сега ми се чини како и да не се радувам, иако ве сакам... О, боже, тој ја има мојата слика на ѕидот! Дајте ми ја ваму, си спомнувам, си спомнувам!

Уште пред девет години Дроздови му беа пратиле од Петроград една вонредна акварелска минијатура на Лиза, која што тогаш имаше 12 години. И од тоа време таа слика постојано висеше кај него во собата на ѕидот.

— Зарем јас навистина бев олку убаво дете? Зарем ова навистина е мојот лик?

Стана и со сликата в раце се погледна во огледалото.

— Земете ја веднаш! — извика таа предавајќи му ја сликата. Таа пак седна на отоманот. — Еден живот поминува, друг го снемува, потем поминува и друг, снемува и трет и така без крај. А секој крај како да се сече со ножици. Ете, ви ги раскажувам овие стари работи, но колку има во нив вистинитост!

Насмевнувајќи се, таа погледна во мене, а ме погледна веќе неколку пати; Степан Трофимович, во својата возбуда, дури и заборави, да ме претстави.

— А зошто виси мојата слика под кинжал? И зошто ви се толку кинжали и сабји?

Навистина, на ѕидот висеа, не знам зошто, два украсени јатагани, а над нив вистинска черкеска шашка. Распрашувајќи го Лиза погледна право во мене, така што јас посакав нешто да ѝ одговорам, но се созедов. Најпосле, Степан Трофимович се сети и ме претстави.

— Знам, знам, — рече таа, — многу ми е мило. И мајка ми за вас многу слушала. Запознајте се и со Маврикиј Николаевич, тој е вонреден човек. Јас за вас имам и смешен поим; вие сте довереник на Степан Трофимович?

Јас поцрвенив.

— Ах, простете, ве молам, не го употребив вистинскиот израз, не... не, ни малку смешен поим, туку... (таа поцрвени и се збуни). Впрочем, зошто да се срами човек, затоа што е прекрасен? Туку, ние мораме да одиме, Маврикиј Николаевич! Степан Трофимович, по половина час да бидете кај нас! Господе, колку имаме да разговараме! Сега јас сум ваш довереник и ќе зборуваме за сѐ, — за сѐ, разбирате?

Степан Трофимович веднаш се уплаши.

— О, Маврикиј Николаевич знае сѐ, немојте да се плашите од него!

— А што знае?

— Ама што ви е! — викна таа зачудено. — Види, тие овде навистина нешто кријат! Јас не сакав да поверувам во тоа! И Даша ја кријат. Пред малку, тетка ми не сакаше да ме пушти кај неа, вели дека ја боли главата.

— Но... но како сте дознале?

— Па, боже, како и сите други. Голема мудрост!

— Зарем сите?

— Ами како? Вистина, мајка ми дознала прво од Аљона Фјодоровна, мојата гледачка, а кај неа отишла вашата Анастасја да ѝ каже. Вие, бездруго, сте ѝ рекле на Анастасја? Таа вели дека вие самите сте ѝ рекле.

— Јас... јас навистина еднаш ѝ реков... — Промрмори Степан Трофимович и целиот поцрвени — но ...јас само малку навестив... бев мошне нервозен, и болен, и тогаш...

Таа почна да се смее.

— А немаше во близина довереник, туку се најде Анастасја — па, добра е и таа! Но Анастасја има еден куп нунковци и пријатели! Туку, доста, и без тоа е сеедно; нека знаат, и подобро е сите да знаат.

Дојдете што побргу, ние рано ручаме... Да, ќе заборавев — таа пак седна: — слушајте, кој е тој Шатов?

— Шатов? Братот на Дарја Петровна...

— Знам, види, какви сте вие, богами, навистина! — го прекина таа со нетрпение. — Сакам да знам кој е тој и каков човек е.

— Тоа е нашиот мислител. Тоа е најдобриот и најизбувливиот човек на светот.

— Имам чуено дека е тој некако чуден. Впрочем, не го мислам тоа. Чув дека знае три јазици, и англиски, и дека може да работи литературни трудови. Ако е така, јас за него имам многу работа; потребен ми е помошник, и колку порано толку подобро. Дали би ја прифатил тој таа работа? Ми го препорачаа.

— О, секако, и ќе направите добро дело...

— Јас тоа никако не го правам поради доброто дело, туку ми е потребен помошник.

— Јас многу добро го познавам Шатов, — реков јас, — и, ако дозволите да му кажам, можам веднаш да појдам кај него.

— Речете му да дојде утре напладне. Прекрасно! Ви благодарам. Дали сте готови, Маврикиј Николаевич?

Тие отидоа. А јас, се разбира, веднаш отидов кај Шатов.

— Пријателе, — ме достаса Степан Трофимович на скалите — бездруго дојдете кај мене во десет или единаесет, кога ќе се вратам. Ох, јас сум премногу грешен спрема вас, премногу... и спрема сите, и спрема сите!...

VIII

Шатов не го најдов дома; по два часа отидов пак — го нема. Најпосле, веќе скоро во осум, пак се навратив кај него, па или да го најдам, или да му оставам белешка. И пак не го најдов дома. Станот му беше затворен, а тој живееше сам, без послуга. Си помислив како ќе биде да се симнам долу до капетанот Лебјаткин да се распрашам за Шатов; но и неговиот стан беше затворен; не се слуша ништо од станот,

нема ни осветление, како сѐ да е празно. Јас, под влијание на неодамнешните разговори, љубопитно поминав крај вратата на капетанот. Најпосле, смислив утре да дојдам порано; од белешката многу не се надевав. Шатов можеше и да не погледне, толку е непокорен, неснаодлив. Проколнувајќи го неуспехот, веќе излегувајќи надвор, наеднаш се судрив со господинот Кирилов; влегуваше дома, ме позна веднаш, пред да го познаам. Бидејќи самиот ме праша, јас накратко му раскажав и му ја покажав својата белешка.

— Ајде, — рече тој, — јас ќе свршам сѐ.

Си спомнав за кажувањето на Липутин дека Кирилов токму изутрина се пресели од куќата во споредната дрвена зграда во дворот. Во таа зграда, за него премногу голема, живееше со него и некоја стара, глува жена која по малку го послужувала. Сопственикот на куќата, Филипов, со стан во другата, нова куќа, во спротивната улица, држи крчма, а оваа старица, по сѐ судејќи негова роднина, му ја контролира целата зграда. Собите во дрвената зграда се прилично чисти, но тапетите на ѕидот беа мошне валкани. Во собата во која влеговме ние мебелот беше различен и претставуваше вистинско складиште: две маси за комар, орманче од јасен со фиока, голема маса од делкани штици за селска визба или за кујна, канабе и столови со плетени потпирачи и тврди, кожни седишта. Во еден агол на собата имаше наместено стара икона пред која бабичката пред нашето доаѓање запалила кандилце; а на ѕидовите висеа две големи потемнети маслени слики, една на покојниот цар Николај Павлов, насликан, судејќи по изгледот, уште во дваесеттите години на векот; а другата претставуваше некаков владика.

Откако влезе во собата, господин Кирилов запали свеќа и од својот рачен куфер, од кој работите уште не беа извадени и наместени, извади плик за писмо, восок и кристален печат.

— Запечатете го вашето писмо и оставете ја адресата на пликот.

Јас се стеснував, но тој навалуваше. Ја напишав адресата и си ја зедов капата.

— Мислев, сакате чај, — рече тој, — имам купено чај. Дали сакате?

Не одбив. Бабичката набрзо донесе чај, што ќе рече поголем чајник со врела вода, мал чајник полн со попарен чај, две големи земјени чаши, бели, со груби шари, слатки и длабок сад полн со толчен шекер.

— Јас сакам чај, — рече тој, — навечер; многу се движам и пијам чај до зора. Во странство пиењето чај навечер не е згодно.

— Вие легнувате в зори?

— Отсекогаш, одамна. Малку јадам, само чај. Липутин е лукав, ама нестрплив.

Ме зачуди дека сака да разговара, па решив да ја искористам оваа прилика.

— Пред малку се случија непријатни недоразбирања — реков јас.

Тој многу се намурти.

— Тоа е глупост; само глупости. Тоа се само глупости затоа што е Липутин пијан. Јас на Липутин не сум му зборувал, само бев разјаснил некои ситници, затоа што мрдаше. Липутин има многу фантазија, и од комарец прави слон. Јас вчера му верував на Липутин.

— А денес мене? — се насмевнав јас.

— Па вие порано се знаевте; Липутин е или слаб, или нестрплив, или лош, или... завидува.

Последниов збор многу ме зачуди.

— Вие наредивте толку категории што не е чудно ако во некоја од нив Липутин се најде.

— Или во сите заедно.

— Да, и тоа е вистина. Липутин — тоа е хаос! Навистина, дали лажеше тој кога неодамна рече дека вие подготвувате некое дело?

— Зошто лаже? — се намурти Кирилов пак и го впери погледот прудолу.

Го замолив да ми прости и го убедив дека јас не водам иследување. Тој се зацрвени.

— Ја рече вистината, јас пишувам. Само, тоа е сеедно.

Малку замолчавме, а тој наеднаш се насмевна со својата стара, детска насмевка.

— Она за главите, самиот го измисли, по книгите; во почетокот за тоа мене ми зборуваше; тој тоа лошо го разбира; а јас само ја барам причината; зошто луѓето не смеат да се убијат — тоа е сè. А и тоа е сеедно.

— Како не смеат? Зарем малку самоубиства има?

— Многу малку.

— Зарем вие така мислите?

Тој не одговори. Стана и задлабочен во мислите одеше наваму-натаму.

— А што ги воздржува луѓето од самоубиствата, како мислите вие за тоа? — го запрашав.

Тој погледна расеано како да си приспомнува за што зборуваме.

— Јас... сè уште малку знам... ги воздржуваат две предрасуди, две нешта; само две; едната мошне безначајна и малечка, другата многу крупна и голема. Но и малата е исто така голема.

— А која е малата?

— Болката.

— Болката? Зарем е тоа важно... во тој случај?

— Прво и прво, две работи се — едни се убиваат или од голема тага, или од огорченост, или улави, или веќе сеедно... тие, одеднаш. Тие малку мислат за болката, се убиваат наеднаш. А оние што го прават тоа смислено — тие мислат многу.

— А зарем има и такви — смислени?

— Мошне многу. Да нема предрасуди, ќе ги има повеќе, мошне многу, сите.

— Значи, сите?

Тој помолчи.

— Зарем нема начин да се умре без болка?

— Замислете си, — рече тој, и застана пред мене, — замислете си голем камен, како голема куќа, тој виси, а вие сте под него; ако падне на вас, на вашата глава, дали ќе ве боли?

— Каменот како куќа? Па, се разбира, тоа е страшно.

— Не зборувам за стравот; дали ќе боли?

— Ах! да, камен како планина, од милиони пудови... Се разбира, воопшто нема да боли.

— Но додека стоите таму и додека виси каменот, вам ќе ви биде страв дека многу ќе боли. Секој прв научник, прв лекар, сите најдобри, сите многу ќе се плашат. Сите ќе знаат дека нема многу да боли и секој многу ќе се плаши дека можеби ќе боли.

— А втората причина, онаа многу големата?

— Оној свет.

— Мислите за казната?

— Сеедно. Оној свет; само тоа, оној свет.

— Зарем немате исти што ни малку не веруваат во оној свет?

Тој пак помолчи.

— Вие, можеби, судите по себе? — реков.

— Никој не може поинаку да суди освен по себе — одговори тој и се зацрвени. — Целата слобода ќе ја имаме тогаш кога ќе биде сеедно дали ќе се живее или не ќе се живее. Ете, во тоа е сè.

— Сè? Па тогаш никој, веројатно, не ќе сака да живее.

— Никој, — изусти тој решително.

— Човек се плаши од смртта затоа што го сака животот, јас така мислам, — напоменав, — а така наредува и природата.

— Тоа е ниско и во тоа е сета заблуда! — тука неговите очи светнаа. — Животот е болка, животот е страв и човекот е несреќен. Денеска е сè болка и страв. Денеска човекот го сака животот затоа што ја сака болката и стравот. И така е направено. Животот сега се покажува како болка и страв – во тоа е целата заблуда. Денеска човекот сè уште не е оној човек. Ќе има нов човек, среќен и горд, но кого ќе му биде сеедно — да живее или не, тој ќе биде новиот човек. Кој ќе ги победи болката и стравот, тој ќе биде бог. А овој бог ќе го нема.

— Значи, овој бог, според вашето мислење, постои?

— Господ не постои, но го има. Во каменот нема болка; но во стравот од каменот има болка. Господ е болка, во стравот и во смртта. Кој ќе ги победи бол-

ката и стравот, тој сам ќе биде бог. Тогаш ќе има нов живот и нов човек, сè ново. Тогаш историјата ќе се дели на два дела: од горилата до поништувањето на господ, и од поништувањето на господ до...

— До горилата?

— ...до физичката промена на земјата и човекот. Човекот ќе биде бог и ќе се измени физички. И светот ќе се измени, и трудот ќе се измени, и мислите, и сите чувства. Како мислите вие — дали човекот ќе се измени физички?

— Ако биде сеедно да се живее или не, тогаш сите ќе се испотепаат, и, можеби, во тоа ќе биде промената.

— Тоа е сеедно! Ќе биде убиена измамата. Секој што ја сака, што е прво и главно, слободата, тој мора да може да се убие. Кој смее себеси да се убие, тој ја дознава тајната на измамата. Понатаму нема слобода; тука е сè, а потаму нема ништо. Кој смее себеси да се убие, тој е бог. Сега секој може да направи да го нема господ, и ништо да нема. Но никој уште ни еднаш не направил.

— Има самоубијци со милиони.

— Но сите не поради тоа, туку сè со страв, а не поради тоа. Не поради тоа да го убијат стравот. Кој се убива само поради тоа да го убие стравот, тој веднаш ќе стане бог.

— Можеби, ќе нема време, — напомнав јас.

— Тоа е сеедно, — одговори тој мирно, со достоинство, скоро со презир. — Мене ми е жал дека вие како да се смеете, додаде тој потем.

— А мене ми е чудно дека вие пред малку бевте онака раздразнети, а сега сте мирни, иако зборувате пламено.

— Порано? Порано беше смешно, — одговори тој со насмевка. — Јас не сакам да бидам незгоден и никогаш не се смеам, — додаде тој растажено.

— Да, не ги поминувате весело своите ноќи со чај!

Станав и си ја зедов шапката.

— Мислите? — се насмевна тој со некое чудење. — А зошто? Јас... јас не знам — се збуни тој одненадеж — не знам како другите, а јас чувствувам дека

не можам како сите. Сите мислат, и потем веднаш мислат на друго. Јас не можам на друго, јас целиот живот мислам само на едно. Мене господ цел живот само ме мачеше — заврши тој неочекувано со чудна експанзивност.

— Речете, ако допуштите да прашам, зошто вие не зборувате правилно руски? Да не сте заборавиле за овие пет години, во странство?

— Зарем неправилно? Не знам. Не, не е поради странство, јас така зборувам откако знам за себе... мене ми е сеедно.

— Уште едно прашање, поделикатно; наполно ви верувам дека вие со луѓето не се сретнувате на драго срце и дека со нив малку зборувате. Зошто влеговте со мене сега во разговор?

— Со вас? Вие пред малку толку згодно седевте и... сеедно... многу личите на мојот брат, многу, необично — рече тој поцрвенувајќи. — Тој умре, пред седум години; постар, многу, многу сте слични...

— Веројатно имал големо влијание врз вашите мисли.

— Н-не, тој малку зборуваше; тој ништо не зборуваше. Јас вашата белешка ќе ја предадам.

Ме испрати до вратата со светилката, и потоа ја затвори... „Бездруго умствено е изместен", заклучив јас во себе.

А на вратата ми се случи нова средба.

IX

Само што зачекорив преку високиот праг на малата врата, кога, нечија силна рака ме зграпчи за градите.

— Кој си? — загрми непознат глас. — Непријател или пријател? Покај се.

— Наш е, наш! — запишти гласот на Липутин крај мене. — Ова е господинот Г-в, класично воспитан момчак што се дружи со највисокото општество.

— Ми се допаѓа кога е во општеството... клас-сич-но, значи, од најобразованите... Игњат Лебјаткин, капетан во оставка, му служи на цел свет и на пријателите, ако се верни, ако се верни, никаквеци!

Капетанот Лебјаткин, по раст висок десетина педи, крупен, дебел човек, со кадрава коса, црвен и претерано пијан, одвај стоеше пред мене и со мака ги изговараше зборовите. Впрочем, јас и порано го имав видено оддалеку.

— А, и овој! — пак викна тој кога го здогледа Кирилов со светилката в раце; ја беше дигнал и тупаницата, но веднаш ја спушти.

— Проштевам поради ученоста! Игњат Лебјаткин, нај-образо-ван-ниот...

Љубовна, огнена граната
в гради го удри Игњата.
И пак плаче од горчлива мака
по Севастопољ без рака.

— Иако на Севастопољ ниту сум бил, па дури не сум ни без рака; ама каква рима е! — ми се внесе в лице со својата пијана муцка.

— Тој нема време, нема време, тој сака да си оди дома — му зборуваше Липутин за да ме одбрани од него. — Тој утре ќе ѝ рече на Лизавета Николаевна.

— На Лизавета! — офна капетанот. — Стој, не оди си! Варијанта:

И ѕвезда на коњот сјае
крај цело јато амазонки
и од коњот ми се смешка
аристократското чедо мило.

Посветено на Ѕвездата Амазонка

— Дали разбираш, тоа е химна! Тоа е химна, ако не си ти магаре! Ништожества, не разбираат! Стој, — се фати тој за моето палто, иако јас од сè сила се отргнував кон вратата. — Однеси порака дека сум јас рицар на честа, а Дашка... Дашка јас со два прста... крепосна робинка... не смее...

На ова тој падна, а јас сосила се оттгрнав од неговите раце и истрчав на улица. Липутин ми се наметна.

— Остави го, ќе го крене Алексеј Нилич. Дали знаете што чув сега од него? — брбори Липутин задишен. — Дали ги чувте стиховите? Таа песна, ете, на „Ѕвездата Амазонка", утре тој ќе ѝ ја испрати на Елизавета Николаевна со печат, со својот полн потпис. Што велите на тоа!

— Се обложувам дека сте го наговориле вие.

– Ќе загубите! – се насмевна гласно. – Вљубен е, вљубен е како мачор, а дали знаете, почна со омраза! Отпрвин тој ја мразеше Елизавета Николаевна дека јава коњ, ја мразеше толку што за малку среде улица не ја навреди; па и ја навредуваше! Уште оној пат ја навреди кога поминуваше, само за среќа не го чу добро — а денес, одеднаш, песни! Дали знаете дека тој сака смело да ѝ ја побара раката! Сериозно, сериозно!

— Ви се чудам, Липутин. Каде и да почне некоја гадост, вие секогаш сте тука да ја водите работата! — му реков јас мошне налутен.

— Навистина, вие одите далеку, господине Г-в; да не ви застенка срцето од уплав од соперници? —

— Како-о-о! — викнав јас и застанав.

— Е, тоа ви е за казна и повеќе ништо нема да речам! А вие уште како сакате да чуете! Само ова — тој пијаница сега веќе не е прост капетан, туку сопственик во нашата губернија, и тоа доста значаен, зашто Николај Всеволодович деновиве му го продаде сиот свој имот, сите свои бивши двесте души и, жими бога, не лажам! Сега тоа го дознав најсигурно. А сега, понатаму насетете и самиот; повеќе ништо нема да речам. Довидување, господине!

X

Степан Трофимович ме очекуваше со нервозно нетрпение. Веќе цел час како се вратил. Го затеков како да е поднапиен; барем во првото време мислев дека

е пијан. Меѓутоа, посетата кај Дроздови му ја беше одзела и последната трошка присебност.

— Пријателе, сега сосема го загубив конецот... Лиза... Го сакам, и го ценам тој ангел, како и порано, токму како и порано; но мене ми се чини дека обете, и мајката и ќерката, ме очекувале единствено за да бидат известени за нешто, или да кажам онака просто од мене сè да извлечат, па потоа ајде збогум! Така е тоа.

— Зарем не ви е срам! — викнав јас, губејќи трпение.

— Пријателе, јас сум сега сосема сам. Замислете, и таму е сè преполно со тајни. Навалија на мене! Сè само за носовите, па за ушите, а потем за некакви петроградски тајни. Тие, т.е. дури овде чуле за сите овдешни настани со Николас, оние од пред четири години: „Вие тогаш бевте овде, па сте виделе, дали е вистина дека е тој луд?" Како и од каде никнала таа идеја не знам. И зошто ѝ е на Прасковја по секоја цена Николас да изгледа луд? Тоа би го сакала таа жена, тоа! Тој Морис, или како го викаат; Маврикиј Николаевич, сепак добар човек — дали е тоа во негова корист, и бидејќи, како што самата од Париз ѝ пишуваше на својата добра пријателка... Најпосле, таа Прасковја, како што ја вика мојата драга пријателка, тоа е тип, тоа е бесмртната Коробочка на Гогољ, но само зла Коробочка, лоша Коробочка и уште бескрајно зголемена.

— Па тоа, во тој случај ќе биде цел сандак, уште и зголемен!

— Макар и смален, сеедно, не прекинувајте ме, зато тоа ми се врти во главата. Оние таму веќе сосема паднале во кавга и караница; Лиза, е лукава, и тука уште нешто има. Тајна! Но со мајка си се скара. Тетката, тиранизира, вистина, секого... на сето згора дојде губернаторката, па непочитувањето од страна на општеството, па „невниманието" на Кармазинов, па на сето згора одеднаш и таа идеја за умствената растроеност, овој Липутин, што јас не разбирам... И — и, велат, главата со киселина си ја квасела... а ваму

сега ѝ дошле уште јас и вие со нашите жалби и нашите писма ... О, колку сум ја мачел јас! И тоа уште во какво време! Јас сум неблагодарник! Замислете, кога се вратив дома го најдов нејзиното писмо. Еве, па читајте, читајте! О, колку беше тоа неблагодарно од моја страна!

И ми го подаде штотуку примено писмо од Варвара Петровна. Изгледаше како да се покаала поради својата утринска порака: „Останете дома". Писмото е учтиво, но сепак решително и со малку зборови. Таа го моли Степан Трофимович да дојде друг ден, во недела, точно во 12 часот, и го советува да поведе и некој од своите пријатели (во заграда стои моето име). Од своја страна ветува дека ќе го викне Шатов, како брат на Дарја Павловна. „Од неа тогаш ќе можете да го добиете крајниот одговор: дали ќе ви биде тоа доста? Дали е тоа формалноста што толку ја баравте?"

— Само внимавајте, таа зајадлива фраза на крајот. Кутрата, кутрата пријателка на целиот мој живот! Признавам, ова неочекувано решение на судбината навистина ме притиска, ме дави. Јас, признавам, сè уште се надевав ... а сега, сè е речено, знам дека е свршено, тоа е ужасно. О, да може таа недела никогаш да не дојде, туку да остане сè како што си беше: вие ќе доаѓавте, а тогаш јас...

— Ве збуниле неодамнешните гадости на Липутин, интригите.

— Пријателе, вие сега со својот пријателски прст допревте друго болно место. Тие пријателски прсти се воопшто безмилосни, а понекогаш и необични, пардон, но, верувајте, јас веќе сето скоро и го заборавив, сите тие гадости, т.е. не ги заборавив, туку од својата глупост, додека бев кај Лиза, се грижев да бидам среќен и самиот се уверував дека и сум среќен. Но сега ... о, јас сега морам да мислам на таа жена, благородна, хумана и трпелива спрема моите гадни недостатоци и слабости — сакам да кажам, не баш сосема трпелива, но добога, каков сум и јас со својата дива, лоша нарав! Ама јас сум распуштено, самоволно дете, со својата себичност на дете — само без детската невиност. Кутрата, како што Лиза грациозно ја нарекува, кут-

рата тетка дваесет години се грижела за мене и ме чувала како негувателка. И сега одеднаш, по дваесет години, детето ќе се жени, сака да земе жена, да, сака, па писмо на писмо, а таа има главоболка, облоги со киселина и... и — и, ете, постигнав што сакав — в недела сум оженет човек... шега, така да се рече, барем да знам зошто и самиот навалував — е па нека! Зошто ги пишував оние писма? Туку, заборавив; Лиза ја обожава Дарја Павловна, барем така вели; и вели (за неа): тоа е ангел, но само нешто малку таинствен". Обете ме советуваа, па и Прасковја... не. Прасковја не. О, колку отров е затворен во таа Коробочка! А Лиза, токму таа ме советува: „Зошто, вели да се жените — вам ви е доста и научното уживање." И се смее. Смеата ѝ ја простив, затоа што и таа самата има некаков немир во срцето. Секако — велат тие — вие не можете без жена. Доаѓа и слабоста и немоќта, а жената би ве покривала, или веќе како тоа... Жими вера, и јас, седејќи вака со вас, постојано мислев дека провидението ми ја праќа неа пред замирањето на моите блудни денови; да ме покрива, да ми угодува, или веќе како оди тоа... најпосле ќе треба за водење на куќата... Еве, погледнете колку ѓубре има овде; сѐ е во неред, пред малку заповедав сѐ да се нареди, а ене, книга на подов! Мојата кутра пријателка секогаш се лути за тој неред кај мене. О, сега веќе нема да одекнува нејзиниот глас овде! Дваесет години!... А — а, ми се чини и тие добиваат анонимни писма, замислете, како Николас божем му го продал имотот на Лебјаткин. Тоа е чудовиште и потем, кој е тој Лебјаткин; Лиза сето тоа го слуша, ох, и уште како го слуша! Јас ѝ ја простив смеата, јас видов со какво лице слушаше. А тој Морис... не би сакал да сум во сегашната негова улога... чесен човек, па сепак нешто срамежлив; впрочем, господ ќе го знае...

Тој замолчи, се умори и се заплетка, седеше со сведната глава вкочането гледајќи со уморните очи во подот. Јас го искористив кусиот одмор па му раскажав дека бев во куќата на Филипов и при тоа отсечно и опоро го искажав своето мислење дека сес-

трата на Лебјаткин (која не ја видов) навистина можела некогаш да биде некаква жртва на Николас, во она, како што се изрази Липутин, загадочно време на неговиот живот; и дека мошне е веројатно Лебјаткин да прима поради некакви причини, пари од Николас. Но тоа е сè — што се однесува до интригите околу Дарја Павловна реков — тоа е сè само празно дрдорење, сето тоа го наместил оној гад Липутин, барем како што пламено уверува Алексеј Нилич, а нема причини нему да не му се верува.

Степан Трофимович ме ислуша расеано; така како тие работи воопшто да не се однесуваат на него. Патем, јас му го спомнав и својот разговор со Кирилов и додадов дека Кирилов, можеби, се мрднал од умот.

— Не е луд, туку е од оние луѓе со тесни и плитки мисли, промрмори тој снеможено и како да блада. — Овие луѓе ја замислуваат природата и човечкото општество сосема поинаку од она како ги создал господ и какви што не се во стварноста. Со нив некои се впуштаат, но не и Степан Верховенски! Ги видов јас нив тогаш во Петроград, со мојата драга пријателка (о, колку ја навредував тогаш!) Па не се уплашив не само од нивните навреди, туку дури ни од нивните пофалби. Нема да се уплашам ни сега — но да зборуваме друго, — јас, изгледа, направив ужасни нешта; замислете, вчера ѝ испратив писмо на Дарја Павловна и... колку сега поради тоа себеси се проколнувам!

— А што ѝ напишавте?

— О, пријателе, верувајте, сè е пишано со благородност. Ја известив дека пред пет дена му пишав на Николас, исто така, со благородност.

— Сега разбирам! — викнав пламено. — Од кај си го зедовте тоа право нив двајцата да ги ставите заедно?

– Но, драги мој, немојте сосема да ме задавите. — Но да зборуваме за нешто друго, јас сум, изгледа, како... како лебарка; а најпосле, јас мислам дека сето тоа е мошне благородно. Помислете нешто и да

имало навистина... во Швајцарија... оти започнало. И тогаш, моја должност е нивните срца однапред да ги подготвам, за најпосле, на тие срца да не им пречам и да не се испречам, како греда, на нивниот пат... Јас тоа единствено од благородност го направив.

— О, боже, глупо сте постапиле! — ми излета од уста и не сакајќи.

— Глупо, глупо, — прифати и тој, дури со желба.

— Никогаш ништо поумно не сте рекле; тоа беше глупо, но што да се прави, речено е. Сеедно, ќе се оженам, макар и за „туѓите гревови“... но тогаш, зошто требаше да се пишува! Зарем не е вистина?

— Вие пак по свое!

— О, сега нема да ме уплашите со тоа викање; пред вас веќе не е оној Степан Верховенски; тој е закопан. Најпосле е речено. А и зошто викате? Единствено затоа дека не се жените вие и што не ви се падна вам да го понесете познатиот украс на главата. Вие пак се стеснувате? Кутри мој пријателу, вие не ја познавате жената, а јас само тоа и работев; ја проучував жената. „Ако сакаш целиот свет да го победиш, победи се себеси“ — тоа е единственото добро што умеел да го каже еден романтичар, таков каков што сте вие, Шатов, братот на мојата идна сопруга. На драго срце ги позајмувам неговите поговорки. Е, гледате, и јас сум готов себеси да се победам и се женам — меѓутоа, што ќе добијам јас место „целиот свет“? О, мој пријателу, за секоја достоинствена душа, за секоја независност — бракот е морална смрт. Брачниот живот ќе нè израсипе, ќе ни ја одземе енергијата, машкоста во службата на делото, ќе дојдат и деца, можеби, веројатно не мои — т.е., се разбира, не мои! Мудриот не се плаши да ѝ погледне в очи на вистината... Липутин пред малку ми предлагаше од Николас со барикади да се спасувам; Липутин, тој е глуп. Женското е во состојба и самото семоќно око божје да го излаже. Добриот бог, создавајќи ја жената, секако знаел на што се изпагал, но јас сум уверен дека самата таа му пречела во работата и сама го принудила да ја создаде во ваква форма и... со

вакви атрибути; инаку, кој би сакал толкава грижа тукутака да си навлече на врат. Настасја, тоа го знам, би се разлутила поради аква слободоумност, но... Најпосле, сè ѐ речено.

Тој не ќе биде тој ако се лиши од евтината каламбурска слободоумност, која во негово време мошне цутела; сега се тешеше барем со тој мал каламбур, само не за долго.

— О, добро ќе биде таа недела никако да не дојде! — извика тој одненадеж во полна очаеност. — Зошто барем таа недела да не биде без празничниот ден — ако веќе постои чудо? И што ќе му пречи на провидението ако ја избришат од календарот барем таа една недела, де, ако не за друго барем само за да му ја докаже на атеистот својата моќ и сè да биде речено!... О, колку ја сакав! Дваесет години, полни дваесет години, и никогаш не ме разбра!

— Но за кого зборувате вие? — запрашав јас зачудено — јас не ве разбирам!

— Дваесет години! И ниеднаш не ме разбра! О, тоа е свирепо!... Секако не мисли дека се женам од страв, од невола? О, срам! Тетка, тетка! За тебе е тоа! О, нека види таа тетка дека е единствената жена што дваесет години сум ја обожавал! Таа тоа мора да го дознае, инаку нема ништо, инаку само сосила ќе ме однесат под тој, што се вели, венец!

Ова признание, и уште вака енергично искажано, го чув тогаш првпат. Не кријам, добив желба да се насмеам. Немав право.

— Сега ми останува единствено тој, мојата единствена надеж! — плесна тој со раката одненадеж, како одеднаш да го стаписала некоја нова мисла. — Сега може да ме спаси само тој, моето сиромашно момче – о, зошто веќе не доаѓа! О, сине мој, о, мој Петруша... иако не сум заслужил да се наречувам татко, побргу тигар, сепак, оставете, пријателу, сакам малку да прилегнам, да си ги соберам мислите. Многу сум уморен, многу уморен, а и за вас мислам дека е време да спиете, гледате часот е дванаесет...

ЧЕТВРТА ГЛАВА

ХРОМКА*

I

Шатов не се вознемири, туку по мојата забелешка отиде, напладне, кај Лизавета Николаевна. Влеговме скоро заедно, зашто и јас дојдов да ја направам првата посета. Сите, значи, Лиза, мајката и Маврикиј Николаевич, седеа во големата сала и се расправаа. Мајката бараше Лиза да ѝ отсвири на пијаното некој валс, а кога таа почна да го свири, мајката ја убедуваше дека тоа не е оној што го барала. Маврикиј Николаевич, бидејќи е простодушен, ја бранеше Лиза и тврдеше дека тоа е токму оној валс, а старата од лутина се расплака. Таа беше болна и тешко се движеше. Нозете ѝ беа отечени и еве веќе неколку дена само се предаваше на настраности и на секого се извикуваше, иако секогаш се плашеше по малку од Лиза.

Тие му се израдуваа на нашето доаѓање. Лиза поцрвени од задоволство, па велејќи ми мерси, се разбира, поради Шатов, му пријде набљудувајќи го љубопитно.

Шатов несмасно застана кај вратата. Таа му заблагодари дека дошол и го одведе кај мајка си.

---

* Хромка — значи саката жена, или со прост израз куца.

— Ова е господин Шатов за кого ви зборував, а ова е господинот Г-в. голем пријател и мој и на Степан Трофимович. Маврикиј Николаевич, со него се запозна вчера.

— А кој е професорот?

— Овде професори нема, мамо!

— Не, има, самата штотуку рече дека ќе дојде професорот тоа бездруго е овој — таа презриво покажа на Шатов.

— Никогаш тоа не сум ви го рекла. Господинот Г-в е на служба, а господинот Шатов е бивш студент.

— Студент, професор тоа е исто, од Универзитет. Ти само да се караш. Оној од Швајцарија имаше мустаќи и брада.

— Мама постојано го наречува професор синот на Степан Трофимович — рече Лиза и го одведе Шатов во другиот крај на собата, до канабето. — Секогаш е таква кога ќе ѝ отечат нозете, вие разбирате, болна е — му шепна таа на Шатов и натаму гледајќи го со истата необична љубопитност, особено неговото перче на главата.

— Вие сте воено лице? — ме запраша старата на која Лиза безмилосно ме предаде.

— Не, госпоѓо, јас работам...

— Работите кај Степан Трофимович? Па и тој е професор?

— Ах, мамо, вие бездруго и ноќе сонувате професори — викна Лиза налутено.

— Ги има премногу и на јаве! А ти само да ѝ се спротивставуваш на мајка си. Дали бевте вие овде пред четири години кога доаѓаше Николај Всеволодович.

Одговорив дека бев.

— И некаков Англичанец бил заедно со вас?

— Не, немаше таков.

Лиза се насмеа.

— Ете гледаш — рече старата Дроздова, — немало никаков Англичанец; значи, лага. И Варвара Петровна и Степан Трофимович обајцата лажат... сите лажат!

— Тоа го пронајде тетка, а вчера и Степан Трофимович, дека Николај Всеволодович личи на принцот Хари во Шекспировата „Хенрих IV“ — ни објасни Лиза — па затоа мама вели дека имало Англичанец, или сега, дека немало.

— Ако немало Хари, тогаш немало ни Англичанец. Самиот Николај Всеволодович правел комедија.

— Ве уверувам дека мама намерно зборува така, — пак рече Лиза, мислејќи дека тоа треба да му се разјасни на Шатов; — таа многу добро знае за Шекспир. Самата јас сум ѝ го читала првиот чин на „Отело“; но неа сега болките многу ја мачат. Мамо, слушате ли, чука дванаесет, треба да земете лек.

— Дојде лекар — се јави собарицата на врата.

Старата се поткрена и го викна кученцето:

— Земирка, Земирка, ајде барем ти со мене!

Земирка, грдо, старо, малечко кученце не ја слушаше, туку се вовлекуваше под канабето на кое седеше Лиза.

— Не сакаш? Тогаш не те сакам и јас тебе. Збогум, синко... не ви го знам името — се сврти таа спрема мене.

— Антон Лаврентиевич...

— Сеедно, кај мене сето тоа од едно уво влегува на другото излегува. Немој да ме придружувате. Маврикиј Николаевич јас го викнав само Земирка. Фала му на бога, уште можам сама да одам... а утре ќе одам и на прошетка.

Таа налутено излезе од собата.

— Антон Лаврентиевич, вие сега поразговарајте со Мавриќиј Николаевич; ве уверувам, обајцата ќе добиете ако се запознаете од поблиску! — рече Лиза и пријателски му се насмевна на Маврикиј Николаевич кој целиот светна од нејзиниот поглед.

II

Работата што имаше да ја сврши Лиза со Шатов навистина беше само литературна и тоа ме зачуди. Не знам зошто, но сè ми се чининеше дека таа поради

нешто друго го повика. Ние, т. е. јас и Маврикиј Николаевич, гледајќи дека тие од нас не кријат ништо и дека разговараат мошне гласно, почнавме да наслушнуваме, а потем и нас нè викнаа на договарање. Работата беше во тоа што Лизавета Николаевна веќе одамна смислила да издаде една, како што мисли таа, корисна книга; но бидејќи е сосема без искуство, потребен ѝ е соработник. Сериозноста со која му го изложуваше на Шатов својот план ме зачуди. „Сигурно е од новите — помислив — не била попусто во Швајцарија“

Шатов ја слушаше внимателно, со очите заковани во подот, и ни малку не се чудеше што една светска расеана госпоѓица презема работа која, би се рекло, со неа никако не оди.

Нејзиното литературно претпријатие би било следново: Во Русија излегуваат многу престолнички и покраински весници и други дневници и списанија, и во нив секој ден се соопштуваат многу работи. Годината поминува, весниците се оставаат во шкафовите, или се кинат и се фрлаат, или одат на пакување, на ќесиња и капи. Многу од објавените факти прават впечаток и остануваат во сеќавање, но со време се заборааат. Луѓето, подоцна, ќе сакаат за нешто да се изјаснат, но колкава работа е тоа да се бара во море од весници, често без да се знае ни денот, ни местото, па ни годината на случката! Но кога сите тие факти, за цела година, би се собрале во една книга, и тоа по некој систем, со план, и по некоја замисла, и кога би се средиле во глави, со упатства, со распоред по месеци и денови, таков зборник може да ја скицира целата карактеристика на рускиот живот за цела година, и покрај тоа што, спрема сè она што во годината се случува, само мал дел од факти ќе биде објавен.

— Место множеството весници, ќе излезат неколку дебели книги и тоа е сè — напомена Шатов.

Но Лизавета Николаевна иако тешко и невешто се изразуваше, сепак пламено ја бранеше својата замисла. Мора да биде само една книга не повеќе — уверуваше таа — дури ни не многу голема. Да рече-

ме дури, нека е и голема, само нека е добра, јасна во она што е главно, во планот и во начинот на излагање. Се разбира, не е потребно сè да се собира и да се препечатува. Указите, работата на владата, пооделни наредби, месни уредби, сето тоа, иако мошне важно, може да изостане од ваквото издание. Многу нешта можат да се изостават и да се даде само избор на настаните кои повеќе или помалку го изразуваат народниот морален живот, личноста на рускиот народ во дадениот момент. Се разбира, може да се внесе разум: и куриозности, и пожари, добротворни прилози, основање на установи, секое добро и лошо дело, некој збор и реченица, ако сакате дури и извештаи за излевањето на реките, ако сакате дури и по некоја наредба на владата, објава, но од сè треба да се избере само она што оцртува едно време. Сè да се внесе со одредени погледи, со упатства, со намера, со мисла што ја расветлува целината, сè вкупно. И најодзади, книгата мора да биде интересна поради лесницата во читањето; тоа ќе биде, така да се рече, слика на духовниот, моралниот, внатрешниот руски живот за една цела година. „Потребно е таа книга секој да ја купи, потребно е да биде прирачна, да се наоѓа на секоја маса" — разложуваше Лиза. — Мене ми е јасно — заврши таа — дека ќе зависи од планот, затоа и ви се обраќам Вам. — Таа беше мошне загреана за својата за мисла и, иако не умееше да ја искаже јасно и наполно, Шатов почна да ја сфаќа.

— Значи, тоа е сепак нешто со насока — одбирање и подредување на фактите со одредена насока — промрмори тој, а никако да ја крене главата.

— Тоа никако; не чини да се сведе на насока и не требаат никакви насоки. Чиста непристрасност, и ете ја насоката.

— Па и насоката не е зло — се помрдна Шатов; — А и не може таа ни да се избегне штом се врши какво и да е одбирање. Во изборот на фактите веќе е упатството како треба да бидат разбрани. Вашата идеја не е лоша.

— Тогаш, значи, таква книга е возможна?

— Треба да се види и да се размисли. Тоа е грамадна работа. Ништо не може одеднаш да се измисли. Потребно е искуство. Можеби, веќе и ќе ја издаваме книгата, а уште не ќе знаеме како се работи. Дури по многу искуство; но мислата ќе се испили. Корисна мисла.

Најодзади тој ги поткрена клепките; очите му светеа од задоволство, толку беше заинтересиран.

— Дали вие тоа сама го смисливте? — ја запраша тој Лиза мило и некако срамежливо.

— Па не е тешко да се смисли; маката е со планот — се насмевна Лиза. — Јас разбирам малку и не сум многу мудра и го следам само она што ми е само мене самата разбирливо.

— Следите?

— Веројатно не оди тој збор? — побрза Лиза.

— Може и така.

— Може и така; јас, ништо, реков само онака.

— Уште во странство мене ми се чинеше дека и јас можам да бидам од некоја корист. Имам пари, лежат неупотребени, па зошто да не поработам за општото дело. Освен тоа, мислата одеднаш дојде некако сама по себе; не сум ја смислувала порано и многу ѝ се израдував; но веднаш увидов дека тоа не ќе оди без соработник, зашто јас ништо не умеам сама. Се разбира, соработникот ќе биде и коиздавач на книгата. Ние ќе делиме заеднички — ваш е планот и работата, моја замислата и паричните средства. И книгата ќе се исплати!

— Ако пронајдеме точен, вистински план, книгата ќе оди.

— Внимавајте, ве молам. Јас не мислам на добивка, но многу би сакала книгата да се продава и ќе се гордеам со таа добивка.

— Добро, а што ќе правам јас при тоа?

— Па јас токму и ве повикувам на соработка... ќе делиме по половина. Вие ќе го смислите планот.

— А од каде знаете вие дека јас можам да го смислам планот?

— Ми зборувале за вас, а и овде слушав ... знам дека сте вие мошне умен и ... и дека работите ... и ... дека многу мислите; мене во Швајцарија за вас ми зборуваше Петар Степанович Верховенски — додаде таа забрзано. — Тој е мошне разумен човек, нели?

Шатов за миг фрли на нea брз поглед, но веднаш ги спушти клепките.

— Исто така, и Николај Всеволодович за вас многу ми зборуваше.

Шатов нагло поцрвени.

— Туку, еве новости — Лиза набрзина зеде од масата подготвено и подврзано тесте весници. — Тука јас се обидов да ги одбележам фактите за избор, ги одбрав, ги обележав со броеви ... вие ќе ги прегледате.

Шатов ги прифати весниците.

— Однесети ги дома и прегледајте ги; каде живеете?

— Во улицата „Водици", во куќата на Филипов.

— Знам. Таму велат, живее, ми се чини, и некој капетан крај вас, господин Лебјаткин? — продолжи Лиза, со истата забрзаност.

Шатов ги држеше весниците во рацете онака како што ги прифати и остана така прилично без одговор, гледајќи вземи.

– За овие работи можевте друг да одберете, јас не ќе ви бидам ни малку погоден — рече тој одвај и некако со мошне чудно спуштен глас, скоро со шепот.

Лиза пламна.

— За какви работи вие зборувате? Маврикиј Николаевич — извика таа. — Дајте ми го, ве молам, писмото од пред малку.

Со Маврикиј Николаевич пријдов до масата и јас.

— Погледнете го ова, — се сврти таа кај мене отворајќи го писмото мошне возбудено. — Дали некогаш сте виделе нешто вакво? Ве молам, прочитајте гласно, потребно е да чуе и господин Шатов.

Мошне изненаден јас гласно го прочитав ова:

До совршенството, девицата Тушина.

Почитувана госпоѓице.

Елизавета Николаевна!

О колку е прекрасна таа,
Елизавета Тушина
кога со роднината на женско седло лета,
а со кадрите нејзини си играат ветровите;
или кога в црква со мајката ничкум паѓа,
и жарта на побожните лица се гледа тогаш!
Тогаш брачни и законски радости посакувам
за неа солза, со мајката, ѝ испраќам и делам.

Составено од неук во стих

„Почитувана госпоѓице"!

Повеќе од сите се жалам себеси што во Севастопол не загубив рака поради слава, бидејќи воопшто и не сум бил таму, туку сум служел цели кампањи издавајќи презрен провијант и сметајќи го тоа за понижување. Вие сте божица од антиката, а јас ништо и ми дојде така на ум за бескрајноста. Гледајте на ова како на стихови, не поинакви, зашто стиховите се сепак лудорија и го оправдуваат она што во прозата се смета како дрскост. Дали може да се лути сонцето на инфузоријата ако му пее таа песни од водената капа, во која ги има множество, како под микроскоп? Дури ни клубот на човекољубие спрема крупниот добиток во Петроград при високото општество, по право сожалувајќи го коњот и песот, не знае и не ја гледа малечката инфузорија дури ништо и не спомнувајќи ја, зашто не е дорастена. Не сум порастен ни јас. Помислата на брак ќе биде смешна да се умре од смеа; но наскоро ќе ги имам бившите двесте души со посредништво на човекомразец кого вие го презирате. Можам многу да соопштам и готов сум да се предизвикам да искажам сè по документите, дури и во Сибир. Не презирајте ја понудата. Писмото од инфузоријата да се разбере во стихови.

Капетан Лебјаткин, најпокорно пријателско лице во слободното време."

— Ова го пишувал човек пијан и никаков! — викнав јас во лутината. — Јас го познавам!

— Тоа писмо го добив вчера — ми објасни Лиза црвенејќи и забрзано. — Веднаш и самата видов дека

е од некој глупак, и уште не сум ѝ го покажала на мама, за да не се кине уште повеќе. Но ако продолжи, не знам што да правам. Маврикиј Николаевич сака да појде малку да му се закани. — Но — се сврти таа кон Шатов — бидејќи ве сметам за свој соработник, а живеете во иста куќа со него, сакав вас да ве потпрашам да видам што може уште од него да се очекува.

— Пијан и никаков — промрмори Шатов како не сакајќи.

— Дали е тој секогаш глуп!

— Ех, не; не е толку глуп кога не е пијан.

— Познавав еден генарал кој пишуваше исти вакви песни, — напоменав смеејќи се.

— И по ова писмо се гледа дека е тој внимателен, — се вмеша наеднаш молчаливиот Маврикиј Николаевич.

— Велат, живее со некаква сестра? — запраша Лиза.

— Да, со сестрата.

— Велат, ја тиранизира, дали е тоа вистина?

Шатов пак погледна во Лиза, се намурти, промрмори: „Што ми е грижа!" и тргна кон вратата.

— Ах, чекајте — викна Лиза уплашено — кај брзате? Имаме уште многу да разговараме...

— А за што? Утре ќе ви јавам...

— Па за најважната работа, за печатницата! Верувајте, јас не се шегувам, јас сакам сериозно да работам, — го уверуваше Лиза со сè поголема вознемиреност. — Ако се решиме на издавање, каде ќе печатиме? Да тоа е најважното прашање, зашто ние поради тоа нема да одиме во Москва, а овдешната печатница таква книга не може да изработи. Јас одамна се имам решено да основам своја печатница, можеби на ваше име, и знам дека и мама ќе допушти, ако биде на ваше име...

— А од каде знаете дека јас можам да бидам печатар? — смрачено запраша Шатов.

— Па мене Петар Степанович во Швајцарија ми спомна токму за вас и ми рече дека вие можете да

водите печатница, ја познавате работата. Дури сакаше по мене да ви испрати писмо, само јас на тоа заборавив.

Шатов, колку што си спомнувам сега, целиот се промени во лицето. Тој постоја уште неколку секунди, па нагло излезе од собата.

Лиза се налути.

— Дали тој секогаш вака си оди? — се сврти таа кон мене.

Само што ги собрав ремениците, а Шатов неочекувано се врати, пријде право кон масата и ги спушти весниците.

— Не можам да бидам соработник, немам време...

— А како тоа? Како тоа? Вие, ми се чини, се налутивте? — го запраша Лиза со разжалостен глас што моли.

Звукот на тој глас како да го зачуди. Тој за неколку мига се загледа во неа како да сака да продре во самата нејзина душа.

— Сеедно, — промрмори тој тивко, — но јас не сакам...

И најпосле отиде. Лиза многу се изненади, дури некако и сосема преку мера како што ми се стори мене.

— Чудно настран човек! — напомена Маврикиј Николаевич и мошне гласно.

III

„Настран" секако; но во сето ова имаше необично многу нејасности, некои неразбирливости. Тука има нешто друго! Во ова издавање на книгата јас никако не верувам; а потем, и она глупо писмо, но писмо со премногу разбирлива понуда за некаква достава „по документи" — што сите го премолчеа и зборуваа нешто сосема друго место за тоа; најодзади, таа печатница, па наглото заминување на Шатов, и тоа токму затоа дека се зборуваше за печатницата. Тоа ме наведе на мислата дека овде уште пред моето доаѓање се случило нешто што јас не го знам, дека сум јас, значи, излишен

и дека сето тоа не е моја работа. А и време беше за заминување; како за прва посета, доста беше. Пријдов да се поздравам.

Таа, како што изгледаше, беше заборавила дека сум и јас во собата; стоеше сè уште на истото место, крај масата, мошне замислена, со сведната глава, неподвижно гледајќи во една избрана точка на ќилимот.

— Ах, и вие, довидување! — проговори таа со свикнат пријателски тон. — Поздравете го Степан Трофимович и натерајте го што поскоро да дојде кај мене. Маврикиј Николаевич, Антон Лаврентиевич си оди. Проштавајте, мама не може да дојде и да се поздрави со вас.

Излегов и веќе се симнав низ скалите кога одеднаш собарот ме стаса на самиот излез.

— Госпоѓата многу моли да се вратите.

— Госпоѓата или Елизавета Николаевна?

— Таа, молам.

Лиза не ја најдов во големата соба во која бевме пред малку, туку во најблиската соба за примање. Вратата на големата соба во која Маврикиј Николаевич остана сам беше цврсто затворена.

Лиза ми се насмевна, но беше бледа. Стоеше среде собата, очигледно нерешителна, во очигледна борба; одеднаш, ме зеде за рака и, молчејќи, брзо ме одведе до прозорецот.

— Јас сакам сега, веднаш, без одлагање, да ја видам неа — прошепоти таа и впери во мене топол поглед, силен, нестрплив кој не допушта ни сенка отпор; — јас неа морам да ја видам со своите очи и ве молам да ми помогнете.

Беше сосема надвор од себе си од бес и — во очај.

— Кого сакате да го видите, Лизавета Николаевна? – запрашав со страв.

– Таа Лебјаткина, таа е куца . . . таа е саката, нели?

Бев стаписан.

— Никогаш не сум ја видел, но сум чул дека е саката, токму вчера чув — пелтечев со брза готовност и исто така со шепот.

— Морам да ја видам, без поговор. Дали можете тоа да го направите уште денес?

Премногу ја жалав.

— Тоа е, мислам, невозможно ... а освен тоа, јас, јас не знам како би успеал во тоа — почнав божем се согласувам — да појдам до кај Шатов.

— Ако не го изведете тоа до утре, јас ќе појдам сама, зашто Маврикиј Николаевич не сака. Само во вас се надевам и немам повеќе никој, а со Шатов зборував глупо ... уверена сум дека сте вие наполно чесен човек, а може би сте ми и верен; само наредете го тоа.

Почувствував страсна желба во сѐ да ѝ помогнам.

— Еве што ќе правам — помислив малку — ќе појдам самиот таму и ќе ја видам уште денес; бездруго, бездруго ќе ја видам. Ќе наредам да ја видам, ви давам чесен збор; но одобрете ми да му се доверам на Шатов.

— Речете му дека е тоа моја желба и дека не можам да чекам повеќе, и речете му дека пред малку не го залажував. Тој, можеби затоа и отиде дека е многу чесен, па не му се допадна дека го залажував; а јас не го залажував, јас навистина сакам да ја издадам книгата и да основам печатница ...

— Тој навистина е мошне чесен — потврдив јас пламено.

— Впрочем, ако не се нареди за утре, јас ќе појдам сама, па потем што ќе биде нека биде, и макар сите да дознаат.

— Утре пред три часот не можам да дојдам кај вас, — напоменав јас присетувајќи се.

— Значи, во три? Токму, значи, си помислив вчера, кај Степан Трофимович, дека вие донекаде сте ми верен? — се насмевна таа, набрзина се поздрави со мене и побрза кон оставениот Маврикиј Николаевич.

Излегов под притисок на своето ветување и не знаев токму што се случи. Видов жена во вистински очај, која не се плашеше дека со ова доверување, спрема човек што ѝ е скоро непознат, ќе се изложи на непријатности. Нејзината блага и нежна насмевка во моментот за неа толку тешко и внимателното навесту-

вање дека таа веќе вчера ги забележала моите чувства, просто ме трогнаа во срцето. Но, пред сѐ, ми беше жал за неа, многу жал — и тоа е главно! Нејзините тајни одеднаш станаа нешто свето за мене; и ако некој почнеше да ги изнесува токму и пред мене, јас, ми се чини, ќе ги затворев ушите и не ќе сакав ништо да слушнам. По нешто насетував . . . Но, сепак, никако не можев да видам како ќе наредам јас тука што и да е. Не само тоа, туку јас уште никако не знаев што треба поправо да се изготви: видување, но какво? Како да ги составам? двете? Целата надеж ми беше во Шатов, иако веднаш можев да знам дека тој ништо не може. Но, сепак, побрзав кај него.

IV

Дури вечерта, во осум, го најдов дома. Многу се зачудив кога видов кај него гости — Алексеј Нилич и уште еден мене допола познат господин, некој Шигалев, роден брат на жената на Виргински.

Бездруго има веќе два месеца како гостува кај нас овој Шигалев во нашиот град; не знам од каде дошол; за него сум чул само толку дека во еден напреден петроградски весник печател некаква статија. Виргински ме запозна со него случајно на улица. Никогаш во својот живот не сум видел човечко лице толку мрачно и намуртено. Изгледаше како да ја очекува пропаста на светот, и тоа не којзнае кога, според пророштвата кои и не мора да се остварат, туку во сосема точно одредено време, така како другиден претпладне, точно во 10 и 25 минути. Впрочем, тогаш скоро ни збор не си рековме. Само ги испруживме рацете, како двајца заговорници. Уште многу се зачудив на неговите уши, неприродно големи, долги, широки и дебели, кои некако особено стрчеа, секое на своја страна. Неговите движења беа аглести и бавни. Ако Липутин само сонуваше дека и во нашата губернија некогаш ќе се остварат фаланстерите, овој Шигалев бездруго го знаеше и денот и часот кога ќе биде тоа. Мене

тогаш тој ми направи злокобен впечаток; и кога сега го најдов кај Шатов, се зачудив дотолку повеќе дека Шатов воопшто не љубеше гости.

Уште од скалите се слушаше дека зборуваат мошне гласно, сите тројца одеднаш и, како што изгледаше, се расправаа; но само што се појавив, тие сите замолчија. Се расправаа стојеќи простум па сега одеднаш сите седнаа, па морав да седнам и јас. Глупото молчење не се прекина цели три минути. Иако ме позна, Шигалев се правеше како да не ме знае, но секако не од непријателство, туку онака. Алексеј Нилич и јас разменивме лесни поклони, но молчаливо и не знам зошто, без ракување. Најпосле Шигалев почна да ме гледа, строго и мрачно, со најнаивното верување дека јас веднаш ќе станам и ќе си одам. Најпосле, Шатов малку се придигна од столот, а одеднаш скокнаа и другите. Си отидоа без поздрав, само Шигалев, кога веќе беше на вратата, му рече на Шатов кој ги испраќаше:

— Запомнете дека должите пресметка.

— Плукам јас на вашите пресметки и никому ништо не му должам — го испрати Шатов и со кука ја затвори вратата.

— Земи, зошто не сакаш! — рече тој и ме погледна насмевнувајќи се некако накриво, со едната страна на устата.

Беше со разлутено лице ми беше чудно дека самиот проговори. Инаку порано, кога ќе му дојдев, а тоа беше многу ретко, обично намуртен ќе седне во некој крај, налутено одговара и дури по долго време сосема ќе оживи и со задоволство ќе почне да зборува. А при разделбата секогаш пак ќе се смрачи и ќе ве пушти да си одите така како да тера откај себе личен непријател.

— Вчера бев на чај кај тој Алексеј Нилич, — напомнав јас. — Тој, ми се чини, е заблуден од атеизмот.

— Рускиот атеизам никогаш не одел подалеку од каламбурот, — промрмори Шатов поставувајќи нова свеќа место догорената.

— Не ќе е така! Овој, ми се чини, не е каламбурист, тој, како што изгледа, не умее да говори ни обично, а уште помалку да прави каламбури.

— Книжни луѓе; сето тоа доаѓа од лакејството на мислите — мирно напомена Шатов, седна на крајот од столот и се потпре со дланките на колена. — Тука има и омраза, има злоба — изусти тој откако малку помолчи.

— Тие први ќе бидат страшно несреќни ако Русија некако одеднаш се преуреди, па тоа да биде токму и по нивниот начин и некако одеднаш да стане неизмерно богат и среќен. Тогаш не ќе имаат кого да го мразат, не ќе имаат кого да го презираат, не ќе имаат некого што би го исмејувале! Тука не е само онаа животинска, бескрајна омраза спрема Русија, туку органска... Тука нема никакви за светот „невидливи солзи под видливата смеа“! Во вистинската Русија, впрочем, уште не се изговорени зборави поважни од тие невидливи солзи! — викна тој скоро бесно.

— Е, господ гледа дека сте вие многу лути — се насмеав јас.

— А вие сте „умерен либерал“ — се насмевна и Шатов. — Знаете — дофрли тој веднаш — јас можеби малку и згрешив со она за „лакејството на мислите“, вие сигурно веднаш во себе си рековте: „Тоа го зборуваш, зашто ти си роден од лакеј, а јас не сум лакеј.“

— Тоа никако не сакав да го речам... Што зборувавте?

— Немојте да се правдате, јас од вас не се стеснувам. Лакејот некогаш само ме родил, а сега и самиот станав лакеј, ист таков како вас. Нашиот руски либерал пред сѐ е лакеј, и само тоа гледа како на кого да му ги исчисти чевлите.

— Какви чевли? Тоа е некоја алегорија!

— Каква алегорија пак сега? Се смеете, гледам јас... Добро вели Степан Трофимович дека јас лежам под карпа пригмечен но уште неугасен, и само се грчам; тоа убаво го спореди.

— Степан Трофимович тврди дека вам Германците ви го свртиле умот — се насмеав јас — а навистина и сите од Германците по нешто сме пикнале во својот џеб.

— Сме зеле дваесет копејки, а си ги дадовме своите 100 рубли.

Ние малку помолчивме.

— Во Америка го заработил тоа.

— Кој? Што заработил?

— Па Кирилов. Ние таму четири месеци заедно спиевме на душеме во една кошара.

— Зарем вие сте биле во Америка? — се зачудив јас. — Тоа никогаш не сте го спомнале.

— Зошто да го спомнувам. Пред три години, ние тројца, со последната пара во џебот, отидовме со иселенички брод во Соединетите Американски Држави „самите на себе да почувствуваме како живее американскиот работник, па на тој начин со личното искуство да се запознаеме со состојбата на човекот во најтешката општествена положба“... Затоа отидовме таму.

— Господи! — се насмеав јас — подобро ќе беше да појдевте во некоја наша губернија во време на најтешките полски работи, па тоа „со лично искуство да го почувствувате“, а вас ве натерало дури во Америка!

— Таму се погодивме кај еден експлоататор како работници. Бевме шестмина Руси: студенти, и некои сопственици со имот, имаше дури и офицери — а сите беа дојдени со истата величествена намера. И така, работевме, кисневме, се мачевме, се заморувавме; најодзади јас и Кирилов, отидовме, се разболивме, не можевме да издржиме. Домаќинот експлоататор нè измами во сметката и нè опљачка, па место 30 долара според договорот, мене ми исплати 8 а нему 15; а нè тепаа таму често. Е, тогаш јас и Кирилов, безработни, проживеавме во предградието четири месеца, спиејќи на подот во кошарата — тој, мислејќи едно, а јас друго.

— Зарем газдата ве тепал, зарем таму, во Америка? Па како тоа? Мора да сте се карале?

— Ни најмалку. Напротив, обајцата, јас и Кирилов заклучивме дека „ние Русите сме мали деца спрема Американците и дека треба човек да се роди во Америка, или барем да се соживее со Американците и да се навикнува на нив долги години, па да може да застане со нив заедно". Да... кога за една ситница од копејка ни бараа по долар, ние тоа го плаќавме не само на драго срце и задоволно, туку дури и одушевено. Се фалевме: спиритизмот, правото на линч, револверите, скитниците... Еднаш, си одиме ние по патот, а некој човек ја пикна раката во мојот џеб, ја извади четката за коса и се исчешла; јас и Кирилов само се погледнавме и најдовме дека е тоа мошне добро, многу ни се допадна.

— Чудно е не само дека тоа нам ни оди в глава, туку дека се извршува — напоменав јас.

— Книжни луѓе — повтори Шатов.

— Но сепак, да се помине Океанот на иселенички брод, да се појде во непозната земја макар само со намерата „со лично искуство да се запознае", и т.н. — во тоа има, жими бога, и како некоја благородна цврстина... Па, како се извлековте оттаму?

— Јас му пишав на еден човек во Европа, па тој ми прати 100 рубли.

Зборувајќи, Шатов по својот обичај постојано гледаше вземи, дури и кога се загреваше. Но сега одеднаш ја крена главата.

— Дали сакате да го знаете името на тој човек?

— Кој е?

— Николај Ставрогин.

Тој наеднаш стана, се сврти кон масата за пишување и почна нешто да бара. Кај нас кружеше глас, нејасен но доста сигурен, дека неговата жена, некое време била во врска со Ставрогин, во Париз, пред две години, значи, додека Шатов бил во Америка — навистина тоа минало многу време откако таа го оставила Шатов во Женева. Си помислив; ако е така, што го тераше сега да се повикува на тоа име и да зборува?

— Тоа уште не сум му го вратил ни до денес — се сврти тој пак кон мене и, погледнувајќи ме внимателно, пак седна на своето поранешно место во аголот и ме запраша решително, веќе со сосема друг глас:

— Вие, секако, сте дошле по некоја работа; што сакате?

Јас му раскажав сè, точно по редот, и додадов дека сега навистина, успеав да размислам по својот прв оган, но дека дотолку повеќе се збунив зашто увидов дека тука има нешто многу важно за Елизавета Николаевна, дека сакам да ѝ помогнам, но несреќата е што сега не знам како да го одржам ветувањето што ѝ го дадов, и не само тоа, туку не знам поправо ни што сум ѝ ветил. Потем уште еднаш сериозно и уверливо му потврдив дека Лиза ниту сакала ниту помислила него да го залажува, дека тука се случило некакво недоразбирање и дека таа многу се лути поради неговото преѓешно необично заминување.

Тој слушаше многу внимателно.

— Веројатно, по својот обичај, пред малку навистина сум направил глупост . . . Но ако таа ме разбрала зошто си отидов онака, тогаш... дотолку подобро за неа.

Тој стана, пријде кон вратата, малку ја подотвори и прислушна како е на скалите.

— Вие сакате лично да ја видите?

— Тоа е она што треба, но како да се изведе? — скокнав јас израдуван.

— Па едноставно, ајде кај неа, додека е сама. Кога ќе дојде, тој ќе ја истепа ако познае дека сме доаѓале. Јас често одам скришно. Го натепав јас него неодамна, кога пак почна да ја тиранизира.

— Што велите?

— Жими бога; го фатив за коса и така го оттргнав од неа; поради тоа сакаше да ме удри, но го бев уплашил, и на тоа се сврши. Се плашам, ќе се врати пијаницата, ќе се сети, па затоа жестоко ќе ја истепа.

Веднаш потоа се симнавме по скалите.

V

Вратата од станот на Лебјаткин беше само затворена, не и заклучена, па слободно влеговме. Беа сместени сè на сè во две собички, малечки и грди, со исчадени ѕидови, од кои искинатите и валкани тапети висеа, како партали. Тука некогаш, со години било биртија, додека Филипов не ја пресадил во својата нова куќа. Другите соби што ѝ припаѓале сега се заклучени, само овие две ги зазема Лебјаткин. Од мебел, тука има прости клупи и маси, крај нив уште и една единствена фотелја без рачки. Во другата соба, во аголот, постела со покривач од циц за мадмазел Лебјаткина; а капетанот, кога легнува, секогаш се испружува на подот, често онака како што се згодил. Секаде е натрошено, наѓубрено, исквасено; една крпа, голема, дебела, сосема водена, лежи среде првата соба, на подот, а тука, во истата баричка, и стар изгазен чевел. Се гледа дека овде никој ништо не работи, печките не се загреваат, јадења не се готват; тие немаат ни самовар, како што пред малку детално раскажа Шатов. Капетанот со сестрата се досели како сиромав и, како што вели Липутин, отпрвин навистина одел по некои куќи по нешто да присобере; а кога одненадеж доби пари, веднаш почна да пие и во пиењето сосема се изгуби, па затоа веќе не му беше грижа за куќата.

Мадмазел Лебјаткина што толку сакав да ја видам, седеше во другата соба мирно и нечујно, во аголот, на клупата крај просто делканата кујнска маса. Кога ја отворивме вратата таа и не нè поздрави, дури и не се помрдна од местото. Шатов велеше дека кај нив вратата не се затвора. Еднаш цела ноќ останала ширум отворена. При матната светлост на танката свеќа јас догледав жена од можеби 30 години, болно слаба, во стар темен фустан од циц, со врат гол и долг, косата ретка и темна, завиткана на тилот во кок колку тупаница од двегодишно дете. Таа погледна во нас доста весело. Освен свеќата, пред неа на масата имаше мало огледалце во дрвена рамка, куп стари карти, некаква искината песнарка и германска бела земичка, едно двапати загризена.

Убаво се гледаше дека мадмазел Лебјаткина се бели и црви, и со нешто ги мачка усните, ги мачка и веѓите, инаку долги, танки и темни. На тесното и високо чело се оцртуваа, и покрај белилото, три долги брчки, доста остри. Знаев дека е крива, но овојпат таа пред нас не стануваше и не одеше. Некогаш во првата младост, ова заслабнато лице можело да биде и убавичко; но мирните умилни очи уште и сега беа доста убави; нешто мечтателско и искрено светкаше во нејзиниот мирен, скоро радосен поглед. Таа тивка радост се гледаше и во нејзината насмевка, на што се чудев по сè што бев чул за камшикот и за сите недела на нејзиниот брат. Чудно, место тешка па и бојазлива одвратност која обично се чувствува при погледот на слични суштества што господ ги накажал, мене, веќе од првиот момент, ми беше скоро и пријатно да ја гледам и можеби само сожалување, а не некаква одвратност завладеа потем со мене.

— Ете така, по цел ден, седи сама и не се мрда, гледа во картите или се огледува — ми покажа Шатов на неа уште од прагот. — Тој не се грижи ни за нејзината храна. Старицата, од одделението на Кирилов во дворштето ѝ донесува понекогаш нешто за јадење. Ете, така ја оставаат сама, со оваа свеќа!

Се чудев дека Шатов зборува гласно како неа да ја нема во собата.

— Добар ден, Шатушка! — рече мадмазел Лебјаткина љубезно.

— Ти донесов гостин, Марија Тимофеевна — рече Шатов.

— Е па, добре дојде! Не знам кого си донесол; некако за ваков не си спомнувам — рече таа гледајќи ме зад свеќата мошне внимателно, па потем се сврти кон Шатов. (А кон мене повеќе воопшто не се сврти како и да не бев тука, пред неа.)

— Веројатно ти здодеало сам да шеташ таму под покривот? — се насмеа таа, па се покажаа два реда извонредни, прекрасни заби.

— И ми здодеа и посакав да те видам.

Шатов ја приближи клупичката до столот, седна на неа, па ме викна и мене да седнам крај него.

— Секогаш сакам разговор, но само ти си ми смешен, Шатушка, како да си калуѓер! Кога си се исчешлал? Дај де, да те исчешлам — таа извади чешел од џебот. — Сигурно не си мавнал со чешелот од онојпат кога јас те исчешлав.

— Ама јас и немам чешел — се насмеа Шатов.

— Навистина? Па да ти го подарам својот, не овој туку друг, само потсети ме.

Таа најсериозно се прифати со чешлањето, дури направи и патец отстрана, се навали малку да види дали е добро, па потем чешелот пак го остави в џеб.

— Знаеш што, Шатушка — одмавна таа со главата — ти си, те молам, учен човек, аваму тешко ти е и чмаеш. Мене ми е чудно кога на сите вас гледам така. — Не знам како тоа патат луѓето од чмаење и мрзоволност. Тагата не е и досада. Јас сум весела.

— И покрај братот?

— Ти мислиш на Лебјаткин? Тој е мој собар. И сосема сеедно ми е дали е овде или не. Јас ќе му викнам: Лебјаткин, донеси вода. Лебјаткин, дај ги чевлите, а тој веднаш трча; понекогаш и грешам, смешно ми е со него.

— И тоа е од збор до збор така — пак се сврти Шатов накај мене, сосема гласно и без заобиколување. — Таа го третира сосема како лакеј; имам чуено и самиот кога го довикнува: „Лебјаткин, донеси ми вода" и на тоа гласно се смее; разликата е сега само во тоа што тој не трча по вода, туку поради тоа ја тепа; но таа од него ни малку не се плаши. Таа страда од некои нервни настапи, ги има скоро секојдневно, и ѝ го одземаат помнењето, така што по тие настапи, заборава сѐ што било, а во времето секогаш се збркува. Вие мислите дека таа знае кога дојдовме ние? Можеби и знае, но бездруго веќе сѐ примила на свој начин и преработила, па сега мисли којзнае кои сме, само не она што сме, иако помни дека јас сум Шатушка. Не е важно дека јас зборувам мошне гласно, таа веднаш престанува да го слуша оној што зборува, и веднаш целата ѝ се предава на својата фантазија — да, сосема така: се предава. Вонредна мечтателка е; по осум часа, по цел ден седи на место... Ене, онаа земичка онде, мо-

жеби уште изутрина само еднаш ја гризнала, а ќе ја доврши можеби утре. Внимавајте, сега почнува да гледа.

— Гледам и гледам, Шатушка, ама некако не излегува — прифати Марија Тимофеевна штом го чу последниот збор; и не гледајќи, ја испружи левата рака кон земичката (веројатно, исто така дека го чу и тој збор). Најпосле, ја дофати земичката, но откако ја задржа во левата рака, таа, привлечена повторно од разговорот, пак ја спушти на масата, не знаејќи, и не загризувајќи.

— Излегува сè на едно: пат, лош човек, некаква измама, мртовечка постела, од некаде писмо, неочекувана вест — сето тоа се лаги, мислам јас, Шатушка, а ти? Кога лажат луѓето, зошто да не лажат картите? — таа одеднаш ги собра картите. — Токму тоа истото ѝ го реков еднаш на мајка Прасковја, чесна жена, често кај мене во ќелијата навраќаше, да ѝ гледам на карти, скришно од мајката игуманија. А не навраќаше таму само таа. Сите тие се чудат, мавтаат со главата, погодуваат, а јас само се смеам: „А од кај ќе добиете вие, мајко Прасковја, ви велам, писмо, кога тоа не се случито цели дванаесет години?“ Ќерката мажот некаде во Турција ја однесол, и веќе 12 години од неа нема ни трага ни глас. Кога, другиот ден приквечер, седам јас на чај кај мајката игуманија (нашата игуманија е од кнежевски род), а седи уште и некоја госпоѓа чудна, голема мечтателка, и седи еден чуден калуѓер, доста смешен човек, така ми се чини мене. Па што мислиш, Шатушка, истиот тој калуѓер, истиот тој ден, ѝ донесол на мајката Прасковја писмо од Турција од ќерката — еве ти, на, ѓаволице неочекувана вест!... Пиеме ние така чај, а атомскиот калуѓер ќе ѝ рече на мајката игуманија: „А најмногу, благословена мајко игуманијо, господ ги благословил вашите чеда со тоа, вели, што толку скапоцено богатство, вели, чувате во пазувата на пасхата.“ „Какво богатство?“ запраша мајката игуманија. „Па мајката Елизавета Блажена.“ А Лизавета Блажена е сместена во оградата наша црковна, во ѕидот, во ќелија една фатка долга и два аршина висока — седи таму зад

железната преграда 17 години, и зимо и лете само во кошула од коноп, непрестајно или со сламка или со некое дрвце набодува во својата конопена кошула, ништо не зборува, и не се чешла, и не се мие, и така 17 години. Во зима, ќе ѝ провлечат низ оградата кожув, а секој ден кошничка со леб и вода. Богомолците гледаат, се чудат, издивнуваат, оставаат пари. „И најдовте богатство!“ одговара мајката игуманија. (Се начуди: „Чудно колку не ја сака Елизавета“.) „Елизавета само со злото свое таму седи, единствено од упорноста своја, и сето тоа е само преправање.“ Тоа што го рече мене не ми се допадна; и јас тогаш сакав така да се затворам. „Јас мислам, им реков, господ и природата е едно исто,“ а тие мене сите во еден глас: „Ете ти сега!“ Игуманијата се насмеа, прошепоти нешто со госпоѓата, ме повика, ме помилува, госпоѓата ми подари една розова лента — сакаш ли да ти ја покажам? Е, а калуѓерот веднаш почна да ме поучува, и уште колку умилно и смирено зборуваше, и веројатно мошне умно; јас само седам и слушам. „Дали разбра?“ прашува. „Не, велам ништо не разбрав, и оставете ме, велам наполно на мир.“ И од тоа време, Шатушка, тие и ме оставија сама во полн мир... А во тоа време, една наша старица — живееше кај нас на покајување поради претскажување — излезе од црквата и ми шепна: „Што е богородица? Како судиш ти?“ „Голема мајка, одговарам, надеж на родот човечки.“ „Да, види, богородица е голема мајка земјичката црна, и голема радост за човекот за тоа се состои. И секоја тага земна, и секоја солза земна — е наша радост; а кога ќе ја натопиме со солзите свои земјата под нозете свои за половина аршин во длабочина, во тој час на сè ќе му се израдуваме. И нема да има никаква тага твоја, такво е, вели, претскажувањето“. Си го запомнав тогаш тој збор. Од тоа време почнав да се молам и со челото да ја допирам земјата и секогаш земјата да ја целивам, ја целивам и плачам. И да ти кажам, Шатушка: Во тие солзи нема ништо лошо дури и да немам никаква болка, сеедно, од самата радост солзите ќе ми потечат. Одам јас така понекогаш по езерскиот брег; од едната страна нашиот манастир, а

од другата нашиот остар рид, така и го викаат, рид острел. Се качувам на тој рид, се свртувам со лицето на исток, паѓам наземи и плачам, плачам, и не знам колку време, не се сеќавам тогаш на ништо, и не знам тогаш ништо. Потем станувам се свртувам назад, а сонцето заоѓа, а колку е големо, па прекрасно, па убаво — дали сакаш ти да гледаш во сонцето, Шатушка? Убаво е, ама тажно. Се свртувам пак назад кон исток, онаа сенка, онаа сенка од нашиот рид лета како стрела, далеку преку езерото, тесна, долга, долга, а зад цела врста потаму, сè до самиот остров во езерото, па тој камен остров како да го сече, наполу, го пресечува, и сонцето веднаш сосема зајдува, и наеднаш сè се гасне. Тогаш јас се растажувам, тогаш наеднаш ми доаѓа сеќавањето, се бојам од самраците, Шатушка. И сè повеќе плачам по своето детенце...

— А зарем си го имала? — ме допре со лактот Шатов, кој исто така внимателно слушаше.

— Ами како — малечко, па розикаво, со малечки ноктиња, но сепак, целата моја тага е единствено затоа што не паметам дали беше машко или девојченце. Во умот ми доаѓа ту машко, ту девојче. А штом го родив, јас истиот оној час во батист и во тантели го завиткав и го врзав со розови лентички, со цвеќенца го покрив, го наредив и го украсив, му прочитав молитва и зедов да го носам некрстено, па го носам низ шума, и се плашам од шумата, страшно ми е, а најмногу плачам затоа што сум го родила, а мажот не го знам.

— Па, можеби и било така? — внимателно запраша Шатов.

— Смешен си ми, Шатушка, со тоа твое размислување. Можеби и било, и било, па што ако било, кога е сеедно како и да не било? Ете ти гатанка, не е тешка, реши ја де! — се насмевна таа.

— А кај го однесе детето?

— Го однесов во вирот — воздивна таа.

Шатов пак ме поттурна со лакотот.

— А што да правиме ако не си имала дете, ако е сето тоа само бладање, а?

— Тешко прашање ми задаваш ти, Шатушка — одговори таа нерешливо и ни малку зачудена со таквото прашање. — Што се однесува до тоа, нема ништо да ти кажам; можеби и немало дете; а јас мислам дека е тоа само твојата љубопитност; но сеедно, јас секогаш ќе плачам за него и никогаш нема да престанам; зарем не го видов на сон? — Крупни солзи ѝ засветија во очите. — Шатушка, Шатушка, дали е вистина дека ти побегнала жената? — Таа одеднаш ги спушти двете раце на неговите раменици и го погледна со сожалување. — Немој да се лутиш, ете, и мене ми е тешко. Знаеш ли, Шатушка, што сонував: пак тој доаѓа кај мене, ми мавта и ме довикнува: „Маче мое, вели, маче ела де кај мене!“ Е, тоа „маче“ страшно ме зарадува: ме сака, си помислив.

— Можеби ќе дојде и на јаве — промрмори Шатов полугласно.

— Не, Шатушка, тоа е само сон... нема да дојде тој на јаве. Ја знаеш онаа песна:

Не ми потреба кула нова и висока,
јас останувам овде во оваа ќелија,
и тука ќе живеам за да се спасам
и за тебе да му се молам на господ.

Ох, Шатушка, Шатушка, мил мој Шатушка, зошто ти не сакаш никогаш за ништо да ме прашаш?

— Па не сакаш ништо да кажеш, затоа и не прашувам.

— И не сакам, и не сакам, заколи ме, не сакам — брзо прифати таа — печи ме, нема да кажам. Нека трпам колку што ќе трпам, ништо нема да кажам, луѓето нема да дознаат!

— Е, ете гледаш, секој има свое — изусти Шатов уште потивко, симнувајќи ја главата сè пониско и пониско.

— А да ме замолиш, можеби и ќе кажам, можеби и ќе кажам! — повтори таа занесено. — Зошто не замолиш? Замоли, замоли ме убаво, Шатушка, па може-

би и ќе ти кажам; замоли ме Шатушка, така што јас самата да се согласам... Шатушка,

Но Шатушка молчи; општото молчење потраа некое време. Нејзе и солзите полека ѝ течат по набеленото лице; таа седи и уште не ѝ текнува да ги симне рацете од неговите раменици, а веќе и не гледа во него.

— Ех, што ми е грижа за тебе, а и гревота е — рече тој и нагло стана од клупата. — Станете, де! — налутено ја тргна клупата под мене, ја зеде, ја остави каде што беше порано. — Ќе дојде, па не треба да се сети дека сме биле. А и ние веќе треба да си одиме.

— А, ти само за мојот лакеј! — се насмеа Марија Тимофеевна одненадеж. — Се плашиш! Е па, збогум, збогум гости! Туку, послушај малку што ќе ти речам. Пред малку дојде ваму оној Нилич, со Филипов, газдата — црвенобрадестиот — а во тој момент оној мојот налета на мене. Тогаш газдата го дофати па го развлече по собата, а мојот се дере: „Не сум виновен, поради туѓа вина трпам!“ И, веруваш ли, сите ние што бевме да се испокинеме од смеа . . .

— Ех, Тимофеевна, па тоа бев јас, а не црвенобрадестиот, јас за коса го одвлеков од тебе;. а газдата онојпат дојде за со вас да се кара; ти тоа си го измешала.

— Чекај, да, јас навистина сум измешала, можеби беше ти. Туку, што да се пречкаме околу ситници; зарем нему не му е сеедно кој го влечкал — се насмеа таа.

— Ајде — рече Шатов и ме повлече по себе; — вратата чкрипна, — ќе нè затече, а неа ќе ја натепа.

Побрзавме и уште не ги искачивме скалите кога кај вратата се чу пијана викотница и падна пцоста. Шатов ме пропушти во својот стан и вратата ја затвори со куката.

— Ќе мора некој момент да причекате ако сакате да поминете на мир. Види, како квичи, како прасе! Веројатно пак се спрепнал на прагот; така секогаш, туку ќе се испружи...

Сепак, не помина без ништо.

VI

Шатов стои крај својата затворена врата и наслушнува што станува на скалите; одеднаш потскокна.

— Доаѓа ваму, знаев! — прошепоти гневно; — ни до полноќ, можеби, нема да се откачи.

Одекнаа неколку силни удари со тупаница во вратата.

— Шатов, Шатов, отклучи! — викна капетанот. — Шатов, пријателу!

Ти дојдов малку за поздрав
да ти кажам: сонцето изгреало,
и дека со пламени зра-ци гори
Да ти кажам дека сум станал, ѓавол да те однесе,
бодар тука под гранките...

подобро да се рече меѓу шиповите отколку под гранките (ова е пародија на една позната песна од Фет). Ѓаволот нека ја носи таа глупа љубопитност! Шатов, еј, знаеш ли ти дека е убаво да се живее на светот!

— Не одговрајте — пак ми шепна Шатов.

— Ама отвори! Дали разбираш ти дека има и нешто повозвишено од тепачката... меѓу човештвото; има моменти со благороден лик... Шатов, јас сум добар; јас ќе ти простам... Шатов, по ѓаволите со прогласите, што велиш, а?

Молчење.

— Дали разбираш, магаре, дека сум вљубен, купив фрак; да видиш, фрак на љубовта, петнаесет сребрени рубли; љубовта на еден капетан ја бара пристојноста на големиот свет... Отвори! — одеднаш завика тој диво и пак почна бесно да удира со тупаница по вратата.

— Чисти се по ѓаволите! — грмна сега и Шатов.

— Робу! Робу поседнички! И сестра ти е роб, и робинка... крадачка!

— А ти својата сестра си ја продал.

— Лажеш! Трпам клевета невин, а би можел само да кажам и да објаснам... Знаеш ли ти која е таа и каква е?

— Кој? — Шатов љубопитно и брзо пријде кон вратата.

— Па ти разбираш, нели?

— Ама разбирам, само ти кажи кој?

— Јас смеам да кажам! Јас секогаш смеам јавно да кажам!

— Хе, не ми се верува дека смееш! — го предизвикуваше Шатов и ми мавна со главата да слушам.

— Не смеам?

— Јас мислам дека не смееш.

— Не смеам?

— Па тогаш кажи, ако не се плашиш од господата... Море ти си страшливец, а ваму уште капетан!

— Јас... јас... — таа е... — почна да пелтечи капетанот со растреперен, возбуден глас.

— Значи? — Шатов го приближи увото.

Настана долго молчење, барем половина минута.

— Никаквец! — одекна најодзади, од онаа страна на вратата и капетанот потрча по скалите, бревтајќи како самовар и со тропање спрепнувајќи се на секоја скала.

— Ах, тој е лукав, ни пијан не сака да се издаде — рече Шатов и се тргна од вратата.

— А што може да биде тоа?

Шатов одмавна со раката, ја отвори вратата и пак почна да наслушува како е долу; слушаше долго, дури и слезе полека низ неколку скали. Најпосле се врати.

— Ништо не се слуша, значи, не ја тепа, веднаш се спружил да спие. Време е да си одите.

— Слушајте, Шатов, што ќе заклучам јас сега од сево ова?

— Ех, заклучете што ви е драго! — одговори тој со уморен и гадлив глас, и седна на масата за пишување.

Си отидов. Една неверојатна мисла сè повеќе и повеќе се утврдуваше во мојата фантазија. Со тага помислував на утрешниот ден.

VII

А тоа „утре“, значи неделата, кога судбината на Степан Трофимович мораше да се реши засекогаш, беше еден од најзначајните денови во оваа моја хроника. Тоа беше ден на изненадување, разрешување на старите и замрсување на нови нешта, ден на жестоки разјаснувања и уште поголеми збрки. Претпладне, како што тоа веќе читателот го знае, морав својот пријател да го испратам до Варвара Петровна, по нејзината лична наредба; а веќе во три попладне морав да бидам кај Елизавета Николаевна и да ѝ раскажам, — ни самиот не знам што и да помогнам — ни самиот не знам во што. Меѓутоа, сè се заврши како што никој не би претпоставил. Со еден збор, тоа беше ден на чудни околности.

Почна со Степан Трофимович и со мене, кога се пријавивме кај Варвара Петровна, точно во 12, како што одреди самата па неа не ја најдовме дома; уште не беше вратена од црквата. Кутриот мој пријател беше во такво расположение, или подобро речено во таква невола, што тоа нејзино задржување веднаш го снеможе — во собата за примање скоро немоќно се спушти во фотелјата. Му понудив чаша вода, но тој, иако блед и со растреперени раце, тоа го одби достоинствено. Неговата гардероба, патем да спомнам, во овој случај се издвојуваше со својата извонредна одбраност: кошулата без малку балска, од везен батист, бела вратна шамија, нова шапка во раката, нови нараквици со боја на слама и, дури, одвај забележлив здив на мирис.

Само што седнавме, влезе Шатов, придружен од собарот: јасно се гледаше дека и тој дошол по свечена покана. Степан Трофимович се придигна да му ја подаде раката, но Шатов, откако двајцата внимателно нè погледна, се сврти, отиде накрај и таму седна, нас дури ни со глава не нè поздрави. Степан Трофимович уплашено погледна во мене.

Поседовме така уште малку во полна тишина и молчење. Степан Трофимович одеднаш беше почнал нешто многу брзо да ми шепоти, но не го чув добро,

а и тој, онака возбуден, не го доврши започнатото и се откажа од говорот. Собарот влезе уште еднаш, нешто на масата да доведе во ред, или побргу да нè погледне нас. Шатов веднаш гласно го запраша:

— Алексеј Егорич, дали знаете дали отишла Дарја Павловна со неа?

— Варвара Петровна повели сама да оди в црква, а Дарја Павловна повели да остане горе во својата соба и не е сосема здрава, — му одговори собарот внимателно и со стил, за да го поучи како се зборува.

Кутриот мој пријател пак се загледа во мене, брзо и со трепет, така што јас најодзади почнав веќе да не се вртам кон него. Наеднаш, пред главниот влез затропа кола, а некое оддалечено движење по куќата ни објави дека домаќинката се вратила. Сите ние потскокнавме од своите седишта кога, еве, пак нешто неочекувано: се слуша тропање на многу нозе, знак дека домаќинката не се вратила сама, а тоа навистина е малку чудно, зашто таа токму ова време го одреди за состанок со нас. Најодзади се чу како некој влегува неприродно забрзано, просто како да трча — а Варвара Петровна не можеше така да влегува. Одеднаш, токму таа скоро влета во собата зазбивтана и необично возбудена. По неа, нешто малку заостанувајќи, и многу потивко, влезе Лизавета Николаевна, а со неа, подрака — Марија Тимофеевна Лебјаткина! Да го сонував тоа на сон, ни тогаш не ќе поверував.

За да може да се разјасни ова крајно изненадување, неизбежно е потребно да се вратиме station наназад и детално да го раскажеме необичниот настан што Варвара Петровна го доживеала во црквата.

Прво, на службата се симнал скоро целиот град, подразбирајќи го тука, се разбира, повисокиот ред на нашето општество. Се знаеше дека ќе дојде губернаторката, првпат откако дошла кај нас. Напоменувам, кај нас веќе се расчу дека е таа „слободоумна“ и „од новата насока“. Сите госпоѓи го знаеја и тоа дека ќе се облече сјајно и со вонредна елеганција, затоа и нашите госпоѓи овојпат се издвојуваа со одбраноста

и луксузноста. Единствено Варвара Петровна била скромно облечена, како и секогаш, целата во црно; така таа од пред четири години постојано се облекуваше. Откако дојде во црквата таа го заседе своето обично место, лево, во првиот ред, ливреисаниот лакеј стави пред неа сомотско перниче за клечење; со еден збор, сè како обично. Но, се забележа дека таа тој ден целата служба необично усрдно се молеше; луѓето потем тврдеа, кога си припомнуваа за сè, дека очите ѝ биле полни солзи. Најпосле, се заврши службата, и нашиот прота, отец Павле, излезе да одржи свечена проповед. Неговите беседи луѓето ги сакаа и високо ги ценеа: го наговараа и да ги печати, но тој никако не се реши. Овојпат беседата беше некако посебно долга.

И, ете, токму за време на беседата, кај црквата стаса една госпоѓа во фијакер со стар облик, што ќе рече дека госпоѓата можела да седи во него само отстрана, придржувајќи се за појасот на кочијашот, и нишкајќи се од тресењето како полска тревка на ветер. На такви „ванки“ уште и денес луѓето се возат во нашиот град. Кога колата запре нагло до црквата — зашто крај вратата стоеја силни приватни екипажи, уште и жандарми — госпоѓата скокна од фијакер и му даде на кочијашот четири сребрени копејки.

— Што е, Вања? Малку ѐе? — извика таа гледајќи ја неговата гримаса. — Тоа е сè што имам — додаде ражалено.

— Нека оди со господ! Кога те качив, не се пазаревме — одмавна Вањка со раката и ја погледна како да мисли: „А и гревота е тебе да ти се направи нешто лошо“.

Тој ја пикна в пазуви кожната ќеса, ги сврти коњите и отиде испратен со подбивите на најблиските кочијаши. Подбив и чудење ја следеше и госпоѓата, додека таа меѓу екипажите и лакеите — овие го исчекуваа брзото излегување на господата — се пробиваше да допре до црковната врата. Навистина, и тоа за секого, имаше нешто необично и неочекувано во ненадејната појава на таква личност на улица меѓу светот. Болно слаба, и малку крива, силно набелена и

нацрвена, со наполно гол долг врат, без шамија и без наметка, само во некаков износен темен фустан, иако беше студен и ветровит, макар и ведар септемвриски ден; сосема гологлава, со коса што на тилот беше завртена во малечок кок, а во неа од десната страна имаше закачено вештачка ружа, од оние со кои на Лазарица се украсуваат херувимите. Таков херувим, во венец од вештачки ружи, видов вчера кај Марија Тимофеевна под иконата во аголот. А за да биде сето тоа целосно, дамата иако со покорно спуштени очи, во исто време и весело и лукаво се насмевнуваше. Да задоцнеше само за малку, можеби не ќе ја пуштеа во црквата... Но успеа да шмугне, а кога веќе влезе во храмот, таа неосетно се проби напред.

Иако беседата беше на половина и целата густа толпа во преполниот храм слушаше со длабоко и немо внимание – сепак неколку чивта очи откосо се свртија кон дамата, љубопитно и во недоумица. Таа падна над црковниот под, го притисна на него своето набелено лице, полежа долго и, како што се чинеше, плачеше; но кога ја крена главата и кога потстана на колена, мошне бргу се прибра и се разведри. Весело, со мошне видно големо задоволство, таа го пушти погледот да ѝ се лизга по лицата и по црвените ѕидови; со посебна љубопитност се загледуваше во по некоја госпоѓа, поткревајќи се поради тоа дури и на прсти, и дури едно двапати и се расмеа, кикотејќи се притоа некако необично. Меѓутоа, проповедта заврши и го изнесоа крстот. Губернаторката прва тргна да го целива, но не направи ни два чекори, па застана — очигледно сакаше од своја страна да ѝ направи пат на Варвара Петровна; а оваа приоѓаше исправена и како да не гледа никого пред себе. Без сомневање, губернаторката во оваа своја претерана учтивост внесе мошне јасна и на свој начин устроумна зајадливост; така сите сфатија; па така, веројатно, разбрала и Варвара Петровна; но таа, како и пред тоа, не гледајќи никого пред себе, со најспокојно достоинство пријде и се наведна на крстот, и веднаш се упати кон излезот. Ливреисаниот лакеј ѝ правеше пат, иако и без тоа сите и сами се растргнуваа. Но, веќе, на излезот, една тол-

па за момент ѝ го препречи патот. Варвара Петровна малку застана и во тој миг, наеднаш, некое чудно, необично суштество, жена со вештачка ружа на главата, се проби помеѓу светот и клекна пред неа. Варвара Петровна што не беше лесно со што и да е да се збуни, погледна во неа отмено и строго.

Брзам овде да напоменам, колку што се може накусо, дека Варвара Петровна, иако последните години, како што велат, беше претерано штедлива, дури и скржава, понекогаш сепак не ги жалеше парите, особено ако се однесуваше на добротворство. Таа беше член на едно добротворно друштво во престолнината и во минатата година поради слабата жетва му прати на Главниот одбор во Петроград 500 рубли за настраданите; за тоа кај нас многу се зборуваше. Најпосле, неодамна, пред најкратко време, пред поставувањето на новиот губернатор, веќе беше основала месен одбор од госпоѓи за потпомагање на најбедните родилки во градот и во губернијата; тогај силно ѝ замерија поради нејзината славољубивост, но познатата наглост на нејзината нарав и во исто време нејзината истрајност за малку што не ѝ донесоа победа над пречките; друштвото беше веќе скоро уредено, првобитната замисла сѐ пошироко и пошироко се развиваше во занесената глава на основачката, веќе сонуваше како ќе установи ист таков одбор и во Москва и како неговото влијание наполно ќе се распространи по сите губернии. Кога, со неочекуваната промена на губернаторот, сѐ застана; новата губернаторка, така се зборуваше, како веќе да стасала во општеството да каже неколку заједливи и, што е главно, мошне згодни и разумни забелешки во поглед на непрактичноста на основната замисла на таквиот одбор, кое, се разбира, со нови додатоци, стаса до Варвара Петровна. Единствено господ ја познава длабината на срцата, но, барем мислам, Варвара Петровна дури со некое задоволство застана сега кај црковната врата — знаеше дека тој час губернаторката мора да помине оттука, а по неа и сите други, па, „нека види лично дека ми е сеедно што ќе помисли таа и како ќе си го остри ја-

зикот за сметка на гордоста на моето добротворство! Еве и сега нешто за сите вас!“

— Што барате, душо, што сакате? — запраша Варвара Петровна и вниматлено ја погледна молителката на колена. А оваа гледаше на неа со бојазлив поглед, посрамено, но скоро со израз на стравопочитување, па одеднаш пак се насмеа исто онака, со она чудно кикотење.

— Што сака? Која е тоа?

Варвара Петровна помина по сите присутни со заповеден и прашален поглед. Сите молчат.

— Вие сте несреќни? Ви треба помош?

— Ми треба ... дојдов ... — пелтечеше несреќната девојка со глас испрекинат од возбуда. — Дојдов само да го бакнам вашето раче ... — и пак се зачу нејзиното кикотење.

Со најчист детски поглед, со кој децата се умилкуваат сакајќи нешто да измолат, таа се истегна да ја дофати раката на Варвара Петровна, но брзо, како да се исплашила, ги тргна назад своите раце.

— И само поради тоа сте дошле? — се насмевна Варвара Петровна, па брзо го извади од џебот седефното портмоне, а од портмонето монета од десет рубли и ѝ ја подаде на непознатата.

Оваа прими. Варвара Петровна многу се заинтересира и очигледно не ја сметаше непознатата за некаква простонародна молителка.

— Види, даде десет рубли, проговори некој од толпата.

— Молам за вашето раче — зборуваше несреќната девојка со прстите на левата рака цврсто држејќи го крајот на банката што се свиктуваше како на ветер.

Варвара Петровна малку како да се намурти и со сериозно, скоро строго лице, ја подаде раката, а непознатата ја бакна со големо почитување. Нејзиниот благодарен поглед светна чисто одушевено. И ете, токму во тој момент, пристигна и губернаторката и нагрвали целата толпа од наши госпоѓи и постари чиновници. Губернаторката, сакала или не, мораше за миг да застане; мнозина застанаа.

— Вие треперите, студено ви е? — одеднаш забележа Варвара Петровна, па ја симна од себе наметката што ја прифати лакејот, го симна од плеќите својот црн шал (не баш евтин) и своерачно го завитка голиот врат на молителката, која сè уште клечеше.

— Станете, станете, немојте да клечите, ве молам!

Таа стана.

— Каде живеете? Зарем никој овде не знае каде живее таа. — Варвара Петровна нестрпливо се обѕрна околу себе. Но преѓешната толпичка веќе ја немаше; тука стоеја само познати личности што ја гледаа сцената, едни со сериозно чудење, други со љубопитност и, во исто време, со невината жед на љубителите на скандалот, а трети веќе почнуваа да се подбиваат.

— Ми се чини, госпоѓо, таа е од Лебјаткин — се најде најодзади еден добар човек да одговори на прашањето на Варвара Петровна, нашиот чесен и од мнозина уважуван трговец Андреев, со очила, со бела брада, во руска блуза и со тркалезна цилиндрична паларија што сега ја држеше во рацете. — Живее во куќата на Филипов во улицата „Водици".

— Лебјаткин? Куќата на Филипов? Нешто веќе сум чула... Благодарам, Никон Семјонович; но кој е тој Лебјаткин?

— Се наречува капетан; човек, би можело да се рече, невнимателен, — рече Никон Семјонович. — А ова веројатно е негова сестра. Сега, мора да се претпостави, веројатно скришно излегла од надзорот — додаде со потивок глас и значајно погледна во Варвара Петровна.

— Ве разбирам; благодарам, Никон Семјонович. Вие сте, душа, госпоѓо Лебјаткина?

— Не, не сум јас Лебјаткина.

— Тогаш, можеби, Лебјаткин е ваш брат?

— Лебјаткин е мој брат.

— Знаете што, душо, јас сега ќе ве поведам со себе, а потем ќе си одите дома; сакате ли да појдете со мене?

— Ах, сакам! — извика госпоѓица Лебјаткина и затропа со дланките.

— Тетко, тетко! Поведете ме и мене! — се зачу гласот на Лизавета Николаевна.

Напоменувам дека Елизавета Николаевна отиде на служба заедно со губернаторката, во нејзината карета додека Прасковја Ивановна, по лекарската наредба отиде да прошета, а поради забава го поведе со себе и Маврикиј Николаевич. Лиза одеднаш ја остави губернаторката и ѝ пријде на Варвара Петровна.

— Мила моја, ти знаеш дека јас секогаш сакам да ми дојдеш, но што ќе рече твојата мајка, почна Варвара Петровна важно, но кога го забележа необичното возбудување на Лиза, таа одеднаш се збуни.

— Тетко, тетко, морам, морам и јас со вас — молеше Лиза бакнувајќи ја.

— Но што ви е вам, Лизо! — проговори губернаторката со мошне изразито чудење.

— Ах, праштавајте, драга кузино, одам кај тетка ми — се сврти Лиза нагло кон својата не малку зачудена роднина и двапати ја бакна. — Речете ѝ на мама да дојде кај тетка ми веднаш по мене, мама и сакаше да наврати, сосема сигурно сакаше да наврати, таа самата ми рече пред малку, заборавив тоа да ви го кажам порано, — брбореше Лиза. — И тетко, ако не ме поведете, јас по вашата кола ќе трчам и ќе викам — прошепоти таа брзо и очајно — скоро сосема во увото на Варвара Петровна.

Добро е дека тоа никој не го чу. Варвара Петровна зачекори наназад и нејзиниот продорен поглед се впери во споулавената девојка. Тој поглед реши сè — таа реши да ја поведе и Лиза.

— На тоа треба да му се стави крај — ѝ се откачи несакајќи. — Добро, Лизо, ќе те поведам и се радувам — додаде таа гласно, — се разбира, ако се согласила Јулија Михајловна да ја оставиш — се сврти таа право кон губернаторката, отворено и со простодушна чесност.

— О, не сомневајте се! Јас нема да ѝ го одземам тоа задоволство, дотолку повеќе што јас... — веднаш почна Јулија Михајловна за чудо љубезно — јас самата добро знам колку фантастична, семоќна гла-

вичка носат овие нејзини раменици. (Јулија Михајловна занесно се насмевна.)

— Необично сум ви благодарна, — ѝ заблагодари Варвара Петровна со учтив и достоинствен поклон.

— Мене ми е толку помило — продолжи Јулија Михајловна со своето брборење скоро со занес и целата поцрвени од пријатно возбудување — дека Лиза, освен задоволството што ќе биде со вас, му се предава со восхит и на едно вакво прекрасно, вакво, можам да речам високо чувство... на сожалувањето.. (Таа погледна на „несреќницата") и... и уште во трем на храм...

– Такво сфаќање ви служи на чест – умилно се одѕва Варвара Петровна.

Јулија Михајловна живо ја протегна раката, а Варвара Петровна со полна готовност ги допре нејзините прсти. Впечатокот кај сите беше прекрасен; лицата на неколцина присутни светнаа од задоволство; се забележаа и неколку студени и лажни насмевки.

Со еден збор, целиот град веднаш јасно разбра дека Јулија Михајловна не била таа што досега ја занемарувала Варвара Петровна, туку напротив, дека Варвара Петровна „ја држела во граници" Јулија Михајловна, додека оваа веројатно и пеш ќе потрча да ѝ направи визита, само ако е уверена дека Варвара Петровна нема да ја истера. Авторитетот на Варвара Петровна вонредно нарасна.

— Седнете, душо — ѝ покажа Варвара Петровна на Лебјаткина, веќе доближена до колата, а несреќницата „радосно" побрза кон вратата, каде што ја пречека лакејот.

— Како! Вие куцате! — извика Варвара Петровна како уплашена и пребледи. (Сите го забележаа тоа, но тогаш не разбраа.)

Колата тргна. Куќата на Варвара Петровна беше мошне блиску до црквата. Лиза подоцна ни раскажуваше дека за тие две три минути возење Лебјаткина постојано хистерично се смеела, а Варвара Петровна седела „како во некој магнетски сон" — тоа се нејзини зборови.

ПЕТТА ГЛАВА

МУДРА ЗМИЈА

I

Варвара Петровна заѕвони по послугата, па веднаш се спушти во фотелјата крај прозорецот.

— Седнете овде, мила моја — ѝ го покажа таа на Марија Тимофеевна местото на високата тркалезна маса среде собата. — Степане Трофимович, што е тоа? Ете, ете, погледнете ја оваа женска, што е тоа?

— Јас... јас... — почна да пелтечи Степан Трофимович. Но се појави лакејот.

— Филџан кафе, веднаш, многу брзо, колку што се може побрзо! Колата нека стои.

— Но, драга и чудесна пријателко, во каква вознемиреност се наоѓате!... — извика Степан Трофимович со премрен глас.

— Леле! Француски, француски! Веднаш се гледа големиот свет! — заплеска со рацете Марија Тимофеевна и целата занесена се подготви да го слуша разговорот на француски. Варвара Петровна запре на неа скоро со страв.

Ние сите молчевме и очекувавме какво и да е разјаснување. Шатов не ја крена главата. Степан Трофимович беше збунет, како да е за сѐ виновен, пот му изби на челото. Ја гледам Лиза (таа седи во аголот, скоро паралелно со Шатов). Очите остро ѝ набљудуваат и прелетуваат од Варвара Петровна на сакатата гостинка, а од гостинката на Варвара Петровна, усните ѝ се растегнуваат во насмевка но зла. Варвара Пет-

ровна ја гледа таа насмевка. А Марија Тимофеевна сосема се занесе: со уживање и без најмала збунетост и незгодност таа ја разгледуваше многу убавата соба за примање, мебелот, простирките, завесите, сликите на ѕидовите, старински изработениот таван, големото бронзено распјатие во аголот, порцеланската ламба, ситниците на масата.

— Па и ти си овде, Шатушка! — извика таа одненадеж. — Замисли, јас одамна те забележав, па си мислам — не е тој! Како ќе дојде тој ваму! — и се расмеа весело.

— Вие оваа женска ја знаете? — се сврти Варвара Петровна веднаш кон Шатов.

— Ја познавам, госпоѓо, — промрмори Шатов и се размрда на столот, но сепак остана да седи.

— А што знаете? Ве молам, побрзо!

— А што да речам ... — се насмевна тој со неумесна насмевка и се сепна. — Гледате и сами.

— Што гледам? Но, ајде, речете нешто!

— Живее во истата куќа во која што живеам и јас ... со брата си ... еден офицер.

— Па?

Шатов пак запна.

— Не вреди да се зборува ... — пропелтечи тој, и потем сосема замолчи. Уште и поцрвени поради својата смелост.

— Сигурно, од вас и не можеше повеќе да се очекува! — отсечно и налутено го прекина Варвара Петровна. Сега ѝ беше јасно дека сите нешто знаат, а, меѓутоа, сите од нешто се плашат и одбегнуваат да ѝ одговорат, сакаат нешто да скријат од неа.

Влезе собарот на малечок, сребрен послужавник го донесе она специјално нарачано кафе, но на нејзиниот знак, тој се упати кон Марија Тимофеевна.

— Драга моја, вие сте многу настинати, испијте го што побрзо, да се загреете.

— Мерси, — Марија Тимофеевна го зеде филџанот и одеднаш првна да се смее поради своето мерси што му го упати на собарот. Но сретнувајќи се со строгиот поглед на Варвара Петровна, таа се уплаши и го спушти филџанот на масата.

— Тетко, да не се лутите? — рече таа со некаков лекомислен тон.

— Како-о-о? — се тргна Варвара Петровна и се исправи во фотелјата. — Од кај сум ви јас тетка? Што мислевте со тоа?

Не очекувајќи ваква лутина, Марија Тимофеевна целата се растрепери ситно и грчевито како во настап, и се потпре на столот.

— Јас... јас мислев дека така треба — промрмори таа гледајќи ја со укочени очи Варвара Петровна. — Така ве нарече Лиза.

— Која Лиза пак сега?

— Па, ете, онаа госпоѓица — покажа со прст Марија Тимофеевна.

— Значи, таа за вас е Лиза?

— И вие пред малку ја нарековте, така — се осмели малку Марија Тимофеевна. — А на сон сонив иста ваква убавица — се насмевна таа божем случајно.

Варвара Петровна сега сфати и малку се смири; а на последните зборови на гостинката дури малку и се насмевна. Марија Тимофеевна ја фати таа насмевка, стана од столот и, кривејќи, ѝ пријде плашливо.

— Земете, заборавив да ви го вратам, не лутете се за неучтивоста, — и таа го симна од своите плеќи црниот шал на Варвара Петровна.

— Веднаш тоа нагрнете го и задржете го за себе. Одете седнете, испијте го кафето и, ве молам, не плашете се од мене, душо, смирете се. Гледам дека ќе ве разберам.

— Драга пријателко... — пак се осмели Степан Трофимович.

— Ох, Степане Трофимович, овде и без вас може да се загуби главата, поштедете ме барем вие! Ве молам, заѕвонете на тоа ѕвонче крај вас, за одделението на собарите.

Настана молчење. Нејзиниот поглед се лизга по нас, недоверлив и лут. Дојде Агаша, нејзината омилена собарица.

— Мојот кариран шал од Женева. Што прави Дарја Павловна?

— На госпоѓицата не ѝ е добро, госпоѓо.

— Појди и замоли ја да дојде. Речи, многу ја молам, иако не ѝ е добро.

Во истиот момент, од соседната соба пак се зачу некаква необична врева и тропање на чекори, како и пред малку, и, одеднаш, на прагот се појави задишена и „растроена“ Прасковја Ивановна; Маврикиј Николаевич ја придржуваше подрака.

— Ох, светителли божји, одвај се дотркалав! Лиза, што ти е, да не си улава: што правиш со мајка ти — залелека таа, внесувајќи во својот лелек, според обичајот на сите слаби но многу раздразливи луѓе, насобрана горчина и лутина. — Мила моја Варвара Петровна, дојдов по својата ќерка!

Варвара Петровна ја погледна подоко, се поткрена малку во името на пречекот и одвај криејќи го нерасположението прозбори:

— Добар ден, Прасковја Ивановна, биди љубезна и седни. Знаев дека ќе дојдеш.

II

Таков пречек не можеше да ја изненади Прасковја Ивановна. Варвара Петровна отсекогаш, уште од нивното детство деспотски се однесуваше спрема својата некогашна другарка од Заводот и, под привидно пријателство, ја третираше скоро со презир. Но, во сегашнава ситуација состојбата на нештата беше сосема поинаква. Последните денови се случуваше скоро целосно раскинување помеѓу двете куќи, што јас уште порано патемно го забележав. Причините на ова започнато раскинување на Варвара Петровна, засега, уште ѝ беа непознати и тајни, па веројатно, поради тоа уште повеќе навредливи; но, што е главно, Прасковја Ивановна во меѓувреме успеа пред неа да заземе некаков необично напнат став. Варвара Петровна тоа, се разбира, ја утеши и ја навредуваше; освен тоа за неа почнаа да стасуваат и некои чудни гласови, кои, исто така, прекумерно ја лутеа, а особено со својата неодреденост.

По карактер, Варвара Петровна беше непосредна и достоинствено отворена, избувлива, нападна, ако е слободно така да се рече. Најмногу ги мразеше тајните и скриените обвинувања и секогаш повеќе сакаше отворена, чесна борба. Како и да е, веќе пет дена како двете госпоѓи не се беа виделе. Последната посета на Дроздови Варвара Петровна им ја направи и се врати „од Дроздовица“ навредена и збунета. Не ќе претерам ако речам дека Прасковја Ивановна дојде сега кај неа со наивното уверување дека Варвара Петровна мора поради некоја причина пред неа да затрепери; тоа се гледаше и на нејзиното лице, и од друга страна, се гледаше дека Варвара Петровна ја обзема бес од прекумерна гордост штом макар само малце се посомнева дека за неа се мисли оти е нешто понижена. А Прасковја Ивановна, како и многу личности со слаб карактер, што долго допуштаат, без протест, да бидат навредувани, се познаваше сега по необично достоинствениот налет во првиот по себе поволен пресврт на нештата. Вистина, сега е таа болна, а кога е болна секогаш е повеќе надразлива.

Најодзади да додадам: сите ние, во тоа време присутни во собата, не можеше со своето присуство особено да им пречиме на овие две другарки од детството ако дојдеше до разгорување на кавга помеѓу нив; ние бевме сметани за свои луѓе и безмалку потчинети. Јас тоа, и не без страв, веднаш го сфатив. Степан Трофимович, кој, откако дојде Варвара Петровна од црквата, уште не беше седнат, слушнувајќи ја Прасковја Ивановна се спушти на столот истоштен и очајно почна да го бара мојот поглед. Шатов круто се сврти на својот стол и промрмори нешто за себе. Ми се стори, сака да стане и да си оди. Лиза одвај малку се поткрена од местото, па веднаш пак седна: повеќе не обрнуваше внимание на квичењето на мајката, но не поради тоа што е непослушна, туку поради тоа што, очигледно, беше наполно под власта на некој друг, силен впечаток. Гледаше некаде во празниот воздух, неприбрано, и веќе не ѝ обрнуваше внимание ни на Марија Тимофеевна...

III

— Ох, овде, овде! — покажа Прасковја Ивановна на фотелјата кај масата и тешко се спушти во неа со помошта на Маврикиј Николаевич. — Не ќе седнев во вашата куќа, Матушка, да не ми се овие нозе! — додаде со зарипнат глас.

Варвара Петровна ја поткрена малку главата и со болен израз ја притисна десната слепоочница со прстите на десната рака, очигледно чувствувајќи на тоа место силна болка.

— Што значи тоа, Прасковја Ивановна? Зошто не би седнала ти во мојата куќа? Јас секогаш го имав искреното пријателство на твојот покоен маж, а јас и ти уште како девојчиња заедно си игравме со кукли во заводот.

Прасковја Ивановна замавта со рацете.

— Знаев дека ќе почнете со тоа. Кога и да се подготвувате да префрлате, вие вечно почнувате со пансионот, — тоа е вашето вртење. За мене, тоа е само слаткоречивост. Не можам да го поднесам тој ваш пансион.

— Ти, ми се чини, си дошла и премногу зловолна — како ти се нозете? Еве, ти носат кафе, повели, пробај, и немој да се лутиш.

— Матушка, Варвара Петровна, вие со мене толку како со мало дете! Јас нејќам кафе, ете!

Таа пркосно му мавна со раката на слугата со послужавникот. (Кафето, впрочем, го одбија и сите други, освен мене и Маврикиј Николаевич. Степан Трофимович зеде, но го спушти филџанот на масата. Марија Тимофеевна, иако на драго срце би зела и друг филџан, и веќе и раката ја испружи, сепак се премисли, и достоинствено заблагодари, очигледно со тоа задоволна од самата себе.)

Варвара Петровна се насмевна со едниот агол на усните.

— Знаеш што, мила моја Прасковја Ивановна: ти бездруго пак нешто си си завртила во главата, затоа и дојде ваму. Ете, се налути поради пансионот; а дали си спомнуваш кога се врати од пат, па целиот клас

го уверуваше дека ти ја побарал раката хусарот Шабликин и како те фати тогаш мадмазел Лефебур во лажење и како ти забележа? А ти навистина и не лажеше, туку тоа едноставно си го измислила, поради забава. Значи, кажи, што те донесе сега ваму? Што си вообразила уште, од што си незадоволна?

— А вие се вљубивте во попот кој во Заводот предаваше христијанска наука. Ете, да знаете, кога веќе толку го паметите лошото. Ха-ха-ха! — прсна таа во жолчна смеа и се закашла.

— А-а тоа за попот не си го заборавила . . . — ја погледна Варвара Петровна со одвратност.

Лицето ѝ позелени. Прасковја Ивановна веднаш доби достоинствено држење.

— Сега не ми е до смеа, матушка; зошто вие мојата ќерка пред целиот свет сте ја замешале во својот скандал?

— Во мој скандал? — тука Варвара Петровна нагло се исправи, заканувачки.

— Мамо, и јас многу ве молам да бидете поумерена — проговори одненадеж Лизавета Николаевна.

— Што рече? — започна мајката, подготвувајќи се пак да викне, но под светнатиот поглед на ќерката таа се тргна.

— Како можевте да речете скандал, мамо? — пламна Лиза. — Јас ѝ се извинив на Јулија Михајловна и појдов ваму по своја волја, зашто сакав да го дознаам случајот на оваа несреќница, па да ѝ помогнам.

— „Случајот на оваа несреќница!“ — развлече Прасковја Ивановна со пакосна насмевка; а дали ти личи тебе да се мешаш во тие „случаи“? Ох, матушка! — се сврти таа бесно кон Варвара Петровна. — Доста ни е вашиот деспотизам! Вистина е или не, гласно сите велат дека вие целиот овдешен свет го матите; туку, се гледа, дојде ред и на вас!

Варвара Петровна седеше право, како стрела, готова да се откине од лакот. Десетина секунди гледаше во Прасковја Ивановна строго и неподвижно.

— Моли му се на бога, Прасковја, дека сме сите овде свои — најодзади проговори таа со злокобна мирнотија, — рече многу непотребни работи.

— Не се плашам јас, матушка, како некои, од тоа што ќе рече светот; туку вие сте таа што трепери пред него, а ваму се правите горда. А дека овде сите се свои, подобро за вас отколку да слушаат туѓи луѓе.

— Многу си станала умна за оваа недела?

— Не сум станала јас умна за оваа недела, туку се покажа целата вистина за оваа недела.

— Каква цела вистина? Слушај, Прасковја Ивановна, немој да ме лутиш, туку овој час кажи ми, жити честа, каква е таа вистина што излегла на видело и на што мислиш со тоа?

— Па еве ја таа вистина, целата, еве ја овде! — рече Прасковја Ивановна и со прстот неочекувано покажа на Марија Тимофеевна, со онаа смела решителност што веќе не се грижи за последиците, туку само така тој момент да предизвика вџашеност.

Марија Тимофеевна, која со весела љубопитност непрестајно гледаше во неа, гледајќи го сега вперен во себе прстот на лутата госпоѓа, радосно се насмеа и весело се размрда во фотелјата.

— Исусе боже, секако не се сите полудени! — извика Варвара Петровна и целата бледа падна на потпирачот од својот стол.

Побледи толку што сите се вознемирија. Степан Трофимович прв ѝ притрча на помош; пријдов и јас, дури и Лиза стана од местото, иако остана крај својата фотелја; но најмногу се преплаши самата Прасковја Ивановна; таа викна, стана како што можеше и скоро низ плач почна да лелека:

— Сестро, Варвара Петровна, простете ми ја мојата пакосна лудост! Ама подајте ѝ барем вода, добога!

— Не лелекај ми тука, те молам, Прасковја Ивановна! А вие, господа, бидете добри па заколнете се; вода не треба! — проговори Варвара Петровна со пребледени усни, со глас цврст иако не многу чуен.

— Матушка! — продолжи Прасковја Ивановна, за малку смирена; — мила моја Варвара Петровна, јас сум виновна поради своите невнимателни зборови, но, ете, ме раздразнија полошо од сите тие писма без потпис со кои ме бомбардира некаков ситен свет. А кога ги пишуваат, нека ви ги пишуваат вам, а не мене, зашто јас, матушка, имам ќерка!

Варвара Петровна со многу раширени очи немо гледаше во неа и зачудено слушаше. Во истиот момент нечујно се отвори страничната врата и се појави Дарја Павловна. Таа застана и се обѕрна сегде наоколу. Ја зачуди нашата збрканост. Веројатно веднаш не ја препозна Марија Тимофеевна, а пред тоа никој не ја извести. Степан Трофимович прв ја забележа Дарја, направи брзо движење, поцрвени, и којзнае зошто, тој лично мошне гласно го пријави нејзиното доаѓање: „Дарја Павловна!“ — така што одеднаш сите очи се вперија во неа.

— Како! Дали е тоа вашата Дарја Павловна! — извика Марија Тимофеевна! — Слушај, Шатушка, па не личи на тебе! А оној мојот ваквата убавина ја наречува крепосна робинка Дашка!

Меѓутоа, Дарја Павловна веќе ѝ пријде на Варвара Петровна; но изненадена од извиците на Марија Тимофеевна, таа брзо се сврти, па така и остана, стоејќи пред својот стол гледајќи на јуродивата девојка со долг вкочанет поглед.

— Седи, Дашо — рече Варвара Петровна со страшна мирнотија; — поблиску, така; сега можеш и седејќи да ја видиш таа жена. Дали ја познаваш?

— Никогаш не сум ја видела — тивко одговори Даша, помолчи малку, па веднаш додаде: — тоа е веројатно болната сестра на господинот Лебјаткин!

— Душо моја, и јас првпат сега ве гледам, иако одамна со љубопитство сакав да се запознаам со вас, зашто во секој ваш гест гледам воспитаност – со занес извика Марија Тимофеевна. — А дека мојот лакеј дрдори... ама зарем вие би можеле да ги задржите неговите пари, толку воспитана и слатка? Ова и ви го велам, затоа што сте мила, многу мила, многу мила,

тоа ете, јас ви го велам од своја страна! — заврши таа одушевено, мавтајќи пред себе со раката.

— Дали разбираш ти нешто? — со гордо достоинство ја запраша Варвара Петровна Дарја.

— Сè разбирам...

— Она за парите го чу?

— Тоа се пари што на молба од Николај Всеволодович, во Швајцарија ги примив — за да му ги предадам на тој господин Лебјаткин, нејзин брат.

Настана молчење.

— Тебе Николај Всеволодович те молел за тоа?

— Тој многу настојуваше тие пари да му се пратат на господин Лебјаткин; сè на сè триста рубли. Па бидејќи не ја знаеше неговата адреса, туку само толку дека тој ќе дојде во нашиот град, ми нарача мене да му ги предадам на господин Лебјаткин во случај да дојде вами.

— А какви се тие пари... задржаните? За што зборуваше пред малку оваа жена?

— Тоа јас не го знам; инаку и до мене допре дека господин Лебјаткин јавно зборува оти не сум му предала сè; таа работа јас не ја разбирам. Имаше триста рубли, и испратив триста рубли.

Дарја Павловна скоро сосема се смири. И воопшто, да напоменам, тешко беше оваа девојка долго да се задржи во чудење и да се збуни, сеедно како се чувствува во себе. Така и сега; таа на сè одговараше без забрзаност, на секое прашање одговори точно, мирно, течно, без никаква трага од своето првично ненадејно возбудување, без најмала забуна што би можела божем да сведочи за каква и да е нејзина вина. Додека таа зборуваше, Варвара Петровна не го симнуваше окото од неа; за момент нешто премислуваше. Зошто Николај Всеволодович — проговори таа најодзади отсечно и очигледно зборувајќи ни на сите, иако гледаше само во Даша — зошто Николај Всеволодович својата порака не ми ја предал мене, туку тебе, значи дека имал свои причини така да постапи. Не мислам дека имам право да распрашувам за тие причини, ако треба да останат за мене тајна. Но, веќе самата твоја соработка во таа работа ме смирува на-

полно во смисла на тие работи, тоа треба да го знаеш Дарја, пред сè. Но сепак, дали гледаш, мила моја, ти, не познавајќи го светот, си можела и со чиста совест да направиш некоја невнимателност, па и си ја направила штом си се довела себеси во врска со некаков никаквец. Гласовите што тој никаквец ги шири ја потврдуваат твојата грешка. Но јас ќе се распрашам за него, па бидејќи сум јас твоја заштитница, ќе умеам да те бранам. А сега сево ова треба да се заврши.

— Најдобро ќе биде, кога ќе ви дојде, да го пратите во лакејската соба — прифати Марија Тимофеевна неочекувано и се исправи во својата фотелја. — Со нив на сандакот нека игра малку „жандарм", а ние овде ќе седиме да пиеме кафе. Вистина, може и нему да му се испрати еден филџан, но јас од сè срце го презирам.

Таа изразито мавна со главата.

— Ова треба да се сврши — повтори Варвара Петровна ислушувајќи ја гостинката внимателно. — Ве молам, заѕвонете, Степане Трофимович.

Степан Трофимович заѕвони, одеднаш, целиот возбуден, стапи напред.

— Бидејќи ... јас ... — пропелтечи тој во оган, црвенеејќи, застанувајќи и пелтечејќи — бидејќи јас ја чув оваа ретко одвратна приказна, подобро е да се рече клевета, тоа ... полн со лутина ... најпосле, тој е само еден изгубен човек и нешто како избеган затвореник.

Тој прекина и не доврши; Варвара Петровна замижа и го разгледа од петиците до главата.

Влезе достоинствениот Алексеј Јегорович.

— Кочија! — нареди Варвара Петровна — а ти, Алексеј Јегорович, биди готов госпоѓата Лебјаткин да ја однесеш дома, каде што ќе ти нареди таа.

— Господин Лебјаткин долу веќе отпорано ја очекува госпоѓата и убаво моли да го пријавам.

— Тоа е невозможно, Варвара Петровна — се јави вознемирениот Маврикиј Николаевич одненадеж; а сè дотогаш мирно молчеше. — Ако допуштите да речам,

тој не е човек кој може да се прими во компанија, тој е... тој е... невозможен човек Варвара Петровна!

— Нека почека — се сврти таа кон Алексеј Јегорович и него го снема.

— Тој е нечесен човек, јас дури мислам дека е избеган затвореник, или нешто слично на тоа, — пак промрмори Степан Трофимович на француски, пак поцрвени и пак прекина.

— Лизо, време е да се оди — изјави Прасковја Ивановна со одвратност и стана. Изгледаше како сега да ѝ е криво дека пред малку, во уплав, самата себе се нарече луда. Додека зборуваше Дарја Павловна, таа веќе слушаше со израз на надменост на усните. Но мене најмногу ме зачуди тоа како изгледаше Лиза откако влезе Дарја Павловна; во нејзините очи светкаа омраза и презир, сосема отворено, неприкриено.

— Почекај, малку, Прасковја Ивановна, те молам — ја задржуваше Варвара Петровна. — Биди добра, поседи уште малку, имам намера сè да искажам, а тебе те болат нозете. Така, благодарам!.. Пред малку бев нервозна и ти реков неколку невоздржани збора, биди добра и прости ми; глупо постапив јас прва се каам, затоа што во сè ја сакам вистината и правдата. Секако, и ти се заборави кога спомна некакви писма без потпис. Секое безимено поткажување заслужува презир со самото тоа што е без потпис. Ако ти мислиш поинаку, јас не ти завидувам. Секако, да сум на твое место, јас со тие гадости не би брзала, ниту со нив би се валкала. А ти се извалка. Но кога веќе започна сама, тогаш да ти кажам дека пред шест дена и јас примив едно такво писмо. Некаков лош човек нè уверува дека Николај Всеволодович се мрднал од умот и дека треба да се чувам од некаква саката жена што во мојата „судбина ќе игра необична рола“ – тој израз го запомнив. Мислев, а и знаев дека Николај Всеволодович има премногу непријатели, па веднаш викнав еден човек одовде, еден од овдешните потајни

и најмногу одмаздливи и презирани негови непријатели, и од разговорот со него веднаш се осведочив за жалното потекло на она безимено писмо. Ако и тебе, кутра Прасковја, поради мене те вознемирувале исто така со недостојни писма, како што велиш ти, те бомбардирале, тогаш, се разбира, прва јас жалам дека невино си послужила како повод. Тоа е сѐ што сакам да ти разјаснам. Со жалење гледам дека си многу уморна и како надвор од себе... Покрај тоа, готова сум овој час да го пуштам оној сомнителен човек; Маврикиј Николаевич не употреби сосема погоден израз дека е невозможно тој да се прими. Лиза нема особено што да прави овде. Ела, Лиза, мила моја, уште еднаш да те бакнам.

Лиза премина преку собата и молчејќи застана пред Варвара Петровна. Таа ја бакна, ја зеде за рацете, ја одвои малку од себе, ја погледна чувствително, па потем ја прекрсти па пак ја бакна.

— Па збогум, Лизо — (во гласот на Варвара Петровна речиси се чувствуваа солзи); — верувај, секогаш ќе те сакам, сеедно што ќе ти наметне судбината од себе... Господ нека е со тебе. Јас секогаш сум се поклонувала пред неговата десница.

Сакаше уште нешто да додаде но се воздржа и замолчи. Лиза како да тргна на своето место, сѐ уште во немо молчење и како да потонала во мисли, па одеднаш застана пред мајката.

— Јас, мамо, уште не сакам да си одам, уште малку ќе останам овде кај тебе — проговори таа со мирен глас, но во нејзините мирни зборови ѕвонеше железна решителност.

— О, боже, што е ова! — офна Прасковја Ивановна и немоќно ги размавта рацете.

Но Лиза не ѝ одговори, дури како и да не ја чу. Таа пак седна во истиот агол на собата и пак почна да гледа некаде во празно.

На лицето на Варвара Петровна засветка нешто победнички радосно и достоинствено.

— Маврикиј Николаевич, имам за вас посебна молба; за моја љубов симнете се да го видите оној човек долу, па ако има макар малку можност да се пушти, доведете го.

Маврикиј Николаевич се поклони и излезе. Малку потоа тој го воведе господин Лебјаткин.

IV

Јас веќе нешто реков за изгледот на тој господин: висок, косата му е кадрава, силен човек на околу 40 години со зацрвенето, нешто потечено и олабавено лице, со образи што при секое движење на главата се тресат, со ситни, закрвавени понекогаш прилично лукави очиња, со мустаќи и „бакенбарди" и со тутка под брадата со доста непријатен облик. Но, што нè зачуди најмногу на него: дојде во фрак и со чиста кошула. „Има луѓе на кои чиста кошула дури и не им личи", така Липутин еднаш му одговори на Степан Трофимович кога овој еднаш на шега му забележа поради неговата неуредност. Капетанот имаше и црни наракваци, десната уште неупотребена, ја држеше во раката, а левата, мачно распната на шепата и незакопчана, само дополу ја криеше таа месеста шепа, со која капетанот ја држеше сосема новата светлива, тркалезна паларија и бездруго првпат употребена. Значи, се гледа, вчерашниот „фрак на љубовта", за кој низ врата му довикнуваше на Шатов, навистина постои. Но сето тоа, т. е. и фракот и кошулата, се набавени, (како што дознав потоа) по совет на Липутин, поради некакви тајни намери. Несомнено дека тој и сега дојде подбуцнат отстрана и со нечија помош; самиот тој не ќе умеел да се досети; ниту ќе се облечеше, ќе се подготвеше и ќе се решеше за три четвртини од час, дури и да претпоставиме дека зад сцената во црквата ѕирнал истиот момент. Пијан не беше, но беше во онаа тешка, тромава и маглива состојба на човек што се пробудил по многубројни денови пиење. Се чинеше дека е достатно само да го

допреш едно двапати со раката по рамениците, па пак ќе се опие.

Тој се залета да влезе во собата, но на вратата се спрепна од простирката. Марија Тимофеевна да умре од смеа. Братот свирепо ја погледна; одеднаш направи неколку брзи чекори спрема Варвара Петровна.

— Дојдов, госпоѓо . . . — затрешти како од труба.

— Бидете добар, господине — се исправи Варвара Петровна — и заземете место, ене онаму, на столон. Јас ќе ве чујам и оттаму, а одовде ќе можам подобро да ве гледам.

Капетанот застана и тапо гледаше пред себе; но сепак се сврти и седна на одреденото место, покрај самата врата. Во изразот на неговата физиономија се читаше голема несигурност во самиот себе, а наеднаш со тоа и дрскост и некоја постојана раздразливост. Страшно се уплаши, тоа се гледаше; но беше погодено и неговото самољубие и можеше да се погоди дека тој, во раздразнетото самољубие би бил готов на секоја дрскост, ако му се укаже прилика за тоа. Се гледаше дека се плаши за секое движење на своето несмасно тело. Познато е дека луѓето слични на него кога по некој чуден случај ќе се најдат во компанија, најголема мака имаат од своите сопствени раце и постојано ја чувствуваат невозможноста на пристоен начин негде да ги засолнат. Со шапката и нараквиците в раце, капетанот премре на својот стол, а својот празен поглед не го симнуваше од строгото лице на Варвара Петровна. Веројатно сакаше малку подобро да разгледа сегде наоколу, но засега уште не се осмелуваше. Марија Тимофеевна, веројатно наоѓајќи дека е неговата појава премногу смешна, пак гласно се насмеа; но тој и не мрдна. Во таква положба Варвара Петровна го држеше бездушно долго, цела минута, гледајќи го безмилосно.

— Прво допуштете лично од вас да го дознаам вашето име — изусти таа одмерено и изразито.

— Капетан Лебјаткин — зататни неговиот глас. — Јас дојдов, госпоѓо . . . — се осмели тој пак.

— Допуштете! — го задржа таа повторно. — Дали оваа кутра личност, која многу ме заинтересира, навистина е ваша сестра.

— Сестра, госпоѓо, избегала од надзорот, зашто таа е во таква состојба...

Тој одеднаш запна и поцрвени.

— Немојте тоа погрешно да го разберете госпоѓо — се збуни тој страшно — родениот брат нема да оцрни... во таква состојба е, тоа значи дека не е во таква состојба... во смисла што ја валка репутацијата...

Тој одеднаш застана.

— Господине! — тука Варвара Петровна ја поткрена главата.

— Еве во ваква состојба е! — заврши тој одненадеж — се чукна со прстот среде чело.

Настана кратко молчење.

— А дали страда од тоа одамна? — малку развлечено запраша Варвара Петровна.

— Госпоѓо, дојдов да заблагодарам за великодушноста, укажана в црква, руски, братски...

— Братски?

— Тоест, не братски, како еднакви, туку братски единствено во таа смисла што сум ѝ јас брат на мојата сестра, госпоѓо, и, верувајте, госпоѓо — зачести тој и пак се зацрвени — јас не сум толку необразован како што можам да изгледам на прв поглед во вашиот салон. Јас и сестра ми, госпоѓо, не сме ништо спрема богатството и раскошот што овде го забележувам. Покрај тоа уште имаме и клеветници. Но на својата репутација горд е Лебјаткин, госпоѓо, и... и — и... дојдов да заблагодарам. Еве ги парите, госпоѓо!

Тој го извади од џебот портмонето, извлече од него сноп банкноти и во бурен напад на нетрпение почна со растреперена рака да ги пребира. Се гледаше дека би сакал нешто што побрзо да разјасни, што беше веќе и мошне потребно; но, веројатно, и самиот чувствуваше дека ова плеткање со парите му дава уште поглуп изглед, па ја загуби и последната трошка

владеење над себеси; парите никако да ги изброи, прстите се заплеткуваат и, неговиот срам за да ги премине сите мери, се случи портмонето да му се лизне и една зелена банкнота да падне на простирката.

— Дваесет рубли, госпоѓо — рече и нагло скокна, и со снопчето во раката, со лице испотено од мака; па кога ја забележа на подот испуштената банкнота тој се наведна да ја крене, но нешто се засрами и само одмавна со раката.

— За вашите слуги, госпоѓо, за лакејот што ќе ја најде; да си спомни за Лебјаткин!

— Тоа јас никако не можам да го допуштам — брзо рече Варвара Петровна уште и со некаков страв.

— Во тој случај...

Тој се наведна, ја крена банкнотата, силно поцрвени па одеднаш ѝ пријде на Варвара Петровна и ѝ ги подаде изброените пари.

— Што е тоа? — изусти Варвара Петровна, сега веќе сосема уплашено; дури и се помрдна назад.

Маврикиј Николаевич и Степан Трофимович, секој за себе, тргнаа нанапред.

— Не плашете се, не плашете се, не сум јас луд, слава на бога, не сум луд! — возбудено ги умируваше капетанот присутните, на сите страни.

— Да, господине вие сте мрднат од умот!

— Госпоѓо, сето тоа не е она што го мислите вие. Јас, се разбира, сум еден ништожен прешлен... О, госпоѓо, богати се и сјајни вашите соби, а сиромашни се и грозни кај Марија Непознатата, мојата сестра, родена Лебјаткина, само засега, зашто самиот бог не сака така вечно да остане! Госпоѓо, вие ѝ дадовте десет рубли и таа ги прими, но затоа што ѝ ги дадовте вие, госпоѓо! Слушајте, госпоѓо! Од никого на светот нема да земе оваа Непозната Марија, инаку во гробот ќе се преврти нејзиниот дедо, штапс-офицер, загинат на Кавказ, пред очите на самиот Јермолов; но од вас, госпоѓо, сè ќе прими. Само, ако земе со раката десет рубли, со другата ќе ви даде 20 рубли, како прилог за еден од престолничките одбори во кои сте вие, госпоѓо, член... како што вие самата, гос-

поѓо, објавивте во „Московски ведомости“ дека се наоѓа кај вас овдешната, значи нашата, градска книга на добротворното друштво, во која секој може да запише...

Капетанот одеднаш замолчи, дишеше тешко како по некој тежок напор. Сето ова за одборот за добродетелства беше, веројатно, можеби и под редакција на Липутин. Капетанот уште повеќе се испоти и буквално капки пот му избија по слепоочниците. Варвара Петровна го гледаше понирајќи со погледот во него.

— Таа книга — проговори таа остро — секогаш стои долу кај вратарот на мојата куќа, можете таму да го запишете својот прилог, ако сакате. А сега ве молам да ги засолните своите пари и да не ми мавтате со нив пред очите. Така. И уште молам да го заземете вашето поранешно место. Така. Многу ми е жал, господине, дека се измамив во поглед на вашата сестра и ѝ подарив милост, кога е толку имашлива. Единствено не разбирам зошто сака да прими само од мене, а од другите не сака по никоја цена. Вие тоа толку го истакнавте што јас сакам тоа сосема точно да ми се разјасни.

— Госпоѓо, тоа е тајна што може да биде само во гробот закопана! — одговори капетанот.

— А зошто? — запраша Варвара Петровна некако не многу сигурно.

— Госпоѓо, госпоѓо!...

Тој мрачно замолчи, гледајќи вземи, со десната рака на срцето. Варвара Петровна чекаше не симнувајќи ги очите од него.

— Госпоѓо! — загрми тој одненадеж — дали допуштате да ви зададам едно прашање, само едно, но отворено, искрено, руски, од душа?

— Ви се молам.

— Дали вие, госпоѓо, сте страдале во животот?

— Вие сакате просто да кажете дека поради некого сте страдале, или страдате.

— Госпоѓо, госпоѓо! — потскокна тој пак, веројатно не гледајќи што прави и удирајќи се в гради —

овде, во ова срце, се насобрало толку, толку, што самиот господ ќе се зачуди кога сето тоа на страшниот суд ќе се обелодени!

— Хм! силно речено.

— Госпоѓо јас можеби зборувам со избувливиот јазик на лутината...

— Не грижете се, јас веќе знам кога треба да ве задржам.

— Дали можам да ви поставам уште едно прашање, госпоѓо.

— Можете.

— Дали може да се умре единствено од благородноста на сопствената душа?

— Не знам, не сум си задавала такво прашање.

— Не знаете! Не сте си задавале такво прашање! — извика тој со патетична иронија. — А ако е така, ако е така...

Замолчи срце без надеж...

и тој силно се удри в гради.

И пак почна да оди по собата. Полната немоќ да ги воздржат во себе своите желби, тоа е ознака на ваквите луѓе; напротив, незадржлив е нивниот стремеж веднаш, штом се зачнале, да ги покажат, и тоа онакви какви што се, наполно неопремени. А ако се најде таков човек во компанија за која не е создаден, тој обично почнува бојазливо; но ако му попуштите само за влакно, тој истиот час преминува во смелост. Капетанот веќе се загреа, тој оди, мавта со рацете, не слуша што го прашаат, зборува за себе брзо, пребрзо, така што понекогаш јазикот го издава, не довршува што започнал а веќе преминува на друга фраза. Вистина не верувам да беше сосема трезен; а тука беше уште и Лизавета Николаевна, на која уште ниту еднаш не погледна, но, како што изгледа, нејзиното присуство страшно му ја заврти главата. Туку, тоа е само претпоставка.

Бездруго имаше некаква причина, што Варвара Петровна, совладувајќи ја одвратноста, се реши да слуша таков човек. Прасковја Ивановна просто се тре-

сеше од страв; вистина, како што изгледа, таа наполно и не сфаќаше во што е работата. И Степан Трофимович трепереше, но тој не поради несфаќање, туку напротив поради тоа што секогаш е склон кон претерување во сфаќањето. Маврикиј Николаевич стои во став на заштитник на сите во собата. Лиза беше бледа и со силно отворени очи гледаше во подивениот капетан. Шатов си седеше како и порано; но што е најчудно, Марија Тимофеевна не само што не се смешее, туку многу се растажи. Со десната рака беше налактена на масата, па со долг поглед го следеше братот и неговото рецитирање. Спокојна ми изгледаше единствено Дарја Павловна.

— Сето тоа се алегории — се разлути најпосле Варвара Петровна, — вие не одговарате на моето прашање: зошто? Јас сè уште чекам одговор.

— Не одговорив на вашето „зошто"? Очекувате одговор на своето „зошто", — повтори капетанот клепкајќи. — Тоа малечко зборче „зошто" ја има исполнето целата вселена од првиот ден на постоењето на светот, госпоѓо, и целата природа секој момент му довикнува на својот создавач „зошто"? И, еве, веќе седум илјади години не добива одговор. Па дали може еден капетан Лебјаткин да одговори, и дали тоа ќе биде вистинскиот одговор, госпоѓо?

— Сето тоа се бесмислици, и не се праша тоа! — се лутеше Варвара Петровна и го губеше трпението. — Тоа се алегории а освен тоа, вие, господине, зборувате премногу накитено и бујно, што јас го сметам за смелост.

— Госпоѓо — зборуваше капетанот не слушајќи ја — јас, можеби, би сакал да се викам Ернест, а приморан сум да го носам простото име Игњат; а зошто, што мислите? би сакал да се викам кнез де Монбар, а јас сум само Лебјаткин, од лебед, зошто така? Јас сум поет, госпоѓо, поет по душа, и би можел да добијам илјада рубли од издавачите, а јас сум принуден да живеам во леген, зошто тоа? госпоѓо, јас мислам, Русија е игра на природата, ништо повеќе!

— Зарем вие никако не можете ништо одредено да кажете.

— Можам, госпоѓо, да ви ја изрецитирам песната „Лебарка“.

— Што-о-о?

— Госпоѓо, јас уште не сум луд. Ќе полудам, бездруго ќе полудам, но уште не сум луд. Госпоѓо, еден мој пријател, личност најблагородна, има напишано една басна од Крилов, под наслов „Лебарка“ — дали можам да ви ја изрецитирам?

— Вие сакате да прочитате една басна од Крилов?

— Не, не од Крилов, туку своја басна, своја сопствена, свој состав! Верувајте, госпоѓо, без навреда, не сум јас толку необразован и пропаднат, па да не знам дека Русија го има големиот Крилов, на кого министерот на просветата му дигна споменик во Летната градина за игра во детска возраст. Вие, значи, прашувате, госпоѓо: „зошто“? Одговорот е дното од таа басна, во огнени зборови!

— Кажете ја таа своја басна!

— Си беше една лебарка,
лебарка од малолетство.
И во момент, потем, падна,
на дното полно мувојадство...

— Господе, што е тоа? — извика Варвара Петровна.

— Па тоа — забрза капетанот силно мавтајќи со рацете и со лута нестрпливост на автор кому што му пречат својата работа да ја прикаже — па тоа, кога мувите во лето влегуваат в чаша, тогаш доаѓа до мувојадство, тоа секој глупак може да го разбере, немојте да ме прекинувате, немојте, немојте, ќе видите, ќе видите...

Лебарката им фати место
мувите ги лути тоа,
преполна е нашата чаша,
се поплакаа на Јупитер.
А додека тие викаат,
им пристапи Никифор,
старец местен...

Понатаму знаете, уште не сум ја доврšил, но сеедно, ќе раскажам! — трештеше капетанот. — Никифор ја зема чашата, не обрнувајќи се на викањето, целата таа комедија ја фрла во кофата, и мувите и лебарките, што и многу порано требаше да биде сторено! Но, само внимавајте госпоѓо, внимавајте! Лебарката не се буни! Ете ви го одговорот на вашето прашање: „зошто"? — извика тој победнички. — Лебарката не се буни! А што се однесува до Никифор тој ја претставува природата — додаде капетанот забрзано и задоволен од себеси тргна пак по собата.

Варвара Петровна многу се налути.

— А какви се тие пари, ако смеам да запрашам, што сте ги добиле вие, божем, од Николај Всеволодович и кои, божем, не ви се предадени, па поради тоа сте се осмелиле да обвинувате една личност што му припаѓа на мојот дом?

— Клевета! — грмна Лебјаткин и трагично ја крена десната рака.

— Не, не е клевета.

– Госпоѓо, постојат околности што принудуваат поскоро да се поднесе и семејната срамота отколку вистината јавно да се прогласи. Нема да се изговори Лебјаткин, госпоѓо!

Тој како да беше ослепен; беше инспириран; ја чувствуваше својата важност овде. И веќе сакаше и да навреди, некако да извалка, да ја покаже својата моќ.

— Ѕвонете, ве молам, Степане Трофимович — замоли Варвара Петровна.

— Лукав е Лебјаткин, госпоѓо! — намигна тој со грда насмевка. — Лукав е, но и тој има пречки, и тој има предворје на страста! А тоа предворје и старото војничко хусарско шише, кое Денис Давидов го опеа И, ете, госпоѓо, кога е тој во тоа предворје, тогаш се случува да однесат писмо во стихови, прекрасно писмо, но кое тој би сакал назад да се врати со солзите на целиот свој живот, зашто се нарушува чувството на најголемата убавина. Само, птичката одлетала, не ја фати за опашка! Ете, госпоѓо, ете во тоа предворје

Лебјаткин можеше да се искаже и по однос на благородната девојка како во благородната лутина и огорченоста на душата зовриена од навреда, со што и се користеле неговите клеветници. Но лукав е Лебјаткин госпоѓо, и попусто над него бдее злокобен волк, и секој час пијалак дотура, и го чека крајот: нека чека, нема да се издаде Лебјаткин, нема, а на дното од шишето, место она што се очекува, секогаш се покажува — препреденоста на Лебјаткин! Но доста, о, доста! Госпоѓо, вашите раскошни сали може да му припаѓаат на најблагородно лице, но лебарката не се буни! Разберете, видете, најпосле, дека тој не се буни и запознајте го големиот дух!

Во тој момент заѕвони ѕвончето, оздола од собата на вратарот, а скоро во исто време влезе Алексеј Јегорич, кој на преѓешниот повик од Степан Трофимович нешто задоцни. Стариот чесен слуга беше необично возбуден.

— Николај Всеволодович овој час повелија да дојдат и идат ваму — рече тој во одговор на прашалниот поглед на Варвара Петровна.

Јас посебно се сеќавам како изгледаше Варвара Петровна во тој момент: најпрвин пребледи, но одеднаш очите ѝ светнаа.

Се исправи во фотелјата со израз на необична решителност. Сите други беа вџашени. Сосема неочекуваното враќање на Николај Всеволодович на што се надевавме дури по еден месец беше необична работа не само поради тоа што беше неочекувано, туку по судбоносното во тоа враќање токму во овој сегашен момент. Дури капетанот остана среде собата како закован, со отворена уста; со мошне глупав израз гледаше во вратата.

Од соседната соба, долга и голема, веќе одекнуваа брзи и сѐ поблиски чекори, ситни, необично чести, како некој да се лизта, и одеднаш во нашата соба влезе — не Николај Всеволодович, туку некој сосема непознат момчак.

V

Си дозволувам себеси малку да се задржам на оваа личност и барем со неколку брзи потези да ја оцртам.

Тоа беше момчак на 27 или осум години, со раст малку понизок од среден, со ретка, руса, доста долга коса и со перче и со овде-онде израстени и одвај обележени мустачиња и брадичка. Облечен чисто, дури и модерно, но не китено; на прв поглед како подгрбавен и несмасен, но поради тоа ни малку сведнат, дури подвижен. Како да е некој чуден човек; подоцна пак, сите наоѓаа дека манирите му се мошне пристојни, а разговорот секогаш складен.

Никој не ќе рече дека е грд, но неговото лице никому не му се допаѓа. Главата издолжена кај тилот, а отстрана некако сплескана, па лицето му доаѓа остро челото високо и тесно, а цртите на лицето ситни; окото остро, носот малечок, остар, усните долги и танки. Во лицето изгледа болежлив, но тоа само така се чини. Има некакви незгодни бразди на образите близу јаболкниците, па изгледа како човек што се опоравува по тешка болест. Меѓутоа, тој е наполно здрав и силен, и никогаш не бил болен.

Оди и се движи мошне грдо, но никаде не брза. Се чини дека никогаш ништо не може да го доведе во неприлика; и тој во секоја ситуација и во секоја компанија, навистина, останува ист. Полн е самозадоволство, но самиот во себе не го забележува.

Зборува забрзано, но во исто време самоуверено, и не ги натегнува зборовите, ги тура како од ракав. Неговите мисли, без оглед на забрзаното зборување се мирни, одмерени, јасни и дефинитивни — и тоа посебно се истакнува. Неговиот изговор за чудо е јасен, зборовите се ронат како подеднакво крупни зрна, секогаш одбрани и секогаш готови да послужат. Отпрвин, тоа и ви се допаѓа, а потем ви е чисто одвратно токму поради тој јасен изговор, од тој бисер вечно подготвени зборови. Ви се чини дека јазикот во неговата уста мора да има некој сосема особен облик,

некаков необично долг и танок јазик, страшно црвен, со вонредно остар врв, кој непрестајно сам од себе се врти.

Ете, тој момчак влезе сега во собата за примање, и, мене и денес така ми се чини дека прозбори уште од соседната соба и дека така и влезе — зборувајќи. Тој веднаш се најде пред Варвара Петровна.

— ... И замислете, Варвара Петровна — го истури својот бисер — јас влегувам и мислам ќе го најдам овде, каде што е тој веќе од пред петнаесет минути — зашто има час и половина како стасал — се најдовме кај Кирилов — пред половина час тргна право ваму и ми нареди по петнаесет минути и јас да дојдам ...

— Ама кој? Кој ви наредил? — запраша Варвара Петровна.

— Па Николај Всеволодович! Зарем вие навистина дури сега, овој момент дознавате? Неговиот багаж барем мораше да биде одамна донесен; како не ви го јавиле тоа? Значи, јас сум првиот гласник. Би можело, секако, некаде и да се побара, туку, тој бездруго и самиот ќе дојде и, ми се чини, токму во моментот што како што треба одговара на некои негови очекувања и, колку што барем јас можам да судам, и на некои негови пресметки. — Тој на ова со очите премина преку целата соба и посебно внимателно ги задржа на капетанот. — О, Лизавета Николаевна, колку ми е мило дека ве гледам на првиот чекор; многу ми е драго дека можам да ви ја стегнам раката — тој брзо ѝ притрча на Лиза за да ја прифати нејзината рака што таа му ја подаде насмевнувајќи се весело; — а како што гледам, ни многу почитуваната Прасковја Ивановна не го заборавила својот „професор“, па дури и не му се лути, иако во Швајцарија секогаш се лутеше. Навистина, како ви се нозете, Прасковја Ивановна, и дали швајцарскиот конзилиум беше во право кога ви ја препорача татковинската клима? ... Како молам? ... Од лековити растенија? ... Тоа веројатно е многу добро ... Но колку ми беше жал, Варвара Петровна (тој пак брзо се сврти) дека не можев да ве видам додека бевте во Швајцарија, и

лично да ви го посведочам своето почитување, а имав и многу нешта да ви кажам... Го барав овде мојот старец, но тој, по својот обичај, ми се чини...

— Петруша! — извика Степан Трофимович, веднаш тргнувајќи се, плесна со рацете и потрча кон синот. — Петре, дете мое, јас не те ни познав! — па го стегна в прегратка и му потекоа солзи.

— Ех, не лудувај, не лудувај, без гестови! Убаво, сега доста, доста беше, те молам — мрмореше Петруша брзо и гледаше како да се ослободи од прегратката.

— Секогаш, секогаш грешев спрема тебе!

— Убаво, доста, за тоа ќе зборуваме попосле. Јас знаев дека ти малку ќе им се препуштиш на слабостите. Доста, биди малку поприсебен, те молам!

— Добро, не сум те видел десет години!

— Дотолку помалку причини за изливи...

— Дете мое.

— О, верувам, верувам дека ме сакаш, засолни ги веќе еднаш рацете. Им пречиш на другите... Ах, еве го и Николај Всеволодович...! Но, не лудувај, те молам, најпосле!

Навистина, Николај Всеволодович веќе беше во собата. Влезе мошне тивко и за момент застана на вратата со лесен поглед преминувајќи преку сите.

Исто како и пред четири години, кога го видов за првпат, исто така и денес веќе на прв поглед бев стаписан. Ни малку не бев го заборавил; но, како што изгледа, има такви физиономии, што, кога и да се појават, некако донесуваат со себе нешто ново, што не сте го забележале на нив, сеедно што дотогаш сте го виделе и стопати. На изглед, Ставрогин е ист како и пред четири години, исто онака елегантен, исто онака одмерен и исто онака отмен — влегува како и тогаш, па речиси дека е исто и онака млад. Неговата лесна насмевка е исто така официјално пријатна и исто така самозадоволна. И погледот му е исто така сериозен, замислен и некако расеан. Со еден збор, како вчера да сме се разделиле. Но лицето секогаш му личеше на маска, како што рече тогаш

една од госпоѓите од нашето општество; а денес, денес, не знам зошто, туку мене ми се стори на прв поглед убав човек во неоспорна смисла, многу убав, така што не можеше да се рече дека лицето му потсетува на маска. Да не доаѓаше тоа од таму што тој е сега малку, малку поблед од порано, и, како што изгледа, прилично послаб? Или, можеби, некоја нова мисла свети сега од неговиот поглед?

— Николај Всеволодович! — извика Варвара Петровна и сосема се исправи; и не станувајќи од фотелјата го задржа со заповеднички движења — почекај малку!

Но за да го разјаснам она страшно прашање што дојде веднаш по ова движење и извикот – прашање што како возможно не можев да го замислам ни од Варвара Петровна, јас ќе замолам читателот да си приспомни каков беше карактерот на Варвара Петровна низ целиот нејзин живот и на необичната негова избувливост во некои исклучителни моменти. Молам, исто така, да се има на ум следното — и покрај необичната нејзина душевна цврстина, и покрај прилично силниот ум и практичниот такт дури донекаде и тактот на домаќинка, во нејзиниот живот сепак не достасуваа и такви моменти кога таа ќе му се предадеше на нешто одеднаш, целата и наполно, ако е допуштено така да се рече: без и најмалку воздржување. Најодзади, молам да се има на ум дека и овој денешен момент за неа навистина е еден од оние во кои, како на пепелиште, одеднаш се концентрира целата суштина на животот — сè што било и што е, и што, можеби ќе биде. Патем уште да напоменам за она безимено писмо, упатено до неа, за кое што пред малку толку налутено се изрече пред Прасковја Ивановна, но чија што поблиска содржина, како што се чини, сепак ја премолчи, иако можеби, токму во тоа писмо и се наоѓа одговорот за можноста на ова страшно прашање што таа сега одеднаш му го упати на синот.

— Николај Всеволодович — повтори таа очекувајќи ги зборовите со цврст глас во кое се слушаше

страшно повикување — ве молам, кажете веднаш од тоа место на кое сте, дали е вистина дека ова несреќно сакато женско, ене она, она онаму, видете го! Дали е вистина дека е таа... ваша законска жена?

Тој момент јас премногу добро го паметувам: Ставрогин и не клепна, цврсто го задржа погледот на мајката; не се случи ни најмала промена на неговото лице. Најпосле, лесно се насмевна и, не одговарајќи на прашањето, тивко ѝ пријде на мамичката, ѝ ја зеде раката, со големо почитување ја доближи до усните и ја бакна. Неговото секогашно, неотповикливо влијание на мајката беше отсекогаш силно, толкаво што таа ни сега не смееше да си ја оттргне раката. Само го гледаше, целата претворена во прашање. И целото нејзино лице зборуваше ако почека тој само уште миг, таа неизвесност повеќе ќе биде неиздржлива.

А тој продолжи со молчењето. Откако ѝ ја бакна раката уште еднаш погледна по целата соба, како и пред малку, не брзајќи се упати право кон Марија Тимофеевна. Мошне е тешко да се опише физиономија во некои моменти. Јас, на пример, запомнав дека Марија Тимофеевна премре од страв, се поткрена кон него и ги состави рацете како да го моли; а наедно си спомнувам и за восхитот во нејзиниот поглед, некаков безумен восхит што нејзините црти скоро ги обезличи — восхит што луѓето тешко го поднесуваат. Можеби се работеше и за едното и за другото — и страв и восхит, но, си спомнувам, јас брзо ѝ пријдов, зашто ми се стори, (стоев скоро покрај неа), дека тој момент ќе падне во безсознание.

— Вие не треба да бидете овде — ѝ рече тој со милен, мелодичен глас, а во неговите очи блесна необична нежност.

Пред неа стоеше во став на најголемо почитување и во секое негово движење се искажуваше најискрена почит. Кутрата, целата зазбивтана, пропелтечи со шепот:

— А дали можам... веднаш... да паднам пред вас на колена?

— Не, тоа никако не, — ѝ се насмевна тој прекрасно, така што таа веднаш радосно се насмевна.

Со истиот мелодичен глас, наговарајќи ја нежно, како што се наговара дете, тој значајно додаде:

— Спомнете си дека сте вие девојка, а јас, иако ваш најверен пријател, сепак сум ви туѓ човек, ни татко, ни маж, ни свршеник. Туку, дајте ми ја раката, па ајде, јас ќе ве испратам до колата, и, ако допуштите, лично ќе ве однесам дома.

Таа го ислуша тоа и како во размислување ја сведна главата.

— Ајде, — му рече со воздишка и му ја подаде раката.

Но тогаш ѝ се случи мала незгода. Веројатно не претпазливо се сврти и се опре на својата болна, покуса нога — со еден збор, таа падна ничкум во фотељата, а да ја немаше таа фотеља, ќе паднеше на подот. Тој веднаш ја прифати и ја придржи, ја зеде цврсто под рака и со сочувство и внимателно ја поведе кон вратата. Се виде дека тоа паѓање ја сневесели, беше збунета, вцрвена и многу посрамотена. Гледајќи вземи, немо, многу кривејќи, таа тргна по него скоро висејќи на неговата рака. И така излегоа. Лиза, тоа го забележав, само не знам зошто, додека тие излегуваа, потскокна од фотељата и со неподвижен поглед ги следеше до вратата. Потем пак седна и молчеше, но лицето ѝ се грчеше, како да се допрела до некоја гадост.

Додека таа сцена се одигруваше помеѓу Николај Всеволодович и Марија Тимофеевна, сите молчеа стаписано, можеше да се чуе мува; но само што излегоа, сите одеднаш почнаа да зборуваат.

VI

Впрочем, зборуваа малку, повеќе извикнуваа. Сега малку и сум заборавил иако се случуваше тогаш тоа по ред, зашто настана мешаница. Степан Трофимович извика нешто на француски и чукна со дланките, но Варвара Петровна не се обѕираше на него.

Дури и Маврикиј Николаевич промрмори нешто, со остар глас и брзо. Најмногу се загледа Петар Степанович; тој Варвара Петровна очајно ја убедуваше во нешто, со широки движења; но јас долго не можев да разберам во што. Ѝ зборуваше на Прасковја Ивановна и на Лизавета Николаевна, па набрзина, во распаленоста, му дофрли нешто и на татка си — со еден збор многу се размрда по собата. Варвара Петровна, целата црвена, скокна од своето место и ѝ викна на Прасковја Ивановна:

— Дали чу, дали чу што рече сега?

Но Прасковја Ивановна не беше во состојба ниту да ѝ одговори, туку само промрмори нешто и одмавна со раката. Имаше таа, кутрата, своја мака: секој момент ја вртеше главата кон Лиза и со страв ја гледаше, а не смееше ни да помисли да стане и да си оди дома, пред да стане ќерката. Меѓутоа, капетанот бездруго сакаше да исчезне. Јас тоа го забележав. Од моментот кога се појави Николај Всеволодович, тој имаше вистински и силен уплав; но Петар Степанович го беше дофатил за раката и не му допушти да си отиде.

— Тоа е неминовно, просто неминовно, — го истури тој својот бисер пред Варвара Петровна уверувајќи ја непрестајно.

Тој стоеше пред неа, а таа пак седеше во фотелјата и, си спомнувам, жедно го слушаше, а тој веднаш се користеше од тоа и сосема го освои нејзиното внимание.

— Тоа е над сè потребно. Вие, Варвара Петровна, и самите гледате дека се работи за недоразбирање; и, навидум, има многу чудни нешта, а меѓутоа, работата е јасна како ден и едноставна како прст. Јас мошне добро знам дека никој не ме овластил да зборувам и дека, можеби, сум смешен што самиот се наметнувам. Но, прво, самиот Николај Всеволодович не ѝ дава на таа работа никакво значење, а најодзади, секогаш има случаи во кои човек тешко се решава самиот тој лично да дава разјаснување, па, значи, нужно е за тоа да се заземе трето лице, на кое што ќе му биде полесно да изговори и поделикатни нешта. Веру-

вајте, Варвара Петровна, Николај Всеволодович нималку не е крив дека на вашето преѓешно прашање не одговори во истиот момент и даде најнесомнено разјаснување, иако таа работа е сосема ништожна. Јас го познавам Ставрогин уште од Петроград и знам дека целиот тој случај само му служи на чест на Николај Всеволодович, кога веќе мора да се употреби тој неодреден збор „чест“ . . .

— Сакате да кажете дека сте биле сведок на некој случај од кој произлегува . . . ова недоразбирање? — запраша Варвара Петровна.

— Сведок и соучесник — брзо потврди Петар Степанович.

— Ако ми ветите дека тоа нема да ја навреди чувствителноста на Николај Всеволодович во некои негови за мене познати чувства спрема мене, од кои тој ништо не крие . . . и ако сте уште уверени дека со тоа ќе му направите дури и задоволство.

— Несомнено задоволство, а јас и самиот себе тоа си го сметам за посебно задоволство. Уверен сум дека и самиот тој ќе ме замоли . . .

Таа наметлива желба на овој човек, одненадеж падна како од небо, желбата да ги раскажува туѓите случаи, беше мошне чудна и надвор од сите вообичаени правила. Но тој Варвара Петровна ја фати на јадица, допирајќи го и премногу болното место. Тогаш и не го познавав добро карактерот на овој човек, а уште помалку неговите намери.

— Ве слушаме, — му покажа Варвара Петровна воздржано и внимателно, чувствувајќи доста бол поради оваа своја снисходливост.

— Мала работа; дури, ако сакате, зборувајќи искрено, и не е приказвче — се истури бисерот. — Впрочем, романсиерот од немај-каде може да испече и цел роман. Мошне интересна работичка Прасковја Ивановна, и убеден сум дека и Лизавета Николаевна љубопитно ќе ја ислуша; зашто тука има многу чудни, ако не и неверојатни работи. Пред пет години во Петроград Николај Всеволодович го запозна овој господин — еве токму овој господин Лебјаткин што овде зинал и, ми се чини, се подготвува да исчезне. Јас, инаку,

не ве советувам да се правите зрно од просо, господине пензиониран чиновник на бившата провијантска управа (гледате, јас, за вас вонредно се сеќавам). И мене и на Николај Всеволодович премногу добро ни се познати вашите овдешни марифети, за коишто, немојте тоа да го заборавите, ќе морате да поднесете сметка. Уште еднаш молам за проштавање, Варвара Петровна. Тогаш Николај Всеволодович овој господин го нарече свој Фалстаф; тоа е веројатно (веднаш разјасни тој) некаков бивш карактер на бурлеската, на кого сите му се смеат и кој секому му допушта да му се смее, само ако му се плати веднаш. Николај Всеволодович тогаш, во Петроград, водеше живот, така да речам, на исмевање — со друг збор не умеам да го одредам, не умеам поради тоа што тој човек не му подлегна на никакво разочарување и блазираност, а не се грижеше да се занимава со некоја работа. Јас зборувам само за едно тогашно време, Варвара Петровна. Тој Лебјаткин имаше сестра, онаа што беше пред малку овде. Братчето и сестричката немаа свое засолниште и се скитаа по туѓите. Тој скиташе под сводовите на базарот, редовно и неминовно во својот некогашен мундир, и ги запираше минувачите, на вид поугледни, па што ќе собереше, го испиваше. А сестрата се хранеше како птица небеска. Таму, по таваните во зафрлените катови, таа помагаше во работата и по малку прислужуваше, од невола. Тоа беше Содома, најстрашна; ќе ја избегнам сликата на тој пештерски живот — живот на кој во тоа време и Николај Всеволодович, како чудак, му се предаваше. „Чудак", патем да кажам тоа е сопствениот израз на Николај Всеволодович. Тој од мене речиси ништо не криеше. Мадмазел Лебјаткина, која извесно време и премногу често можеше да го сретне Николај Всеволодович, беше стаписана од неговата појава. Тој беше, така да се рече, брилијант на валканата основа од нејзиниот живот. Јас не сум добар опишувач на чувствата, затоа го оставам тоа настрана — но знам дека секакви луѓе веднаш ја зедоа девојката на подбив и таа се растажи. Нејзе таму воопшто ѝ се смееја, ѝ се подбиваа, но таа дотогаш не забележуваше. Веќе ни

тогаш во нејзината глава не беше сè како што треба, но сепак не како сега. Има основа за претпоставката дека таа, во детинството, со помошта на некоја добротворка, за малку што не добила друго воспитување. Николај Всеволодович никогаш и ни малку не се обѕирал на неа и повеќе играл со чиновниците преферанс во четвртина од копејка, со стари изветвени карти. Но еднаш, кога неа ја навредуваа, тој, (не прашувајќи за причината), го зграпчи еден од чиновниците за врат и го спушти низ прозорецот од другиот кат. Тука немаше ништо од некоја рицарска лутина поради навредената невиност: целата операција беше изведена со општа смеа, а најмногу се смееше самиот Николај Всеволодович; а кога сето среќно заврши, се смирија и испија пунч. Само збрканата невиност тоа не го заборави. Се разбира, тоа се заврши со краткото растројување на нејзините умствени способности. Повторувам, јас лошо ги опишувам чувствата; но тука главна работа беше нејзиниот занес, соништа без сон, фантазија. А Николај Всеволодович таа фантазија како намерно да ја распалуваше; место добро да се насмее, тој одеднаш почна спрема мадмазел Лебјаткина да се однесува со неочекувано внимание и почитување. Кирилов, кој тука се најде (необичен оригинал, Варвара Петровна, и необично избувлив човек; можеби еднаш и ќе го видите, тој сега е овде), значи, тој Кирилов, кој обично само молчи, одеднаш се распали и, си спомнувам, му рече на Николај Всеволодович, дека тој таа госпоѓа ја третира како маркиза и дека со тоа најпосле ќе ја дотолчи. Додавам, Николај Всеволодович тој Кирилов мошне го ценеше и, што си мислите, тој му го одговори следново: „Вие мислите, господине Кирилов, дека јас неа ја исмевам — сменете си го мислењето, јас неа навистина ја почитувам, затоа што е подобра од сите нас.“ И знаете, тоа го рече мошне сериозно, инаку, во тие два-три месеца тој освен добар ден, збогум, всушност, со неа не прозбори ни збор, јас, што бев тука, убаво си спомнувам дека таа, најпосле, дојде веќе до таму што него го сметаше некако како свој свршеник, кој не смее да ја „грабне“ само поради тоа дека има мно-

гу непријатели и семејни пречки или нешто слично на тоа. Тогаш падна многу смеа! Сѐ заврши на тоа што Николај Всеволодович кога требаше да дојде вамму, пред да отпатува, се погрижи за нејзиното издржување и, ми се чини, со доста голема годишна сума, по сѐ судејќи триста рубли, ако не и повеќе. Со еден збор, од негова страна тоа беше израз на разгаленост, фантазија на човек прерано заморен, најодзади, нека биде дури и тоа, како што вели Кирилов, нова етида на заситениот човек, со намера, да види до каде може да се доведе улавата саката. „Вие, му рече Кирилов, намерно сте го одбрале последното суштество, сакато, под вечен подбив и ќотек, и уште знаевте дека тоа суштество од својата комична љубов умира по вас — и одеднаш почнувате намерно да ја тргате за нос, само да видите што ќе излезе од тоа!“ Најодзади, зошто да биде човек посебно виновен за фантазијата на една улава жена со која, внимавајте, прозборувал одвај два-три збора? Варвара Петровна, тоа се работи за кои не само што не може умно да се зборува туку не е умно ни да се започнува разговор. Најпосле, нека е тоа и чудно — но тоа е најмногу што може да се рече. Меѓутоа, на тоа сега испредена е цела приказна... Мене, Варвара Петровна донекаде ми е познато што се случило овде.

Раскажувачот одеднаш замолчи и посака да се сврти кон Лебјаткин, но го задржа Варвара Петровна; таа се наоѓаше во најголема егзалтација.

— Дали завршивте? — го праша.

– Уште не. Поради целост, ќе ми треба, ако дозволите, уште нешто да го распрашам овој господин овде... Веднаш ќе видите, Варвара Петровна, во што е работата.

— Доста е, попосле, почекајте малку, ве молам. О, колку направив добро што ве пуштив да зборувате!

— И внимавајте, Варвара Петровна, сега на ова... — се сепна Петар Степанович — на тоа дали Николај Всеволодович можеше пред малку сето ова да ви го разјасни во одговор на вашето прашање... можеби и премногу категорично прашање?

— О, да, премногу!

— И зарем немав право кога реков дека во некои случаи на некој трет му е многу полесно да ја разјасни работата отколку на оној до кој се однесува таа работа?

— Да... да... Но само во едно сте се излагале и, за жал, гледам дека и натаму се лажете.

— Навистина? А во што?

— Гледате. Туку, како ќе биде да седнете, Петар Степанович.

— О, како што ќе речете, и без тоа сум уморен, благодарам.

Тој веднаш ја приближи фотелјата и ја сврти така што се најде од една страна помеѓу Варвара Петровна, од друга помеѓу Прасковја Ивановна, а со лицето спрема господинот Лебјаткин, од кој ни за момент не го симнуваше погледот.

— Се лажете дека она го наречувате „чудаштво".

— Ох, ако е само тоа...

— Не, не, не, чекајте, — го задржуваше Варвара Петровна, очигледно подготвувајќи се да зборува многу и со занес. Петар Степанович, само што го забележа тоа, веднаш целиот се претвори во внимание.

— Да, да, тоа беше нешто повеќе од тоа, нешто повеќе и, верувајте, дури и нешто свето! Човек достоинствен и рано навреден, и кој стасал до тоа „исмевање" на животот, што вие мошне згодно го напоменавте, со еден збор, принцот Хари, како што тогаш го даваше своето сјајно споредување Степан Трофимович и што ќе беше совршено точно да не личи тој уште повеќе на Хамлет, барем како што мислам јас.

— И имате право — се одзва Степан Трофимович чувствително и важно.

— Благодарам, Степан Трофимович, вам посебно сум ви благодарна, имено за нашата постојана вера во Николас, во возвишеноста на неговата душа и на неговиот позив. Таа вера вие во мене ја закрепнувавте кога губев сигурност.

— Драга, драга...

Степан Трофимович зачекори напред, но застана, оценувајќи дека е опасно да ја прекине.

— И, покрај Николас (Варвара почна веќе по малку да пее) да се наоѓаше секогаш тивкиот Хорацио, голем во својата смиреност, втор ваш прекрасен израз, Степане Трофимович — тој можеби одамна ќе беше спасен од тажниот и избувлив демон на иронијата, што цел живот го раскинуваше. (Демон на иронијата пак ваш прекрасен израз, Степане Трофимович.) Но Николас никогаш ги немал ни Хорацио, ни Офелија. Ја имаше единствено својата мајка, но што може мајката сама, во вакви услови? Дали знаете, Петар Степанович, мене сега ми станува вонредно јасно дека Николас, таков каков што е создаден, можел да биде виден по тие пештери за кои што раскажувавте. Јас сега можам мошне јасно да си го замислам тоа исмевање на животот (за чудо згоден израз!), таа беззаситна жед по контрастите, таа темна заднина на сликата на која тој се појавува како брилијант, пак според вашето споредување, Петар Степанович. Одеднаш, тој сретнува суштество на кое секој му задава болка, сакато и во полуразум, душевно растроено женско, но во исто време и женско, можеби со најблагородни чувства!...

— Хм... да, нека биде и така.

— Но, по сето тоа, вие не можете да разберете дека и тој, мојот син, не ѝ се подбива на таквата девојка, како што прават сите други! О, луѓе! И вам ви е несфатливо дека тој неа ја брани од навредливците, ѝ укажува почит „како на Маркиза" (тој Кирилов веројатно длабоко ги познава луѓето, иако ни тој не го разбрал Николас). Ако сакате, злото дошло токму од тој контраст; ако живееше несреќницата во поинакви услови, можеби не ќе западнеше во толку луди сништа. Жената, само жената може да го разбере тоа, Петар Степанович, и многу ми е жал дека вие, т. е., не дека не сте жена, туку дека барем во овој момент тоа не го разбирате.

— Значи, треба да се разбере, колку полошо толку подобро, разбирам, разбирам, Варвара Петровна.

Тоа е нешто како во религијата: колку што живее човекот полошо, или колку што е народот повеќе измачен, или колку што е посиромашен, дотолку поупорно фантазира за надоместок во рајот; а ако работат на тоа уште и илјадници попови, распалувајќи му ја фантазијата и шпекулирајќи со неа, тоа ... ве разбирам, Варвара Петровна, не грижете се!

— Да речеме дека тоа и не е сосема така, но, да речеме зарем Николас, за да ја угасне таа претерана фантазија во тој несреќен организам (зошто Варвара Петровна овде го употреби тој збор „организам" јас не можев да сфатам), зарем и тој требало да ѝ се подбива, како што правеле тие чиновници? Зарем вие не го земате предвид она возвишено сожалување, оној благороден трепет на целиот организам со кој Николас веднаш сериозно му одговорил на Кирилов: „Јас нејзе не ѝ се подбивам!" Возвишен, светол одговор!

— Величествено — промрмори Степан Трофимович.

— И, внимавајте, тој не е толку богат како што мислите, јас сум богата а не тој; а тогаш тој скоро ништо не земаше од мене.

— Разбирам, Варвара Петровна, сето тоа го разбирам — и Петар Степанович малку нестрпливо се помрдна на своето место.

— Да, тоа е мојот карактер! Јас во Николас се гледам себеси! Ја познавам таа младост, таа можност на бурни и опасни одушевувања ... И, јас и вие некогаш ако се зближиме Петар Степанович, што јас од своја страна од срце го сакам, и дотолку повеќе што веќе многу ви должам, вие можеби тогаш ќе разберете.

— О, верувајте, од своја страна и јас тоа го сакам — рече Петар Степанович отсечно.

— Тогаш ќе ја разберете онаа палавост со која во заслепеноста на благородството ја прима некој човек во секој поглед, дури и недостојно за него, кој ни малку не го разбира, кој е готов да го намачи во секоја згодна ситуација; и, ете, таков човек и покрај сè, оној што го примил го претвора во некаков идеал, во

свој сон на јаве, сврзува во него секакви свои надежи ја симнува главата пред него, го сака цел живот го сака иако воопшто не знае зошто, може да биде токму и затоа дека оној тоа и не го заслужува.. О, колку сум страдала целиот живот, Петре Степанович!

Степан Трофимович со болно лице почна да го бара мојот поглед; но јас навреме се свртив настрана.

— ...И уште тука неодамна..., колку му згрешив на Николас... Нема да верувате колку ме намачија од сите страни, сите, просто сите, и непријателите, и секакви ситни луѓе, и пријателите — пријателите можеби повеќе од непријателите. Кога ми го пратија првото одвратно анонимно писмо, вие нема да ми верувате Петре Степанович, јас не бев во состојба да најдам во себе доволно презир за одговор на таа пакост... Никогаш, ама никогаш нема да си простам за својата малодушност!

— Јас веќе по нешто и сум чул за овдешните анонимни писма — оживе Петар Степанович нагло — јас тие писатели ќе ви ги пронајдам, бидете спокојна.

— Но не можете да замислите какви интриги станаа овде! — ја намачија и нашата кутра Прасковја Ивановна, и зошто токму неа? Моја мила Прасковја Ивановна, јас можеби денес премногу ти згрешив — додаде таа во напливот на великодушна нежност, но не и без малку победоносна иронија.

— Остави го тоа, мила моја — промрмори оваа не сакајќи — јас мислам дека сѐ треба да сврши; премногу се зборуваше... — и таа пак бојазливо погледна на Лиза, но Лиза гледаше на Петар Степанович.

— А она кутро, она несреќно суштество, онаа безумница што изгубила сѐ, сѐ, а го дочувала само своето срце, имам намера да ја посвојам — одеднаш извика Варвара Петровна, — тоа ми е должност што мислам свето да ја исполнам. Веќе од денес ја земам под своја заштита!

— Тоа ќе биде мошне добро, во некоја смисла! — наполно оживе Петар Степанович. — Проштавајте, пред малку не завршив сѐ. Токму тоа, за заштитата.

Дали можете да си замислите, кога Николај Всеволодович отпатува (продолжувам токму одонде, Варвара Петровна, каде што запрев), овој господин, еве, овој господин Лебјаткин, веднаш си вообрази дека тој ги има сите права на целата помош одредена за неговата сестра — и ги зеде и ги трошеше парите. Не знам точно што наредил Николај Всеволодович, но по една година, кога веќе беше во странство, дознав што се случило и затоа беше принуден својот распоред да го измени. Пак не ги знам деталите, ќе ги каже самиот тој, но знам толку дека лицето за кое станува збор го сместил во некој оддалечен манастир, и тоа мошне угодно, и под пријателски надзор — разбирате? Па што мислите, што направи тогаш господин Лебјаткин? Отпрвин целата сила ја употреби да пронајде каде го крие од него редовниот приход, т. е. приходот на неговата мила сестра, и тука неодамна ја постигна својата намера — ја однесе сестрата од манастирот, откако докажал некое свое право на неа, и сега ја донесе овде. Овде пак, тој не се грижи за нејзината исхрана, ја тепа, ја тиранизира, и, најодзади, откако доби на некој начин од Николај Всеволодович поголема сума пари, веднаш се оддаде на пиење и наместо да е благодарен, уште го предизвикува Николај Всеволодович, изнесува некакви глупи барања и му се заканува со суд ако помошта не биде исплатувана однапред, директно во неговите раце. На тој начин доброволниот дар на Николај Всеволодович го зема како отштета, дали можете тоа да си го замислите? Господине Лебјаткин, дали е вистина ова што го реков сега?

Капетанот, што дотогаш стоеше нем, со сведнати очи, брзо зачекори напред, целиот зацрвенет.

— Петре Степанович, вие бевте суров спрема мене — проговори тој, како да пресекол.

— Како тоа суров, и зошто, господине? Но, дозволете, за суровоста и за благоста ќе зборуваме подоцна, а сега сам ве молам да одговорите на првото прашање. — Дали сево ова што го реков е вистина или не е? Ако мислите дека не е, можете да ја дадете својата изјава.

— Јас... вие и самиот знаете. Петар Степанович... промрмори капетанот, се тргна и замолчи.

Треба да се спомене дека Петар Степанович седеше во фотелја, со нога префрлена преку нога, а капетанот стоеше пред него во поза на најголема почит.

Изгледа дека нерешителноста на капетанот нималку не му се допадна на Петар Степанович — лицето му се собра од некакво пакосно грчење.

— Па, ќе сакате ли нешто да ни кажете? — го запраша тој капетанот и суптилно го погледна. — Во тој случај, бидете добар: се чека вашиот одговор.

— Вие и самиот знаете, Петар Степанович, дека јас не можам ништо да речам.

— Не, јас тоа не го знам, и го слушам првпат; а зошто не можете?

Капетанот молчеше и го вперуваше погледот вземи.

— Дозволете ми да си одам, Петар Степанович — рече тој решително.

— Но не пред да дадете каков и да е одговор на моето прашање, дали е сѐ вистина што реков.

— Вистина е — подмолно изусти Лебјаткин и фрли поглед на мачителот. Дури и пот му изби на челото.

— Сѐ?

— Сѐ.

— Немате нешто да додадете, да забележите? Ако чувствувате дека не сме справедливи, изјавете го тоа, протестирајте, гласно изјавете го своето незадоволство.

— Не, немам ништо.

— Зарем пред малку не му се закануввте на Николај Всеволодович?

— Тоа... тоа... тоа повеќе зборуваше пијалакот Петар Степанович — (тој наеднаш ја крена главата) — Петар Степанович! Ако семејната чест и подбивот, незаслужени, од срцето залелекаат во луѓето, тогаш... дали е човекот и тогаш виновен? — загрми тој неочекувано, заборавајќи се како и пред малку.

— Сега сте трезен, господине Лебјаткин? — запраша Петар Степанович нуркајќи се со погледот во него.

— Јас... сум трезен.

— А што значи тоа семејна чест и подбив од срцето незаслужени?

— Со тоа не сакав никого... не сакав на никого... Јас тоа само за себе ... — истури пак капетанот.

— Вам, изгледа, многу ве навреди она што го реков за вас и за вашето поведение? Вие сте мошне осетлив, господине Лебјаткин; но дозволете, јас уште ништо не реков за вашето поведение како такво и во неговиот сегашен облик. Но јас ќе проговорам за вашето сегашно поведение. Јас ќе проговорам, тоа лесно може да се случи! Но уште не сум почнал да зборувам за тоа поведение во неговата сегашна, вистинска смисла.

Лебјаткин потрепери и го впери празниот поглед на него.

— Петар Степанович, јас дури сега почнувам да се разбудувам.

— Хм! Значи јас ве разбудив?

— Да, вие ме разбудивте, Петар Степанович, а јас четири години спиев под издигнатиот бурен облак. Дали можам сега да се засолнам, Петар Степанович?

— Сега можете, само ако на Варвара Петровна не ѝ е неопходно...

Таа одмавна со раката.

Капетанот се поклони, зачекори двапати кон вратата, застана, ја кладе раката на срце, сакаше нешто да рече, но не рече ништо и побрза да излезе. Но на вратата се судри токму со Николај Всеволодович, кој се помрдна настрана, а капетанот одеднаш целиот се згрчи пред него и остана наместо вкочанет, не симнувајќи ги од него очите како зајаче пред змија. Николај Всеволодович почека малку, го оттурна со лесно движење на раката и влезе во собата.

VII

Беше весел и мирен. Можеби тој момент му се случило нешто многу убаво, нешто што ние уште не го знаеме; но беше, по сè судејќи, со нешто посебно задоволен.

— Дали ќе ми простиш, Николас? — нестрпливо го запраша Варвара Петровна и брзо стана да го пречека.

Но Николас едноставно се насмеа.

— Токму! — извикна тој расположен и на шега. — Гледам дека веќе сè знаете. А јас, штом излегов и седнав во колата, веднаш си помислив: требаше барем некоја шега да се раскаже, зашто така никој не си оди! Но кога си спомнав дека ви останува Петар Степанович, веднаш ми се симна грижата.

Зборувајќи, тој по малку се обѕираше околу себе.

— Петар Степанович ми раскажа еден стар петроградски настан од животот на еден мечтател — прифати Варвара Петровна восхитено — на еден необичен момчак, но секогаш возвишен во своите чувства, секогаш рицарски благороден...

— Рицарски? Зарем веќе дојдовте дотука? — се насмеа Николас. — Впрочем, овојпат му бев многу благодарен на Петар Степанович за неговата брзина. (Овде тој размени со него еден брз поглед.) Треба да знаете, мамо, дека е Петар Степанович општ смирувач; тоа е неговата рола, болест, слаба страна, тој тоа најмногу го сака и во тој поглед него посебно ви го препорачувам. Претпоставувам што ви раскажал. Тој преде, умее да накити кога раскажува; во главата има канцеларија. Ви укажувам дека тој, реалист каков што е, не може да лаже и дека вистината му е помила од успехот... се разбира, освен во оние посебни случаи кога успехот е помил од вистината. (Зборувајќи го тоа, тој постојано се обѕираше.) И така, мамо, јасно гледате дека нема зошто мене да ме молите за проштавање и дека ако има тука некаква лудост, тогаш таа е најмногу на моја страна; т. е. на

крајот од краиштата, јас сепак во главата сум сосема среден — треба значи, да се држам за својата овдешна репутација.

Притоа нежно ја прегрна мајка си.

— Секако, сега таа работа е свршена, раскажана и протолкувана, па веројатно може и да се прекине разговорот за неа — додаде тој и некој сув, тврд звук се почувствува во неговиот глас. Варвара Петровна го разбра тој звук; но нејзината егзалтација сè уште не престануваше, ами се засилуваше.

— Не те очекував сега, Николас, туку дури по еден месец.

— Сè ќе ви разјаснам, мамо, се разбира, а сега...

Тој се упати кон Прасковја Ивановна.

Но таа одвај ја сврти главата спрема него, иако само миг пред тоа, кога тој првпат се појави на вратата, целата беше вџашена. Сега имаше нови грижи: во моментот кога капетанот тргна и се сретна на вратата со Николај Всеволодович, Лиза одненадеж се насмеа, отпрвин тивко, испрекинато, но смеата потем растеше сè повеќе, станувашe сè повеќе, позвучна и сè подобро се слушаше. Се зацрвени. Контрастот со нејзиниот дотогашен смрачен и невесел изглед беше необичен. Додека Николај Всеволодович разговараше со мајката, таа еднаш-двапати со знак го повика Маврикиј Николаевич како да сака нешто да му шепне; но само што се наведна тој кон неа, неа пак, во моментот, ја обзеде смеата, така што можеше да се помисли дека му се смее нему кутриот. Таа очигледно се напрегаше да се совлада и ја притискаше шамијата на уста. Николај Всеволодович, со израз на најголема невиност и простодушност, ѝ пријде на Лиза да ја поздрави.

– Ве молам, простете – одговори таа брзајќи – вие, вие, вие секако го видовте Маврикиј Николаевич... Господи, колку сте вие недопуштено висок, Маврикиј Николаевич!

И пак смеа. Маврикиј Николаевич навистина е висок, но не баш недопуштено.

— Вие... дали одамна сте допатувале? — промрмори таа, пак совладувајќи се и дури збунувајќи се, но очите ѝ светкаа како молња.

— Пред два часа и нешто повеќе — одговори Николас гледајќи ја. Забележувам овде дека тој беше необично одмерен, а љубезен повеќе од обично; но и покрај тоа, сепак изгледаше наполно рамнодушен, дури и олабавен.

— А каде живеевте?

— Овде.

Варвара Петровна ја гледаше Лиза, исто така, па одеднаш, на една своја мисла, многу се зачуди.

— А кај беше ти, Николас, досега, за тоа време од два часа и повеќе? — му пријде таа. — Возот стаса во десет.

— Прво го однесов Петар Степанович кај Кирилов; а со Петар Степанович се сретнав во Матвеево, три станици пред нашата, и во ист вагон допатувавме.

— Јас од зора чекав во Матвеево — прифати Петар Степанович; — последните вагони од нашиот воз сношти излегоа од пругата, за малку не си ги искршивме нозете.

— Не си ги скршивте нозете! — извикна Лиза. — Мамо, мамо, ете гледате, јас и вие минатата недела да отидовме во Матвеево, како што сакавме, и ние ќе си ги искршевме нозете!

— Бог да чува! — се прекрсти Прасковја Ивановна.

— Мамо, мамо, слатка мамо, немојте да се плашите, дури и двете нозе да си ги скршам; тоа мене може да ми се случи; па вие самата зборувате дека главата ќе си ја скршам зашто правам трка секој ден. Маврикиј Николаевич, дали ќе ме сакате ако сум саката? — почна таа пак да се смее. — Ако се случи тоа, нема да дадам никој друг да ме сака, освен вие, на тоа слободно сметајте... Значи, да речеме, ќе си ја скршам само едната нога. Добога, бидете љубезен и кажете дека тоа ќе го сметате за среќа.

— Каква среќа е тоа — со една нога, — намуртено стана сериозен Маврикиј Николаевич.

— Затоа ќе ме водите вие, единствено вие, никој друг!

— И тогаш ќе ме водите вие мене, Лизавета Николаевна — уште посериозно промрмори Маврикиј Николаевич.

— Господе, тој сакаше да направи каламбур! — извика Лиза скоро со уплав. — Маврикиј Николаевич, немојте никогаш да се осмелите на тој пат! Но инаку, колку сте вие себичен! Нека ви служи за чест, јас сум убедена дека денес самиот себеси се клеветите; а напротив, вие тогаш мене од утро до мрак ќе ме уверувате дека без нога сум поинтересна! Само едно не ќе може да се поправи — вие сте претерано висок, а јас без нога ќе станам премала; и како ќе ме водите под рака? Нема да бидеме двојка!

И се насмеа со болна смеа. Нејзините духовитости и алузии беа прости, но неа очигледно и не ѝ беше дошло до слава.

— Хистерија! — ми шепна Петар Степанович — треба што побрзо да се донесе чаша вода.

Погоди: За момент сите се растрчаа; навистина донесоа вода. Лиза ја прегрнуваше својата мајка, ја бакнуваше пламено, плачеше на нејзиното рамо, а потем, оттргнувајќи се и загледувајќи ѝ се в лице, почна пак гласно да се смее. Се расплака најпосле, и мамичката. Варвара Петровна брзо обете ги однесе во својата соба, низ онаа врата на која пред малку влезе Дарја Павловна. Но тие таму не се задржаа долго, не повеќе од четири минути.

Јас се трудам да се сетам просто за секој потег од последните моменти на тој значаен ден. Си спомнувам, кога останавме сами, без дамите, (освен единствено Дарја Павловна) која не се помрднуваше од своето место), Николај Всеволодович му пријде на секој од нас и со секого се поздрави, освен со Шатов, кој и натаму, седеше во својот агол и уште повеќе од порано своднат кон земјата. Степан Трофимович веќе почна нешто мошне духовито да разговара со Николај Всеволодович, но овој брзо се упати кон Дарја Павловна. Патем, скоро сосила го преседе Петар Сте-

панович и го однесе до прозорецот, па почна брзо да му шепоти нешто, како што изгледаше, мошне значајно, судејќи барем по изразот и движењето што го следеа шепотот. А Николај Всеволодович го слушаше мошне мрзливо и расеано, со својата обична, задолжителна насмевка, на крајот веќе и нестрпливо, и сѐ некако се обидуваше да отиде.

Најпосле, се оддалечи, токму во моментот кога нашите госпоѓи се вратија. Варвара Петровна ја седна Лиза на нејзиното старо место уверувајќи ја дека секако, барем десет минути, треба да се одмори, зашто свежиот воздух не им одговара сега на слабите нерви. Таа многу се грижеше околу Лиза, дури и седна крај неа. Слободниот Петар Степанович веднаш им притрча и започна брз и весел разговор. Во истиот момент Николај Всеволодович пријде, одвај, и до Дарја Павловна со својот лесен од; а Даша, кога ѝ се приближи, се раздвижи на своето место и брзо потскокна, очигледно вознемирена, сета румена во лицето.

— Мислам дека можам да ви честитам.. или уште не? — проговори тој со некаков посебен склад на цртите на лицето.

Даша нешто му одговори, но не можеше да се чуе.

— Простете за невнимателноста — го поткрена тој гласот — но вие знаете, јас бев посебно известен. Дали знаете за тоа?

— Да, знам дека бевте посебно известен.

— Се надевам, сепак, дека со својата честитка не сум ве вознемирил — се насмеа тој — и, ако Степан Трофимович...

— Што, што има да ви се честита? — одеднаш потскокна Петар Степанович — што да ви се честита Дарја Павловна? Ѓавол! Да не е токму тоа? Вашето руменило докажува дека погодив. Навистина, што друго би можело да им се честита на нашите прекрасни и убаво воспитани девојки и од кои честитки тие најмногу руменеат? Е, тогаш примете ги моите честитки, ако погодив, и платете го облогот — дали си спомнувате, во Швајцарија со мене се обложивте дека никогаш нема да се мажите? Ах, да, што се однесува до Швајцарија — ама што ми е? Замислете,

скоро само поради тоа и допатував и сега за малку што не заборавив: кажи ми ти мене — тука се сврти кон Степан Трофимович — кога ќе одиш ти во Швајцарија?

— Јас.. во Швајцарија? — се зачуди и се збуни Степан Трофимович.

— Како? Зарем нема да одиш? Па ти.. ти се жениш, ми пиша...

— Пјер! — извика тој.

— Што, и зошто Пјер!... Гледаш, ако ти е пријатно тоа да го знаеш, ете, јас побрзав ваму да ти кажам дека немам ништо против, а ти секако и сакаше што порано да го дознаеш моето мислење, а ако треба да се спакуваш, како што пишуваше и молеше во истото писмо, јас пак ти стојам на располагање. Варвара Петровна — тој брзо се сврти кон неа — дали е вистина дека тој се жени? Се надевам дека не сум индискретен; самиот тој пишуваше дека веќе целиот свет знае и му честита така што тој, за да го избегне тоа, излегува само навечер. Писмото ми е в џеб. Но, дали ќе верувате Варвара Петровна, јас него воопшто не го разбирам! Кажи ми, Степане Трофимович, едно: дали треба да ти се честита, или треба да се „спасуваш“? Нема да верувате, нема да верувате, покрај редовите за најголемата среќа, тој пишува и за најголемиот очај. А, пред сѐ, ме моли за проштавање; но тоа му е, да речеме, во природата. Но не може да се премолчи ова: ме видел човекот сѐ на сѐ двапати во животот, па и тоа неочекувано, и сега одеднаш, стапувајќи во третиот брак, тој вообразува дека со тоа гази врз некакви родителски обврски спрема мене и ме моли, илјада врсти оддалечено, да не му се лутам и да му одобрам!... Ти, Степане Трофимович, те молам, немој да се разжалостуваш, тоа е појава на времето, јас широко гледам и не осудувам, и, да речеме, тебе тоа ти прави и чест, и така натаму, и така натаму, но, сепак, главно е тоа дека јас главното не го разбирам. Тука имате нешто, во писмото, нешто за некакви гревови во Швајцарија. „Се женам, вели, со гревови, или со туѓи гревови, или како го вели тој

тоа таму, со еден збор, со „гревови". „Девојката е, вели, бисер и дијамант" и, се разбира, тој „не е достоен"; тоа е неговиот стил: но поради некакви гревови и услови тој е „принуден да застане пред олтарот и да патува во Швајцарија"; а потем, натаму: „настана сè, па побрзо да стасуваш" ... Дали разбирате нешто? Туку, впрочем ... туку, впрочем, јас по изразот на лицето гледам (тој се сврти со писмото в рака и со невина насмевка се загледа во лицата), дека, по својот обичај во нешто сум претерал ... со својата глупа искреност, или како што рече Николај Всеволодович, избувливост. Па јас мислев дека ние овде сме свои луѓе, т. е. твои и свои, Степане Трофимович, твои и свои, а јас, всушност, сум туѓ и гледам ... и гледам дека сите нешто знаат, а јас, ете, јас токму нешто не знам.

Тој непрестајно и натаму набљудуваше.

— Значи, Степан Трофимович ви пишал дека се жени со „туѓи гревови", направени во Швајцарија, па би требало да побрзате да го спасите, токму со тие зборови, нели? — Варвара Петровна му пријде, сета пожолтена, со искривено лице, со растреперени усни.

– Сакав да речам, знаете, ако има тука нешто што јас не сум разбрал – уште повеќе побрза Петар Степанович како да се уплашил – затоа, се разбира, виновен е тој, дека пишува така. Писмото е овде. Знаете, Варвара Петровна, неговите писма се бескрајни и стасуваат постојано, а последниве два-три месеци просто писмо на писмо; и, искрено да речам, најпосле понекогаш не ги ни дочитував. Ти, Степане Трофимович, прости ми ја оваа моја глупа искреност, но признај, те молам, иако ми ги праќаше мене, секогаш си ги пишувал повеќе заради поколенијата, така што тие, всушност, се сеедно ... Ајде, ајде, немој да се растажуваш, јас и ти сме сепак свои! ... Но ова писмо, Варвара Петровна, ова писмо го прочитав цело. Тие „гревови", молам, тие „туѓи гревови", тоа бездруго се сепак некои негови родени грешки и, се обложувам, најневини грешки, но поради кои тој веднаш смислил да направи страшен расплет со благородна нијанса, а токму поради таа нијанса и е направен расказот. Гле-

дате, има тука нешто што како во смисла на некоја пресметка помалку накривува — треба, најпосле да се признае. Многу, знаете, некој се свикнал на карти... но, впрочем, тоа е споредно, излишно, тоа е сосема излишно, и проштавајте, јас сум премногу зборлест; но, жими вера, Варвара Петровна, тој ме уплаши, па навистина донекаде се подготвив да го „спасувам". Најпосле и ми е срам! Нема секако јас да му се прикрадувам со нож под грло? Дали сум јас некој безмилосен поверител? Пишува нешто и за Мира... Туку, на крајот од краиштата, дали навистина се жениш, ти Степане Трофимович? Впрочем, и тоа ќе се случи, и ние ќе се изназборуваме, и тоа повеќе поради красноречивоста... Ах, Варвара Петровна, скоро сум убеден дека вие сега ме осудувате, и тоа, пред сè, поради красноречивоста...

– Напротив, напротив, јас гледам дека загубивте трпение и, се разбира, за тоа имате оправдана причина, — прифати Варвара Петровна пакосно.

Со пакосно уживање таа го слушаше овој чесен и отворен порој од зборови на Петар Степанович, кој очигледно си играше улога (каква, тогаш не знаев, но улогата беше очигледна и одиграна дури премногу грубо).

— Напротив — продолжи таа — јас сум ви премногу благодарна дека зборувавте; да не бевте вие не ќе го знаев ни ова. За дваесет години сега првпат ми се отворија очите. Николај Всеволодович, вие рековте дека сте биле посебно известен за женачката: да не ви напишал нешто вакво и вам Степан Трофимович.

— Јас од него добив мошне невино... и... и... мошне благородно писмо.

— Вие се напрегате, ги барате зборовите, тоа е доста! Степане Трофимович, јас од вас очекувам посебна добрина — одеднаш таа се сврти кон него, молскајќи со очите; — ве молам, оставете нè веднаш и во иднина немојте да го пречекорувате прагот на мојата куќа.

Ве молам да си спомните за пређешната „егзалтација", која навистина уште не беше помината. Висти-

на, Степан Трофимович беше виновен! Но да слушнете што ме зачуди мене тогаш многу: Степан Трофимович со вонредно достоинство ги издржа и изобличувањата на Петрушка, и не мислејќи да ги прекине, и проклетството на Варвара Петровна. Од каде кај него толку сила? Јас потоа дознав само толку дека првата средба со Петруша, имено прегратките, го навредила, вистинито и длабоко го навредила. Тоа беше длабока и вистинска тага, барем во неговите очи, во неговото срце. Во тој момент имаше и друга невола: имено, отровното чувство дека направил една ниског, што подоцна и самиот ми го призна сосема искрено. А вистинската, неизмерна тага, понекогаш е во состојба и феноменално лекомислениот човек да го направи сериозен и силен, па макар и за кусо време; и не само тоа, туку се случува од вистинската тага и глупаците понекогаш да се опаметат, се разбира, исто така за некое време; таква е особината на тагата. А ко е така, што сè не можеше тогаш да се случи со човек како што е Степан Трофимович цел превраг — се разбира, исто така привремено.

Тој достоинствено се поклони при заминувањето пред Варвара Петровна и не прозбори ни збор (навистина, ништо друго и не му преостануваше). Веќе сакаше и сосема да излезе, но не можеше да се воздржи а да не ѝ пријде на Дарја Павловна. Таа тоа, како што изгледа, го насетуваше, зашто истиот момент, полна со претчувство, самата почна да зборува, како да брза да го престаса:

— Ве молам, Степане Трофимович, не зборувајте ништо, живи бога — почна таа во пламена брзина да зборува со болен израз на лицето и брзо му ја подаде раката. — Бидете уверен дека јас уште исто онака ве почитувам... и исто онака ве ценам, и... ве молам, и вие за мене да мислите убаво, Степане Трофимович, а јас тоа многу, многу ќе го ценам...

Степан Трофимович ѝ се поклони многу, многу длабоко.

— Твоја волја, Дарја Павловна, ти знаеш дека во целата таа работа решава само твојата наполно сло-

бодна волја! Било и ќе биде, и сега и отсега — заврши Варвара Петровна со полна важност.

— Аха! сега и јас сѐ разбирам! — рече Петар Степанович чукнувајќи се по челото. — Но . . . но тогаш во каква ситуација се наоѓам јас. Дарја Павловна, ве молам, простете! Што правеше тогаш со мене, еј? — се сврти кон таткото.

— Пјер, кога зборуваш со мене, би можел малку поинаку да се изразуваш, дали е така, мил мој! — проговори Степан Трофимович ама сосема тивко.

— Не викај, те молам — замавта со рацете Пјер — верувај, тоа се само старите болни нерви, и вревата нема ништо да помогне. Подобро ќе биде да ми кажеш: зарем не можеше да помислиш дека јас ќе проговорам, веднаш на првиот чекор, и ќе прашам како тоа толку јас да не сум известен?

Степан Трофимович го погледна проникливо.

— Пјер, ти кој толку многу знаеш за сѐ што се случува овде, дали ти за тоа нешто навистина ништо ни си знаел ни си чул?

— Што-о-о! Луѓе! Зарем е малку дека сме стари деца, туку уште и зли деца? Варвара Петровна, чувте што рече?

Се крена врева, но тогаш одеднаш се случи нешто што никој не можеше да го очекува, и падна меѓу нив како ровја.

VIII

Пред сѐ да речам дека за последните две-три минути Лизавета Николаевна ја нападна некое ново возбудување: таа нешто брзо шепотеше со мајка си и со Маврикиј Николаевич, навален кон неа. На лицето им се гледаше уплав, но наедно и решителност. Најпосле таа се крена од местото, очигледно во брзање да си оди, па ја забрзуваше и својата мајка, на која Маврикиј Николаевич ѝ помогна да стане од фотелјата. Но, се виде дека не им е судено да си одат пред да видат сѐ докрај.

Шатов кого сите сосема го заборавија, седеше во својот агол (близу Лизавета Николаевна) и, како што изгледаше, ни самиот не знаеше зошто седи и зошто не си отишол. Кога, одненадеж, тој стана од столот, па преку целата соба, со бавни но цврсти чекори, се упати спрема Николај Всеволодович, гледајќи го право в очи. Овој веќе од подалеку го забележа неговото приближување и одвај малку се насмевна, но кога Шатов сосема му пријде, сосема престана да се насмевнува.

Шатов молчејќи застана пред него, не симнувајќи ги очите од него; сите тоа веднаш го забележаа, па стивнаа, Петар Степанович најдоцна од сите, Лиза и мајката застанаа среде собата. Така и поминаа едно пет секунди; изразот на смела недоумица на лицето на Николај Всеволодович се промени во лутина, тој се намурти, кога одеднаш...

Одеднаш Шатов замавна со својата долга и тешка рака и со сета сила го удри Ставрогина по образот. Николај Всеволодович силно се заниша.

А и го удри на посебен начин, не онака како што обично се удира шлаканица, не со дланката, туку со целата тупаница, а неговата тупаница е голема, тешка, ковчеста, со црвеникави влакна и бемки. Ако го дофатеше ударот носот, ќе го скршеше. Ја дофати левата страна на устата и горните заби и крв почна да капе.

Ми се чини дека во тој момент некој вресна, можеби Варвара Петровна — за тоа не си спомнувам, зашто истиот момент како сè да замре. Впрочем, целата сцена не траеше подолго од некои десет секунди.

Но за тие десет секунди се случија многу работи.

Јас пак го потсетувам читателот дека Николај Всеволодович беше од оние луѓе кои не знаат што е страв. На дуел умееше студено да отстои пред куршумот на противникот, а самиот гаѓаше и убиваше скоро диво спокојно. Некој да го удри по образот, тој, како што ми се чини, не би го викал на дуел, туку наместо, веднаш би го убил: имено, таков каков што беше, би го убил со полна присебност, а никако така како да ја загубил главата. Мене дури ми се чини дека

тој никогаш немал слепи настапи на гнев во кои ништо не може да се смисли. Во бескрајната омраза, што понекогаш го обземаше, тој умееше секогаш наполно да владее со себе; можеше, значи, да знае дека поради убиство, не убиство на дуел, дека неминовно ќе го пратат на робија; но тој сепак би го убил противникот, ни малку не би се колебал.

Во последно време јас сестрано го проучував Николај Всеволодович и, благодарение на посебните услови, за него знам сега кога го пишувам ова, мошне многу факти. Можеби би можел да го споредам со некои луѓе од минатото, за кои во нашето општество и до денес уште се зачувани некои легендарни спомени. Се раскажуваше, на пример, за декабристот Л дека цел живот намерно барал опасности, го опивало чувството на опасност, создал од неа вистинска потреба на својата природа, додека бил млад, одел на дуели просто за ништо; во Сибир, само со еден нож одел на лов на мечки; сакал во сибирските шуми да се сретне со избегани затвореници, а тие, патем да речам, биле пострашни од мечките. Без сомневање, и тие легендарни луѓе можеле да почувствуваат страв, можеби дури и во најголема мера. Да е поинаку, тие би биле многу и многу помирни и не би го претвораале чувството на опасност во употреба на својата природа. Но да се победи својата слабост — тоа е токму она што е примамливо, се разбира. Непрестајното воодушевување и занесот од победата, и свеста дека не постои поголем победник — ете, што ги привлекувало. Овој Л и порано, пред прогонството во Сибир, некое време се борел со глад и со тешки маки доаѓал до леб, единствено затоа што никако не сакал да им се покори на барањата од својот богат татко — му се чинело тие барања не се справедливи. Значи, борбата ја сфаќал сестрано. Силата на својот карактер и внатрешната, душевна цврстина не ја одмерувал само на дуелите, ниту само на мечките.

Но од тоа време сепак се поминати многу години; и нервозната, измачена, растргана, некако на две поделена природа на луѓето од нашево време, како да не ја допушта потребата за тие непосредни и пол-

ни чувства, какви што некои луѓе од старото добро време, немирни во својата активност, тогаш барале. Николај Всеволодович можеби од височина би гледал на Л, уште би го нарекол и плашливец кој самиот себе вечно се сили, петле — навистина, не би го рекол тоа гласно. И тој на дуел би го убил противникот, како што и правел; и тој би тргнал на мечка, ако е потребно; и тој би се ослободил од разбојниците во шумата — исто онака успешно и смело како и Л, но без секакво чувство на задоволство! туку единствено поради немилата неизбежност, тромо, мрзливо, дури и зловолно. Во омразата и во демонството е направен прогрес во споредба со Л, дури и со Лермонта. Во Николај Всеволодович имаше, веројатно, повеќе омраза отколку во оние обајцата заедно, таа омраза беше студена, мирна и, ако може така да се рече, разумна, значи најодвратна и најстрашна омраза што може да биде. Уште еднаш повторувам: јас Ставрогин и тогаш го сметав, а и сега, (кога е веќе сè завршено) го сметам токму за човек кој ако добие удар в лице или поднесе некоја друга слична, исто така тешка навреда — тој својот противник би го убил оној час, наместо, без одлагање и без покана на дуел.

Па сепак, во овој случај стана нешто друго и чудно.

Само што се исправи, бидејќи од добиениот удар толку срамно се превитка настрана, скоро со половината раст, и додека во собата, како што изгледаше, уште не беше исчезнал оној гаден, некаков лажен звук од ударот на тупаницата по лицето — тој со двете раце го дофати Шатов за раменици, но скоро во истиот момент и брзо ги врати назад и ги скрсти на грбот. Молчејќи гледаше на Шатов, а во лицето стануваше блед како платно. Но чудно, погледот како да му се гаснеше. За десетина секунди неговите очи гледаа студено и — убеден сум дека не се лажам — мирно. Само беше страшно блед. Се разбира, јас не знаев што се случувало во него, внатре во душата; ја гледав само надворешноста. Јас го мислам следново: да се најде човек што во намера да ја испроба својата цврстина, би стегнал, на пример, во рацете железна

прачка во црвена усвитеност, и за десет секунди би го издржал неиздржливиот бол и би завршил со тоа што би го победил болот, — тој човек ми се чини, би поднесол нешто слично на ова што сега, во овие десет секунди, го доживеа Николај Всеволодович.

Од двајцата Шатов прв го симна погледот и тоа, очигледно, затоа што мораше да го симне. Потем полека се сврти и излезе од собата, но не со одот со кој неодамна дојде. Одеше тивко, некако особено несмасно поткревајќи ги рамениците одзади, со наведната глава и како да расправа нешто сам со себе. Изгледаше дека нешто си шепоти. До вратата дојде полека, нигде не се спрепна и ништо не турна, а вратата ја отвори толку малце што мораше бочно да се провре низ отворот. Додека се провлекуваше, она перче што стрчи на неговиот тил беше посебно видно.

Потем, пред сите извици, одекна еден страшен извик. Видов како Лиза ја фати својата мајка за рамото, а Маврикија Николаевич за рака и едно двапати ги повлече по себе да излезат од собата, но одеднаш крикна и падна на подот, во бессознание. И денес, ми се чини, уште слушам како со тилот удри на покриениот под.

ПРВА ГЛАВА

НОЌ

I

Поминаа осум дена. Сега, кога веќе сè помина и јас ја пишувам оваа хроника, ние знаеме во што беше целата работа; но тогаш уште не знаевме, па природно е дека многу нешта ни изгледаа чудни и необични. Јас и Степан Трофимович во прво време се затворивме и оддалеку со уплав следевме што се случува. Јас понекогаш одев, и како и порано, му донесував на Степан Трофимович разни вести без што тој не можеше да живее.

По градот се носеа најразлични гласови: за шлаканицата, за несвестицата на Лизавета Николаевна и за сè друго што се случи во текот на онаа недела. Нè зачудуваше кој можел сето тоа толку брзо и точно да го изнесе на видело? Ниедна од личностите што беа таму сигурно не би имала ни потреба, ни корист да ја издаде тајната на тие настани. Од слугите немаше никој; единствено Лебјаткин можеше нешто да изброри, не толку од омраза, зашто отаде замина во најголем страв (а стравот од непријателот ја убива омразата спрема него), туку единствено од невнимателност. Но другиот ден ги снема без глас и трага и Лебјаткин и неговата сестра: го немаше во куќата на Филипов, се беше иселил и отишол во непозната насока, просто како да пропаднал в земи. Шатов, кого мислев да го запрашам за Марија Тимофеевна, се затвори и, се чини, осум дена преседи дома, во станот, дури ја прекина

и работата во градот. Не сакаше да ме прими. Отидов кај него во вторникот и му чукнав на вратата. Не добив одговор, но според сомнителните докази бев уверен дека е тука, па чукнав уште еднаш. Тогаш тој, како што ми се стори, скокнувајќи од постелата, со крупни чекори пријде до вратата и гласно викна: „Шатов не е дома". На тоа јас си отидов.

Степан Трофимович и јас со доста страв поради смелоста во таа претпоставка, но осмелувајќи се заедно, се задржавме најодзади на една мисла: имено, заклучивме дека за сите тие пуштени гласови може да биде виновен единствено Петар Степанович, иако тој, малку подоцна, во разговор со таткото го уверуваше дека тој веќе еден ден пред тоа го чул настанот од устата на целиот град, бидејќи за нештата најмногу се зборува во клубот, а на губернаторката и нејзиниот маж познато им е сѐ до најситните детали. Значајно е уште и ова: другиот ден по настанот, во понеделникот приквечерина, го сретнав Липутин; и тој знаеше веќе сѐ докрај.

Многу госпоѓи (и тоа од оние најмногу светски) ги интересираше и загадочната саката, како што ја наречуваа тие Марија Тимофеевна. Имаше меѓу нив и такви што сакаа по секоја цена и лично да ја видат и да ја запознаат, така што оние што побрзаа да ги засолнат Лебјаткини го направија тоа очигледно во згоден час. Можеби светот сепак најмногу се интересираше за паѓањето на Лизавета Николаевна, веќе и поради тоа што таа работа се однесуваше и на Јулија Михајловна, нејзина роднина и заштитница. И што ли не се брбореше! На тоа брборење му одговараше и таинственоста на некои околности: двете куќи беа сосем затворени; Лизавета Николаевна, како што се зборуваше, лежи во бунилото на нервна треска; истото тоа се тврдеше и за Николај Всеволодович, со грдите подробности за скршениот заб и отечениот образ. По градските улици се зборуваше дури и дека ќе се случело, можеби, и некое убиство, дека Ставрогин не е човек што ќе претрпи мирно таква навреда, дека тој ќе го убие Шатов, но потајно, како во корзиканската крвна одмазда. Тоа мислење многу се допадна; иако на-

шата младина од доброто општество го слушаше тоа главно со презир и со изглед на студенина што потценува, се разбира, извештачена. Воопшто, старото непријателство на нашето општество спрема Николај Всеволодович силно се истакнуваше. Дури и сериозните луѓе настојуваа да го направат виновен, иако самите всушност не знаеја за што. Со шепот се зборуваше дека тој божем ѝ ја одзел честа на Лизавета Николаевна; дека во Швајцарија помеѓу нив имало скриена љубов. Се разбира, внимателните луѓе се воздржуваа, но сепак сите слушаа со апетит. Имаше и други разговори, но не општи, туку поединечни, скоро скриени, вонредно чудни; а дека ги имаше и нив, тоа го споменувам само поради читателот, за да биде доволно внимателен пред натамошните настани во мојата сказна. Некои, само господ знае на каква основа, зборуваа, со собрани веѓи, дека Николај Всеволодович има сосема посебна задача во нашата губернија; дека тој со помошта на грофот К. дошол до високи врски во Петроград, дека дури можеби е на државна служба и дека, можеби, се наоѓа овде поради нешто, со посебен налог. Дури кога и мошне сериозните и воздржаните луѓе на тој глас почнаа да се насмевнуваат и умно да зборуваат дека човек што живее од скандали и влегува во општеството со отечен образ не личи на чиновник — тогаш почнаа да шепотат дека тој овде не врши некоја официјална служба, туку така да се рече, доверлива, и дека во тој случај токму службата бара доверееникот што помалку да личи на чиновник. Оваа забелешка направи впечаток; зашто нам веќе ни беше познато дека во престолнината со некое посебно внимание се гледа на Земството на нашата губернија. Повторувам, таквите гласови само поминаа низ градот и ги снема без трага кога Николај Всеволодович пак се појави помеѓу нас. Напоменувам, впрочем, дека многу нешта од тоа што се зборуваше делумно се истркалаа по градот поради неколку куси но отсечни фрази што, нејасно и испрекинато, ги изговори во клубот Артемиј Павлович Гаганов, гардиски капетан во оставка, кој пред кусо време се врати од Петроград, еден од мошне силните сопственици во нашата околија и на-

шата губернија, престолнички светски човек, син на покојниот Павел Павлович Гаганов, оној уважен старешина на клубот со кој Николај Всеволодович пред четири години имаше судир, толку необичен со својата грубост и наглост и кој порано, во почетокот на својот расказ, го спомнав.

Се разбира, сите веднаш дознаа и за тоа дека Јулија Михајловна отиде во исклучителна посета кај Варвара Петровна, но дека пред влезот во куќата ѝ е речено дека „поради слабоста на Варвара Петровна не може да биде примена". Исто така, се знаеше дека по два дена Јулија Михајловна прати човек да се распраша како е Варвара Петровна. Најодзади презеде да ја брани Варвара Петровна, се разбира, само во највозвишена смисла, што ќе рече по можност што понеодредено. Сите први брзи навестувања за настанот од неделата таа ги слушаше сериозно и студено, така што следните денови веќе не ги ни спомнуваа во нејзино присуство. Така сегде се зацврсти мислењето дека на Јулија Михајловна не само што ѝ е познат целиот тој таинствен настан туку и целата негова тајна смисла, до најситните подробности, и тоа не како на личност непозната, туку како на соучесник. Патем забележувам дека таа кај нас малку по малку се здоби со она високо влијание што толку жедно го сакаше и веќе се гледаше себеси како личност опкружена. Еден дел од општеството ги ценеше нејзината практична смисла и такт... Но за тоа потем. Секако со нејзината заштита донекаде беа разјаснети мошне брзите успеси на Петар Степанович во нашето општество — успеси на кои Степан Трофимович толку посебно им се зачуди.

Можеби јас и Степан Трофимович тука и претерувавме. Петар Степанович веќе во првите четири дена по своето доаѓање се запозна скоро со целиот град. Дојде во неделата, а во вторникот јас веќе го видов во кола со Артемиј Павлович Гаганов, човек горд, остар и вообразен; а веќе и да не споменувам дека тој беше светски човек и дека поради неговиот карактер доста тешко беше да се сложи некој со него. И кај губернаторот Петар Степанович беше примен посебно убаво; и брзо тука се најде во положба на момчак

близок, така да се рече поласкан; ручаше кај Јулија Михајловна скоро секој ден. Со неа тој се беше запознал уште во Швајцарија, но во неговиот брз успех во куќата на неговата превозвишеност имаше сепак доста чудно. Меѓутоа, тој некогаш беше познат како револуционер емигрант, сеедно дали е или не е тоа вистина, главно се слушаше дека во странство соработувал во некакви публикации и учествувал на конгресите, што може да се докаже и со весници, како што ни рече во една средба пакосно Аљоша Тељатников, сега бившо чиновниче, а некогаш исто така момчак, добро примен во куќата на поранешниот губернатор. Едно беше факт. Бившиот револуционер дојде во својата љубезна татковина не само без секакви вознемирувања, туку скоро уште и со одобрување; сето она, значи, можеби воопшто и не било.

Еднаш Липутин ми шепна дека Петар Степанович, така се зборува, негде дал изјава оти се кае и затоа добил прошка; наведе неколку други имиња, па и на тој начин можеби ја заслужил прошката, ветувајќи дека и во иднина ќе биде корисен за татковината. Оваа зајадлива фраза јас му ја соопштив на Степан Трофимович, а тој, иако не беше во состојба да ја сфати, сепак многу се замисли. Подоцна се покажа дека Петар Степанович дојде меѓу нас со некои вонредно важни препораки низ писма — сигурно е дека барем едно донесол за губернаторката од некоја извонредна важна петроградска баба, чиј маж беше еден од најзначајните петроградски старци. Оваа баба, кума на Јулија Михајловна, споменала во своето писмо дека и грофот К. добро го познава Петар Степанович, преку Николај Всеволодович; дека му укажал внимание и се здобил со уверување дека е тој „момчак достоен и покрај поранешните негови заблуди“. Јулија Михајловна и премногу ги ценеше своите скудни и со тешка мака одржувани врски со големиот свет, па, се разбира, ѝ беше мило дека добива писмо од таа старица. Но, освен сето тоа, имаше тука и нешто посебно. И својот маж го дотера скоро во доверливи односи со Петар Степанович, така што господинот Фон Лемпке и се жалеше... но за тоа попосле.

Патем напоменувам дека и Кармазинов, големиот писател, милостиво се држеше спрема Петар Степанович, и дека веднаш го повика во посета. Оваа пребрзаност на вообразениот писател го здоболе Степан Трофимович повеќе од што и да е друго. А јас тоа себеси си го објаснив поинаку: повикувајќи кај себе нихилист, господин Кармазинов ги имал на ум своите односи со следната младина на обете престолнини. Големиот писател навистина трепереше пред најновата револуционерна младина, но бидејќи не ги познаваше работите, тој вообразуваше дека клучовите на руската иднина се во рацете на таа младина, па понизно ѝ се додворуваше дотолку повеќе дека младинците не му обрнуваа никакво внимание.

II

Петар Степанович претрча едно двапати и до родителот за моја несреќа, тогаш јас ниеднаш не се најдов таму. За првпат го побарав во средата, значи, дури четвртиот ден по онаа општа средба, и тоа дојде по работа. Патем речено, тие своите сметки околу имотот ги свршија некако невидено. Варвара Петровна сè прими на себе и сè исплати, ја доби земјата за „максимална цена", а Степан Трофимович само го извести дека е сè свршено; нејзиниот полномошник, собарот Алексеј Јегорович, само му поднесе нешто да потпише, што тој го стори, молчејќи и со вонредно достоинство. Што се однесува до достоинството, напоменувам дека тие денови скоро не можам да го препознаам нашето досегашно чиченце. Се однесуваше како никогаш досега, стана чудно молчалив и од неделата ниедно писмо не ѝ испрати на Варвара Петровна, што порано ќе важеше како вистинско чудо; што е главно, тој се смири. Се утврди на некоја конечна и необична идеја која му даде мир, тоа се гледаше. Ја изнашол таа идеја, седнал мирно и чека. Вистина, пред тоа беше болен, особено во понеделникот; имаше колерина. Но ни во тоа време не можеше да издржи без новости; но штом јас ќе ги оставев чистите факти и ќе преминев на јадрото

на работата, штом ќе изнесев некои сомневања, тој веднаш ќе замавташе со рацете на мене повеќе да не зборувам. Двете средби со синот болно влијае на него, но не го расколебаа. И едниот и другиот ден, откако си отиде синот, тој ги одлежа на диванот, со глава завиткана во шамија наквасена со киселина, но во повисоката смисла и натаму остана мирен.

Впрочем, понекогаш и не мавташе со рацете на мене. А понекогаш ми се чинеше дека неговата таинствена решителност го изневерува и дека започнува борба со некоја нова кокетна навала од идеи. Тоа останувашe само моментно; но јас тоа го бележам. Насетував дека го влече желбата пак да излезе од собата, да се покаже пред светот, да прекине со осаменоста, да понуди борба, да ја започне последната битка.

— Шер, колку сакам да ги урнам — му се откина од устата кога, по вториот состанок со Петар Степанович, во четвртокот вечерта пак лежеше испружен на отоманот, со крпа околу главата.

Од тој момент цел ден со мене не прозборува ниту збор.

— Сине, мил сине, и така натаму, да, добро знам дека сите тие зборови се бесмислица, речник на готвачите, да, да, речник на готвачите, гледам и самиот. Јас него ниту сум го хранел, ниту поел, од Берлин го испратив во с-ска губернија, доенче, по пошта... и така натаму, да, го признавам и тоа... Ти не си ме хранел, вели; по пошта си ме пратил кај тетките; а сега уште и ме „опљачка". Но, несреќнику, викам јас, несреќнику, цел живот срцето ме болело по тебе, иако сум те испратил по пошта! Тој се смее. Но, се сложувам, се сложувам... да, по пошта — заврши тој како да блада.

— Да преминеме преку тоа — продолжи тој по неколку мига. — Не го разбирам Тургенев. Неговиот Базаров, тоа ти е некое фиктивно лице, не постои; токму тие, први не го познаваа Базаров како возможен. Тој Базаров, тоа ти е некаква нејасна мешаница помеѓу Ноздрев и Бајрон, да, токму тоа? Погледнете ги внимателно: се превртуваат и квичат од радост како кученца на сонце; тие се среќни, победители! Каков

Бајрон!... сосема обично! Чудна готварска чувствителност на самољубие, гадна страст да се прави врева околу своето име, не гледајќи дека тоа... О, каква карикатура!... Те молам, му викнав, да не сакаш можеби таков каков што си да им се понудиш на луѓето во замена на Исус? Тој се смее. Се смее многу, се смее премногу. Тој има некоја чудна насмевка. Неговата мајка немаше таква насмевка. Тој постојано се смее.

Пак настана молчење.

— Тие се лукави; во неделата се договорија... — се залета тој одеднаш.

— О, без сомневање — викнав јас и добро ги наострив ушите; — сето тоа беше договор, сето тоа е со бели конци зашиено и мошне лошо одиграно.

— Не мислам така. Туку знаете ли вие дека сето тоа намерно со бели конци е зашиено, за да забележат тие... што треба да забележат. Го разбирате ли тоа?

— Не, не го разбирам.

— Дотолку подобро, да го оставиме тоа. Денеска сум многу лут.

— А што сте се расправале со него, Степане Трофимович? — реков јас прекорно.

— Сакав да го преобразам. Се смеете, се разбира. Кутрата тетка, убави работи ќе чуе! О, пријателе, дали ќе верувате дека пред малку се чувствував токму вистински патриот! Впрочем, јас отсекогаш сум се чувствувал како Русин, а вистинскиот Русин и не може да биде поинаков, туку онаков каков што сум јас и вие. Тука има нешто неразбирливо и двосмислено.

— Бездруго, — одговорив јас.

— Пријателе, вистината никогаш не личи на вистина го знаете ли тоа? За да личи вистината повеќе на вистина, мора да ѝ се додаде лага. Луѓето секогаш така и правеле. Можеби и овде има нешто кое ние не го сфаќаме. Што мислите вие — дали во ова победоносно квичење има нешто што ние не го разбираме? Би сакал да има. Би сакал.

Јас премолчав. И тој мошне долго молчеше.

— Велат, „француски разум" — одеднаш замрмори тој како во треска; — тоа е лага, тоа секогаш било лага. Зошто да се напаѓа францускиот ум? Тоа е просто руската мрзливост, нашата срамна немоќ да создадеме идеја, нашето одвратно паразитство меѓу народите. Тие се едноставно мрзливци, а не францускиот ум. О, Русите требало, поради доброто на човештвото, просто да се истребат, како штетни паразити! Ние, во нашата младост не се стремевме кон тоа, туку кон нешто друго ... јас ништо не разбирам, јас веќе ништо не разбирам ... Ама, разбираш ли ти, му довикнувам јас, разбираш ли ти дека гилотината кај вас стои на прво место единствено поради тоа што е најлесно да се сечат глави, а најтешко да се има идеја! Вие сте мрзливци, вашето знаме е крпа и немоќ. Оние ваши запрежни коли, или како што викаат тие, „тропањето на запрежните коли што на човештвото му носат леб", тоа е покорисно од Сикстинската Мадона, како ли беше тоа ... будалштина од тој вид. Но, разбираш ли ти, му викнав, разбираш ли ти дека на човекот, освен среќата, исто така, сосема така и наполно толку неминовно му е потребна и несреќата! Тој се смее ... вели, ти овде само исфрлаш вицеви, „мазнејќи ги своите (тој многу гадно се изрази) на кадифен отоман" ... И обрнете внимание на таа наша навика на боцкање од страна на синот кон таткото! Добро уште, ако се слагаат, но кога не се слагаат!

Малку помолчевме.

— Шер — заврши тој неочекувано и брзо се придигна — знаете ли вие дека ова неминовно мора да сврши со нешто?

— Мора, се разбира — реков јас.

— Вие не разбирате. Да одиме потаму. Зашто ... во светот обично не се завршува со ништо; но овде ќе има крај, бездруго, ќе има, никако инаку!

Тој стана; во силна возбуда прошета по собата, па доаѓајќи пак до отоманот, немоќно легна на него.

Во петокот изутрина Петар Степанович отпатува некаде во околијата и остана таму до понеделникот. Јас за неговиот пат дознав од Липутин; во разговорот

го дознав од него и тоа дека Лебјаткини, братот и сестрата, се наоѓаат негде преку реката во Горшечното предградие. „Јас и ги однесов", додаде Липутин, па го прекина излагањето за Лебјаткини и одеднаш се сврти да ми каже дека Лизавета Николаевна ќе се мажи за Маврикиј Николаевич и, иако тоа не се објавува, имало свршувачка и работата е готова. Другиот ден ја сретнав Лизавета Николаевна на коњ во придружба на Маврикиј Николаевич; тогаш првпат беше излезена по својата болест. Очите оддалеку ѝ засветкаа спрема мене; таа се насмевна и мошне пријателски ми мавна со главата. Сето ова му го кажав на Степан Трофимович; но тој се заинтересира само малку на веста за Лебјаткини.

А сега, откако ја опишав нашата загадочна состојба во овие осум дена, кога уште ништо не знаевме, преминувам на опишување на следните настани од својата хроника, кога, така да речам, веќе и самиот ја знаев целата работа; ќе опишам како сѐ се обелодени и се разјасни. Ќе почнам токму од осмиот ден по онаа недела, значи, од понеделникот вечерта — а тоа поради тоа што од таа приквечерина навистина и започна „новиот расказ".

III

Беше седум навечер. Николај Всеволодович седеше во својата соба, која и порано му беше омилена; собата е висока, покриена со ќилими, со мебел нешто тежок и од старинска изработка. Тој седеше во аголот на канабето, облечен како за излегување, а во исто време изгледаше како да не мисли никаде да оди. Пред него на масата имаше ламба со абажур. Ѕидовите и аглите на големата соба се во сенка. Неговиот поглед е замислен и сосредоточен, не сосема спокоен; лицето му е уморно и малку ослабено. Навистина, не беше здрав, од оној удар; но приказните за скршениот заб, беа претерано зголемени; забот беше само разнишан, но пак се зацврсти; горната усна беше расечена однатре, но и тоа веќе зарасна. Отокот, меѓутоа, цела

недела не спласнуваше; но затоа што болниот не сакаше лекарот отокот навреме да го пресече, туку чекаше самиот да спласне. Не само што не сакаше лекар, туку и мајката одвај ја примаше; само за момент, еднаш дневно, и никако поинаку, туку во самрак, кога светлоста уште не е донесена. Не го примаше ни Петар Степанович но тој и покрај тоа, додека беше во градот, по двапати и по трипати дневно трчаше кај Варвара Петровна. И еве, одвај во понеделникот кога се врати од своето тридневно патување и откако до пладне го прошета целиот град и руча кај Јулија Михајловна — тој приквечерината се пријави и кај Варвара Петровна, која го очекуваше со нетрпение. Забраната беше симната, Николај Всеволодович пак примаше.

Варвара Петровна лично го донесе гостинот до неговата врата; таа одамна сакаше тие да се состанат, а Петар Степанович ѝ даде збор дека од Николас ќе сврати кај неа и ќе и прераскаже како била средбата. Бојазливо чукна на вратата, па кога не доби одговор, таа се осмели да ја отвори за два прста.

— Николас, дали можам да го воведам Петар Степанович кај тебе? — тивко и воздржано запраша настојувајќи да го види синот зад ламбата.

— Може, може, се разбира дека може! — гласно и весело викна самиот Петар Степанович, па со своја рака ја отвори вратата и влезе.

Николај Всеволодович не го чу чукањето, туку само бојазливото прашање на мајката, но не стаса да ѝ одговори. Пред него во тој момент лежеше едно писмо кое штотуку го беше прочитал; беше силно замислен. Слушајќи го изненадниот одзив на Петар Степанович, тој затрепери и брзо го покри писмото со попивката, што му беше тука под рака; но тоа не му успеа сосема; се гледаше еден крај од писмото и скоро целиот плик.

— Јас намерно викнав со сета сила, за да стасате да се подготвите — прошепоти Петар Степанович забрзано и со прекрасна наивност, па, притрчувајќи до масата, го задржа малку погледот на попивката и на делот од писмото.

— И, се разбира, стасавте да видите дека под попивката го прикрив писмото од вас, штотуку примено — мирно одговори Николај Всеволодович не мрдајќи се од местото.

— Писмо? Одете си со бога и вие и вашето писмо! Што ми е мене тоа грижа! — извика гостинот. — Но... работата е... — зашепоти пак тој, обѕирајќи се на вратата, веќе затворена, и одмавна со главата на таа страна.

— Таа никогаш не прислушнува — студено рече Николај Всеволодович.

— Па и нека прислушнува! — вчас прифати гостинот, весело покачувајќи го гласот и седнувајќи во фотелјата. — Немам ништо против тоа, јас дојдов само малку насамо да поразговараме. И одвај еднаш да ве грабнам! Пред сѐ, како сте? Гледам, вонредно, а утре можеби и ќе се појавите, а?

— Можеби. Ослободете ги, ослободете ме најпосле, мене! — почна тој бурно да гестикулира, со весело и пријатно лице. – Само да знаете што морав да им набрборам. Туку, впрочем, вие го знаете тоа. — Тој се насмеа.

— Не знам сѐ. Само чув од мајка ми дека многу... сте се движеле.

— То ест, ништо одредено — извика Петар Степанович нагло како да се брани од некој голем напад. — Знаете, јас жената на Шатов малку „ја пуштив во тек", то ест пуштив гласови за вашите врски во Париз со што, се разбира, се разјаснува случката од неделата... вие не се лутите?

— Уверен сум дека многу сте се заземале.

— Е, токму од тоа и се плашев! Што значи тоа многу сте се заземале? Тоа е веќе прекор. Впрочем, изнесете го тоа отворено; јас, доаѓајќи ваму, најмногу се плашев дека не ќе сакате непосредно да изнесете...

— И нема ништо непосредно да изнесувам — одговори Николај Всеволодович малку налутен, но веднаш и се насмевна.

— Не мислам на она, не, не лажете се, не на она! — забрза Петар Степанович мавтајќи со рацете и истурајќи ги зборовите како грашок; а во исто време

радосен дека домаќинот се лути. — Не сакам да ве лутам со нашето дело, посебно во сегашнава ваша состојба. Дојдов само поради случката од неделата, и тоа со ограничување на најпотребното во таа работа, зашто, нели, тоа не може да се одмине. Дојдов со најотворени објаснувања, и кои ми се потребни пред сè мене, а не вам — толку поради нашето самољубие, но во исто време тоа е и вистина. Дојдов отсега па засекогаш да бидам искрен.

— Значи, порано не сте биле искрен?

— Вие и самиот знаете. Многупати вешто се преправав... Вие се насмевнавте, тоа ми е многу мило, зашто таа насмевка ми дава повод за разјаснување; јас токму и нарочно предизвикав насмевка со својата фалбаџиска реч „се преправав", за веднаш потоа и да се налутите. — Како смеам и да помислам дека умеам „вешто да се преправам"... и, потем, дека јас би можел да дадам разјаснување. Но, дали е по волја да меислушате?

На лицето на Николај Всеволодович, презриво мирно, со своите безобѕирни порано подготвени груби наивности да го разлути домаќинот — сепак се појави и израз на нешто загрижена љубопитност.

— Значи, слушајте — се зазбивта Петар Степанович уште повеќе. — Поаѓајќи вам, сакам да речам воопшто вам, во овој град, пред десет дена, јас, се разбира, бев наумил да земам некоја улога. Вистина, најдобро би било без секаква улога, да се има своја сопствена личност, не е ли така? Се разбира, ништо полукава од својата сопствена личност — затоа што мене тоа никој нема да ми го поверува. Да си речам како што е, најпрвин сакав да се направам малку луд, зашто полесно е да се правиш будала, отколку да останеш при својата вистинска личност; но бидејќи лудакот е сепак крајност, нешто преку ред, а крајноста побудува љубопитност, конечно останав при својата сопствена личност. А каква е таа моја сопствена личност? Златна средина — ни глуп ни умен, прилично неспособен и несмасен, паднат од месечината, како што велат овде умните луѓе, не е ли така?

— Па може и да е така — се насмевна Николај Всеволодович одвај осетно.

— А, се слагате, многу ми е мило; однапред знаев дека тоа ќе биде и ваше мислење . . . Не вознемирувајте се, не грижете се, не се лутам јас, ниту се насликав себеси така за да ги предизвикам вашите пофалби: ама, не, не сте вие, вели, неспособни; надарени сте; не, не, вели, умни сте вие . . . А, пак се насмевнувате!... Пак промашив? Вие не би рекле — вие сте умен, па добро, да речеме дека е и така; јас сè допуштам. Пасонс, како што вели моето татенце и, под заграда речено, не лутете се на мојата зборливост. Впрочем, сега имате и пример: јас секогаш зборувам многу, то ест, со многу зборови, и брзам, брзам, па и не погодувам секогаш како што треба. А зошто зборувам многу зборови и не погодувам како што треба? Затоа што не умеам да зборувам. Оние што умеат добро да зборуваат, зборуваат накусо. Ете, значи, пример дека јас немам дарба, зарем не? А бидејќи таа дарба од ненадареност кај мене е природна, зошто тогаш да не се користам со неа вештачки? И се користам. Навистина, подготвувајќи се за ваму, првин помислив да молчам; но молчењето е голема дарба, значи, мене не ми личи; а второ, и опасно е да се молчи; и така конечно заклучив дека е најдобро од сè да се зборува, и тоа да се зборува без дарба, значи, многу, многу, мошне живо и брзо да се докажува и на крајот секогаш да се заплетка во своите сопствени докази, така што слушателот да се засолни не дочекувајќи го крајот, да ги рашири рацете, а најдобро ќе биде ако плукне. Тука има три предности: пред сè, сте го увериле слушателот во својата простодушност; сте биле мошне досаден; и, трето, сте останале несфатен — три добивки наеднаш! Добога, по сето тоа, кој може да се сомнева во мене за потајни намери? Секој ќе почувствува лична навреда ако му се рече дека јас имам потајни намери! А покрај тоа можам понекогаш и насмевка да предизвикам — тоа е веќе скапоцено. Луѓето сега сè ќе ми простат веќе и само поради тоа што мудрата

глава, која таму негде издавала прогласи, овде се покажа поглупа од нив, така ли е? По вашата насмевка гледам дека се слагате.

Но Николај Всеволодович не се насмевна ни малку; напротив, слушаше намуртено и донекаде нестрпливо.

— А? Што? Вие, ми се чини, рековте „сеедно" — забрза Петар Степанович. (Николај Всеволодович не рече баш ништо.) — Се разбира, се разбира... ю ве уверувам, сето тоа... не ми паѓа ни на ум... да ве компромитирам со друштвеност... Туку, знаете, вие денеска сте многу избувлив; јас побрзав кај вас весело и искрено, а вие секое мое зборче го фаќате за опашка; ве уверувам дека денес нема за никаква растеглива работа ни да прозборам, ви давам чесен збор, и со сите ваши услови однапред се согласувам!

Николај Всеволодович само молчеше.

— А? Што? Нешто рековте? Гледам, гледам, пак ми се чини реков глупост; не поставивте никакви услови? Па и немојте верувам верувам, смирете се, добога, јас и самиот знам дека не вреди пред мене да се става... така ли е? Јас однапред одговарам место вас и... да, се разбира, од недостиг на дарба; што да се прави, бездарност, бездарност! Се смеете? А? Што?

— Ништо — се насмевна најпосле Николај Всеволодович — само си спомнив дека порано навистина така некако ве нарекував — човек без способности; но тогаш, вас ве немаше да чуете; значи, потоа ви е кажано... Би ве замолил да поминете на работата што побрзо.

— Па јас и сум на работата! Имено, зборувам поради неделата! — забрза Петар Степанович пак. — Но, каков бев во неделата, каков бев, што мислите? Токму една просечна брзоплета бездарност и со најбездарен начин со сила го овладеав разговорот. Но сѐ ми беше простено, поради тоа што, пред сѐ, сум „паднат од месечина" (овдека, ми се чини, сите се начисто со тоа); а второ, дека онаа убава приказничка ја раскажав и со тоа сите вас ве спасив, така ли е, така ли е?

— То ест, сте зборувале поправо така дека ќе ги оставите сите во сомневање и дека ќе го издадете нашиот договор и плановите, иако договори немаше, а јас вас баш за ништо и не сум ве молел.

— Токму така, токму така — прифати Петар Степанович како да е восхитен. — Јас токму така работев за вие целата механика да ја забележите; сето она го изведував поради вас, за да ве фатам и да ве доведам во незгодна положба. Сакав да видам до каде оди вашата претпазливост.

— Интересно би било да се знае зошто сте сега толку искрен?

— Немојте толку да се лутите, не светкајте со очите! — Па да, и не светкате. Хм, интересно — зошто сум вака искрен? Токму затоа што сега сè се измени, сè сврши, помина и застари. Одеднаш го изменив своето мислење за вас. Стариот пат е оставен; никогаш повеќе нема по тој стар пат да ве доведувам во незгодна положба, туку, отсега, по нов пат.

— Сте ја смениле тактиката?

— Тактика нема. Сега во сè наполно вашата волја; ако сакате, речете да, ако сакате, речете не. Ете ви ја мојата нова тактика. А за нашето дело нема ни да писнам сè додека самиот не наредите. Се смеете? На здравје, и јас ќе се смеам. Но, сега зборувам сериозно, сериозно, сериозно, иако оној што брза вака секако е бездарник — така ли е? Сеедно, нека сум и бездарник, но зборувам сериозно, мошне сериозно.

Навистина, зборуваше сериозно, со сосема друг тон и со некое посебно возбудување, така што Николај Всеволодович го погледна љубопитно.

— Рековте дека сте го смениле мислењето за мене? — запраша тој.

— Го сменив во моментот кога, по Шатов, ги скрстивте рацете на грбот; а сега доста, доста, ви се молам, и свршено со прашањата; сега веќе ништо нема да речам.

Тој веќе скокна мавтајќи со рацете како да се брани од прашања; но бидејќи прашања немаше, а немаше ни причина да се отиде, тој донекаде смирено, пак седна во фотелјата.

— Патем да речам, во заграда — забревта тој — нашиов свет зборува дека вие него ќе го убиете; се обложуваат околу тоа; Лемпке веќе дури помислуваше и полицијата да се ангажира; но Јулија Михајловна забрани. . Доста, доста сега за тоа; само сакав да го известам... Патем уште и ова — јас Лебјаткини ги префрлив уште истиот ден на друга страна, вие знаете; дали ја добивте мојата забелешка со нивната адреса?

— Да, уште тогаш.

— Тоа веќе не го направив поради бездарност, туку искрено и со вистинска волја. Ако испадна бездарно, барем беше искрено.

— Добро, убаво; можеби така и требало ... — изусти Николај Всеволодович нерешително. — Само повеќе не праќајте ми белешки, ве молам.

— Поинаку не можеше.

— Значи, Липутин знае?

— Поинаку не се можеше; но, и самиот знаете Липутин не ќе смее ... Да, навистина, ќе треба да се состанеме со нашите, то ест со нив, не со нашите, инаку вие пак ќе го фаќате зборот за опашка. Но не плашете се, тоа не мора да биде сега веднаш, може другпат. Сега врне дожд. Јас ќе им јавам да знаат кога ќе биде тоа, тие ќе се соберат, а ние ќе дојдеме приквечер. Ќе ги најдеме зинати, како чавчиња во гнездо и чекаат да видат што сме им донесле. Огнени луѓе! Фатиле, можеби, и книги, готови се да дискутираат. Виргински е млад човек, Липутин фуриерист, покрај големата страст за полициските работи — човек, слушајте што ви велам, скапоцен во еден поглед, иако за сè друго заслужува со него да се постапува строго; и најодзади, оној со големите уши — тој ќе ни одржи предавање за својот сопствен систем, а инаку, знаете, навредени се дека сум спрема нив немарен и дека ги потурам со студена вода, хе, хе! Но мора да се појде кај нив, секако.

— Вие таму сте ме прикажале како некаков водач? — изусти Николај Всеволодович колку што можеше понемарно. Петар Степанович брзо го погледна.

— Да, навистина — продолжи тој како да не го чул прашањето и побрза да помине преку него што по-

рано. — Јас веќе двапати и трипати се пријавував кај многу почитуваната Варвара Петровна и бев принуден и таму многу да зборувам.

— Си замислувам.

— Не, не замислувајте го тоа! Јас едноставно ѝ зборував дека вие нема да убивате и, севозможни таму дури фини работи. А замислете, таа веќе другиот ден знаеше оти Марија Тимофеевна сум ја пратил на другата страна од реката, тоа вие сте ѝ го рекле?

— Ниту сум помислил.

— Знаев дека не. Но кој би можел друг, освен вас? Интересно.

— Липутин, се разбира.

— Не, не Липутин — промрмори Петар Степанович намуртувајќи се. Ќе дознаам јас кој е. Тоа личи на Шатов ... Но тоа се ситници, да го оставиме тоа. Впрочем, тоа е многу значајно ... Да, навистина, јас очекував вашата мамичка да ми го тресна по глава најважното прашање .. Ах, да, таа деновиве постојано беше нерасположена, а кога дојдов денес, целата сјае. Што значи тоа?

— Тоа е затоа што денес ѝ дадов збор дека по пет дена ќе ја побарам раката на Лизавета Николаевна — одговори Николај Всеволодович без колебање и со необична искреност.

— Ах, така ... да, се разбира — промрмори Петар Степанович, како да се збунил. — Веќе се зборува за свршувачка, вие тоа и го знаете? Сепак, значи, вистина е. Но имате право, таа и пред олтарот ќе пребега кај вас. Ќе треба само да ја викнете. Вие не ми се лутите дека јас тоа вака ...

— Не, не се лутам.

— Гледам дека е денеска многу тешко да ве налути човек и веќе ме фаќа уплав од вас ... Многу сум љубопитен како ќе се појавите утре таму. Бездруго сте подготвиле многу „работичиња". Дали ми се лутите дека јас, ете? ...

Николај Всеволодович не одговори ништо; тоа веќе сосема го огорчи Петар Степанович.

— Да, навистина, дали вие она во врска со Лизавета Николаевна сериозно ѝ го рековте на мамичката? — запраша тој.

Николај Всеволодович го погледна со долг и студен поглед.

— А, разбирам: колку да ја смирите; па се разбира!

— А ако е сериозно? — запраша Николај Всеволодович со цврст глас.

— Па што... нека е со среќа, како што се вели во такви ситуации; тоа нема да му штети на делото (гледате, јас не велам „нашето дело", зашто вие не го сакате зборот наше) а јас, јас, што да правам, ви стојам на располагање, знаете и самиот.

— Вие мислите?

— Јас ништо не мислам, ништо — побрза Петар Степанович во смеа — затоа што знам дека вие за своите работи и самиот однапред сè добро размислувате и дека е кај вас сè смислено. Го реков само тоа дека сериозно ви стојам на располагање, секогаш и секаде, и во секоја ситуација, во секоја, вие тоа го разбирате?

Николај Всеволодович се прозевна.

— Ви здодеав! — скокна веднаш Петар Степанович и ја зеде својата тркалезна, сосема нова паларија, божем ќе си оди; меѓутоа, не поаѓаше и продолжуваше да зборува непрекинато, стоејќи; почна и да оди по собата; а кога во говорот ќе постигнеше вдахновение, тој се удираше со шапката по колената. — Мислев да ве разведрам со Лемпкеови! — извика тој весело.

— Сега не, може подоцна. Туку, како е Јулија Михајловна?

— Сите вие овде имате светско однесување. Воопшто не ви е грижа за нејзиното здравје, или толку колку за здравјето на една мачка, а ваму распрашувате. Јас тоа го ценам. Здрава е и ве почитува до празноверие; до празноверие одат многу нејзини надежи во вас. За настанот од неделата молчи и уверена е дека вие ќе победите само со својата појава. Жими бога, таа вообразува дека вие можете сè! Впрочем, вие

ѝ сте сега загадочна и романтична личност, повеќе од кога и да е — а тоа е вонредно згодна состојба. Поправо е неверојатно колку ве очекуваат сите. Уште кога појдов на пат сè беше врело, а сега уште повеќе. Да, навистина, уште еднаш. Благодарам за писмото. Сите тие се плашат од грофот К. Знаете, тие мислат, како што изгледа, дека сте вие поткожник. Јас тоа им го одобрувам — не се лутите?

— Ни малку.

— Тоа и не е ништо, тоа е многу потребно за во иднина. Овде луѓето имаат свој ред. Јас пак, се разбира, одобрувам. Јулија Михајловна е на чело, Гаганов, исто така... Се смеете? Тоа е моја тактика — лажам, лажам, па туку одеднаш ќе речам некој умен, и тоа го велам токму тогаш кога сите го бараат. Веднаш се собираат околу мене, а јас пак почнувам да лажам. Веќе сите покажуваат на мене: „има способности ама е паднат од месечина", велат. Лемпке ме вика на служба, за да се поправам. Знаете, јас него страшно го третирам, то ест го доведувам во неприлика, па само ги кокори очите. Јулија Михајловна одобрува. Да, навистина, патем да кажам, Гаганов е страшно лут на вас. Вчера во Духово за вас ми зборуваше премногу лошо. Јас веднаш му реков сè, целата вистина, сакам да кажам, се разбира, не целата вистина. Останав цел ден кај него во Духово. Прекрасен имот, добра куќа.

— Значи, тој и сега е во Духово? — пламна Николај Всеволодович и скоро потскокна и направи живо движење нанапред.

— Не е, изутрина тој ме донесе ваму, заедно се вративме оттаму — рече Петар Степанович, како и да не го забележал моменталното возбудување на Николај Всеволодович. — Што е тоа, турнав книга? — се наведна тој да ја крене испуштената книга. — Балзаковите жени, со слики — тој зачас ја отвори книгата — не сум ја читал. И Лемпке пишува романи.

— Пишува? — запраша Николај Всеволодович како да е заинтересиран.

— На руски јазик, скришно, се разбира. Јулија Михајловна знае за тоа и не му брани. Тој ви е вистинска капа за спиење, но со форма; меѓу нив тоа е изработено. Каква точност во сè, каква дисциплина! Да го имаме ние тоа нешто!

— Вие ја фалите администрацијата?

— Сигурно! Единствено тоа го имаме во Русија некако природно и успешно. Нема, нема! — се тргна тој брзо — нема. Не мислам на она, за деликатните работи ни збор! А сега, збогум, вие скоро позеленивте.

— Имам треска.

— Може да ви се верува; легнете. Да, навистина, патем да кажам; овде во околијата има секташи скопеници — интересни луѓе... Туку, за тоа другпат. А инаку, еве уште една приказна. — Овде во кругот има и еден пешадиски полк. Во петокот вечерта во Б-ци, пиев со офицерите. Таму имаме тројца пријатели, вие разбирате? Зборувавме за атеизмот и веќе, се разбира, со господ ликвидиравме. Мило им е, само квичат. Патем речено Шатов тврди ако започне востание во Русија, треба да започне на секој начин со атеизмот. Можеби е и така. Еден стар воин, капетан, седи, седи и само молчи, ни збор проговорува, па туку одеднаш застана среде собата и, знаете, гласно рече како самиот себе да си зборува: „Ако нема господ, тогаш каков капетан сум јас?“ Си ја зеде капата, ги рашири рацете и си отиде.

— Искажал доста добра мисла — рече Николај Всеволодович и се прозевна по третпат.

— Нели? Јас не разбрав; сакав вас да ве прашам. Е, што да ви речам уште: интересна е фабриката на браќата Шпигулин; тука, како што знаете, работат 500 работници, тука е расадник на колера, сопствениците петнаесет години немаат чистено, на фабричките луѓе им кусат од заработувачката трговците милионери. Ве уверувам, понекои од работниците веќе имаат смисла за Интернационала. Што, вие се насмевнавте? Ќе се уверите и самиот, само дајте ми најмал рок! Јас од вас веќе барав време, го барам и сега, и тогаш ... туку, впрочем, проштавајте доста беше, нема повеќе, не мислам јас на она, не муртете се. А сега, збогум. Што ми

е? — тој нагло запре во одењето и се врати. — Она што е најважно, сосема го заборавив: пред малку ми рекоа дека нашиот ковчег стасал од Петроград.

— А тоа ќе рече? — го погледна Николај Всеволодович со поглед на недоразбирање.

— Тоа ќе рече дека стасал вашиот сандак; ваши работи, со фракови, панталони и кошули? Вистина ли е?

— Да, пред малку ми рекоа нешто такво.

— Ах, кога би можело тоа веднаш да се види!

— Прашајте го Алексеј.

— Ништо, утре, утре... Внатре е и мојот капут, фракот, три рала панталони, од Шармер, нарачано по ваша препорака, си спомнувате?

— Сум чул дека вие овде, велат, џентлменисувате? — се насмевна Николај Всеволодович. — Дали е вистина дека сакате кај учител да учите јавање?

Петар Степанович ја искриви устата во насмевка.

— Знаете — се забрза тој премногу и одговараше со некаков глас треперлив и испрекинат. — Знаете, Николај Всеволодович што се однесува до личноста ќе оставиме сѐ на страна, еднаш за секогаш, нели е така? Се разбира, вие мене можете да ме презирате колку што ви е волја, ако ви е личноста толку смешна, но секако ќе биде подобро ако за некое време не се гиба во личноста, така ли е?

— Убаво, нема повеќе — рече Николај Всеволодович, а Петар Степанович се насмевна се чукна со паларијата по колено, се премести од едната на другата нога и го зеде поранешниот изглед.

— Овде некои мислат дека сум јас нешто како ваш соперник кај Елизавета Николаевна, па како тогаш, да не се грижам за својот изглед? — се насмеа тој. — Впрочем, кој го доставува сето тоа? Хм! Точно осум часот! Е, си одам, ѝ ветив на Варвара Петровна дека и кај неа ќе навратам, но не можам; а вие легнете па утре ќе бидете посвеж. Надвор врне дожд и мрачно е; јас, се разбира, имам кола, зашто овде ноќе на улиците не е сигурно. Ах, кога веќе реков, и по градот и по околината скита сега некој Федотка робијаш, по-

бегнал од Сибир и, замислете, мој бивш слуга, кого моето татенце пред петнаесет години го пикнал во војската и зел пари за него. Лице што заслужува внимание.

— Вие... сте зборувале со него? — тука Николај Всеволодович фрли поглед на него.

— Да. Тој од мене не се крие. Личност готова на сè, за пари, се разбира; но и тој има некое убедување, на свој начин, се разбира. Ох, да, навистина, пак патем, и ова: ако она пред малку го рековте сериозно, она за намерата, си спомнувате, што се однесува на Лизавета Николаевна, јас уште еднаш ви повторувам дека и јас сум личност готова на сè, на сè што ќе посакате, и ви стојам наполно на располагање... Што е тоа, вие го земате стапот? Ах, не, не... Замислете... ми се стори дека го барате стапот.

Николај Всеволодович не бараше ништо, не зборуваше, но навистина, се поткрена некако нагло и со некое необично возбудување на лицето.

— Исто така, ако нешто ви затреба во врска со господин Гаганов — тропна Петар Степанович одненадеж и веќе сосема отворено, без заобиколување, направи знак со главата спрема попивката и писмото — тука, се разбира, можам сè да наредам и уверен сум дека нема да ме избегнете!

Не чекајќи одговор, тој брзо излезе, но уште еднаш ја подаде главата во вратата:

— Јас така правам — извика тој забрзано — затоа што ни тој Шатов, на пример, немаше право да го ризикува животот, тогаш, во неделата, кога ви пријде... така ли е? Би сакал на тоа да му обрнете внимание.

И пак го снема: пак не го дочека одговорот.

IV

Засолнувајќи се тој веројатно мислеше дека Николај Всеволодович, кога ќе остане сам, ќе удира со тупаници по ѕидот и, се разбира, би сакал тоа да го види, ако се може. Но многу ќе се излажеше. Николај

Всеволодович остана спокоен. Миг-два тој постоја крај масата, навидум мошне замислен; набрзо потоа на неговите усни се појави немарна, студена насмевка. Тој лесно седна на канабето, на своето поранешно место во катот, и ги затвори очите, како од замор. Крајот на писмото уште се наѕираше под попивката, но тој не се поткрена тоа да го поправи.

За момент сосема се заборави.

Варвара Петровна, тие денови измачена од грижи, не можеше да се совлада, туку штом отиде Петар Степанович, не навратувајќи според ветувањето кај неа, се осмели самата да влезе кај Николас, иако тоа не беше во закажано време. Се очекуваше најпосле тој да рече нешто решително. Тивко, како и пред малку, чукна на вратата и пак не доби одговор; ја отвори самата. Гледајќи дека Николас некако премногу неподвижно седи, таа внимателно се приближи до канабето а срцето ѝ чукаше. Како да ја зачуди дека тој толку брзо заспал и дека не може така да спие, седејќи право и неподвижно; — скоро ни дишењето не може да се забележи. Лицето му беше бледо и намуртено, но сосема студено и неподвижно; веѓите малку собрани и натуштени — просто личеше на мртва восочна фигура. Неколку мига таа постоја над него, одвај дишејќи, и одеднаш ја опфати страв; излезе на прсти, застана на вратата и така оддалеку го прекрсти, па брзо отиде незабележана, со ново тешко чувство и со нова тага.

Ставрогин спиеше долго, повеќе од еден час, и непрестајно така, во таа вкочанетост; не му се раздвижи ни еден мускул на лицето; на целото негово тело не се покажа ни најмало движење. Веѓите му останаа онака немило собрани. Да останеше Варвара Петровна уште некоја минута крај него, веројатно не ќе можеше да го поднесе тешкото чувство, од летаргичната неподвижност и ќе го разбудеше. Наеднаш тој и самиот ги отвори очите; не мрдајќи се, како и дотогаш, поседе уште десетина минути; токму како упорно и љубопитно да загледува во некој предмет во аголот на собата, иако таму немаше ништо ни ново, ни особено.

Најпосле се чу лесниот, длабок звук од големиот ѕиден часовник; отчука еднаш. Со некаква вознемиреност Ставрогин ја сврти главата да погледне на бројчаникот, но скоро во истото време се отвори вратата во заднината, за излезот во ходникот, и влезе собарот Алексеј Јегорович. Во едната рака носеше топло палто, тесен шал и шапка, а во другата сребрен сад и на него едно писмо.

— Девет и половина — рече тој тивко и го спушти палтото на едниот крај на столот; го принесе потем на садот писмото, ливче хартија, незапечатено, со два реда напишани со молив. Николај Всеволодович прелета со очите по тие два реда, го зеде моливот од масата, напиша два збора на дното од ливчето и го врати на садот.

— Да се предаде веднаш штом ќе излезам... и да се облечам — додаде станувајќи од канабето. Забележувајќи дека на себе има лесно сомотско палто, тој малку размисли, па нареди да му донесат друго, палто од штоф што се употребува за малку посвечени вечерни посети. И кога сосема се облече и ја стави паларијата на глава, ја заклучи вратата од која доаѓаше Варвара Петровна, го извади писмото скриено под попивката и молчејќи излезе во ходникот во придружба на Алексеј Јегорович. Од ходникот преминаа на задните тесни камени скали и се спуштија во тремот по кој се излегува право во бавчата. Во еден агол на тремот стоеше готова мала светилка и голем чадор.

— Поради овој силен дожд калта по овдешните улици е неиздржлива — рече Алексеј Јегорович обидувајќи се оддалеку уште еднаш да го увери господарот да не оди. Но господарот го отвори чадорот и молчејќи влезе во старата бавча, мрачна како визба, влажна и водена. Ветерот бучеше и ги нишаше врвовите на полуоголените дрвја; тесните песочни патеки беа водени и лизгави. Алексеј Јегорович одеше како што се здаде, во фрак и без капа, и со светилката го осветлуваше патот два три чекори пред себе.

— Да не нè забележат? — одненадеж рече Николај Всеволодович.

— Од прозорците не може да се види; освен тоа сѐ е навреме предвидено — одговори слугата тивко и одмерено.

— Мајка ми спие?

— Госпоѓата, по обичајот на овие последни денови се затвори точно во девет, па сега за неа ништо не може да се знае. Во колку часот заповедате да ве чекам? — додаде тој, осмелувајќи се самиот да постави прашање.

— Во еден, еден и половина, не подоцна од два.

— Разбирам.

По кривуличавите патеки го поминаа целиот парк, кој обајцата го познаваа и дојдоа до оградата изѕидана од камен; во самиот агол на ѕидот имаше вратиче што водеше на тесна и пуста уличка, секогаш затворено вратиче, но клучот сега се најде во рацете на Алексеј Јегорович.

— Да не зачкрипи вратата? — пак прашуваше Николај Всеволодович.

Алексеј Јегорович одговори дека шарките уште сношти се подмачкани со масло, па „исто и денес". Тој веќе целиот беше искиснат. Го отклучи вратичето и му го предаде клучот на Николај Всеволодович.

— Ако сте повелиле да преземете далечен пат, тогаш треба да ви речам дека не сум сигурен во овдешните луѓе, особено по зафрлените улички, а најмногу таму преку реката — не можеше да се воздржи да не рече. Тоа беше стар слуга, некогашен чувар на малиот Николај Всеволодович, кого тој некогаш го носел на рацете; беше човек сериозен и строг, а сакаше да слуша и да чита за божественото.

— Не грижи се, Алексеј Јегорович.

— Господ да ве благослови, господару, но само ако започнувате добро дело.

— Како? — застана Николај Всеволодович, а веќе беше зачекорил на уличката.

Алексеј Јегорович со цврстина ја повтори својата желба; а порано тој никогаш не ќе се осмелеше пред својот господар со вакви зборови желбата гласно да ја искаже.

Николај Всеволодович ја заклучи вратата, клучот го стави в џеб и тргна по улицата, на секој чекор тонејќи до три прста в кал. Најпосле стаса во друга и пуста, на плочник. Го познаваше градот како своите пет прсти; но улицата „Водици" беше уште далеку. Веќе беше изминат десет часот кога најпосле стаса пред затворената врата на замрачената стара куќа на Филипов. Долниот кат, сега, откако Лебјаткини се иселија, стоеше празен, со затворени капаци, но во меѓукатот, кај Шатов, имаше светлост. Бидејќи на куќата немаше ѕвонче, Ставрогин почна со рака да чука на вратата. Се отвори прозорец и Шатов погледна на улицата. Мракот беше густ и тешко беше низ него нешто да се види. Шатов гледаше долго, цела минута.

— Вие сте? — праша тој.

— Јас — одговори неканетиот гостин.

Шатов го затвори прозорчето, се симна и ја отвори вратата. Николај Всеволодович го пречекори високиот праг, па без ниеден збор помина натаму, право во крилото на куќата, кај Кирилов.

V

Тука ништо не беше заклучено, дури не беше ни подзатворено. Тремот и првите две соби беа мрачни, а во последната, во која живееше Кирилов, и пиеше чај, светеше и оттаму се слушаше смеа и некое необично извикување. Николај Всеволодович се упати кон светлоста, но не влезе внатре, туку застана на прагот. Чајот беше на масата. Среде собата стоеше стара жена, роднина на газдата, без шамија на главата, во долно здолниште, со чевли на босите нозе и со куцевејка од зајачка кожа. На рацете имаше дете од две и половина години, само во кошулче, со голи ножиња, со зарумени обравчиња, бели замрсени коси — само што го кренале од лулка. Сигурно пред малку плачело, имаше солзи под очите; но во овој момент детето ги пружаше рачињата, гукаше и се смееше како што се смеат малите деца, со занесување. Кирилов, пред него, удираше од подот голема црвена топка од гума; топката отскок-

нуваше до таванот, паѓаше пак долу, а детето викаше: „тота, тота!“ Кирилов ја дофаќаше таа „тота“ и му ја даваше, тоа ја фрлаше со своите невешти рачиња, а Кирилов пак трчаше и ја фаќаше. Најпосле топката се скри под шифоњерот. Кирилов прилегна на подот и се испружи за да ја дофати со рака топката под шифоњерот. Николај Всеволодович влезе во собата; детето, кога го здогледа се припи до старицата и се занесе во долг детски плач, а таа веднаш го изнесе од собата.

— Ставрогин? — праша Кирилов станувајќи од подот со топката в раце и ни малку не чудејќи се на неочекуваниот гостин. — Сакате ли чај?

Кирилов стана сосема.

— На драго срце, нема да го одбијам ако е топол рече Николај Всеволодович. — Целиот сум воден.

— Топол, дури врел — потврди Кирилов задоволно. — Седете, вие сте каллив, ништо; подот јас потем со водена крпа ќе го избришам.

Николај Всеволодович седна и скоро наеднаш го испи чајот.

— Уште? — праша Кирилов.

— Благодарам.

Кирилов кој само стоеше, сега седна спроти него и заплашен:

— Зошто сте дојден?

— По работа. Еве, прочитајте го ова писмо од Гаганов; си спомнувате, ви зборував во Петроград.

Кирилов го зеде писмото, го прочита, го остави на масата и гледаше очекувајќи.

— Тој Гаганов, — почна да објаснува Николај Всеволодович, — како што знаете, јас за првпат во животот го сретнав пред еден месец во Петроград. Се видовме два-три пати меѓу луѓето. Со мене се запозна, ниту разговараше, а најде можност да биде мошне дрзок. Тоа уште тогаш ви го реков; но вие не го знаете ова — пред своето заминување од Петроград — тој замина пред мене — одненадеж ми испрати писмо, навистина не како ова, но сепак мошне недостојно и дотолку почудно дека не ја соопштуваше причината

зошто е напишано. Јас веднаш му одговорив, исто така, со писмо, и сосема отворено му реков дека тој ми е лут веројатно поради случката од пред четири години, во овдешниот клуб, меѓу мене и неговиот татко и дека сум готов да му дадам секакво извинување, бидејќи моето однесување тогаш беше навистина непромислено, иако дојде во болест. Го молев моето оправдување да го земе предвид. Тој не одговори и отпатува; а овде, сега го затечувам во целосно беснило. Имам чуено, ми кажаа, за неколку негови јавни оцени за мене, а тие се чиста срамота и неверојатно обвинување. Најодзади, денес го добивам ова писмо, какво што веројатно никој никогаш не добил, со погрди, со изрази како „вашата изудирана муцка". Дојдов до вас со надеж дека не ќе се откажете од секундантската должност.

— Вие рековте дека такво писмо никој не добил — рече Кирилов. — Во бес, возможно е, ги пишуваат често. Пушкин така му пишувал на Хекел. Добро, се согласувам. Кажете како?

Николај Всеволодович му објасни дека би сакал уште утре, и неминовно, да почне со повторно оправдување; па и со ветување на уште едно писмено оправдување; се разбира, со тоа и Гаганов, од своја страна, да вети дека повеќе нема да пишува слични писма. А ова добиено писмо тогаш би се сметало како да не постоело.

— Премногу отстапки, нема да се согласи — рече Кирилов.

— Јас, пред сѐ, дојдов да слушнам дали вие се согласувате да поднесете таму вакви услови?

— Ќе поднесам. Ваша работа. Но тој нема да се согласи.

— Знам дека нема.

— Тој сака да се тепа. Кажете, значи, како?

— Во тоа е работата дека јас би сакал сѐ на секој начин да заврши утре. Утре во девет изутрина ќе појдете кај него. Тој ќе ве ислуша и нема да се согласи, туку ќе ве испрати кај својот секундант — тоа ќе биде, да речеме, околу единаесет. Договорете со секундантот и потем по еден или два часот, сите да би-

деме на местото. Ви се молам, погрижете се тоа да го извршите. Оружје, се разбира, пиштоли, а особено ве молам да уредите вака — бариерите одредете ги на десет чекори, потем, вие однесете секој од нас уште на десет чекори од неговата бариера; на дадениот знак ќе тргнеме; секој мора да дојде до својата бариера а да пука може и пред тоа, уште во движење. И тоа е сѐ, мислам.

— Десет чекори меѓу бариерите е блиску — забележа Кирилов.

— Па, добро, тогаш дванаесет, но не повеќе; вие разбирате дека тој сериозно ја сфатил работата и токму сака да се тепа. Дали знаете да наполните пиштоли?

— Умеам. И имам пиштоли; и ќе дадам збор дека вие од моите не сте пукале. И неговиот секундант ќе даде збор за своите; имаме, значи, два чифта, а со зар ќе решиме кој чифт.

— Одлично.

— Сакате да ги видите пиштолите?

— Молам.

Кирилов клекна крај својот куфер во аголот; од куферот извади една кутија од палмово дрво, поставена со црвено кадифе и извади од неа два елегантни, скапоцени пиштоли.

— Овде има сѐ: барут, куршуми, патрони. Имам и револвер, чекајте.

Па пак ја вовлече раката во куферот и извади друга кутија, со американски револвер со шест куршуми.

— Имате доста оружје и мошне скапоцено.

— Да, извонредно.

Сиромав, скоро отепан, впрочем никогаш и не чувствувајќи ја својата сиромаштија, сега Кирилов очигледно со гордост го покажуваше своето богатство од оружје, набавено, без сомневање, по цена на неговите претерани одречувања и самопрегор.

— А вие непрестајно ја имате истата мисла? — запраша Ставрогин по извесно молчење и со некаква претпазливост.

— Истата, — кусо одговори Кирилов, кој веднаш по самиот глас погоди за што станува збор; почна да го засолнува оружјето од масата.

— А кога? — уште попретпазливо праша Николај Всеволодович пак по кратко молчење.

Кирилов, меѓутоа, ги смести двете кутии во куферот и седна на своето место.

— Тоа, како што знаете, не зависи од мене; кога ќе речат — промрмори тој, како да му е тоа прашање донекаде здодевно, но во исто време очигледно готов да одговора и на други прашања. Во Ставрогин гледаше непрекинато со своите црни очи без сјај.

— Јас, се разбира, разбирам: да се убиеш — пак почна Николај Всеволодович малку намуртен, по долго, три минути долго молчење во замисленост; — понекогаш и самиот тоа го замислувам, но тогаш секогаш доаѓа некоја нова мисла; да се направи недело, всушност нешто срамно, тоест нечесно, мошне подло и... смешно, така што тоа луѓето и по илјада години да го помнат, и по илјада години од тоа да се гадат, одеднаш мислата: „Еден куршум в чело и ништо нема." Што му е тогаш грижа за луѓето и дека тие илјади години ќе го презираат — не е ли така?

— Вие тоа го наречувате нова мисла? — запраша Кирилов размислувајќи малку.

— Јас... не го наречувам... туку кога тоа еднаш го помислив, тогаш го почувствував како сосема нова мисла.

— Сте почувствувале мисла? — повтори Кирилов. — Тоа е добро. Има многу мисли што секогаш се тука и што одеднаш стануваат нови. Тоа е така. Јас сега многу нешта гледам како првпат.

— Да речеме, сте живееле на месечината — го прекина Ставрогин не слушајќи го и одејќи натаму со својата мисла; — вие, да речеме, сте ги направиле таму горе сите тие смешни гадости. Й, одовде, со сигурност знаете дека на вашето име таму ќе му се смеат и ќе го презираат илјада години, вечно, додека постои месечината. Но вие сте сега овде и одовде гледате на месечината: што ви е вам овде грижа за она што таму

сте го направиле и дека тамошните жители илјада години ќе плукаат на вас — така ли е?

— Не знам, — одговори Кирилов; — јас не сум бил на месечината — додаде без секаква иронија, единствено за да го обележи фактот.

— Чие беше она дете пред малку?

— Допатувала бабината свекрва... не, снаата... седно. Онојпат. Лежи болна, со детето; ноќе многу вика; стомакот. Мајката заспива, а старата го носи ваму; јас го забавувам со топка. Топката е од Хамбург. Јас ја купив во Хамбург да ја фрлам и да ја фаќам; тоа го зацврснува грбот. Девојче.

— Ги сакате децата?

— Ги сакам — рече Кирилов, впрочем доста рамнодушно.

— Веројатно го сакате и животот?

— Да, го сакаме и животот; а зошто?

— Па, ако сте се решиле на самоубиство...

— Па што? Од каде тоа заедно? Животот засебно, а и тоа засебно. Животот постои, а смртта ја нема.

— Сте почнале да верувате во идниот вечен живот?

— Не, не во вечен иден, туку во вечен овде. Има моменти, вие доаѓате до такви моменти кога времето одеднаш застанува и станува вечно.

— Вие се надевате да дојдете до таков момент?

— Да.

— Тешко е тоа возможно во наше време, — рече Николај Всеволодович, исто така, без секаква иронија, полека, како замислено. — Во Апокалипсата ангелот се колне дека време повеќе ќе нема.

— Знам. Тоа таму е вистинско. Јасно и точно речено. Кога секој човек ќе ја достаса среќата, тогаш повеќе ќе нема време, затоа што не е потребно. Мисла мошне точна.

— А каде ќе го скријат времето?

— Нигде нема да го скријат. Времето не е предмет, туку идеја. Ќе згасне во разумот.

— Стари филозофски општи места, тие па тие од почетокот на вековите — промрмори Ставрогин со некое гадливо сожалување.

— Тие па тие! Тие па тие од почетокот на вековите и никакви други, никогаш! — прифати Кирилов со светнати очи, како победата да се состои во таа идеја.

— Вие, Кирилов, како што изгледа, сте мошне среќен?

— Да, мошне среќен — одговори тој како да дава најобичен одговор.

— Но, тука неодамна, вие се огорчувавте, му се лутевте на Липутин.

— Хм... но сега повеќе не. Тогаш уште не знаев дека сум среќен. Вие сте виделе лист, лист од дрво?

— Да.

— Јас неодамна видов еден, жолт, по малку зелен, на краиштата свенат. Го носеше ветерот. Кога имав десет години, јас зиме намерно ги затворав очите и замислував лист: зелен, со жилички, а сонцето свети. Потем ги отворав очите и не ми се веруваше, зашто беше многу убаво, и пак ги затворав.

— Што е тоа, алегорија?

— Не... зошто? Јас не мислам на алегорија, јас... просто лист, еден лист. Листот е убав. Сѐ е убаво.

— Сѐ?

— Сѐ. Човекот е несреќен, зашто не знае дека е среќен, само затоа. Тоа е сѐ, сѐ! Тој што го здогледува тоа, веднаш станува среќен, веднаш. Онаа свекрва ќе умре, а девојчето ќе остане... сѐ е добро. Одеднаш пронајдов.

— И кој умира од глад, и кој ќе навреди девојка и ќе ја обесчести, дали е и тоа добро?

— Добро е. И кој ќе скрши глава за дете, и тоа е добро, и кој не ќе скрши, и тоа е добро. Сѐ е добро, сѐ. На сите им е добро што знаат дека сѐ е добро. Да знаат дека им е добро, тогаш и ќе им биде добро; но додека не знат дека им е добро, ќе им биде лошо. Тоа е целата мисла, целата, освен неа, друга нема!

— А кога дознавте и вие дека сте толку среќен?

— Минатата недела, во вторникот, не, во средата, зашто веќе беше среда, беше ноќ.

— А по кој повод?

— Не си спомнувам, онака; одев по собата... седно. Го запрев часовникот; беше два часот и триесет и седум минути.

— Како амблем за она дека времето мора да застане?

Кирилов не рече ништо.

— Тие не се добри — почна потем пак — затоа што не знаат дека се добри. Кога ќе дознаат, нема да го силуваат девојчето. Потребно им е да увидат дека се добри и сите веднаш ќе бидат добри, сите до еден.

— Вие, значи, увидовте дека сте добар?

— Добар сум.

— Впрочем, се слагам со тоа — промрмори Ставрогин намуртен.

— Оној што ќе ги научи луѓето дека се сите добри, тој ќе го доврши светот.

— Тој што ги учеше, го распнаа.

— Тој ќе дојде и неговото име ќе биде човекобог.

— Богочовек?

— Човекобог; тука има разлика.

— Дали вие го запаливте овде кандилото?

— Да, го запалив.

— Верувате?

— Старата сака кандило... а денес не стаса... — промрмори Кирилов.

— Но уште не му се молите на бога?

— Јас се молам на сè. Гледате, пајакот лази по ѕидот, а јас го гледам и благодарен сум му дека лази.

Очите пак му засветкаа. Непрестајно гледаше право во Ставрогин, со цврст и упорен поглед. Ставрогин го следеше намуртено и со грозење, но во погледот немаше подбив.

— Се обложувам, дека вие кога ќе ве посетам повторно, вие дотогаш и во бога ќе верувате — рече тој станувајќи и земајќи си ја паларијата.

— А зошто? — стана и Кирилов.

— Ако знаете дека верувате во бога, вие ќе верувате; но бидејќи уште свесно не знаете дека верувате во бога, тогаш и не верувате — се насмевна Николај Всеволодович.

— Тоа не е тоа — размислуваше Кирилов; — ја превртивте мислата. Шега на светски човек. Спомнете си што сте значеле вие во мојот живот, Ставрогин.

— Збогум, Кирилов.

— Дојдете ноќе; кога?

— Да не заборавивте веќе за утре?

— А, да, заборавив; но бидете спокоен, нема да се успијам; во девет. Јас умеам да се разбудам кога што сакам. Легнувам и си велам: во седум, и се разбудувам во седум; во десет, и се разбудувам во десет.

— Чудни се вашите особености — Николај Всеволодович погледна во неговото бледо лице.

— Доаѓам да ви ја отворам вратата.

— Немојте да се вознемирувате; ќе отвори Шатов.

— А, Шатов! Добро, збогум.

VI

Влезот во празната куќа во која живееше Шатов не беше затворен; но Ставрогин, откако дојде во тремот, се најде во полн мрак, па почна да пипа со раката за да го најде мезанинот. Одеднаш, горе се отвори вратата и се покажа светлост; Шатов не излезе, туку само ја отвори вратата. Кога Николај Всеволодович застана на прагот од неговата соба го здогледа Шатов во аголот, крај масата. Го чекаше стоејќи.

— Вие ќе ме примите, по работа? — запраша Ставрогин од прагот.

— Влезете и седнете — одговори Шатов. — Заклучете ја вратата... Чекајте, јас ќе го сторам тоа.

Тој ја заклучи вратата, се врати крај масата и седна спроти Николај Всеволодович. Беше ослабен за таа недела, а сега, како што се чинеше, имаше оган.

— Вие ме измачивте — прозбори тој со сведнати очи со тивок полушепот. — Зошто не дојдовте?

— Значи, бевте толку уверен дека ќе дојдам?

— Да... чекајте, бев во бунило... можеби и сега сум во бунило. Чекајте.

Тој стана и од горната полица со книгите, од крајот, дофати некој предмет. Тоа беше пиштол.

— Една ноќ сонував дека ќе ме убиете, па рано изутрината од оној никаквец Љамшин купив пиштол за последните пари што ги имав. Не сакав да ви се предадам. Потоа се освестив ... немам ни барут, ни куршуми ... од она време лежи на полицата. Чекајте ...

Тој стана и го отвори окното за ветреење.

— Не фрлајте го, што правите? — го задржа Николај Всеволодович тоа чини пари, а и луѓето утре ќе зборуваат дека под прозорецот кај Шатов се тркалаат пиштоли. Вратете го; така, сега седнете. Кажете, зошто со каење ми ја рековте вашата мисла дека ќе дојдам да ве убијам? Јас ни сега не сум дојден за со вас да се смирам, туку за да разговарам за една неопходна работа. Но, прво, разјаснете ми: не ме удривте, секако, поради мојата врска со вашата жена?

— И самиот знаете дека не поради тоа! — се собра пак Шатов.

— Ни поради тоа што верувавте во глупата интрига за Дарја Павловна?

— Не, не, добога, не! Глупост! Мене сестра ми веднаш ми рече, уште во почетокот ... — одговори Шатов нестрпливо и остро, и малку дури и со ногата тропна.

— Значи, погодив, а и вие сте погодиле — продолжи Ставрогин со мирен тон. — Во право сте: Марија Лебјаткина е моја законска жена, венчана во Петроград, пред четири и половина години. Поради неа ме удривте?

Шатов, сосема вџашен, слушаше и молчеше.

— Јас погодив, но не верував — пропелтечи најпосле тој, гледајќи го Ставрогин необично.

— И тогаш ме удривте?

Шатов пламна во лицето и промрмори скоро без врска:

— Јас тоа ... поради вашето паѓање ... поради лагата. Не пријдов за да ве казнам; кога ви приоѓав, не знаев дека ќе ве удрам ... го направив тоа затоа што вие во мојот живот многу значевте ... Јас ...

— Разбирам, разбирам, значи, штедете ги зборовите. Жалам дека имате треска; имам со вас една неодложна работа.

— Јас и премногу долго ве очекував — Шатов за малку целиот што не се растресе и веќе потстана од местото. — Кажете што имате, па јас ќе кажам... потем...

Тој седна.

— Оваа работа не е од таа категорија — почна Николај Всеволодович гледајќи го Шатов љубопитно. – Некои околности ме принудија да го одберам денешниот доцен час и да дојдам кај вас навреме да ве предупредам на претпазливост: вас можеби ќе ве убијат.

Шатов го погледна стаписано.

— Знам дека можеби ми се заканува опасност — проговори тој одмерено — но од кај ви е тоа познато?

— Оттаму дека и јас им припаѓам ним како и вие; дека сум исто така член на нивното здружение, како вас.

— Вие... вие сте член?

— Јас гледам од вашите очи дека од мене сè сте очекувале, само не тоа, — се насмевна Николај Всеволодович одвај забележливо. — Но, допуштете: вие, значи, веќе знаевте дека ќе ве нападнат?

— Тоа ни на ум не ми паѓаше! И ни сега не мислам дека тие ќе направат обид за убиство, иако велите вие. Иако... иако со тие несмасници никој не е сигурен! — извика тој одненадеж бесно и удри со тупаница во масата. — Јас не им се плашам! Јас со нив раскинав. Оној четири пати доаѓаше и ми велеше дека можам да раскинам... но — погледна тој во Ставрогин — но, што ви е всушност познато?

— Не плашете се, не ве залажувам — продолжи Ставрогин доста студено, како човек кој само ја извршува својата должност. — Сакате да ме испитате што знам за тоа? Знам дека сте влегле меѓу нив додека сте биле во странство, пред две години, додека здружението било уште во својата поранешна организација, токму пред вашето заминување во Америка и, ми се чини, веднаш по нашиот последен разговор, за кој ми пишувавте во писмото од Америка. Овојпат, молам, да ми простите дека и јас не одговорив со писмо, туку се ограничив.

— На паричната пратка; чекајте — го задржа Шатов, брзо ја извлече фиоката од масата и под хартијата извлече шарена банкнота; — еве ви ги стоте рубли што ми ги испративте; да не бевте вие, јас таму ќе пропаднев. Да не беше вашата мајка, ова за долго не ќе можев да ви го вратам. Овие сто рубли таа ми ги даде пред девет месеци, во мојата немаштија по болеста... Но, продолжете, ве молам.

Шатов се гушеше од возбуда.

— Вие во Америка сте си го смениле мислењето и кога се вративте во Швајцарија, сакавте да се откажете од организацијата. Тие ништо не ви одговорија, туку ви нарачаа овде, во Русија, да примите од некого некаква печатница и да ја чувате додека од нивна страна не ви се јави лице на кое ќе му ја предадете. Не знам сѐ сосема токму, но главно, ми се чини, вака е. А вие, во надеж или под услов дека тоа ќе биде нивно последно барање и дека потоа сосема ќе ве ослободат, сте го примиле налогот. Нели е сето тоа така, ова не го дознав од нив, туку сосема случајно. Но, еве, како што се чини, што не знаете ни денес — тие луѓе никако немаат намера со вас да раскинат.

— Тоа е глупост! — викна Шатов; — јас чесно им реков дека сакам со нив сосема да раскинам! Тоа е мое право, право на совеста и мислењето. Не сакам тоа да го поднесувам. Ја нема таа сила што би можела...

— Слушајте, немојте да викате — го запираше Николај Всеволодович мошне сериозен; — овој Верховенски е толку ситен човек што можеби овде наслушнува, со своите или со туѓи уши, токму овде, во вашиот ходник, можеби. Тешко и пијаницата Лебјаткин да не е задолжен да ве следи; а вие, можеби, него, така ли е? Подобро кажете: дали Верховенски ги прими вашите аргументи или не?

— Ги прими, рече дека можам... дека имам право...

— Е, тој ве лаже. Јас знам дека дури и Кирилов, кој скоро и не им припаѓа, дал некои извештаи за вас; тие имаат многу агенти, дури и такви што не знаат дека ѝ служат на организацијата. Вас отсеко-

гаш ве надгледувале. Петар Верховенски допатува вааму меѓу другото и за тоа вашата работа сосема да ја реши и за тоа има полно овластување, и тоа секако во згоден момент да ве уништи како човек кој премногу знае и кој може тоа да го изведе. Ви повторувам, тоа е вистина; и допуштете да додадам: тие однекаде наполно се уверени дека вие ги надгледувате иако уште не сте кажале дека ќе потскажете. Дали е тоа точно?

На таквото прашање, речено со толку обичен тон, Шатов ја искриви едната страна од устата.

— И да бев шпион, кому би потскажал? — рече тој огорчено, не одговарајќи директно. — И оставете ме мене! По ѓаволите со мене — извика тој нагло, фаќајќи се за првата мисла која, судејќи по сите знаци, го разниша многу посилно од веста за опасноста што го чека него лично. — Вие, вие, Ставрогин, како сте можеле вие да загазите во толку безобѕирна, глупа, лакејска бесмислица! Вие, член на нивната организација! Тоа ми е подвигот на Николај Ставрогин! — извика тој скоро со очај. Дури плесна и со рацете, како за него да нема ништо поочајно од тоа сознание.

— Проштавајте, — се зачуди Николај Всеволодович вистински — но вие, ми се чини, ме гледате мене како некое сонце, а себеси како некоја бубачка према мене. Тоа го забележав дури и по вашето писмо од Америка.

— Вие... вие знаете... Ах, подобро е да ме оставите сосема настрана, сосема! — пресече Шатов. — Ако можете да дадете какво и да е објаснување за себе, дајте го... На моето прашање! — повтори тој во оган.

— Со задоволство. Прашувате како сум можел да загазам во таа пештера? По известувањето што пред малку ви го дадов, јас дури и ви должам некоја искреност во таа работа. Гледате, сериозно земајќи, јас не му припаѓам на тоа здружение, ниту порано сум му припаѓал, и многу повеќе од вас имам право да го оставам, зашто во него не сум ни влегувал. Напротив, уште во самиот почеток им изјавив дека јас не сум

нивни дугар, а ако случајно сум ги помагал, тоа сум го правел само онака, како безработен човек. Јас само делумно сум соработувал на реорганизацијата врз нова основа, и ништо повеќе. Но тие сега се загрижени и заклучиле дека е опасно и мене да ме отпуштат; и, ми се чини, и јас сум осуден.

— О, кај нив сè е веднаш смртна пресуда, и сè во наредби; на хартија, со печат, и со три и пол потписи. А вие верувате дека се тие во состојба тоа да го извршат!

— Тука донекаде сте во право, донекаде не, — продолжи Ставрогин со истата рамнодушност, дури олабавено и тромо. — Без сомневање, во сето тоа има многу фантазија, како и секогаш во таквите случаи; толпата претерува во оцената на својата големина и значење. Ако сакате да знаете како мислам јас: целата организација, тоа е само еден човек, Петар Верховенски; а тој премногу е добар кога себеси се смета само како агент на својата организација... Впрочем, основната идеја во таа работа не е поглупа од другите од тој вид. Тие имаат врска со Интернационалата, беа вешти да се здобијат со агенти во Русија, дури изнајдоа и мошне оригинална постапка... но, се разбира, само теоретски. А што се однесува на нивните намери овде, со нас двајцата, ех, движењата на нашата руска организација навистина толку е мрачна работа и целата во неочекуваности што сè може — да пробие. Ви ставам на знаење дека Верховенски е истраен човек.

— Тој е тафтабита, незналица, несмасен, тој Русија не ја разбира! – викна Шатов со омраза.

— Вие него малку го познавате. Навистина, сите тие многу малку ја разбираат Русија, но можеби одвај помалку од мене и од вас; освен тоа, Верховенски е ентузијаст.

— Верховенски е ентузијаст?

— О, да. Има една точка на која тој веќе не е комедијант и се претвора во... полулудак. Ќе ве замолам да си спомните на еден сопствен израз: „Знаете ли колку може еден човек да биде силен?" Ве молам, немојте да се смеете, тој наполно е способен да го

притисне прекинувачот на оружјето... Тие се уверени дека и јас сум шпион. Сите тие затоа што се неспособни да ја водат работата, силно сакаат да обвинуваат за шпионирање.

— Но вие не се плашите.

— Па-а, не... Јас многу не се плашам. Но вашата работа е сосема поинаква. Јас на време ве предупредив за да се причувате. Според моето мислење, тука на човека нема зошто да му е криво дека опасноста доаѓа од лудак; но можеби тие сепак не мислат на дело; нивната рака не се кревала на луѓе какви што сме јас и вие... Туку, сега е единаесет и четврт — го погледна тој часовникот и стана од столот. — Јас сакав да ве прашам нешто сосема друго.

— Живи бога! — извика Шатов и бучно скокна од местото.

— Тоа ќе рече? — го погледна Ставрогин прашално.

— Прашајте, прашајте, живи бога! — повтори Шатов во страшно возбудување; — но со тоа и јас да можам да ви поставам едно прашање. Ве молам, да допуштите... не, јас не можам... поставете го вие вашето прашање!

Ставрогин почека малку, па почна:

— Чув дека сте имале некакво влијание врз Марија Тимофеевна и дека таа сака да ве гледа и да ве слуша. Дали е така?

— Да... слушаше... — Шатов малку се збуни.

— Имам намера деновиве овде во градот да објавам дека сум оженет со неа.

— Возможно ли е тоа? — прошепоти Шатов скоро со страв.

— Во која смисла прашувате така? Тука нема никакви тешкотии; сведоците од венчавката се овде. Сето тоа тогаш, во Петроград, беше направено наполно законски и мирно, а досега не е објавено, само затоа што единствените два сведоци на тој брак, Кирилов и Петар Верховенски, и, најпосле, и Лебјаткин (го имам задоволството да го сметам како свој роднина), дадоа збор дека ќе молчат.

— Не мислев на тоа... Вие зборувате толку мирно... продолжете. Слушајте, да не бевте принуден на тој брак, не?

— Не, никој не ме натера сосила — се насмевна Николај Всеволодович на беспредметната ревност на Шатов.

— А што раскажува таа нешто за своето дете? — продолжи Шатов во треска и без врска.

— Зборува за своето дете? Види! Тоа не го знаев, првпат слушам. Таа немала дете, ниту можела да го има. Марија Тимофеевна е девојка.

— А! Така и мислев! Слушајте!

— Што ви е, Шатов?

Шатов го покри лицето со рацете, се сврти одеднаш силно го дофати Ставрогин за рамото.

— Дали знаете, дали знаете барем — извика тој — зошто сте го направиле сето тоа и зошто се решивте на ваква покорност?

— Вашето прашање е умно и заједливо; но и јас имам намера да ве вчудовидам: да, јас скоро знам зошто сум се решил сега на таква „покорност", како што велите вие.

— Да го оставиме тоа... за тоа потем, почекајте со тоа: ќе зборуваме за она што е главно, што е главно: јас ве очекував две години.

— Така?

— Јас премногу долго ве чекав, непрестајно мислев на вас. Вие сте единствениот човек што би можел... јас за тоа уште од Америка ви пишав.

— Многу добро го помнам вашето долго писмо.

— Долго за читање? Се сложувам; шест листа. Молчете, молчете! Кажете, дали можете веднаш... јас премногу долго ве чекав!

— Ако е по волја, ви подарувам уште половина час, но не повеќе, ако ви е тоа доволно.

— Но така што да го промените својот тон — прифати Шатов гневно. — Слушате ли, јас барам, додека треба да молам. Разбирате ли вие што значи да се бара тогаш кога треба да се моли.

— Разбирам, вие на тој начин поради своите насоки, се издигнувате над сè обично — се насмевна

Николај Всеволодович одвај видно; — а со жалење гледам дека сте и во треска.

— Молам за почитување спрема мене, тоа го барам! — викна Шатов. — Не спрема мојата личност, нека оди по ѓаволите таа, туку и нешто друго... само за момент, поради неколку збора... Ние сме две суштества и се состанавме овде, во бескрајноста... последен пат во светот. Оставете го својот тон и земете човечки! Барем еднаш во животот проговорете со гласот на човек! Не зборувам поради себе, туку поради вас. Разбирате ли, оној удар в лице мора да ми го простите веќе и само поради тоа што тогаш ви дадов можност да ја познаете својата неограничена сила... Пак се насмевнувате со својот презрив смев на светски човек. О, кога ќе ме разберете! Престанете за момент да бидете господски син! И разберете дека јас тоа го барам, инаку нема да зборувам, за ништо на светот!

Неговата маничност одеше до занес; Николај Всеволодович се намурти и како да стана повнимателен.

— Кога веќе останав за половина час — изусти тој уверливо и сериозно — и тоа сега кога времето ми е многу скапо, верувајте дека имам намера да ве слушам барем со интересирање, а... убеден сум дека од вас ќе чујам многу нови нешта.

Тој седна на столот.

— Седнете! — викна Шатов некако, веднаш седна и самиот.

— Сепак, дозволете да забележам — се сети Ставрогин уште еднаш — дека веќе почнав со големата молба што имам да ви ја упатам во погледа на Марија Тимофеевна, молба многу важна, барем за неа...

— Па? — се исправи Шатов, со лице на човек кого на најважното место го прекинале во зборот и кој, иако ве гледа, сè уште не може да го сфати вашето прашање.

— Ни вие мене не ми дадовте да завршам — заврши Николај Всеволодович со насмевка.

— Ех, па што, ситница, потем! — гадливо одмавна со раката Шатов, одвај сфаќајќи го еднаш барањето на Ставрогин и тогаш премина на својата главна тема.

VII

— Знаете ли вие — започна тој скоро со закана, наведнувајќи се нанапред, светкајќи со очите и дигајќи го пругоре пред себе прстот од десната рака (тој тоа очигледно, самиот ни го гледа ни го знае) — знаете ли вие кој народ на целата земја, денес, е единствен народ „богоносец", нарсд што доаѓа да го спаси светот во името на новиот бог, и на кој единствено му се дадени клучевите на животот и овие зборови? . . . Знаете ли вие кој е тој народ, и како се вика?

— По начинот на кој почнавте, морам неопходно да заклучам, и тоа ми се чини колку што се може побрзо, дека е тоа рускиот народ . . .

— И вие уште се смеете! О, чудно руско племе! — се тргна Шатов.

— Смирете се, ве молам; зашто јас нешто такво всушност и очекував.

— Очекувавте нешто такво? А вам лично тие зборови не ви се познати?

— Многу ми се познати; јас премногу добро погодувам на што наблегнувате. Целата ваша фраза, па дури и тој израз „богоносец", само е заклучок од нашиот разговор пред две години и повеќе, во странство, пред вашето заминување во Америка . . . Барам колку што можам да се сетам сега.

— Тоа во целина е ваша фраза не моја! Ваша сопствена, а не само заклучок на нашиот разговор. „Нашиот" разговор никако и го нема; постоеше само учителот, кој кажуваше големи зборови, и имаше ученик, кој воскресна од мртвите. Тој ученик сум јас, а вие сте учителот.

— Но, колку што си спомнувам, вие токму по моите зборови и влеговте во онаа организација, а дури потоа отидовте во Америка.

— Да, и за тоа ви пишував отаде, за сѐ ви пишував. Да, јас не можев веднаш крваво да се откорнам од она со што бев сраснат од детство, на што отидоа сите одушевувања на моите надежи и сите солзи на мојата омраза . . . Тешко е да се менуваат боговите. Тогаш не ви верував, зашто не сакав да верувам; и

уште за последен пат се фрлив во онаа помија... Но семето остана и никна. Кажете ми сериозно, сериозно, дали моето писмо од Америка го прочитавте цело? Можеби воопшто и не сте го читале?

— Прочитав три страници, првите две и последната, а освен тоа, патем ја прегледав и средината. Впрочем, постојано се подготвував...

— Ех, сеедно, оставете го тоа, по ѓаволите! — одмавна со раката Шатов. — Но ако сега отстапувате од своите тогашни искази за народот, како можевте тогаш да ги искажувате. Тоа е она што ме дави сега!

— Јас ни тогаш не се шегував со вас; додека ве уверував, можеби повеќе се грижев за себе отколку за вас — изусти Ставрогин загадочно.

— Не сте се шегувале! Во Америка три месеци спиев на слама покрај еден... несреќник, и од него дознав дека вие, во она време кога во мене ја всадувавте верата во бога и во татковината, во истото тоа време, можеби во истите денови, сте го труеле срцето на тој несреќник, тој манијак Кирилов... Вие во него сте ја утврдувале лагата и клеветата, а неговиот разум сте го дотерале до споулавеност, до лудило. Појдете, погледнете го сега, тоа е ваше дело... Туку, го видовте...

— Прво, да ви забележам, самиот Кирилов токму сега ми рече дека е среќен и дека е прекрасен, а што мислите оти сето она се случувало во едно и исто време, е скоро точно; и тогаш, што произлегува од тоа? Повторувам, не сум ве лажел ни вас, ни него.

— Дали сте вие атеист? Сега сте атеист?

— Да.

— А тогаш?

— Исто така, како сега.

— Кога го започнав разговорот, ве молев за почитување, но не спрема мене, тоа со својот ум можевте да го разберете — промрмори Шатов налутено.

— Јас од првите ваши зборови не станав, не го прекинав разговорот, не си отидов, туку и сега седам овде и мирно одговарам на вашите и... викања, значи, уште не сум го навредил почитувањето спрема вас.

Шатов го прекина мавнувајќи со раката.

– Си спомнувате ли на вашите зборови дека „Русинот не може да биде атеист“, атеистот веднаш престанува да биде Русин, дали си спомнувате?

– Така? – изусти Николај Всеволодович, како да го повторува прашањето.

– Прашувате? Сте заборавиле? Меѓутоа, тоа е едно од вашите најточни укажувања на една од најглавните особености на рускиот дух, што ја погодивте. Не можевте тоа да го заборавите! Ќе ве потсетам уште повеќе, тогаш рековте уште: „Не, православниот верник не може да биде Русин.“

– Мислам дека е тоа словенофилско мислење.

– Не, денешните словенофили би се одрекле од него. Денес народот е поумен. Но вие, вие тогаш одевте уште подалеку: вие верувавте дека римскиот католицизам повеќе не е христијанство; вие тврдевте дека Рим го прогласил Христоса кој му се покорил на третото ѓаволско искушение; и дека католицизмот, објавувајќи му на целиот свет дека Христос не може да остане на земјата без земско царство, дека со самото тоа го прогласил антихриста, и така го упропастил целиот западен свет. Вие категорички зборувавте: за тоа што Франција се мачи виновен е единствено католицизмот, зашто се одрекла од расипаниот римски бог, а нов не нашла. Ете, вие можевте да го тврдите сето тоа! Јас ги помнам нашите разговори!

– Да имав вера, несомнено, јас сето тоа и сега ќе го повторев. Не лажев кога зборував како оној што зборува – рече Николај Всеволодович мошне сериозно. – Но ве уверувам, тоа повторување на моите некогашни мисли ми прави мошне непријатен впечаток. Дали можете да престанете?

– Да имате вера? – викна Шатов ни малку не обѕирајќи се на неговата молба. – А зар не зборувавте пак токму вие: ако ви се докаже математички дека вистината е надвор од Христос, тогаш побргу ќе се согласите да останете со Христос отколку со вистината? Дали го рековте тоа? Дали?

– Но дозволете, најпосле, и јас да ве прашам – го поткрена гласот Ставрогин; – кон што води тој неподнослив и . . . пакосен испит?

– Овој испит ќе помине и никојпат повеќе нема да ви биде спомнат.

– Вие постојано останувате при тоа дека ние сме надвор од просторот и времето.

– Молчете! – викна Шатов. – Јас сум глуп и невешт и нека пропадне моето име во смешното, тоа не е важно. Туку, дали ми дозволувате да ви ја повторувам целата тогашна главна мисла . . . О, сè на сè тоа се десетина реченици, само заклучок.

– Повторете, ако е само заклучок.

Ставрогин веќе направи движење небаре ќе погледне во часовникот, но се воздржа и не погледна.

Шатов пак се навали во столот и за момент како пак да го крена прстот пругоре.

– Ниеден народ – започна тој како да чита редови а во исто време сè некако заканувачки гледаше на Ставрогин – ниеден народ уште не се издигнал по принципите на разумот и науката, уште ниеднаш нема пример за тоа, освен можеби моментно, и тогаш од глупост. Социјализмот веќе по својата суштина мора да биде атеизам, зашто од својот прв збор јасно објавува дека е тоа нешто атеистичко и дека својот свет има намера да го уреди исклучително по принципите на науката и разумот. Разумот и науката во животот на народот, секогаш, сега и од почетокот на вековите, врщеле само второстепена должност, и службена, па така ќе ја вршат и до свршувањето на вековите. Постои друга сила што ги создала народите и ги раздвижува, која заповеда и која господари, но на која потеклото и е непознато и не може да се разјасни. Таа сила е силата на невозможната желба да се дојде до завршетокот, до крајот, а во исто време таа крајот го негира. Тоа е силата на непрекинатото и неуморното потврдување на својот живот, на своето постоење и сила на одречување на смртта. Тоа е духот на животот, како што е напишано, духот на „реката на живата вода" со чие секнување толку се заканува Апокалипсата. Тоа е естетски принцип, како што велат филозофите, морален принцип, како што потврдуваат пак тие. Тоа е „барања на бога", како што велам јас, најпросто. Насоката на секое народно движење, кај

секој народ и во секое време од неговиот живот, е само во исклучителното барање на бога, на свој бог, неминовно свој сопствен бог, и потем верата во него како во еден вистински бог. Господ е синтетичка личност на целиот народ, земена од неговиот почеток и до завршетокот, до крајот. Уште никогаш не било сите, или многу народи да имаат еден заеднички бог; туку отсекогаш секој народ имал свој засебен бог. Знак за пропаста на народноста е кога боговите стануваат општи. Кога ќе станат боговите општи, тогаш умираат и боговите и верата во нив заедно со народите. Колку што е народот поможен, толку неговиот бог е посебен. Уште никогаш немало народи без религија, тоест без поими за доброто и злото. Секој народ има свои сопствени поими за доброто и злото и свое сопствено добро и зло. Кога кај многу народи поимите за доброто и злото ќе станат општи, тогаш народите изумираат тогаш и разликата помеѓу доброто и злото се ништи и исчезнува. Разумот никогаш не бил во состојба да ги одреди доброто и злото дури ни да го одвои злото од доброто, барем приближно; туку секогаш, засрамено и жално, уште ги мешал; а науката отсекогаш давала одговори со тупаница. Со тоа особено се одликувала полунауката, најстрашниот камшик на човештвото, полошо од мората, гладот и војната, непознати до денешниов век. Полузнаењето е деспот каков што уште никогаш до денес немало. Деспот што има жреци и робови, деспот пред кој се ведне главата со љубов и празноверица, деспот до денес незамислив, пред кој трепери и самата наука и срамно му одобрува... Сето тоа се ваши сопствени зборови, Ставрогин, сè, освен овие неколку зборови за полузнаењето, што се мои, зашто и јас самиот сум полузнаење, па значи, посебно го мразам. А во вашите мисли, дури ни во вашите зборови, не изменив ништо, ниедна буква.

— Не мислам дека сте сакале да измените, — рече Ставрогин претпазливо. Вие тоа сте го примиле со пламен и со пламен сте го измениле, не забележувајќи што правите. Веќе самото тоа дека вие бога го спуштате до простиот атрибут на народноста...

Тој одеднаш со засилено и посебно внимание почна да го следи Шатов и тоа не толку неговите зборови колку самиот него.

– Го спуштам бога до атрибутот на народноста! – извика Шатов; напротив, го извишувам народот до бога. А зарем некогаш и било поинаку? Народот е телото господово. Секој народ само дотогаш е народ додека има свој засебен бог, а сите други богови на светот ги исклучува без секаква помирливост, и додека верува дека со својот бог ќе победи, а сите други богови ќе ги прогони од светот. Така сите верувале, од почетокот на вековите, сите големи народи, барем сите колку-толку одбрани, кои стоеле на чело на човештвото. Не може да се оди против фактите. Евреите живееле само за да го дочекаат вистинскиот бог и на светот да му го остават во наследство вистинскиот бог. Грците ја обожувале природата и на светот му ја оставија својата религија, то ест филозофијата и уметноста. Рим народот го боготворел во државата и на народите им ја оставил државата. Франција во текот на целата своја долга историја била само отелотворување и развивање на идејата на католицизмот, идејата на римскиот бог, и кога најодзади својот римски бог го фрли в бездна, удри во атеизам, кој таму засега се вика социјализам, а го направи тоа единствено затоа што атеизмот е поздрав од римскиот католицизам. Ако големиот народ не верува дека вистината е единствено во него (сосема така – во него, исклучително во него), ако не верува дека тој самиот е способен и дека е повикан со својата вистина сите да ги воскресне и да ги спаси, тогаш тој брзо се претвора во етнографско градиво, а не во голем народ. Вистински големиот народ никогаш не може да се помири со второстепена улога во човештвото; дури ни со првостепена улога; туку неминовно е исклучително со првата, то ест да се биде прв меѓу народите. Народот што таа вера ја губи, веќе не е народ. Вистината, меѓутоа, е само една, па значи, и само еден народ може да го има вистинскиот бог, сеедно што другите народи имаат свои посебни и големи богови. Единствениот народ „богоносец" – тоа е рускиот народ . . . и . . . и, дали е возможно вие, Ста-

врогин да ме сметате за лудак – одеднаш викна Шатов – лудак кој веќе не умее да распознава дали овие негови зборови сега се старо немоќно тропање, премелувано во сите московски словенофилски воденици, или се тоа наполно нови зборови, последен збор, единствен збор на обнова и воскреснување . . . и . . . и . . . многу ми е грижа поради вашата смеа, Ставрогин! Што ми е грижа дека вие ни малку не ме разбирате, ни малку, ама ни малку, ниту збор, ни буква! . . . О, колку го презирам во овој час вашиот горд насмев и поглед!

Тој скокна од местото, на неговите усни се појави дури и пена.

– Напротив, Шатов, напротив – прозбори Ставрогин сериозно и воздржано, не поткревајќи се од местото; – со своите пламени зборови во мене воскреснавте многу вонредно моќни сеќавања. Во вашите зборови го гледам своето лично расположение од пред две години; и сега веќе нема да ви речам, како пред малку, дека моите тогашни мисли сте ги зеле преувеличено. Сега ми се чини дека беа дури уште поисклучиви, уште посамогласни, и ве уверувам, по третпат, многу би сакал да го потврдам сето што сега го зборувавте, сè, од збор до збор, но . . .

– Но, ви е потребен зајак.

– Што-о?

– Па тоа е ваш, ваш низок израз – се насмеа Шатов и пак седна. – „Да се направи каша од зајак, потребен е зајак; да се верува во бога, потребен е бог" – велат, вие во Петроград сте го зборувале тоа, во форма на Гоголевиот Ноздрев, кој сакал да го фати зајакот за задните нозе.

– Не е така; туку тој се пофалил дека веќе го фатил. Навистина, дозволете, патем, и јас со едно прашање да ве вознемирам, дотолку повеќе што, ми се чини, сега имам наполно право на тоа. Кажете ми, дали тој ваш зајак е фатен, или уште бега?

– Како смеете да ме распрашувате со тие зборови? Прашајте со други, со други зборови! – одговори Шатов и одеднаш целиот затрепери.

– Како што ви е по волја; значи со други зборови

– го погледна грубо Николај Всеволодович. – Сакав да знам: дали вие самиот верувате во бога или не?

- Јас верувам во Русија, верувам во нејзиното православје... Јас верувам во телото Христово... Верувам дека второто пришествие ќе се изврши во Русија. Јас верувам... – пелтечеше Шатов целиот во занес.

– А во господ? Во господ?

– Јас... јас да верувам во господ?

На лицето на Ставрогин не се помрдна ниту еден мускул. Шатов го гледаше пламено, предизвикувачки, како да сака да го изгори со својот поглед.

– Јас не ви реков дека воопшто не верувам! – викна најпосле Шатов. – Јас само сакам да знам дека сум една несреќна и здодевна книга и ништо повеќе, засега... Но нека ме носи водата! Станува збор за вас, а не за мене!... Јас сум човек без дарба и можам само да дадам крв, и ништо повеќе, како и секој човек без дарба. Но нека ја носи пропаста и крвта моја! Јас зборувам за вас; две години ве чекав овде... Поради вас, еве, веќе половина час играм гол пред вас. Вие, единствено вие ќе можете да го кренете тоа знаме!...

Не заврши; налактен на масата, со двете раце ја потпре главата како во очај.

– Во врска со тоа јас ви забележувам само една чудна работа – го прекина Ставрогин, то ест, прашувам зошто постојано мене ми се наметнува некакво знаме? И Петар Верховенски, исто така, е уверен дека јас можам „да го кренам нивното знаме“, барем така ми се пренесувани неговите зборови. Нему му се свртило во главата дека јас би можел да ја одиграм ролјата на Стенка Разин, „според својата необична способност за злосторства“... пак негови зборови.

– Како? – запраша Шатов – „спрема необичната способност за злосторства“?

– Токму така.

– Хм!... А дали е вистина дека вие – горчливо се насмевна Шатов – дали е вистина дека вие во Петроград сте му припаѓале на тајното здружение на Скотската сладострасност? Дали е вистина дека маркизот де

Сад би можел од вас да се поучи? Дали е вистина дека сте ги намамувале и дека сте ги расипувале децата? Зборувајте, не смеете да лажете! – извика тој сосема раздразнето. – Николај Всеволодович не може да лаже пред Шатов, кој го удри по лицето! Кажете сè! И ако е вистина, јас ќе ве убијам веднаш, овој час, наместо.

– Тие зборови сум ги изговорил, но децата не сум ги гибал – изусти Ставрогин, но дури по долго молчење.

И побледна а очите му светнаа.

– Но сте зборувале! – моќно продолжи Шатов не симнувајќи ги од него светнатите очи. – Дали е вистина дека сте тврделе оти не знаете за разлика во убавина помеѓу некоја сладострасна ѕверска подлост и некој каков и да е голем подвиг, дури и давањето живот за човештвото? Дали е вистина дека вие во обете крајности сте нашле поклопување на убавината, поклопување на насладата?

– Невозможно е да се одговори така ... не сакам да одговорам – промрмори Ставрогин, кој сега можеше убаво да стане и да си отиде, но ниту стана, ниту отиде.

– Ни јас не знам зошто е злото лошо, а доброто убаво, но знам дека чувството на таа разлика се брише и се губи кај луѓето, како што се Ставрогин и другарите – не попушташе Шатов, а целиот трепереше. – Знаете ли зошто тогаш онака срамно и ниско сте се ожениле? Токму затоа дека тој срам и бесмисла доаѓале до генијалност. О, не летате вие по крајот, туку смело и главечки летате долу. Вие се оженивте поради страста за мачење, поради страста за гризење на совеста, поради морална сладострасност. Тоа било нервно растројство! ... Предизвикот на здравата смисла бил премногу пријатен! Ставрогин и грдата слабоумна, кутра Хромка! Кога го каснавте губернаторот за уво, дали чувствувавте сладострасност? Чувствувавте? Вие, безработно, проскитано господинче, чувствувавте?

– Вие сте психолог – рече Ставрогин бледнејќи сè посилно и посилно; – иако во причините за мојот брак донекаде сте се излагале ... Впрочем, кој можел

да ви ги даде сите тие информации? — се насмеа тој со сила. — Да не е Кирилов? Но тој не беше присутен...

— Вие бледнеете?

— А вие, што сакате од мене? — најодзади го поткрена гласот Николај Всеволодович. — Останав половина час под вашиот камшик, и сега би можеле учтиво да ме испратите . . . ако навистина немате некоја разумна цел за ваквото однесување спрема мене.

— Разумна цел?

— Без сомневање. Ќе бидете должен најодзади да ми кажете барем што имате на ум. Постојано го очекував тоа. А ја почувствував само вашата фанатична свирепост. Ве молам да ми ја отворите вратата.

Тој стана од столот. Шатов веднаш јурна по него.

– Целивајте ја земјата, облејте ја со солзи, молете прошка; – викна тој фаќајќи го за рамото.

— Јас, меѓутоа, не ве убив . . . оној ден . . . туку ги скрстив рацете зад грбот . . . — проговори Ставрогин скоро со болка и ги симна очите.

— Завршете, завршете! Дојдовте да ме предупредите да се чувам од опасност; ми дозволивте да ви зборувам; сакате утре јасно да го признаете својот брак! . . . Зарем јас не гледам по вашето лице дека некоја нова страшна мисла ве подзема . . . Ставрогин, зошто сум осуден вечно да ви верувам? Дали би можел со други вака да зборувам? Јас имам невиност, но од својата голотија не сум се исплашил, затоа што му верував на Ставрогин. Не се исплашив дека големата мисла со својот допир ќе ја искарикирам, зашто ме слушаше Ставрогин . . . И, кога ќе си отидете вие, зарем нема да ги бакнувам трагите од вашите нозе? Јас не можам од своето срце да ве откорнам, Николај Ставрогин!

— Жал ми е дека не можам да ве сакам, Шатов — студено рече Николај Всеволодович.

— Знам дека не можете и знам дека не лажете. Слушајте, јас можам сè да поправам; јас ќе ви го донесам зајакот!

Ставрогин молчеше.

— Вие сте атеист поради тоа што сте господски син, последно господинче. Сте ја загубиле моќта да го разликувате злото и доброто поради тоа што веќе не го познавате својот народ . . . Доаѓа ново поколение, право до срцето народно, но вие никогаш нема да го познавате, ни вие, ни Верховенски, синот и таткото, ни јас, зашто и самиот сум господинче, јас, син на вашиот припадник, на лакејот Пашка. Слушајте, најдете го бога со труд — во тоа е целата вистина, или исчезнете како гаден трескот; најдете го со труд!

— Господ со труд? Со каков труд?

— Селски. Заминете оставете го своето богатство... А! Се смеете, се плашите да не испадне некој „кунст"?

Ставрогин не се смееше.

— Вие мислите дека господ може да се најде со труд, и тоа со селска работа? — рече Ставрогин, откако размисли и како да виде нешто ново и сериозно за што вреди да се размисли. — Навистина — помина тој одеднаш на друга мисла — токму ме потсетивте: дали знаете дека не сум богат? Имам толку што не би можел од нешто да се одречам. Не сум во состојба дури ни Марија Тимофеевна да ја згризам . . . И уште нешто: дојдов да ве замолам ни отсега, ако сте во можност, да не ја оставате Марија Тимофеевна, зашто вие единствено сте можеле да имате некакво влијание врз кутриот нејзин разум. Ви го велам тоа за секој случај.

— Добро, добро, тоа за Марија Тимофеевна — одмавна со едната рака Шатов, држејќи ја свеќата во другата; — добро, тоа и само од себе ќе биде . . . Туку, слушајте, појдете кај Тихон.

— Кај кого?

— Кај Тихон. Тихон, некогашен епископ, кој поради болест живее во мир, овде во градов, во нашиот Ефимевски богородски манастир.

— Што е тоа?

— Ништо. Кај него одат луѓето, со коли и пеш. Појдете, што ви пречи? Да, што ви пречи?

– Ова го слушам првпат и... никогаш не сум видел такви луѓе. Благодарам, ќе пројдам.

– Одовдека – ги осветлуваше Шатов скалите. – Ајде – ја отвори тој вратата кон улицата.

– Повеќе нема да ви дојдам, Шатов – тивко рече Ставрогин излегувајќи низ вратата.

Како и порано надвор беше мрак и дожд.

ВТОРА ГЛАВА

НОЌ
(продолжение)

I

Тој ја измина целата улица „Водици“; најодзади тргна прудолу, нозете му се закопуваа во калта, и одеднаш, се отвори широк, маглив, се чини празен простор – реката. Куќите тука беа бедни колибишта, улицата се губеше во множеството тесни слепи улички, расфрлани без ред. Николај Всеволодович долго се држеше за оградите, крај речниот брег, но иако не мислеше на него, сигурно го наоѓаше својот пат. Беше обземен од сосема други мисли; дури кога се најде среде нашиот долг и воден мост, нагло се тргна од длабоката замисленост и зачудено се обѕрна околу себе. Наоколу ни жива душа, така што чудно се изненади кога одеднаш, скоро под самиот негов лакот, со оној сладникаво скандиран акцент со кој се перчат нашите премногу цивилизирани малограѓани или младите некадрени помошници од дуќанот во Гостин двор.

– Дали ќе ми дозволите, господине, патем да се користам со вашиот чадор?

Навистина, некаква силуета се пикаше, или се правеше како да сака да се пикне под неговиот чадор. Скитникот одеше напоредно со него, Ставрогин скоро го „чувствуваше со лакотот“, како што велат војниците. Правејќи го движењето умерено, Николај Всеволодович се сведна да го види, колку што можеше во мракот. – Човек прилично низок по раст и како сличен

на некој испустен безработен малограѓанин, облечен лошо и не многу топло, на неуредната изводенета коса му виси изводенет платнен качкет со наполу искршена сенка. Изгледа силен, црномурест, човек со темно лице, сув, со крупни очи, бездруго црни, мошне светли, со жолтеникав прелив, како кај Циганите, што сѐ гледаат и во мрак. Треба да има четириесет години и не е пијан.

— Ти ме познаваш? — запраша Николај Всеволодович.

— Господин Ставрогин, Николај Всеволодович; ми ве покажаа минатата недела на станицата, само што застана локомотивата. А и порано за вас многу сме слушале.

— Од Петар Степанович? Ти... ти си Федка Робијашот?

— Крстен сум Фјодор Тодорович; ние во овдешните краишта сите со ред си ја имаме својата мајка родена, бабичката божја, старата душа, земјата ја влече кон себе, деноноќно се моли за нас, колку своите старечки денови крај печката попусто да не ги толчи.

— Ти си бегалец од робија?

— Ја променив својата судбина. Работев со книги и со камбани и со црковни работи, и за тоа бев речиси доживотно осуден, за така многу долго ќе мораше досудениот рок да го доживеам.

— Што работиш овде?

— Па, ете, стемни се — раздени се. Нашиот чичко заврши минатата недела во овдешниот завод, поради лажни пари беше овде, па за негова душа дваесет камчиња им расфрлив на кучињата — и, ете, тоа засега ни беше работа. Покрај тоа, Петар Степанович за цела Русија пасош ни осигурува, по сѐ трговски, па и тоа — ја чекам неговата милост. Тоа е затоа, вели, дека моето татенце, некогаш, во ингилискиот клуб изгубил на карти, и јас, вели тој, наоѓам дека ваквата нечовештина била несправедлива. Дали ќе имате милост, господару, да ми дадете три рубли во сребро за, малку чај, да се стоплам?

— Значи, ти мене овде си ме опчекувал? Јас тоа не го сакам. По чија наредба?

— Да е по наредба, не е, господине, туку јас ова го правам единствено затоа што го знам вашето човекољубие, познато на целиот свет. Нашата добивка е ситна, и самиот знаете: или нарамник сено, или вилите в ребра. Ете, минатиот петок се налапав со пирошки како Мартин со сапун, а оттогаш, еден ден не јадам, другиот почекај, а третиот пак не јади. Вода во реката колку што сакам можам да пијам, во стомакот риби захранив ... Па сега, ете, се надевам: ако не дојде до вашата дарежливост, а, еве, овдека наблиску, кумата ме чека, ме чека, си велам, без рубља да не ѝ одам.

— А што ти вети Петар Степанович од мене?

— Всушност не дека е ветено, туку онака се рече дека, да кажеме, би можело да ви притребам ако се укаже некоја таква прилика, но што би можело тоа да биде, не ми е, така да речам, правилно објаснето, затоа што Петар Степанович да речам, ме испробува во козачкото трпение и спрема мене никаква доверба нема.

— А зошто?

— Петар Степанович е астролом, и сите божји планини ги знае, но и тој е под критика. Јас сум, господине, пред вас како пред единствениот, затоа што за вас многу убаво ми имаат зборувано. Петар Степанович е едно, а вие, господару, нешто друго, да кажеме. Кај него е вака: ако за некој човек му рекле: никаквец, тогаш тој кај него ништо друго не гледа освен никаквец. А ако му рекле: глупак, тогаш кај него нема за тој човек друго име. А јас, можеби, сум будала само во вторник и во среда, а во четврток сум поумен и од него. Тој сега за мене знае дека многу ми е потребен пасош — затоа што во Русија никако не може да се опстане без документи — затоа тој мисли дека веќе и душата ми ја заробил. На Петар Степанович, јас да ви речам, господару, многу му е лесно да живее на светот; зашто тој си го замислува човекот како што сака, па со таков тогаш и живее. На сето згора сосема многу е скржав. Тој мисли дека јас кај него не ќе смеам да ви здодевам; а јас сум пред вас, господару, како пред единствениот; еве веќе четврта

ноќ како ве чекам на овој мост, со таа намера дека и покрај него можам пополека да го најдам сопствениот пат. Подобро е, си мислам јас, да ѝ се поклониш на чизмата отколку на опинокот.

— А кој ти рекол дека јас вечерава ќе поминам по мостот?

— Е, треба да се признае, тоа дојде оддалеку, повеќе од глупоста на капетанот Лебјаткин, зашто тој никако не умее да се воздржи... па така мене ми доаѓаат три сребрени рубли од вашата милост, како прилика, за трите дни и трите ноќи ѕемнење. А дека прокиснаа алиштата, поради таа загуба, ќе молчиме.

— Јас сега лево, ти десно; мостот го поминавме. Слушај, Фјодоре, јас сакам мојот збор еднаш засекогаш добро да се разбере: не ти давам ни скршена паричка, и отсега повеќе да не те сретнам на мостот, ни каде и да е; не си ми потребен, ниту ќе ми бидеш потребен, а ако не ме послушаш, ќе те врзам, па в полиција. Марш!

— Ех, барем поради тоа што ви правев компанија, фрлете нешто, ќе си заминам повесело.

— Оди си!

— А дали ги познавате вие овдешните патишта? Знаете, овде сега доаѓаат ѓаволски крстосани уличиња и ќорсокаци... јас би можел да ве спроведам, затоа, знаете... градот овде крај брегот... токму како ѓаволот сè што носел во торбата да истурил овде.

— Дали ме чу, ќе те врзам! — му се сврти Николај Всеволодович предупредувачки.

— Судете ми, ви се може, господару! Зарем е потребно многу нешто па на сиромаштијата да ѝ се направи неправда?

— Ти си сигурен и самиот во себе?

— Јас, господару, сигурен сум во вас, а не сум, да речете, многу сигурен во себе.

— Ни малку не си ми потребен, ти реков!

— Ама, потребен сте ми вие, господару, ете што е! Ќе ве чекам додека се вратите, па што ќе биде — нека биде.

— Ти давам чесен збор — ако те најдам, ќе те врзам.

— Тогаш јас веднаш ќе го зготвам јажето. Среќен пат, господару! Па, сиромавиот сепак со чадорот го заштитивте, и на оној свет ќе ви бидеме благодарни.

Тој застана. Николај Всеволодович стаса на местото мошне загрижен. Тој човек, од небото паднат, беше сосема сигурен, сосема уверен дека му е неопходен и премногу смело брзаше тоа да му го покаже. Воопшто, никој пред него повеќе не се стеснува. Но, возможно тој скитник и да не лаже сосема и своите услуги да ги нуди навистина само од сопствена побуда, и тоа незабележано, скришно од Петар Степанович; а тоа е веќе мошне интересно.

II

Куќата до која стаса Николај Всеволодович се наоѓаше во пуста затворена уличка, помеѓу оградите, зад кои се протегаа бавчи, сосема на крајот од градот. Тоа беше помала дрвена куќичка, сосема осамена, штотуку направена, уште необложена со штици. На еден прозорец капаците бездруго намерно стоеја отворени, зашто на штицата од прозорецот имаше свеќа — очигледно да му послужи како патоказ на доцниот гостин кого го чекаа. Само уште некои триесет и повеќе чекори, и Николај Всеволодович ја различи на скалите човечката силуета, со висок раст, веројатно домаќинот, кој, нестрплив, излегол да погледне на патот. Се чу и неговиот глас, исто така нестрплив и некако застрашен.

— Тоа сте вие? Вие сте?

— Јас — се одзва Николај Всеволодович откако сосема им пријде на скалите; го затвори чадорот.

— Најпосле одвај! — се размрда и заситни околу него Лебјаткин — тоа беше тој. — Молам за вашиот убав чадор, многу е воден; ќе го отворам и ќе го спуштам овде на подов, искрај; повелете, повелете...

Вратата од ходникот за во собата осветлена со две свеќи, беше широко отворена.

— Да не беше вашиот збор дека бездруго ќе дојдете, повеќе и не ќе верував.

— Дванаесет и три четврти — погледна Николај Всеволодович на часовникот и влезе во собата.

— А освен тоа дожд, и олку интересна оддалеченост... Јас немам часовник, а од прозорецот се гледаат само бавчите, така што... така што човек е одделен од она што се случува... Но, да се рече, ова не е префрлување, за јас... јас и не смеам да се лутам, туку само велам, во нетрпение, што цела недела ме гризеше, веќе еднаш — ...да се реши.

— Што?

— Да ја слушнам својата судбина, Николај Всеволодович. — Повелете, молам — тој се засолни, покажа на местото крај масичката пред канабето.

— Николај Всеволодович се обѕрна по собата: беше малечка, ниска; мебел најпотребен; столовите и канабето дрвени, сосема нови, столовите без навлаки, канабето без перница; две липови маси, една пред канабето, другата во катот, покриена, полна со некои предмети покриени со чиста крпа. И целата соба, како што се гледаше, беше одржувана во голема чистота. Веќе осум дена, како капетанот Лебјаткин не е пијан; лицето некако му се поднадуло и пожолтело, погледот му е немирен, љубопитен и очигледно во недоумица: многу јасно се гледа дека самиот тој не знае со кој тон да зборува и во кој да удри веднаш, а да е тоа поволно.

— Гледате, молам — покажа со раката наоколу — ете, живеам како Зосима. Трезвеност, осаменост и сиромаштија — завет на старите рицари.

— Вие мислите дека старите рицари оставале такви завети?

— Дали се збунив? Попусто, немам образование Се изгубив! Дали верувате, Николај Всеволодович овде првпат се одреков од срамните страсти, ни чашка ни капка! Имам свое катче и веќе шест дена ја чувствувам убавината на совеста. Дури и ѕидовите мирисаат на смола, потсетуваат на природата. А што бе и каков?

Ноќе скитам без преноќиште,
и се лигавам со јазикот дење без дениште...

како што тоа поетот генијално го искажал! Но... вие многу сте накиснат... Дали е по волја чај?

— Не трудете се.

— Самоварот вриеше уште од осум... но... изгасна... како сѐ на светот што гасне. И сонцето, велат, ќе дојде на ред да изгасне. Впрочем, ако треба, ќе зготвам чај. Агафја не спие.

— Речете, Марија Тимофеевна...

— Овде е, овде — прифати веднаш Лебјаткин со шепот; — ако е по волјата, погледнете? — покажа тој на затворената врата од другата соба.

— Не спие?

— О, не, не, зарем би можела? Напротив, чека уште од сношти, и кога дозна пред малку... веднаш направи тоалета — ја искриви тој устата божем во шеговита насмевка, но веднаш се тргна.

— Како е таа сега, воопшто? — запраша Николај Всеволодович муртејќи се.

— Воопшто? Порано и самиот повелавте да знаете (тој со сожалување ги крена рамениците); а сега... сега седи, и гледа во картите...

— Добро, тоа ќе го видиме потем; прво треба да се заврши со вас.

Николај Всеволодович седна на столот.

Капетанот не се осмели да седне на канабето, туку брзо се пресегна по другиот стол и со растреперена надеж почна да слуша.

— А што ви е она онаму во аголон, под крпана?

— Тоа? — се сврти Лебјаткин. Тоа, тоа е од вашата дарежливост, заради вселувањето, така да се рече, понада, земајќи го предвид и мошне долгиот пат и природниот замор — почна трогателно да пелтечи, потем стана од местото, и пријде на прсти до масата, и понизно и мошне внимателно ја симна крпата. Под неа беше подготвена закуска: шунка, телешко, сардина, сирење, мало зелено шише и големо со бордо вино, сѐ наместено чисто, со познавање на работата, скоро елегантно.

— Вие ли сте се погрижиле за ова?

— Јас, молам. Уште од сношти, и сѐ што можев, за да направам чест... Марија Тимофеевна, како што знаете самиот, кон тоа е сосема рамнодушна. А што е главно, сето тоа е од вашата широкоградост, ваше сопствено, бидејќи вие сте овде домаќин, а не јас, а јас сум како некој ваш, така да се рече, набавувач, иако сум уште со таа своја последна вредност! — заврши тој некако трогнат.

— Хм!... можете пак да седнете.

— Благодарен сум, благодарен и независен! (Тој седна.) Ах, Николај Всеволодович, во ова срце толку вриеше што не знаев како ќе ве дочекам! Вие сега ќе ја решите судбината и моја и... и... на оваа несреќница, а потем... потем, како што бидувало и некогаш, во старо време, пред четири години, јас ќе го отпуштам срцето, целата душа ќе ја истурам. Вие тогаш ми правевте чест и слушавте, читавте стихови. Сеедно дека тогаш ме наречувавте свој Фалстаф од Шекспир, сеедно, вие сепак во мојата судбина значевте многу! А сега имам многу грижи и страв, и единствено од вас чекам и совет и светло. Петар Степанович ужасно се однесува спрема мене!

Николај Всеволодович слушаше љубопитно, гледаше напорки. Вистина, очигледно беше дека капетанот Лебјаткин повеќе не пие, но сепак уште не се наоѓаше во хармонична состојба. Кај сличните долгогодишни пијаници, најодзади засекогаш се зацврстува нешто несмасно, збунето, нешто како оштетено и мрднато, иако тие се гордеат и се перчат, се прикриваат и лицемерат, не полошо од другите луѓе, само ако е потребно.

— Гледам, капетане, дека за овие четири години ни малку не сте се измениле — проговори Николај Всеволодович, божем малку понежно. Се гледа, и доказот дека втората половина на човечкиот живот обично го прават само навиките здобиени во првата половина.

— Голем збор! Вие ја решивте гатанката на животот! — извика капетанот наполу преправено, а наполу со вистинско воодушевување, зашто беше голем

љубител на убавиот збор. — Од сите ваши поговорки, Николај Всеволодович, посебно сум забележал една, кажана уште во Петроград: „Треба навистина да се биде голем човек, па да може да се има отпор спрема здравиот разум“. Гледате!

— Сеедно, и лудакот го може тоа.

— Така е, нека е и лудак, но вие сепак секогаш сте се претурале од остроумност; а оние другите? Нека рече нешто слично Липутин или Петар Степанович!... О, колку сурово се однесуваше спрема мене Петар Степанович!

— Но, и вие, капетане, и вие, како се однесувавте?

— Пијанство, а покрај тоа и бескрајните мои непријатели! Но сега сѐ протатни, сѐ, а јас сега се обновувам како змев. Николај Всеволодович, знаете ли дека го пишувам својот тестамент и дека веќе ми е напишан?

— Интересно. А што оставате и кому?

— На татковината, на човештвото и на студентите. Николај Всеволодович, го прочитав во весниците, животописот на еден Американец. Тој целото свое грамадно богатство го оставил за фабриките и за позитивните науки; својот скелет на студентите, во тамошната висока школа; а својата кожа за барабан, дење и ноќе да се удира по неа американската народна химна. Попусто, ние сме пигмеи во споредба со поетот на мислата во северно-американските држави! Русија е игра на природата, не на разумот. Ајде јас да се обидам да му ја оставам својата кожа за барабан, на пример, на Акмолинскиот пешадиски полк, во кој имав чест да ја започнам службата – на неа секој ден пред полкот да се исчука руската народна химна — тоа ќе се земе како либерализам и мојата кожа ќе ја забранат... поради тоа се ограничив само на студентите. Сакам својот скелет да ѝ го оставам на високата школа, но сепак такашто на челото на скелетот да се залепи за сите времиња натписот: „Покаениот слободен мислител“. Да, така.

Капетанот зборуваше пламено и, се разбира, веруваше во убавината на американскиот завет; но тој беше и шегаџија, па многу му се сакаше и да го насмее Николај Всеволодович, на кого тој порано долго му служеше како шут. Но Николај Всеволодович не се насмевна; напротив, го запраша некако недоверливо:

— Вие бездруго имате намера уште додека сте живи да го објавите својот тестамент и за него да добиете награда?

— Барем да е така, Николај Всеволодович, барем да е така? — Лебјаткин внимателно се загледа во Ставрогин. — Ја гледате ли мојата судбина! Не пишувам дури ни стихови! — а некогаш и вие се забавувавте со моите песнички, си спомнувате, крај чашка? Но, со перото е готово. Напишав сè на сè една песна, како Гогољ „Последниот расказ". Си спомнувате, тој на Русија ѝ објави дека тој расказ од градите му се „испеа". Така и јас: се испеав и доста.

— А каква песна е тоа?

— „Во случај да си ја скрши ногата".

— Што-о?

Капетанот само тоа и го чекаше. Тој своите стихови неизмерно ги ценеше и ги почитуваше, но, исто така, од некоја шегаџиска душевна двојност, нему му се допаѓаше и тоа дека Николај Всеволодович со неговите стихови секогаш се забавувал и понекогаш на глас им се смееше држејќи се за бедрата. Така Лебјаткин постигнуваше две работи — и поетската и умилкувачката; а сега имаше и трета, посебна и мошне чувствителна цел. — Изнесувајќи ја песната на сцена, капетанот мислеше во една точка да се оправда себеси, во точката од која однекаде најмногу се плашеше и во која, така чувствуваше, најмногу згрешил.

— „Во случај да си ја скрши ногата", тоест во случај да јаваме коњ. Тоа е фантазија Николај Всеволодович, сениишта, но сениишта на еден поет. Еднаш, на минување, при средба со жената на коњ, се восхитил и си задал материјално прашање: „Што ќе биде тогаш?" тоест во оној случај. Јас на работа: сите свршеници ќе го повлечат зборот, сите младоженци би

се засолниле подалеку од неа: ако не ти треба, избриши го носот! — ќе остане единствено поетот, со здробено срце во градите. Николај Всеволодович, дури и вошката, и таа може да се вљуби, ни нејзе законите не ѝ го бранат тоа. И при сето тоа, односната личност беше навредена и од писмото и од песната. Велат дури дека и вие сте се налутиле; така ли е? Тоа е премногу жалосно, не сакав во тоа да поверувам! Зашто, со кого би можел да му наштетам со своето вообразување? Освен тоа, се колнам во честа Липутин постојано навалуваше: „Испрати ја, секој човек смее да пишува песни"... и јас ја испратив.

— Вие, ми се чини, се бевте понудиле како младоженец?

— Непријатели, непријатели, непријатели и непријатели!

— Кажете ги тие стихови! — безмилосно го прекина Николај Всеволодович.

— Соништа, соништа пред сè! — но тој сепак се исправи, ја испружи раката, и започна:

> Најубавата од сите ногата ја скрши,
> и двапати помила стана;
> двапати повеќе тој вљубен стана
> вљубен веќе над своето перче.

— Е, доста! — мавна со раката Николај Всеволодович.

— Сонувам за Петроград — премина Лебјаткин колку што можеше побргу на друго, како и никогаш да не беа стиховите. — Сонувам за воскреснување... добротвору! Дали можам да сметам дека нема да ми ги испратите средствата за пат? Јас цела недела ве чекам како сонце!...

— Е, ги нема! Проштавајте, јас веќе немам ништо од средствата; а и зошто би ви давал јас вам пари?

Николај Всеволодович одеднаш како да се налути. Суво и накусо тој ги наброја сите гревови на капетанот: пијанството, лагата, растурањето на парите одредени за Марија Тимофеевна, нејзиното грабнување од манастирот, дрските писма со закана дека тајната ќе се изнесе пред јавноста, постапката со Дарја Павловна

и друго, и друго. Капетанот се нишаше, гестикулираше, сакаше да одречува, но Николај Всеволодович секогаш заповеднички го запираше.

— И, дозволете — рече тој најодзади — вие постојано пишувате за „семејната срамота“. Каква срамота е за вас тоа, дека вашата сестра е во брак со Ставрогин?

— Но бракот е скриен, Николај Всеволодович! Бракот е скриен, судбинска тајна. Јас добивам од вас пари и, одеднаш мене ме прашуваат од каде кај тебе тие пари? Јас сум врзан, не можам да одговорам, а не можам на штета на сестра ми, на штета на семејното достоинство!

Капетанот го поткрена тонот, зашто тој ја сака оваа тема и на неа многу смета. Попусто! И не насетуваше колку ќе се стаписа. Мирно и како да се однесува за најобичен домашен распоред, Николај Всеволодович му соопшти: деновиве, можеби утре или другиден, има намера за својот брак да ја извести јавноста, „како полицијата, така и општеството“, што значи дека со тоа само по себе ќе заврши и прашањето за семејната чест, а наедно и прашањето за паричната помош. Капетанот ги ококори очите: тој не го сфаќаше реченото; требаше да му се објасни работата.

— Но, добога, таа е... полудена.

— Мое е што ќе правам со тоа.

— Но... што ќе рече мајка ви?

— Што сака.

— Па вие својата жена ќе ја внесете во својата куќа.

— Можеби. Впрочем, тоа не е ваша работа, тоа воопшто да не ви е грижа.

— Како не ми е грижа? — извика капетанот; — а јас, што ќе правам јас?

— Вие, се разбира, нема да ми влезете во куќата.

— Па јас сум роднина.

— Од такви роднини се бега. Зошто би ви давал јас и потоа пари, помислете и самиот!

— Николај Всеволодович, Николај Всеволодович, тоа не може да биде! Вие, бездруго, уште ќе размислите, вие секако нема да дигнете рака против себе... што ќе помислат, што ќе рече светот?

— Многу се плашам јас од вашиот свет. Се оженив со вашата сестра кога сакав, по богатиот и пијан ручек со облог во пијалак; а денес, ако тоа денес ме забавува, тоа ќе го објавам насекаде!...

Овие зборови ги рече некако особено раздразнето, така — што Лебјаткин со ужас веќе и поверува во нив.

— Но добога, јас, што ќе правам јас? Зашто тука јас сум главниот! Вие, можеби, се шегувате, Николај Всеволодович?

— Не, не се шегувам.

— Ваша волја, Николај Всеволодович, но јас не ви верувам... тогаш, јас ќе поднесам молба.

— Вие сте многу крут, капетане.

— Сеедно, но тоа е сè што ми останува! — се збуни капетанот сосема. — Порано, таму во оние куќарки, ми даваа, за нејзината работа, барем стан; а што ќе биде сега? Сега кога и вие сосема ќе ме отфрлите?

— Па, ете, сакате да отидете во Петроград, да ја промените кариерата. Патем речено, сум чул дека имате намера да отидете таму како поткажувач со надеж дека ќе добиете проштевање ако ги издадете другите, нели?

Капетанот зина, ги ококори очите, не одговори.

— Слушајте, капетане — рече Ставрогин одеднаш мошне сериозно и малку се наведна преку масата.

Досега зборуваше некако двосмислено, така што Лебјаткин кој се вежбаше во улогата на Шут, ни до последниот момент не беше сосема начисто дали неговиот гостин се лути навистина, или само се шегува; дали навистина ја има чудната намера својот брак да го објави, или само се шегува? Но во овој момент сериозниот изглед на Николај Всеволодович беше толку убедлив што на Лебјаткин трпки му поминаа по грбот.

— Слушајте, Лебјаткин, и кажете ја вистината: дали веќе сте поткажале или уште не? Дали нависти-

на, нешто сте направиле? Да не сте пратиле од глупост некое писмо?

— Не, ништо не сум направил, ниту... ниту сум помислил да направам — го гледаше капетанот неподвижно.

— Е, лажете дека не сте помислиле. Затоа вие и го барате Петроград. Ако не сте пишувале, да не сте му брбореле некому нешто овде? Кажете ја вистината, јас нешто сум чул.

— Во пијанство, на Липутин. Липутин е предавник. Јас му го отворив срцето — прошепоти кутриот капетан.

— Од срцето на срце, да, но не чини да се биде будала. Ако сте имале некоја мисла, требало да ја задржите за себе: денес умните луѓе молчат, не зборуваат.

— Николај Всеволодович — затрепери капетанот. — Па вие лично во ништо не сте учествувале, јас на вас...

— Својата крава молзница, се разбира, не смеевте да ја поткажете.

— Николај Всеволодович, размислете, размислете самиот!

И очајно, со солзи, почна капетанот подисплашено да изнесува како живеел во текот на овие четири години. Тоа беше најлуд расказ за лудак кој, од пијанство и левентување, се пикал во туѓите работи, а до последниот момент не ја сфаќал важноста на тие работи. Раскажуваше како во Петроград „веднаш од почеток се занел со организацијата, како верен студент, иако не бил студент"; па ништо не знаејќи сосема невино фрлал по скалите разни хартии, оставал цели пакети крај вратите и ѕвончињата, ги протурал место весници, влегол во театрите и ги пикал во шапките, во џебовите. А подоцна „од нив" и пари добивал, „зашто средствата моите средства какви се"! Во две губернии по околиите растурал „севозможно ѓубре"

— Ох, Николај Всеволодович — извика тој. — Мене најмногу ме возбудуваше тоа дека сето беше спротивно со граѓанските закони, а на прво место со татковината! Напечатиле, едноставно, да се крене народот, со вили

и мотики, и да се запамети: — кој изутрина ќе тргне сиромав, може вечерта да се врати дома богат... замислете, ве молам! Ми лазат морници и ме исполнува ужас, но го разнесувам тоа по народот. Или одеднаш неколку реда упатени до целата Русија, ни ова ни она, туку повик: „Црквите што побргу затворајте ги, господ уништете го, урнувајте ги браковите, укинете го правото на наследство, земајте ножови", тоа, а ѓаволот ќе знае уште што. И токму поради тие книжиња, тие од пет реда, за малку што не наседнав; во полкот ме натепаа офицерите, но, нека им даде господ здравје, ме пуштија потем. А лани, за малку што не ме фатија кога на Короваев му ги предадов банкнотите од педесет рубли во француска изработка; но, нека е жив господинот Короваев токму во тоа време пијан се удави во рибникот, па не успеаја против мене да соберат докази. Овде, кај Виргински, ја прогласувавме слободата на социјалната жена. Во јуни пак растурав прогласи. Велат, и натаму ќе морам. Петар Степанович ми стави на знаење дека морам да слушам, ми се заканува веќе одамна. Како постапуваше тогаш, во неделата, со мене! Николај Всеволодович, јас сум роб, јас сум црв, а не бог, и само во тоа се разликувам од Державин. Но моите средства, средствата, какви се тие, вие тоа го знаете...

Николај Всеволодович слушаше внимателно.

— Многу нешта од тоа не ни знаев — рече тој.

— Се разбира, со вас сè може да се случи. Слушајте — рече размислувајќи, — ако сакате, речете им, речете им ним, веќе на кого што знаете, дека Липутин лажел и дека вие сте сакале само малку да ме заплашите со поткажувањето, сметајќи дека и јас сум компромитиран, па така колку што се може повеќе пари од мене да извлечете... Разбирате?

— Николај Всеволодович, брате, зарем таква опасност ме чека? Јас само вас ве чекав, да ве замолам...

Николај Всеволодович се насмевна.

— Во Петроград, се разбира, тие нема да ве пуштат, дури и да ви дадам пари за пат... туку, впрочем, време е да појдам кај Марија Тимофеевна. — Тој стана од столот.

— Николај Всеволодович, а што ќе се прави со Марија Тимофеевна?

— Па онака како што реков.

— Да, мислите, сериозно?

— Вие ништо не верувате?

— Зарем ќе ме фрлите како стара износена чизма?

— Ќе видам, — се насмеа Николај Всеволодович. — Ајде пуштете ме таму.

— Ќе заповедате ли малку да постојам на скалите, малку да прислушнувам ... зашто, собичките се мали.

— Тоа е добро, постојте. Земете чадор.

— Чадор, ваш ... а зарем вреди ... поради мене? — се шеќереше капетанот.

— Чадорот е за секого.

— Одеднаш го одредувате минимумот на човековите права ... — рече Лебјаткин, но сега веќе зборуваше механички, беше премногу снеможен од информациите и ја беше изгубил и последната ронка од присебноста. Сепак, речиси веднаш штом излезе на скалите и го отвори чадорот, почна во неговата лекомислена памет нешто да колва, неговата сегашна утешна размисла; можеби со него само итро се постапува и го лаже; а ако е така, не треба да се плаши тој, туку од него да се плашат.

„Ако ме лажат и ме мамат, има нешто, и што е тогаш всушност тој јазол“ — тоа него го гребеше во мозокот. Објавувањето на брак му изгледаше грда работа. „Навистина, овој чудотворец може сè. За живите луѓе зло. А ако му е нему страв, по настаните од минатата недела? И тоа, можеби, страв како никогаш досега? Поради тоа, веројатно, и дошол ваму да каже дека тајната сам ќе ја објави — зашто му е страв да не ја објавам јас. Ум! Лебјаткине, внимавај да не згрешиш! Зошто доаѓа ноќе, скришум, зошто така, кога ваму сака објавување. А ако се плаши, значи дека се плаши сега, токму сега, токму во овие неколку дена ... Држи се, Лебјаткине, еј! Немој да заглавиш!...

„Ме плаши со Петар Степанович. Ај, страшно е тоа, многу тешко! Сега е многу тешко! И што ме влечеше за јазикот да се истресам пред Липутин! Проклетникот знае што подготвуваат тие ѓаволи, никогаш не успеав да разберам! Пак се кренаа како пред пет години. А на кого би му поткажал? Да не сте пишувале од глупост? Хм! Значи, може да се пишува и божем како од глупост? Да не ме советуваше тој? Затоа вие сакате во Петроград. Итрец, мене само ми се сони, а тој веднаш сонот го погоди! Токму како тој да ме турка да отпатувам. Тука има две работи и стои едната или другата: или тој се плаши затоа што пак направил некоја глупост, или ... или тој не се плаши, туку само мене ме подбуцнува, за да ги поткажам јас сите нив! Леле, Лебјаткине, тешко е! Ох, внимавај нешто да не промашиш!"

Тој толку се замисли што заборави да наслушува. Впрочем, тешко беше да се наслушнува; вратата беше дебела и од едно парче, а внатре не се зборуваше многу гласно, па она што допираше до него беше неразбирливо. Капетанот плукна, пак излезе од тремот на скалите, замислен, на скалите малку да посвири.

III

Собата на Марија Тимофеевна е двапати поголема од таа на капетанот, а наместена е со иста онаква просто изделкана дрвенарија како и кај него; само масата крај диванот е прекриена со шарена парадна покривка, а на масата свети ламба; целиот под е покриен со мошне убава простирка постелата е одвоена со зелена завеса преку целата соба и, освен тоа, покрај масата има и една голема мека фотелја. Но Марија Тимофеевна, чудно, во неа не седеше. Во аголот стои, како и во поранешниот стан, икона со кандило, а на масата се растурени истите предмети: картите, огледалцето, песнарицата, дури и начната земичка. Покрај тоа, сега имаше и две книшки со слики во боја; едната, извод од популарен патопис направен за деца, а дру-

гата, збирка на полесни, морално поучни и во поголемиот број рицарски раскази, книга од божиќната елка и за институтки. Тука има уште и еден мал албум со разни фотографии.

Марија Тимофеевна секако очекуваше гостин, како што ја подготви капетанот; но кога Николај Всеволодович влезе кај неа во собата, ја затече заспана на отоманот, наполу лежејќи, потпрена на перницата од камилски влакна. Гостинот нечујно ја затвори вратата зад себе и, не мрдајќи од местото, гледаше на заспаната.

Капетанот малку излага кога му рече дека таа направила таолета. Таа беше во истиот темен фустан во кој беше и во неделата кај Варвара Петровна. И косата исто така ѝ беше врзана во малечок кок на тилот; и вратот ѝ е исто онака гол, долг и сув. Црниот шал, подарок од Варвара Петровна, лежеше на отоманот грижливо свиткан. Како и порано, беше невешто набелена и нацрвена. Николај Всеволодович малку постоја, и таа набрзо се разбуди; како да го почувствува неговиот поглед на себе, ги отвори очите и брзо се исправи.

Но, мора и на гостинот да му се случи нешто необично: тој остана стоејќи каде што беше, кај вратата, неподвижно и со проникилив поглед, немо и вкочането, ја гледаше во лицето. Можеби тој поглед беше премногу суров и немил, можеби во него се искажуваше одвратност, дури и зло уживање во нејзиниот страв — освен ако тоа само не ѝ се причини на Марија Тимофеевна онака по сонот; туку одеднаш, скоро по цела минута очекување, на лицето од кутрата жена се покажа вистински ужас, по лицето ѝ прелета грч, кутрата ги поткрена рацете тресејќи ги и одеднаш почна да плаче како преплашено дете; уште само миг и таа ќе заврескаше. Гостинот се освести, лицето за час му се измени и со најпријатна и најнежна насмевка тој пријде кон масата.

— Проштавајте, Марија Тимофеевна, јас со неочекуваното доаѓање ве уплашив во сонот — прозбори тој подавајќи ѝ рака.

Нежните зборови имаа влијание — стравот го онема, иако таа гледаше сè уште страшливо, очигледно напрегнувајќи се нешто да разбере. Страшливо му ја подаде и раката. Најодзади насмевката бојазливо ѝ заигра на усните.

— Добар ден, кнезу, — прошепоти таа и некако чудно се загледа во него.

— Мора нешто лошо да сте сонувале? — продолжи тој насмевнувајќи се попријатно и понежно.

— А од каде знаете вие дека јас го сонував о н а? И таа одеднаш затрепери и пречекори station наназад, поткревајќи ја пред себе раката, како за заштита и подготвувајќи се да заплаче.

— Приберете се, оставете, ве молам! Од што се плашите. Зарем не ме познавате? — ја смируваше Николај Всеволодович, но овојпат долго не можеше да ја смири.

Таа молчејќи гледаше во него, сè уште со онаа мачна недоверба, со тешка мисла во својата кутра глава и со истото она напрегање нешто да смисли. Ту ги симнуваше очите, ту фрлаше на него брз, опфатен поглед. Најпосле, не дека се смири, туку како да се реши на нешто.

— Седете, ве молам, крај мене, да можам потем добро да ве видам — рече таа доста сигурно, со очигледна и некако нова намера. — А сега не плашете се, сега нема да ве гледам, ќе гледам пред себе. Ни вие мене не гледајте ме дотогаш, додека јас не ве замолам. Па седете! — додаде таа нестрпливо. Се гледа дека ново чувство ја обземаше сè повеќе и повеќе.

Николај Всеволодович седна и почека. Настана доста долго молчење.

— Хм! Сето ова ми е чудно — промрмори таа одненадеж, скоро гадливо. — Се разбира, грди соништа ме совладаа; но само да знам зошто ве сонував токму така?

— Ех, да ги оставиме соништата! — нестрпливо рече тој свртувајќи се кон неа, без да мисли за нејзината забрана; а изразот од пред малку можеби пак светна во неговите очи. Забележа дека веќе неколку-

пати ѝ се сакаше, и уште како, да го погледне, но цврсто се опираше и гледаше долу, пред себе.

— Слушајте, кнезу — одеднаш го поткрена таа гласот. — Слушајте, кнезу...

— Зошто сте се свртиле, зошто не ме гледате, зошто е таа комедија? — извика тој изгубувајќи трпение.

Но таа како да не го чу.

— Слушајте, кнезу, повтори таа по третпат, со цврст глас, со израз на непријатност и важност на лицето. — Откако тогаш во колата ми рековте дека бракот ќе биде објавен, јас сум оттогаш уплашена дека ќе сврши тајната. Сега веќе и не знам... се мислев, и убаво гледам дека јас никако не сум за вас. Би умеела убаво да се опремам, би умеела можеби и да примам — но големо чудо да се послужи чаша чај, особено кога има лакеј. Сепак, сепак, кога се гледа отстрана... Тогаш, во неделата, јас во онаа куќа многу набљудував. Онаа убава госпоѓица везден гледаше во мене, за целото време, особено кога влеговте вие. Вие влеговте тогаш, нели? Нејзината мајка, просто смешна старица, од големиот свет, и мојот Лебјаткин се одликуваше; а јас, само во таванот гледав, за да не се насмеам; убаво е насликан тој таван. Но неговата мајка сигурно е игуманија! Од неа се плашам, иако ми го поклони црниот шал. Сигурно сите тие тогаш ме гледаа така како што не се надевале да ме гледаат; јас не се лутам, само мислев тогаш каков род сум им јас ним? Се разбира, од грофицата се бараат само душевни добродетели, зашто, за домаќинските, тука има многу слуги, а се бара уште и некаква светска кокетерија, да умее да ги прими патниците отстрана. Па сепак, сепак, тогаш, во неделата, тие ме гледаа со очај. Единствено Даша е ангел. Многу се плашам поради некое невнимателно мислење за мене да не му стане нешто лошо нему.

— Не плашете се и не вознемирувајте се — рече Николај Всеволодович и ја искриви устата.

— Ништо тоа за мене не значи ако тој поради мене малку и се засрами; зашто тука секогаш ќе има

повеќе жалење, отколку срам, судејќи по човекот, се разбира. А тој знае дека поскоро можам јас да ги жалам нив отколку тие мене.

— Тие вам, Марија Тимофеевна, многу ви згрешиле, како што изгледа?

— Кому? Мене? Не — се насмевна таа простодушно. — Ама ни малку! Јас тогаш сите вас ве набљудував; сите се лутевте, сите се каравте; не знаат луѓето да се состанат и од срце да се насмеат. Толкаво богатство, а толку малку веселост... сè ми дојде гнасно. А сега, за никого не ми е жал, освен за самата себе.

— Чув дека тешко ви било да живеете без мене со братот.

— Кој ви го рекол тоа? Сешто! Сега е многу полошо; сега сонишштата не се убави; а лоши се затоа што допатувавте вие. Зошто се појавивте, тоа се прашувам, кажете, ве молам.

— Дали сакате пак да одите во манастир?

— Да, токму така и насетував... пак тие ќе ми го понудат манастирот! Како да е вашиот манастир некое чудо невидено! И зошто да одам таму и со што да влезам сега? Сега сум наполно сама! Доцна ми е да започнувам и трет живот.

— Вие нешто многу се лутите; да не се плашите дека повеќе не ве сакам?

— За вас јас воопшто не се грижам; ми е страв само да не засакам некого повеќе.

Таа презриво се насмевна.

— Веројатно нему нешто многу сум му згрешила — додаде таа одеднаш, како за себе — само не знам што сум му згрешила, и тоа е мојата вечна горчина. Секогаш тоа па тоа, за сите овие пет години, деноноќно треперев да не сум му згрешила нешто? Му се молам на бога, се молам, а постојано мислам на својата голема вина пред него. И, ете, сега и се покажа дека е тоа вистина.

— А што се покажа?

— Постојано се плашам да не има нешто и од негова страна — продолжи таа не одговорувајќи на прашањето, а не го чу добро. — Не, не, тој не можел да се состанува со такви ситни луѓе! Грофицата на драго срце би ме изела, иако со себе ме зеде во колата. Сите се тие во договор — дали е возможно да е и тој? Зарем тој е предавник? (Ѝ затрепери брадата и усните.) Слушајте, дали сте чуле за Гришка Отрепјев, што е проколнат во седум цркви?

Николај Всеволодович молчеше.

— А сега да се свртам кон вас и да ве гледам — рече таа како да се решила одеднаш. — Свртете се и вие кон мене и погледнете ме, само подолго. Сакам последен пат да се уверам.

— Јас веќе одамна ве гледам.

— Хм! — направи Марија Тимофеевна и добро се загледа во него; — Многу сте се згоиле...

Сакаше да рече уште нешто, но одеднаш, и по третпат, наеднаш ја обзеде пређешниот страв и ѝ го нагрди лицето; таа пак зачекори station, поткревајќи ја пред себе раката.

— Ама што ви е? — извика Николај Всеволодович скоро бесно.

Но нејзиниот страв траеше само еден миг, лицето ѝ се искриви во некоја чудна насмевка, недоверлива, непријатна.

— Ве молам, кнезу, станете и влезете — рече таа одеднаш со цврст глас и без попуштање.

— Како, влезете? Каде да влезам?

— За сите овие пет години јас везден тоа го замислував, — како ќе влезе тој. Станете и излезете таму, во онаа соба. Јас ќе седам како да не очекувам ништо, ќе ја земам в раце книгата, а вие влезете одненадеж, по пет години, од пат. Сакам да видам како ќе биде тоа.

Николај Всеволодович зачкрипи со забите за себе и промрмори нешто неразбирливо.

— Доста, — рече тој и удри со дланката по масата. — Ве молам, Марија Тимофеевна, да ме чуете. Па не сте сосема избезумена! — викна тој со нетрпение.

— Утре ќе го објавам нашиот брак. Никогаш вие нема да живеете во палати, избијте си го тоа од главата. Дали сакате да живеете цел живот со мене, но далеку одовде? Таму, во ридиштата, во Швајцарија, има едно место... Не плашете се, нема јас никогаш да ве оставам, ниту ќе ве дадам во болницата за умоболни. Ќе имам пари колку за да можам да живеам без просење. Ќе имате слугинка; нема ништо да работите. Сè што ќе посакате, а може да се исполни, ќе го имате. Ќе му се молите на бога, ќе одите каде што ви е волја и ќе правите што ви е волја. Јас нема ни да ве допрам. А и јас, додека сум жив, нема да го напуштам своето место. Ако сакате, јас цел живот нема да проговорам сó вас; ако пак сакате, вие како тогаш во Петроград, секоја вечер раскажувајте ми ги своите приказни. Ќе ви читам книги, ако посакате. Но затоа така има да остане цел живот! Секогаш на едно исто место, а местото е мрачно. Дали сакате? Можете да се решите? Нема да се каете, нема да ме раскинувате со солзи, со преколнувања?

Таа го слушаше со најголема љубопитност и долго молчеше и мислеше.

— Сето тоа ми е неверојатно — проговори таа најпосле потсмешливо и презриво. — Така јас, значи, во тие ридишта можев да проживеам и четириесет години.

Таа се насмеа.

— Зошто не и четириесет години, — одговори Николај Всеволодович мошне намуртен.

— Хм!... Нема да појдам по никаква цена.

— Ни со мене?

— А што сте вие па да одам со вас? Четириесет години да се живее крај него, во планините! Види, што изготвил! И колку трпеливи станале денес луѓето, навистина, жими бога! Не, невозможно е соколот да стане був. Мојот кнез не е таков! — ја крена таа главата горделиво и величествено.

Нему тогаш како да му стана нешто јасно.

— Зошто ме наречувате кнез? И... за кого ме сметате мене? — запраша тој.

— Како? Зарем вие не сте кнез?

— Никогаш не сум бил.

— И тоа го велите вие, вие самиот? И така, право в лице, признавате дека не сте кнез.

— Ви велам, никогаш не сум бил.

— Господи! — плесна таа со рацете. — Од неговите непријатели очекував сè, но ваква смелост никогаш! Дали е жив? — извика таа избезумено и се наднесе над него. — Да не си го убил, признај?!

— За кого ме сметаш ти? — скокна тој од местото, нагрден во лицето.

Но сега беше тешко неа да ја уплаши нешто, таа триумфираше.

— Кој те знае кој си ти и од каде дојде! Но моето срце, срцето, низ сите пет години ја чувствуваше интригата! Седам овде и се чудам каква е оваа слепа утка што ми се додворува? Не, гулапче, слаб артист си ти, полош си дури и од Лебјаткин! Поздрави ја грофицата од моја страна и поклони ѝ се подлабоко и речи ѝ да испрати некој подобар од тебе. Таа ли те пазари, зборувај? Те хранела во кујната поради својата добрина и сожалување! Наполно ја гледам целата ваша измама, ве разбирам сите до еден!

Тој цврсто ја фати за раката погоре од лактот, а таа му се смееше в лице.

— Многу, многу личиш на него? Можеби си му и роднина, препреден луѓе! Само, мојот маж е сјаен сокол и кнез, а ти си був и трговче! Мојот, мојот ако сака ќе му се поклони на господа; а ако не сака, нема! А Шатушка (милиот Шатушка!) Шатушка тебе те удри по образот! Мојот Лебјаткин ми раскажа. И зошто тогаш се преплаши и влезе? Кој те исплаши тогаш? Откако го видов твоето подло лице, јас паднав, а ти ме прифати, а мене како црв во срцето да ми влезе — не е тој, помислив, не е тој! Никогаш мојот сокол пред светската госпоѓица не ќе се засрами поради мене, никогаш! О господи! Па јас цели пет години бев среќна токму затоа што мојот сокол негде таму зад планините живее, и лета, и во сонцето гледа... Збо-

рувај, самоповикан, дали си зел многу? Дали се согласи за големи пари? Јас не би ти дала ни грош! Ха-ха-ха!

— Ух, идиотка! — зачкрта тој со забите, сѐ уште цврсто држејќи ја за раката.

— Оди си, самоповикан! — извика таа заповеднички. — Јас сум жена на својот кнез, не се плашам јас од твојот нож!

— Нож!

— Да, нож! Ти имаш нож во џебот! Мислеше дека спијам, а јас видов кога влезе пред малку, и извади нож!

— Што рече, несреќнице, што си видела во сонот! — Крикна тој и со сета сила ја оттурна од себе; таа со главата и плеќите силно се удри од отоманот. Тој јурна да бега, но таа брзо скокна по него, кривејќи и потскокнувајќи, па од вратата, иако преплашениот Лебјаткин со сета сила ја задржуваше уште довикна низ мракот, гласно смеејќи се:

— Гришка Отрепјев, а-на-те-ма!

IV

„Нож, нож!“ повторуваше тој во незадржаната лутина, со крупни чекори газејќи по калта и по барите, не барајќи пат. Навистина, понекогаш, во миг, силно му се посакуваше да се насмее силно, ѕвонливо, бесно, но некако се совладуваше и ја задржуваше смеата. Се освести дури кога беше на мостот, скоро токму онде, каде што пред малку се сретна со Федка; и, еве, истиот тој Федка го чека тука и сега. Штом го здогледа, тој го симна качкетот, весело се насмеа и почна нешто весело и живо да брбори. Николај Всеволодович прво помина и не застанувајќи, дури некое време и не слушајќи го зад себе скитникот. Одеднаш, мислата дека на него сосема заборавил, и тоа заборавил токму тогаш кога секој час во себе повторуваше „нож, нож“, многу го зачуди. Тој го вчепка скитникот за врат, па со сета насобрана лошотија во себе силно го

тресна на мостот. Скитникот за момент помисли на борба, но скоро во истиот миг се сети дека е тој пред својот противник, кој го нападна одненадеж, како сламка, па набрзо се смири и замолчи и не се противеше ни малку. Клечејќи, кутнат на земјата, со лакти свртени спрема грбот, итриот скитник мирно го чекаше расплетот и, како што се чинеше, не веруваше во опасност. И не се излага. Николај Всеволодович, кој со левата рака веќе го симнуваше од себе топлиот тесен шал за да му ги врзе на својот заробеник рацете, одеднаш, поради нешто, го пушти скитникот и го оттурна од себе. Овој веднаш скокна на нозе, се сврти и кус, широк чевларски нож, што за миг однекаде го извлече, светна во неговата рака.

— Долу ножот, засолни го, засолни го веднаш! — нареди Николај Всеволодович со нетрпеливо движење и ножот го снема исто онака брзо, како што се покажа.

Николај Всеволодович тргна по својот пат, молчејќи и не обѕирајќи се; но тврдоглавиот никаквец уште не го оставаше навистина, сега веќе не брбореше, и скоро со полна почит внимаваше да го одржи растојанието на цел чекор зад него. Двајцата така го преминаа мостот и се најдоа на брегот; тука Ставрогин сврти лево, во истата онаа долга и пуста споредна улица по која патот до центарот на градот е покус отколку по улицата „Водици", по која што дојде.

— Дали е вистина што се зборува дека деновиве овде негде во околијата си крадел во некоја црква? — запраша Николај Всеволодович неочекувано.

— Јас, т.е. зборувајќи ја вистината, во почетокот влегов да му се помолам на бога — одговори скитникот сериозно и учтиво, како ништо да не било, и не само сериозно тукускорои достоинствено. Ни спомен од пређешната „другарска" интимност. Сега тој беше човек употреблив и сериозен, кој иако за нешто навреден, сепак умееше навредата и да ја заборави.

— А бидејќи господ таму ме упати — продолжи тој — ех, си мислам во себе, благодет од небо! Таа работа ми се случи мене поради сиромаштијата моја, зашто нам ни е судено да не можеме да живееме без поткрепа. И така, господару, верувајте, на своја штета

ме крадеше господ за моите гревови — за кадалницата, па за петолебницата, па за вкрстениот појас на ѓаконот — добив сенасе дванаесет рубли. Брадата на Николај Угодник, чисто сребро, отиде бадијала: велат, лажна е.

— Стражарот си го заклал?

— Тоест, ние двајцата, јас и стражарот, заедно сè исчистивме, па потем, пред зора, на потокот, помеѓу нас дојде до караница кој да ги носи вреќите. Згрешив, малку му... олеснав...

— Уште убивај, уште кради.

— Истото тоа, од збор до збор, исто како вас, ми го советува и Петар Степанович, зашто тој е човек посебно тврд и бездушен, што се однесува до потпомагањето. Тој исто така во Творецот Небесен, кој нас од прашина не создаде, нема вера ни колку за скршена пара, туку, вели, сето само природата го создала, сè до последното ѕвере, нему, освен тоа, не му влегува в глава дека ние, по нашата судбина, без таа добротворна потпора никако не ќе можеше да се одржиме. Ако почнеш да му толкуваш, тој гледа како добиче во бара, само човек да му се чуди, ене, таму, кај капетанот Лебјаткин, кого токму сега повеливте да го посетите, е, кај нив, не знам дали ќе верувате, господару, уште додека тие, пред да ги сместите вие овде, живееја кај Филипов, кај нив, понекогаш, вратите стојат широко отворени цела ноќ, а тој спие мртов пијан, а парите од секој џеб му се истураат по подот. Со своите очи можев тоа да го видам затоа што, спрема нашиот промет, да се опстане без потпора, господине, тоа никако не може...

— Како со своите очи? Веројатно си доаѓал ноќе?

— Може и да сум доаѓал, само тоа никој не го знае.

— Зошто не си го убил?

— Кога пресметав, се вразумив. Затоа што кога еднаш навистина сфатив дека една и пол стотка рубли можам секогаш да извлечам, тогаш зошто јас да се впуштам во она, кога можам цела илјада и пол да извлечам, само ако причекам малку. Капетанот Лебјат-

кин (со своите уши слушав) секогаш се надеваш многу на вас ако е пијан и нема овде таква крчма, па ни најлош бурдел, каде што тоа не го зборувал, токму вака како што јас сега вам ви кажувам. Па кога од разни усти за тоа се наслушав, тогаш и јас почнав целата надеж да ја имам во вашата светлост. Јас сето ова, господару, спрема вас, како спрема татко или роден брат, што Петар Степанович никогаш ова не би го дознал од мене, и никоја друга жива душа. И така, ваша светлост, ќе се смилувате да ми ги дадете оние три рубли... или не сакате? Разрешете ми мене, господару, тоест, значи, јас да ја дознаам целата вистина, затоа што ние никако не можеме да живееме без поткрепа.

Николај Всеволодович фати да се смее, го извади од џебот портмонето со некои педесет рубли во ситни банкноти, од тоа купче му фрли една, потем друга, па трета, четврта. Фетка ги фаќаше во воздухот — трчајќи ваму — таму, банкнотите се растураа по калта, и Фетка ги фаќаше и подвикнуваше — „Их, их!" Најпосле, Николај Всеволодович го фрли на него целиот куп и смеејќи се постојано тргна по уличката, но сега веќе сам. Скитникот влечкајќи се по колениці низ калта остана да ги бара банкнотите кои на ветрот се разлетаа и испопаѓаа во барите; цел час можеше низ мракот да се слушнат неговите отсечни извикнувања „Их, их!"

ТРЕТА ГЛАВА

ДУЕЛ

I

Утредента, во два попладне, закажаниот дуел беше одржан. Силната желба на Артемиј Павлович Гаганов по секоја цена да се тепа помогна дуелот да се изврши. Однесувањето на својот противник тој не го разбра и беше бесен. Веќе цел месец тој го навредува Ставрогин, непречено го навредува, и никако да го извади од трпение. Нему му беше потребно Николај Всеволодович него да го предизвика, зашто самиот тој немаше непосредна причина за предизвик. А се срамеше да ги признае своите скриени побуди што ќе рече, просто болната омраза спрема Ставрогин поради навредата што пред четири години му ја направи на семејството Гаганов. Таа причина ја сметаше невозможна, особено со оглед на оние покорни извинувања што Николај Всеволодович веќе двапати му ги понуди. Во себе мислеше дека неговиот противник е срамен страшливец; не можеше да сфати како го издржал ударот на Шатов; така најпосле се реши да му го испрати она со својата грубост необично писмо кое, најодзади, го натера Николај Всеволодович да бара судир.

Откако го испрати пред еден ден она писмо и со трескава нестрпливост го очекуваше повикувањето на дуел, болно пресметувајќи ги изгледите за успех, ту во надеж, ту во очај — тој, за секој случај, уште вечерта се погрижи за сведок; тоа беше Маврикиј Николаевич Дроздов, негов пријател и школски другар, и човек кого многу го почитуваше.

И така Кирилов, кој другиот ден во девет изутрина се јави со добиениот налог, наиде на сосема подготвено земјиште. Сите објаснувања и сите нечуени отстапки на Николај Всеволодович беа одбиени веднаш, од првиот збор, и со необична лутина. Маврикиј Николаевич кој дури спроти дуелот се запозна со текот на нештата, зина од чудо на толку нечуени предлози; и сакаше да поработи на помирувањето; но кога забележа дека Артемиј Павлович, насетувајќи ја неговата намера, скоро се скамени на својот стол, замолчи и не рече ништо. Да не му дадеше збор на другарот, веднаш ќе си отидеше; му остана уште единствената надеж дека при крајот можеби ќе може нешто да стори. Кирилов го пренесе предизвикот; сите услови за судирот што ги означи Ставрогин прифатени се веднаш, дословно; без најмала забелешка. Направен е само еден додаток, впрочем, мошне суров; имено, ако со првите куршуми судирот не биде решен, ќе се пука вторпат; а ако ни тогаш не биде сè готово, ќе се пука и по третпат. Кирилов се намурти, малку се нагаѓаше околу третиот пат, но кога не се погоди, тој се согласи и со тоа, но така што да може да се пука трипати, но четврти пат никако не. Со тоа се согласија.

И така, во два попладне, се состанаа во Бриково; тоа е мала шума под ридот, помеѓу Скворешники, од една страна, и фабриката на Шпигулини, од друга. Вчерашниот дожд сосема престана, но беше водено, влажно, ветровито. Ниски, матни, искинати облаци брзо прелетуваа по студеното небо; дрвата на врвовите бучеа длабоко и подмолно, стеблата чкртаа; утрото беше мошне мрачно.

Гаганов и Маврикиј Николаевич дојдоа на одреденото место во убава кола со два коња, со кои управуваше Артемиј Павлович; со нив имаше и еден слуга. Скоро во истиот момент стаса и Николај Всеволодович со Кирилов, но не во кола, туку на коњ; и тие со слуга, кој, исто така, јаваше. Кирилов, кој никогаш не седел на коњ, се држеше во седлото смело и право, со десната рака ја придржуваше тешката кутија со пиштолите (не сакаше да му ја даде на слугата), а со левата, поради несмасноста, постојано ги затегнуваше

и ги тргаше уздите, па коњот постојано мавташе со главата и покажуваше желба да се исправи на задните нозе што, впрочем, јавачот ни малку не го плашеше. Гаганов, недоверлив човек, кој секоја навреда ја чувствува нагло и длабоко, сметаше дека таквото доаѓање, на коњи, е нова навреда, зашто тоа значи дека непријателите премногу веруваат во својот успех кога не мислеле дека колата можеби ќе им треба за раненик. Тој слезе од својата кола, целиот жолт од лутина, и почувствува дека му треперат рацете, што веднаш му го соопшти и на Маврикиј Николаевич. На поздравниот поклон од Николај Всеволодович никако не одговори, туку го сврти грбот.

Сведоците фрлија коцка — испадна да се пука со пиштолите на Кирилов. Го одмерија растојанието, ги упатија противниците секој на своја страна; а колата и коњите со слугите ги пратија на триста чекори назад. Го наполнија оружјето и им го дадоа на противниците.

Ми е жал дека раскажувањето морам да го забрзам и дека немам кога да опишувам; сепак, не е возможно да се мине без секакви забелешки. Маврикиј Николаевич беше тажен и загрижен. Кирилов сосема мирен и рамнодушен, во должноста што ја прими мошне точен, до ситници, но без и најмала забрзаност, и скоро без секаква љубопитност за судбоносниот и близок настан. Николај Всеволодович беше поблед од обично, зашто беше доста лесно облечен, со наметка и со бела шапка од кастор. Изгледаше мошне уморен, понекогаш се мурташе, никако не сметајќи дека треба да го крие своето непријатно расположение. Артемиј Павлович во овој момент повеќе од другите го свртуваше вниманието на себе, така што не можам за него да не прозборам неколку збора посебно.

II

Досега немавме можност да напомнеме како изгледа тој. Тој беше човек со висок раст и, како што вели простиот народ, бел и сит, скоро згоен, со ретка из-

белена коса, стар триесет и три години, можеби дури со убави црти на лицето. Како полковник поднесе оставка, а да дослужеше до генералски чин, како генерал ќе беше уште поимпозантен; и веројатно ќе беше мошне добар воен генерал.

Поради карактеристиката на неговата личност треба да се одбележи дека главната причина на неговата оставка беше неговата мисла (која долго и го мачеше и го прогонуваше) на семејната срамота по навредата направена на неговиот татко, пред четири години во клубот, од страна на Николај Ставрогин. По својата совест, сметаше дека не е чесно и натаму да служи и беше уверен дека со себе го валка и полкот и другарите, иако никој од овие и не знаеше за она што стана со неговиот татко. Навистина, тој и порано еднаш сакаше да ја остави службата, одамна, многу пред навредата, и од сосема други причини; но се колебаше. Ќе звучи чудно, но таа прва причина, или подобро да се рече поводот за мислата на оставка, беше манифестот од 19 февруари за ослободувањето на селаните. Артемиј Павлович, најбогат поседник во нашата губернија, не изгуби многу по манифестот; освен тоа, тој и самиот ја гледаше хуманоста на таа мерка и скоро ги разбра економските користи од неа; но кога беше објавен манифестот, тој одеднаш се почувствува некако лично навреден од него. Тоа беше нешто несвесно, некое посебно чувство, но дотолку посилно колку што беше небарано. Пред смртта на таткото, впрочем, не се осмелуваше нешто решително да преземе; но во Петроград, кај многу угледни личности со кои грижливо одржуваше врски, стана познат по своето „благородно“ мислење. Инаку, тој беше човек што се вовлекуваше во себе, се затвораше. Уште една негова особина: беше од оние чудни благородници (кои уште ги има во Русија) кои необично многу држат до традицијата и до чистотата на своето благородничко потекло и тоа премногу сериозно ги интересира. Но паралелно со тоа, тој не можеше да ја трпи руската историја, а руските обичаи во по нешто ги сметаше за гадост. Уште во детството, додека беше во онаа посебна воена школа за поугледни и побогати пи-

томци, во која и тој ја имаше честа да го почне и да го заврши своето образование, уште тогаш во него се закоренија некои поетски погледи и вкусови. — Му се допаѓаа замоци, средновековниот живот и целиот негов оперски дел, рицарството; уште тогаш за малку што не плачеше од срам дека руските болјар од времето на московското царство царот можел да го осуди на телесна казна; и црвенееше споредувајќи го тоа со правата кај другите народи. Тој крут, необично строг човек, кој својата служба, за чудо, добро ја познаваше и така ја извршуваше својата должност, во душата беше мечтател. Некои тврдеа дека знаел да зборува на собири, дека имал ораторска дарба; сепак, тој своите триесет и три години ги измолчи во себе. Дури и во високото Петроградско општество, во кое се движеше последното време, се држеше необично гордо.

Средбата во Петроград со Николај Всеволодович кој се беше вратил од странство, за малку што не му го одзеде умот. И сега, во овој момент, стоејќи на бариерата, беше силно вознемирен. Сè му се чинеше дека работата некако уште нема да заврши; најмалото колебање и пропуштање му создаваше трепет. На неговото лице се оцртуваше болен впечаток кога Кирилов, наместо да даде знак за пукање, одеднаш, ако е за вистината само поради редот, рече сите да слушнат:

— Колку за форма, следново: сега, кога пиштолите се веќе во рацете и треба да се командува, дали е по волја, последен пат, да се смирите? Должност на сведокот.

Како нарочно, Маврикиј Николаевич, кој дотогаш молчеше, но од вчера во себе страдаше поради својата попустливост и одобрување во овој настан — сега одеднаш го прифати мислењето на Кирилов и рече:

— Наполно го прифаќам предлогот на господин Кирилов, мислата дека е невозможно смирување на бариерата добро е за Французите... А јас и не ја разбирам таа навреда... ваша волја, јас одамна сакав да... зашто, знаеме, понудено е секакво извинување, не е ли така?

Тој целиот поцрвени. Ретко се случуваше тој вака многу да зборува и со олкава возбуда.

— Јас повторно ја потврдувам својата изјава дека ќе дадам секакво возможно извинување — со необична вознемиреност прифати Николај Всеволодович.

— Зарем тоа е возможно? — извика Гаганов зборувајќи му на Маврикиј Николаевич и од бес тропна со ногата. — Ако сте сведок, а не мој непријател, Маврикиј Николаевич, вие објаснете му на тој човек (тој со пиштолот покажа во насока на Николај Всеволодович) дека таквите отстапки само ја засилуваат навредата! Тој мисли дека е невозможно јас него да го навредам! Тој мисли дека не е срамота ако од бариерата се засолни пред мене! Но, тогаш прашувај: за кого ме смета тој мене, кој сум јас за него, во вашите очи... а вие уште сте мој сведок! Вие мене само ме лутите да не стрелам добро!

Тој пак тропна со нозете; пена му прскаше од усните.

— Преговорите се завршени. Молам, слушајте ја командата! — извика Кирилов со сета сила. — Еден! Два! Три!

На три, противниците се упатија еден кон друг. Гаганов веднаш го крена пиштолот и на петтиот — шестиот чекор пукна. Застана за момент, па уверувајќи се дека промашил, пак тргна и брзо ѝ прејде на бариерата. Пријде и Николај Всеволодович, го крена пиштолот, но некако премногу високо, и пукна скоро ни малку не одмерувајќи ја целта. Потем извади шамија и со неа го завитка малиот прст од десната рака. Дури сега се виде дека Артемиј Павлович не промашил сосема, но куршумот само го чпарнал местото на прстот, до коската не допрел, што значи дека направил малечка гребаница. Кирилов веднаш објави дека дуелот продолжува ако противниците не се задоволни.

— Јас изјавувам — рече Гаганов зарипнато (грлото му беше исушено) и пак се сврти накај Маврикиј Николаевич — дека овој човек (тој пак го насочи пиштолот спрема Ставрогин) намерно пукаше во воздух... намерно... Тоа пак е навреда. Тој сака дуелот да го оневозможи!

— Имам право да пукам како што сакам, само ако го правам тоа по правилата — изјави Николај Всеволодович решително.

— Не, нема! Објаснете му, објаснете! — викаше Гаганов.

— Јас наполно се сложувам со мислењето на Николај Всеволодович — изјави Кирилов.

— Зошто тој ме штеди? — со јарост викна Гаганов не слушајќи го Кирилов. — Јас ја презирам неговата поштеда... Јас плукам... Јас...

— Ви давам збор, господине, дека не сакам да ве навредувам — рече Николај Всеволодович; — пукав пругоре, зашто не сакам повеќе никого да убивам; а дали вас, или некој друг, тоа вам не ви е грижа. Вистина е, јас не сметам дека сум навреден, и ми е жал дека тоа вас ве лути. Но никому не му допуштам да се меша во моите права.

— Кога толку се плаши од крв, тогаш прашајте го зошто ме предизвикал? — викаше Гаганов упатувајќи го прашањето пак преку Маврикиј Николаевич.

— А како да не ве предизвика? — презеде Кирилов. — Вие не сакавте да чуете за ништо, па тогаш како да се ослободи од вас!

— Забележувам само едно — изусти Маврикиј Николаевич, кој со напор и со страдање ја разгледа работата во себе — ако противникот навреме изјави дека ќе пука во воздух, дуелот, навистина, не може да продолжи... од причини деликатни, и јасни...

— Јас не изјавив дека секој пат ќе пукам високо! — извика Ставрогин сосема изгубувајќи трпение. — Вие никако не знаете што мислам јас и како ќе пукам сега повторно... Јас дуелот со ништо не го спречувам.

— Кога е така, судирот може да продолжи — му рече Маврикиј Николаевич на Гаганов.

— Господа, заземете ги своите места! — командуваше Кирилов.

Пак напред, пак промашување на Гаганов и пак куршумот на Ставрогин пругоре. За тоа пукање угоре впрочем, можеше малку и да се спори: Николај Всеволодович можеше да тврди дека тој пука како што

треба, во противникот, ако не признаеше сам дека намерно промашува. Тој пиштолот не го вперуваше право во небото, или во некое дрво, туку така како да има намера да пука право во противникот, иако одмеруваше за цел аршин над неговата паларија.

Во второто пукање метата беше сепак нешто пониска, значи, уште поверојатно; но уверувањето на Гаганов веќе не можеше да се разбие.

— Пак! — зачкрта тој со забите. — Сеедно! Јас сум предизвикан и се користам со своето право. Сакам да пукам и третпат... по секоја цена...

— Наполно имате право — отсече Кирилов.

Маврикиј Николаевич не рече ништо. Ги раздели ја и командуваа трет пат; Гаганов сега пријде до самата бариера и тука, на дванаесет чекори, почна да ја одмерува метата. Рацете премногу му треперееа за точно и правилно пукање. Ставрогин стоеше со пиштолот спуштен надолу и неподвижно го чекаше истрелот.

— Премногу долго одмерување, премногу! — викна Кирилов бурно. — Пукајте! Пукајте!

Истрелот одекна и овојпат белата паларија од даброви влакна летна од главата на Николај Всеволодович. Истрелот беше точен; темето на шапката беше пробено доста ниско; четвртина палец подолу и сè ќе беше свршено. Кирилов ја зеде паларијата и му ја предаде на Николај Всеволодович.

— Пукајте, не дразнете го противникот! — викна Маврикиј Николаевич необично возбуден гледајќи небаре Ставрогин заборавил да пука и со Кирилов ја разгледува својата шапка.

Ставрогин потрепери, погледна во Гаганов, се сврти и сега веќе без секакви обѕири пукна во шумата, по ветар. Дуелот беше свршен. Гаганов стоеше како згмечен. Маврикиј Николаевич му пријде и почна нешто да му зборува, но тој како да не го разбираше. Кирилов, заминувајќи, ја симна шапката и му мавна со главата на Маврикиј Николаевич; а Ставрогин заборави за својата прегешна учтивост и откако пукна

по ветар, веќе не се ни сврти кон бариерата, туку му го тутна својот пиштол в раце на Кирилов и брзо се упати кон коњите.

На лицето му се гледаше лутина, молчеше. Молчеше и Кирилов. Седнаа на коњите и брзо ги снема.

III

— Што молчите? — му довикна тој на Кирилов нестрпливо кога беа веќе близу до куќата.

— Што сакате? — одговори овој со прашање и за малку ќе паднеше од коњот што се исправи.

Ставрогин се совлада.

— Јас не сакав да го навредувам тој ... лудак, па сепак го навредив — рече тој полека.

— Да, пак го навредивме, — отсече Кирилов — а, освен тоа, тој не е лудак.

— Сепак, направив сè што можев.

— Не.

— А што требаше да се прави?

— Не требаше да се предизвикува.

— Туку, да се поднесе уште еден удар по лицето?

— Да, да се поднесе и удар.

— Почнувам ништо да не разбирам! — зловолно рече Ставрогин. — Од каде тоа сите од мене да очекуваат нешто што од другите не го бараат? Зошто јас да го поднесувам она што никој друг не може да го поднесе, а ми се наметнува товар кој никој не може да го поднесе?

— Мислев дека вие самиот барате бреме.

— Јас барам бреме?

— Да.

— Вие сте го виделе тоа?

— Да.

— Зарем тоа толку се гледа?

— Да.

Замолчија. Ставрогин изгледаше загрижен, скоро преплашен.

— Не гаѓав зашто не сакав да убијам и ништо повеќе, ве уверувам — рече тој вознемирено како да се правда.

— Не требаше да навредувате.

— А што требаше да правам?

— Да убиете.

— Ви е жал дека не го убив?

— Јас ништо не жалам. Мислев, сакавте навистина да го убиете. Не знаете што сакате.

— Барам бреме — се насмеа Ставрогин.

— Вие не сакавте крв, а зошто го пуштивте него да ве убие?

— Да не го предизвикав, тој ќе ме убиеше и без тоа, без дуел.

— Не е ваша работа. Можеби и не ќе ве убиеше.

— Туку само ќе доведеше докрај?

— Не е ваша работа. Носете го бремето. Инаку нема заслуга.

— Ја презирам јас таа ваша заслуга; не ја барам од никого!

— Мислев дека ја баравте — заврши Кирилов страшно ладнокрвно.

Влегоа во дворот.

— Сакате кај мене? — понуди Николај Ставрогин.

— Не, си одам дома; збогум.

Тој се симна од коњот и ја зеде својата кутија под мишка.

— Барем вие не ми се лутите мене? — му ја подаде раката Ставрогин.

— Ни малку! — се врати Кирилов да му ја стегне победената рака. — Дека моето бреме е лесно, тоа е по природа; а вашето, веројатно, потешко затоа што сте такви по природа. Поради тоа човек не треба многу да се срами, само малку.

— Јас знам дека сум безначаен карактер, но јас и не се туркам меѓу силните.

— И не туркајте се, вие не сте силен човек. Дојдете на чај.

Николај Всеволодович влезе во куќата силно снеможен.

IV

Веднаш дозна од Алексеј Јегорович дека Варвара Петровна е мошне задоволна што излегол — прво излегување по осумдневното боледување — што излегол на прошетка и наредила да се спреми колата, па и таа излегла по примерот на поранешните денови, малку да се надише чист воздух, зашто веќе осум дена како заборавила што значи да се дише чист воздух.

— Дали отиде сама или со Дарја Павловна? — го прекина Николај Всеволодович со брзо прашање и силно се намурти слушнувајќи дека Дарја Павловна поради слабост се откажала да ја следи, и сега е во своите соби.

— Слушај, стари — рече Ставрогин како одненадеж решен — внимавај на неа цел ден денес и, ако забележиш дека доаѓа кај мене, веднаш задржи ја и речи ѝ дека не можам да ја примам барем за неколку дена... дека јас, кога ќе биде време, сам ќе ја замолам... кога ќе биде време, ќе ја викнам јас лично... дали ме чу?

— Ќе речам, молам — одговори Алексеј Јегорович со тага во гласот и ги ведна очите.

— Но не пред да видиш добро дека тргнала кај мене.

— Молам, не треба да се грижите, нема да згрешам. Посетите и досега одеа преку мене; секогаш е барано моето посредување.

— Знам. Сепак, не пред да тргне таа самата. Донеси ми чај и, ако можеш, што побрзо.

Само што излезе старецот, скоро во истиот момент се отвори истата врата и на прагот се појави Дарја Павловна. Погледот ѝ беше мирен, но лицето бледо.

— Од каде вие? — извика Ставрогин.

— Стоев, ете, тука и чекав додека излезе тој, па да влезам. Чув што му наредивте и додека тој излегуваше, се скрив зад аголот десно, па не забележа.

— Одамна сакав со вас да раскинам, Даша... додека... и уште е време. Сношти, иако ми испративте

писменце, не можев да ве примам. Сакав да ви пишам, но јас не умеам да пишувам — додаде тој налутено, дури и како со гадење.

— И јас мислев дека треба да се прекине. Варвара Петровна силно се сомнева во нашите односи.

— Па што.

— Не треба таа да се фрла во грижи... И останува ли сега така докрај?

— Вие постојано и неминовно го чекате крајот?

— Да, уверена сум дека крајот ќе дојде.

— Ништо на светот не завршува.

— Овде ќе биде свршувањето. А тогаш повикајте ме, и јас ќе дојдам. Сега збогум.

— А како ќе биде свршувањето? — се насмевна Николај Всеволодович.

— Не сте ранет? И... не пролеавте крв? — запраша таа не одговарајќи на неговото прашање.

— Беше глупо: никого не удрив, не плашете се. Впрочем, вие за сè ќе чуете уште денес од сите. Мене нешто не ми е добро.

— Одам, одам. Денес, значи, нема да се објави вашиот брак? — додаде таа нерешително.

— Денес не; утре, не; другиден, не знам, можеби сите ќе изумреме, и толку подобро. Оставете ме, ве молам, оставете ме, најпосле.

— Нема секако да ја упропастите онаа другата... полулудата?

— Полулудата нема, ни онаа, ни која и да е друга; но разумната, како што изгледа, ќе ја упропастам; јас сум низок и гаден, Даша, така што вас, ми се чини, навистина ќе ве побарам „на крајот од краиштата“, како што велите вие, а вие, без оглед на својот разум ќе дојдете. Зошто вие самата се убивате?

— Јас знам дека на крајот од краиштата единствена ќе останам со вас и... јас го чекам тоа.

— А ако јас, на крајот од краиштата, не ве повикам, туку ако побегнам од вас?

— Тоа не може да биде, ќе ме викнете вие мене.

— Тука има многу презир спрема мене.

— Не само презир, вие знаете.

— Значи, сепак, презирање?

— Јас не реков така. Господ е сведок, многу би сакала никогаш да не ви бидам потребна.

— Една фраза тепа друга. И јас, исто така, не би сакал да ве упропастам.

— Никогаш, со ништо вие мене не можете да ме упропастите, вие тоа самиот го знаете подобро од секого — одговори Дарја вознемирено и со решителност. Ако не бидам кај вас, ќе бидам милосрдна сестра, ќе бидам чуварка, ќе гледам болни, или ќе бидам книгоносец, ќе го продавам Евангелието. Така решив. Јас не можам да бидам ничија жена, ниту можам да живеам во куќа како што е оваа. Тоа не го сакам... Вие знаете сè.

— Не, јас никогаш не можев да дознаам што сакате вие; мене ми се чини дека вие за мене се интересиравте, како што оставените чуварки, по нешто, се интересираат за еден болен отколку за друг, или, уште подобро, како што некои богомолки старици, тетеравејќи се од поглед до поглед, некои покојници ги претпоставуваат како поубави од другите. Зошто ме гледате толку чудно?

— Дали сте вие многу болен? — запраша таа бојажливо и некако особено се загледа во него. — Господи! И овој човек сака да постои без мене!

— Слушајте, Даша, јас сега постојано гледам привидување. Сношти, на мостот, еден мал сатана ми се нудеше да ги убие Лебјаткин и Марија Тимофеевна, за да се ослободам од својот законски брак, и тоа така што на сè да му се изгуби трагата! Како гаранција бараше три рубли во сребро, но јасно навести дека целата операција ќе чини не помалку од една и пол илјада рубли. Богами, тој ѓавол добро смета! Книговодител! Ха-ха!

— А вие сте тврдо уверен дека тоа било привидување?

— О, не, никакво привидување! Тоа просто беше Фетка Робијашот, разбојник, бегалец од робија. Но не е работата во тоа; туку што мислите вие што направив? Му ги дадов сите свои пари од портмонето, и тој сега е наполно уверен дека сум му дал капар!

— Вие сте го сретнале сношти, и тој ви направил таква понуда? А зар не гледате тие сегде околу вас распнале мрежи!

— Остави ги. Туку, јас вам да ви речам: вам ве обзело едно прашање, тоа го гледам по вашите очи — додаде тој со зла и лута насмевка.

Даша се исплаши.

— Ниту има некое прашање, ниту има некое сомневање, подобро ќе биде да молчите! — извика таа со страв како да се брани од прашања.

— Значи, вие сте уверена дека јас нема да појдам кај Фетка во крчмата?

— О, господи! — плесна таа со рацете — зошто толку ме мачите!

— Тогаш, простете ми ја глупата шега; веројатно од нив примам лоши манири. Знаете, од сношти имам страшна волја да се смеам, постојано да се смеам, непрестајно, долго, многу... Едноставно сум заразен од смеа... Пст! Доаѓа мајка ми; познавам по тоа како застана колата пред куќата.

Даша го фати за раката.

— Господ нека ве зачува од вашиот демон и... повикајте ме, повикајте ме што побрзо!

— О, каков мој демон! Тоа е просто мало, гадно, скрофулозно ѓаволче со пијавица, од оние што не успеале. А вие, Даша, вие не смеете нешто да кажете?

Таа го погледна болно и прекорно, па се упати кон вратата.

— Слушајте! — извика тој по неа со пакосна насмевка.

— Ако... ако, е па со еден збор, ако... дали разбирате, значи, ако појдам во онаа крчма... и ако потоа ве повикам, дали ќе дојдете, и по крчмата?

Таа го покри лицето со рацете и излезе, а не се сврти ниту му одговори.

— Ќе дојде и по крчмата! — прошепоти тој размислувајќи малку и гадливо презирање се оцрта на неговото лице; — чуварка! Хм!... Впрочем, мене, можеби, токму тоа и ми треба!

СИТЕ ОЧЕКУВААТ

I

Впечатокот што дуелот го направи на нашето општество (а за дуелот брзо се расчу) беше мошне значаен по еднодушноста со која што сите побрзаа без секакви оградувања да се изјаснат за Николај Всеволодович. Многу од неговите тогашни непријатели решително рекоа дека се негови пријатели. Главната причина за вакво неочекувано пресвртување во општественото мислење лежеше во неколкуте зборови на една личност која дотогаш ништо не зборуваше, зборови гласни и мошне згодни, кои наеднаш на целиот настан му дадоа значење што необично го заинтересира големото мнозинство кај нас. Тоа се случи вака.

Веднаш другиот ден по настанот жената на предводникот на благородниците од нашата губернија го славеше својот имениден, па кај неа се беше собрал целиот град. Тука беше, или, поточно, тука имаше првенство Јулија Михајловна; а беше дојдена со Лизавета Николаевна, која блескаше во полниот сјај на својата убавина и посебната веселост, што на многу наши госпоѓи, тогаш, им се стори веднаш посебно сомнително. Овде треба да речам дека за нејзината свршувачка со Маврикиј Николаевич веќе не можеше да има никакво сомневање. На шегаџиското прашање од еден пензиониран но важен генерал, за кој уште ќе стане збор, самата Елизавета Николаевна таа вечер отворено одговори дека е свршена. Но, што мислите —

апсолутно ниедна од нашите госпоѓи не сакаше да верува во тоа. Сите тие и натаму тврдоглаво веруваа во некаков роман, некаква судбоносна семејна тајна што се одиграла во Швајцарија, но од некаде, неминовно со учество на Јулија Михајловна.

Тешко е да се рече од каде толку упорно се одржуваа тие гласови или подобро речено, тие вообразувања, и зошто токму Јулија Михајловна во тоа ја сплеткуваа. Но, само што влезе таа во салата, сите ја погледнаа со необични погледи, преполни со очекување. Исто така, треба да се рече — поради неодамнешниот дуел и некои околности што го следеа, за него вечерва не се зборуваше гласно, само со претпазливост. Освен тоа, уште ништо не се знаеше за држењето на власта. Дуелантите, колку што е познато, не беа вознемирувани. Сите знаеја, на пример, дека Артемиј Павлович рано изутрината отишол на својот имот, во Духово, без секакви пречки.

Се разбира, сите нестрпливо чекаа некој прв гласно да земе збор, па со тоа да ја отвори вратата пред нестрпливоста на општеството; се надеваа посебно во споменатиот генерал и не се излагаа.

Овој генерал, еден од најугледните членови на нашиот клуб, не многу имотен поседник, но со посебен и едноставен начин на мислење, старомоден умилкувач на госпоѓиците — посебно сакаше, помеѓу другото, во големо друштво да почне разговор гласно, со генералска важност, и токму за она за што сите уште разговараат со претпазливо шепотење. Може да се рече дека тоа изгледаше како негова посебна улога во нашето општество. При тоа тој нарочно ги развлекуваше зборовите и слатко ги изговараше; а таа навика, веројатно, ја позајмил од Русите што патуваат во странство, или од оние некогаш богати поседници што ослободувањето на селаните најсилно ги разори. Степан Трофимович еднаш рече: колку што поседникот полошо поминал, толку зборовите послатко ги врцка и ги развлечува, впрочем, и тој зборовите слатко ги развлекуваше и ги врцкаше но тоа не го забележуваше.

Генералот почна како човек познавач. Освен што беше далечен род со Артемиј Павлович (иако скарани и на парница), тој, покрај тоа, некогаш и самиот имал два дуели; дури, поради еден од нив бил истеран на Кавказ како прост војник.

Некој ја спомна Варвара Петровна, да, еве, веќе втор ден излегува „по болеста", поправо не ја спомна неа, туку нејзината прекрасна четворна запрега од сопствената коњушница на Ставрогини. Генералот веднаш додаде дека денес го сретнал „младиот Ставрогин" на коњ. Веднаш сите замолчија. Генералот цмокна со усните, и вртејќи ја меѓу прстите подарената, убава златна табакера, објави:

— Ми е жал дека не бев овде пред неколку години... Сакам да кажам, бев во Карлсбад... Хм. Многу ме интересира тој момчак, за кого тогаш затеков многу севозможни разговори. Хм. А, ова, дали е вистина дека е тој умствено растроен? Некој нешто рече тогаш. Сега пак слушам дека овде некаков студент го навредил пред неговата роднина, а тој се скрил од него под масата. А вчера слушам, од Степан Трофимович, дека Ставрогин се тепал со тој... Гаганов. И тоа единствено со галантната намера своето чело да го подметне под цевката на манијакот, само да се ослободи од него. Хм. Тоа е по стилот на гардата од дваесеттите години... Дали доаѓа тој кај некого овде?

Генералот замолчи, како да чека одговор. Вратата пред општествената нестрпливост беше отворена.

— А што има попросто од тоа? — одеднаш малку посилно се издвои гласот на Јулија Михајловна, вознемирена поради тоа што сите одеднаш како по команда, ги свртија погледите кон неа. — Зарем е чудно дека Ставрогин се тепал со Гаганов, а дека не му платил на студентот! Не можел белки својот некогашен роб да го повика на дуел!

Значајни зборови! Просто и здраво објаснување, па сепак, уште никому досега не му беше паднало на ум. Поради тоа тие зборови имаа необични последици. Сè ситно и анегдотско сите скандалозности и плеткања, сето тоа одеднаш отиде во позадина; се истакна

нешто друго. Одеднаш се објави нов човек, личност на која сите ѝ грешеле, личност со скоро идеална сериозност на сфаќањата. Тој, кого смртно го навредил студент, значи, човек образован и кој веќе не е роб — тој преминува преку таа навреда затоа што навредувачот е некогаш негов припадник, роб. Во општеството има врева, доаѓаат интриги; општеството, површно и брзоплето, со презир гледа на човекот што е удрен в лице, но тој не се грижи за мислењето на општеството, општеството што не им е дораснато на вистинските поими, а за тие поими суди.

— А, меѓутоа, ние двајцата, јас и вие, Иване Александрович, еве разговараме и судиме за вистинските поими — рече еден старец од клубот, со благородната смелост самиот себе да се изобличи.

— Да, Петре Михајлович, да — одобруваше другиот. — И уште стануваат против младината.

— Не станува збор за младината Иване Александрович — се замеша трет. — Не станува збор за младината: ова е ѕвезда, а не некој од младината; така треба да се разбере тоа.

— Па нам тоа и ни е потребно; осиромашивме со луѓе.

Овде главно беше тоа дека „новиот човек", освен што се покажа како „вистински благородник", беше и еден од најбогатите поседници во губернијата, значи, и не можел да не се покаже и како бранител и како влијателен јавен работник. (Јас веќе и порано патем забележав за расположението на нашите земјосопственици.)

Дури паднаа и во возбуда:

— Тој не само што студентот не го повикал на дуел, туку нарочно ги скрстил рацете одзади... убаво внимавајте на тоа, ваша превозвишеност! — вметна еден.

— Ниту го викаа во новиот суд — додаде друг.

— Иако новиот суд ќе му пресудеше петнаесет рубли казна поради личната благородничка навреда; хе-хе-хе-хе!

— Море јас да ви ја кажам тајната на новото правосудство — се вмеша трет запалено: — Кога некој ќе измами, или ќе украде, па ќе го фатат наместо, или ќе се докаже, трча колку што може побрзо дома и ја убива својата мајка! Веднаш ќе биде ослободен! Госпоѓите од естрадата ќе му мавтаат со свилени шамичиња. Несомнена вистина!

— Вистина! Вистина!

Се разбира, ни сега не се помина без анегдоти. Беа спомнати пак врските на Николај Всеволодович со грофот К. Познати беа сериозните и осамени мислења на грофот К. за најновите реформи. Позната беше и неговата значајна активност, во последно време донекаде застоена. И одеднаш сите беа убедени дека Николај Всеволодович е свршен со една од ќерките на грофот К. иако за таква новост немаше сигурна основа. А што се однесува до божемните чудни настани во Швајцарија со Лизавета Николаевна, госпоѓите тоа веќе и не го споменуваа. Патем да речам: дамите Дроздови токму во тоа време ги завршија сите посети дотогаш ненаправени, и сите сега знаеја дека Лизавета Николаевна е една сосема обична девојка, која со своите болни нерви „се тегави". Нејзината несвестица на денот на доаѓањето на Николај Всеволодович сега ја објаснуваа како прост ужас по грдата постапка на студентот. Ја засилуваа прозаичноста токму на сето она на што порано самите сакаа да му дадат некаков фантастичен колорит. И на некоја „Хромка" сосема заборавија, се срамеа и да ја спомнат. „Па нека има и стотина „Хромки" — кој не бил млад!" Ја истакнуваа почитта на Николај Всеволодович спрема мајката, пронајдоа негови разни добри дела, пријателски зборуваа за неговата ученост со која се здобил за четири години на германските универзитети. Однесувањето на Артемиј Павлович го обележија како нетактичност: Својот своите не ги познава"; на Јулија Михајловна ѝ признаа најголема остроумност.

И така, кога најпосле дојде во општеството и самиот Николај Всеволодович, сите го дочекаа со наивна сериозност; во сите очи, вперени во него, се читаше нестрпливо очекување. А Николај Всеволодо-

вич веднаш се затвори во најстрого молчење. Со тоа, се разбира, секого го задоволи многу повеќе отколку да назборуваше полни три торби. Со еден збор, успеа во сѐ, влезе во мода. Почна, како и порано, да ги извршува сите губерниски обичаи и правила, до префинетост, зашто, во губерниското општество, кога еднаш некој ќе се појави, повеќе не може да се одвои и да живее за себе. Најдоа дека не е весел; но, велат, „тој човек многу претрпел, тоа не е човек како другите — има тој за што да мисли". Дури и неговата гордост и онаа презрива непристапност, поради која пред четири години кај нас толку го мразеа сега се почитуваше и се допаѓаше.

Најмногу од сите триумфираше Варвара Петровна. Не можам да речам дали многу ги жалеше разурнатите соништа во поглед на Лизавета Николаевна. Тука, секако, помогна семејната гордост. Едно беше чудно: Варвара Петровна одеднаш во најголема мера веруваше дека Николас навистина одбрал една од ќерките на грофот К. а што е најчудно, им веруваше и на гласовите што до неа, како и до сите други, доаѓаа по ветрот, а самата не смееше да го праша Николај Всеволодович. Едно два-трипати, сепак, не можеше да се воздржи; весело, оддалеку го прекори дека спрема неа не е искрен. Николај Всеволодович на тоа се насмевнуваше и натаму молчеше. Молчењето се примаше како знак на одобрување. При сето тоа таа никако уште не ја заборавaше сакатата девојка. Мислата на неа ѝ лежеше во срцето како камен, како мора, ја мачеше со чудни привидувања и нагаѓања и сето тоа одеднаш и во исто време со соништата за ќерките на грофот К. Но, за тоа ќе стане збор подоцна. Се разбира, општеството спрема Варвара Петровна пак се однесуваше со вонредно и пресретливо почитување; вистина, таа со тоа малку се користеше и излегуваше мошне ретко.

Сепак, губернаторката направи свечена посета. Се разбира, никого посилно од неа не ја заробија и не ја фрапираа оние навестувачки зборови на Јулија Михајловна онаа вечер што ја наведовме. Тие зборови на Варвара Петровна многу тага од срцето ѝ симнаа

и со еден замав решија многу нешта од она што неа од онаа несреќна недела силно ја мачеше. „Јас тоа женско не го разбрав“! — рече таа со наглост што ѝ е својствена и на Јулија Михајловна отворено ѝ изјави дека дошла да ѝ се заблагодари. На Јулија Михајловна тоа ѝ годеше, но го зачува своето достоинство. Во тоа време таа веќе наголемо ја чувствуваше својата вредност, дури можеби малку претерано. На пример, среде разговорот ѝ рече на Варвара Петровна дека таа за работата иученоста на Степан Трофимович никогаш ништо не чула.

— Се разбира, го примам младиот Верховенски и му укажувам внимание. Тој е безрасуден, но уште е млад; впрочем, има сериозна спрема. Тој сепак не е некој бивш критичар во оставка.

Варвара Петровна веднаш побрза да каже дека Степан Трофимович никогаш не бил критичар; напротив, целиот живот го поминал во нејзината куќа. А познат е од извесни околности под кои ја започнал својата кариера и кои „на целиот свет премногу му се познати“; во последно време, пак, по своите трудови од шпанската историја; а се готви исто така да пишува и за состојбата на сегашните германски универзитети, и, како што ѝ се чини, нешто и за Дрезденската Мадона. Со еден збор, Варвара Петровна не сакаше на Јулија Михајловна да ѝ го предаде Степан Трофимович на милост и немилост.

— За Дрезденската Мадона? За Сикстинската? Драга Варвара Петровна, јас пред таа слика седев два часа и отидов разочарана. Не разбрав ништо и многу се чудев. И Кармазинов вели дека тешко е да се разбере таа слика. Денес никој ништо повеќе во неа не наоѓа, ни Русите ни Англичаните. Целата таа слава ја извикале старците.

— Значи, нова мода.

— Јас мислам дека нашата младина не треба да се запоставува. Викаат дека се комунисти; а според моето мислење, нив, младите, треба да ги штедиме и да ги цениме. Јас сега ги читам сите, сите весници, природните науки, сè добивам зашто, најпосле, треба

да се знае со кого се живее и со кого се работи. Не оди тоа — цел век да се проживее на височината од својата фантазија. Јас извадив заклучок и изведов правило: спрема младината треба да се биде внимателен и љубезен и токму со тоа да се држи на работ. Верувајте, Варвара Петровна, дека неа, младината, само ние, општеството, со благотворно влијание а и со внимание, можеме да ја задржиме пред безднатa во која ја турка нетрпеливоста на сите тие некакви старци. Впрочем, мене ми е многу мило дека го дознав тоа за Степан Трофимович. Вие ми дадовте мисла: тој може да ни биде од корист на нашето литературно предавање. Јас, знаете, подготвувам еден цел ден забава, со прилози во корист на сиромашните гувернанти од нашата губернија. Тие се расеани по Русија; се смета дека само во нашата околија ги има до шест; покрај нив, две телеграфистки, две пак учат академија, а и другите би сакале, но немаат средства. Судбината на руската жена е ужасна, Варвара Петровна! Од тоа денес се прави универзитетско прашање, за тоа и министерскиот совет држеше состанок. Во нашата чудна Русија може да се прави сѐ што ќе се посака. И затоа, пак, единствено само со нежност и со искрено топло учество на целото општество ние таа голема општа работа можеме да ја насочиме на вистинскиот пат. О, господи, зарем има кај нас многу свети личности! Секако има, но тие се растурени. Ако пријдеме поблиску еден до друг ќе бидеме посилни. Со еден збор, кај мене ќе има прво литературно матине, потем лесен појадок, а потоа, по одморот, истиот ден вечерта бал. Сакавме вечерта да ја отвориме со живи слики, но изгледа, треба многу трошоци, па затоа за публиката ќе бидат приредени еден или два кадрила со маски и карактеристични костими, што ќе претставуваат некои познати литературни правци. Овој духовит предлог потекнува од Кармазинов; тој многу ми помага. Знаете, тој ќе ни ја прочита својата последна работа, за која уште никој не знае. Тој го остава перото и веќе нема да пишува; таа последна работа, тоа е неговото проштавање со јавноста. Прекрасна работичка под наслов „Мерси". Насловот е француски, но тој

наоѓа дека така е позабавно, дури и пофино. А и јас, јас дури и го наговорив. Јас мислам дека Степан Трофимович може, исто така, нешто да ни прочита, ако е пократко и ... не толку учено. Ми се чини и Петар Степанович, и уште некој нешто ќе чита. Петар Степанович ќе дојде кај вас да ви ја покаже програмата или, уште подобро, допуштете ми мене лично да навратам.

— А и вие, госпоѓо, допуштете ми да се запишам на вашата листа за прилог. Сè ќе му кажам на Степан Трофимович и лично ќе го замолам.

Варвара Петровна се врати дома наполно придобиена. Со сета сила беше за Јулија Михајловна. А нешто многу му се налути на Степан Трофимович; а тој, кутриот, седејќи дома, ништо и не знаеше.

— Вљубена сум во неа, не знам како можев така да се излажам за таа жена — им рече таа на Николај Всеволодович и на Петар Степанович, кој наврати приквечерината.

— Е, со стариот секако мора да се смирите — се јави Петар Степанович. — Тој е очаен. Вие сосема сте го истерале во кујната. Вчера, ве сретнал во вашата кола, ве поздравил, а вие сте се свртиле. Знаете, ние ќе го издигнеме; јас имам некои намери со него, тој уште може да биде корисен.

— О, тој ќе држи предавање.

— Не мислам само на тоа. Туку, сакав токму сега да појдам кај него. И така, јас да му кажам?

— Ако сакате. Не знам, впрочем, како ќе го наредите тоа — рече таа нерешително. — Јас и самата имав намера со него да поразговарам и сакав за тоа да му одредам ден и место.

Таа силно се намурти.

— Ех, да се одреди уште и денот, не вреди. Ќе му речам просто јас.

— Молам, речете му. Впрочем, додадете дека јас на секој начин ќе му го одредам денот. Додајте го тоа секако.

Петар Степанович отиде нишајќи се.

Воопшто, до колку си спомнувам, тој во тоа време беше некако посебно зол и се впушташе во претерано нестрпливи испади, скоро спрема секого. Чудно е дека сите тоа му го проштавале. Воопшто, се утврди мислењето дека на него треба да се гледа некако посебно. Напоменувам, дуелот на Николај Всеволодович тој го прими со посебна пакост. Тоа многу го изненади; целиот позелени кога му раскажаа. Можеби страдаше неговото самољубие дека тоа го дознал дури другиот ден, откако чуле сите.

— Па вие немате право да се тепате — му шепна тој на Ставрогин петтиот ден, кога со него случајно се најде во клубот.

Значајно е дека за тие пет дена никако не се видоа, иако Петар Степанович скоро секој ден трчкаше кај Варвара Петровна.

Николај Всеволодович го погледна молчејќи, неприбрано како да не сфаќа за што станува збор, и помина не застанувајќи. Низ големата клупска сала отиде во трпезаријата.

— Сте биле и кај Шатов... и сакате да се чуе она за Марија Тимофеевна — потрча тој по него и како во расеаност го фати за рамото.

Николај Всеволодович ја истресе од себе неговата рака, нагло се сврти и се намурти заканувачки. Петар Степанович го погледна со чудна, долга насмевка. Сето тоа потраа еден миг. Николај Всеволодович отиде потаму.

II

Откај Варвара Петровна Петар Степанович веднаш се упати кај стариот; а многу брзаше единствено од пакост, да се одмазди за една поранешна навреда, за која јас досега ништо не знаев. Еве што било: на нивното последно видување, а тоа беше минатата недела, во четвртокот, Степан Трофимович кој, впрочем, сам ја почнал караницата, го истерал Петар Степанович со стап од куќата. Тој тоа го скри тогаш од мене; но денес, само што дојде Петар Степанович, со својата

постојана насмевка толку наивно горделива и со немило љубопитен поглед кој проникнува во секое катче — Степан Трофимович ми даде потајно знак да не излегувам од собата. Па така нивните вистински скромности излегоа на видело и пред мене, зашто овојпат го чув целиот разговор.

Степан Трофимович се испружи на софата. Од оној четврток беше опаднат и пожолтен. Петар Степанович се намести крај него најфамилијарно, без стеснување ги свитка нозете под себе и на софата зазеде многу повеќе место отколку што бараше почитувањето спрема таткото. Степан Трофимович молчејќи и достоинствено го зазеде местото отстрана.

На масата лежеше отворена книга. Романот „Што да се прави". Ама, морам да признаам за една необична слабост на нашиот пријател: сонот дека тој треба да излезе од осаменоста и да ја започне последната битка сè повеќе и повеќе земаше замав во неговата соблазнива фантазија. Јас си спомнив дека тој романот го набави и го проучуваше, единствено со намера во случај на судир со брборковците, навреме да ја запознае со нивните методи и аргументи токму од нивниот „катехизис", па кога на тој начин ќе биде подготвен, тогаш свечено, пред нејзините очи ќе ги побие. Ох, колку го мачеше таа книга! Понекогаш, во очај, ќе ја фрлеше, ќе скокнеше од местото и скоро надвор од себе одеше по собата:

— Признавам дека основната идеја на писателот е точна — зборуваше во треска, но тоа е дотолку пострашно! Тоа е наша идеја, токму наша; ние, ние први ја насадивме, ја одгледавме, ја подготвивме; што ново можат да речат тие по нас! Но, господи, колку е сè изнакажано, израсипано! — извикуваше чукајќи со прстите по книгата. — Дали ние се стремевме кон вакви заклучоци? Кој можел овде да ја препознае првобитната мисла?

— Се просветуваш? — рече Петар Степанович и ја растегна устата, земајќи ја книгата од масата и прочитувајќи го насловот. — И време е, веќе одамна. Ќе ти донесам нешто уште подобро, ако сакаш.

Степан Трофимович повторно и со достоинство премолчи и на тоа. Јас седнав на крајот од диванот.

Петар Степанович брзо објасни зошто дошол. Се разбира, Степан Трофимович прекумерно се изненади и го слушаше со страв помешан со лутина.

— И таа Јулија Михајловна смета дека јас ќе дојдам кај неа да читам!

— Па, таа и нема некоја голема потреба за тебе! Сакаше само да ти поласка, па со тоа да ѝ се потпикне и да ѝ се умилкува на Варвара Петровна; но само по себе се разбира ти не ќе смееш да одбиеш. А и тебе тоа ти се сака, мислам! — тој пак се расклешти. — Сите вие старци имате неколна амбиција. Но, слушни ме, внимавај да не биде многу здодевно! Ти подготвуваш, не знам таму, некаква шпанска историја, така ли е? Дај ми го ти тоа мене, два три дена порано; да го разгледам, инаку, се плашам, ќе ги заспиеш луѓето.

Премногу оголената грубост на овие зајадувања очигледно беше намерна. Како со Степан Трофимович и да не може да се зборува со друг, пробран јазик и со пофини поими. Степан Трофимович упорно се преправаше, како да не ги забележува навредите. Но, испадите на синот сѐ посилно и посилно го потресуваа.

— И токму таа, таа лично наредила тоа да ни се каже преку ... вас? — запраша тој бледнеејќи.

— Тоест, таа сака да ти одреди ден и место за заемна спогодба ... остатоци од вашето сентиментализирање. Ти дваесет години со неа си кокетирал и си ја свикнал на најсмешни манири. Но биди спокоен. Денеска тоа веќе го нема; самата таа подречува поначесто дека сега те „Прогледува". Јас пак, без заобиколување, ѝ разјаснив дека целото тоа ваше пријателство е само заемно истурање помија. Многу, брате, ми раскажуваше! Пих, ама лекејски должности си вршел целото тоа време. Јас црвенеев поради тебе.

— Јас сум вршел лакејски должности? — не се воздржа Степан Трофимович.

— Уште полошо, си бил паразит, значи, доброволен лакеј. Мрзлив за работа, а за пари, од друга страна, си пројавил апетит. Сега и таа сето тоа го раз-

бира и страшно е она што го зборува за тебе. О, брате, колку им се смеев на твоите писма! Срамно и гладно! А и вие, вие сте, жими бога, мошне расипан, мошне расипан! Во милоста секогаш има нешто што расипува; ти си за тоа очигледен пример!

— Таа ти гиј покажувала моите писма!

– Сите. То ест, се разбира, кога би можело да се прочитаат сите. Пих, колку хартија си испишал! Мислам дека има повеќе од две илјади писма!... Но, знаеш ли ти, стари, јас мислам дека имало еден момент кога таа била готова да појде за тебе! Си го пропуштил тоа на најглуп начин! Јас, се разбира, зборувам од твојата точка на гледање. Подобро ќе било секако отколку, како што е сега, кога за малку ңе те оженија со „туѓите гревови", како глупак поради шега и за пари.

— За пари! Таа, таа вели, за пари! — извика Степан Трофимович болно.

— Ами како? И што сакаш, јас токму во таа смисла и те бранев. Тоа е единствениот твој пат на оправдување. Таа и самата разбра дека парите ти се потребни, како и на секого, и дека од таа точка, може да се рече, имаш право. Јас ѝ докажав, како два и два, дека вие двајцата сте живееле под заеднички услови: таа, капиталистка, а ти крај неа сентиментален никаквец. Таа, впрочем, не се лути поради парите, иако си ја молзел како коза. Неа само ја обзема лутина дека ти верувала дваесет години, што си ја влечел за носот со некаква благородност и толку долго си ја принудувал на лага. Дека лажела и таа, тоа никогаш нема да го признае; но затоа ти двапати повеќе ќе го извлечеш своето. Не разбирам како не си се досетил дека кога — тогај ќе мораш да поднесеш сметка. Па си имал барем малку ум! Вчера ја посоветував да те испрати во домот за старци, биди мирен, во пристоен дом, нема да ти биде лошо; таа, изгледа, така и ќе направи. Дали си спомнуваш за своето последно писмо што ми го испрати додека се наоѓав во Х-ска губернија, пред три недели?

— Да не ѝ го покажа? — скокна Степан Трофимович во страв.

— А како не! Тоа ми беше првата работа. Писмо во кое известуваш дека таа те експлоатира, му завидува на твојот талент и, се разбира, сè за „туѓите гревови". О, брате, колку многу самољубие имаш ти! Многу се смеев. Воопшто, твоите писма се прекумерно досадни; имаш ужасен стил. Често не ги ни читав; едно и сега нераспечатено се влечка таму кај мене; утре ќе ти го испратам. Но ова, ова твое последно писмо, претставува врв од совршенство! Колку се смеев, колку се смеев!

— Изрод, изрод! — викна Степан Трофимович.

— Оди по ѓаволите, со тебе не може да се разговара! Пак си навреден како и минатиот четврток.

Степан Трофимович се исправи заканувајќи се:

— Како се осмелуваш да зборуваш со мене со таков јазик?

— Со каков јазик? Со прост и јасен.

— Кажи ми ти мене, најпосле, изроде — дали си ти мој син или не си?

— Тоа ти најдобро ќе го знаеш. Сè разбира, секој татко во тој случај е склон кон заслепеност.

— Замолчи, замолчи! Целиот се тресеше Степан Трофимович.

— Ете, гледаш, викаш и се караш како минатиот четврток, кога сакаше стапот да го кренеш на мене; а јас, меѓутоа, токму тогаш го најдов оној документ. Од љубопитност цела вечер превртував по куферот. Навистина, нема ништо сигурно; можеш да се радуваш. Тоа е само писменце на мојата мајка до оној Полјак. Но судејќи по нејзиниот карактер . . .

— Само уште еден збор, па ќе те удрам по образот.

— Гледајте луѓе! — се сврти тој одеднаш кон мене. — Погледнете, тоа е така меѓу нас од минатиот четврток. Мило ми е што сте сега барем и вие овде, па оценете. Прво, пак тој ме прекорува дека јас вака зборувам за мајката; но зарем не ме натера токму тој на тоа? Зарем во Петроград, додека уште бев гимназист, не беше тој оној што и по двапати ноќе ме будеше, ме прегрнуваше и плачеше како жена; и, што

мислите, што ми раскажуваше, така, ноќе? оние мрсни анегдоти за мојата мајка? Прво од него чув за нив.

— О, јас тогаш зборував во највозвишена смисла! Ох, ти не си ме разбрал! Ништо, ништо не си ме разбрал!

— Па сепак, ти тоа го правеше погадно од мене, погадно, сепак, признај. Зашто, гледаш, ако сакаш, мене ми е сеедно. Јас на ова гледам од твоја точка. Од мојата точка, биди мирен: јас мајка ми не ја осудувам; ако си ти — добро, ти; ако е Полјакот — добро, Полјакот, сеедно ми е! Јас не сум виновен дека вам тоа таму во Берлин ви излегло толку глупо. А и дали можело кај вас да биде нешто поумно? И зарем по сето ова вие не сте смешни луѓе! И зарем тебе не ти е сеедно — дали сум јас твој син или не сум? Само слушајте — извика тој кон мене: — тој целиот век на мене ни рубља не изарчил, до мојата шеснаесетта година ниту ме знаел ниту ме видел, потем овде ме опљачка, а сега извикува дека цел век срцето го болело по мене и се превиткува пред мене како артист. Ама не сум јас Варвара Петровна, те молам!

Тој стана и си ја зеде шапката.

— Отсега те проколнувам! — ја крена Степан Трофимович раката над него, блед како смрт.

— Во какви сè глупости не паѓа човек! — се зачуди Петар Степанович. — Значи, збогум старо, никогаш повеќе нема да ти дојдам. Твојот напис испрати ми го порано, не заборави го тоа и погрижи се, ако можеш, да биде без глупости; факти, факти, и пак факти, и што е главно, колку што се може понакусо. Збогум!

III

На ова имаа влијание и некои сосема други причини. Петар Степанович навистина имаше некои намери спрема родителот. Како што мислам јас, синот сметаше да го доведе до очај и така да го натера на јавен скандал од еден одреден вид. Тоа му беше потребно поради натамошните насоки, други, за кои по-

доцна ќе стане уште збор. Слични сметки и планови се беа насобрале необично многу во тоа време — се разбира, скоро сите фантастични. Освен Степан Трофимович, тој имаше на ум уште еден маченик. Воопшто, имаше на ум многу маченици, како што најодзади и се виде, но потем го сметаше овој вториот, а тоа беше господионот фон Лемпке.

Андреј Антонович фон Лемпке беше од она фаворизирано племе од кое во Русија, по календарот, има на број неколку стотини илјади и кое можеби, ни самото не знае дека во неа, со својата маса, претставува еден сериозно организиран сојуз. Се разбира, тој сојуз не е однапред смислен и здоговорен, туку онака, постои сам од себе, во самото племе, без разговор и договор, како некоја морална обврска и се одржува со заемна поддршка на сите членови на тоа племе, секогаш, сегде, и во секакви околности.

Андреј Антонович имаше чест да се воспитува во еден од оние виши руски школски центри што ги полни младината посилно надарена со врски или со богатството на семејството. Питомците на таквите заводи ги упатуваат, скоро веднаш штом ќе ја завршат школата, да заземат доста значајни должности во некој вид државна служба. Андреј Антонович имаше еден чичко инженерски потполковник, а другиот беше фурнаџија; но тој сепак се проби до високата школа и во неа најде доста соплеменици слични на него. Беше весел другар, а доста тап во учењето; сите, меѓутоа, го засакаа. Кога подоцна, во повисоките класови, многу од момчињата, на прво место Руси, научија да расправаат за високите современи прашања и тоа така небаре штом ќе ја свршат школата сите работи ќе ги доведат во ред — Андреј Антонович остана и натаму да води најневин ученички живот. Тој секого го засмеваше со испади, вистина не многу духовити, освен ако не беа цинични, но тој тоа го сакаше и тоа си го стави себеси во задача. Или чудно шмрка кога наставникот нешто ќе го праша, само за да ги насмее и другарите и професорот; или во спалната соба претставува цинична жива слика, и сите му ракоплескаат; или единствено со носот ќе ја исвири (и тоа доста вешто) увер-

тирата од „Фра-дијаволо“. Се одликуваше, исто така, и со намерна неуредност во облеката, наоѓајќи некако дека е тоа духовито; а последните години почна да пишува песнички, и тоа на руски јазик. Својот роден народен јазик граматички го знаеше мошне лошо, како и многу негови сонародници во Русија. Таа љубов кон стиховите го здружи со еден намуртен и како од нешто занесен другар, син на некој сиромашен руски генерал, кого во Заводот го сметаа за иден писател. Другарот заштитнички се однесуваше спрема Андреј Антонович. Три години по излегувањето од Заводот, оној намуртен другар, кој го напушти својот позив за љубов на руската литература и поради тоа веќе се перчеше во искинати чевли и во летно палто во длабока есен и цимолеше од студ, одненадеж на Аничковиот мост, тој бивш другар го сретна своето некогашно протеже, „Лемпке“, како што го викаа во Заводот и сите други. На прв поглед, тој дури и не го позна и застана зачуден. Пред него стоеше момчак облечен беспрекорно, со прекрасно изведени зулуфи, со црвенкав отсјај, со очила, во лачени чевли, во нови наракавици, во широко палто и шармер и со чанта под раката. Лемпке му упати на другарот неколку љубезности, му ја кажа својата адреса и го повика понекогаш навечер да му доаѓа. Се покажа и тоа дека тој веќе не е „Лемпке“, туку „Фон Лемпке“. Другарот го посети само еднаш, па и тоа можеби не од чисто срце. На скалите, доста грди и нималку парадни, но покриени со црвена чоја, го дочека вратарот и му отвори. Горе заѕвони ѕвончето. Наместо богатството на кое гостинот се надеваше, тој го најде само својот „Лемпке“ во страничната соба, мошне мала, мрачна и стара, која со голема темно-зелена завеса беше разделена на две и имаше, навистина мек, но мошне изветвен темнозелен мебел и темнозелени завеси на тесните високи прозорци. Фон Лемпке се беше сместил кај некој сосема далечен роднина генерал, свој заштитник. Сериозен, отмено љубезен, тој го пречека гостинот пријатно. Поразговараа за литературата, но во скромни граници. Лакејот во бел елек донесе танок чај и малечки, тркалезни суви слатки. Другарот, од пакост, побара минерална вода.

му донесоа, но по извесно чекање; Лемпке на тоа малку се збуни и по вторпат без потреба го извика лакејот да му нареди. Го понуди гостинот, ако сака, да земе нешто за мезе; и, се гледаше, беше задоволен кога овој одби и најпосле отиде. Просто и едноставно, Лемпке ја почнуваше кариерата и живееше кај генералот, својот угледен роднина.

Во тоа време тој воздивнуваше по петтата ќерка на генералот и му се чинеше дека има надеж. Но при сето тоа, Амалија, кога дојде време за тоа, ја оженија за некој стар фабрикант Германец, стар другар на стариот генерал. Андреј Антонович многу не тагуваше, туку направи — театар од хартија. Завесата се крева, излегуваат артистите, мавтаат со раката, публика во ложите, оркестарот на некој начин повлекува со гудалата преку виолините, капелникот мавта со стапчето, а во партерот кавалерите и офицерите ракоплескаат. Сето тоа направено од хартија, сето тоа го измисли и го изработи Фон Лемпке; половина година се занимаваше со таа работа. Генералот приреди посебно интимна вечер; го изнесоа театарот на показ и сите пет генералови ќерки, со новата млада, оној фабрикант и многу госпоѓи и госпоѓици со своите Германци, внимателно го разгледуваа театарот и го фалеа; потем играа. Лемпке беше задоволен и брзо се утеши.

Поминаа години и тој направи кариера. Секогаш служеше на истакнати места и секогаш под управа на истоплеменици и, најодзади, дослужи до чин мошне важен според неговите години. Веќе одамна сакаше да се ожени и веќе одамна меркаше мошне внимателно. Скришно од претпоставените испрати во едно списание расказ, но не го печатеа. Затоа направи цел воз и пак испадна мошне успешна работа; патници со рачни торби, деца и пци излегуваат од чекалната и влегуваат во вагоните. Возоводачот и службеницте одат, ѕвоното ѕвони, се дава знак и возот тргнува по пругата. На оваа вештина работеше цела година. При сето тоа требаше да се ожени. Имаше доста широк круг познанства, поголемиот број меѓу Германците; но се движеше и во руски сфери; се разбира, поради претпоставените. Најпосле, кога триесетиосмата година му

чукна на вратата доби и наследство. Умре неговиот чичко фурнаџија и според тестаментот му остави тринаесет илјади. Сега требаше да се добие самостојно место. Господин Фон Лемпке и покрај доста угледната височина на својата положба, беше мошне скромен. Ќе беше мошне задоволен да добиеше некое постојано местенце на кое од него би зависело како ќе се распоредат државните дрва, или што му е драго во таа смисла, убаво и слатко, па цел век така да остане. Притоа, место некоја очекувана Мина или Ернестина, одеднаш се појави Јулија Михајловна. Неговата кариера со еден замав се поткрена за еден степен погоре. Тивок и исправен, Фон Лемпке почувствува дека и тој може да биде самољубив.

Јулија Михајловна имаше, по старото броење, двесте души, а освен тоа покрај неа се ѕираше голема протекција. Од друга страна, Фон Лемпке беше убав, а таа имаше околу четириесет. Значајно е и тоа дека тој, малку по малку, и сериозно се вљубуваше во неа, според тоа колку повеќе и повеќе се чувствуваше младоженец. Изутрината на денот на свадбата ѝ испрати стихови. Нејзе сето многу ѝ се допадна, па и стиховите, — не е шега, четириесет години. Наскоро тој доби известен чин и известен орден, а потем го поставија за губернатор на нашата губернија.

Готвејќи се да ни дојде, Јулија Михајловна внимателно се грижеше за мажот. Според нејзиното мислење, тој не беше без способности; умееше да влезе и да се појави, умееше длабокомислено да слуша и да премолчи, да прими и неколку мошне убави, отмени пози, па можеше да одржи говор, па имаше уште и некоја одломка и конче од мисла, па го сфати сјајот на најновиот неизбежен либерализам. При сето тоа неа ја вознемируваше тоа дека е тој некако и премногу малку приемлив; по долгото и вечно барање кариера, почна да чувствува незапирна потреба за мир. Сакаше во него да го преточи своето славољубие, а тој — еве го, почнал да ја лепи протестантската црква: пасторот излегува да држи проповед, набожните слушатели слушаат со набожно скрстени раце, една госпоѓа си ги брише солзите со шамиче, еден старец шмр-

ка, најпосле зазвучуваат малите оргули што беа нарочно нарачани од Швајцарија, без оглед на трошоците за нив. Јулија Михајловна, вистина со страв, му ја собра целата таа работа штом дозна за неа и ја затвори во својот долап; а во замена за тоа му допушти да пишува романи скришно. И оттогаш почна да смета единствено на себе. Но неговата сметка е дека кај неа имаше доста површност и малку мерка. Судбината неа премногу долго ја пушти да момува. Сега во нејзината славољубива и донекаде раздразнета глава пролетуваат идеја по идеја. Правеше планови и едноставно сакаше да управува со губернијата; мечтаеше како брзо ќе биде „окружена од најдоброто општество и со почести“; одбра насока. Фон Лемпке отпрвин малку се уплаши, но со својот чиновнички такт брзо погоди дека од губернаторувањето не мора нималку да се плаши. Првите два три месеци поминаа мошне угодно. Но тогаш се појави Петар Степанович и почна да се случува нешто чудно.

Младиот Верховенски на првиот чекор почна да покажува непочитување спрема Андреј Антонович и си присвои некои чудни права над него; а Јулија Михајловна, секогаш мошне осетлива на угледот на својот маж, не сакаше тоа никако ни да го забележи; барем не полагаше ништо на тоа. Момчакот стана нејзин љубимец, во нејзината куќа јадеше и пиеше, скоро и спиеше. Фон Лемпке почна да се брани, пред светот го наречуваше „момчак“, го чукаше по рамениците заштитнички, но со тоа не постигна ништо. Петар Степанович секогаш некако в очи му се смееше, разговараше со него само навидум сериозно, а пред луѓето тукy ќе му речеше нешто сосема неочекувано. Еднаш, кога се врати Фон Лемпке дома, го затече момчакот во својата соба за работа каде што, иако неповикан, седеше на отоманот. Петар Степанович му објасни дека навратил кај него, па бидејќи не го нашол дома, тој „патем се наспал“. Фон Лемпке беше навреден и ѝ се пожали на жената; таа ја исмеа неговата лутина и само рече дека тој не умее да се држи како што треба; пред неа „ова момче“ никогаш себеси не си дозволува таква слобода; а впрочем, „тој е наивен и

свеж, иако однесувањето му е надвор од општествените рамки". Фон Лемпке се наду. Овојпат таа ги измири. Сепак, Петар Степанович не молеше за прошка, туку се извлече со некаква груба шега што во друга прилика би можела да биде земена и како нова навреда, но овојпат ја примија како каење. Слабата точка беше во тоа што Андреј Антонович на момчакот некако од почеток му даде замав, имено му се довери дека пишува роман, зашто воoбразуваше дека пред себе гледа пламен, поетичен момчак, а бидејќи одамна сонуваше за слушател, тој уште во првите денови од запознавањето, една вечер, му прочита две глави од својот роман. Овој слушаше не криејќи ја здодевноста, невоспитано се проѕевна, ништо не пофали, туку при одењето замоли за ракописот, да го прочита кога ќе биде слободен и да го донесе своето мислење. Андреј Антонович му го даде. Од тоа време тој ракописот не го врати, иако навраќаше кај нив секој ден; а на прашањата одговараше само со смеа; најпосле, изјави дека уште тогаш го загубил на улица. Кога дозна за тоа, Јулија Михајловна страшно му се налути на мажот.

— Дали веќе не си му кажал и за својата протестантска црква? — се вознемири таа скоро со страв.

Фон Лемпке почна да се оддава на размислување; а лекарите му забранија да мисли, зашто тоа му штетеше. Освен тоа, настанаа и поради губернијата многу грижи и маки, за што ќе зборуваме подоцна. И уште, имаше тука и една посебна околност поради која страдаше и неговото сопружничко срце, а не само старешинското самољубие. Кога се женеше, Андреј Антонович и не насетуваше дека во иднина може да има семејни судири и караници. Животот го замислуваше мирно сонувајќи за Мина или Ернестина. Сега почувствува дека не е во состојба да ги поднесе семејните грмежи. Јулија Михајловна најпосле отворено се објасни со него.

— Ти не можеш за тоа да се лутиш — рече таа — веќе ни поради тоа што од него трипати си попромислен и дека и на општествените скалила стоиш неизмерно повисоко од него. Во тоа момче има уште мно-

гу остатоци од неговите некогашни слободоумни залети и јас сметам дека ова се едноставно шеги; но невозможно е да го поправиш одеднаш, туку малку по малку. Нашата младина треба да ја цениме и да ја чуваме; јас со љубов и со пријателство влијаам врз неа и ја задржувам да не залута.

— Но самиот ѓавол знае што зборува тој, — ѝ одговори Фон Лемпке. — Јас не можам да бидам толерантен кога пред луѓето и пред мои очи тврди дека владата намерно го опива народот со вотка за да го заглупави и така да го оттргне од востанието. Замисли ја мојата улога кога сум принуден тоа да го слушам пред сите.

Зборувајќи го тоа, Фон Лемпке си спомни за својот недамнешен разговор со Петар Степанович. Во простодушната намера да го разоружа со својот либерализам, тој му ја покажа својата приватна збирка од сите возможни прогласи, како од Русија, така и од странство, што од педесет и деветтата година грижливо ја собира и тоа не како љубител, туку просто од корисна љубопитност. Петар Степанович ја погоди неговата намера, а грубо рече дека во еден ред на некој проглас има повеќе смисла одошто во цела една канцеларија, „не исклучувајќи ја, да речеме, ни вашата“.

Лемпке се засрами.

— Но тоа за нас е рано, премногу рано — изусти тој скоро молежливо и покажа на прогласите.

— Не, не е рано; штом вие натегнувате, мора да не е рано.

— Па сепак, еве овде, на пример — повик да се уриваат црквите.

— А зошто не? Вие сте умен човек и секако не верувате; и премногу добро разбирате дека верата е потребна заради заглупувањето на народот... Вистината е почесна од лагата.

— Се сложувам, се сложувам, наполно се сложувам со вас, но тоа е за нас рано, многу рано... — се мурташе Фон Лемпке.

— А каков државен чиновник сте вие, господине, тогаш, кога се слагате да се урива црквата и со стапови да се тргне на Петроград и целата разлика ја правите само во временскиот рок?

Дофатен вака грубо, Фон Лемпке се почувствува гибнат во нервот.

— Тоа не е тоа, не е! — се занесуваше тој сè повеќе и повеќе и се лутеше во своето самољубие; — вие како човек млад, и, што е главно, кој не ги познава нашите насоки, вие се лажете. Видете, драги Петре Степанович, нас вие нè наречувате чиновници на владата. Добро. Самостојни чиновници. Добро. Но сега допуштете. Што правиме ние и какво е нашето влијание? На вас е одговорноста, а најпосле, ние исто така им служиме на општите интереси како и вие. Ние само го придржуваме она што вие го разнишувате, зашто, да нè нема нас, на сите страни само ќе се урива. Ние не сме ваши непријатели, не сме никако! Ние ви велиме: одете напред, унапредувајте, па и разнишувајте, сакам да кажам, преправајте сè старо што подлегнува на поправка; но ние вас, кога ќе затреба, и ќе ве задржиме во потребните граници, а со тоа и ќе ве спасиме, од вас самите ќе ве спасиме, зашто без нас вие само ќе ја разнишате Русија, ќе ѝ го одземете достоинствениот изглед, престижот, а нашата задача и е во тоа да се грижиме за нејзиниот достоинствен изглед. Добро влезете во суштината на работата и ќе видите дека ние сме си потребни едни на други. И во Англија ториевците и виговците се потребни едните на другите, заемно. Ете, значи: ние сме ториевци, а вие виговци, јас барем така го сфаќам тоа.

Андреј Антонович падна дури и во патетика. Уште од времето во Петроград тој сакаше да поразговара умно и либерално; а овде беше добро и тоа дека никој не наслушнува. Петар Степанович само молчеше и некако преку обичај се држеше сериозно. Тоа уште посилно го поттикна говорникот.

— Знаете ли вие дека сум јас „домаќин на губернијата" — продолжи тој одејќи по кабинетот; — Знаете ли дека поради множеството должности на вистина ниедна не можам да завршам, а, од друга страна,

можам, исто така, со сигурност да виречам дека јас овде и немам што да работам. Тајната е во тоа дека сѐ зависи од владата. Убаво, владата нека создаде ако сака и република, ајде, заради политика, или заради стивнување на страстите, но, од друга страна, напоредно со тоа, нека ја засили губернаторската власт и ние, губернаторите, ќе ја проголтаме и републиката! И зарем само републиката? Ќе проголтаме сѐ што сакате; барем јас чувствувам дека сум готов за тоа... Со еден збор, владата телеграфски нека ми дозволи најсилна активност, и јас ќе дадам најсилна активност. Јас овде очи в очи реков: Почитувани господа, заради рамнотежа и заради цутењето на сите губернаторски установи едно е потребно: „да се засили губернаторската власт". Гледате, сите тие установи — било земски било судски, треба да живеат, така да се рече, со двоен живот, тоест, од една страна мора да постојат (и јас се слагам дека е тоа бездруго потребно) но, од друга страна, треба да ги нема. Сето тоа според погледите на владата. Значи, ако се покаже дека тие установи се бездруго потребни, јас истиот час ќе ги имам како на дланка; кога ќе престане неопходната потреба, никој од мене не ќе ги бара и не ќе ги има. Така ја разбирам јас најсилната активност; но неа ќе ја нема без засилувањето на губернаторската власт. Ние, јас и вие, зборуваме овде во четири очи. Знаете ли дека веќе јавив во Петроград дека на вратата на Губернаторовиот дом е потребен посебен стражар. Чекам одговор.

— Вам ви се потребни два — рече Петар Степанович.

— Зошто два? — тука Фон Лемпке застана пред него.

— Можеби е малку еден само да ве уважава. Вам треба да ви дадат два, без поговор.

Андреј Антонович го стисна лицето.

— Вие... вие... господ знае што си допуштате вие, Петре Степанович. Ја користите мојата добрина, па боцкате, изигрувате некаков намуртен добродетел...

— Тоа, како што сакате — промрмори Петар Степанович — но сепак, вие ни го чистите патот, го подготвувате успехот.

— Што значи тоа? На кого, каков успех? — запраша Фон Лемпке зачудено, но не доби одговор.

Јулија Михајловна, кога го чу рефератот за овој разговор, беше мошне незадоволна.

— Па, добога, не можам јас старешински да се однесувам со твојот љубимец — се бранеше Фон Лемпке; — особено кога разговорот се води во четири очи... Јас можев да се испуштам поради добрината на срцето.

— Поради излишната добрина на срцето! А не знаев дека ти имаш збирка од прогласи. Направи ми љубов, покажи ми ја.

— Да... но тој ме замоли да му ги дадам за еден ден.

— И ги дадовте! Пак! — се налути Јулија Михајловна. — Каква е таа невнимателност!

— Веднаш ќе испратам да ми ги врати.

— Тој нема да ги даде.

— Ќе барам! — викна Фон Лемпке, па дури и веднаш потскокна. — Кој е тој, па што треба да се чувам! И кој сум јас, па да не смеам ништо да сторам!

— Седнете и смирете се — го задржа Јулија Михајловна; — јас, еве, ќе одговорам на вашето прво прашање; тој мене ми е вонредно препорачан, тој има способност и понекогаш зборува извонредно умни работи; Кармазинов ме уверува дека тој скоро сегде има врски и извонредно влијание врз младината во престолнината. А јас, ако со негова помош, таа младина ја придобијам и ако ја групирам околу себе, така ќе ја сочувам од пропаѓање, зашто ќе ѝ го покажам новиот пат за нејзините амбиции, тој ми е од сè срце верен и ме слуша во сè.

— Но, добога, внимавај! Додека на тие млади им се ласка, тие можат... ѓаволот ќе знае што сè ќе можат да направат! Секако, тоа е добра мисла... — Се бранеше Фон Лемпке сметено — но... но јас чув дека во -ска околија се појавиле некои прогласи.

— Па тоа се чу уште летоска! Прокламации, лажни банкноти, и што сè не, па сепак до денес ништо не е фатено. Кој ви го рекол тоа?

— Чув од Фон Блумер.

— Ах, ослободете ме од тој Блумер и никогаш не осмелувајте се да ми го споменете.

Јулија Михајловна зовре и скоро цела минута не можеше да прозборува. Фон Блумер е чиновник во губернаторската канцеларија и таа посебно го мразеше. За тоа подоцна.

— Те молам, не грижи се за Верховенски — го заврши таа разговорот; — да соучествува во некои глупости, тогаш ни со тебе, ни со сите други овде не ќе разговара онака како што разговара. Фразерите не се опасни! Дури и повеќе, јас го велам и ова: што и да се случи, јас тоа прва ќе го дознаам токму од него. Тој ми е верен фанатички, просто фанатички!

Напоменувам, одејќи пред настаните, дека Јулија Михајловна да ја немаше гордоста и славољубието, јас мислам, овие лоши ситни луѓе, не ќе успеја да го направат она што го направиле. Во голема мера за тоа е одговорна таа!

ПЕТТА ГЛАВА

СПРОТИ ПРАЗНИКОТ

I

Свечениот ден што Јулија Михајловна го смисли во корист на гувернантите од нашата губернија беше објавуван веќе неколкупати порано и одложуван. Петар Степанович се вртеше околу неа непрестајно, без смена, за трчкање служеше Љамшин, мал чиновник, кој извесно време доаѓаше кај Степан Трофимович, а сега одненадеж се здоби со милоста на губернаторовата куќа, да свири фортепијано; понекогаш тука се наоѓаше и Липутин кого Јулија Михајловна го гледаше како уредник на идниот независен губерниски весник, неколку госпоѓи и госпоѓици, па најпосле и самиот Кармазинов, кој, се разбира, не се вртеше тука, само гласно и со задоволен изглед изјави дека сите пријатно ќе ги изненади со својот „литературен кадрил“. Се пријавија множество такви што се запишуваа и прилагаа, целото наше одбрано општество; но им се допушташе упис и на најнеодбраните, само ако се пријавеа со пари. Јулија Михајловна забележа дека понекогаш мора да се пушти мешано општество од разни слоеви, „зашто инаку, кој ќе ги просвети?“ Се создаде, премолчано, домашен одбор, и беше речено свеченоста да биде демократска. Големиот број запишани го тераше одборот на трошоци; сакаа да приредат нешто прекрасно — свеченоста поради тоа беше и одлагана. Уште никако да се реши кај ќе биде големиот бал: дали во големата пространа куќа на ста-

решината на благородниците, што им се отстапуваше за тој ден или кај Варвара Петровна, во Скворешники. Таму ќе биде далеку, но мнозина од одборот тврдеа дека таму ќе биде „послободно“. А самата Варвара Петровна и премногу сакаше балот да биде во нејзината куќа. Тешко е да се дознае зошто оваа горда жена скоро ја молеше за тоа Јулија Михајловна. Можеби ѝ се допаѓаше дека Јулија Михајловна скоро до понижување беше љубезна спрема Николај Всеволодович, љубезна спрема него како спрема никој. Повторувам уште еднаш: Петар Степанович за целото тоа време, постојано, со шепот, вкоренуваше во губернаторската куќа една идеја, порано пуштена: дека Николај Всеволодович е личност што има најтајни врски со најтајниот свет и дека овде, бездруго, дејствува по некои налози.

Во тоа време владееше чудно душевно расположение. Особено меѓу жените се појави некаква лекомисленост и не би можело да се рече дури ни тоа дека се развиваше малку по малку. Како по ветар, беа пуштени неколку претерано слободни, непристојни идеи. Дојде до некоја голема развеселеност, некоја лесна состојба, не велам секогаш и пријатна. Некаков неред во мозоците стана обична работа. Подоцна, кога сѐ се сврши, за тоа ја обвинуваа Јулија Михајловна, нејзиниот круг и нејзиното влијание. Но одвај сето тоа да произлезе единствено од Јулија Михајловна. Мнозина, како за облог, токму ја фалеа новата губернаторка дека умее да го сложи општеството и дека сѐ наеднаш стана позабавно. За неколку скандали што се случија Јулија Михајловна не беше ни малку виновна. Впрочем, на тие скандали само им се смееја гласно и се забавуваа: немаше, за жал, никој да ги спречи. Имаше, навистина, една доста значајна толпа лица настрана, со своите посебни погледи на текот на тогашните нешта; но ни тие уште не се бунеа, и тие засега се насмевнуваа.

Си спомнувам, некако само од себе се создаде едно сепак обично друштво, чие што седиште, можам да речам, а и вистина е, беше собата за примање на губернаторката. Во таа интимна компанија што се стис-

каше околу неа, се разбира младинска, се дозволуваше, а и стана правило, да се прават разни шеги — понекогаш навистина доста слободни. Тука имаше и неколку мошне симпатични госпоѓи. Младината приредуваше излети, вечерни седенки, понекогаш во цела кавалкада минуваше низ градот со коли и на коњи. Се бараа авантури, нарочно се подготвуваа, единствено поради веселите анегдоти. Нашиот град беше третиран отприлика како некаков град Глупов. Тие млади луѓе ги нарекуваа потсмевала или подбивачи, и имаше малку работи од кои тие се стеснуваа. Така, на пример, жената на еден овдешен поручник, уште мошне млада бринета, иако измачена од немаштината поради малата плата на мажот, сепак, од лекомисленост, седна да игра вист на големи пари, во надеж да заработи за мантил; но место добивка имаше загуба од петнаесет рубли. Плашејќи се од мажот и немајќи со што да ја исплати загубата, таа, спомнувајќи си дека порано имала смелост, се осмели скришно да замоли заем веднаш тука, во друштвото, од синот на нашиот претседател на општината, еден премногу расипан безработник, според своите години рано истрошен. А тој, не само што не одрекол, туку гласно смеејќи се отишол да му каже на нејзиниот маж. Поручникот, кој навистина живееше скудно и само од својата плата, си ја однесе жената дома и на неа ја искали жолчта колку што му сакаше душата, не грижејќи се дека вика, лелека и го моли на колена за прошка. Овој немил случај предизвика во градот само смеа; и иако кутрата жена не му припаѓаше на друштвото што ја опкружуваше Јулија Михајловна, сепак една госпоѓа од онаа кавалкада, личност ексцентрична, смела и активна, која однекаде ја познаваше жената на поручникот — се упати кај неа дома и сосема просто ја однесе со себе како своја гостинка. А таму нашите запаленковци веднаш ја прифатија, ѝ поласкаа, богато ја даруваа и ја задржаа четири дена, толку време не му ја вратија на мажот. Таа, значи остана кај смелата госпоѓа и по цел ден, со неа и со распуштеното друштво, јаваше низ градот, одеше на веселби, на игранки. Тие постојано ја наговараа да го викне мажот на суд, да направи чудо.

Ја уверуваа дека сите ќе ѝ помогнат, дека ќе сведочат. Мажот молчеше, не осмелувајќи се на борба. Кутрата најпосле сфати дека западнала во зло и четвртиот ден приквечерината, одвај жива од страв, им побегна на своите заштитници, па пак му се врати на својот поручник. Не се знае точно што станало меѓу сопрузите, но два капаци на прозорците од малата дрвена куќа во која што живееше поручникот две недели не се отвораа. Јулија Михајловна кога дозна за сѐ, малку им се налути на ветрогоните и беше многу незадоволна од однесувањето на претприемчивата госпоѓа, иако токму таа госпоѓа ѝ ја претстави на Јулија Михајловна жената на поручникот првиот ден по нејзиното грабнување. Впрочем, сето тоа бргу се заборави.

Другпат, од еден мал чиновник, навидум чесен семеен човек, еден момчак, што дојде од друга околија, исто така, безначаен чиновник, ја побара ќерката, млада девојка од седумнаесет години, убавица на секого позната во градот. Но сите брзо дознавме дека младиот сопруг првата брачна ноќ постапувал мошне простачки, ѝ одмаздувал на жената за својата исмеана чест. Љамшин, кој скоро бил сведок на неговата постапка, зашто на свадбата се опил, па останал да преспие кај нив — само што се раздени, целиот град го сврти со својата весела приказна. Веднаш се собра компанија од десетина луѓе, сите до еден на коњи, некои на позајмени козачки коњи, како, на пример, Петар Степанович и Липутин, кој, без оглед на својата побелена коса, учествуваше скоро во сите скандалозни авантури на нашата ветерничава младина. Кога младенците се појавија на улица, во кола, за да ги направат посетите што според нашиот обичај се неминовни и мора да се направат веднаш утредента по венчавката, без обѕир на секаква случајност, целата таа кавалкада, весело смеејќи се, ја опколи нивната кола и ги придружуваше така по градот до пладне. Вистина, во куќите не влегуваа; чекаа на коњите пред вратите и се воздржуваа од посебни навредувања на невестата и младоженецот, но сепак направија скандал. Цел свет за тоа зборуваше. Се разбира, сите гласно се смееја. Тогаш се налути Фон Лемпке и со Јулија Михајловна

имаше жива сцена. И таа се налути, и тоа премногу, и имаше намера насилниците повеќе да не ги прима дома. Но веќе другиот ден на сите им прости, по забелешката на Петар Степанович и на неколку збора на Кармазинов. Кармазинов најде дека шегата е доста духовита.

— Тоа спаѓа во овдешните обичаи. — рече тој; — карактеристично и смело, впрочем; гледате, сите се смеат, единствено вие се лутите.

Но имаше и одвратни шеги, со некоја посебна нијанса. Во градот се појави жена книгоносец — да ја продава библијата; една чесна жена, навистина, од малограѓанскиот ред. За неа се зборуваше затоа што за книгоносците тукуштo почна да се пишува; печатот од престолнината донесуваше интересни прикази и оцени за нив. Пак оној обесеник Љамшин, со помошта на еден семинарист кој безделничеше чекајќи учителско место скришум ѝ потфрлил на жената во торбата, кога божем од неа сакал нешто да купи, цел куп гнасни фотографии, набавени од странство, и кои нарочно за овој случај ги подарил — како што се дозна потоа — еден уважен старец (чие што име ќе го премолчам) со еден голем орден на вратот, кој, како што вели самиот, ја сака „здравата смеа и невеселата сериозност“. Кога кутрата жена почна на нашиот пазар да ги вади светите книги, се истурија и тие фотографии; настана смеа, викотница, мрморење; нагрвали толпата, почна караница, ќе дојдеше до тепачка ако не стасаше полицијата. Жената — книгоносец ја затворија и дури на заземање на Маврикиј Николаевич кој со лутина дозна за интимните подробности на овој гаден случај, ја ослободија и ја спроведоа од градот. Тогаш Јулија Михајловна решително го истера Љамшин. Но дружината уште истата вечер, пак го доведе кај неа, со новоста дека тој за фортепијаното подготвил една нова и особена работичка, па ја расположија да ја чуе.

Работичката навистина беше интересна, под смешен наслов „Француско-пруска војна“. Песната почнуваше со звуците на Марселезата, почна со застрашување:

„Со нечиста крв нека се напијат нашите бразди!“

Јасно звучеше гордото предизвикување, опиеноста со идните победи. Но одненадеж, покрај мајсторски варираните текстови на химната, однекаде отстрана, долу, на крајот, но мошне блиску, се слушнаа здодевните звуци на „Мајн либер Августин". Марселезата, меѓутоа, ништо не забележува. Марселезата е на највисоката точка на занесот, опиена со својата големина, но и Августин се зацврстува. Августин е сѐ побезобѕирен. И гледај, тактовите на Августин некако неочекувано се поклопија со звуците на Марселезата. Марселезата како да почнува да се лути; најпосле го забележува Августин, сака да се ослободи од него, да го истера како безобѕирна ништожна мува, но тој цврсто се залепил до неа; весел е и сигурен во себе; радосен и безобѕирен, додека Марселезата одеднаш некако и премногу заглупавува; веќе не крие дека не се чувствува добро и дека е навредена; тука има извици на лутина, солзи и клетви, раце испружени спрема провидението:

„Ниедна стапка од нашата земја, ниеден камен од нашите тврдини".

Но принудена е Марселезата да пее во ист такт со него. Нејзините звуци некако на мошне беден начин преминуваат во Августин, таа се засолнува, се гасне. Понекогаш, во залет, ќе се чуе пак крвта... но во истиот момент тоа го голта полката. Таа, Марселезата, најпосле стивна; тоа е Жил Фавар, кој на градите на Бизмарк плаче и му предава сѐ, сѐ... Августин сега веќе беснее: се слушаат рапави звуци, се чувствува претераното количество испиено пиво, гордоста, самофалбата, барањето милијарди, најдобри цигари, шампањско и држанки. Августин преоѓа во силно викање. Француско-пруската војна завршува... Нашите ракоплескаат, Јулија Михајловна се смешка и вели: „Како да го истерам сега!" Мирот е утврден. Тој одвратен човек навистина има талент. Степан Трофимович ја уверуваше дека најголемите гении можат да бидат најодвратни луѓе, дека едното не го исклучува другото. Меѓутоа, потоа се чу дека Љамшин таа работа ја украл од еден надарен и скромен момчак, кого тој

го познавал а кој само минувал низ нашиот град, па така останал непознат. Но тоа нека остане настрана. Тој никаквец кој неколку години се вртеше околу Степан Трофимович и на неговите вечери, на барање, претставува разни Евреи, глуви баби на исповед, или раѓање на деца, тој човек, понекогаш, кај Јулија Михајловна претерано смешно го карикирал токму и самиот Степан Трофимович под името „Либерал од четириесеттите години". Сите паѓаа од смеа. Ете, така дојде накрај просто да не можат да го истераат; стана премногу потребен. Покрај тоа, необично му се умилкуваше на Петар Степанович, кој од своја страна во тоа време имаше чудно силно влијание врз Јулија Михајловна.

Не ќе зборував посебно за овој никаквец, ниту тој заслужува човек да се занимава со него; но се случи еден возбудлив настан во кој, како што се тврди, и тој учествувал, а тој случај во својата хроника никако не можам да го изоставам.

Едно утро по целиот град се разнесе веста за грдиот и возбудлив пример на исмевање на светостите. На преминот за нашиот простран плоштад се наоѓа дотраена црква на Богородичиното раѓање, прочуена старина на нашиот стар град. На вратата од портата одамна стои иконата на Богородица, втисната во ѕидот, зад решетка. Таа икона, ете, една ноќ ја обраа; стаклото на длабнатата рамка беше скршено, решетката искршена, а од венецот и од облеката беа извадени неколку скапоцени камења и бисерот. Не знам дали тоа беше од голема вредност, но главно е дека притоа, покрај кражбата, имаше уште и сосема глупо скврнавење — зад скршеното стакло од иконата нашле, кажуваат, изутрината еден жив глушец. Денес, по четири месеца сигурно се знае дека злосторот го направил робијашот Фетка; но поради нешто луѓето ја додаваат и соработката на Љамшин. Тогаш Љамшин никој не го спомнуваше, ниту се сомневаше на него; денеска пак сите тврдат дека тој го пуштил овој глушец. Си спомнувам, целата наша власт сосем се загуби. Народот од самото утро се стискаше околу местото на злосторот; толпата постојано беше тука; иако не

многу голема, но сепак околу сто луѓе. Едни доаѓаа, други си одеа. Оние што доаѓаа се крстеа и ја бакнуваа иконата; почнаа да даваат и прилози; се појави црковниот тас, а со тасот и монах. Дури во три попладне управната власт се сети дека на народот може да му се издаде наредба да не се собира во толпи; секој нека се помоли, нека ја бакне иконата, нека го даде својот прилог и нека оди потаму.

Овој злосреќен случај на Фон Лемпке му остави најмачен впечаток. Јулија Михајловна, како што ми рекоа, зборувала подоцна дека тоа злокобно утро првпат на својот маж ја забележала онаа необична намуртеност, која потем не го оставаше до неговото заминување од нашиот град, два месеца подоцна, поради болест, а ми се чини дека го следи и сега во Швајцарија, каде што се одмара по кусото дејствување во нашата губернија.

Си спомнувам, во еден часот попладне и јас отидов на плоштадот. Толпата беше молчалива; лицата значајно сериозни и смрачени. Стаса на кола трговец, дебел и жолт, излезе од колата, се поклони доземи, ја дари иконата, даде рубља, издивнувајќи седна пак во колата и си отиде. Пријде и колар со две наши госпоѓици во придружба на двајца наши шегаџии. И момчаците (едниот од нив и не беше млад) се симнаа од колата и се протуркаа до иконата, доста намерно растерувајќи ги луѓето. Ниеден од нив не ја симна шапката, а едниот си ги кладе на носот очилата. Во народот се чу мрморење, вистина тивко, но не и пријателско. Момчакот со очилата извади од портмонето добро настегано со банкноти, една бакарна копејка и ја фрли на тасот; па двајцата, смеејќи се и гласно зборувајќи се вратија кон колата. Во тој момент јавајќи стаса Елизавета Николаевна во придружба на Маврикиј Николаевич. Таа се симна од коњот, му ги фрли уздите на својот придружник, кој по нејзина наредба остана на коњот и ѝ пријде на иконата токму тогаш кога момчакот ја фрли копејката. Лицето ѝ се облеа со руменило од лутина; ја симна тркалезната шапка и нараквиците, клекна пред иконата, директно на калниот тротоар, и трипати со челото побожно ја

допре земјата. Потем го извади портмонето, но бидејќи во него најде само три гривника, ги симна од себе брилијантските обетки и ги стави на тасот.

— Може, нели може? За украс на кошулата? — го запраша монахот, целата возбудена.

— Слободно — одговори тој — секое дарување . . .

Народот молчеше, не покажувајќи ни одобрување ни неодобрување. Елизавета Николаевна со својот извалкан фустан го јавна коњот и ја снема.

II

Два дена по опишаната случка, ја сретнав Елизавета Николаевна во голема компанија што некаде беше тргнала на три коли опкружени од јавачи. Таа ме повика со раката, ја запре колата и упорно побара и јас да им се придружам, во нејзината кола. Се најде место и за мене, и таа, смеејќи се, ме претстави на своите сопатнички, прекрасни госпоѓи, а потоа ми објасни дека одат во една необична експедиција. Се смееше гласно и изгледаше некако веќе и прекумерно среќна. Последните денови беше весела до немирност.

Навистина, ова претпријатие беше ексцентрично: сите одат преку река, кон куќата на трговецот Себастијанов, кај кого, во крилото на куќата веќе десет години живее во мир и задоволство познатиот не само кај нас туку и во соседните губернии, па и во двете престолнини — Семјон Јаковлевич, нашиот блажен и наш пророк. Него сите го посетуваа, особено патниците на минување: да го слушнат зборот на јуродивот, побожно да го поздрават и да дадат прилог. Прилозите, понекогаш големи, ако самиот Семјон Јаковлевич не направи веднаш со нив распоред, испраќани се побожно во божјиот храм, и тоа најнапред во нашиот Богородичин манастир; поради тоа од манастирот постојано кај Семјон Јаковлевич имаше по еден монах.

Компанијата се надеваше дека мошне убаво ќе се забавува. Никој од нив уште го немаше видено. Семјон Јаковлевич. Единствено Љамшин бил кај него еднаш порано, па сега го уверуваше друштвото дека

пророкот наредил да го истераат со метла, а самиот, со своја рака фрлил по него два големи сварени компира. Меѓу јавачите го видов и Петар Степанович, пак на позајмен козачки коњ, на кој се држеше мошне лошо; и Николај Всеволодович, исто така, на коњ. Тој не бегаше секогаш од заедничките забави, и во такви моменти секогаш имаше весел израз, како што прилега; иако, по обичај, зборуваше малку и ретко.

Кога експедицијата, симнувајќи се од градската гостилница кон мостот, се нареди, некој одненадеж рече дека во собата на гостилницата токму сега нашле самоубиец, патник, и очекуваат полиција. На некои им падна на ум дека би можеле да појдат да го видат самоубиецот. Сите ја прифатија мислата: нашите госпоѓи уште не виделе самоубиец. Си спомнувам, една од нив веднаш рече гласно: „Сè е веќе и без тоа здодевно, значи, ако е за забава, нема зошто да се стеснуваат, тоа ќе биде интересно.“ Само малкумина останаа надвор да чекаат. Другите, тивко, влегоа во валканиот ходник, а меѓу нив, зачуден, ја забележав и Лизавета Николаевна. Собата на самоубиецот беше отворена и, се разбира, не смееја да нè одбијат. Самоубиецот беше уште младо момче, никако не можеше да има повеќе од деветнаесет години и мора да бил мошне добар по душа. Имаше густа беложолта коса, правилно тркалезно лице, чисто, прекрасно чело. Веќе беше вкочанет; неговото белузлаво лице личеше на мермер. На масата лежеше ливче, испишано со неговата рака: за својата смрт никого не обвинува, се убива дека „излокал“ четиристотини рубли. Така напишал: „излокал“; во четири реда беше направил три граматички грешки. Крај трупот воздивнуваше некој дебел поседник, како што се чини собен сосед, кој тука беше по некоја своја работа. Од неговите зборови се разбра дека момчето го испратило семејството, мајката вдовица, сестрите и тетките, од нивното село в град, со упатство некои роднини одовде да ѝ купат некои работи за чеиз на сестра му што се мажела и тој мираз да го донесе дома. Поради тоа му довериле четиристотини рубли, заштедени во долгата низа години — воздивнувале од бојазливост, му нараскажувале бес-

крајни совети, упатства, му испеале бескрајни молитви, го благословиле и го крстеле. Момчето дотогаш било скромно и давало убави надежи.Ваму допатувал пред три дена, но на роднините не им се јавил, туку отседнал во гостилницата, отишол право во клубот, со надеж негде во некоја зафрлена соба да најде патник, „свртувач на банка“, или, ако не тоа, барем конген. Но таа вечер немало ништо од тоа. Во својата гостилница се вратил дури околу полноќ, побарал шампањско, хавана цигари и нарачал вечера од шест или седум јадења. Но од шампањското се опил, од цигарите му се смачило, така што од јадењата не ни пробал, туку легнал да спие, скоро сосема несвесен. Изутрината се разбудил свеж како јаболко и веднаш се упатил кон циганскиот табор, што се беше сместил во предградието зад реката и за кој чул синоќа во клубот. Два дена не го видела гостилницата. Најодзади, вчера во пет попладне, дошол нетокму од пиење, веднаш легнал да спие и спиел до десет вечерта. Кога се разбудил, замолил да му се донесе печено месо, шише вино и грозје, хартија, мастило и сметката. Никој ништо особено не забележал на него; мирен, тивок и љубезен. Веројатно се убил уште околу полноќ; иако е чудно дека никој не го чул истрелот. Дури денеска во еден попладне се сетиле за него, чукале и, чукајќи долго попусто, ја откорнале вратата. Шишето беше до половина испразнето; и половината грозје беше останато. Куршумот од малиот револвер со три куршума погодил право в срце. Имаше истечено малку крв, револверот испаднал од раката на килимот. Момчето беше подлегнато во аголот од диванот. Смртта најверојатно дошла моментно; на лицето не се гледаше ни трага од претсмртни маки, изразот беше мирен, скоро среќен, само да имаше уште и живот.

Сите наши го набљудуваа самоубиецот со голема љубопитност. Во секоја несреќа на блискиот секогаш има нешто што ги весели туѓите очи — сеедно кој е тој. Нашите госпоѓи гледаа молчејќи, а нивните придружници се истакнуваа со духовитост и со најголема присебност. Еден рече дека е ова најдобриот излез и дека момчето ништо поумно не можело да одбере;

друг заклучи дека макар и за момент, но барем убаво проживеал. Третиот туку одненадеж тресна дека кај нас започнале некои чести бесења и убивања — токму како да се истргнуваат од коренот, како да им бега основата под нозете! Сите немило погледнаа во резонерот. Затоа Љамшин, кој улогата на шут ја сметаше како почест за себе, зеде малку грозје од садот; по него, смеејќи се, зеде и друг, а третиот сакаше веќе да ја пушти раката и по шишето. Но го задржа управникот на полицијата кој беше дошол и замоли „собата да се исчисти". Откако сите доволно се́ нагледаа, без поговор веднаш излегоа. Љамшин, вистина, нешто се заврти околу управникот... Другата половина од патот помина во општа веселба; смеата и шегата станаа скоро двојно поживи.

Токму во два попладне друштвото стаса кај Семјон Јаковлевич. Вратата на доста големата трговска куќа беше широко отворена, а отворен беше и приодот кон крилото на куќата. Веднаш слушнаа дека Семјон Јаковлевич повелил да руча, но прима. Нашата дружина влезе целата одеднаш. Собата во која блажениот примаше и ручаше беше доста просторна, со три прозорци, а попречно од ѕид до ѕид поделена на две еднакви половини со дрвена ограда висока до половината. Обичните посетители остануваа пред оградата, а на среќните им се допушташе, по наредбата на блажениот, низ вратичката на оградата да влезат во другата половина, каде што тој, ако сакаше, ги седнуваше на старите кожни фотељи и на диваните додека самиот редовно седнуваше во старинска, изветвена волтерска фотеља.

Семјон Јаковлевич беше човек доста висок, натечен, со жолто лице, педесет и пет години стар, рус и ќелав, со ретка коса, со избричена брада, десниот образ му беше надуен, устата некако како искривена, во близина на левата ноздра голема брадавица, очите тесни и мали, изразот на лицето, мирен, сериозен, горд. Облечен во костум од германски крој; црно палто, но без елек и шамија за вратот. Под палтото се наѕира доста дебела, но бела кошула. Нозете му се изгледа, болни, ги чува во меки собни пантофли. Сум слушал

дека некогаш бил чиновник и дека има чин. Само што ја заврши чорбата од лесна риба и се прифати за второто јадење, неизлупени компири со сол. Никогаш ништо друго и не јадел; само, многу пиеше чај и многу го сакаше чајот. Го служеа тројца трчкала околу него; едниот од нив со фрак, другиот личеше на артелец, третиот на клисар, а сите тројца ги издржуваше трговецот. Тука имаше и едно момче од шеснаесет години, мошне живо и здраво. Освен послугата, тука имаше и еден чесен побелен монах со кутија за дарување, нешто малку и предебел. На една маса свиркаше еден од најголемите самовари и стоеше послужавник со скоро две дузини чаши. На другата маса наредени разни дарови: неколку главици и неколку фунти шеќер, чај, едно две фунти, врзани меки чевли, свилена шамија, парче чоја, ленено платно и друго. Паричните прилози скоро сите одат во кутијата на монахот. Собата е полна — десетина дојденци, од кои двајца седеа зад оградата, кај Семјон Јаковлевич, и тоа еден побелен старец, богомолец, од простите, и еден мал сув монах — патник, кој се држеше како што му личи, со сведени очи. Сите други посетители стоеја од оваа страна на оградата и поголемиот број беа прости луѓе, од пониските слоеви, освен еден дебел трговец од окружниот град — брадест, облечен руски, но кој беше познат како богат стоилјадник — и една постара сиромашна благородничка, и еден поседник. Сите ја чекаа својата среќа не осмелувајќи се да проговорат. Четворица клечеа. Но најголемо внимание привлекуваше поседникот, човек дебел, на четириесет и пет години, кој клечеше до самата ограда, најблизу до очите на Семјон Јаковлевич, и побожно чекаше на неговиот милостив поглед или збор. Клечеше веќе скоро цел час, а оној уште никако не го здогледуваше.

Нашите госпоѓи се присобраа крај самата ограда шушкајќи меѓу себе весело и насмеано. Ги притеснија или ги засолнија и оние четворица што клечеа и сите други, освен поседникот кој упорно остана во погледот на пророкот, па дури и со рацете се фати за оградата. На Семјон Јаковлевич се управија весели и чудно љубопитни погледи; и лорнети, и очила, па и би-

нокли — Љамшин гледаше низ бинокл. Семјон Јаковлевич спокојно и мрзливо спушти на сите нив еден поглед од своите ситни очи.

— Милогледи! Милогледи! — си допушти да проговори, со глас покрупен и рапав, и како лесно да извикува.

Сите наши се насмеаја: „Што значи тоа милогледи?!" Но Семјон потона во молчење и го заврши својот компир. Најпосле, се избриша со крпата и го послужија со чај.

Обично не пиеше сам чај, туку го служеа и на посетителите; но не на секого, тој сам наредуваше кој од нив ќе биде среќен. Тоа одбирање секого го изненадуваше со својата неочекуваност. Прескокнувајќи ги богатите и луѓето со положба, тој наредуваше понекогаш да се послужи мужик, или некоја старица; другпат, одминувајќи ги сиромасите, чајот доаѓаше кај некој дебел богат трговец. А на разни начини се послужуваше чајот: на некој преблаг, на други одвај засладен, а на трети и незасладен. Овојпат среќен беше патникот-монах да добие чаша преблаг, а старецот богомолец да добие незасладен чај. А на дебелиот монах од манастирот со кутијата и не му понудија; иако тој досега секој ден ја добиваше својата чаша.

— Семјоне Јаковлевич, речете ми нешто, јас одамна сакав да ве запознаам — со насмевка и мигајќи со очите испеа елегантната дама од нашата кола, онаа што пред малку забележа дека во поглед на забавата нималку не треба стеснување. Семјон Јаковлевич и неа ја погледна; поседникот на коленици воздивна длабоко и чујно, како да се полни голем мев и да спласнува.

— Со шеќер! — веднаш покажа Семјон Јаковлевич на трговецот стоилјадник; а овој се приближи напред и застана паралелно со поседникот.

— Нему уште шеќер! — нареди Семјон Јаковлевич кога веќе му ја наполнија чашата; спуштија уште шеќер. „Уште, уште нему!" Ставија и третпат, па најпосле и четврт. Трговецот без збор зеде да го пие својот сируп.

— Господе! — зашепоти светот и се прекрсти.

Поседникот пак гласно и длабоко воздивна.

— Баќушка! Семјоне Јаковлевич! — Одекна одненадеж некој жален глас, но толку остар што тешко можеше да се очекува од кутрата госпоѓа која нашите ја дотераа до ѕидот. — Цел час, премил, чекам благослов. Изусти ја твојата изрека, советувај ме мене кутрата.

— Прашај! — му нареди Семјон Јаковлевич на слугата клисар. Тој пријде до оградата.

— Дали го исполнивте она што минатиот пат го нареди Семјон Јаковлевич? — запраша тој.

— Како да го исполнам, баќушка Семјоне Јаковлевич, кој ќе излезе со нив накрај! — тажеше вдовицата; — човекојадци, против мене во Окружниот суд тужба креваат, со сенатот се закануваат; против родената мајка!...

— Подај ѝ!... — нареди Семјон Јаковлевич и покажа на шеќерот. Момчето скокна, ја дофати главата шеќер и ја однесе кај вдовицата.

— Ох, баќушка, голема е твојата милост. А зошто мене олку? — протажи вдовицата.

— Уште, уште! — ја награди Семјон Јаковлевич.

Донесоа уште една глава. „Уште, уште", — наредуваше блажениот; донесоа и трета, па најодзади и четврта глава. Вдовицата од сите страни ја оградија со шеќер; монахот од манастирот издивна, зашто сето тоа денес можеше да му припадне на манастирот, според поранешните примери.

— А зошто ми е менѐ толку? — офна вдовицата побожно; — ќе ми се смачи!... Да не е ова некое претскажување, баќушка?

— Тоа ќе е, претскажување — прозбори некој од толпата.

— За неа уште фунта, уште! — продолжуваше Семјон Јаковлевич без попуштање.

На масата остана уште една цела глава, но Семјон Јаковлевич нареди да се даде фунта, па на вдовицата ѝ дадоа фунта.

— Господи, господи! — воздивнуваше народот и се крстеше. — Очигледно пророштво!

— Најпрвин своето срце засладете го со добрина и со милост, па потоа дојдете да се жалите на родените деца, коска од коската своја, така треба да се разбере значењето на овој амблем — прозбори дебелиот монах тивко, но задоволен со себе и во настап на раздразнето самољубие дека го одминаа со чајот, ја зеде на себе улогата на толкувач.

— А што сакаш ти, баќушка? — рече вдовицата, нерасположена — тие мене на јамка ме влечеа во огнот кога имаше пожар кај Верхишини. Тие во мудбакот мртва мачка ми затворија; тие се, гледаш, готови на секакви недела...

— Терај, терај! — одеднаш замавта со рацете Семјон Јаковлевич.

Клисарот и момчето се протуркаа пред оградата. Клисарот ја зеде вдовицата под рака, а таа, малку смирена, тргна кон вратата, свртувајќи се на подарените глави шеќер, што момчето ги носеше по неа.

— Една да се одземе! Одземи! — му нареди Семјон Јаковлевич на артелецот кој остана кај него. Овој избрза и малку потоа сите тројца слуги се вратија, носејќи една од подарените глави. При сето тоа вдовицата сепак однесе три.

— Семјоне Јаковлевич — одекна нечиј глас одзади, откај самата врата — сонував чавка, излета од вода и полета во оган. Што значи тој сон?

— Мраз — изусти Семјон Јаковлевич.

— Семјоне Јаковлевич, вие ништо не ми одговоривте; јас одамна и одамна се интересирам за вас — пак почна нашата госпоѓа.

— Прашај! — рече веднаш и не слушајќи ја дамата. Семјон Јаковлевич покажа на поседникот што клечеше.

Монахот од манастирот на кого ова му беше наредено важно пријде до поседникот.

— Што сте згрешиле? И дали ви е нешто заповедано да извршите?

— Да не се тепам; да не им давам волја на рацете — одговори поседникот рапаво.

— Извршивте?

— Не можам да извршам; сопствената сила не ми дава.

— Терај, терај! Со метла, со метла! — замавта со рацете Семјон Јаковлевич. Поседникот и не дочека казната да се изврши, туку скокна и побегна од собата.

— Оставил златник овде — рече монахот кревајќи од подот половина империјал.

— Ене, на оној! — Семјон Јаковлевич го истегна прстот кон трговецот стоилјадник. Стоилјадникот не смееше да одбие и го прими златникот.

— Злато на злато, — рече монахот, не можејќи да се воздржи.

— А на овој преслатко — неочекувано покажа Семјон Јаковлевич на Маврикиј Николаевич. Слугата тури чај, но згреши и го подаде кон помодарот со очила.

— На долгиот, на долгиот — повтори Семјон Јаковлевич.

Маврикиј Николаевич ја зеде чашата, направи војнички поклон и почна да пие. Не знам зошто, сите наши просто да испопаѓаат од смеење.

— Маврикиј Николаевич — одеднаш му рече Лиза — оној господин на колeници си отиде, клекнете на неговото место.

Маврикиј Николаевич ја погледна со неверување.

— Ве молам, ќе ми направите големо задоволство. Слушајте, Маврикиј Николаевич, — почна таа одеднаш забрзано, упорно, пламено, — морате да клекнете онде, никако поинаку; сакам да видам како ќе клечите, ако не сакате, немојте да ми приоѓате! Сакам, по секоја цена сакам, по секоја цена!

Не знам што сакаше со тоа, но го бараше тоа постојано, неумоливо, како да добила напад. Маврикиј Николаевич, како што ќе видиме малку потоа, ваквите нејзини необични навали, во последно време посебно зачестени, ги толкуваше како настапи на слепа

омраза, и тоа не од некоја злост — таа него го почитуваше, го сакаше, го ценеше, и тој тоа го знаеше – туку од некоја особена несвесна омраза, која засега никако не знаеше да ја совлада.

Тој молчејќи ѝ ја предаде чашата на некоја старица што стоеше зад него, ја отвори вратата на оградата и без да го викаат зачекори во интимната половина на собата на Семјон Јаковлевич, па клекна на средината, пред погледите на сите. Мислам дека тој во својата деликатна и проста душа беше премногу трогнат од грубиот и подбивлив испад на Лиза пред очите на целото друштво. Можеби помисли: таа сама од себе ќе се засрами кога ќе го види понижен, што толку упорно го бараше. Секако, освен него никој друг не ќе се решеше на ваков наивен и опасен начин да ја исправа грешката на една жена. Тој клечеше, со својата непоколеблива сериозност на лицето, долг, нескладен, смешен. Но нашите сега не се смееја; неочекуваноста на ваквата постапка остави болен впечаток. Сите ја гледаа Лиза.

— Елеј, елеј! — промрмори Семјон Јаковлевич. Лиза нагло побледи, извика, офна и јурна зад оградата. Тука се разви брза, хистерична сцена: таа со цела сила почна да го влече Маврикиј Николаевич за мишката, да се дигне.

— Станете, станете! — викаше како во несвест — станете, веднаш, веднаш! Како смеевте да клекнете!

Маврикиј Николаевич се поткрена. Таа со своите раце ги стегаше неговите мишки и вкочането го погледна в лице. Во нејзиниот поглед имаше страв.

— Милогледи, милогледи! — повтори Семјон Јаковлевич уште еднаш.

Најпосле, таа го извлече Маврикиј Николаевич зад оградата; во нашата група настана силно возбудување. Госпоѓата од нашата кола, веројатно сакајќи да го пресече впечатокот, и по третпат звучно и пискаво го запраша Семјон Јаковлевич, како пред малку, со афективна насмевка:

— Па како, Семјон Јаковлевич, зарем нема мене да ми кажете некоја „изрека“? Јас толку многу се надевав на вас.

— Тебе... тебе... тебе...! — одеднаш рече Семјон Јаковлевич и ѝ упати изрека надвор од секоја цензура. Тој тие зборови ги изговори свирепо и со страшна јасност. Нашите госпоѓи вреснаа и стрмоглаво избегаа надвор; а кавалерите фатија да се смеат.

Со тоа заврши нашиот излет до кај Семјон Јаковлевич.

Па сепак, тогаш, велат, се случи уште еден необично загадочен настан; и јас, признавам, поради таа случка токму подобро ги запомнив подробностите од оваа посета.

Велат, кога излетаа сите онака во мешаницата, Лиза, која ја придржуваше Маврикиј Николаевич, одеднаш се судрила на вратата со Николај Всеволодович. Треба да се рече дека од онаа недела, и од онаа нејзина несвестица, тие се беа виделе, неколкупати, но не си приоѓаа еден на друг, ниту нешто зборуваа. Сега, кога се судрија на вратата, мене ми се стори дека двајцата во моментот застанаа и некако необично погледнаа еден во друг. Но јас можев и да не видам добро во онаа толпа. Други уверуваа, напротив, сосема сериозно, дека Лиза го погледнала Николај Всеволодович, па брзо ја кренала раката спрема неговото лице и сигурно ќе го удрела да не успеал да се засолни. Можеби не ѝ се допаднал изразот на неговото лице, или некоја негова насмевка, особено сега, по таквата епизода со Маврикиј Николаевич. Признавам, јас лично тоа не го видов; но сите уверуваа дека е така, иако во онаа мешаница и сите други не можеле сѐ добро да видат, освен неколкумина. И затоа јас во тоа тогаш не поверував. Си спомнувам, меѓутоа, дека Николај Всеволодович, кога се враќавме беш малку блед.

III

Скоро во исто време, поправо истиот тој ден, се виде најпосле и Степан Трофимович со Варвара Петровна, која тоа видување одамна го имаше на ум и веќе одамна својот поранешен пријател го извести за средбата, но сѐ досега од некои причини тој сос-

танок го одлагаше. Видувањето беше во Скворешники. Варвара Петровна дојде во својата полска куќа на имотот, полна со работа: спроти тој ден беше наполно утврдено планираните свечености да се одржат во куќата на жената од предводникот на благородниците. Но Варвара Петровна тој час со својот брз ум правилно сфати дека никој не ќе ѝ пречи по таа свеченост и таа да приреди своја, и тоа во Скворешники, и така да го повика сиот свет кај себе. Така секој очигледно ќе се увереше чија куќа е подобра, во која знаат подобро да примаат и со поголем вкус да приредат бал. Воопшто, тешко беше да се познае Варвара Петровна. Како да се преродила и од некогашната непристапна „висока дама" (израз на Степан Трофимович) се претвори во најобична, разгалена светска жена. Впрочем, тоа можеше така само да изгледа.

Доаѓајќи во празната куќа, таа ги обиколи собите во придружба на верниот и одамнешен слуга Алексеј Јегорич и Фомушка, човек кој во својот живот сè видел на светот и кој беше стручњак во работите за декорација. Настанаа советувања и размислувања што од куќата во градот да се пренесе ваму, кои предмети, слики; каде и како да се изнаместат; каков распоред да се направи во стаклената бавча и со цвеќето; каде да се наместат новите драпери, каде бифето и дали едно или две? и сè друго. И, одеднаш, среде најважната работа, нејзе ѝ дојде во главата да испрати кола по Степан Трофимович.

Тој веќе одамна беше известен и готов и секој ден очекуваше токму ваква ненадејна покана. Седнувајќи во колата, тој се прекрсти: се решаваше неговата судбина. Својата пријателка ја најде во големата сала; седеше на мал отоман во нишата крај мало мермерно масиче, со молив и хартија во раката. Фомушка со аршин ја премеруваше височината на галеријата и прозорците, а Варвара Петровна лично ги запишуваше бројките и отстрана правеше забелешки. Не прекинувајќи ја работата, таа мавна со главата спрема Степан Трофимович, а кога тој пропелтечи некаков поздрав, таа брзо му ја подаде раката, и не гледајќи, му го покажа местото крај себе.

— Седев и чекав пет минути, „угушувајќи си го срцето“ — ми раскажуваше тој подоцна. — Не ја гледав веќе пред себе онаа жена што ја познавав веќе дваесет години. Полното уверување дека на сè му е дојден крајот ми даде сила; и тоа толку, што таа се зачуди. Се колнам, таа во тој последен момент беше восхитена од мојата решителност.

Варвара Петровна одеднаш го спушти моливот на масичката и брзо се сврти кон Степан Трофимович:

— Степане Трофимович, ние треба да разговараме за работата. Уверена сум дека сте ги подготвиле сите свои сјајни и накитени зборови и разни изреки, но подобро ќе биде да се премине право на работата, така ли е?

Тој се тргна. Таа премногу брзаше да го покаже својот тон; што ќе биде потаму?

— Почекајте, молчете, пуштете јас да зборувам, па потоа вие; иако, навистина, не знам што би можеле вие мене да ми кажете? — продолжи таа со голема брзина. — Илјада и двесте рубли, како ваша пензија, до крајот на вашиот живот, тоа го сметам како своја света должност; тоест, зошто света должност, кога е тоа проста спогодба; така е многу пореално, нели? Ако сакате, ние тоа и ќе го напишеме. Во случај на мојата смрт, направен е посебен распоред. Но вие денес преку тоа добивате уште и стан и послуга, целото издржување. Ако го претвориме тоа во пари, тоа ќе бидат илјада и петстотини рубли, нели? Да ги додадеме уште посебните триста рубли, сè на сè три илјади годишно. Дали ви е доста тоа? Ми се чини не е малку? Во највонредните случаи, да речеме, јас уште ќе додадам. И така, земете ги парите, вратете ми ја послугата и живејте сам за себе, каде што сакате, во Петроград, во Москва, во странство или овде, само не кај мене. Слушате?

— Неодамна, истата таа уста, исто така доследно и исто така брзо, ми нареди други барања — проговори Степан Трофимович полека и со тажна јасност... — Јас ги примав... играв казачок по ваша волја;

да, тоа споредување може да се допушти. Тоа беше токму како оној донски козак кој игра на својот сопствен гроб. Денес...

— Застанете, Степане Трофимович. Вие страшно многу зборувате. Вие не игравте, туку дојдовте со нова вратоврска, во нови алишта, со нараквици, навалкани и намирисани. Ве уверувам дека токму и самиот многу сакавте да се ожените; тоа беше запишано на вашето лице, и верувајте, тоа беше најотмен израз. А тогаш не го забележав тоа единствено поради деликатност. Но вие сакавте, сакавте да се ожените, без оглед на одвратностите што интимно сте ги пишувале за мене и за својата сврштеничка. Денеска повеќе за тоа нема збор. И што бара тогаш тука некаков донски козак над некаков ваш гроб? Не го разбирам тоа споредување. Напротив, не треба да умрете, туку да живеете, да живеете колку што можете повеќе. Мене тоа ќе ми биде многу мило.

— Во домот за старци?

— Во дом? Со три илјади приход не се оди во дом. Аха, си спомнувам! — се насмевна таа. — Навистина, Петар Степанович еднаш се пошегува за сметка на тој дом. Но да, оној дом за кој тогаш стана збор, тоа е дом за кој вреди да се поразмисли. Тоа е дом за најугледни личности; таму има и полковници, а сега таму сака да оди и еден генерал. Да отидете вие, со сите свои пари, ќе најдете мир, изобилство, услуга. Таму ќе се занимавате и со науките и секогаш ќе можете да составувате партија преферанс...

— Да го оставиме тоа.

— Да го оставиме? — Варвара Петровна се вкочани. — Во таков случај сѐ е речено; соопштено ви е дека отсега ќе живееме секој за себе.

— Значи, тоа е сѐ? Сѐ што останало од дваесетте години? Вашето последно проштење?

— Вие, Степане Трофимович, страшно сакате да се извикувате. Тоа денес ни малку не е во мода. Тие зборуваат грубо, но просто. Не ви излегуваат од ум нашите дваесет години! Дваесет години самољубие од двете страни, и ништо повеќе. Секое ваше писмо упа-

тено до мене не е писмо за мене, туку за поколенијата. Вие сте стилист, а не пријател; пријателство — тоа е само прославен збор, а всушност: заемно истурање помија...

— Господи, колку многу туѓи зборови! Запомнето предавање! Тие веќе и вам ви го облекле својот мундир! И вие сте радосна, и вие, исто така, се сончате! Драга, драга, за некој сад леќа ја продадовте слободата!

— Јас не сум папагал да повторувам туѓи зборови, — пламна Варвара Петровна. — Бидете уверен дека во мене се насобрале доста мои зборови. Што направивте вие во тие дваесет години за мене? Дури не сакавте да ми ги давате ни книгите што за вас ги порачував и кои, да не беше книговезницата, ќе останеа нерасечени. Што ми дававте за читање, кога во оние први години ве молев да ме упатувате? Само Капфиг, Капфиг, роман и роман. Вие му завидувавте дури на моето развивање и го одмерувавте. Меѓутоа, сите ви се смееја. Признавам, јас отсекогаш во вас гледав само критичар; литературен критичар и ништо друго. Кога на патот за Петроград ви реков дека имам намера да основам весник и дека нему сакам да му го посветам целиот свој живот, вие веднаш иронично ме погледнавте и бевте премногу надмен.

— Не беше така, не... ние тогаш се плашевме од прогонство...

— Токму така беше; а во Петроград вие немавте да се плашите од никакви прогонства! Си спомнувате потем, во февруари, кога се расчу она, веднаш во страв дотрчавте кај мене и баравте да ви дадам уверување во облик на писмо дека весникот за кој станува збор ни малку не е ваша грижа, дека момчињата доаѓаат кај мене, а не кај вас, и дека сте вие само домашен учител кој живее во иста куќа, затоа уште не сте добиле плата — зарем не беше така? Го помните тоа? Вие, Степан Трофимович навистина целиот свој век сте се одликувале.

— Тоа беше само еден момент на слабост, момент во четири очи! — извика тој болно. — И зарем на-

вистина сега сè ќе се раскине поради таквите значајни работи? Зарем помеѓу нас во толкавата низа години ништо не се сочувало?

– Вие страшно многу пречите! Вие сакате сè така да направите што јас да останам уште и должна. Кога се вративте од странство ме гледавте од височина, не ми дадовте ни збор да прозборам. А кога отпатував и јас, па по разговорот со вас за Мадоната, не ме ни слушавте и почнавте надмено да се насмевнувате во елекот, како јас да не сум можела да ги имам истите чувства како вас.

— Тоа сигурно не било затоа, веројатно, не било затоа. Сум заборавил.

— Не, не, токму затоа, а немавте навистина за ништо пред мене да се гордеете, зашто сето тоа беше глупост и единствено ваша измислица. Денес никој, никој повеќе не се одушевува од Мадоната, ниту губи време на тоа, никој освен заостанатите старци! Тоа е докажано.

— Веќе и докажано?

— Мадоната совршено за ништо не користи. Оваа чаша е покорисна, зашто во неа може да се тури вода; овој молив е покорисен, зашто со него може сè да се напише. А тоа е женско лице, полошо од секое природно лице. Обидете се да насликате јаболко и крај него да ставите вистинско јаболко. — Кое ќе го земете? Нема да се измамите, мислам. Ете, на што се сведуваат сите наши теории, штом ќе ги осветли првиот зрак на слободното испитување.

— Така е, така е!

— Вие иронично се насмевнувате. А што ми зборувавте, на пример, за милоста? Меѓутоа, задоволството од милоста е гордо и неморално задоволство, задоволство на богатиот од своето богатство, од својата вредност со вредноста на сиромавиот. Милоста го расипува и оној што ја дава и оној на кога му се дава, а на тоа згора не постигнува насока, зашто само го зголемува сиромаштвото. Безделниците, оние што не ја сакаат работата, се собираат околу оние што даваат, како комарџии околу маса, надевајќи се дека ќе добијат во играта. Меѓутоа, оној жалосен грош, што им

се фрла недостасува ни за стотиот дел од потребите. Дали вие во вашиот живот сте раздале многу? Осум гривеници, можеби, и не повеќе; приспомнете си! Потрудете се да се сетите кога последен пат сте дале нешто — ќе има две години, а може да се рече и четири. Вие зборувате крупни зборови, а само им пречите на нештата. Милоста веќе и во денешново општество мора со закон да се забрани. Во новото општество и ќе нема сиромаштија.

— О, какво истурање на туѓи зборови! Така, значи, веќе дојдовме и до новото уредување на општеството? Несреќнице, господ нека ви е на помош!

— Да, дојдовме, Степане Трофимович, вие грижливо ги криевте од мене сите нови идеи, денес веќе на сите познати, и сте го правеле тоа единствено од љубомора, за да имате моќ над мене. Сега дури и онаа Јулија е на сто врсти пред мене. Но сепак и јас прогледав. Сепак ве бранев, Степане Трофимович, колку што можев; зашто просто сите ве осудуваат.

— Доста! — Тој сакаше да се поткрене од местото. — Доста! И што би имал сега јас да ви посакам освен покајување?

— Седете за час, Степане Трофимович. Имам уште да ве прашувам. Вие знаете дека сте повикан да држите предавање на литературниот митинг; тоа го наредив јас. Кажете ми што ќе читате.

— Па, ете, токму за таа кралица над кралиците, за тој идеал на човештвото, за Сикстинската Мадона, која според вашето мислење не вреди ни колку чаша или молив.

— Значи не од историјата? — се изненади Варвара Петровна тажно. — Но тие не ќе сакаат да ве ислушаат. Вам таа Мадона не ви излегува од главата! Какво задоволство ви е тоа да ги успиете луѓето? Бидете уверен, Степане Трофимович, јас зборувам единствено во ваша корист. Зарем е тешко да се земе некаква куса, но интересна приказна од средновековниот дворски живот, од шпанската историја, подобро речено, една анегдота и тоа уште да се дополни со други анегдоти и со своите духовити забелешки. То-

гаш имало прекрасни дворци и какви госпоѓи, па труења! Кармазинов вели дека би било чудно кога ни од шпанската историја не би се нашло ништо интересно.

— Кармазинов, тој празноглав глупак, бара тема за мене!

— Кармазинов, тој скоро царски ум! Вие сте премногу смел во јазикот, Степане Трофимович.

— Вашиот Кармазинов е стара, истрошена, озлобена баба! Драга, драга, дали одамна вас тој така ве освоил, о господи!

— Јас ни денес не го трпам, зашто се фали; но му оддавам признание на неговиот ум! Повторувам, јас ве бранев со сите сили, колку што можев. И зошто сакате да се прикажете толку смешни здодевни? Напротив, излезете на говорницата со чесна насмевка, како претставник на минатиот век, и раскажете три анегдоти со целата своја духовитост, онака како што само вие понекогаш умеете да раскажувате. Ако сте старец, ако сте од минатиот век, бидете, најпосле, заостанат зад нив, но вие тоа со насмевка самиот ќе го признаете во уводот и сите ќе почувствуваат дека сте вие еден мил, добар, духовит остаток... Со еден збор, човек старински, но толку напреден што е во состојба да оцени на што излегува бесмисленоста на некои сфаќања по кои до денес одел. Значи, направете ми го задоволството, јас ве молам.

— Драга, доста беше! Не барајте, не можам. Ќе зборувам за Мадоната, но ќе кренам бура што или сите нив ќе ги здобие или единствено мене ќе ме упропасти!

— Сигурно единствено вас, Степане Трофимович.

— Тогаш, таква ми е судбината! Ќе зборувам за оној беден и смрдлив роб и расипан лакеј кој прв ќе се качи на скалите со ножиците во раката да го исече божествениот лик на големиот идеал... во името на еднаквоста, зависта и — во името на варењето. Нека загрми моето проклетство, а потоа, потоа...

— Во лудата куќа?

— Можеби. Во секој случај, победен или победник, јас уште истата вечер ќе ја земам торбата, ќе го оставам својот имот, сите ваши подароци, сите потпори и ветените идни добра и ќе заминам, пеш, да го завр-

шам животот како воспитувач кај некој трговец, или да умрам од глад на некој плот. Реков. Alea jacta est![1]

Тој пак се поткрена.

— Јас бев уверена — се поткрена Варвара Петровна и светна со очите, веќе со години уверена дека вие живеете накрај за и мене и мојата куќа да ја осрамотите со клевета. Што ќе рече тоа ваше: воспитувач кај трговец, или смрт на плот? Пакост, интригантство и ништо повеќе!

— Вие секогаш сте ме презирале, но јас ќе завршам како рицар верен на својата дама, зашто вашето мислење за мене секогаш ми било од сè помило. Од овој час веќе не примам ништо од вас, а ќе читам без награда.

— Колку е глупаво тоа!

— Вие никогаш не сте ме ценеле! Знам, имав безброј слабости. Да, јадев од вашето, речено со јазикот на нихилизмот. Но да се јаде од туѓите садови, тоа никогаш не било принцип на моите постапки. Тоа се случи онака, само од себе, не знам ни јас како... Јас секогаш сум мислел дека меѓу нас има и останува и нешто повеќе од јадењето и... јас никогаш и никогаш не сум бил никаквец... И така, тргам на пат, да ја поправам работата! На доцен пат! Надвор е доцна есен, маглата ги притиска полињата; леден, бел скреж ја покрива мојата идна врвица, а ветерот ја лелека песната за скориот гроб... Но на пат, на пат, на нов пат:

„Со љубов чиста полн,
верен на слаткиот сон..."

О, збогум мои соништа! Дваесет години! Alea jacta est!

Солзите одеднаш му потекоа низ лицето; тој си ја зеде шапката.

— Јас не разбирам латински — проговори Варвара Петровна совладувајќи се со сета сила.

Којзнае, можеби и таа ќе се расплачеше; но лутината и самоволието уште еднаш зедоа замав.

---

[1] Зарот е фрлен, т.е. на крајот се решив.

— Знам само едно, а тоа е дека сето ова е шега. Никогаш вие не ќе бидете во состојба да ги остварите своите заканувања, полни со егоизам. Нема никаде да отидете, кај никаков трговец; туку мошне спокојно ќе завршите на моите раце, примајќи поткрепа и собирајќи во вторник неприлегани пријатели. Збогум, Степане Трофимович.

— Alea jacta est! — длабоко се поклони тој и се врати дома одвај жив од возбуда.

ШЕСТА ГЛАВА

ПЕТАР СТЕПАНОВИЧ НА РАБОТА

I

Денот на свеченоста беше дефинитивно утврден, а Фон Лемпке станувaше сè поневесел и позамислен. Беше полн со кобни и чудни насетувања, а тоа Јулија Михајловна многу ја вознемируваше. Навистина, и не беше сè на свое место. Нашиот поранешен губернатор, човек благ и мек, не ја остави установата сосема во ред; ни се заканувaше колера, во некои места пцовисуваше добитокот; по градовите и по селата цело лето беснееја пожари, а во народот сè подлабоко и подлабоко се всадуваше неоснованото и глупо незадоволство, сè повеќе се брбореше за намерни палежи. Кражбите, според досегашните размери, станаа двојни. Но сето тоа, се разбира, ќе беше не повеќе од обична работа, ако немаше преку тоа и други, претежни причини што го нарушуваа мирот на досега среќниот Андреј Антонович.

Јулија Михајловна сè повеќе ја изненадуваше дека тој со секој ден е помолчалив, чудно, сè позатворен. Што ќе има да крие? Притоа, тој ретко ѝ правеше забелешки, обично во сè ја слушаше. На нејзино навалување, на пример, спроведени се две-три вонредно опасни, безмалку не и незаконски мерки, за да се зацврсне губернаторовата власт. Со истата намера беа направени неколку злокобни попуштања; на луѓе, на пример, што заслужиле судење и Сибир, им беше ставена во изглед награда, пак на нејзино навалување. На некои жалби и молби беше наредено да не се одговори. (Најодзади сето тоа излезе на видело.) Лемпке,

не само што потпишуваше сѐ, туку дури и не размислуваше за прашањето во колкава мера неговата жена соработува во вршењето на неговата лична должност. Понекогаш одеднаш сепак ќе земеше упорен став поради „највисока ситница“ и ја зачудуваше Јулија Михајловна. Беше разбирливо дека по цели денови послушност чувствуваше потреба себеси да се награди со безначајните моменти на некој отпор. За жал, Јулија Михајловна, и покрај целата своја проникливост, не можеше да ја сфати таа благородна црта на благородниот карактер. Ниту се грижеше за неа, па така дојде до многу недоразбирања.

Мене не ми е потребно, а не ќе умеам ни да раскажувам за тие разни административни грешки; сосема ја отстранувам целата административна работа. Кога ја започнував оваа хроника, си поставив пред себе сосема друга задача. Освен тоа, многу нешта ќе се обелоденат во текот на иследувањето што е одредено во нашата губернија; треба само малку да се почека. При сето тоа сепак ќе бидат потребни некои разјаснувања.

Но, да продолжам за Јулија Михајловна. Кутрата госпоѓа (јас многу ја жалам) можеше да постигне сѐ што толку ја привлекуваше и ја примамуваше (славата и другото) без сите оние силни и ексцентрични движења со кои се предаде од првиот чекор меѓу нас. Но, дали од некое изобилство на поезија, дали поради долгите и тажни неуспеси на првата младост, таа одеднаш, со промената на судбината, се почувствува некако особено повикана, без малку не и миропомазана, „над која се распламтил овој јазик“; а во тој јазик токму и беше злото: тој јазик секако не е шињон, па туку онака да ја покрие која и да е женска глава. Но најтешко е да се убеди жената токму во таа вистина. Напротив, оној што само ѝ одобрува, тој ќе успее; а ѝ одобруваа на Јулија Михајловна како за облог. Набрзо таа стана играчка на најразлични влијанија; а во исто време, и тоа за кратко време на нејзиното губернаторување, си вообрази дека е мошне индивидуална. Многу вешти мајстори си ги топлеа рацете кај неа и се користеа со нејзината простодушност. И каква сѐ

каша тука се вареше под форма на нејзината независност! Нејзе ѝ се допаднаа крупните земјосопственици, и аристократскиот елемент, и зацврстувањето на губернаторската власт, и демократскиот елемент, и новото уредување, и редот, и слободоумноста, и некои социјални идеички, и строгиот тон на аристократскиот салон, и распуштеноста на младината околу неа, одвај не кафеанска распуштеност. Таа фантазираше да ја дели среќата, да го измирува она што е непомирливо, поточно, сѐ и сешто да соедини околу себе во обожавањето на нејзината сопствена личност.

Таа имаше посебни љубимци; Петар Степанович, кој влијаеше на неа со најбанално ласкање, многу ѝ се допаѓаше. Но тој ѝ се допаѓаше и од друга причина, една од ретките причини што е карактеристично за таа госпоѓа; таа постојано се надеваше дека тој еден ден ќе ѝ открие заговор против државата! Тешко е да се замисли тоа, но беше така. Нејзе од некаде ѝ се чинеше дека во губернијата сигурно се крие некој заговор против државата. Петар Степанович, со своето молчење во една а навестувањето во друга прилика, постигна таа нејзина чудна идеја сосема да се вкорени. Таа замислуваше дека тој е во врска со сѐ револуционерно што постои во Русија, а во исто време дека нејзе ѝ е верен до обожување. Откривањето на заговорот, благодарноста од Петроград, напредокот во кариерата, влијанието на младината за да се задржи таа на работ од пропаста — сето тоа си најде место во нејзината фантастична глава. Таа Петар Степанович навистина веќе го спаси, го покори (во тоа, којзнае поради што, беше непоколебливо уверена), па ќе ги спаси и другите. Никој, никој од нив нема да пропадне, сите ќе ги спаси таа! Таа ќе ги подели на категории, таа за нив и пријава ќе поднесе; ќе работи со најголема справедливост — па целиот руски либерализам, а можеби и историјата, ќе го благословува нејзиното име. Но заговорот, се разбира, ќе биде обелоденет. Сите користи одеднаш!

Меѓутоа, сепак беше потребно Андреј Антонович барем за свеченоста да биде малку поведар. Требаше како — така да се развесели и да се смири. Со таа

намера таа го прати кај него Петар Степанович; се надеваше дека тој на некаков начин ќе ја отстрани неговата невеселост. Можеби со некое соопштение, така да се рече од прва рака. Наполно веруваше во неговата умешност.

Петар Степанович веќе одамна не беше во кабинетот на господинот Фон Лемпке. Тој побрза кај него токму во оној час кога болниот беше во особено растеглива душевна состојба.

II

Излезе една комбинација што Фон Лемпке никако не можеше да ја објасни. Во околијата (токму онаа во која Петар Степанович до неодамна се веселеше со офицерите) еден потпоручник доби устен укор од својот непосреден претпоставен. Тоа е направено пред целата чета. Потпоручникот беше уште млад; скоро дојден од Петроград, секогаш молчелив и намуртен, на вид достоинствен, иако мал по раст, дебел, со црвени образи. Тој не можеше да го поднесе укорот, туку одеднаш, со необичен и неочекуван врисок, кој ја изненади целата чета, ја сведна главата некако диво, полета на командирот и го удри со сета сила и го касна за рамото. Со сила го одвоија од него. Без сомневање полудел; се покажа дека во последно време навистина правел невозможни работи. На пример, од својот стан исфрлил две икони на домаќинот; едната ја исекол со секира; а во својата соба, божем во три реда, ги поставил делата на Фогтов, Молешотов и Бихнер, и пред секое запалил по една свеќа. По бројот на книгите најдени кај него можело да се заклучи дека многу читал. Да имал педесет илјади франкови, можеби ќе отворел на Маркиските острови, како оној кадет кого господин Херцен го споменува во едно од своите дела, со мошне многу хумор... Кога поручникот по оној настан го фатиле, во неговите џебови и во неговиот стан нашле цел куп најврели прогласи.

Тие прогласи сами по себе биле неважни. Зарем малку слични сме виделе во последно време! Не беа ни нови, туку токму онакви какви што се, како што се зборуваше потем, растурени по Х-ска губернија; Липутин, кој пред месец и половина патуваше по околијата, и одеше во соседната губернија нè уверуваше дека тој тогаш видел исти такви ливчиња. Но Андреј Антонович сепак се вџаши, дотолку повеќе дека управникот на фабриката на Шпигулини во истото време донесе во полицијата два или три топа листови наполно исти со оние што ги нашле кај потпоручникот; преку ноќ биле внесени во фабриката. Уште не беа отворени, па така ниеден работник не стасал да го прочита прогласот. Фактот беше прилично безначаен, но Андреј Антонович се замисли. Работата му се стори немило замрсена.

Тогаш во таа фабрика на Шпигулини само што беше започнал „случајот на Шпигулини“, за кој подоцна имаше толку многу викање кај нас и кој со многу варијанти премина и во петроградските весници. Имено, пред три недели се разболе од азиска колера и умре еден работник, а потоа се разболија уште неколцина. Луѓето во градот се исплашија, зашто колерата доаѓаше од најблиската соседна губернија. Напоменувам, дека кај нас веднаш беа преземени санитарни мерки за да се одбие неповиканиот гостин. Меѓутоа, фабриката на Шпигулини не беше затворена, луѓе милионери и со врски. Одеднаш сите извикаа дека токму во фабриката се крие леглото и расадникот на болеста: дека и во фабриката и во работничките станови владее таква нечистотија што колерата, дури и да ја нема, таму морала да избие. Андреја Антонович енергично бараше мерките веднаш да се применат и во фабриката. За три недели фабриката ја исчистија; но Шпигулин постојано живееше во Петроград, а другиот, кога власта го нареди чистењето, отпатува во Москва. Управникот тогаш го презеде пресметувањето со работници, и, како што се виде, при тоа дрско ги измамувал. Работниците мрмореа, бараа справедлива пресметка па, во своето незнаење, отидоа и во полицијата. Впрочем, ни приближно не се бунеа толку

колку што се пишуваше за тоа. Во тој момент, ете, управникот му ги донесе оние прогласи на Андреј Антонович.

Петар Степанович без пријава влета во кабинетот на Фон Лемпке како добар пријател и свој човек, а на тоа згора и со порака од Јулија Михајловна. Кога го здогледа Фон Лемпке многу се смрачи и нељубезно застана кај масата; дотогаш одеше по собата и за нешто во четири очи расправаше со чиновникот од својата канцеларија Блумер, необично несмасен и намуртен Германец, кого тој, без оглед на најсилната опозиција на Јулија Михајловна, го доведе со себе од Петроград. Кога влезе Петар Степанович, чиновникот се повлече до вратата, но не излезе. На Петар Степанович дури му се стори дека тој со својот претпоставен некако значајно се погледна.

— Аха, сега ве фатив, прикриен началник на градот — извика Петар Степанович смеејќи се и ја стави раката на прогласот што беше на масата; — ова ќе ја зголеми вашата збирка нели?

Андреј Антонович пламна. Нешто одеднаш како да ги искриви сите негови црти.

— Оставете го тоа, веднаш оставете го! — извика растреперен од гнев, — не осмелувајте се... господине...

— Што ви е? Вие како да се лутите?

— Допуштете да ви напомнам, господине, дека отсега ни најмалку не сум расположен да ја трпам вашата безобѕирност, и ве молам да се сетите...

— Ух, по ѓаволите! па вие тоа вистински!

— Молчете, молчете! — почна Фон Лемпке со ногата да удира по килимот, и не осмелувајте се...

Господ знае до што ќе дојдеше. Покрај сè друго, имаше уште една околност што беше причина за гневот на губернаторот, околност непозната за Петар Степанович, па и за Јулија Михајловна. Несреќниот Андреј Антонович, во својата растроеност, веќе дојде и до тоа што последните денови беше љубоморен на Петар Степанович поради жената, не покажувајќи го тоа. Насамо, особено ноќе, имаше мошне немили моменти.

— А јас мислев кога некој два дена едноподруго до пополноќ и насамо ќе го чита својот роман и го бара вашето мислење, дека тој веќе излегол од формалните официјалности ... Јулија Михајловна, меѓутоа, ме прима просто и пријателски; како да знае сега човек на што е! — рече Петар Степанович дури со некое достоинство. — Еве ви го, патем, и вашиот роман — тој спушти на масата голема и тешка тетратка свиткана во труба, цврсто завиткана во сина хартија.

Фон Лемпке поцрвени и се збуни.

— Каде ја најдовте? — внимателно запраша тој, со прилив на радост, што не можеше да ја совлада иако ја совладуваше со сета сила.

— Замислете, како што беше свиткана во труба, се истркалала зад шифоњерот. Веројатно тогаш, кога дојдов дома, незгодно сум ја фрлил на шифоњерот. Тетратката ја најдоа дури кога го миеја подот. Ама ми зададовте вие мене работа!

Лемпке со оправдана чувствителност ги симна очите.

— Не спиев, две ноќи едноподруго, поради вашата добрина. Ја најдовме тетратката уште оној пат, но ја задржав, постојано ја читав; и, бидејќи дење немам кога, читав ноќе. И, и ... не сум задоволен! Не е по моја мисла ни вкус! Но, тоа не е важно, никогаш не сум бил критичар! Но, драги мои, сепак не можам да се одвојам од текстот макар и незадоволен! Четвртата и петтата глава тоа е ... тоа е ... ѓавол ќе го знае што е! Па вие просто сте преполн со хумор, силно се смеев. Навистина што умеете да предизвикате смеа ... а сè божем не сакајќи! А она во деветтата, десеттата глава, она за љубовта, тоа, впрочем, не ме интересира; сепак, ефектно е. А на писмото на оној Игрињев за малку што не ме расплака, иако мошне фино сте го карикирале ... знаете, чувствително е тоа писмо, а во исто време вие како да сакате да го истакнете од лажната страна. Така ли е? Погодив? Или не? Е, а што се однесува до крајот, просто би ве натепал. Каква идеја таму спроведувате? Она старинско обожување на семејната среќа, намножување на децата, на капиталот,

да се живее поради уживање и богатството да тече!... Читателите сигурно ќе ги плени, зашто, ете, ни јас не можев да се одвојам од книгата, но дотолку е непријатен тогаш таквиот крај. Читателот останува исто толку глуп колку и пред тоа; а би требало умни луѓе да зборуваат во книгата... а кај вас... но ајде, доста за тоа, збогум! Другпат немојте да се лутите; дојдов да ви кажам само два збора, угодни; а вие денеска некако...

Андреј Антонович, меѓутоа, го зеде својот роман, го затвори во дабовиот долап за книги, под клуч; потем успеа на Блумер да му даде знак да се изгуби. Блумер, со лице растегнато и тажно, исчезна.

— Јас не сум ваков и онаков, туку просто, само непријатности, — промрмори тој намуртувајќи се, но веќе без гнев и седна на масата; — седнете и кажете ми ги тие два збора. Одамна не сум ве видел, Петре Степанович. Само немојте другпат така да упаѓате, на ваш начин... во работата тоа понекогаш...

— Јас секогаш имам еден начин...

— Знам, и верувам дека тоа не го направивте намерно, но понекогаш, кога е човек така во деловни грижи... но... седнете!

Петар Степанович се испружи на диванот и ги свитка нозете под себе.

III

— А какви се тие деловни грижи? Да не се овие глупости? — тој мавна со главата кон прогласот. — Јас ќе ви довлечкам такви ливчиња колку што сакате, ги видов уште во Х-ска губернија.

— Во времето кога живеевте таму?

— Па, се разбира; секако не во времето на отсуство. А оној што го видов јас имаше и вињетка — горе, во врвот, нацртана секира. Допуштете (тој го зеде прогласот) па да, и овде има секира, иста таква, иста.

— Да, секира. Ја гледате секирата.

— А вие се исплашивте од секирата?

— Не од секирата... ниту се уплашив; но таа работа, тоа е работа... има тука и некои посебни околности.

— Какви? Дека прогласите се донесени од фабриката? Хе-хе. А знаете ли дека работниците од таа фабрика кај вас набрзо и самите ќе почнат да пишуваат прогласи.

— Како тоа? — сериозно се зачуди Фон Лемпке.

— Па така. Внимавајте на нив! Вие сте премногу мек, Андреј Антонович; пишувате романи. Овде вреди да се држат старите мери.

— Како старите мери, какви се тие совети? Фабриката е исчистена; заповедав и исчистена е.

– А меѓу работниците бунт. Да се натепаат треба сите по ред, па крај.

— Побуна? Сешто! Заповедав и сè е исчистено.

— Ех, Андреј Антонович, мек човек сте вие.

— Јас, прво, не сум баш толку мек човек, а второ... — Фон Лемпке пак се почувствува погоден. Со Петар Степанович разговараше сосила, од љубопиство, само за да дознае нешто од „мамзлакот".

— А-а, пак старата познаничка! — му упадна во зборот Петар Степанович, покажувајќи сега на друга хартија под попивката; — пак нешто како проглас, печатен очигледно негде надвор од границата, но во стихови. Види, па јас ова го знам напамет: „Светла личност"! Ајде да го погледнеме малку... така „светла личност". Позната ми е таа личност, уште од странство. Каде сте ја ископале?

— Рековте дека тоа сте го виделе во странство? — се тргна Фон Лемпке.

— Ами како! Пред четири месеци, или и пет.

— Вие навистина многу сте виделе настрана — рече Фон Лемпке со префинет поглед.

Петар Степанович, не слушајќи го ја разви хартијата и гласно ја прочита оваа песна:

Тој не беше од познат род
тој е дете од народ.
Но од одмаздата бркан царска
лошата завист бољарска,

го прими на себе крстот на страдањето;
казна, мака, мачење,
и му објави на сиот народ
братство, еднаквост, слобода.

Дигајќи ја угнетената маса
го избегна туѓиот крај
поради царските казамати,
маките, клештите и целатот.

А народот со чиста душа
готов е да стане веднаш;
од Смоленск до Ташкент
жедно го чека својот студент.

Чека без поговор
да тргне на злотворот,
со болјарите да расчисти,
мракот и царството да го уништи
сопственоста општа да ја стори
црквата, бракот и семејството,
на стариот свет злотвори.

— Мора и тоа да е земено од оној офицер, нели? — запраша Петар Степанович.

— А вие повеливте да го познавате и тој офицер?

— Уште како. Со него пиев два дена. Најпосле, морал да се споулави.

— А можеби и не поулавел?

— Секако не почнал да гризе поради тоа?

— Но, допуштете; ако сте ја виделе вие таа песна уште во странство, па потем таа се нашла кај тој офицер . . .

— Како? Духовито, навистина! Вие, Андреј Антонович како што гледам, мене ме испитувате? Видете, — почна тој одеднаш со необична важност — јас за сè што видов во странство, штом се вратив, дадов на извесно место објаснувања и моите објаснувања се примени со задоволство. Инаку не ќе можев овој град да го направам среќен со своето присуство. Сметам, дека моите работи во таа смисла се извршени и не сум

должен никому да му давам сметка. А извршени се не дека сум јас поткажувач, туку затоа што поинаку и не можеше да биде. Тие што, знаејќи за работата, ѝ пишаа на Јулија Михајловна за мене, пишуваа како за исправен човек... Туку, сето тоа по ѓаволите, а јас дојдов да ви кажам една сериозна работа, и добро е дека го отпуштивте оној ваш оџачар. Работата е важна за мене Андреј Антонович; ќе имам една посебна молба до вас.

— Молба? Хм... имајте добрина... јас чекам, и тоа, признавам, со љубопитност. Воопшто, морам да додадам, вие мене прилично ме изненадувате, Петар Степанович.

Фон Лемпке беше возбуден. Петар Степанович префрли нога преку нога.

— Во Петроград — почна тој — бев во поглед на многу работи отворен; но во поглед на некои, еве, на пример, на оваа (тој чукна со прстот по „светла личност“) јас молчев. Прво затоа што не вреди да се зборува; а второ затоа што зборував само за она за што бев прашуван. Не сакам во таа смисла да се истрчувам; во тоа ја гледам разликата помеѓу никаквецот и чесниот човек кого што поради нешто околностите го приклештиле, но засега тоа настрана... Добро; но сега... сега кога тие глупаци... тоест, кога сето тоа излезе на видело, и веќе е и во вашите раце, а од вас, гледам, не може да се скрие... зашто вие сте човек кој има очи и на кој не може лесно да му се подвали... а тие глупаци го продолжуваат своето: јас... јас... па да, јас, со еден збор, јас дојдов да ве замолам да ме спасите од еден човек, пак еден глупак, можеби и луд човек, со оглед на неговата младост, несреќа... со оглед на вашата хуманост... Секако, не сте хуман само во романите од сопствена изработка! — го прекина тој говорот со груб сарказам и нетрпение.

Со еден збор, тука стоеше човек искрен, но со изобилство свои хумани чувства и, можеби незгодности, невешт и неполитичен, и, што е главно, човек ограничен, како што Фон Лемпке веднаш со ретка проникливост го оцени и како што веќе одамна за него и мислеше, особено во текот на минатата недела кога

самиот, во кабинетот, особено ноќе, го караше во себе колку што можеше полошо поради неговите необични успеси кај Јулија Михајловна.

— За кого молите и што значи сето тоа? — распрашуваше тој со достоинство, настојувајќи да ја прикрие својата љубопитност.

— Тоа... тоа е... по ѓаволите... не сум јас виновен дека верувам во вас! Што сум јас виновен дека ве сметам за најблагороден човек и што е главно, за човек бистар... значи, способен да разбере... по ѓаволите...

Кутриот, очигледно не умееше да се снајде.

— Вие, најпосле, ќе разберете — продолжи тој — вие ќе разберете дека јас, ако го изговорам тука неговото име, всушност јас ќе ви го предадам в раце; ќе ви го предадам, нели? Така ли е?

— А како да го погодам јас кога вие не се решавате да го кажете?

— Тоа е она, вие секогаш со таа своја логика му ги потсекувате на човека нозете... по ѓаволите... Нека го носи ѓаволот! „Светлата личност", тој „студент" — тоа е Шатов... Ете ви, сега знаете сè!

— Шатов? Тоест, како тоа, Шатов?

— Шатов, тоа е „студентот" кој, еве, овде се спомнува. Тој сега живее овде; бивш роб: оној, знаете, што удри шлаканица.

— Знам, знам! — Фон Лемпке замижа. — Но, сепак, допуштете, во што е неговата вина и, што е најглавно, за што се заземате вие овде?

— Па да се спаси тој, тоа молам; ете, разберете! Јас него, веќе осум години го познавам и можеби и пријател сум му бил — се возбудуваше Петар Степанович. Но, да, јас нема да ви поднесувам сметка за својот поранешен живот, — тоа овде не е важно. Сè на сè тоа се три и пол човека, а со оние од странство ги нема ни десетмина; туку, што е главно, јас се надевам на вашата хуманост, на вашиот ум. Вие ме разбирате: вие ќе ја прикажете работата во вистинската боја, а не како господ знае што, просто како глупава фантазија на мрднат човек... поради несреќа, разберете,

поради долготрајна несреќа... а не како некаковси таму, ѓавол ќе знае, противдржавен заговор...

Петар Степанович скоро се гушеше од ревност.

— Хм. Веќе гледам дека е виновен за прогласите со секирата — заклучи фон Лемпке скоро важно; — но, допуштете, ако е тој тука сам, како можел да ги растура прогласите и овде и во странство, па во Х-ска губернија и... најодзади, што е најглавно, како дошол до нив?

— Па нели ви велам дека тие се вкупно петмина, или премногу десетмина, од каде да знам!

— Вие не знаете?

— А зошто, по ѓаволите, да знам!

— Но при сето тоа, знаевте дека Шатов е еден од членовите?

— Ех! — мавна со раката Петар Степанович како да се оттргнува од притисокот на проникливоста на иследникот; — па добро, ќе ви ја кажам целата вистина: за прогласите не знам ништо, тоест толку колку и ништо... по ѓаволите, можеби разбирате што значи ништо?... Се разбира, тука е тој потпоручник, и уште некои... па можеби и Шатов, да, и уште некој, да... и тоа е тогаш сè. Не вреди за разговор... Мизерија... Но јас дојдов за Шатов да молам; него вреди да го спасиме, зашто ова е негова песна, негов сопствен состав и преку него е печатена во странство; тоа е што го знам сигурно, а за прогласите не знам ништо.

— Ако е песната негова, тогаш сигурно и прогласите се негови. Туку, какви се доказите што ве тераат да се сомневате во господинот Шатов?

Петар Степанович, со изглед на човек кого наполно го извадиле од трпение, го извлече од џебот бележникот, а од него едно писменце.

— Еве, го доказот! — викна тој и го фрли писмото на маса́та. Фон Лемпке ја разви хартијата; виде дека е писменцето пишувано пред половина година и одовде испратено негде во странство, кратко, во два збора:

„Светла личност“ овде не можам да ја печатам и ништо не можам; печатете таму во странство.

Ив. Шатов.“

Лемпке впери долг поглед во Петар Степанович. Токму рече Варвара Петровна дека тој има донекаде воловски поглед, особено понекогаш.

— Значи, еве што е — се тргна Петар Степанович; — тоа значи дека тој стиховите ги напишал овде, пред половина година, но не можел да ги печати овде, па да, во некоја, да речеме, тајна печатница, и затоа моли да се печатат во странство. Мислам дека е јасно?

— Да, јасно е, но кого го молел? Тоа уште не е јасно, гледате — ќе забележи Лепке со најлукава иронија.

— Кирилов, ете, најпосле! Писмото било упатено до Кирилов во странство ... Секако не сте го знаеле тоа? Криво ми е дека вие, можеби, само се преправате пред мене, а ваму одамна и одамна самиот знаете за таа песна и за сè! Од каде тоа да се најде на вашата маса? Како нашло пат довде? Зошто тогаш ме мачите?

Тој со згрчено движење ја избриша потта од лицето.

— Можеби навистина нешто ми е и познато ... — вешто го избегна одговорот Лемпке. — А кој е тој Кирилов?

— Па оној инженер, дошлак, оној што беше сведок на Ставрогин при дуелот; манијак, луд човек; вашиот потпоручник навистина е можеби само во алкохоличарско бунило, но овој е сосема луд, сосема, тоа го тврдам. Ех, Андреј Антонович, кога би знаела владата какви се всушност тие луѓе, сите по ред, на нив ниедна рака не ќе се крене. Сите по ред се луди; јас сум им се изнагледал во Швајцарија, и на конгресите.

— Таму, откаде што и се управува со тоа движење овде?

— А кој управува? Три и пол човека. Та само кога ги гледате, ве обзема мака. И какво е тоа „движење овде?" Мислите на прогласите? А кого го придобиле? Потпоручникот во алкохоличарско бунило, и два три студента! Вие сте умен човек, па затоа и ве прашам зошто со тоа движење не се согласуваат значајни луѓе, туку само студенти и незрели момчиња од 22 го-

дини? И, зарем ги има многу? Пуштиле милион кучиња да ги бараат, а дали најдоа мнозина? Седуммина. Ви велам, да ви се смачи.

Лемпке внимателно го ислуша, но со израз кој вели: „Славејчето нема да го нахраниш со басни“.

— Но, сепак, допуштете, вие ја имате добрината да тврдите дека писмото е адресирано за странство; но овде нема адреса, тогаш од каде знаете дека било упатено до господинот Кирилов, и токму во странство? И... и дека навистина го напишал господин Шатов?

— Е, тогаш најдете го ракописот на Шатов, па споредете. Кај вас во канцеларијата, без сомнение, ќе се најде некој негов потпис. А што се однесува до адресата на Кирилов, Кирилов писмото уште тогаш ми го покажа.

— Значи, вие самиот...

— Па се разбира, јас самиот... зарем мене малку таму ми покажуваа? А што се однесува до оваа песна? За неа велат дека на Шатов му ја напишал покојниот Херцен, додека по туѓина се скитал, како за спомен на среќавањето, како пофалба, за препорака, и така натаму по ѓаволите... а Шатов сега ја шири меѓу младината. Како да вели: Херценовото лично мислење за мене.

— Ту-ту-ту — се досети Лемпке најпосле; — јас затоа и мислам: добро, прогласи, тоа може да се разбере, но зошто е оваа песна?

— Ама како да не разберете!... А ѓаволот ќе ме знае зошто се расприкажав овде пред вас! Слушајте, дајте ми го вие мене Шатов, а сите други нека ги носи ѓаволот, па и Кирилов, кој сега се затворил во куќата на Филипов, каде што живее и Шатов, па молчи... Тие мене не ме сакаат затоа што се вратив... но, ветете ми го вие мене Шатов, па сите по ред на еден послужавник ќе ви ги послужам. Ќе бидам корисен, Андреј Антонович! Јас мислам дека целата таа жална толпичка ја сочинуваат сè на сè девет, девет луѓе. Јас сите ги набљудувам. Тројца веќе знаеме: Шатов, Кирилов и оној потпоручникон. Другите уште ги набљудувам... Впрочем, не сум сосема кусоглед. Тоа е како

во Х-ска губернија; таму фатија двајца студенти со прогласи, еден гимназист, двајца дваесетгодишни благородници, еден наставник и еден мајор во оставка на 60 години, споулавен од пиење, и тоа беше сè, верувајте ми, сè! Луѓето просто се зачудија дека е тоа сè... Мене ќе ми бидат потребни шест дена. Веќе пресметав: шест дена, побрзо не може. Ако сакате каков и да е резултат, не гибајте ги шест дена, а јас тогаш ќе ви ги врзам сите во една бовча. Но, ако ги гибнете порано, гнездото ќе се растури. Но, дајте ми го Шатов! Затоа и дојдов... Најдобро ќе биде да се викне тајно, и пријателски, макар овде во вашиот кабинет, и да се стави малку на испит: да се поткрене малку завесата пред него... тој сигурно сам ќе ви падне пред нозе и ќе се расплаче! Тоа е човек нервозен, несреќен, жена му се забавува со Ставрогин. Поласкајте му малку, и тој самиот сè ќе ви издаде. Но, потребни се шест дена. А што е главно, што е главно на Јулија Михајловна ни збор. Тајна. Дали можете да чувате тајна?

— Како? — Лемпке ги ококори очите — па зарем вие ништо не сте ѝ довериле... на Јулија Михајловна?

— Нејзе? Зачувај ме и помилувај ме господе! Ехе, Андреј Антонович! Видете, јас нејзиното пријателство особено го ценам и неа високо ја почитувам, и, веќе онака, се... но нема да згрешам. Јас нејзе не ѝ противречам, зашто како што знаете и самиот опасно е нејзе да ѝ се противречи. Можеби сум ѝ подрекол нешто, зашто таа тоа го сака, но да ѝ ги кажам имињата, како сега вам, или веќе што и да е, ехе, брате! Зошто се обраќам сега до вас? Затоа што сте маж, човек сериозен, со старо темелно службено искуство. Вие многу сте виделе. Јас мислам дека вие, уште по примерите од Петроград, секој чекор во тие работи го знаете напамет... А да ѝ ги доверам нејзе, на пример, само тие две имиња, веднаш ќе удри во барабанче... Зашто таа сака одовде да го загуби Петроград. А! Премногу е вжештена! Тоа е она што не чини.

— Да, во неа има нешто темперамент — промрмори Андреј Антонович не без задоволство, а во исто време силно жалејќи дека овој грубијан се осмелува веќе премногу слободно да го кажува своето мислење за Јулија Михајловна. На Петар Степанович му се чинеше дека можеби тоа е и малку; дека треба да додаде уште малку оган, за да му поласка на Лемпке и сосема да го покрие.

— Токму така, многу темпераментна — одобруваше Петар Степанович — нека е и генијална жена, литерарна, но плаши врапци. Не ќе се воздржи таа да молчи ни шест часа, а да не зборуваме за шест дена. Ехеј, Андреј Антонович, немојте на женско да товарите шест дена рок! Признајте ми и мене некое искуство, барем во таквите работи. По нешто и јас знам. За тие шест дена јас не ве молам затоа што се галам, туку поради работата.

— Сум чул — се стеснуваше Лемпке да ја каже својата мисла — сум чул дека вие, на враќањето од странство, сте дале, таму негде каде што требало, некаква изјава... нешто слично на каење?

— Ех, како да не... токму така...

— Јас не сакам во тоа да навлегувам, се разбира... но досега ми се чинеше дека овде секогаш сте зборувале на сосема друг стил за христијанската вера, на пример, за општественото уредување, најодзади и за владата...

— Зарем малку сум зборувал! Впрочем, и сега зборувам, само што таквите мисли не треба да се спроведуваат онака како оние глупаци, во тоа е работата. Инаку, што вреди она касање за рамото? И вие со мене се сложивте во тие работи, само рековте дека е рано.

— Не се сложив јас токму во тоа; ниту реков во таа смисла дека е рано.

— Е, тогаш, кај вас секој збор има стапица. Хехе! Вие сте внимателен човек! — весело рече Петар Степанович. — Слушајте, брату роден; требаше малку да ве запознаам, затоа и зборував во свој стил. Не се запознав само со вас на тој начин, туку со мнозина. Ми беше потребно да го запознаам вашиот карактер.

— Зошто ви е мојот карактер?

— А од каде да знам зошто ми е! — (тој пак се насмеа.) — Гледате, драг и многупочитуван Андреј Антонович, вие сте лукав, но до она уште не дошло, а сигурно ниту ќе дојде, разбирате? Можеби и разбирате? Ако по враќањето од странство и сум дал изјава како што треба, навистина не знам зошто човек со одредени убедувања не би можел да работи во корист на своите искрени уверувања... но никој тогаш за вашиот карактер не ми кажа, ниту отаде примив некакви пораки. Размислете самиот: зарем не можев тие две имиња да не ви ги кажам прво вам, туку да удрам право таму, тоест таму каде што ги дадов и своите први известувања. А и ако се грижев нешто за финансиите, или просто речено, за некоја добивка, не ќе може да се рече дека сметам за себе, зашто тие сега треба да ви бидат благодарни вам, а не мене. Јас — додаде Петар Степанович благородно — јас единствено за Шатов се заземав, само за Шатов, поради старото пријателство... а веќе попосле, да речеме кога ќе го земете перото таму да јавите, тогаш, пофалете ме, ако сакате... нема да ги побивам тие ваши зборови, хе-хе! Збогум! Навистина се заседнав; и не требаше толку да се брбори! — додаде тој со некаква љубезност и стана да си оди.

— Напротив, мене ми е мошне мило дека таа работа, така да се рече, одредува — стана и Фон Лемпке, толку љубезен очигледно под влијание на последните зборови. — Вашите услуги ги примам со благодарност и бидете уверен дека сѐ што е од моја страна возможно во поглед на мислењето за вашата ревност...

— Шест дена, тоа е главно, шест дена роб и за тоа време да не мрднете, толку.

— Нека биде.

— Се разбира, јас не ви ги врзувам рацете! И не ќе смеам. Вие не можете внимателно да не ги следите, само, немојте пред време да го растерате седалото, тоа е она на што јас се надевам од вашиот ум и искуство. А, се разбира, сте подготвиле доста ловци и, таму, секакви душкала, хе-хе! — туку тресна Петар Степанович весело и лекомислено (како секој момчак).

— Не е сосема така — се огради љубезно Лемпке. — Тоа што мислите оти готовоста од наша страна е голема, е само предрасуда на младоста. Туку, патем, допуштете еден збор: ако тој Кирилов му бил сведок на Ставрогин при дуелот, тогаш, во тој случај, и господин Ставрогин . . .

— Што Ставрогин?

— О, не, не, не! Тука сте промашиле, иако инаку сте лукав. И ме зачудувате. Зашто јас мислев дека вие, што се однесува до тоа не сте неизвестен . . . Хм... Ставрогин, тоа е нешто наполно спротивно . . . тоест, наполно . . . предупредување на внимание.

— Навистина! Дали е возможно? — рече Лемпке со недоверба. — Мене пак Јулија Михајловна, според своите вести од Петроград, ми рече дека е тој човек . . . со некои, некои упатства . . .

— Јас не знам ништо, не знам ништо, сосема ништо! Збогум. Предупредување на внимание! — се повлече Петар Степанович одненадеж, отворено избегнувајќи ги натамошните прашања и побрза кон вратата.

— Допуштете, Петар Степанович, допуштете! — викна Лемпке; — само уште една мала работичка; нема да ве задржувам. — Тој извлече од фиоката еден плик.

— Еве уште еден егземплар од истата категорија. И со тоа ви докажувам дека многу ви верувам. Еве, па кажете ми го своето мислење.

Во пликот имаше писмо, писмо необично, без потпис, упатено до Лемпке, а тој го доби вчера. Петар Степанович со најголема горчина го прочита ова:

„Ваша превозвишеност!

Зашто вие сте тоа по својот чин. Со ова јавувам за убиствените намери против животот на генералските личности и татковинната; право на тоа се оди. Лично многу сум растурал, низ многу години. И безбожности. Се подготвува бунт, прогласи има со илјадници и по секој ќе потрчаат стотина луѓе, за да се излигават со јазикот, ако управата навреме не го собере тоа, зашто е ветено многу за награда, а простиот народ е глуп, а и вотката. Народот, барајќи виновник,

го урива и едното и другото; а плашејќи се од двете страни, се покајува и за она во што не учествувал, зашто околностите се такви. Ако сакате пријавата да биде за спас на татковината, а, исто така, и на црквата и иконите, тоа само јас единствен го можам. Но со тоа мене од Третото одделение да ми биде простено, по телеграф, за еден од сите, а другите нека одговараат... На прозорецот кај вратарот како знак во седум часот секоја вечер оставете свеќа. Видувајќи ќе поверувам и ќе дојдам да ја бакнам милостивата рака од престолнината, но со тоа да има издршка, зашто од што ќе живеам јас. А вие нема да се покаете, затоа што ќе ви излезе ѕвезда. Треба внимателно, инаку отиде главата.

На вашата возвишеност очаен
ѝ паѓа пред нозе
каејќи се слободниот мислител
Инкогнито.“

Фон Лемпке рече дека писмото стасало вчера кај вратарот кога во неговата собичка немало никој.

— Па, што мислите? — запраша Петар Степанович скоро грубо.

— Можам да речам дека е тоа анонимен пасквил, за смеа.

— Најверојатно е така. Вас никој не може лесно да ве измами.

— Јас мислам така, главно, поради тоа што е глупо напишано.

— А дали сте добиле овде уште некој пасквил?

— Двапати, безимени.

— Се разбира, безимени. Во различен стил? Со разни ракописи?

— Во различен стил и ракописи.

— И детински, како што е ова?

— Да, детински, и знаете... мошне грди...

— Е, штом ги имало и порано, тогаш бездруго е истиот писател и сега.

— Пред сè затоа што се сите писма глупи... Зашто, тие се луѓе образовани и сигурно нема да пишуваат вакви глупости.

— Се разбира, се разбира.

— А што велите ако некој со тоа навистина сака да поткаже?

— Не е возможно — отсече Петар Степанович силно. — Зашто што би значела таа телеграма од третото одделение, и тоа издржавање? Очигледно, пасквил.

— Да, да — се посрамоти Лемпке.

— Знаете што? Дајте ми го вие тоа мене. Јас него сигурно ќе ви го пронајдам. Ќе го пронајдам него побрзо отколку нив.

— Земете го — се согласи Фон Лемпке, впрочем, со малку колебање.

— Дали сте му го покажувале некому?

— Не, никому не сум му го покажал.

— Мислевме на Јулија Михајловна?

— Ах, бог да чува! И ве молам ако знаете за господ, немојте ни вие да ѝ го покажувате! — извика Лемпке со страв! — Нејзе тоа многу ќе ја потресе, а мене многу ќе ми се налути...

— Да, се разбира. Ќе ви рече дека сте добиле што заслужувате, штом ви пишуваат така. Ја знаеме ние женската логика. Е, збогум. Јас можеби веќе по три дена ќе ви го кажам тој писател. Главно е нашиот договор!

IV

Петар Степанович сигурно не е глуп, но робијашот Фетка ја има кажано вистината велејќи дека тој „сам човекот си го замислува каков што му треба и така со него живее.“ Откај Фон Лемпке Петар Степанович отиде наполно уверен дека го смирил барем за шест дена; а тој рок му беше неопходен. Но таа сметка беше погрешна и само поради тоа дека тој, од самиот почеток, Андреј Антонович го замислуваше како човек со сосема заостанат ум.

Андреј Антонович, како и секој друг што страда од сомневање и страв за себе, во првиот момент, откако излезе од некоја неизвесност, би бил необично радосно доверлив. Новиот пресврт на работите му се стори доста угоден, без оглед на некои нови сложености што повторно му задаваа деловна грижа. Но, сега барем сомневањата отпаднаа. Меѓутоа, последните денови беше мошне уморен, се чувствуваше многу намачен и немоќен, така што душата и не сакајќи му копнееше за мирување. За жал, ете, пак дојде вознемирувањето. Долгото живеење во Петроград остави неизбришливи траги во неговата душа. Службената, па и скриената историја на „новото поколение" му беше доста позната — тој беше љубопитен и правеше збирка од прогласи — но никогаш ни првиот збор од сето тоа не беше го сфатил. И сега се чувствуваше како во шума: со сите свои инстинкти насетуваше дека во зборовите на Петар Степанович има нешто мошне нескладно, надвор од сите форми и услови, но самиот ѓавол ќе знае што може да се случи во тоа ново поколение и што станува кај нив! — размислуваше тој губејќи се во комбинациите.

Тогаш, како нарочно, Блумер пак ја пикна главата. Додека се задржуваше тука Петар Степанович, тој чекаше во близина. Тој Блумер му беше и некој далечен роднина на Андреј Антонович, но тоа цел век грижливо и бојазливо го прикриваше. Ги молам читателите да ми простат што ќе ѝ подарам неколку збора на таа безначајна личност. Блумер беше човек од чудниот вид „несреќни" Германци, но никако поради умствената ограниченост, туку не се знае зошто. Несреќните Германци, тоа не е мит, тие навистина постојат, дури и во Русија, имаат свој тип. Андреј Антонович цел век чувствуваше спрема Блумер трогателна симпатија и секаде, каде што можеше, во сразмера со личното напредување во службата, и него го поткреваше на некое местенце во својата установа. Но Блумер никако немаше среќа. Или неговото место ќе останеше без буџет, или ќе се сменеше управата; а еднаш, за малку што не го дадоа на суд поради некој друг. Беше точен; но некако претерано, без потреба и

на своја штета, смрачен; црвенокос, висок, сведнат, па и чувствителен, и покрај целата понизност тврд и непопустлив и упорен како вол; или барем таков беше секогаш кога не ќе беше потребно. Заедно со својата жена и многубројните деца чувствуваше кон Андреј Антонович покорна верност. Освен Андреј Антонович никој никогаш не го сакал. Јулија Михајловна веднаш го отфрли, но на упорноста на својот маж не можеше да ѝ се спротивстави. Тоа беше нивната прва брачна караница и се случи веднаш по свадбата, токму во првите медени денови, кога Блумер дотогаш грижливо од неа скриен, одненадеж се претстави, кажувајќи ја навредливата тајна на своето роднинство со неа. Тогаш Андреј Антонович со склопени раце молеше за него и чувствително ѝ го раскажа на жена си целиот живот на Блумер, нивното пријателство уште од детството; но Јулија Михајловна мислеше дека засекогаш остана посрамена, дури се послужи и со несвест. Фон Лемпке, меѓутоа, не отстапи од своето и изјави дека не го дава Блумера за ништо на светот и дека нема да го двои од себе. Така Јулија Михајловна најпосле многу се зачуди и беше принудена да се согласи за Блумер. Решија само роднинството да се прикрива, уште повнимателно, ако е возможно, и крстеното име и презиме на Блумер по татко да се измени, зашто и тој од некаде се викаше Андреј Антонович. Кај нас Блумер со никого не се познаваше, освен со еден Германец аптекар; не одеше кај никого, живееше осамено и многу штедеше. Нему одамна му беа познати литературните слабости на Андреј Антонович. Лемпке прво него го викаше да го слуша неговиот роман, во четири очи; и така Блумер имаше да седи по шест часови, здрвен како ќутук, да се поти, да ја напрега целата своја моќ да не заспие и да се насмевнува. А кога ќе се вратеше дома, тој заедно со својата жена, долгонога и слаба, офкаше и издивнуваше поради несреќната слабост на нивниот добротвор спрема руската литература.

Кога Блумер влезе во кабинетот, Андреј Антонович го погледна со жалење.

— Те молам Блумер, остави ме на мир, — почна тој со немирно брзање, очигледно со желба да го избегне продолжението на прењешниот разговор што Петар Степанович со своето доаѓање го прекина.

— Па сепак, тоа може да се нареди сосема деликатно, без најмал глас, зашто вие имате полно овластување, — упорно навалуваше Блумер, со најголемо почитување и со сведнат грб, а сè повеќе и повеќе со ситни чекори му се доближуваше на Андреј Антонович.

— Блумер, ти си ми толку верен и толку си услужлив што секогаш кога ќе те видам ми е страв.

— Вие секогаш велите остроумни работи, па потем, задоволен од она што сте го рекле, мирно заспивате, но со тоа само себеси си штетите.

— Блумер, јас токму сега се уверив дека она не постои, не постои.

— Не секако од зборовите на оној дволичен и расипан момчак, во кого и самиот се сомневате? Тој ве придобил со ласкавите пофалби за вашата литературна надареност.

— Блумер, ништо не си смислил; твојот проект е бесмислен, ти велам. Нема ништо да најдеме, а ќе се крене страшна врева, потем смеа, потем... Јулија Михајловна...

— Ние, без сомнение, ќе најдеме сè што бараме — Блумер со цврсти чекори пријде поблиску до господарот и десната рака ја стави на срцето — ние претресот ќе го извршиме одненадеж, рано изутрина, имајќи го предвид сиот обѕир спрема личноста и целата прописна сериозност на законските форми. Момчињата Љамшин и Тељатников, веќе претерано уверуваат дека ќе најдеме сè што сакаме. Тие таму оделе многупати. Спрема господинот Верховенски никој не е убаво расположен. Генералицата Ставрогина отворено му ги откажала своите добродетели и секој чесен човек, ако само постои таков човек во овој друг свет овде, убеден дека во него секогаш бил изворот на неверувањето во господ и социјалистичкото учење. Тој ги има сите забранети книги, „Мисли“ од Рилеев, сите

дела на Херцен... Јас за секој случај имам доста целосен каталог на неговите книги.

— О, господе! Па тие книги ги има секој! Ти си наивен, кутар мој Блумер!

— И многу прогласи — продолжи Блумер не обѕирајќи се на онаа забелешка. — Ние, најпосле, неминовно ќе наидеме на трагата на сегашните прогласи овде. А младиот Верховенски премногу ми е сомнителен.

— Ти го мешаш таткото со синот. Тие не се слагаат, синот јавно му се потсмева на таткото.

— Тоа е само маска.

— Блумер, ти си се заколнал да ме измачуваш! Помисли дека стариот овде е сепак значајна личност. Бил професор, познат е човекот, и ако се развика, луѓето веднаш ќе почнат да ни се подбиваат, и така сегде како мачиња... И... помисли на Јулија Михајловна.

Блумер се приближуваше напред, не слушајќи го.

— Тој бил само доцент, само доцент, а по чин е само колешки асесор во оставка, — тврдеше тој удирајќи со раката во градите; — Нема одликување, отпуштен е од служба поради сомневање дека нешто смислувал против државата. Бил под назор и, без сомневање, уште се наоѓа. А со оглед на нередот што сега е откриен, вие бездруго треба да ја вршите својата должност, а всушност вие, обратно, му одобрувате на вистинскиот виновник, го испуштате своето одликување.

— Јулија Михајловна! Оди, Блумер! — извика Фон Лемпке неочекувано, кога од соседната соба го чу гласот на својата жена.

Блумер потрепери, но не се предаде.

— Но допуштете, допуштете ми — продолжуваше тој приоѓајќи и сè посилно притискајќи ги двете раце на градите.

— Оди! — зачкрипи со забите Андреј Антонович; — прави што сакаш... потоа... О, господи!

Завесата на вратата се издвои и се појави Јулија Михајловна. Кога го здогледа Блумера, таа величест-

вено застана, гордо и навредливо фрли поглед на него, како и самото негово присуство да е понижување за неа. Блумер молчејќи и покорно длабоко ѝ се поклони и, среднат од почит, на прсти се упати кон вратата, раширувајќи ги малку рацете.

Дали затоа што нервозниот извик на Андреја Антонович го разбра навистина како непотребно одобрување да направи онака како што го молеше, но во овој случај ѝ згреши на совеста поради непосредната корист на својот добротвор, крајно убеден дека „крајот го краси делото" — кој ќе го знае тоа; главно е дека од овој разговор помеѓу претпоставениот и неговиот потчинет излезе, како што ќе видиме, една сосема неочекувана работа, која мнозина ги насмеа кога се чу за тоа, Јулија Михајловна силно ја налути, а Андреј Антонович наполно го збуни, фрлајќи го во најлошо време во бедна нерешителност.

V

За Петар Степанович тоа беше ден исполнет со работа. Откај Фон Лемпке тој брзо се упати во улицата „Водици", но одејќи по улицата Биков и поминувајќи крај куќата во која живееше Кармазинов, одеднаш застана, се насмевна и влезе во куќата. Му одговорија „ве очекуваат", а тоа многу го интересираше, зашто тој и не спомнал дека ќе дојде.

Големиот писател навистина го очекуваше, и тоа уште од вчера. Пред четири дена му го предаде својот ракопис „Мерси" (што мислеше да го чита на матинето на Јулија Михајловна) и го направи тоа од љубезност, наполно уверен дека му поласкал на самољубието на младиот човек кога му допуштил таа голема работа порано да ја запознае. Петар Степанович веќе одамна забележа дека овој суетен, разгален, спрема неодбраните навредливо непристапен господин, тој „скоро царски ум", просто и едноставно му се додворува, и тоа дури жедно. Мене ми се чини дека момчакот најпосле се сети дека Кармазинов, иако не смета оти е тој водач на сè што е во Русија тајно револу-

ционерно, но мисли дека е барем еден од најмногу посветените во тајните на руската революција и дека над младината има неоспорно влијание. Петар Степанович го интересираше да знае што и како мисли „најумниот човек во Русија“, но тој, поради некои причини, досега одбегнуваше тие свои мисли да ги искаже.

Големиот писател живееше во куќата на својата сестра поседничка, омажена за благородник; обајцата, и мажот и жената, покажуваа вистински стравопочит спрема прочуениот член на своето семејство; но сега, кога тој дојде, двајцата се наоѓаа во Москва, за што им беше многу жал; и така имаше чест да го дочека некоја мошне далечна, стара и сиромашна роднина на благородникот, која кај нив живееше и веќе одамна управуваше со целото домаќинство. Откако дојде господинот Кармазинов, сите во куќата одеа на прсти. Старицата без малку секој ден испраќаше во Москва извештаи за тоа како спиел, што повелил да јаде; еднаш, навистина, испрати телеграма дека тој, по ручекот кај префектот каде што беше повикан, морал да земе една лажичка некаков лек. Таа ретко се осмелуваше да влезе во неговата соба, иако тој спрема неа беше мошне учтив, впрочем и сув, зашто зборуваше со неа само по потреба.

Кога влезе Петар Степанович, го затече како го јаде утринскиот котлет, со половина бокал црно вино; Петар Степанович и порано доаѓаше и секогаш го затекнуваше со тој утрински котлет, што тој во негово присуство ќе го изедеше не повикувајќи го ниеднаш да го нагости. По котлетот му донесуваа и филџан кафе. Лакејот што го носеше јадењето имаше фрак, меки, нечујни чевли и нараквици.

— А-а! — се поткрена Кармазинов од диванот, бришејќи се со крпата и со израз на најчиста радост тргна со гостинот да се бакне, карактеристична навика кај Русите кога се веќе многу поднапиени. Но Петар Степанович се сети, од искуство, дека Кармазинов вистина ќе се приближи за бакнеж, но секогаш го подметнува својот образ, па овој пат реши тој да го направи истото; и така се сретнаа два образи. Кармази-

нов се направи дека ништо не забележал, седна на диванот, љубезно го понуди Петар Степанович да седне во фотелјата спрема него, а овој веднаш и пропадна во неа.

— Вие не сте . . . сакате ли да појадете? — запраша домаќинот овојпат изневерувајќи ја својата навика, но се разбира, така што јасно го упати гостинот на учтив одречен одговор. Петар Степанович, меѓутоа, посака да појадува. Сенка на навредено чудење му го смрачи лицето на домаќинот, но само за миг — тој нервозно заѕвони по слугата и, без обѕир на своето убаво воспитување, го поткрена гласот наредувајќи да се донесе уште еден котлет.

— Што сакате, котлет или кафе? — запраша уште еднаш.

— И котлет и кафе; наредете да се додаде и вино, огладнет сум — одговори Петар Степанович гледајќи ја облеката на домаќинот со мирно внимание. Господин Кармазинов беше со домашно палто со вата, слично на жакет, со седефски петлици, но премногу кусо, што никако не му прилегаше на полничкото мевче и на јадро заоблените делови при почетокот на неговите нозе; но вкусовите се различни. Преку колениците беше префрлил волнено ќебе плетено на коцки, иако беше топло во собата.

— Можеби сте болен? — забележа Петар Степанович.

— Не, не сум болен, но се плашам да не се разболам на оваа клима — одговори писателот со својот писклив глас, впрочем, нежно скандирајќи го секој збор и пелтечејќи пријатно, господски. — Јас ве очекував уште вчера.

— Зошто? Јас не ветив да дојдам.

— Да, но кај вас е мојот ракопис. Вие сте го . . . прочитале?

— Ракопис? Каков?

Кармазинов силно се зачуди.

— Бездруго сте го донесле? — се тргна тој толку што престана да јаде и преплашено гледаше во Петар Степанович.

— А, тоа е она „Бон жур“, така нешто...

— „Мерси“!

— Да, така ќе е. Сосема заборавив и ништо не сум прочитал; немам кога. Право да си кажам, не знам каде е; во џебовите, еве, го нема... мора да е дома, на масата. Не грижете се, ќе се најде.

— Немојте така; подобро ќе биде веднаш да испратам по ракописот. Може да се загуби, па најпосле, може и да го украдат.

— А на кого му треба тоа? И зошто толку сте се уплашиле кога имате секогаш, вели Јулија Михајловна, по неколку преписи, еден во странство, кај адвокат, дури во Петроград, трет во Москва; а еден пра-ќате и во банка, изгледа.

— Но Москва може да изгори, па со неа и мојот ракопис. Не, подобро веднаш да испратам по него.

— Чекајте, еве го! — тука Петар Степанович од задниот џеб извлече многу листови. — Малку е истуткан; замислете, како што го примив тогаш од вас ракописот, така и остана во задниот џеб, со шамијата; сум заборавил за него.

Кармазинов желно го дофати ракописот, внимателно го разгледа и ги преброја листовите, па потем со почитување го стави пред себе на засебен стол, но така што постојано да го има пред очи.

— Вие, како што изгледа, не читате многу? — подвикна тој, не можејќи да се воздржи.

— Не, не многу.

— А што се однесува до руската литература — ништо?

— Што се однесува до руската литература? Допуштете, нешто сум читал.. „Патем...“ или... „На пат“... или „На крстопат“, така нешто, не знам, не си спомнувам. Го читав одамна, има пет години. Немам време.

Настана мало молчење.

— Јас, штом допатував, веднаш целиот свет го уверив дека сте вие ретко умен човек; и сега, ми се чини, тие изгубија памет поради вас.

Го донесоа појадокот. Петар Степанович се зафати со вонредна волја за јадењето и веднаш го изеде котлетот, ги испи виното и кафето.

„Овој простак", размислуваше Кармазинов гледајќи го откосо и завршувајќи го последниот залак и последната голтка, „овој простак веројатно ја разбра целата зајадливост на мојата фраза ... а и ракописот, без сомневање, го прочитал наеднаш, само лаже, тукутака. Но, можеби и не лаже, туку е сосема простодушно глуп. Јас сакам кога генијалниот човек е малку глуп. Да не е овој навистина нешто како нивни гениј? ... Впрочем, нека го носи ѓаволот!"

Тој стана и почна да шетка горе-долу по собата, заради движење, што секогаш по појадокот го правеше.

— Ќе одите ли скоро на пат? — запраша Петар Степанович од фотелјата, палејќи цигара.

— Јас всушност затоа и дојдов да го продадам својот имот и сега зависи од мојот управител.

— Но се чини дека сте дојден затоа што сте мислеле дека таму ќе зафатат повоени епидемии?

— Не, не само поради тоа — продолжи господин Кармазинов, добродушно скандирајќи ги своите фрази и при секој пресврт од еден агол кон другиот живо исфрлајќи ја десната нога. — Јас навистина имам намера да живеам колку што се може подолго, се насмевна тој со малку отров. — Во руските благородници има нешто што вонредно брзо се истрошува во секој поглед. Но јас сакам да се истрошам колку што се може подоцна, и сега се селам од татковината сосема. Таму климата е подобра, се ѕида со тули и со камен, и сѐ воопшто е посилно и поцврсто. Додека сум жив, мислам, уште ќе ја има Европа. А како мислите вие?

— Од каде да знам.

— Хм. Ако Вавилон таму навистина се урне, а неговото паѓање ќе биде грамадно, (во што со вас наполно се сложувам, иако мислам дека ќе истрае додека сум јас жив), кај нас во Русија, зборувајќи релативно, нема што да се урне. Кај нас нема да се уриваат камења, туку сѐ ќе се растопи во калта. Светата Русија помалку од сѐ на светот може да даде

некаков отпор. Простиот народ уште некако се држи со рускиот бог; но, според последните податоци, и рускиот бог станал мошне несигурен; одвај ја издржа реформата на мужиците, барем силно се заниша. А тука се уште и железниците, па и вие... не, јас во рускиот бог веќе ни малку не верувам.

— А во европскиот?

— Не верувам во никаков. Мене пред руската младина ме наклеветија. А јас секогаш со секое нејзино движење симпатизирав. Ми ги покажаа овде тие прогласи. Со недоумица гледаат на нив. Нивната форма ги плаши; но сепак сите веруваат во нивната моќ, иако не признаваат. Одамна веќе сè паѓа и одамна се знае дека нема за што да се придржи. Во успехот на тајната пропаганда јас сум уверен веќе и поради тоа што денес на цел свет првенствено Русија е онаа земја во која без најмал отпор може да се случи сè што сакаш. Добро разбирам зошто сите богати Руси нагрвалиле во странство и зошто е таа навала секоја година сè поголема и поголема. Просто инстинктот зборува. Кога бродот тоне, прво се разбегуваат глувците. Светата Русија е земја на хипици, сиромашна, и... опасна, земја на горди бедници во повисоките општествени редови, а нејзиното грамадно мнозинство живее во колиби на кокошкини нозе. Таа ќе ѝ се израдува на секоја промена; треба само сè да се објасни. Само владата сака уште да се противи, но таа со стап во мракот замавнува и ги удира токму своите луѓе. Сè овде е жртвувано и осудено. Русија, ваква каква што е, нема иднина. Јас станав Германец и тоа си го сметам за чест.

— Започнавте за прогласите; кажете сè, како гледате вие на нив?

— Сите се плашат од прогласите, значи, тие се силни. Прогласите отворено ги изнесуваат на видело сите лаги и докажуваат дека кај нас нема за што да се фатиш и нема на што да се потпреш. Тие викаат гласно, додека сите други молчат. Тука има (без оглед на формата) победоносна и досега нечуена смелост на вистината право в лице да ѝ се погледне. Таа способност на вистината да ѝ се гледа право в лице, му

припаѓа само на руското поколение. Не, во Европа не се толку смели: таму е камено царство, таму уште има на што да се потпреш. Колку што гледам јас и колку што можам јас да судам, суштината на руската револуционерна идеја се состои во негирањето на честа. Мене ми се допаѓа дека тоа се изјавува смело и без страв. Да, во Европа тоа уште не можат да го сфатат, а кај нас токму на тоа се удира. За Русинот честа е само излишно бреме. И секогаш било бреме, секогаш низ целата негова историја. Со отвореното „право на немање чест" Русинот можеш најбрзо да го привлечеш. Јас сум од старата генерација и, признавам уште држам до честа, и се разбира, само од навика. Мене старите форми ми се допаѓаат, — да речеме само од слабост — но треба некако својот век докрај да се изживее.

Тој одеднаш застана.

„Јас тука зборувам, зборувам, помисли тој во себе," а оној само молчи и набљудува. Дојден е ваму за непосредно да му поставам прашање. И ќе го поставам."

— Јулија Михајловна ме замоли заобиколно да дознаам какво изненадување приготвувате за балот? — неочекувано запраша Петар Степанович.

— Да, тоа навистина ќе биде изненадување и јас навистина ќе го зачудам светот . . . — се исперчи Кармазинов, но нема да ви кажам во што е тајната.

Петар Степанович не навалуваше.

— Овде има некој Шатов — почна да зборува големиот писател — и, замислете, јас уште не сум го видел.

— Многу прекрасен човек. А што сакавте?

— Ништо, онака; тој како нешто таму да зборува. Тоа е оној што го удрил Ставрогина по образот?

— Тој.

— А што мислите за Ставрогин?

— Не знам; некој женскар.

Кармазинов го намрази Ставрогина затоа што овој си вообичаи никако да не го забележува.

— Ако некогаш се оствари она што во тие прогласи се проповеда — рече Кармазинов смешкајќи се — веројатно прво тој пилиштарец ќе го обесат на гранка.

— Можеби и порано — брзо рече Петар Степанович.

— Така и треба — одобри Кармазинов, но не насмеано, туку некако премногу сериозно.

— Вие тоа еднаш веќе го рековте и, знаете, јас тоа му го соопштив.

— Како, зарем сте му рекле? — пак се насмеа Кармазинов.

— А тој одговори — ако него го обесат на гранка, за вас ќе биде доста само ако ве натепаат, но не поради чест, туку жестоко, како што ги тепаат мужиците.

Петар Степанович си ја зеде шапката и стана. Кармазинов му ги подаде обете раце.

— А што ќе правиме — одеднаш зациска тој со меден глас и со некоја посебна интонација, сè уште држејќи ги рацете на својот гостин во своите — што ќе правиме ако е судено да се оствари сето тоа . . . што се замислува? . . . Кога би можело тоа да се случи?

— Од каде да знам — одговори Петар Степанович малку грубо.

Обајцата внимателно се гледаа очи в очи.

— На пример? Приближно? — пискаше Кармазинов уште послатко.

— Ќе успеете да го продадете имотот и да се засолните — промрмори Петар Степанович уште погрубо.

Обајцата сега уште повнимателно се гледаа.

Настана момент на молчење.

— Кон почетокот на следниот мај ќе започне, а набрзо сè ќе заврши — рече Петар Степанович неочекувано.

— Ви благодарам од срце — изусти Кармазинов со глас на полно разбирање и му ги стегна рацете.

„Ќе успееш, стаорец, да го напуштиш бродот!“ — помисли Петар Степанович излегувајќи на улица. „Но штом тој царски ум толку уверено се известува за денот и часот на востанието и толку понизно за-

благодарува за дадените известувања, тогаш, според тоа, ние не треба да се сомневаме во себе. (Тој се насмевна.) Хм. А тој навистина не е глуп... но сепак е само стаорец што се сели; таков нема да поткаже!"

Петар Степанович побрза на улицата „Водици" кај куќата на Филипов.

VI

Отиде првин кај Кирилов. Кирилов, како и обично, беше сам; токму среде собата правеше гимнастика, односно се беше расчекорил на некој посебен начин и вртеше со рацете над главата. На подот беше топката. На масата утрински чај, неупотребен, веќе изладен. Петар Степанович постоја еден момент на прагот.

— Вие многу се грижите за своето здравје — му рече гласно и весело влегувајќи во собата; жими бога прекрасна топка! Их, како отскокнува! И таа е за гимнастика?

Кирилов го облече палтото.

— Да, и таа е за здравјето — промрмори тој силно — седнете.

— Свратив за момент. Впрочем, да седнам. Здравјето си е здравје, но јас дојдов да ве потсетам за договорот. Нашиот рок, „во некоја смисла", се приближува — заврши тој со невешто извртување.

— Каков договор?

— Како, каков договор? — веќе се збуни Петар Степанович, дури и се уплаши.

— Тоа не е договор, и не е обврска, јас за ништо не сум се врзал; грешка од ваша страна.

— Чујте, што правите вие? — запраша Петар Степанович и скокна простум.

— Својата волја.

— Каква?

— Стара.

— Како треба тоа да се разбере? Дали тоа значи дека уште сте при своите стари мисли?

— Значи. Само договор нема, ниту имало, и јас со ништо не сум се врзал. Беше само моја волја и сега е само моја волја.

Кирилов се изјаснуваше остро и со одвратност.

– Се согласувам, се согласувам, нека биде ваша волја, само таа волја нека не се измени! – се смири Петар Степанович и беше навидум задоволен. – Вие се лутите на моите зборови. Вие од скоро почнавте нешто многу да се лутите; јас почнав да одбегнувам да ви доаѓам. Впрочем, наполно бев уверен дека нема да изневерите.

— Јас ни малку не ве сакам, но можете да бидете наполно уверен! Иако не признавам вера и невера.

— Сепак, знаете — пак се збуни Петар Степанович — треба умно да се поразговара, да нема збрка. Работата бара точност, а вие ме збунувате, и тоа колку страшно! Дали допуштате да зборувам?

— Зборувајте — кратко рече Кирилов гледајќи во аголот.

— Вие веќе одамна имавте решено да си го одземете животот . . . сакам да речам, имавте таква идеја. Дали реков добро? Да не има некоја грешка?

— И сега ја имам истата таа идеја.

— Прекрасно. Освен тоа, ви укажувам, никој на тоа не ве принудил.

— Не, се разбира. Ама глупо зборувате.

— Добро, ако, се изразив мошне глупо. Без сомневање, многу глупо би било да се принудува на тоа. Да продолжам: вие бевте член на друштвото додека тоа беше во својата поранешна организација и тогаш му се доверивте на еден од членовите.

— Јас не се доверив, јас едноставно кажав.

— Добро. Би било смешно „да се доверувате“; зарем е тоа некаква исповед? Вие просто сте кажале. Чудесно.

— Не е така, не е чудесно; вие многу дрдорите. Јас не ви должам никакво разјаснување, ниту вие можете да ги разберете моите мисли. Јас сакам да си го одземам животот затоа што имам таква мисла,

затоа што не го сакам стравот од смртта, затоа што... затоа што вие нема тука што да знаете... Што сакате? Сакате чај? Студен е. Да ви донесам друга чаша.

Петар Степанович навистина го беше дофатил чајникот и бараше празна чаша. Кирилов пријде до прозорецот и донесе чиста.

— Токму сега појадував кај Кармазинов — рече тој — потем слушав што зборуваше и се испотив, а брзав вамy, и пак се испотив, па затоа ќе умрам од жед.

— Пијте. Студениот чај е добар.

Кирилов пак седна на столот и пак ги впери очите во аголот.

— Во друштвото се создаде мислење — продолжи тој со истиот глас — дека јас можам да бидам корисен ако се убијам; кога вие ќе направите разни глупости и кога ќе почнат да бараат виновник, јас се убивам и оставам писмо дека сѐ сум направил јас, така што во вас не ќе може да се сомневаат цела година.

— Макар само еден ден; и еден ден е скап.

— Добро. Во таа смисла ми рекоа да почекам, ако сакам. Јас реков дека ќе почекам да ми се каже рокот од страна на друштвото... зашто мене ми е сеедно.

— Да, но спомнете си: се обврзавте, кога ќе го пишувате писмото пред смрт, нема да го пишувате поинаку, туку заедно со мене; а кога ќе се вратите во Русија, дека ќе ми... да... со еден збор, дека ќе ми се ставите на располагање, тоест, се разбира, слободен сте — додаде Петар Степанович скоро љубезно.

— Не се обврзав, туку се согласив; затоа што ми е сеедно.

— Чудесно, чудесно! Јас ни најмалку немам намера да го спречувам вашето самољубие, но...

— Тоа не е самољубие.

— Но, спомнете си, за вашиот пат беа собрани 120 талири; вие, бездруго, парите сте ги зеле.

— Не е така! — пламна Кирилов. — Парите не беа за тоа! За тоа не се земаат пари.

— Понекогаш се земаат.

— Лажете! Јас од Петроград со писмо сѐ објаснив, а вам во Петроград ви исплатив 120 талири, вам в рака ... и парите таму ги пратија, освен вие ако не сте ги задржале.

— Добро, добро, нема да оспорувам, испратени се. Главно е дека вие сте со истите мисли како порано.

— Со истите. Кога ќе дојдете и ќе речете „време е“, јас сѐ ќе извршам. Што, веќе е блиску?

— Нема уште многу денови ... Но, запомнете, писмото заедно ќе го составиме, оваа ноќ.

— Може и дење. Вие рековте дека треба прогласите да ги земам на себе?

— И уште нешто.

— Не сакам сѐ да примам.

— А што не сакате? — се збуни Петар Степанович.

— Она што не го сакам; доста! Не сакам за тоа повеќе да зборувам!

Петар Степанович се совлада и го промени разговорот.

— Имам и друга работа — навести тој. — Дали сакате да дојдете вечер кај нашите? Виргински има роденден и под тој изговор ќе се собере друштвото.

— Не сакам.

— За љубов, дојдете. Треба. Треба верата да се влева и со број и со лице ... Вашето лице е ... да, со еден збор, вашето лице е фатално.

— Мислите? — се насмевна Кирилов. — Добро, ќе дојдам; но не поради лицето. Кога?

— О, порано, во шест и пол. И, знаете, можете да влезете, да седнете, и со никого да не зборувате, сеедно колкумина се таму, само, знаете, не заборавете да земете хартија и перо.

— Зошто ќе е потребно тоа?

— Па вам ви е сеедно; а тоа е, знаете, моја посебна молба. Вие само ќе седите, просто со никого нема да разговарате ќе слушате, и понекогаш божем нешто ќе забележите; макар и цртајте нешто, ако сакате.

— Глупост; зошто?

— Па вам ви е сеедно! Вие секогаш велите дека сте рамнодушен.

— Ама зошто?

— Па еве зошто: еден член на друштвото, ревизор, заседнал во Москва, а јас овде на овој-на оној реков дека ревизорот можеби ќе го посети нашиот собир; тие ќе помислат дека сте вие тој ревизор. А бидејќи сте вие веќе три недели овде, ќе се чудат уште повеќе.

— Сешто! Немате вие никаков ревизор во Москва.

— Па убаво, нека го нема, ѓаволот да го земе! Но што ви е вам тоа грижа и што ќе ви пречи тоа? И вие сте член на друштвото.

— Кажете им, најпосле, дека сум ревизор; јас ќе седам и ќе молчам; но хартија и писалка не сакам.

— А зошто?

— Не сакам.

Петар Степанович се налути и позелени, но пак се совлада, стана и си ја зеде шапката.

— А оној е кај вас? — одеднаш изусти тој полугласно.

— Кај мене е.

— Тоа е добро. Јас набрзо ќе го земам од вас, не грижете се.

— Не се грижам. Тој само ноќева овде. Бабата е в болница, снаата умрела; сам сум, два дена. Му го покажав местото во оградата каде што се вади штицата; се провлекува, никој не гледа.

— Јас набрзо ќе го одведам.

— Тој вели, има многу места каде што би можел да ноќева.

— Тој лаже; него го бараат; а овде е засега скриен. Дали вие со него се впуштате во разговор?

— Да, по цела ноќ. Вас многу ве прекорува. Јас ноќе му ја читам Апокалипсата. Многу внимателно слушаше; многу, цела ноќ.

— Е, ѓавол! Па вие ќе го свртите во христијанската вера!

— Тој и така е од христијанската вера. Бидете без грижа, тој може да заколе. Кого сакате да заколе?

— Ах, не, не го држам јас овде поради тоа; тој е тука поради други работи... а знае ли Шатов за Фетка?

— Јас со Шатов ништо не зборувам и не го гледам.

— Да не сте лути?

— Не сме лути, само се одбегнуваме. Премногу долго во Америка заедно лежевме.

— Веднаш сега одам кај него.

— Како што сакате.

— Јас, Ставрогин, исто така, ние оттаму, откај него, можеби кај вас ќе дојдеме, така околу десет.

— Дојдете.

— Имам со него нешто важно да поразговарам... Знаете ли што: подарете ми ја таа ваша топка; зошто ви е вам сега? И јас ќе ја употребам за гимнастика. Ако сакате и ќе ви ја платам.

— Земете ја онака.

Петар Степанович ја спушти топката во џебот одзади.

— Против Ставрогин не ви давам ништо — промрмори Кирилов по него, на испраќање. Гостинот го погледна зачудено но не одговори.

Овие зборови на Кирилов необично го збунија Петар Степанович, но уште не ги сфаќаше. Секако, одејќи кај Шатов, веќе на скалите се погрижи да го промени изразот на лицето: незадоволството во љубезност.

Шатов седеше дома и беше нешто болен. Лежеше на постелата, но облечен.

— Ете ти сега незгода! — извика Петар Степанович од прагот. — Дали сте сериозно болен? — Љубезниот израз на неговото лице нагло исчезна; во очите му засветка нешто непријателско.

— Ни малку! — викна Шатов нервозно. — Не сум воопшто болен, малку ме боли главата...

Тој се збуни; неочекуваната појава на овој гостин просто го уплаши.

— Ви дојдов поради таква работа што не трпи болест — почна Петар Степанович брзо и некако заповеднички — допуштете да седнам (тој седна), а вие пак наместете се во постелата. Така. Денес нашите ќе се соберат кај Виргински, под изговор поради неговиот роденден, и само така, без некои други нијанси, мер-

жите се преземени. Јас ќе дојдам со Николај Ставрогин. Бидејќи го знам вашето сегашно мислење, јас и не би ве водел таму... сакам да речам не би сакал таму да ве мачат, а не поради тоа што мислиме дека ќе нè предадете. Но, излезе така што морате да дојдете. Таму ќе ги најдете оние луѓе со кои ќе го донесеме последото и завршно решение за тоа на кој начин вие ќе излезете од друштвото и кому ќе му го предадете она што е наше, а се наоѓа кај вас. Тоа ќе го изведеме незабележано; јас ќе ве сместам негде при крај, зашто таму ќе има многу и такви што не мораат да знаат. Морам да речам, поради вас требаше доста да го заморам јазикот; но сега, како што изгледа, и тие се сложија; се разбира, така, да ја предадете печатницата и сите хартии. Потем можете да одите каде што сакате на четирите страни од светот.

Шатов го слушаше намуртено и со омраза. Преѓешниот нервозен страв го снема сосема.

— Не признавам дека имам какви и да било обврски да поднесувам сметка ѓаволот знае кому — рече тој кратко. — Никој не може мене да ми „дава слобода“.

— Не е сосема така. Вам многу нешта ви беа доверени. Вие немавте право одеднаш да раскинете со друштвото, и, најпосле никогаш тоа не сте го изјавиле јасно и разбирливо, така што нив со тоа ги доведовте во двосмислена положба.

— Јас, штом дојдов овде, веднаш јасно и разбирливо писмено го изјавив тоа.

— Не, не го сторивте тоа јасно — мирно оспори Петар Степанович — јас, на пример, ви ја пратив „Светла личност“ да се печати овде и тиражот да се остави тука негде, кај вас додека не потреба; исто така и два прогласа. Вие тоа го вративте со едно двосмислено писмо кое ништо не кажува.

— Јас отворено одбив тоа да го печатам.

— Не, не е отворено. Напишавте „не можам“, но не објаснивте зошто. „Не можам“ не значи „не сакам“. Можеше да се помисли дека не можете едноставно од материјални причини. Тие така и разбраа, и најдоа

дека вие сте согласен и натаму да ги одржите своите врски со друштвото; значи, можат пак нешто да ви доверат и така да се доведат себеси во незгодна ситуација спрема вас. Сега велат дека просто сте сакале да ги измамите за да можете да ги поткажете ако добиете некое важно соопштение. Јас ве бранев колку што можев подобро, а како доказ, во ваша корист, им го покажав вашиот писмен одговор од два реда. Но морав самиот себеси да си признаам, кога го прочитав потоа, дека тие два реда не се јасни, дека водат во заблуда.

— А вие тоа писмо грижливо сте го чувале?

— Не е ништо тоа што сум го чувал; и сега го имам.

— Па ако, по ѓаволите!... — викна Шатов, надвор од себе од лутина. — Оставете ги, тие ваши несмасници, нека мислат дека ќе поткажам, што ми е грижа! Би сакал да видам што ми можете!

— Ќе ве запишам и при првиот услов на револуцијата ќе ве обесат.

— Тоа тогаш, нели, кога вие ќе дојдете до врховната власт и ќе ја покорите Русија?

— Немојте да се подбивате. Ви повторувам, јас се заложував за вас. Како и да е, јас ве советувам денес сепак да дојдете. Зошто залудни зборови од некаква лажна гордост? Зарем не е подобро да се разделиме пријателски? Зашто, гледате секако ќе мора да ја предадете машината и старите букви и хартијата... и ете токму за тоа треба да поразговараме.

— Ќе дојдам — промрмори Шатов и ја сведна главата во размислување.

Петар Степанович откосо го гледаше од своето место.

— Таму ќе биде и Ставрогин? — одеднаш запраша Шатов поткревајќи ја главата.

— Ќе биде, сигурно.

— Хе-хе!

Пак малку замолчија. Шатов се смешкаше презирно и раздразнето.

— А таа ваша бедна „Светла личност“, која јас овде не сакав да ја печатам, печатена ли е?

— Печатена.

— Гимназистов уверува дека Херцен тоа лично во албумот ви го запишал?

— Херцен лично.

Пак малку подолго молчење. Најпосле, Шатов стана од постелата.

— Одете си, не сакам да сум со вас заедно.

— Си одам — рече Петар Степанович дури некако и весело, и полека стана; само уште еден збор: ми се чини дека Кирилов е сам во куќата, без слугинка?

— Сам. Одете си, не можам со вас во една соба да дишам.

„А, добар си ми сега!" весело мислеше Петар Степанович излегувајќи на улица: „Добар ќе бидеш вечер; а токму таков си ми потребен сега; подобро не може ни да се посака, подобро не може ни да се посака! Рускиот бог како уште да ми помага!"

VII

Петар Степанович веројатно тој ден имаше многу работа; трчкаше ваму-таму, и тоа сигурно со успех — што и се гледаше на неговата физиономија, во изразот на задоволство со самиот себе во моментот кога, точно во шест часот, се пријави кај Николај Всеволодович. Но не го пуштија веднаш да влезе кај него, зашто Николај Всеволодович се затвори токму во тој момент во својот кабинет со Маврикиј Николаевич. Таа вест Петар Степанович моментно го загрижи. Се смести кај самоти врата од кабинетот, за да го види гостинот кога ќе излезе. Разговорот можеше да се чуе, но зборовите не можеа да се разберат. Посетата не траеше долго; набрзо се чу шум, одекна необично ѕвонлив и остар глас; потем вратата се отвори и излезе Маврикиј Николаевич со мошне бледо лице. Тој не го забележа Петар Степанович и помина брзо крај него. А Петар Степанович веднаш влета во кабинетот.

Не можам детално да го изнесам овој вонредно краток состанок помеѓу двајцата „соперници“ кој, може да се рече, во олку заплетканите околности можеби и не ќе се одржеше, па сепак се одржа.

А се случи вака: Николај Всеволодович лежеше по ручекот на диванот во својот кабинет; тогаш дојде Алексеј Јегорич и му јави за доаѓањето на неочекуваниот гостин. Кога го чу името на Маврикиј Николаевич, Николај Всеволодович скокна од местото; не можеше да верува. Но на неговите усни набрзо заигра насмевка на горда победа и во истиот момент некакво тапо вчудовидување. Маврикиј Николаевич, влегувајќи, како да бише стаписан со изразот на таа насмевка: застана среде собата и како да премислуваше дали да се врати или да остане. Домаќинот успеа да го промени изразот и сега со изглед на сериозно неверување зачекори кон гостинот. Но гостинот не ја прифати подадената рака; невешто го потргна столот и, не зборувајќи ни збор, седна пред домаќинот не дочекувајќи овој да го понуди. Николај Всеволодович накосо седна на диванот; гледаше во Маврикиј Николаевич, молчеше и чекаше.

— Ако можете, оженете се со Лизавета Николаевна — неочекувано рече Маврикиј Николаевич; а што е најинтересно, по интонацијата на неговиот глас никако не можеше да се распознае што е тоа: молба, препорака, отстапка или наредба.

Николај Всеволодович и натаму молчеше; гостинот, очигледно, кажа сè поради што беше дојден и, чекајќи го одговорот, го гледаше упорно.

— Ако не се лажам (впрочем, тоа е и премногу сигурно), Елизавета Николаевна веќе е ваша свршеница — најпосле проговори Ставрогин.

— Свршеница — потврди Маврикиј Николаевич со цврст и јасен глас.

— Вие сте се... скарале?... Проштавајте, Маврикиј Николаевич.

— Не, таа ме „сака и цени“, тоа се нејзини зборови. Нејзините зборови пак за мене се поскапоцени од сè друго.

— Во тоа нема сомневање.

— Но знајте, и пред олтарот да застане со мене, а вие ако ја викнете, таа и мене и сите другите ќе ги остави и ќе појде со вас.

— Пред олтарот.

— И по олтарот.

— Да не се лажете?

— Не. Под нејзината постојана омраза спрема вас изникнува и наполно секој час молснува нејзината љубов, и безумство... најскриена и бескрајна љубов и... безумство! Напротив, од љубовта што таа спрема мене ја чувствува, исто така искрено, секој час блеснува омраза... најголема! Порано, јас не ќе бев во состојба да ги замислам сите тие... метаморфози.

— Но јас се чудам како сте можеле вие да дојдете до тоа да располагате со раката на Лизавета Николаевна? Дали имате право на тоа? Или таа ве овластила?

Маврикиј Николаевич ги собра веѓите и моментно го спушти погледот.

— Тоа се само зборови од ваша страна — одговори тој веднаш — одмаздннчки и победнички зборови; јас сум уверен дека вие го разбирате она што не е речено; а зарем овде има место за ситната гордост? Зарем малку ви е задоволена? Дали треба нашироко да се зборува и да се ставаат точки на секоја јота? Ако ви е по волја, ќе ги ставам, ако ви е моето понижување толку потребно: јас права немам, а овластувањето е исклучено. Лизавета Николаевна за тоа ништо не знае, а нејзиниот свршеник ја загуби и последната искра на умот и созреа за во лудница; а за да се постигне врвот, дојде и вам тоа лично ви го рапортира. На целиот свет единствено вие можете да ја направите среќна. А единствено јас — несреќна. Вие на никого не ја отстапувате, вие ја прогонувате, но не знам зошто не се жените со неа. Ако е тоа љубовна престрелка што се случила во странство и ако за да се пресече треба мене да ме принесат жртва — па принесете ме. Таа е премногу несреќна и јас тоа не можам да го поднесам. Овие мои зборови не се никакво допуштање,

ни пропис, па според тоа нема навреда за вашето самољубие. Ако сакавте да го заземете моето место пред олтарот, можевте тоа да го направите без секакво одобрување од моја страна и јас тогаш не ќе имав причина да ви доаѓам со својата манијалност. Уште повеќе што нашата свадба, по овој мој денешен чекор, е наполно исклучена. Можам ли јас сега, како никаквец, да ја одведам пред олтарот? Ова што го правам сега, што неа сега ви ја предавам вам, на својот можеби најнепомирлив непријател, тоа е во моите очи нискост што јас, се разбира, не ќе можам никогаш да ја поднесам.

— Ќе се убиете кога ќе се венчаме ние?

— Не тогаш, многу, многу подоцна. Зошто со мојата крв да се валкаат нејзините свадбени облеки? А можеби и нема да се убијам ни сега, ни подоцна.

— Тоа го велите веројатно со желба мене да ме смирите?

— Вас? Што може за вас да значи еден излишен млаз крв?

Тој пребледна, очите му светнаа. Настана моментно молчење.

– Простете ми за прашањата што ви ги упатив — продолжи Ставрогин — на некои од нив немав никакво право, но на едно мислам дека имам полно право; кажете ми кои докази ве довеле до заклучокот за моите чувства спрема Лизавета Николаевна? Мислам на степенот на тие чувства, во кои вие сте толку уверени, што вас и ве доведе кај мене и направи да се... осмелите за ваков предлог?

— Како? — малку дури и потрепери Маврикиј Николаевич. — Зарем вие не сте се стремеле кон тоа? Не се стремите и нема да се стремите?

— За своите чувства спрема оваа или онаа жена јас не можам да му зборувам на некое трето лице, без обѕир кое е тоа, на никого, освен на самата таа жена. Проштавајте, тоа е чудно, но во мене е. Во замена за тоа, јас во сè друго ќе ви ја кажам чистата вистина: јас сум женет, значи, сосема ми е невозможно повторно да се женам, или да „се спремам."

Маврикиј Николаевич толку се вчудовиди што зачекори до потпирачот на столот и некое време го задржа вкочанетиот поглед на лицето на Ставрогин.

— Можете да мислите дека тоа и не го насетував — промрмори тој — вие рековте тогаш, она утро, дека не сте женет, па јас и верував дека не сте.

Тој страшно побледи и одеднаш со сета сила удри со тупаница по масата.

— Ако и по такво признание не ја оставите Лизавета Николаевна на мир и ако ја унесреќите, јас со стап ќе ве удирам како пес крај плот!

Скокна и брзо излезе од собата. Кога влета Петар Степанович, го најде домаќинот во најмалку очекувано расположение.

— Ах, тоа сте вие — фати да се смее Ставрогин; а се смееше како што изгледа, на појавата на Петар Степанович, кој втрча со толкава љубопитност.

— Вие крај вратата наслушнувавте? Почекајте, почекајте, зошто дојдовте? Јас нешто ви ветив... ах, да, гледај! Си спомнувам: кај „нашите!“. Ајде, многу се радувам и ништо подобро не можевте да измислите токму во овој час.

Тој си ја зеде шапката и двајцата полека излегоа од куќата.

— Вие однапред се смеете дека ќе ги видите „нашите“? — се умилкуваше Петар Степанович весело и се трудеше ту паралелно со својот сопатник да чекори по тесниот тротоар од тули, ту стрчнуваше во калта на улицата, зашто сопатникот како да не гледаше оти по средината на тротоарот оди сам и веројатно се интересираше само за својата личност.

— Не се смеам, ни најмалку — ѕвонливо и весело одговори Ставрогин — напротив, убеден сум дека таму кај вас има мошне сериозни луѓе.

— „Сериозни тапоглавци“ — како што еднаш поведивте да се изразите.

— Нема ништо позабавно од некој сериозен тапоглавец.

— А, вие тука мислите на Маврикиј Николаевич! Убеден сум дека тој пред малку ви ја отстапувал сво-

јата свршеница, така ли е? Тоа јас одоколу го поттикнав, ако сакате да знаете. А ако нејќе да ја отстапи, ќе му ја земеме сами — што велите?

Пуштајќи се во вакви разговори, Петар Степанович секако знаеше дека многу ризикува; но кога и самиот е возбуден, тој повеќе сака да игра така, макар на сѐ, отколку да остане во неизвесност. Николај Всеволодович само се насмеа.

— А вие постојано сметате да ми помогнете? — запраша тој.

— Ако ме повикате. Зарем не знаете дека има еден од најдобрите патишта?

— Дали го знам јас тој пат?

— Ама не, тоа е засега тајна. Само, не заборавете дека тајната чини пари.

— Знам и колку чини — промрмори Ставрогин за себе, но се воздржа и премолчи.

— Колку? Што рековте? — се тргна Петар Степанович.

— Реков: одете по ѓаволите и вие и вашата тајна! Подобро е да ми кажете кого имате таму. Знам дека одиме на роденден, но кој ќе биде таму всушност?

— Ох, во најголема мера ќе има сѐ и сешто! Уште и Кирилов.

— Сите членови на дружината?

— Ама вие брзате, да ве земе ѓаволот! Овде уште нема никаква дружина.

— Тогаш, како растуривте толку прогласи?

— Таму каде што одиме ние има само четири члена на дружината. Другите, во очекување, се наслушнуваат еден со друг, колку што се може подобро, а мене сѐ ми поткажуваат. Сигурен свет. Сето тоа е материјал кој треба да се организира, па потем бегај! Впрочем, вие самиот ги пишувавте основните правила, вам нема што да ви се разјаснува.

— Секако тешко оди, нели? Се врти во маѓепсан круг?

— Оди така што не може да биде полесно. Ќе ве насмеам: прво, она што многу влијае — тоа е мундирот. Нема ништо поможно од мундирот. Јас нарочно из-

мислувам чинови и должности: имам секретар, тајни известувачи и шпиони, па благајници, претседатели, регистратори и нивни помошници — тоа на сите им се допаѓа и одлично се прима. Потем доаѓа втората сила, се разбира, сентименталноста. Знаете, социјализмот кај нас се шири првенствено од сентименталност. Но, тука има едно зло, ете, тие поручници што касаат; малку — малку, па не знаеш со кого имаш работа. Потем доаѓаат чистите никаквеци; а тоа е, вистина, добар свет, понекогаш и мошне зготен, но на тие луѓе оди многу време, се бара неуморно надгледување. И, најпосле, најглавната сила — цемент кој сѐ врзува — тоа е срамот да се има свое мислење. Каква сила! Кој го изготвил тоа, кој е тој „љубезен" што се погрижил на никого ниедна своја идеја во главата да не му остане! Тоа се смета за срамота!

— Ако е така, тогаш зошто се трудите вие?

— Па штом така просто лежи работата, устата сама зинала, како да не проголтаме! Вие како сериозно да не верувате во успех? Ех, верувајте, треба да се сака! Да, само со такви може да се има успех! Ви велам, тој по мене ќе појде и во оган и во вода, само треба да се подвикне дека нема доста либерали. Будалите ме прекоруваат дека сите сум ги лажел со Централниот комитет и неброените одбори! Еднаш и вие самите ме прекоривте за тоа. А какво залажување ќе биде? Централниот комитет — тоа сме јас и вие, а одбори ќе има колку што сакате.

— И сѐ чисто ѓубре!

— Материјал. И тоа ќе чини.

— А вие сеедно уште на мене сметате?

— Вие сте старешина, вие сте сила; јас ќе бидам само отстрана со вас, ваш секретар. Ние, знаете, ќе седнеме во чунот — убави кленови веслаат — свилени едра — на кормилото прекрасна девојка, сјајна Лизавета Николаевна... по ѓаволите, како се пееше она во песната...

— Се сопна — удри во смеа Ставрогин. — Немојте! Подобро јас да ви го кажам додатакот на расказот. Вие на прсти набројувате од каква сила се соста-

вуваат кружоците. Сето тоа е чиновништво и сентименталност — впрочем, не е лошо лепило, но има една уште поубава работа: наговорете четворица членови на кружокот петтиот да го претепаат, под изговор дека сакал да предаде, и така со пролеаната крв сите ќе ги соедините како во еден јазол. Ќе станат ваши робови, не ќе смеат да се бранат, ниту ќе бараат од вас сметка. Ха-ха-ха!

„Само чекај! . . . чекај, ти . . . ти ќе ми платиш мене за тие зборови!“ помисли Петар Степанович, „и тоа уште вечерва. Веќе премногу си дозволуваш.“ Така, или скоро така Петар Степанович мораше да мисли кога се приближуваа до куќата на Виргински.

— Вие мене тука секако сте ме истакнале како некој член од странство, во врска со Интернационалата, како ревизор? — одеднаш запраша Ставрогин.

— Не, не како ревизор; вие нема да бидете ревизор; вие сте член основач, од странство, член што ги знае најважните тајни — тоа е вашата улога. Се разбира, ќе зборувате?

— Од каде пак тоа?

— Денес мора да зборувате.

Ставрогин, зачуден, застана сред улицата, близу една светилка. Петар Степанович дрско и мирно го издржа неговиот поглед. Ставрогин плукна и тргна понатаму.

— А дали ќе зборувате вие? — го запраша одненадеж.

— Не, јас ќе ве слушам вас.

— Нека ве земе ѓаволот! Но, навистина, ми дадовте идеја!

— Каква? — се истрча Петар Степанович.

— Тоа можеби ќе го речам таму. Но затоа потоа ќе ве истепам и тоа, знаете, добро ќе ве истепам!

— Да, навистина; токму пред малку му реков на Кармазинов дека вие сте рекле оти него треба да го избијат, и тоа не просто, колку за чест, туку онака како што ги удираат мужиците, жестоко.

— А јас тоа никогаш не сум го рекол, ха-ха-ха!

— Не е важно.

— Е, па убаво! Благодарам, искрено благодарам.

— Знаете што вели уште Кармазинов: дека нашето учење всушност е непризнавање на честа и дека Русинот најчесно ќе го придобиеш со отворено право на бесчестие.

— Извонредни зборови! Златни зборови! — викна Ставрогин. – Погодено рамно во метата! Право на бесчестие, па тогаш сите ќе пребегнат кај нас, ни еден таму нема да остане! Туку, слушајте, Верховенски, да не сте вие од врховната полиција, а?

— Кој има такви прашања тој барем не ги изговара.

— Разбирам; а еве нè и во куќата.

— Не сум, засега не сум од врховната полиција. Доста сега со тоа. Стигнавме. Дотерајте си ја физиономијата, Ставрогин; јас својата секогаш си ја замислувам и ја дотерувам секогаш кога ќе одам кај нив. Повеќе намуртеност; тоа, и ништо повеќе; мошне проста работа.

СЕДМА ГЛАВА

КАЈ НАШИТЕ

I

Виргински живееше во своја куќа, тоест во куќата на својата жена, во Муравлина улица. Куќата беше дрвена, еднокатна, и освен домаќините, други тука немаше. Под изговор на роденден на домаќинот се собраа до петнаесет гости; но седенката ни малку не личеше на обична провинциска роденденска седенка. Мажот и жената Виргински уште во почетокот на својот заеднички живот заемно утврдија дека е глупо да се викаат гости за родендени, а и „нема тука на што да му се радуваш". За неколку години тие некако постигнаа сосема да се одвојат од општеството. Иако Виргински беше човек способен за живот и вешт и ни најмалку „некој бедник", на сите им се чинеше, господ ќе знае зошто, како чудак кој ја сака осаменоста а покрај тоа зборува „надуено". Госпоѓа Виргинска, која се занимаваше и со акушерство, со самото тоа стоеше општествено на ниски скалила, пониско од сите, па пониско и од попадијата, иако мажот ѝ имаше офицерски чин. А покорноста што би ѝ одговарала на нејзиниот позив на неа ни малку не се забележуваше. И уште, нејзината мошне глупа и неопростиво јавна врска, од принцип, со неранимајкото капетанот Лебјаткин, направи од неа со видно презирање да ги вртат главите дури и оние наши госпоѓи што најблаго судеа за другите. Но мадам Виргинска сето тоа го прими така како токму тоа и да ѝ требало. Значајно е, на пример,

дека токму оние најстроги госпоѓи, кога во нивниот стан ќе дојде по потреба, ја бараа по можност секогаш Арина Прохоровна (тоест Виргинска) а ги заобиколуваа другите три бабици од нашиот град. Дури нешто повеќе, неа ја викаа и земјосопственичките од околијата — толку сите веруваа во нејзиното верување, среќа и вештина во таквите судбоносни случаи. Најпосле, излезе на тоа дека таа својата практика ја сведе само на најбогатите куќи; парите впрочем, лакомо ги сакаше. Накрај, кога веќе наполно ја почувствува својата сила, таа повеќе ни малку не се стеснуваше да покаже каква е. Ако се најдеше на работа во угледна куќа, кај родилка со слаби нерви, таа можеби дури и намерно сакаше да ја преплаши таквата родилка со некој испад: со некое свое нихилистичко заборавање на редот и пристојноста — ќе исмејуваше, да кажеме, „сè што е свето", и тоа токму во моментите кога „светото" можеше да биде најпотребно.

Розанов, нашиот виш воен лекар, а и тој е акушер, сериозно докажуваше како еднаш, додека родилката во маки лелекала и го довикувала семоќното име господово, една од таквите слободоумности на Арина Прохоровна, одненадеж, „како истрел од пушка", дејствувала, така што предизвикала страв кај родилката и на тој начин ѝ помогнала многу брзо да се ослободи од бремето. Но, иако нихилистка, Арина Прохоровна во потребните прилики не само што не ги презираше светските, туку и старинските обичаи, најпразноверни — само ако тоа можеше да ѝ донесе корист. На пример, за ништо на светот таа не би пропуштила крштевка на дете што таа го примила; и доаѓаше тогаш во зелена свила со ленти и со шињон исчешлан во кадрици, додека инаку, во секоја друга прилика, уживаше во својата неуредност и нечистотија, и чувствуваше од тоа некаква радост и освежување. И иако за време на тајните крштевки секогаш го задржуваше својот „најдрзок изглед", што го збунуваше свештенството, сепак, кога ќе се завршеше обредот, таа редовно лично послужуваше шампањско, поради тоа доаѓаше на крш-

тењата и се облекуваше убаво, (а вие, ако сте примиле од неа чаша, обидете се да не ѝ дадете прилог „за кашата на детето“!)

Гостите во оваа прилика собрани кај Виргински (скоро само мажи) изгледаа некако како случајни и вонредни гости. Ни закуска, ни карти. Среде големата соба за примање, обложена нарочно со стари сини тапети, наместени се две маси прекриени со голем чаршав, не сосема чист, и на нив шиштеа два самовара. Грамаден послужавник со 25 чаши и кошничка со обичен бел, „француски“ леб, исечен на многу парчиња, отприлика како во луксузните машки и женски пансиони за воспитаници — заземаат еден крај од масата. Чајот го тура сестрата на домаќинката, девојка од триесет години без веѓи, бели клепки, суштество молчаливо и злобно, но со „нови погледи“ на нештата и од кое и самиот Виргински страшно се плашеше во својот домашен живот. Од госпоѓите во собата имаше само три: домаќинката, нејзината сестра без веѓи и родената сестра на Виргински, девојка штотуку стасана од Петроград. Арина Прохоровна, згодна жена од дваесетиседум години, доста убава, нешто малку разбушавена, во вечниот свилен фустан што се прелива во зелено, седи и своите смели очи ги води по гостите, а со погледот како да брза да каже: „Гледате ли дека јас ама од ништо не се плашам!“ Гостинката, госпоѓица Виргинска, која исто така не е грда, студентка и нихилистка јадра и тркалезна како топка, со црвени образи и мал раст, речиси сѐ уште во патничка облека, седи крај Арина Прохоровна, држејќи во рацете некаква хартија и со нестрпливи немирни очи ги разгледува гостите. Виргински, кој вечерва нешто не е здрав, сепак дојде да поседи меѓу гостите, во фотелја крај масата за чај. Седеа и другите гости и во тоа седење со голема важност околу масата се чувствуваше дека е конференција. Се гледаше дека сите нешто чекаат и чекајќи водат разговори, иако гласни, но некако сепак сосема споредни. Кога влегоа Ставрогин и Верховенски, сѐ стивна.

Но ќе бидам слободен заради одреденост да дадам мало разјаснување.

Мислам дека сите овие луѓе се беа собрале со пријатната надеж дека ќе чујат нешто особено интересно и ново и дека тоа однапред им било навестено. Тие го сочинуваат светот на најцрвениот либерализам во нашиот град. За оваа „конференција“ Виргински ги пробаше мошне грижливо. Бележам уште дека неколцина (прочем мошне малку) досега никогаш не влегувале во оваа куќа. Се разбира, повеќето од гостите немаа јасна претстава поради што ги викнале на оваа конференција. Вистина, сите тие во Петар Степанович гледаа таен пратеник од странство, со некое овластување; таа идеја некако одеднаш се зацврсти во нив и, сосема природно, им ласкаше. Во таа толпа од граѓани, собрани во името на роденденот на домаќинот, имаше, меѓутоа, неколкумина на кои им беа дадени одредени задачи. Петар Степанович успеа кај нас да состави „петка“, слична на онаа што веќе ја составил во Москва, и потем уште една, како што се виде сега, во нашата околија, меѓу офицерите. Велат, состави и уште една во Х-ска губернија. Тие петмина одбрани седат сега еве на општата маса и мошне вешто се преправаат како сосема обични луѓе, така што никој да не може да знае кои се и што се.

Тоа беа — бидејќи сега тоа повеќе не е тајна, прво, Липутин, потем самиот Виргински, долгоушлестиот Шигалев, братот на госпоѓата Виргински, Љамшин и, најпосле, некој Толкаченко, туѓа личност, човек од четириесет години, веќе прочуен со „грамадното“ проучување на народот, на прво место на крадците и разбојниците, човек кој намерно заоѓаше во крчмите (што впрочем не беше единствено поради проучувањe на народот) и кој меѓу нас афектираше со грди алишта, светнати чизми, со мигаво лукави очи и со двосмислени народни изрази. Уште двапати порано Љамшин го носеше кај Степан Трофимович на седенките, но таму тој не остави не знам каков впечаток. Во градот се појавуваше одвреме навреме, најнапред кога ќе останеше без служба, а служеше во железницата. Овие петмина сочинуваат една дружина со топла вера дека тие се само една меѓу стотиците и илјадниците такви петорки, како што е нивната, рас-

фрлани по Русија, и дека сè зависи од некое централно, моќне важно но тајно место, кое е органски врзано со европската светска револуција. За жал, морам да признаам, дека веќе во ова време меѓу нив се појавуваше неслога. Работата е во тоа дека тие, иако уште од пролетта го очекуваа Петар Верховенски, за кого прв им јави Толкаченко, а потем, штом стаса, и Шигалев, иако од него очекуваа ретки чуда и на првиот негов повик влегоа во кружокот без најмалку критика, тие, само што ја составија петката, сите почувствуваа дека тоа некако не им е по волја, и тоа, јас мислам, само поради тоа што премногу брзо се согласија, влегоа некако од великодушен срам, за да не се рече потоа дека не смееле да влезат. Требаше, значи, мислеа тие, Петар Верховенски веднаш да ја оцени нивната благородна смелост и, како за награда, да им раскаже барем некоја од главните тајни. Но, Петар Верховенски никако не сакаше да го задоволи нивното право на љубопитност и не кажуваше ништо отповеќе: воопшто, ги третираше со забележлива строгост, а и со немарност. Тоа нив ги лутеше и членот Шигалев одамна ги подбуцнуваше другите „да побараат сметка;“ се разбира, не сега, кај Виргински, каде што се беа собрале и толку туѓи луѓе.

А во поглед на тие туѓи луѓе ја имам оваа мисла: споменатите членови на првата петка го имаа сомнението дека меѓу гостите на Виргински, таа вечер, има уште членови на некои за нив непознати групи, што во градот ги намамила истата тајна организација и истиот овој Верховенски. И така, на крајот од краиштата, сите во целиот собир почнаа да се сомневаат еден во друг и еден спрема друг заземаа разни „ставови“, што во целина даваше изглед на голема збрканост; донекаде и романтично. Впрочем, имаше тука и луѓе што не се сомневаа, така, на пример, еден активен мајор, близок роднина на Виргински, човек сосема невин, кого и не го повикале, но кој сам дојде на роденденот, па не беше возможно да не го примат. Што се однесува до мајорот, домаќинот беше мирен, зашто мајорот, „никако не би можел да поткаже“; и покрај својата голема глупост, тој цел век сакаше

да се пика сегде каде што има крајни либерали; лично ги симпатизираше, но многу сакаше да ги чуе. Освен тоа, беше и малку компромитиран; се случи, за време на неговата младост, низ неговите раце да поминат цели товари на „Sвоно“ и прогласи; тој, иако му беше страв и да ги отвори, сепак сметаше дека ќе биде сосема ниско ако не ги растура; такви Руси има и денес. Другите гости претставуваа или типови чие што самољубие до жолчност е пригушено, или типови на првиот, мошне благороден полет на младоста. Тоа беа двајца или тројца наставници, од кои едниот сакат и веќе четириесет и пет години стар, со работа во гимназијата, мошне зајадлив и забележливо суетен човек, што мисли на слава. Потем двајца или тројца офицери. Едниот од нив, артилерец, мошне млад, кој дошол ваму само за неколку дена, од еден воен школски завод. Молчаливо момче, што уште не успеало да направи познанства по градот, а сега одненадеж се најде кај Виргински; со перодршка во раката, тој, не мешајќи се во разговорите, секој час по нешто бележеше во својот нотес. Сите го видоа тоа, но сите некако се грижеа да изгледа како божем не гледаат. Имаше тука уште еден безделник семинарист, кој со Љамшин на онаа девојка книгоносец ѝ ги подметна оние гадни фотографии; крупен момчак, со сигурни манири, но во исто време недоверлив, со непрекината насмевка што постојано издава дека тој сè знае подобро, а во исто време со мирниот изглед на триумфално совршенство што, според него, го имаше во него. Тука беше, јас не знам зошто, и синот на нашиот префект, она расипано детиште, пред време истрошено, што веќе го спомнав кога го раскажав случајот на малечката жена на потпоручникот. Тој цела вечер молчеше. И, најпосле, како завршеток, еден гимназист, мошне пламено, разбушавено момче од осумнаесет години, кој седеше со намуртен лик на момчак навреден во своето достоинство и очигледно страдајќи поради своите млади осумнаесет години. Ова дете веќе беше шеф на самостојната дружина заговореници во вишите класови на гимназијата — како што се покажа накрај, на големо чудење на сите. Не го спомнав Шатов: тој

се беше сместил во засолнетиот кат на масата, а својот стол го беше помрднал малку од редот на другите, гледаше во земјата, смрачен молчеше, не зеде чај и леб, и за целото време капата не ја испушташе од рака — како да сакаше да изјави дека тој не е гостин, туку дошол по работа и, кога ќе му се посака, ќе стане и ќе си отиде. Блиску до него седеше Кирилов, исто така мошне молчалив, но не гледаше во земјата, туку напротив, секој говорник упорно го набљудуваше со својот неподвижен поглед без сјај и секого го слушаше без ронка возбудување или чудење. Неколкумина од гостите, што досега не го беа виделе го гледаа замислено и кришум. Не е познато дали мадам Виргинска знаела нешто за постоењето на петката? Јас мислам дека знаела сè, и тоа токму од мажот. А студентката, се разбира, во ништо не учествуваше; но и таа имаше своја грижа; имаше намера да гостува сè на сè ден-два, а потем да продолжи потаму и потаму, во сите универзитетски градови, па да „има дел во страдањата на сиромашните студенти и да ги покрене на протест“. Со себе влечеше неколку стотини литографирани повици, кои, како што изгледа, самата ги составила. Вредно е за внимание ова: гимназистот неа на прв поглед ја намрази скоро до крвна одмазда, иако сега првпат во животот ја видел; а таа него, исто така. Мајорот ѝ пагаше вујко, а денес ја виде првпат по десет години. Кога Ставрогин и Верховенски влегоа, нејзините образи беа црвени како црвена боровница: пред малку со вујкото се караше околу женското прашање.

II

Верховенски со видлива немарност се навали во столот во задниот дел на масата и не се поздрави скоро со никого. Лицето му беше наострено, дури надмено. Ставрогин учтиво се поклони. Но, иако ги чекаа само нив, сите, како по заповед, се направија дека не ги гледаат. Само што седна Ставрогин, домаќинката му се сврти остро:

— Ставрогин, дали сакате чај?

— Дајте, — одговори тој.

— На Ставрогин чај — ѝ командуваше таа на онаа што служи чај; — а вие, дали сакате? (тоа сега на Верховенски).

— Сакам, се разбира; кој ги прашува гостите? И сакам и кајмак, зашто кај вас место чај секогаш служат нешто страшно; ваму во куќата има роденден.

— Како? Зарем и вие ги признавате родендените? — веднаш на тоа се замеша студентката. — Токму сега за тоа се зборуваше.

— Застарено! — промрмори гимназистот од другата страна на масата.

— Што е застарено? Да се заборава на предрасудите, па макар и најнаивно, тоа не е старо, напротив, за срамота на сите, уште и ден-денес е ново — набрзина изјави студентката и се помрдна на столот нанапред. — Освен тоа, уште на невините предрасуди за нас! — додаде запалено.

— Јас само сакав да речам — силно се вознемири гимназистот — дека предрасудите, се разбира, се нешто старо и треба да се чистат... но, што се однесува до родендените и имендените, веќе секој знае дека е тоа глупо и дека е мошне старо, значи, на тоа да не се губи скапоценото време кое светот и без тоа веќе го загубил, туку дека остроумноста треба да се употреби на предмет кој бара повеќе...

— Премногу сте опширен, ништо не може да се разбере! — извика студентката.

— Мене ми се чини дека секој има право на глас, и едниот и другиот, и ако јас сакам своето мислење да го искажам како и секој друг, тогаш...

— Никој вам не ви го одзема правото на глас — се замеша и домаќинката, мошне остро — само ве молиме да не развлекувате; зашто никој не може да ве разбере.

— Па сепак, допуштете да забележам, дека вие мене не ме цените; ако не можев својата мисла докрај да ја искажам, тоа не значи дека немам мисла, туку затоа имам премногу мисли... — промрмори гимназистот скоро очаен и сосема се заплетка.

— Кога не умеете да зборувате, тогаш молчете! — експлодира студентката.

Гимназистот потскокна од столот.

— Јас само сакав да кажам — извика тој, а целиот гореше од срам и не смееше да погледне околу себе, дека вие сакавте да се истакнете со својот ум затоа што дојде господин Ставрогин, ете тоа!...

— Вашата мисла е нечиста и неморална и ја открива полната ништожност на вашиот духовен развиток. Молам повеќе да не ми се обраќате! — викна студентката.

— Ставрогин, — почна домаќинката — токму пред вашето доаѓање многу врева кренаа околу правата на семејството ... ете, овој офицер; (таа мавна со главата кон својот роднина мајорот.) И, се разбира, јас нема да бидам таа што сега вам ќе ви здодевам со тие стари будалштини со кои сите одамна сме начисто. Но, пак, од каде дошле всушност правата и должностите на семејствата во смисла на предрасуда за која сега се прикажува? Тоа е прашањето. Вашето мислење?

— Како од каде дошле? — го повтори Ставрогин прашањето.

— Сака да каже: ние, на пример, знаеме дека предрасудата за господ настанала поради молњите и ровјите — пак се истрча студентката и само што не скокна со очите на Ставрогин; — и премногу е познато дека првобитното човештво од страв од молњите и ровјите го претворило невидливиот непријател во божество; чувствувало дека спрема него е немоќно. Но од каде настанала предрасудата на семејството? Како можело да настане и самото семејство?

— Тоа не е едно и исто ... — сакаше домаќинката да ја задржи.

— Мислам дека одговорот на такво прашање е нескромен — одговори Ставрогин.

— Каков-таков! — пак се истури студентката на својот стол.

Меѓу наставниците се чу смеа, а на тоа од другата страна од масата се одзваа Љамшин и гимназистот, а по нив и роднината, мајорот, со својата зарипната смеа.

— Вие би можеле да пишувате водвили — му забележа домаќинката на Ставрогин.

— Ни малку, господине, не ви го знам името, не ви служи за чест — отсече студентката со крајна лутина.

— А ти немој да се истрчуваш! — отсече мајорот; — ти си госпоѓица, треба скромно да се држиш, а ти, просто како да си седнала на игла.

— Ве молам да молчите и да не се осмелувате со мене да зборувате фамилијарно и да ми ги упатувате вашите пакосни споредби. Јас ве гледам првпат и не сакам да знам за вашето роднинство со мене.

— Јас сум ти вујко, добога! Јас те носев на раце кога беше доенче.

— Што ми е грижа кого сте носеле. Јас не сум ве молела да ме носите! Тоа значи господине невоспитан офицер, дека тоа единствено вам лично ви правело задоволство. И допуштете ми ја забелешката да не смеете да ми зборувате со ти, освен како на граѓанка, и тоа ви го забранувам еднаш засекогаш.

— Ете, сите се такви! — се сврти мајорот кон Ставрогин и чукна со тупаницата по масата. — Ама, ве молам, јас го сакам либерализмот и современоста, и сакам да слушам умни разговори, но со огради... само од машките. А од женските, од овие современи малолетници... не, не; тоа е мојата болна точка! Немој да се мешкаш! — ѝ викна тој на студентката, што како да се откачуваше од столот. — А да! и сега јас молам за збор, јас сум навреден, молам!

— Вие само им пречите на другите, а ништо не умеете да кажете — процеди домаќинката намуртено.

— А да! Ќе искажам јас што имам — налутено се сврти мајорот кон Ставрогин. — Јас, господине Ставрогин, сметам на вас како на нов, иако немам чест со вас да се познавам. Без мажите, тие би изгинале како муви, тоа е моето мислење. И јас ве уверувам дека тоа женско прашање луѓето им го измислиле; биле луди, па самите си го натовариле на врат; но, слава на бога, не сум оженет! Во жените нема ни најмалку разновидност! Најпростата шара за вез за нив ја измислу-

ваат мажите! Ете, на раце сум ја носел, и, кога беше девојче од десет години, мазурка со неа сум играл, а кога дојде денес, јас натурално летам да ја прегрнам, а таа веќе на вториот збор ми изјавува: нема господ! Барем да беше на третиот збор, не на вториот, туку побрза! Убаво, да речеме дека умните луѓе и не веруваат, зашто тоа доаѓа од умот, ама ти, велам, сапунско меурче, што знаеш ти за господ? Тебе некој студент те научил на тоа! А да те учел кандило да поднесуваш, ти кандило ќе поднесуваше!

— Вие зборувате само невистина, вие сте мошне зол човек; пред малку, јас со полни докази ви покажав дека сте банкрот — одговори студентката немарно и како да презира со таков човек многу да се објаснува. — Пред малку сосема точно ви реков дека нам во катихизисот нѐ учеа: „Ако ги почитуваш своите родители, долго ќе поживееш и ќе ти се даде богатство!“ Тоа стои во десеттата заповед. Ако мисли господ дека треба за љубов награда да ветува, тогаш вашиот бог е без морал. Ете, тоа ви го докажувам и со тие зборови, и не од вториот збор, туку затоа што вие ги објавивте вашите права. А кој е виновен дека сте ограничен, па ни до денес работата не ја разбирате. Вам ви е криво и се лутите... тоа е одговорот на вашата генерација.

— Улава! — рече мајорот.

— А вие сте лудак!

— Пцуете сѐ!

— Но допуштете, Капитон Максимович, па вие токму самиот ми рековте дека не верувате во бога — запишти Липутин од другиот крај на масата.

— Па што ако сум рекол! Тоа е друга работа! Можеби и верувам, но само не сосема! А ако и не верувам сосема, сепак не велам дека на господ треба да се пука. Уште додека бев хусар, многу размислував за господ. Во сите песни се зборува како за обична работа хусарот да пие и да се весели ноќе; па можеби и јас пиев, но верувајте ми, бидува ноќе и да се скока од постелата, да се набиваат пантофлите, и удри потем, крстови пред иконата господ верата да ја прати! Јас

веќе тогаш немав мир: дали има господ или нема? Колку ми беше тоа горко и тешко! Утредента, се разбира, човек ќе заборави, па верата негде пак се губи. Воопшто, сум забележал дека верата дење секогаш навидум се губи.

— А дали вие имате карти? — ја запраша Верховенски домаќинката и широко се прозевна.

— Јас премногу го симпатизирам вашето прашање! — пак се истрча студентката, а целата пламтеше од лутина слушајќи го мајорот.

— Губиме златно време слушајќи празни разговори — пресече домаќинката и строго погледна на мажот.

Студентката се подготви да го држи својот говор.

— Сакав да го известам собирот за страдањата и протестот на студентите, а бидејќи времето се троши во разговори морално недопуштени . . .

— Нема ништо ни морално ни неморално! — ѝ упадна во зборот нестрпливо гимназистот, веднаш штом почна.

— Јас тоа сум го знаела, господине гимназист, многу, многу пред да го научите вие.

— А јас тврдам — се збесни тој — дека вие, госпоѓице, сте детенце од Петроград што дошло да нè просвети, а ние самите сè знаеме. За заповедта „Љуби го таткото твој и мајката твоја", што вие не умеевте ни наизуст да ја изговорите, дека таа заповед не е морална — тоа цела Русија го знае уште од Белински.

— Дали тоа еднаш ќе заврши? — смело го запраша Виргинска својот маж. Таа, како домаќинка, црвенееше од празните разговори, дотолку повеќе што кај поканетите забележа неколку насмевки, па и недоумица.

— Господа — го поткрена гласот Виргински — ако посака некој да зборува нешто друго, нешто да изјави, јас предлагам на тоа да му се пристапи, и да не се губи времето.

— Се осмелувам да поставам едно прашање — благо проговори сакатиот наставник, кој досега само молчеше и особено достоинствено седеше; — Јас би

сакал да знам дали сме ние овде на некоја конференција, или сме просто собир на обични смртници што дошле на гости. Го прашувам тоа онака и за да знаеме. — „Лукавото“ прашање направи впечаток; сите се погледнаа како еден од друг да очекуваат одговор и одеднаш сите, како на заповед, ги свртија погледите кон Верховенски и Ставрогин.

— Јас едноставно предлагам да се изгласа одговор на прашањето дали е ова конференција или не, — рече мадам Виргинска.

— Наполно се сложувам со предлогот — се одзва Липутин — иако е малку неодреден.

— И јас се сложувам, — јас — се слушнаа гласови.

— Навистина, и мене ми се чини дека ќе има повеќе ред — потврди и Виргински.

— Тогаш да се гласа! — објави домаќинката. — Љамшин, ве молам, седнете на фортепијаното; кога ќе се почне со гласањето вие и оттаму можете да го дадете својот глас.

— Пак! — извика Љамшин — доста веќе дрндав.

— Јас ве молам, не попуштам, седнете и свирете! Зарем не сакате да бидете од корист за делото?

— Но, ве уверувам, Арина Прохоровна, никој нема да наслушнува. Тоа е само ваше вообразување. И прозорците се високи; а и кој ќе разбере нешто, дури и да наслушнува.

— И ние самите, строго земајќи, не разбираме во што е работата — промрмори нечиј глас.

— А јас ви велам, дека претпазливоста секогаш е потребна. Велам, ако нè следат — се сврти таа кон Виргински за да му разјасни — нека се слуша на улица дека празнуваме роденден и имаме музика.

— Ах, по ѓаволите! — како да опцу Љамшин, седна на фортепијаното и почна да удира некој валс, удирајќи по клавишите потамина, скоро со тупаници.

— Оние што сакаат да биде конферненција, нека ја кренат десната рака — предложи мадам Виргинска.

Едни ги кренаа, други не. Имаше и такви што ја кренаа раката, па пак ја спуштија. Ја спуштија, па пак ја кренаа.

— Уф, по ѓаволите! Овде јас ништо не разбирам! — викна еден офицер.

— Ни јас не разбирам! — рече друг.

— А јас разбирам — рече трет; — кој е за, нека ја крене раката горе.

— А што значи тоа за?

— Значи конференција.

— Не, не е конференција.

— Јас гласав за конференција — викна гимназистот свртувајќи се кон госпоѓа Виргинска.

— Па зошто не ја кренавте раката?

— Јас гледав на вас; вие не ја кренавте, па не ја кренав ни јас.

— Ама бесмислица! Јас предлагам, затоа не ја кренав раката. Господа, предлагам повторно, на друг начин: кој сака конференција нека седи и нека не ја крева раката; а кој не сака, тој нека ја дигне десната рака.

— Кој не сака? — го повтори гимназистот прашањето.

— Ама, да не го правите тоа намерно? — налутено викна госпоѓа Виргинска.

— Ех, допуштете: би требало поточно да се одреди тоа кој сака а кој не — се слушнаа повеќе гласови.

— Кој не сака, не сака.

— Па да, но што треба да се прави ако не се сака: да се крене или да се спушти раката? — викна офицерот.

— Ех, уште не е време за устав и за собрание кај нас — забележа мајорот.

— Господине Љамшин, смилувајте се, многу удирате; никој не може да разбере — рече сакатиот наставник.

— Жими бога, Арина Прохоровна, никој не наслушнува! — скокна Љамшин. — И не сакам повеќе да свирам. Јас дојдов на гости, а не да правам шум со ѕвечка.

— Господа — зеде збор Виргински — сите гласно кажете дали е ова конференција или не е?

— Конференција, конференција! — одекна од сите страни.

— Па штом е така, тогаш нема што да се гласа и крај. Дали сте задоволни, господа? Дали треба сепак да се гласа?

— Не треба, не треба, разбираме!

— Можеби некој не е за конференција?

— Не, не, сите сме за.

— А каква конференција? — викна некој глас. Не му одговорија.

— Треба да се избере претседател — викнаа од разни страни.

— Домаќинот, се разбира, домаќинот!

— Господа, штом е така — почна избраниот Виргински — јас го поставувам на дневен ред мојот прв предлог: ако посака некој да зборува за нешто што ќе биде добро за нашата работа, или ако има нешто да изјави, нека почне, да не се губи времето.

Општо молчење. Повторно сите погледи се свртија кон Ставрогин и Верховенски.

— Верховенски, вие немате ништо да кажете? — го запраша домаќинката непосредно.

— Баш ништо — одговори тој истегнувајќи се на столот и се проѕевна. — Туку, би сакал чашка коњак.

— Ставрогин, дали сакате вие?

— Благодарам, не пијам.

— Јас прашувам дали сакате да зборувате, а не за коњак.

— Да зборувам, за што? Не, не сакам.

— Ќе ви донесат коњак — му одговори таа на Верховенски.

Стана студентката. Таа веќе неколкупати потскокна од столот.

— Јас дојдов да ве известам за страдањата на несреќните студенти и за нивното општо движење за протест . . .

Но ја пресекоа; од другиот крај на масата веќе се јави конкурент и сите погледи се свртија кон него. Долгоушлестиот Шигалев, мрачен и намуртен, полека

стана од своето место и меланхолично ја пушти на масата дебелата и вонредно ситно испишана тетратка, па остана стоејќи и молчејќи. Мнозина збунето гледаа во тетратката. А Липутин, Виргински, и сакатиот наставник беа, како што се чинеше, поради нешто задоволни.

— Молам за збор — проговори Шигалев смрачено, но со цврст глас.

— Го имате — одобри Виргински.

Говорникот седна, помолчи малку, па со важен глас рече:

— Господа!...

— Еве ви коњак! — со гадење и презир отсече роднината што служеше чај и која беше отишла по коњак, па го стави пред Верховенски, заедно со чашката што ја донесе меѓу прстите, без послужавник, и без чинија.

Говорникот, прекинат од тоа, застана достоинствено.

— Ништо, продолжете, јас не слушам! — му довикна Верховенски, турајќи коњак во чашката.

— Господа, му се обраќам на вашето внимание — пак почна Шигалев — и како што ќе видите подоцна, молејќи за вашата помош во точка од првостепена важност, јас морам да дадам увод.

— Арина Прохоровна, дали имате ножици? — одеднаш запраша Верховенски.

— Зошто ви се ножици? — ги ококори таа очите.

— Заборавив да си ги исечам ноктите, — одговори тој, мирно гледајќи ги своите долги и нечисти нокти — веќе има три дена како се подготвувам.

Арина Прохоровна поцрвени, но на госпоѓицата Виргинска тука нешто како да ѝ се допадна.

— Ми че чини како да ги видов пред малку овде на прозорецов — рече таа, стана од масата, отиде, ги најде ножиците и ги донесе. Петар Степанович не ја ни погледна, ги зеде ножиците и замавта со нив. Арина Прохоровна разбра дека тоа мора така да биде и се посрамоти дека ја зеде работата како навреда. Со-

бирот ја погледна молчејќи. Сакатиот наставник го гледаше Верховенски злобно и завидливо. Шигалев продолжи:

— Посветувајќи ја својата енергија на проучувањето на прашањата за социјалистичкото уредување на идното општество, со кое сегашното ќе биде заменето, дојдов дб уверување дека сите творци на социјалните системи, од најстарите времиња до нашата 187... година, биле мечтатели, зборливци, глупаци, што сами си противречат, што никогаш ништо не разбираат од науката за природата, ниту за чудното животно кое се вика човек. Платон, Русо, Фурие, столбови од алуминиум, сето тоа чини само за врапците, а не за човечкото општество. Но, бидејќи новиот облик на општеството неизбежно сега мора да се одреди, — сега кога најпосле се подготвуваме да работиме а не само да размислуваме, јас го изнесувам својот систем за уредување на општеството. Еве го! — чукна тој по тетратката. — Сакав на собирот да му го изложам својот систем, во оваа книга, по можност во скратена форма; но, гледам дека е потребно да се дадат уште многу и многу усни разјаснувања и затоа моето излагање, според бројот на главите во мојата книга, бара барем уште десет вечери (се чу смеа). Освен тоа, однапред изјавувам дека мојот систем не е завршен (пак смеа). Се заплеткав во сопствените докази и мојот заклучок дојде во непосредна спротивност со првобитната идеја од која тргнав. Тргнувајќи од неограничената слобода, завршив со неограничен деспотизам. И покрај сето тоа тврдам дека освен мојот заклучок за решението на општествената формула, друг не може да има.

Смеата раснеше сè повеќе и повеќе; но посилно се смееја младите и така да се рече, малку посветените гости. На лицето од домаќинката, од Липутин и од сакатиот наставник, се гледаше израз на лутина.

— Кога вие самиот не сте умееле да го склопите својот систем и кога сте дошле до очај, што работа имаме ние тука? — внимателно забележа еден офицер.

— Прав сте, господине активен офицер, му одговори Шигалев остро; — а најмногу во тоа дека го употребивте зборот очај. Вистина е, доаѓав до очај. Но токму затоа сè што е изложено во мојата книга останува незаменливо и друг излез нема; никој ништо нема да измисли. И затоа брзам, не губејќи време, целиот собир да го повикам, откако во десет вечери ќе го ислуша мојот систем, да ги изнесе своите мислења. А ако членовите не сакаат да ме ислушаат, тогаш веднаш, уште на почетокот да се разидеме — мажите, да се занимаваат со државната служба, а жените да одат в кујна, зашто ако не го примат системот од мојата книга, друг излез нема да има. Ни-ка-ков! А оној што ќе го изгуби времето, си штети самиот себеси, зашто тоа никогаш повеќе не може да се врати.

Настана мешаница: „Што му е? Да не поулавел?" — се чуја гласови.

— Значи, целата работа е во очајот на Шигалев? — заклучи Љамшин; — а битното прашање се состои во ова: треба или не треба тој да биде во очај?

— Тоа што Шигалев е блиску до очајот, тоа е негова лична работа — изјави гимназистот.

— Јас предлагам да се гласа за тоа колку очајот на Шигалев се допира до заедничкото дело и, во врска со тоа, дали вреди да се слуша Шигалев или не? — весело заклучи офицерот.

— Овде не станува збор за тоа — се вплетка најпосле и сакатиот. Тој зборуваше, би се рекло, со некаква подбивна насмевка, така што, можеме да речеме, тешко беше да се разбере дали зборува искрено или се шегува. Овде господа всушност не е тоа. Господинот Шигалев премногу сериозно ѝ се предал на својата задача, а на тоа згора премногу е скромен. Мене неговата книга ми е позната. Тој како завршно решение на прашањето предлага поделба на човештвото на два нееднакви дела. Една десетина добива слобода на личноста и неограничено право над деветте преостанати делови. А тие мора да ја изгубат личноста и да се претворат во некој вид стада и, со безгранична послушност, со низа прародувања на првобитната невиност, да достигнат во некој вид прво-

битен. рај — иако, впрочем, ќе мора да работат. Мерките што ги предлага авторот за одземање на слободата на девет десетини од човештвото и за нивното претворање во стадо со помош на превоспитувањето на цели генерации многу се значајни и особени, основани на природни факти, и многу се логични. Со некои заклучоци можеби да не се сложиме, но тешко е да се посомневаме во авторовиот разум и знаење. Жалам дека условот за времето од десет вечери ни малку не се поклопува со околностите, зашто ќе можевте да чуете многу интересни работи.

— Ама сериозно ли го зборувате тоа? — го запраша госпоѓа Виргинска сакатиот, скоро со некое претчувство. — Затоа што не знае што да прави со луѓето, тој девет десетини од нив претвора во робови! Одамна јас се сомневам во него.

— Значи, во својот роден брат? — запраша сакатиот.

— Роднинство! Вие роднинството го признавате? Вие ми се подбивате, така ли е?

— А освен тоа, да работиш за аристократите и да им се покоруваш како на богови — тоа е ниското! — рече студентката разлутена.

— Јас не предлагам ниското, туку ветувам рај, земен рај; на земјата друг рај не може ни да има, — гласно заклучи Шигалев.

– А јас пак – извика Љамшин место рај, би ги зел тие девет десетини од човештвото и би ги фрлил во воздухот, кога веќе не се знае што да се прави со нив; и би оставил само толпичка образовани луѓе, што би почнале да живеат по науката и да уживаат.

— Така може да зборува само комедијант! — пламна студентката.

— Тој е комедијант, но е корисен — ѝ шепна мадам Виргинска.

— И тоа, можеби, ќе биде најдобро решение на задачата! — пламено му рече Шигалев на Љамшин; — вие, господине веселник, секако и не знаете колку длабока работа сте успеале да кажете. Но бидејќи вашата идеја е скоро неизводлива, треба да се ограничиме на земниот рај, кога веќе така го нарековте.

— Оваа лудорија вреди! — како да му се откачи зборот на Верховенски. Впрочем, тој сосема рамнодушно не поткревајќи ги очите ги сечеше ноктите.

— А зошто лудорија? — прифати сакатиот небаре само го чекал неговиот прв збор, па да го вчепка. — Зошто токму лудорија? Господин Шигалев донекаде е фанатик на човекољубието; но, спомнете си, кај Фурие, кај Кабет посебно, па и кај самиот Прудон, има многу мошне деспотски и фантастични претходни решенија на прашањето. Господин Шигалев можеби уште многу потрезвено ја решава таа работа одошто тие. Верувајте, кога ќе се прочита неговата книга, не е возможно да не се сложите со по некои работи. Тој, можеби, подалеку од сите се оддалечил од реализмот, а неговиот земен рај скоро е вистински земен рај, оној по кој, како по загуба, воздивнува човештвото, тоест, ако некогаш постоел.

— Се разбира, требаше да знам дека ќе натрапиме на нешто такво — промрмори Верховенски.

— Допуштете — вриеше сакатиот сè посилно и посилно — разговорите и судењата за идното социјално уредување — тоа е скоро постојана и неизбежна потреба на сите современи мислители. Херцен целиот век само за тоа се грижел. Белински, што ми е доста точно познато, поминувал со своите пријатели цели вечери во расправање и на претходното решавање и на најситните, така да се рече кујнски подробности на идното социјално уредување.

— Некои поради тоа и се споулавуваат — рече мајорот одненадеж.

— Но секако би можеле да дојдеме до некаква спогодба — запраша Липутин, како најпосле да се осмелил да го почне нападот; — а не да седиме тука и да молчиме како диктатори.

— Јас не му реков на Шигалев дека е она лудорија — промрмори Верховенски. — Видете, господа — тој малку ги поткрена очите — сите тие книги, фуриеи, кабети, сите тие „права на работа“ — шигалевштината — сето тоа, мислам јас, е нешто како оние романи од кои може да се напишат сто илјади. Ес-

тетичка безработица. Јас разбирам, вам овде, во малиот свет, ви е здодевно, затоа и се фрлате на испишување на хартија.

— Допуштете — рече сакатиот и се помрдна на својот стол — ние, иако сме провинцијалци, и веќе се разбира, поради тоа заслужуваме сожалување, но ние сепак знаеме дека засега во светот не се случило ништо ново и такво за кое би требало да плачеме дека не сме го виделе. Еве, со помошта на разни потфрлени ливчиња од туѓинска фактура, нам ни се препорачува да се збиеме едни до други, да основаме кружоци со задача за општото решение, сè под изговор дека светот, сеедно како ќе го лекуваме, не можеме да го излекуваме, но ако радикално се симнат сто милиони глави и со тоа се олесни работата, тогаш сигурно може да се прескокне преку јажето. Прекрасна замисла, без сомневање, но со стварноста несообразна барем толку колку и „шигалевштината", спрема која вие пред малку заседовте толку презрив став.

— Но јас вам не допатував поради конферирање — му се оттргна на Верховенски значајна фраза; но како и да не ја забележа таа своја грешка, тој ја приближи свеќата за подобро да ги гледа ноктите.

— Ми е жал, многу ми е жал што не сте допатувале поради тоа; и многу ми е жал дека сега сме зафатени со својата тоалета.

— А што ви е вам грижа за мојата тоалета?

— Да се симнат сто милиони глави, е исто толку тешко да се оствари, како што е тешко светот да се преобрази со пропаганда. Дури нешто повеќе, можеби и потешко, особено во Русија — пак се осмели Липутин.

— А токму во Русија денес се надеваат — проговори офицерот.

— Сме слушале дека се надеваат — прифати сакатиот. — Нам ни е познато дека еден таен индекс упатува на нашата прекрасна татковина како на земја најспособна за извршување на големата задача. Само, еве што е: во случај задачата да се решава постепено со помош на пропаганда, јас лично можеби нешто и ќе добијам, или барем пријатно ќе поразговарам, а од

претпоставените и чин ќе добијам за услугите во социјалната работа. А каква награда можам да добијам при она забрзано решавање со помошта на сто милиони симнати глави? Ако почне некој тоа да го пропагира, уште можам и јазик да пресечам.

– Вам сигурно ќе ви го пресечат – рече Верховенски.

— Ете, гледате! А бидејќи таквото сечење ни при најпогодни услови не може да се доврши пред педесет, да речеме макар и триесет години, зашто тие луѓе сепак не се говеда и секако нема да дадат туку-така да ги сечат – тогаш, зарем не е подобро да си ја собереш покуќнината, па да се преселиш каде и да е преку мирните мориња на мирни острови и таму спокојно да ги затвориш очите? Бидете уверени — тој значајно чукна со прстот по масата — со таквата пропаганда вие само ќе предизвикате емиграција, и ништо повеќе!

Сакатиот заврши очигледно во триумф. Тоа беше силен ум во губернијата. Липутин се насмевнуваше лукаво, Виргински слушаше малку невесело, а сите други го следеа конфликтот со особено внимание, особено госпоѓите и офицерите. Сите разбраа дека агентот на оние сто милиони глави е натеран до ѕидот, па сега чекаат што ќе стане.

— Впрочем, тоа добро го рековте — пропелтечи Верховенски уште порамнодушно од порано, па и како со некоја здодевност. — Да се емигрира — тоа е добра мисла. Па сепак, кога не гледајќи ги сите јасни незгоди што ги предвидувате, војниците за општото дело од ден на ден сè повеќе ќе се јавуваат, ќе се може и без нас. Тука, братче, новата религија доаѓа да ја замени старата... поради тоа и се јавуваат толку многу војници, а тоа е крупна работа. А вие, емигрирајте! И, знаете, јас ве советувам да појдете во Дрезда, не на мирните острови. Прво, тоа е град што никогаш не видел никаква епидемија, а бидејќи сте вие умен човек, вие бездруго се плашите од смртта; второ, блиску е до руската граница, па од љубезната татковина побрзо ќе може да се добијат своите приходи; трето, таму има од таканареченото уметничко богатство, а

вие сте човек естет, некогашен наставник по литература, ми се чини; и, најпосле, Дрезда ја има својата сопствена џебна Швајцарија. Тоа е, знаете, поради поетските инспирации, зашто вие сигурно чкртате стихови. Со еден збор, тоа е богатство во кутија за цигари!

Се почувствува немир; особено се раздвижија офицерите. Уште еден миг и ќе почнат сите да зборуваат одеднаш. Но сакатиот луто се нафрли на Манката:

— Не мислев така; ние можеби нема да го напуштиме општото дело. Тоа треба да се разбере...

— Значи, вие сега би влегле во нашата петка, ако ви го понудам тоа? — се избрбори Верховенски и ги спушти ножиците на масата.

Сите просто се стресоа. Загадочниот човек одеднаш премногу се обелодени. Дури, проговори непосредно и за „петката".

— Секој се чувствува чесен човек и нема да бега од општото дело — се виткаше сакатиот — но...

— А, нема тука но — заповедно и остро го прекина Верховенски; — јас изјавувам, господа, дека мене ми треба отворен одговор. Премногу добро сфаќам дека јас, доаѓајќиваму и лично повикувајќи ве на овој заеднички собир, треба да ви дадам вам објаснување (пак неочекувано откривање), но јас никако не можам да ви дадам пред да дознаам до кои мисленја вие држите. Преоѓајќи преку разговорот зашто секако нема пак триесет години да се брбори како што се брборело триесет години до денес, јас ве прашам што ви е помило: или бавниот пат што се наоѓа во социјалните романи и во канцелариското решавање за човечката судбина за илјада години однапред, на хартија, додека за тоа време деспотизмот се колка со печени залаци што вам сами од себе би ви летале в уста, но кои вие ги пропуштате покрај устата, — или брзото решение, сеедно во што се состои тоа, но кое најпосле ќе ги ослободи рацете на човештвото и ќе му даде широк простор да создаде социјален систем, и тоа навистина, не на хартија? Велат: но за тоа треба да паднат „сто милиони глави". Тоа е можеби само метафора, но зошто да се плашиме од тоа, кога дес-

потизмот, и покрај сите букви на хартија, за некои сто години ќе изеде не сто, туку петстотини милиони глави? Имајте на ум: неизлечивиот болен никогаш нема да се излекува, сеедно какви рецепти му се пишуваат на хартија; напротив, ако му се продолжи животот, тој толку ќе изгние што и нас ќе нè зарази, ќе ги упропасти сите свежи сили на кои уште може да се смета, па така најодзади сите ќе пропаднат. Јас наполно се сложувам со вас дека убава работа е да се зборува либерално и благоглаголиво, а да се работи... е, тоа малку... каса... Туку, се разбира, јас воопшто не умеам да зборувам; ваму дојдов со соопштение и затоа го молам целото почитувано друштво не да гласа, туку непосредно да изјави што му е помило: да лази по калта, како желка или под полна пара премин преку езеро?

— Јас сум решителен за премин под полна пара! — одушевено викна гимназистот.

— И јас — се одзва Љамшин.

— Се разбира, за изборот нема сомневање, промрмори еден офицер, по него некој друг, а по него уште понекој.

Главно е дека сите ги изненади тоа оти Верховенски е дојден „со соопштение", за што, како што вети, сега ќе зборува.

— Господа, јас гледам дека сите се решаваат во духот на прогласите — и со погледот премина наоколу по собраните.

— Сите, сите — одекнаа многу гласови.

— Јас, да си речам вистински, повеќе сум за хумано решение — проговори мајорот, — но бидејќи се сите за едно, и јас сум за сите.

— Излегува, значи, дека ни вие не сте противен? — се сврти Верховенски кон сакатиот.

— Па, не дека сум... — тој малку поцрвени — но, ако сега се слагам со сите, тоа е само за да не го нарушам...

— Сите вие сте такви! Готови сте половина година да спорите поради либералната слаткоречивост, а на крајот им се приклучувате „сите". Господа, убаво размислете дали сте навистина сите готови?

(За што готови? Прашање неодредено, но мошне привлечно.)

— Се разбира, сите... — се слушнаа изјави. Но истовремено сите почнаа да се загледуваат.

— Да не не ви биде право потем, што брзо сè согласивте? Зашто кај нас скоро секогаш така бидува.

Се вознемирија во различна смисла, многу се вознемирија. Сакатиот му се пушти на Верховенски.

— Сепак, допуштете да ви забележам дека одговорите на слични прашања донекаде се условни. Ако дадовме согласност, ви обрнувам внимание, прашањето беше поставено на чуден начин.

— Како на чуден начин?

— На начин на кој таквите прашања не се поставуваат.

— Научете ме, ве молам. Јас сум, знаете, уверен дека прво вам ќе ви биде непријатно.

— Вие од нас изнудивте одговор на готовност за забрзана работа; меѓутоа, какви права имавте така да постапувате? И какви овластувања да можете да задавате такви прашања.

— Требаше порано да се сетите така да прашате! А зошто одговоривте? Се согласивте? А сега се покаавте.

— Јас мислам дека онаа лекоумна отвореност на вашето главно прашање наведува на идејата дека вие воопшто немате овластување, ни право на тоа, туку дека лично бевте љубопитен.

— Што, што? — извика Верховенски како многу да се вознемири.

— Тоа дека афилијацијата, каква и да е, се врши барем во четири очи, а не во друштво од дваесет непознати луѓе! — вресна сакатиот.

Тој се искажа и премногу беше раздразнет. Верховенски, со одлично наместен израз на вознемиреност, веднаш се сврти кон друштвото.

— Господа, сметам дека ми е должност пред сите да изјавам дека сето тоа беше бесмислица и дека нашиот разговор отишол далеку. Никого уште не сум го афилирал, ниту некој има право да рече дека јас афилирам; ние просто зборувавме за ова и за она мислење.

Така ли е? Но, така или инаку, вие мошне ме застрашувате — се сврти пак кон сакатиот; — Јас и не помислив дека за тие скоро невини работи треба да се зборува во четири очи. Да не се плашите од поткажување? Зарем меѓу нас може да има поткажувачи?

Настана вонредно возбудување; сите почнаа да зборуваат.

— Господа, ако е така — продолжи Верховенски — јас најмногу би се компромитирал; затоа предлагам да ми одговорите на едно прашање, се разбира, ако сакате. Сè е само ваша слободна волја.

— Какво прашање? Какво прашање? — зацагорија сите.

— Па, прашање по кое сè ќе биде јасно дали сите ќе останеме овде, или молчејќи ќе си ги земеме капите и ќе си отидеме секој по својот пат.

— Прашањето, прашањето?

— Ако некој од нас знае за некое планирано политичко убиство, дали, мислејќи на сите последици, би отишол тоа да го пријави, или така би останал дома очекувајќи го настанот? За тоа може да се имаат различни погледи. Одговорот на тоа мое прашање јасно ќе каже дали ќе се разидеме или ќе останеме во заедница, и тоа не само за оваа вечер. Допуштете, првин вам да ви го поставам прашањето — се сврти тој кон сакатиот.

— А зошто прво мене?

— Затоа што вие сето тоа и го почнавте. Бидете добар, не повлекувајте се пред прашањето; овде не помага еластичноста. Впрочем, како што сакате, имате полна слобода!

— Проштавајте, но таквото прашање и навредува.

— Не така! Туку, дали можете вие да давате поточен одговор.

— Никогаш не сум бил агент на тајната полиција — се превиткуваше оној уште повеќе.

— Бидете добар, кажете поточно, и не задржувајте нè!

Сакатиот толку се налути што престана сосема да одговара. Молчејќи, со поглед на гадливост под очилата упорно гледаше во мачителот.

— Да или не? Ќе пријавите или не? — викна Верховенски.

— Се разбира дека нема да поткажам! — викна сакатиот двојно посилно.

— Никој не ќе поткаже, се разбира, никој! — се слушнаа многу гласови.

— Допуштете господине мајоре, и вас да ве прашам дали ќе пријавите или не? — продолжи Верховенски. — И добро внимавајте, вас ве прашам нарочно.

— Нема да пријавам.

— Убаво, а кога би знаеле вие дека некој некого сака да го убие и да го ограби, некој обичен смртник, дали тогаш ќе пријавите, дали навреме ќе известите?

— Па се разбира! Но тоа е граѓански случај, а ова е политичко поткажување. Не сум агент на тајната полиција.

— И никој од нас овде — пак се зачуја гласови. — Излишно прашање. Сите имаме еден одговор. Овде нема поткажувачи.

— Зошто станува господинов? — викна студентката.

— Тоа е Шатов. Шатов — зошто станавте? — извика домаќинката.

Шатов навистина беше станал, ја држеше капата в рака и гледаше на Верховенски. Се чинеше дека сака нешто да му каже, но се колебаше. Лицето му беше бледо и луто, но се воздржуваше; не рече ни збор и молчејќи тргна да излезе од собата.

— Шатов, тоа за вас самиот е нецелисходно — загадочно му дофрли Верховенски.

— Но за тебе е целисходно, како за поткожник и никаквец! — му довикна Шатов од вратата и излезе.

Пак врева, извици.

— Ете, тоа е таа проба! — викна еден глас.

— Користољупци! — викна друг.

— Да не е доцна за корист? — забележа трет.

— Кој го викал него? Кој го примил? Кој е тој? Кој е тој Шатов? Дали ќе поткаже? Нема? — се просеаја прашања.

— Да е поткажувач, тој ќе се преправаше; вака, плукна на сè и излезе — рече некој.

— Ене, станува и Ставрогин — викна студентката; — а ни Ставрогин не одговори на прашањето!

Ставрогин навистина стана, а заедно со него и Кирилов од другата маса.

— Допуштете, господине Ставрогин, — се сврти кон него домаќинката остро — ние сите овде одговоривме на прашањето, а вие си заминувате молчејќи!

— Не чувствувам потреба да одговорам на прашањето што ве интересира — промрмори Ставрогин.

— Но, ние се компромитиравме, а вие не! — извикаа неколку гласови.

— А што ми е мене грижа дека вие сте се компромитирале, — се насмеа Ставрогин, но очите му светкаа.

— Како што? Како што? — одекнаа извици. Мнозина скокнаа од столовите.

— Молам, господа, ве молам! — викаше сакатиот, — па ни господинот Верховенски не одговори на прашањето! Само го постави.

Оваа забелешка направи страшен впечаток. Сите се погледнаа. Ставрогин гласно му се насмеа на сакатиот, па излезе, а по него и Кирилов. Верховенски отрча по нив во тремот.

— Што правите со мене? — процеди тој фаќајќи го Ставрогина за раката и стискајќи ја со сета сила. Ставрогин молчејќи ја ослободи раката.

— Одете веднаш кај Кирилов, а јас ќе дојдам потоа... Многу ми е потребно, многу потребно!

— Мене не ми е! — отсече Ставрогин.

— Кај мене ќе биде Ставрогин — заврши Кирилов. — Ставрогин, и за вас е неопходно. Таму ќе ви кажам.

Тие отидоа.

ОСМА ГЛАВА

ЦАРЧЕТО ИВАН

Тие отидоа. Петар Степанович побрза назад на „конференцијата“, за да го совлада хаосот, но, веројатно помислувајќи дека не вреди да се измачува, се откажа од сè и по минута или две леташе и тој по оние двајца. Трчајќи, си спомни за уличката со која може да се скрати патот до куќата на Филипов; ганѕајќи по калта до колена, тој се упати по таа уличка и навистина ги стаса Ставрогин и Кирилов токму кога влегуваа.

— Вие сте веќе овде? — рече Кирилов. — Тоа е добро. Влезете.

— Како тоа? Рековте дека живеете сам? — запраша Ставрогин поминувајќи во тремот крај самоварот кој веќе вриеше.

— Веднаш ќе видите со кого живеам — промрмори Кирилов. — Влезете.

Само што влегоа, Верховенски го извади од џебот анонимното писмо што го зеде од Лемпке и го спушти пред Ставрогин. Седнаа сите тројца. Ставрогин молчејќи го прочита писмото.

— Па? — запраша.

— Овој никаквец ќе направи така како што напишал — одговори Верховенски. — Бидејќи тој ви е во рацете, научете ме што да се прави со него. Верувајте, тој можеби уште утре ќе отиде кај Лемпке.

— Па нека отиде.

— Како нека отиде? Особено ако може да се избегне.

— Се лажете, не зависи тој од мене во ништо. А мене ми е сеедно; мене тој не ми се заканува со ништо, ви се заканува само вам.

— И вам.

— Не гледам.

— Но може да се случи другите да не ве поштедат, зарем не разбирате? Слушајте, Ставрогин, тоа е само игра со зборови. Да не ви е жал за парите?

— А зарем се потребни пари?

— На секој начин; две илјади или минимум една и пол. Дајте ми ги парите утре или можеби денес, и јас утревечер ќе го испратам за Петроград. Тој токму тоа и го сака. Ако сакате, заедно со Марија Тимофеевна. Внимавајте што ви велам.

Како да имаше нешто наполно збунето во Верховенски; зборуваше непретпазливо, му се откачуваа непромислени зборови. Ставрогин го гледаше со чудење.

— Јас немам причина да ја испраќам Марија Тимофеевна.

— Можеби и не сакате — се насмевна Петар Степанович иронично.

— Можеби и не сакам.

— Со еден збор, ќе има пари или не? — му викна тој на Ставрогин во горчлива нестрпливост и некако заповеднички.

Ставрогин го погледна сериозно.

— Ќе нема пари.

— Слушајте, Ставрогин! Вие или нешто знаете, или веќе нешто сте направиле. Вие криете!

Лицето му се нагрди, аглите на усните потреперија; тој одеднаш се насмеа со некоја сосема беспредметна смеа, која на ништо не одговараше.

— Па вие од својот татко добивте пари за имотот — мирно спомна Николај Всеволодович. — Мајка ми во името на Степан Трофимович ви даде шест или седум илјади рубли. Значи, онаа една и пол платете ја од своите пари. Најодзади, јас не сакам да плаќам за друг, јас и без тоа многу раздадов за други, така што ме навредува... — се насмевна тој самиот на своите зборови.

— А вие почнувате да се шегувате...

Ставрогин стана од столот; веднаш скокна и Верховенски, махинално застана со грбот на вратата, како да му го спречува заминувањето. Николај Всеволодович веќе направи движење да го засолни од вратата, па да излезе, но наеднаш застана.

— Шатов нема да ви го отстапам — рече тој.

Петар Степанович истрпна; објацата се гледаа.

— Јас веќе ви кажав зошто ви е потребна крвта на Шатов — светнаа очите на Ставрогин. — Со таа крв сакате да ја залепите својата дружина. Пред малку го избркавте на одличен начин: многу добро знаете дека тој нема да рече „нема да ве поткажам"; а да ве лаже, ни тоа не сака, зашто смета дека е тоа недостојно. Но јас, јас зошто сум ви јас потребен сега? Вие уште од странство севезден се лепите за мене. Она со што денес ми објаснувавте е само бладање. Вие одите на тоа јас на Лебјаткин да му дадам илјада и петстотини рубли и со тоа да го подготвам да го убие Фетка. Знам јас, вие мислите дека јас сакам патем да се убие и мојата жена. И, се разбира, мислите, кога така со злочин ќе ме обврзете, тогаш сте добиле власт над мене. Така ли е? А зошто ви е таа власт? За кој ѓавол сум ви потребен јас? Разгледајте еднаш одблиску и еднаш засекогаш дали сум јас ваш човек... а потем оставете ме на мир.

— Фетка лично дошол? — со пригушен глас запраша Верховенски.

— Да, дојде; и неговата цена е исто така илјада и петстотини рубли. Тој тоа и самиот ќе го потврди, ене го... — ја испружи раката Ставрогин.

Петар Степанович брзо се сврти. На прагот од мракот се покажа нова силуета — Фетка, во кус кожув, но без капа, како да си е дома. Стоеше и се смешкаше, а белите заби му светкаа. Неговите црни очи со жолт отсјај внимателно гледаа по собата, набљудувајќи ги господата. Како нешто тука очигледно да не разбира, Кирилов го донесе токму во тој момент, па неговите прашални погледи натаму и се свртуваа; стоеше на прагот и не сакаше да влезе во собата.

— Вие сте го држеле овде во готовност, веројатно за да ја чуе нашата спогодба, или парите да ги прими веднаш в раце, нели? — запраша Ставрогин, па тргна и не чекајќи одговор. Верховенски, скоро луд, го достаса кај вратата.

— Стој, ни чекор! — извика тој и го фати за мишката. Ставрогин ја тргна раката, но не ја ослободи. Го обзеде бес: со левата рака го вчепка Верховенски за косата и со сета сила го тресна од земјата, па излезе. Но не помина триесет чекори кога Верховенски пак го стаса.

— Да се смириме, да се измириме — прошепоти тој со растреперен шепот.

Николај Всеволодович ги поткрена рамениците, но ниту застана, ниту се сврти.

– Слушајте, јас уште ќе ви ја донесам Лизавета Николаевна, сакате ли? Ја сакате? Зошто не одговарате? Речете ми што сакате, ќе направам. Слушајте, ќе ви го оставам и Шатов, сакате ли?

— Мора навистина да сте наумиле да го убиете — извика Николај Всеволодович.

— Ама зошто ви е Шатов? Зошто ви е? — продолжи Верховенски заѕбивтано брзајќи и во занес, а секој час истрчуваше пред Ставрогин и го фаќаше за мишката, веројатно и не знаејќи дека го прави тоа. — Слушајте, ќе ви го предадам, да се измириме! Вашата сметка е голема, но ... да се измириме!

Ставрогин најпосле го погледна, мошне зачуден. Кај него веќе го немаше оној поглед, ни оној глас како досега, и уште пред малку, таму во собата; Ставрогин виде скоро друго лице. Ја немаше ни онаа интонација на гласот: Верховенски ете моли, преколнува. Тој е човек кој не може да одмазди, на кого што му го одземаат, или веќе му го одзеле најдрагиот предмет.

— Ама што ви е вам? — извика Ставрогин.

Овој не одговори, туку само трчаше по него и постојано го гледаше со истиот молежлив, но истовремено и непопустлив поглед.

— Да се измириме! — прошепоти тој уште еднаш. — Слушајте, јас како и Федка, имам готов нож во чизмата; но јас сакам со вас да се измирам.

— Ама зошто сум ви јас, по ѓаволите! — извика Ставрогин крајно лут и мошне зачуден. — Тоа е веројатно некаква тајна? Дали добивте некоја амајлија со мене?

— Слушајте, ние ќе дигнеме бунт — мрмореше Верховенски брзо и скоро како во занес. — Вие не верувате дека ќе дигнеме бунт? Ќе направиме таков метеж што сè од основа ќе се преврти. Токму вели Кармазинов: нема веќе ништо за што можеш да се фатиш. Кармазинов е мошне мудар. Само десет вакви дружини во Русија, па мене никој не може да ме фати!

— И сите исти глупаци! — му се испушти на Ставрогин.

— О, бидете и вие малку поглуп, Ставрогин! — Бидете малку поглуп! Знаете, вие и не сте толку умен за да може тоа вам да ви се посака; вие се плашите, вие не верувате, вас ве плашат, разберите. А зошто тие да бидат глупаци? Не се тие толку глупи; денес никој нема свој ум. Денес има многу малку сопствена памет. Виргински е најчист, десетпати почист од вакките какви што сме ние; туку да го оставиме него. Липутин е измамник, но јас ја знам неговата чувствителна точка. Нема измамник што да ја нема својата чувствителна точка. Само Љамшин е без каква и да е точка, но затоа е во моите раце. Уште неколку вакви дружини, па сегде ќе имам пасош и пари — да го земеме само тоа? Макар само тоа единствено! Имам јас и сигурни места за криење . . . па нека бараат! Една група ќе оневозможат, на другата ќе наседнат. Ние ќе кренеме бунт, да знаете . . . Зарем не верувате дека сме доволни и ние двајцата, дека сме сосема доста?

— Земете го Шигалев, а мене оставете ме на мир . . .

— Шигалев е генијален човек! Знаете ли дека е тој гениј каков што е Фуриè, но посмел, посмел од Фуриè, посилен од Фуриè, јас ќе се заинтересирам за него. Тој ја измисли „еднаквоста“.

„Овој има треска и блада; нему нешто му се случило нешто особено“, помисли Ставрогин погледнувајќи го Верховенски уште еднаш. Меѓутоа, обајцата одеа не запирајќи се.

— Добро е она со неговиот систем — продолжи Верховенски она за шпионството. Кај него секој член на општеството гледа на другиот и мора да го поткажува. Секој им припаѓа на сите, а сите на секого. Сите се робови, а во ропството еднакви. Во крајни случаи клевета и убиство, но, што е главно, еднаквост. На прво место, тогаш се спушта нивото на образованоста, науката и талентот. Високото ниво на науката достапно им е само на големите способности! Големите способности секогаш ја заземале власта и биле деспоти. Големите способности не може да не бидат деспоти и секогаш повеќе расипувале отколку што користеле; нив ги прогонуваат или ги казнуваат. На Цицерон му се отсекува јазикот. На Коперник му ги горат очите, Шекспира го каменуваат . . . ете тоа е Шигалевштината! Робовите мора да бидат еднакви: без деспотизам уште немало ни слобода ни еднаквост; а во стадото мора да има еднаквост; и ете ти ја шигалевштината! Ха-ха-ха, вам ви е чудно? Јас сум за шигалевштина!

Ставрогин се грижеше да го забрза одењето и што побрзо да стаса дома. „Ако е овој човек пијан, каде можел да се опие“? му дојде на ум. „Да не е од коњакот?“

— Слушајте, Ставрогин: да се израмнат ридиштата, тоа е добра мисла, не е смешна. Јас сум за Шигалев! Образованието не е потребно, доста со науката! И без наука ќе има материјал за илјада години, но треба да се подготвиме за послушност! Во светот само едно недостасува: послушност. Желбата за образование веќе е аристократска желба. Малку семејство или љубов — веќе е желба за сопственост. Ние ќе ја убиеме желбата: ќе го допуштиме пијанството, интригите, поткажувањето; ќе му дадеме замав на невиден разврат; секој гениј ќе го угасеме уште од раното детство. „Сè ќе сведеме под ист именител — полна еднаквост!“ „Својот занает го научивме, и чесни луѓе сме, нам ништо друго не ни треба“ — така одговорија анлиските работници неодамна. Само, неопходното е неопходно — отсега тоа е девизата на земјината топка. Но потребни се и грчеви; затоа ќе се погрижиме ние, управувачите. Робовите мора да имаат управувачи.

Полна послушност, полна безличност, но, еднаш во триесет години, Шигалев предизвика грч и сите одеднаш почнуваат еден со друг да се јадат, и така донекаде, колку да не биде досадно. Здодевноста е аристократско чувство; во шигалевштината не ќе има желби. Желбата и страдањето, тоа е за нас, а за робовите шигалевштината.

— Себеси се исклучувате? — му се испушти на Ставрогин.

— И вас. Знаете ли, јас мислев светот да му го предадам на папата. Тој да излезе пеш и бос и да се појави пред простиот народ: „Еве, би рекол, до што ме доведоа!" и сите би потрчале по него, дури и војската. Папата горе на врвот, ние околу него, а под нас шигалевштината. Потребно е само Интернационалата да се сложи со папата; а тоа ќе биде. Стариот, се разбира, веднаш ќе се согласи. Друг излез и нема! Спомнете си што ви реков... Ха-ха-ха! Глупо? Кажете, дали е тоа глупо?

— Прилично — промрмори Ставрогин зловолно.

— Прилично! Слушајте, се ослободив од папата. По ѓаволите шигалевштината. По ѓаволите папата! Потребно е злободневното прашање, а не шигалевштината, зашто шигалевштината е златарски предмет. Тоа е идеал, тоа е за иднината. Шигалев е златар, а глуп како и секој филантроп. Потребно е тешка и проста работа, а Шигалев ја презира тешката и проста работа. Слушајте! папата ќе биде на запад, а кај нас ќе бидете вие!

— Оставете ме, вие сте пијан! — промрмори Ставрогин и ги забрза чекорите.

— Ставрогин, вие сте убавина од човек! — извика Петар Степанович скоро во занес, — знаете ли дека сте прекрасен! Убавец! А најубаво е дека вие понекогаш како да не знаете за тоа! О, јас сум ве проучил! Често ве гледам јас отстрана, од катот! Во вас има простодушност и наивност, го знаете ли вие тоа. Уште ја имате уште! Вие, веројатно, страдате, и страдате искрено поради таа простодушност. Јас ја сакам убавината. Јас сум нихилист, но ја сакам убавината. Зарем нихилистите убавината не ја сакаат? Тие не ги сакаат само

идолите; е, а јас сакам идол! Вие сте мојот идол! Вие никого не навредувате, а сите ве мразат; вие на секого еднакво гледате, а сите сепак ви се плашат, и тоа е добро. Никој не смее да ви пријде, да ве чукне по рамото, вие сте голем аристократ, кога аристократот слегува во демократијата, чудесен е! За вас не е ништо да се жртвува животот и својот и туѓиот. Вие сте всушност таков каков што треба да сте. Мене, мене ми е потребен токму таков човек каков што сте вие. Јас не знам за никој друг освен за вас. Вие сте водач, вие сте сонце, а јас ваше црвче...

Тој одненадеж му ја бакна раката на Ставрогин. На Ставрогин му поминаа морници по грбот и со страв ја истргна раката. Застанаа.

– Полудел! – прошепоти Ставрогин.

— Можеби и бладам, можеби и бладам! — прифати Верховенски забрзано, — но јас го измислив првиот чекор. Шигалев никогаш нема да го пронајде првиот чекор! Има многу Шигалеви! Но само еден единствен човек во Русија го измисли првиот чекор и знае како ќе го направи! Јас сум тој човек! Што ме гледате? Вие, вие мене сте ми потребен, без вас јас сум мува. Без вас јас сум мува, идеја во стакленца, Колумбо без Америка.

Ставрогин стоеше и постојано гледаше во неговите безумни очи.

— Слушајте, ние прво бунт ќе предизвикаме — зборуваше Верховенски мошне забрзано и секој миг го фаќаше Ставрогина за левиот ракав. — Јас веќе ви реков: ние ќе продреме право во народот. Знаете ли, ние веќе сега сме страшно силни? Не се наши само оние што убиваат и палат, или испукуваат класични куршуми или гризат. Таквите луѓе само пречат. Јас без дисциплина не разбирам ништо. Па јас сум залажувач, а не социјалист, ха-ха! Слушајте, сите јас сум ги пребројал: наставникот кој со децата се смее на нивниот од и на нивната лулашка — веќе е наш. Во катот кој образованиот убиец го брани со тоа што убиецот е попросветен од својата жртва и затоа, за да дојде до пари, морал да убива — тој е наш. Учениците кои го убиваат мужикот за да го претрпат и да го спо-

знаат мачното чувство — наши се. Поротниците што секој виновник го оправдуваат — наши се. Државниот обвинител, кој на судот трепери дека не е доста либерален — наш е, наш. Администраторите, писателите — о, наши има многу, страшно многу, само тие и самите не знааат дека се наши. А од друга страна, послушноста на учениците и будалите стасана е до највисоката граница; на наставниците им е пукната жолчката; насекаде гордост до неизмерни размери; див апетит, нечуен... А знаете ли, знаете ли колку ќе ги добиеме само со готовите идеи? Кога тргнав, беснееше Литреовата теза дека злосторството е лудило; кога дојдов, злосторството не беше веќе повеќе лудило, туку вистинска и здрава смисла, скоро должност, барем благороден протест. „Како тогаш просветениот убиец да не убива кога му се потребни пари!" Но тоа уште е цвеќе. Рускиот бог веќе се повлекол пред ракијата. Народот пијан, мајките пијани, децата пијани, црквите празни, а по судовите „двесте прачки, или влечи го ведрото". О, дајте само време да дорасне тоа поколение. Жалам само дека ќе нема кога да се чека, инаку би можеле да ги пуштиме да бидат уште попијани! Еј, колку ми е жал дека кај нас нема пролетери! Но ќе ги има, ќе ги има, кон тоа оди сè...

— А мене ми е жал дека сите оглупевме — промрмори Ставрогин и тргна по стариот пат.

— Слушајте, јас лично видов дете од шест години што пијаната мајка ја водеше дома, а таа го пцуеше со грди зборови. Вие мислите дека мене тоа ми е мило? Ако дојде тоа во наши раце... можеби ќе лекуваме... а ако потреба, ние на четириесет години ќе протераме во пустина... Но денес е потребно да се има едно или две поколенија со невидена расипаност, гадни, кога човек се претвора во гнасна, страшлива, сурова, саможива гадост... тоа нам ни треба! А на тоа уште малку „свежа крв", малку да се свикнат. Што се смеете? Јас им противречам само на филантропите и на шигалевштината, а не себеси! Јас сум измамник, а не социјалист. Ха-ха-ха! Жалам само дека има малку време. На Кармазинов му ветив дека ќе почнам во мај, брзо? Ха-ха-ха! Знаете што, Ставрогин, да ви речам: во ру-

скиот народ, иако тој народ со грди зборови се кара и се пцуе, до денес немало цинизам. Знаете ли дека тој спахиски род себеси повеќе се цени од Кармазинов? Го тепале, но тој своите богови ги зачувал, а Кармазинов не ги чувал.

— Видете, Верховенски, јас првпат ве слушам и ве слушам со чудење — проговори Николај Всеволодович; — вие мора всушност да не сте социјалист, туку некој политички... славољубец?

— Измамник сум, измамник! Грижа ви е кој сум и каков сум. Ќе ви кажам веднаш кој сум и каков сум, кон тоа и одам. Не ви ја бакнувам раката попусто. Но потребно е и народот да поверува дека ние знаеме што сакаме, а оние таму само да „мавтаат со стапот, и да удираат по своите". Ех, само да има време! Единственото зло е што нема време. Ние ќе испланираме уривање... зошто, зошто тоа идеиче е толку волшебно! Но треба, треба ковчињата малку да се пригмечат. Ние ќе испланираме палежи... Ќе пуштиме легенди . . . За тоа ќе стане збор во секоја шугава дружина. Јас токму во тие дружини ќе ви најдам такви ловци кои на секој истрел ќе појдат, и дури ќе бидат благодарни на сторената почест. Значи, ќе почне бунт! Ќе настане такво лулање какво што светот уште не запаметил!... Ќе се замрачи Русија, ќе заплаче земјата по старите богови... Е, а ние токму тогаш ќе го покажеме... Кого?

— ... Кого?

— Циреиќ Иван.

— Кого?

— Цареиќ Иван; вас, вас!

Ставрогин наеднаш се замисли.

— Самоповиканиот? — запраша тој, со длабоко чудење гледајќи во занесениот. — Ах, тоа е, значи, најпосле вашиот план!

— Ние ќе зборуваме дека тој се „крие" — продолжи Верховенски тивко, со некој шепот, како да е навистина пијан. — Знаете ли вие што значи тој израз „тој се крие"? Но ќе се појави, тој ќе се појави. Ние ќе пуштиме во светот легенда поубава од онаа кај

скопениците. Тој постои, но уште никој не го видел. О, каква легенда може да се исфрли! А што е главно, доаѓа нова сила. А токму таа е и потребна, за неа и се плаче. Што е социјализмот? Ги урна старите сили, а нови не донесе. А овде ќе има сила, и уште каква, нечуена! Нам само еднаш ни е потребен лостот, па да ја поткренеме земјата! Сè ќе се крене!

— Вие сериозно сметавте со мене? — се насмевна Ставрогин пакосно.

— Зошто се смеете, и тоа злобно? Не нè плашите. Јас сум сега како дете. Мене сега само една таква насмевка може смртно да ме преплаши. Слушајте, Ставрогин, јас нема да ве поткажам на никого, на никого: така треба. Тој постои, но никој не го видел; се крие тој. Но, знаете, на еден од сто илјади и може да му се покаже, на еден од стотина илјади, само на еден. И по целата земја ќе помине глас: „Го виделе, го виделе". Го виделе Иван Филипович, господ Саваот, го виделе како пред луѓето во кола на небото се вознесол, го виделе со своите родени очи. А вие не сте Иван Филипович, вие сте прекрасен човек, горд како бог, кој ништо за себе не бара, со ореолот на жртва, оној што се „крие". Главно е, легенда! Вие ќе ги победите, ќе ги погледнете и ќе ги победите. Донесува нова вистина и „се крие". А потем ние, како Соломон, ќе пуштиме две три пресуди. Тука се дружините, тука се петорките, — зошто ни се новини! Ако од десет илјади молби само една се задоволи, сите ќе тргнат со молби. Во секоја општина, секој мужик ќе знае дека негде, велат, има некоја дупка во дрво, во која, така е наведено, се спуштаат сите молби. И целата земја ќе заечи од воздишки: „Ви доаѓа нов вистински закон" и ќе се вознемири морето, и ќе се урне шаторот на панаѓур, та тогаш ќе мислиме како би направиле зграда од камен Првпат! Ќе ја градиме ние, ние, единствено ние.

— Лудост! — проговори Ставрогин.

— Зошто, зошто не сакате? Се плашите? А јас се фатив за вас токму затоа дека од ништо не се плашите. Неразумно нели? Но јас сум засега сè уште Колумбо без Америка: зарем е „разумен" Колумбо без Америка?

Ставрогин молчеше. Тогаш дојдоа до куќата и застанаа пред влезот.

— Слушајте — Верховенски се наведна кон неговото уво: — она ќе го свршам јас и без пари... ќе завршам со Марија Тимофеевна... без пари, а и Лиза утре ќе ви ја доведам. Ја сакате ли Лиза, уште утре?

„Што му е? Зарем навистина полудил?" — се насмевна Ставрогин. Влезната врата се отвори.

— Ставрогин, дали е наша Америка? — запраша Верховенски и последен пат фаќајќи го за раката.

— Зошто? — изусти Николај Всеволодович сериозно и строго.

— Нема волја, го знаев тоа! — извика Верховенски во настап на силна лутина. Вие лажете, нечисто, блудно, ломно и трошно господинче! Не ви верувам! Вие имате волчји барања!... Разбирате дека вашата сметка сега веќе е премногу голема и јас не можам да се одречам од вас! Нема на земјата човек каков што сте вие, нема друг! Јас уште во странство така ве замислив; ве замислив, гледајќи во вас! Да не ве набљудував отстрана, ништо не ќе ми дојдеше на ум!

Ставрогин, не одговарајќи, тргна по скалите.

— Ставрогин! — извика Верховенски по него — ви давам еден... добро и два... и три; повеќе од три не можам! а потем... го сакам вашиот одговор!

ДЕВЕТТА ГЛАВА

КАЈ ТИХОН

I

Таа ноќ Николај Всеволодович не спиеше; целата ноќ ја преседи на диванот, често вперувајќи го неподвижниот поглед во една точка во аголот на шифоњерот. Цела ноќ му гореше ламбата. Изутрината во седум часот заспа седејќи и кога Алексеј Егорич, по обичајот воведен еднаш засекогаш, влезе кај него точно во девет и пол со утринскиот филџан кафе и со својата појава го разбуди, тој, кога ги отвори очите, изгледа многу непријатно го изненади дека можел толку долго да спие и дека е веќе толку доцна. Брзо го испи кафето, брзо се облече и брзајќи излезе од куќата. На внимателното прашање на Алексеј Егорич: „Дали има некакви заповеди?" ништо не одговори. Одејќи по улицата гледаше во земјата, длабоко замислен и поткревајќи ја главата само на миг, покажуваше понекогаш некоја неодредена но голема вознемиреност. На една корстосница патот му го препречи толпа мужици, околу педесетина, или повеќе, тука поминуваа, одеа достоинствено, скоро молчејќи, и намерно во ред.

Кај малото дуќанче, каде што мораше малку да почека, некој рече дека се тоа „работниците на Шпигулин." Тој одвај ги забележа. Најпосле, околу десет и пол, стаса до вратата на нашиот Спасо-Ефимивски, Богородски манастир, на крајот од градот покрај реката. Дури тука како да си спомни за нешто, застана,

брзо и возбудено искина нешто во џебот и — се насмевна. Влезе внатре во манастирскиот двор и првиот послушник што го сретна го запраша како ќе дојде до владиката Тихон, кој тука живееше во мир. Послушникот се поклони и веднаш го одведе кај Владиката. На крајот од долгата двокатна манастирска зграда, во малото крило на куќата, ги сретна еден монах, дебел и побелен. Кога ги сретна, го зеде Ставрогин и послушникот сигурно и живо, па го поведе по еден друг тесен ходник, и постојано се поклонуваше (поради дебелината не можеше да се поклонува ниско, туку само често и отсечно мавташе со главата) и постојано го молеше да повели да појде, иако Ставрогин и без тоа одеше по него. Монахот постојано му поставуваше некои прашања; му зборуваше за архимандритот; но бидејќи не добиваше одговори, стануваше сѐ потажен. Ставрогин забележа дека овде го познаваат, иако, колку што се сеќаваше, тука беше доаѓал уште во детството. Кога стасаа до вратата, на самиот крај од ходникот, монахот некако со сигурна рака отвори, а испосникот што им пријде пријателски го запраша дали може да се влезе; впрочем, не чекајќи одговор, ја отвори сосема вратата и се поттргна настрана за покрај себе да го пропушти „драгиот“ гостин, а само што му заблагодари гостинот тој брзо се изгуби, како да бега.

. . . Николај Всеволодович влезе во прилично мала соба, а скоро во истиот миг на вратата од соседната соба се појави висок и слаб човек, околу педесет години стар, во проста долна домашна кошула, и по изгледот нешто болен, со разредена насмевка со необичен, како срамежлив поглед. Тоа беше Тихон, за кого Николај Всеволодович првпат чу од Шатов и за кој од тоа време успеа да собере некои податоци. Податоците беа разновидни и спротивни едни на други, но нешто им беше заедничко, имено: и оние што Тихона го сакаат и оние што не го сакаат (а има и такви) сите некако нешто премолчуваат за него; оние што не го сакаат, веројатно, од негрижа, а оние верните како од желба да скријат нешто за него, некоја негова слабост, можеби јуродивство. Николај Всеволодович дозна

дека има веќе шест години како Тихон живее во манастирот и дека му доаѓаат и луѓе најпрости од народот, и луѓе најугледни; дека дури и во далечниот Петроград има негови пламени почитувачи, во прв ред жени — почитувачи. Но од еден достоинствен „клубски старец“ кај нас, старец богомолец, чу дека „тој Тихон за малку ќе се мрднел од умот или бил барем суштество без секакви способности“. Јас, од своја страна, одејќи пред нештата, додавам дека е сето тоа просто глупо; кај него има само една вкоренета ревматична болест во нозете и понекогаш некои нервни грчеви. Николај Всеволодович дозна исто така дека владиката, дали поради слабост на карактерот или од „неопростивата и на неговиот чин несоодветна расеаност“, не умее во самиот манастир да влее почитување спрема себе. Велат дека отецот архимандрит, суров и строг во своите должности, а над тоа познат со својата образованост, има спрема него, може да се рече, некое непријателско чувство и го осудува (не в очи) поради неморалниот живот, дури и за ерес. А манастирското братство, ако и не се однесува немарно спрема болниот светец, тогаш секако фамилијарно.

Двете соби што ја сочинуваат ќелијата на Тихона наместени се некако необично. Покрај старинскиот дабов мебел, со излижана кожа, стојат три четири фини предмети; мошне раскошната фотелја за одмор, големата маса за пишување, вкусна, извонредна обработка, па орманите за книги, со фина резбарија, столчиња, полици — сите подароци. Скапоцена простирка од бухара, но заедно со неа и сламена. Има гравири со „светска содржина“ и од митологијата, а веднаш тука, во аголот и голем киот со икони што светат од злато и сребро, а една е од најстари времиња и со мошти. Има и библиотека и премногу разновидна и разнородна: напоредно со делата на големите христијански светци и аскети се наоѓаат и театарски дела „а можеби и уште полоши“.

По првите поздрави, речени однекаде со видлива заемна несмасност, брзо па и неразбирливо, Тихон го воведе гостинот во својот кабинет, му понуди да седне на диванот спрема масата и тој седна крај него во

плетен стол. Николај Всеволодович сè уште, поради некое внатрешно возбудување што го гушеше, беше многу расеан и неприбран. Изледаше како да се решил на нешто, но во исто време, за него скоро и невозможно. Малку погледна по кабинетот, очигледно и не гледајќи што гледа; мислеше, а секако не знаеше за што мисли. Го разбуди најпосле тишината и му се стори како Тихон некако срамежливо да ги симнува очите и со некаква излишна смешна насмевка. Тоа за момент побуди одвратност кај него; сакаше да стане и да си отиде, дотолку побрзо што Тихон, како што мислеше, е сосема пијан. Но, овој одненадеж ги крена капаците на очите и го погледна Ставрогин со поглед толку сигурен и полн со мисли, наедно со толку неочекуван и загадочен израз, што Ставрогин само што не потрепери под тој поглед. Поради нешто му се стори дека Тихон знае зошто дошол, дека веќе однапред е известен (иако никој на светот не можеше да ја знае причината) и дека само затоа не проговори прв дека го штеди, се плаши да не го понижи.

— Дали ме познавате? — запраша Ставрогин одеднаш живо. — Дали се претставив кога влегов? Јас сум мошне расеан...

— Не се претставивте, но јас еднаш го имав задоволството да ве видам, уште пред четири години, овде во манастирот, случајно.

Тихон зборуваше не брзајќи ни малку, рамномерно, со благ глас, а зборовите ги изговараше јасно и разбирливо.

— Не сум бил овде пред четири години — одговори Николај Всеволодович дури некако запурничаво; — сум доаѓал ваму уште додека бев мал, кога вие не бевте тука...

— Можеби сте заборавиле? — претпазливо и учтиво запраша Тихон.

— Не, не сум заборавил; би било смешно да сум заборавел! — се држеше упорно Ставрогин, некако и преку мера непопуштливо; — вие, можеби, само сте слушале за мене и сте се здобиле со некое мислење, затоа и се збунивте кога ме видовте.

Тихон замолчи. Николај Всеволодович забележа дека понекогаш преку неговото лице преминува некој нервен грч, забележлива одамнешна нервна слабост...

— Гледам дека вие денес не сте здрав — рече Ставрогин; — и ми се чини дека е подобро да си одам.

Тој дури и се поткрена од местото.

— Да, денес како и вчера чувствувам силни болки во нозете и сношти малку спиев.

Тука Тихон застана. Неговиот гостин повторно и одеднаш падна во својата неодредена замисленост. Молчењето потраа долго, до две минути.

— Вие сте ме набљудувале? — запраша гостинот одеднаш бојазливо и со сомневање.

– Ве гледав и се сетив за цртите на вашата мајка. Покрај надворешната несличност, многу внатрешна сличност, духовна.

— Никаква сличност, особено не духовна; совршено никаква! — пак без потреба се возбудуваше Николај Всеволодович, држејќи се до своето со претерана упорност, а ни самиот не знаејќи зошто; — Тоа го рековте туку-така, нели? — запраша тој одеднаш. — Ах! А зарем мајка ми доаѓа вам?

— Доаѓа.

— Не знаев. Никогаш тоа од неа не сум го чул. Често?

— Скоро секој месец; и почесто.

— Никогаш, никогаш не сум чул за тоа. Не знаев. И вие тогаш, се разбира, сте чуле од неа дека кај мене е изместен редот во главата? — запраша одненадеж Ставрогин.

— Не, не зборуваше токму за некоја изместеност. Туку тоа сум го слушал од други.

— Тогаш вие имате силно помнење кога и за такви ситници се сеќавате. Сте чуле и за шлаканицата?

— Чув нешто.

— Тоест сè. Имате, значи, многу излишно време. И за дуелот сте чуле?

— И за дуелот.

— Вие овде толку многу работи сте чуле! Овдека навистина не се потребни весници. Шатов ве известил за моето доаѓање? Нели?

— Не. Инаку јас го познавам господинот Шатов, но одамна го немам видено.

— Хм. Каква ви е оваа карта? Види, карта на минатата војна. А зошто ви е тоа?

— Со помошта на картата го проучував текстот на книгата. Интересен опис.

— Покажете ми; па ова не е лош труд. Сепак, необично четиво за вас.

Тој ја привлече книгата и површно се загледа во неа. Тоа беше опширно и даровито излагање на сите околности на минатата војна; впрочем, не толку во војничка колку во чиста литературна смисла. Ставрогин превртуваше малку по книгата и одеднаш нестрпливо ја поттурна.

— Јас просто не знам зошто дојдов ваму — изусти тој со гнасење и го погледна Тихон право во очите, како да чека од него одговор.

— И вие како да не сте здрав?

— Па да, не сум.

И одеднаш впрочем најкратко и со испрекинати реченици, така што по нешто беше тешко и да се разбере, раскажа тој како особеноноќе подлегнува на некој вид халуцинации, како понекогаш гледа или чувствува крај себе некое злобно суштество, потсмешливо, инаку разумно, што се јавува „во разни лица и разни карактери, но секогаш е едно исто, и ужасно тоа ме лути“ . . .

Чудни и збунети беа тие признанија и како навистина да доаѓааа од смрачен човек. Но, при сето тоа, Николај Всеволодович зборуваше со ретка искреност, каква што кај него можеби никогаш не се јавува, со простодушност што не е негова, така што преѓешниот човек просто одеднаш го снема. Ни малку не се срамеше да го признае стравот со кој зборува за своите привидувања. Но сето тоа беше моментно и исчезна исто онака нагло како што се појави.

— Сето тоа е бесмислица, — додаде тој брзо и со нестрплива лутина, прибирајќи се. — Ќе одам на лекар.

— Одете, сигурно — потврди Тихон.

— Вие тоа го велите толку сигурно... дали сте гледале луѓе како што сум јас, со вакви појави?

— Сум гледал, но мошне ретко. Си спомнувам само за еден во својот век, еден офицер, што ја загуби жената, незаменлива другарка во животот. За друг само сум слушал. Обајцата се излекувале, во странство... А дали одамна ги имате тие појави?

— Така, една година; но сето тоа е бесмислица; ќе одам на лекар. Сето тоа е бесмислица, ужасна бесмислица! Тоа сум јас самиот, таа појава, во разни облици, и тоа е сè. Сега, бидејќи ја кажав таа... фраза вие сигурно мислите дека јас уште се сомневам, јас не сум уверен дека сум тоа јас, туку можеби, всушност, зол дух?

Тихон го погледна прашално.

— И... вие го гледате, навистина? — запраша Тихон, како не сомневајќи се ни малку дека е тоа сигурно само лажна и болна халуцинација — вие навистина гледате некој лик?

— Чудно е зошто толку прашате кога веќе ви реков дека гледам; — се лутеше Ставрогин на секој збор. — Се разбира, гледам, како што ве гледам вас... а понекогаш гледам, и не верувам дека гледам, иако знам дека навистина гледам, јас или тој... глупост! А зарем вие никако не можете да замислите дека е тој навистина нечист дух? — додаде и се насмеа, па премногу остро премина во подбивлив тон — зашто тоа повеќе би се сложило со вашата професија.

— Повеќе е веројатно дека е тоа болест иако...

— Иако што?

— Нечистите духови постојат, несомнено, но поимите за нив можат да бидат многу различни.

— Вие сега ги симнавте очите — прифати Ставрогин со горчлива подбивност — зашто за мене се срамите дека верувам во нечистиот дух, а ваму со изглед на верување лукаво ве прашам дали навистина постои.

Тихон се насмевна неодредено.

— Знаете, тоа симнување на очите никако не ви прилега, смешно е и манир е; а за да ве наградам за неучтивоста, јас сериозно и смело ви велам: верувам во нечистиот дух, верувам канонски, верувам во личноста на нечистиот дух, а не во алегоријата, и немам никаква потреба од некого да барам потврди, и тоа ви е, ете, сè. Сигурно тоа ви е мошне мило ... — Ставрогин се насмеа нервозно изнасилено. Тихон го гледаше љубопитно, со мек поглед, донекаде како бојазливо.

— Верувате ли во бога? — одеднаш трепна Ставрогин.

— Верувам.

— Зашто е речено: ако веруваш, и ако му заповедаш на ридот да се помрдне, ќе се помрдне ... впрочем, бесмислица. При сето тоа јас на драго срце би сакал да знам дали можете вие ридот да го помрднете или не.

— Ако заповеда господ, ќе го помрднам — изусти Тихон тивко и воздржано и пак ги симна очите.

— Е, тоа е исто како и самиот бог да го помрднал. Не така, туку вие, вие, дали можете вие да го помрднете, како награда за верата во бога.

— „Можеби" и ќе го помрднам.

— „Можеби", тоа не е лошо. А зошто се сомневате?

— Не верувам наполно.

— Како? Вие не верувате наполно? Не сосема?

— Да... можеби токму и не сосема.

— Но, сепак верувате дека ридот, макар и со помош на господ, би го помрднале, а тоа не е малку. Тоа сепак е повеќе отколку мошне малкуто на еден ист таков владика, навистина со сабја. Вие сте, се разбира, и христијанин?

— И да не се засрамам од крстот твој, господи — прошепоти Тихон со некој страстен шепот, и уште повеќе ја сведна главата. Аглите на неговите усни потреперија нагло, нервно.

— А може ли да се верува во нечистиот дух ако не се верува во господ? — се насмеа Ставрогин.

— О, и уште како може — ги крена Тихон очите, па и тој се насмевна.

— Јас сум уверен дека вие сметате дека таквата вера сепак е почесна отколку целосното неверување... О, попу! — се насмеа Ставрогин гласно. Тихон пак се насмевна на него.

— Напротив, целосниот атеизам е почестен од светската рамнодушност — додаде тој весело и простодушно.

— Охо, така вие!

— Целосниот атеист стои на претпоследната скала кон совршената вера. (Без оглед на тоа дали скалата ќе ја прекори или не) а рамнодушниот нема никаква вера, освен мачен страв.

— Се разбира, вие сте ... вие сте ја читале апокалипсата?

— Сум ја читал.

— Дали се сеќавате: „На ангелот на Лаодикиската црква пиши му?“ ...

— Си спомнувам на прекрасните зборови.

— Прекрасни? Чуден израз за еден владика и, воопшто, вие сте чудак ... кај ви е книгата? — Ставрогин тука некако необично се забрза и се вознемири и со очите ја побара книгата на масата. Сакам да ви прочитам ... Дали имате превод на руски.

— Јас го знам тоа место, го знам, добро се сеќавам ... — проговори Тихон.

— Го знаете на памет? Кажете! — тој нагло ги симна очите, се потпре со дланките на колената одвај чекајќи да чуе.

„И на ангелот на Лаодикиската црква напиши му: така зборува Амин, сведок верен и вистински, почеток на создавањето господово! Го знам твоето дело, дека не си ни студен ни врел. О да си студен или врел! Така, бидејќи си млад, ти не си ни студен ни врел, и ќе те изблујам од устата моја. Зашто зборуваш: богат сум, и се збогатив, и ништо не ми треба; а не знаеш дека си ти несреќен и безволен, и сиромав и слеп и гол ...“

— Доста е — се смеша Ставрогин — тоа е за средината, тоа за рамнодушните, така ли е? Знаете, јас вас многу ве сакам.

— И јас вас — се одзва Тихон полугласно.

Ставрогин замолчи и пак падна во пређешната замисленост. Тоа се случуваше просто како да добива напад, веќе третпат. И она „сакам" му го рече тој на Тихон скоро како во треска и во занес, неочекувано и за самиот него. Помина повеќе од една минута.

— Не лутете се — прошепоти Тихон и одвај осетно со прстите ја допре неговата мишка, како и самиот поради тоа да страхува. Ставрогин се тргна и налутено ги собра вегите.

— Како познавте дека се налутив? — изусти брзо. Тихон сакаше нешто да рече, но Ставрогин, со некаков неразбирлив немир, веднаш му го пресече зборот.

— Всушност зошто помисливте дека неминовно сум морал да се налутам? Да, во право сте, бев лут зато што ви реков: „Ве сакам". Во право сте; но вие сте... груб циник, вие за човековата природа мислите понижувачки. Можеби и немало пакост, само ако беше тоа друг човек а не јас... Впрочем, не станува збор за човек, туку за мене. Секако, вие сте чудак, а и јуродив.

Ставрогин се лутеше сè повеќе и повеќе и, не ги одбираше зборовите:

— Слушајте, јас не ги сакам поткожниците и психолозите, барем не оние што ми се вовлекуваат во душата. Во својата душа никого не го повикувам, никој не ми е потребен, умеам и самиот да се најдам. Да не мислите дека ви се плашам, — го поткрена тој гласот и предизвикувачки го истури лицето; — вие сте наполно уверен дека сум дошол кај вас за да ви кажам некоја „страшна" тајна и ја чекате со сета онаа ќелиска љубопитност за која вие сте способен. Е, еве, знајте, нема да ви кажам ништо, никаква тајна, зашто ни вие не сте ми ни малку потребен...

Тихон го погледна решително.

— Вие се зачудивте дека јагнето повеќе сака човек студен отколку само млад рече тој, — вие не сакате да бидете само млад. Јас чувствувам дека вас ве

обзема необична намера, можеби ужасна. Ако е така, тогаш ве молам не мачете се себеси, кажете сè: — зошто сте дојден?

— А вие со сигурност знаевте дека сум дошол со нешто?

— Јас ... погодив по лицето — прошепоти Тихон и го симна погледот.

Николај Всеволодович беше малку блед, рацете му потреперуваа. Неколку моменти молчеше, неподвижно гледајќи во Тихона како да се решава. Најпосле, од џебот на своето палто, извлече некакви печатени ливчиња и ги спушти на масата.

— Еве, овие ливчиња ѝ се наменети на јавноста — прозбори тој испрекинато и како да изговара пресуда.

— Ако ги прочита макар еден човек, знајте, повеќе не ќе можам да кријам, туку сите ќе ги прочитаат. Такво е решението. Вие не сте ми потребен ни малку, зашто јас веќе се решив. Но, прочитајте. Додека читате не зборувајте ми ништо, а кога ќе ги прочитате, кажете сè ...

— Да читам? — запраша Тихон нерешително.

— Читајте, јас сум спокоен.

— Ах, не ќе можам без очила, буквите се ситни, од странство.

– Еве ги очилата – му ги подаде Ставрогин од масата и се навали на потпирачот од диванот. Тихон се задлабочи во читањето.

II

Буквите навистина беа од странство; пет печатени и поврзани листови од обична хартија; мал формат. Сигурно е слагано во некоја руска печатница негде на туѓина; на прв поглед, листовите личеа на проглас. Во насловот стоеше: Од Ставрогин.

Јас го внесувам тој документ во својот расказ. Може да се земе како сигурно дека тој текст денес веќе на мнозина им е познат. Си допуштам само да ги поправам правописните грешки, доста многубројни,

кои дури ме чудеа, зашто пишувал човек образован и кој многу читал (се разбира, судејќи релативно). Во слогот не направив никакви измени, иако имаше неправилности (дури и нејасности). Секако е јасно дека писателот пред сè не е книжевник. Си допуштам себеси уште една забелешка, иако со тоа истрчувам.

Овој документ, според моето мислење, е дело на болест, на нечиста сила што овладеала со овој човек. Потсетува на она кога болниот, мачен од силна болка, се превртува по постелата сакајќи да најде позгодна положба, барем за момент себеси да си олесни, и не да си олесни, туку барем за момент дотогашното страдање да го замени со друго. Се разбира, тука не се водело грижа за убавината ни за причината на положбата. Основната мисла во документот ја сочинуваат страшната, искрена потреба за казна, потреба за крст, за јавна казна, пред целиот свет. Меѓутоа, таа потреба за крст била во човекот кој во крстот не верува, „а веќе само тоа прави идеја", како што рече еднаш Степан Трофимович, впрочем, по повод сосема друга случка.

Од друга страна, целиот документ во исто време беше нешто немирно, бујно, желно за трепет, нешто хазардно, иако е, се гледа, напишано со сосема друга цел. Писателот изјавува дека „не можел" да не пишува, дека е „принуден", и тоа е сосема веројатно; тој би се радувал таа чаша, ако се може, да ја одмине но, изгледа, не можел да ја одмине, и само се користел со згодната прилика да направи испад. Да, болниот се превртува по постелата, и сака едно страдање да замени со друго; борбата со општеството не изгледа како најлесна нова положба и тој го предизвикува општеството. Навистина, во самиот факт на ваквиот документ се чувствува предизвик на општеството, нов, неочекуван, презрив. И желбата само што побрзо да се судри со каков и да е непријател...

А кој знае, можеби сево ова, тоест тие страници, намените за јавноста, не се ништо подруго од она што било и гризењето на увото на губернаторот, само во друга форма. Зошто ми паѓа на ум тоа дури сега кога

многу нешта веќе се разјаснети, не можам да разберам. Јас не приложувам докази, ниту тврдам дека е документот лажен, значи, измислен и дотеран. Најверојатно е дека вистината треба да се бара негде во средината... Туку... и премногу се истрчав; посигурно ќе биде да го видиме документот. Еве што прочита Тихон:"

„Од Ставрогин.

Јас, Николај Ставрогин, офицер во оставка, во годината 1866 живеев во Петроград, се оддавав на разврат, во кој не наоѓав задоволство. Тогаш имав, за извесно време, три стана. Во еден од нив живеев — тоа беа наместени соби за издавање, со храна и послуга — и тука тогаш се наоѓаше и Марија Лебјаткина, сега моја законска жена. Другите два стана ги зедов намерно, поради интрига; во едниот примав една дама која ме сакаше, а во другиот — нејзината собарица; некое време бев многу зафатен со намерата да ги составам, госпоѓата и девојката да се сретнат кај мене. Познавајќи ги обете природи, се надевав на некакво задоволство од таа глупа шега. Подготвувајќи ја таа средба постепено, мораше почесто да доаѓам во едниот од тие два стана во оној кај што доаѓаше собарицата, во голема куќа, во Горохова улица. Тука имав само една соба, на четвртиот кат, пазарена кај руските малограѓани. Домаќините живееја во една соба покрај таа помала од неа, и тоа толку што вратата што ги делеше секогаш беше отворена, а јас тоа и го сакав. Мажот, со долги скутови и со брада, служеше во некој контоар, одеше наутро и до вечерта не се враќаше. Жената, проста, на четириесет години, нешто кроеше и шиеше, од старо ново. И таа, исто така, често одеше од куќата да го носи она што го сошила и да го продава. Јас останував сам со нивната ќерка, навидум вистинско дете. Се викаше Матрјоша. Мајка ѝ ја сакаше, но често ја тепаше и, по нивната навика, за сѐ му викаше на детето, онака по женски. Тоа девојче ме услужуваше и ја чистеше собата зад завесата. Имам да кажам дека го заборавив бројот на куќата. Денес, по распрашување, знам дека старата куќа е урната, и наместо две или три пређешни куќи изградена е една,

нова, многу голема. Го заборавив исто така и името на моите газди, а можеби ни тогаш не сум го знаел. Си спомнувам дека неа ја викаа Степанида; неговото име не го паметам; каде се сега — ништо не знам. Сметам, кога би се побарале потребните известувања од Петрогадската полиција би можело да им се најде трагата. Станот беше во дворот, во аголот. Сето тоа се случи во јуни. Куќата беше обоена со јасно сина боја.

Еднаш ми го снема од масата ножето; не ми беше ни потребно и само се влечеше по масата. Ѝ го кажав тоа на газдарицата и не насетувајќи дека таа ќе го натепа девојчето. А таа му викаше на девојчето поради исчезнувањето на некаква крпа, сомневајќи се дека тоа ја зело за куклата, и ја тргаше за коса. А кога таа крпа се најде под чаршавот на масата, девојчето не сакаше ни збор да проговори дека попусто ја казниле; молчејќи гледаше. Намерно не сакаше; јас тоа го забележав и го запомнив, бидејќи тогаш првпат го забележав лицето на девојчето; дотогаш само нејасно трепереше пред моите очи. Имаше бели веѓи и клепки, беше бенкичава во лицето и обична, но во тоа лице имаше многу детски израз — тивок, необично тивок. На мајката не ѝ се допадна дека девојчето ништо не префрлува и токму во тој час добро ѝ дојде работата со моето ноже. Жената беше лута дека детето наполно несправедливо го натепа; го извлече, значи, стапот од метлата и пред мои очи го истепа девојчето до помодрување, иако имаше веќе дванаесет години. Матрјоша и покрај целата таа болка не викаше; секако затоа што бев тука јас, само на секој удар некако чудно се засркнуваше; а потоа се засркнуваше уште цел час.

Но, додека жената го казнуваше девојчето, јас го најдов ножето на постелата во покривачот. Ме стрелна мислата ништо да не кажам. Во таквите моменти јас сум брз како и мислата. Веднаш почувствував дека сум направил ниско ст, но наедно почувствував и некое задоволство. Секоја грда, понижувачка и смешна ситуација во која ќе се најдев во животот, секогаш, освен гневот, во мене ќе предизвикаше и чувство на

задоволство. Истото се јавуваше во моментите на страшни дела, како и во моментите на животна опасност.

Да крадев, во моментот на делото ќе бев опиен од свеста за својата подлост. Не дека ја сакав подлоста (во таа смисла здраво расудував за нештата), туку пијанството по маката поради подлоста — тоа ми годеше. При секој дуел, чекајќи го куршумот на противникот, ме освојуваше тоа лудачко срамно чувство. Признавам дека и барав прилики за такви чувства, кои кај мене надвишуваа сè друго по својата сила. Ако добиев шлаканица, со ужасниот бес, доаѓаше и тоа исто чувство на уживање. Кога човекот во такви моменти ќе го совлада својот гнев, чувството на задоволство е неизмерно. Јас за тоа со никого не зборував, го криев. Во Петроград, кога еднаш ужасно ме тепаа, не го имав тоа чувство. А да беше тоа оној виконт во странство, кој ми удри шлаканица, а на кого јас поради тоа со куршум му ја разнесов вилицата — тој да ме тепаше онака и да ме влечеше за косата, ќе го имав она пијано чувство на задоволство, и можеби, не ќе бев ни малку гневен. Така ми се чинеше тогаш.

Ова го кажувам за да се знае дека таквите чувства често ме совладуваа, и до безрасудност, поправо до некоја упорност, но никогаш до самозаборав. Додека тоа во мене расте до лудило, речиси до пламен, јас истовремено можам и наполно да се совладам, да ги запрам тие чувства на највисокиот степен. Јас сум убеден дека целиот живот можам да го поминам, како монах, иако имам животинска желба. Кога сакам, секогаш можам самиот над себе да бидам господар. Само, ретко некогаш сакав да се запирам. Но, го изјавувам и тоа, неодговорноста за своите злосторства никогаш не сум барал да ја истерам ни со помош на посебни околности ни поради болест.

Кога беше извршена казната над девојчето, јас го ставив ножето во џебот од елекот и излегов од куќата без збор. Потем го фрлив ножето далеку за никогаш да не се дознае за него. Потоа чекав два дена. Девојчето плачеше и плачеше, и потоа стана уште помолчалива; но спрема мене, уверен сум не чувству-

ваше некој срам дека пред мене онака ја истепаа. Како покорно дете, во тој срам се обвинуваше самата себе. Го бележам ова затоа што во ова кажување е мошне важно . . . Потем, тие денови, помислував и да се убијам. Тогаш, за да се ослободам од лудите мисли, или можеби од шега, извршив и кражба, впрочем единствена во животот. Во истото тоа време живеев во својот вистински стан, во собите за издавање. Во тие многубројни соби за издавање, со најгрдиот здив на храна, живееја многу луѓе, сите чиновници без служба, или со незначителна служба; лекари што ќе отпатуваат, разни Полјаци кои секогаш се вртеа околу мене и се превиткуваа. Сѐ помнам. Во тоа дувло живеев осамено тоест осамен за себе, но по цел ден бев окупиран од цела толпа „другари", кои ми беа многу верни и кои поради моето портмоне скоро ме обожуваа. Мислам дека правевме многу гадости па другите станари скоро се плашеа од нас; тоест беа учтиви, иако правевме шеги и глупости, понекогаш недопуштени. При помислата да бидам дури и пратен во Сибир, не чувствував ништо што би му се спротивставувало на тоа. Си спомнувам, тогаш многу се занимавав со богословието, и тоа сериозно. Тоа донекаде ме забавуваше; но потоа ми стануваше уште поздодевно. Моите граѓански чувства беа дека на сите четири страни на светот треба да се стави барут и сѐ одеднаш да се урне; тоест, ако вреди тоа. Впрочем, сето тоа без никаква пакост и гнев, зашто мене ми беше само многу здодевно и ништо повеќе. Јас никако не сум социјалист. Мислам дека тоа беше болеста. Доктор Добролъубов, кој заедно со своето семејство пропаѓаше без служба во тие мебелирани соби, на моето шеговито прашање дали има некои капки за будење на граѓанската енергија, ми одговори: „За граѓанската, се разбира, нема; но за кривичната . . . може да се најдат", и беше задоволен со овој свој каламбур, иако со својата бремена жена и двете девојчиња беше во страшно сиромаштво. Впрочем, кога луѓето не би биле со себеси премногу задоволни, никој не би сакал да живее.

По три дена јас пак се вратив во Горохова улица. Мајка ѝ на Матрјоша се готвеше со бовчата некаде да

замине. Таткото, се разбира, не беше дома; останавме само јас и Матрјоша. Прозорците (од дворот) беа затворени. Во куќата живееја само занаетчии, и по цел ден, од секој кат, се слуша тропање на чеканите или песна. Поминавме ние двајцата така веќе цел час. Матрјоша седи во своето сопче и нешто боде со иглата. Најпосле, одненадеж, запеа; полека, многу полека; тоа никогаш не го правела. Погледнав во часовникот: беше два. Моето срце почна силно да удира. Станав и почнав да ѝ се приближувам. На прозорците имаше многу геранија, сонцето силно светеше.

Мирно седнав крај неа на подот. Таа затрепери и отпрвин неверојатно се уплаши и скокна. Ѝ ја зедов раката и ја бакнав, ја притиснав пак да седне на клупичката, и почнав да ја гледам в очи. Со тоа што ѝ ја бакнав раката, ја натерав да се насмее како дете, но само за момент; брзо, и по вторпат скокна, и сега веќе со таков страв што лицето ѝ затрепери. Ме гледаше со страшно неподвижни очи, а усните ѝ се мрдаа како да сакаше да заплаче, но сепак не заплака. Јас пак ѝ ја бакнав раката и ја зедов на колена. Тогаш таа нагло се одби од мене и се насмевна како од срам, но со некоја искривена насмевка. Целото лице ѝ пламна. Јас сѐ нешто ѝ шепотев и се смеев. Најпосле се случи нешто необично, што никогаш нема да го заборавам и што силно ме зачуди: девојчето ме гушна околу вратот и одеднаш почна силно да ме бакнува. Лицето ѝ изразуваше совршено восхитување. Јас станав тогаш скоро луд — толку ми беше непријатно тоа од малечкото суштество; и станав и од жалењето што толку нагло го почувствував ...“

Овде листот завршуваше, со нагло прекината реченица. Но, не смее да се премолчи. Листови имаше сѐ на сѐ пет; едниот беше во рацете на Тихон, тој кој штотуку го дочита првиот лист со таа недовршена реченица — а другите беа во рацете на Ставрогин. На Тихоновиот прашален поглед, кој, очекувајќи го тоа, го предаде веднаш продолжението.

— Но и овде има празнини? — запраша Тихон загледувајќи ја хартијата. — Еве! Тоа е третиот лист, а треба вториот.

— Да, третиот, а оној вториот... лист е сега под цензура — одговори Ставрогин брзо, насмевнувајќи се невешто. Седеше во аголот на диванот и за целото време неподвижно и трескаво го следеше читањето на Тихон.

— Ќе го добиете потем, кога... кога ќе заслужите — додаде тој со неуспешен фамилијарен гест. Се смееше, но беше жалосно да го гледаш.

— Па сега веќе е сеедно, вториот лист, а третиот... сеедно е — рече Тихон.

— Како сеедно е? Зошто? — се тргна Сатврогин неочекувано. Никако не е сеедно. Ах, види! Вие би сакале веднаш онака монашки, тоест, пред сè да се сомневате дека постои најлоша гадост. Монахот би можел да биде најдобар кривичен иследник!

Тихон молчејќи внимателно го набљудуваше.

– Смирете се . . . Јас не сум виновен дека девојчето било глупо и дека не разбрало . . . Не било ништо. Ништо.

— Добро, и слава богу — се прекрсти Тихон.

— Ќе биде долго сето тоа да се разјаснува... Тука... тука има просто психолошки погрешно сфаќање...

Ставрогин нагло поцрвени. Чувството на одвратност, тага, очај, се сликаше на неговото лице. Тој замолчи, како да пресече. Обајцата долго молчеа и повеќе од минута не се погледнаа.

— Знаете што, сепак подобро е да читате — рече тој несвесно бришејќи ја со прстите студената пот од челото. — И... најдобро ќе биде притоа во мене никако да не гледате... Ми се чини дека сонувам. . И... немојте да ме вадите од последното трпение – додаде со шепот.

Тихон брзо го сврти погледот, го дофати другиот лист и сега продолжи со читањето докрај без прекин. Во листовите што Ставрогин му ги предаде веќе немаше прекини во текстот.

„Кога сè помина, девојчето беше збунето. Повеќе не си играв, ниту ја милував. Таа ме погледна со бојазлива насмевка; нејзиното лице ми се стори скоро

глупо. Нејзината збунетост растеше. Најпосле таа го покри лицето со рацете и застана во аголот. Јас се оддалечив молчејќи.

Мислам дека на Матрјоша сето морало да ѝ изгледа како безгранична непристојност и дека ќе има да издржи смртен страв. Иако од своите најрани денови слушала безобразни пцости, јас мислам дека сепак ништо не сфаќала. Но мора да чувствувала како да извршила некое злосторство, како „бога да го убила".

Таа ноќ во меаната имаше тепачка. Изутрината се најдов во својата соба. Лебјаткин ме донесол. Првата моја мисла кога се разбудив беше: дали девојчето кажало или не. Тоа беше момент на вистински страв, иако уште не многу силен. Тоа утро бев многу весел и спрема секого и премногу добар, и целата дружина беше задоволна со мене. Но избегав од сите и отидов во Горохова улица. Со неа се сретнав уште долу, во предворјето. Доаѓаше од дуќанот каде што ја пратиле. Кога ме здогледа, таа, во голем страв, полета како стрела горе по скалите. Тоа и не беше страв туку ужас, нем, скаменувачки. Кога влегов, мајка ѝ веќе ја удираше, затоа што така втрчала. Така остана скриена вистинската причина на детскиот страв. И така засега сè беше мирно. Девојчето негде се изгуби а и не излегуваше. Јас останав еден час и си отидов.

Но приквечерината почувствував страв, сега веќе неспоредливо посилен. Сега главно беше дека се плашам, и тоа не можев да го одречам. О, не знам ништо полудо ни поужасно! Страв никогаш не сум чувствувал освен во овој случај на мојот живот, никогаш ни порано ни пстоа, никогаш. Но, овој пат се уплашив и вистински затреперив. Тоа го чувствував со сета сила и со пониженост. Сакав да се убијам, но се чувствував недостоен за смртта. Впрочем, тоа не е причината што не се убив, туку стравот. Од страв луѓето се убиваат, но поради стравот остануваат и живи. Човек почнува да се плаши од самоубиството, не смее, и работата станува незамислива. Освен тоа, таа вечер, во својот стан, го намразив девојчето толку што се решив да го убијам. Во зорите со таа намера и дотрчав во Горохова улица. Целиот пат замислував како да се усмрти и

да се опсипе со погрди. Најважното во моето чувство беше омразата при сеќавањето на нејзината насмевка; во мене се роди презирот со неизмерно гадење спрема она како таа, воображувајќи нешто, ми се пушти и ме прегрна околу вратот.

На Фонтанка почувствува дека ми е лошо. Освен тоа, почувствував нова мисла, ужасна, ужасна по она што го сфатив и разбрав. Се вратив и легнав целиот во трескави морници, но со таков најголем степен на страв што веќе и не ја мразев девојката. Веќе не сакав да ја убијам, и, ете, тоа е таа нова мисла што на Фонтанка ја сетив. Тогаш првпат во животот почувствував дека стравот, кога е во највисокиот степен, наполно ја отфрла омразата и чувството за одмазда спрема оној што навредил.

Се разбудив околу пладне, релативно здрав, и зачуден од силината на вчерашните чувства. Се засрамив од желбата за убиство. Па сепак, немав добра волја и, покрај целото гнасење морав да појдам во Горохова улица. Си спомнувам, во тој момент силно сакав да зафатам со некого кавга, но многу сериозна. Кога дојдов во Горохова, неочекувано ја најдов во својата соба Нина Савелева, собарицата, која ме чекаше веќе цел час. Таа девојка не ја сакав ни малку; така таа беше дојдена со страв да не се налутам поради таа посета. Таа секогаш така доаѓа. Но, јас одеднаш многу ѝ се израдував; а тоа нејзе ја маѓепса. Не е грда, скромна е, и со оние манири кај тие девојки што малограѓаните многу ги ценат. Мојата газдарица поради тоа веќе одамна ми ја фалеше. Ги затеков обете на кафе, а газдарицата во ретко задоволство од пријатниот разговор. Во другата соба, во катот ја здогледав Матрјоша: стои, неподвижно под очи гледа во мајката и во гостинката. Кога влегов, таа не се скри како оној пат, и не побегна; тоа добро ми се засече во сеќавањето и донекаде ме зачуди. Но, веќе на првиот поглед се гледаше дека многу ослабена и дека има температура. Спрема Нина бев мошне нежен, во својата соба, па таа отиде сосема радосна. Излеговме

заедно и јас два дена не се вратив во Горохова. Многу нешта таму веќе ми здодеаја, така што решив да ја откажам собата, одеднаш сѐ да прекинам.

Но кога дојдов да го откажам станот, ја најдов газдарицата загрижена и тажна. Матрјоша веќе три дена е болна секоја ноќ блада. Се разбира, веднаш ја запрашав што блада; (зборувавме шепотејќи во мојата соба). Газдарицата ми шепна дека детето „стравотии" блада: „Јас, вели, бога го убив". Предложив да доведам лекар, на своја сметка; но таа не сакаше: „Ќе даде господ, ќе помине и така; не лежи постојано, пред малку претрча и во продавницата". Решив да се видам со Матрјоша, но со неа насамо; и бидејќи газдарицата рече дека во пет треба да оди на Петроградска страна, јас намислив да се вратам приквечерината. Впрочем, не знаев токму зошто, поради што го сакам тоа.

Ручав во гостилница. Точно во пет се вратив. Секогаш влегував со својот клуч. Никого освен Матрјоша. Лежи во собичката, на постелата од мајка ѝ, и видов како ѕирка, но се направив дека не гледам. Прозорците отворени. Воздухот топол дури и врел. Одев горе-долу и, најпосле, седнав на диванот. Си спомнувам за сѐ, до последната ситница. Просто ми правеше задоволство со Матрјоша да не почнувам разговор туку да ја мачам; не знам зошто. Чекав цел час, кога таа одненадеж самата скокна зад преградата. Чув како, кога рипна, обете нозе ѝ се спуштија на подот, потем доста брзи чекори и таа застана на прагот на мојата соба. Бев толку низок што бев задоволен дека издржав и дека таа прва прејде. Таа стои и гледа молчејќи. За тие неколку дена откако не бев ја видел многу ослабила. Лицето ѝ е спласнато, а главата, сигурно врела. Очите ѝ станале поголеми и ме гледаат неподвижно, со тапа љубопитност, како што ми се чинеше отпрвин.

Седам, гледам и не се помрднувам. И тука сега одеднаш пак почувствував омраза. Но мошне брзо забележав дека Матрјоша ни малку не се плаши од мене, туку можеби е во бунило. Но не е ни во бунило. Одеднаш таа зачестено ми замавта со главата, како кога невините суштества, кои немаат друг начин, са-

каат многу да прекоруваат, и тогаш ја крена својата малечка тупаница спрема мене и од своето место почна да ми се заканува. Во првиот момент тоа движење ми изгледаше смешно, но натаму не можев да го поднесам; нагло скокнав и со страв ѝ се приближив. На нејзиното лице имаше очај што кај толку малите суштества не може да се види. Со својата мала тупаница, непрестајно заканувајќи се, ми мавташе и постојано прекорно ми нишкаше со главата. Почнав да ѝ зборувам, внимателно, скоро со шепот и мило, од малодушност, но почувствував набрзо дека таа не ме разбира, и уште повеќе се плаши од мене. Одеднаш нагло се покри со обете раце, како оној пат, отиде и застана крај прозорецот, со грбот свртена кон мене. И јас се свртив и седнав крај прозорецот. Никако не разбирав зошто тогаш не си отидов туку останав да чекам; бездруго нешто чекав. Можеби потоа ќе станев и ќе ја убиев, и, сеедно, ќе свршев со очајот. Но тогаш ги дочув нејзините брзи чекори: излезе на дрвената галерија, од која се симнува низ скалите. Јас брзо пријдов до вратата и успеав уште да видам како влезе во собичката за отпадоци, слична на кокошарник.

Кај прозорецот, додека седев, судбоносна мисла пак ми се слизна во главата; и до денес не разбирам зошто толку одненадеж ми дојде во главата токму таа, а не друга; значи, ме влечело кон тоа. Се разбира, во мислата што ќе светне уште не може да се верува, „но сепак" . . . Сѐ страшно помнам и срцето силно ми чукаше.

По една минута погледнав на часовникот и го забележав времето колку што се може поточно. Зошто ми беше потребна таа точност не знам, но воопшто, во тој момент сакав сѐ да забележам; така што за сѐ и денес си спомнувам, и сѐ гледам, како оној час, како се спушта приквечерината. Над мене лета мува и постојано ми паѓа на лицето. Ја фаќам, ја подржувам меѓу прстите, и ја пуштам низ прозорец. Долу во дворот со голема врева влезе кола. Во аголот на дворот, крај порозорците, еден шивачки помошник силно викајќи (и веќе одамна) пее песна. Седи работејќи, го

гледам. Ми дојде на ум: бидејќи никој не ме сретна кога влегував и се качував по скалите, тогаш, се разбира, не треба ни сега никој да ме сретне кога ќе слегувам. И јас што повнимателно го оттурнав својот стол од прозорецот и седнав така што никој од станарите да не може да ме види. О, колкава нискост! Ја зедов книгата, но ја фрлив и почнав да го гледам малиот црвен пајак на ливчето геранија, и тука сѐ заборавив. Сѐ паметам, до последниот момент.

Тогаш погледнав на својот часовник. Поминаа дваесет минути откако таа излезе. Но се решив да почекам уште четврт час. Тоа време самиот си го одредив. Ми падна на ум: да не се вратила, а јас можеби не сум чул; но тоа не можеше да биде; наоколу беше мртва тишина и можев да го чујам летот на секоја мува. Одеднаш срцето пак ми зачука. Го извадив часовникот: уште три минути; ги отседов, иако срцето до болка ми удираше. Тогаш станав, ја кладов паларијата, го закопчав палтото и се свртив по собата: да не останала некоја трага од моето доаѓање. Столот го приближив поблиску до масата, онака како што стоеше и пред тоа. Најпосле, ја отворив вратата, полека ја затворив со својот клуч и појдов во собичката за отпадоци. Вратата беше подзатворена, но не и затворена, — знаев дека и не се затвора; не сакав да ја отворам, туку се издигнав на прстите и се загледав низ горниот процеп. Во истиот момент, додека се издигнував на прсти, се сетив дека тогаш кога седев крај прозорецот и го гледав црвеникавиот пајак, и сѐ заборавив, дека тогаш мислев како ќе се поткренам на прсти и со окото ќе се порамнам со тој процеп. Вметнувајќи ја овде таа ситница, сакам само на сите начини да докажам во колкава мера сум владеел со своите умствени можности, и, значи, дека не сум луд, и дека за сѐ одговарам. Долго гледав низ процепот, зашто внатре беше мрачно, но не сосема, и најодзади видов сѐ што требаше.

Тогаш заклучив дека можам да си одам и слегов по скалите. Не сретнав никого, и никој не може за мене да сведочи. По три часа сите ние, станарите, седевме без палта, пиевме чај и игравме со стари кар-

ти; Лебјаткин читаше песни. Зборуваше многу и, нарочно, сè со успех, и смешно, не како обично глупо. Беше и Кирилов, никој не пиеше, иако имаше шише рум; само Лебјаткин потпиваше. Прохор Малов забележа: кога е Николај Всеволодович задоволен, и не чмае, тогаш и другите наши се повесели и паметно зборуваат". Јас тоа убаво го запомнив што значи мора да сум бил весел, задоволен, не сум бил нерасположен. Но, си спомнувам, и тогаш добро знаев дека во својата радост поради ослободувањето сепак сум низок и гаден страшливец, и дека никогаш повеќе и нема да бидам благороден, ни овде ни по смртта, никогаш. И, еве, што уште: во тој момент, ми се покажа вистинита онаа еврејска поговорка: „Своето е гадно, но не смрди." Иако се чувствував дека сум подлец, не ми беше срам поради тоа, и воопшто, малку се мачев. Тогаш, при чајот и зборувајќи со нив за сешто, првпат во животот за себе сериозно формулирав: дека јас не ги познавам и не ги чувствувам, злото и доброто, и не само дека јас тоа чувство сум го изгубил туку дека нема зло и добро (тоа ми беше пријатно), туку постои само предрасуда; дека јас можам да бидам слободен од секаква предрасуда но дека, кога таа слобода ќе ја постигнам, наедно и ќе пропаднам. Тоа за првпат беше свесно, во формула и токму тогаш при чајот, додека со нив брборев и се смеев, не знам што сè и за што. Но сè помнам. Старите сосема познати мисли често одненадеж изгледаат сосема нови; понекогаш по цели петнаесет години живот

За целото време сè нешто чекав. А така и се случи: во единаесет дотрча девојчето на чуварката на куќата, испратена од газдарицата од Горохова улица, да ми јави дека Матрјоша се обесила. Појдов по девојчето и таму видов дека домаќинката ни сама не знаеше зошто испратила по мене. Лелекаше и се удираше силно, како што сите тие прават во такви прилики. Имаше луѓе и полицајци. Постојав и си отидов.

Скоро и никако не ме вознемируваа со прашања. Впрочем, ме распрашаа што требаше да ме прашаат. Но, освен тоа дека девојчето беше болно и паѓаше во

занес и дека јас од своја страна, понудив лекар — ништо друго не посведочив. Ме прашаа нешто и за ножето, — реков дека газдарицата го натепа детето, но дека тоа не беше којзнае што. Дека дојдов прикверината никој не знаеше. Со тоа и заврши работата.

Цела недела таму не одев. Навратив дури кога ја беа закопале, за да се иселам. Газдарицата сè уште плачеше, иако, како и пред тоа, постојано се врткаше околу своите крпи за шиење. „Јас поради вашето ноже зло ѝ направив" — ми рече таа но без голем прекор. Ѝ ја платив сметката, под изговори дека во таа соба не можам повеќе да ја примам Нина Савелевна. На проштавање, таа уште еднаш ја пофали Нина. Преку она што ѝ го должев за станот ѝ подарив уште пет рубли.

Тогаш ми беше здодевно да живеам, до лудило. Настанот во Горохова, откако помина опасноста, јас сосема ќе го заборавев, како и сè што беше тогаш, да не почувствував некое време, и тоа со лутина, колку кукавички се плашам. Својата лутина ја истурав над кого што ќе можев. Во тоа време, не знам зошто, ми дојде и мислата својот живот некако да го осакатам, но колку што може погрдо. Пред една година помислував да се убијам; се појави нешто подобро.

Еднаш, гледајќи ја сакатата Марија Тимофеевна Лебјаткина, која понекогаш по малку послужуваше по собите, и тогаш уште не беше луда, туку само занесена идиотка, до, лудило тајно вљубена во мене, (кое нешто нашите, се разбира, го знаеја) — јас се решив да се оженам со неа. Мислата за женачката на Ставрогин со едно такво најлошо суштество ми ги заскокотка нервите. Не може да се замисли ништо понеразумно. Но, не се зафаќам да пресудувам дали, барем несвесно (се разбира несвесно) во моето решение влегуваше лутината поради онаа ниска плашливост што по настанот со Матрјоша ме обзеде. Не верувам; секако не се венчав единствено „поради облог во пијалок, по сит и пијан ручек". Сведоци на венчавката беа Кирилов и Петар Верховенски кои тогаш беа во Петроград; уште и Лебјаткин, и Прохор Малов, (сега покоен). За тоа повеќе никој не знаеше а тие

дадоа збор дека ќе молчат. Мене тоа молчење секогаш ми изгледало како некоја гадост; меѓутоа, досега не е прекршено, иако јас имав намера женачката да ја објавам; ја објавувам, патем, сега. Кога се венчав, отпатував во губернијата кај својата мајка. Отидов поради забавност, зашто беше неиздржливо. Во нашиот град ја покренав идејата дека сум мрднат, идеја што ни досега не е искоренета, а за мене е, без сомневање, штетно, што после ќе го разјаснам. Потем пак отпатував во странство и таму останав четири години.

Бев на исток, во Света Гора издржував осумчасовни ноќни бдееља, бев во Египет, живеев во Швајцарија бев и на Исланд; цела година поминав на Универзитетот во Гетинген. Последната година многу се спријателив со едно угледно руско семејство во Париз, и во Швајцарија со две девојки Русинки. Пред две години, во Франкфурт, поминувајќи покрај една книжарница, здогледав меѓу фотографиите, на мал картон, слика на едно девојче во убав, вкусен детски фустан; девојчето беше многу слично на Матрјоша. Веднаш ја купив сликата и кога се вратив во хотелот ја ставив на каминот. Тука и остана, цела недела, негибната; ни еднаш не ја ни погледнав, а кога тргнав од Франкфурт, заборавив да ја земам.

Го внесов ова за да докажам во колкава мера сум можел да владеам со своите спомени и бев нечувствителен спрема нив. Ги оттурнував сите одеднаш, во маса, и таа маса секогаш послушно исчезнуваше, кога што ќе посакав. Секогаш ми е здодевно да си спомнувам за она што поминало и никогаш за минатото не можам многу да зборувам како што прават скоро сите. Така е што се однесува и до Матрјоша: и нејзината слика ја заборавив на каминот. Една година пред тоа, напролет, проаѓајќи низ Германија, јас, расеан, ја пропуштив станицата од која требаше да свртам на својата пруга, и така се најдов на друга пруга. На првата станица се симнав; беше три попладне, светол ден. Мало германско местенце. Ми ја покажаа гостилницата. Треба да се чека, следниот воз доаѓа во единаесет ноќе. Тоа дури и ми беше згодно, зашто никаде не брзав. Гостилницата бедна и мала, но целата

во зеленило, целата оградена со леи од цвеќиња. Ми дадоа тесна собичка. Јадев вонредно и, бидејќи патував цела ноќ, одлично спиев по ручекот, до четири попладне.

Сонував за мене наполно неочекуван сон, зашто такво нешто никогаш уште не сум сонувал. Во Дрезда во галеријата, има слика мислам на Клод-Лорен, по каталогот, „Асис и Галатеја" а јас секогаш ја нарекував „Златен венец" ни самиот не знаејќи зошто. Ја бев видел и порано, а сега, оној пат, патем, ја забележав уште еднаш. Ја сонував таа слика, но не како слика, туку како некоја епска песна. Катче на грчкиот архипелаг; сини нежни бранови, острови и карпи, бреговите во цвеќе, во далечината волшебна панорама, сонцето заоѓа — со зборови не може да се опише. Тука европското човештво си ја замислува својата лулка, првите сцени од митологијата, својот земен рај. Тука живееја прекрасни луѓе. Стануваат и легнуваат среќни и весели. Нивните весели песни ги исполнуваат шумите; големо обилство од неначнати сили се прелива во љубов и простодушна радост. Радувајќи им се на своите прекрасни деца, сонцето со своите зраци ги прелива тие острови и морето. Прекрасен сон, возвишена заблуда! Фантазија поневеројатна од сите што некогаш постоеле, но на која целото човештво, откако постои, ѝ ги давало сите свои сили, за која се умирало на крст, и за која се убивале пророци, без која народите не сакаат да живеат, а не можат ни да умрат. Целото тоа чувство како да го проживеав во тој сон; не знам всушност што сум сонувал, литиците и морето, и косите зраци на сонцето на заоѓање, сето тоа како уште да го гледав кога се разбудив и ги отворив очите, првпат во животот буквално со солзи натопени. Чувството на среќа, за мене уште непознато, ми помина низ срцето, што дури ме заболи. Веќе беше приквечерина, низ прозорецот на мојата собичка, низ зеленилото и цвеќето на прозорецот продираше цел сноп светли коси зраци од сонцето на заоѓање и ме облеваше со светлост. Колку што можев побрзо ги затворив очите, како со желба да го вратам исчезнатиот сон; но одеднаш, како среде жива светлост, здо-

гледав некој облик и одеднаш, јасно видов дека е тоа малечкиот црвен пајак. Си спомнав веднаш за пајакот на листот геранија и кога косите зраци на зајдисонцето исто вака се растураа. Нешто како да ме прободе, се исправив и седнав во постелата. (Сè реков како што се случи тогаш!...) Ја гледам неа пред себе. (О, не на јаве! Да можеше да биде лошо привидување!) Ја гледам Матрјоша ослабена и со трескави очи, наполно онаква како тогаш кога стоеше на прагот од мојата соба и нишкајќи ми со главата ја креваше на мене својата малечка тупаница. Никогаш ништо не ми се покажало толку мачно! Жалосниот очај на немоќното десетгодишно суштество, со уште неразвиен разум, што ми се заканува. (Со него што можеше таа да ми направи?), но кое бездруго се обвинува себеси! Останав така до ноќта, не помрднувајќи се и заборавајќи на времето. Дали се вика тоа гризење на совеста или каење? Не знам и не би можел ни денес да кажам. Можеби мене ни сега не ми е одвратно сеќавањето за тој настан. Можеби тоа сеќавање дури и сега содржи во себе нешто пријатно за моите страсти. Да — мачна ми е само нејзината појава, и тоа така, на прагот, со поткренатата тупаница што ми се заканува, и оној нејзин изглед што тогаш го имаше, само тој момент, само тоа замавнување. Тоа е она што не можам да го поднесам, зашто од тоа време, тоа ми излегува пред очи скоро секој ден. Не само што излегува, туку јас и самиот го предизвикувам и не можам да не го предизвикувам, иако не можам со тоа ни да живеам. О, кога би можел неа кога и да е да ја видам и во будна состојба, макар и во халуцинација!...

Имам јас и други стари спомени, можеби малку подобри и од овој. Со една жена постапив уште полошо, и таа поради тоа умре. На дуелите сум им одзел живот на двајца луѓе, кои не ми беа виновни. Еднаш јас бев смртно навреден и на противникот не му одмаздив. На мене лежи и едно труење — намерно и успешно, кое на никого не му е познато. (Ако треба, сè ќе кажам.)

Но, зошто ниедно сеќавање не побудува во мене нешто слично. Дали е тука во прашање само омраза, и тоа предизвикана од сегашната состојба? А порано спокојно сè заборавав и отфрлав.

Потоа скитав скоро цела година и се трудев со нешто да се занимавам. Знам добро дека јас ликот на девојчето уште денес би можел да го отстранам ако сакам. Наполно владеам со својата волја, како и порано. Но, работата и е во тоа дека никогаш не сум сакал и нема да сакам; тоа го знам. И така ќе продолжи крајот, до моето лудило. Во Швајцарија, по два месеца, можев да се вљубам во една девојка, или подобро речено, почувствував настап на иста онаква страст, со една од оние помамни навали на силна желба какви што имав некогаш. Почувствував силно соблазнување за ново злосторство, тоест, за повеќеженство, (бидејќи веќе сум оженет), но бегав, по советот на една друга девојка на која што ѝ кажав скоро сè. На тоа згора, ни тоа ново злосторство никако не ќе ме ослободеше од Матрјоша.

Така тогаш решив да ги отпечатам овие ливчиња и во триста егзамплари да ги внесам во Русија. Кога ќе дојде време, ќе ги испратам во полицијата и на месната власт, во исто време ќе ги испратам во сите редакции на весниците со молба да ги објават, а поради големиот број личности што ме познаваат и во Петроград и во Русија. На ист начин ливчиња ќе се појават и во странство, преведени. Знам дека правно можеби воопшто нема да бидам вознемируван, барем не многу: јас го објавувам тоа лично, нема обвинител; освен тоа, нема никакви докази, или тие се вонредно малце. Најодзади, вкоренетата идеја за моето умствено растројство, и сигурно, грижата на моите роднини кои ќе се користат со таа идеја ќе го спречи секое за мене опасно правно прогонство. Јас ова, помеѓу другото, го објавувам и за да докажам дека сум наполно при здрава памет и дека ја разбирам својата состојба. Но ми остануваат оние што знаат сè, и тие вкочането ќе ме гледаат мене, а јас нив. И колку што ги има повеќе, толку подобро. Дали ќе ми помогне тоа, не знам. Прибегнувам до тоа како до последно средство.

Уште еднаш: ако во петроградската полиција подобро побараат, можеби нешто и ќе се најде. Куќата на оние малограѓани бездруго ќе ја најдат, беше бледо сина, а јас никогаш нема да отидам; и некое време (година или две) постојано ќе бидам во Скворешники, на имотот од мојата мајка. А ако се бара, ќе се пријавам сегде каде што го бараат тоа.

Николај Ставрогин".

Читањето траеше околу еден час. Тихон читаше полека и неколку места ги читаше, можеби, и по двапати. За целото тоа време Ставрогин седеше молчејќи, неподвижно. Чудно, она преливање како од некоја нестрпливост, расеаност, бунило, кое целото тоа утро лежеше на неговото лице, скоро го снема и се замени со мир и како некоја искреност, што му даваше изглед на достоинство. Тихон ги симна очилата, почека малку, најпосле ги крена очите на Ставрогин и со некоја претпазливост започна:

— А дали може во овој документ да се направат некои поправки?

— Зошто? Го напишав искрено — одговори Ставрогин.

– Нешто малку, во стилот . . .

— Заборавив веднаш да ви кажам — брзо и остро зборуваше тој, и целиот се свитка напред — дека сите ваши зборови ќе бидат излишни, јас својата намера нема да ја напуштам; не грижете се да ме одвраќате. Ќе ги објавам ливчињата.

— Не заборавивте тоа уште пред читањето да ми го забележите.

— Сеедно — остро пресече Ставрогин, пак повторувам: каква и да е силата на вашите наговарања, јас од својата намера нема да отстапам. Ви забележувам, дека јас со онаа фраза невешта или вешта — мислете како што сакате — никако не сакам да измолам колку што можете побрзо да ме наговорите и да ме придобиете тоа да не го правам.

— Јас и не можам да ве замолувам, а особено да ве наговарам да се откажете од својата намера. Таа мисла, голема мисла е, и поцелосно христијанска мисла не може да се искаже. Покајувањето не може да оди потаму од толку необичниот подвиг каков што сте намислиле вие, само кога би...

— Кога би — што?

— Кога би било тоа навистина покајување и навистина христијанска мисла.

— Пишував искрено.

— Вие, како нарочно да сакате себеси погрубо да се претставите отколку што вели вашето срце... — продолжуваше Тихон сè послободно и послободно. Очигледно, „документот“ му беше оставил силен впечаток.

— „Да се претставам“? Ви повторувам: јас не се претставувам, јас не глумам.

Тихон брзо ги спушти очите.

— Овој документ доаѓа, значи, непосредно од потребата на срцето, смртно рането... дали така да разберам? — рече тој со цврстина и со редок жар. — Да, ова е покајување и природна потреба на срцето, што ве натсилила и вие сте наишле на голем пат, на еден од нечуените патишта. Но, вие некако однапред ги мразите и презирате сите оние што ова ќе го прочитаат и ги повикувате на борба. Зошто, кога не се срамите да го признаете злосторството, зошто се срамите од покајувањето?

— Се срамам?

— И се срамите, и се плашите!

— Се плашам?

— Смртно! „Нека ме гледаат“, велите вие. Убаво, но како ќе ги гледате вие нив? Некои места во вашиот напис се изложени со пресилен стил, вие како да уживате во својата психологија и се фаќате за секоја ситница, само за да го вчудовидите читателот со неосетливоста што ја немате. А што е тоа ако не гордиот предизвик на виновникот до судијата?

— Па каде е тука предизвикот? Од својата личност сум отстранил секое судење.

Тихон замолчи. Дури црвенило ги покри неговите бледи образи.

— Да го оставиме тоа — прекина Ставрогин отсечно. — Допуштете ми мене да прашам: еве, веќе пет минути како по ова (тој нишна со главата кон листовите) разговараме, а јас не гледам кај вас никаков израз на грозење или срам... Вие, ми се чини, не сте грозливи...

Тој не доврши.

— Нема ништо од вас да затаам: мене ме вчудовиди големата резерва од моќ, која целата отишла на гнасотии. Што се однесува на самото злосторство, и многу други грешат исто така, но со својата совест живеат во мир и покојство, гледајќи на тоа како на неизбежни грешки на младоста. Има и старци кои така грешат, дури весело и се забавуваат. Целиот свет е полн со тие стравотии. А вие сте го почувствувале тој покор во една мера што е многу ретка.

— Вие, можеби, и не ме цените поради овие листови? — се насмевна Ставрогин откосо.

— На тоа не сакам да одговорам непосредно. Но поголемо и пострашно злосторство од вашата постапка со невиното девојче, се разбира, нема, и не може да има.

— Да го оставиме мерењето на аршин. Можеби јас токму и не паметувам така како што овде сум напишал, и можеби многу против себе и сум излагал — додаде тој одненадеж.

Тихон уште еднаш премолчи.

— А онаа девојка — пак започна Тихон — со која во Швајцарија сте прекинале — ако смеам да прашам... каде се наоѓа во овој момент?

— Овде.

Пак молчење.

— Можеби многу за себе ви изналагав — упорно повтори Ставрогин уште еднаш. — Впрочем, па што ако со грубоста на својата исповест токму и предизвикувам! Вие тоа исто така веќе го забележавте, тоа предизвикување. Ќе ве принудам вас и другите уште повеќе да ме замразите, и тоа е сѐ. Така ќе ми биде полесно.

– То ест, вашата пакост ќе предизвика пакост која ѝ одговара и, бидејќи мразите, ќе ви биде полесно да ве мразат отколку да го примите нивното сожалување.

— Во право сте. Знаете — се насмеа тој одненадеж — можеби по овој документ ќе ме наречат езуит, богомолна преправанција. Ха-ха-ха! Така ли е?

— Се разбира, бездруго така ќе се мисли. А, дали мислите наскоро да ја извршите својата намера?

— Денес, утре, другиден? од кај да знам. Само толку: ќе биде мошне брзо. Во право сте: мислам, ќе излезе така што ќе објавам одненадеж, и токму во некој момент одмазднички, непријателски, кога најмногу и над сѐ ќе ги мразам.

— Одговорете ми на едно прашање, но искрено и само мене, единствено мене — изусти Тихон со сосема друг глас; — ако некој ова (Тихон покажа на листовите) ви го прости, но не некој од оние што вие ги цените, или им се плашите, туку некој непознат, некој кого никогаш нема да го спознаете, кој молчејќи, во себе, ќе ви ја прости оваа ваша исповед, дали од таа помисла ќе ви биде полесно, или сеедно?

— Полесно — одговори Ставрогин полугласно. — Да ми простите вие ќе ми биде многу полесно — додаде симнувајќи го погледот.

— Така, и вие мене да ми простите — изусти Тихон со глас што пробива до самата срцевина.

— Лоша смиреност. Знаете, тие монашки формули се токму сосем невкусни! Ќе ви ја кажам целата вистина; јас сакам вие да ми простите; и заедно со вас, уште друг и трет, но сите... сите подобро да ме мразат. Но тоа го сакам за да можам со кроткост да поднесувам...

— А со таа иста кроткост зарем не ќе можете да го поднесувате општото сожалување?

— Можеби не ќе можам. Зошто вие...

— Чувствувам колку искреност има во вас и, навистина, многу сум виновен што не умеам да им приоѓам на луѓето. Секогаш сум го чувствувал тој голем недостаток во себе — одговори Тихон искрено

и срдечно, гледајќи право во очите на Ставрогин. — Го велам тоа само затоа што ми е страв за вас! — додаде — пред вас е скоро непромостлива пропаст!

— Зарем не ќе можам да издржам? Не ќе можам да ја поднесам нивната омраза? — Се тргна Ставрогин.

— Не само омразата!

— Што уште?

— Подбивот нивни — му се испушти на Тихон како сосила и во полушепот.

Ставрогин се збуни; на неговото лице се оцрта вознемиреност.

— Тоа го насетував — рече тој; — значи, кога го прочитавте мојот документ, јас ви изгледав комичен. Но, смирете се, не збунувајте се, јас се надевав на тоа.

— Би настанал општ ужас сегде; се разбира, повеќе лажам отколку што сум искрен. Луѓето се страшливи само пред она што им се заканува на нивните лични интереси. Не зборувам за чистите души: тие во себе ќе се преплашат и себеси ќе се обвинат, но тие не ќе бидат забележани и, затоа ќе молчат. А подбивот ќе биде општ.

— Се чудам колку лошо мислите вие за луѓето, колку се гадите од нив — изусти Ставрогин со некоја лутина.

— А, верувајте, повеќе судев по себе отколку по луѓето! — извика Тихон.

— Навистина? Дали, значи, и во вашата душа има нешто што се весели при оваа моја несреќа?

— Којзнае, можеби и има. А, можеби и нема!

— Доста! Туку, покажете ми го тоа што во мојот напис ме прави смешен? Знам јас и самиот, но би сакал вие тоа со својот прст да ми го покажете. И кажете малку поцинично, кажете со целата искреност за која сте способен. И, уште еднаш ви повторувам; вие сте страшен чудак!

— Па, и во изразот на ова големо покајување има нешто смешно! О, не верувајте дека нема да победите! — одеднаш извика тој скоро со одушевеност: — Дури и ваков облик ќе победи (тој покажа на лис-

товите), само ако го примите искрено подбивот, ударите по лицето и плукањето. Секогаш така се завршувало што најсрамниот крст да стане голема слава и голема моќ, ако кроткоста на страдањето била искрена. Дури можете да дочекате уште за својот живот да бидете утешен!

— И така, вие можеби само во изразот, во обликот, наоѓате нешто смешно? — Ставрогин настојуваше на истото.

— И во суштината. Убива грдотијата.

— Грдотија? Каква грдотија?

— Грдото во злосторството. Има навистина грди злосторство. Но какви и да се злосторствата, тие се дотолку повлијателни, да речам скоро живописни, колку што има повеќе крв, колку што има повеќе стравотија. Но, има злосторства посрамни, и преку секој ужас грди, така да се рече, веќе и премногу невкусни...

Тихон не доврши.

— Тоест — прифати Ставрогин возбуден — вие наоѓате дека мојата фигура била мошне смешна кога на валканото девојче му бакнував рака . . . Ве разбирам многу добро; вие всушност и очајувате за мене затоа што е тоа грдо, одвратно, и не само што е одвратно, гадно, туку е и срамно, смешно и мислите дека јас, пред сѐ, токму тоа не ќе можам да го поднесам.

Тихон молчеше.

— Разбирам зошто прашавте дали е овде онаа госпоѓица од Швајцарија.

— Не сте подготвен, не сте прекален — прошепоти Тихон бојазливо и ги симна очите; — без корења, оттргнати од земјата, вие не верувате.

— Слушајте, отец Тихоне; јас сакам самиот себе да си простам, и тоа е главната цел, сета моја цел! — рече Ставрогин со мрачно одушевување во очите. — Привидувањата, знам, дури тогаш ќе исчезнат. Ете, зошто барам јас неизмерно страдање, самиот го барам. И немојте да ме плашите, инаку ќе пцовисам во омраза и во пакост!

Оваа искреност беше толку неочекувана што Тихон стана.

— Кога верувате дека сами себе можете да си простите и дека тоа проштавање ќе го добиете со страдање во овој свет, кога себеси таква цел си поставувате со вера, тогаш веќе во сѐ верувате! — извика Тихон восхитен. — Како можевте тогаш да речете дека не верувате во господ!

Ставрогин не му одговори.

— Господ ќе ви го прости неверувањето, зашто светиот дух го почитувате и не познавајќи го.

— Во овој случај ќе прости ли Христос? — запраша Ставрогин искривувајќи ја устата во смеа, со брзо изменет тон; во тонот на прашањето имаше и лесна иронија. — Зашто е речено во книгата: „ако соблазните едно од овие мали“ ... спомнете си. По Евангелието, поголемо злосторство нема ... Просто и едноставно, вие ни малку не сакате скандал, и ми подготвувате стапица, добар отец Тихоне — немарно и со здодевност истресе Ставрогин; — вие сакате да се доведам во ред и да се опаметам, да се оженам и да го завршам животот како член на овдешниот клуб, секој ден доаѓајќи во вашиот манастир. Значи, епидемија! Нели? Впрочем, вие, како и оној што ги познава тајните на срцето, можеби насетувате дека несомнено така и ќе биде; и целата работа е во тоа дека веќе сега треба добро да ме поучите на ред, бидејќи јас и самиот копнеам за тоа. Нели е така?

Тој се насмеа со звук како раскинат.

— Не, не е таа епидемија! Друга јас подготвувам! — продолжи Тихон пламено, ни малку не обѕирајќи се на смеата и на забелешката од Ставрогин. — Знам еден старец, не овде, наблиску, испосник и схимник, и со таква христијанска премудрост, што јас и вие не можеме тоа воопшто да го разбереме. Тој ќе ги ислуша моите молби. Ќе му раскажам сѐ за вас. Отидете кај него во манастирот, на покајнички молитви, на почитување на неговите правила, за пет, за седум години, колку што мислите самиот дека ќе ви треба. Земете завет и со таа голема жртва ќе се откупите себеси и сѐ за што копнеете, па и за она за што не се надевате, зашто вие сега и не можете да сфатите што ќе добиете.

Ставрогин ислуша сериозно.

— Вие ми предлагате да бидам монах во тој манастир.

— Не е потребно да бидете во манастирот, не треба ни да се потстрижете, бидете само послушник на правилата, таен, не јавен; може и така... при тоа да се живее во светот со цел живот, а...

— Оставете го тоа, отец Тихоне — му се вмеша во зборот Ставрогин со гнасење, со намерно гнасење, и стана од столот.

Стана и Тихон.

— Што ви е? — извика Ставрогин скоро во страв гледајќи го Тихона. Тихон стоеше пред него со склопени дланки, а болните грчеви, како што изгледа од голем страв, преминуваа одвреме навреме по неговото лице.

— Што ви е? Што ви е — повтори Ставрогин и побрза да го придржи. Му се стори дека ќе падне.

— Гледам... гледам како на јаве — извика Тихон со глас кој се нурка во душата и со израз на најсилна тага — гледам дека вие, кутриот, пропаднат момчак, никогаш не сте биле поблиску до ново, и уште поголемо злосторство отколку што стоите во овој момент.

— Смирете се! — го молеше Ставрогин мошне вознемирен за него. — Можеби и ќе го одложам објавувањето... Вие сте во право...

— Не, не по објавувањето, туку уште пред тоа, за еден ден, можеби за еден час, пред големиот чекор, ќе паднете вие во ново злосторство, како во излез, ќе го направите единствено за да го избегнете објавувањето.

Ставрогин потрепери од лутина и скоро од страв.

— Проклет психолог! — му дофрли тој в очи, бесен, па не свртувајќи се, излезе од ќелијата.

ДЕСЕТТА ГЛАВА

ПОПИСОТ КАЈ СТЕПАН ТРОФИМОВИЧ

Меѓутоа, кај нас се случи нешто што мене ме зачуди а го потресе Степан Трофимович. Изутрината во осум дотрча кај мене Настасја со веста дека „господинот го попишале". Отпрвин ништо не можев да разберам; дознав само дека чиновниците извршиле претрес, дошле и ги собрале хартиите, а војникот го врзал тоа во бовча и „го однесол со количка". Веста беше чудна. Побрзав кај Степан Трофимович.

Го најдов во чудна состојба: расеан и многу возбуден, но во истовреме и несомнено триумфален. На масата во средината од собата врие самовар и стои полна чаша чај, но не гибната, заборавена. Степан Трофимович се врти околу масата, заоѓа во сите катчиња на собата, а не си дава сметка за своето движење. На него е неговиот обичен црвен елек, но кога ме здогледа мене, тој побрза да го облече палтото, што досега никогаш не го правеше кога некој од поблиските познајници ќе го најдеше таков. Пламено ми ја дофати раката.

— Одвај пријател! — (Тој воздивна со полни гради.) — Драги, јас само по вас испратив, инаку никој ништо не знае. На Настасја треба да ѝ се заповеда да ја затвори вратата и да не прима никого освен, се разбира, оние... вие разбирате?

Тој со трепет погледна во мене, како да очекува одговор. Се разбира, јас веднаш почнав да распрашувам и од неговите неврзани зборови, со прекини и непотребни уфрлувања, некако дознав дека изутрина во

осум „одеднаш“ — го посетил губернискиот чиновник. Проштавајте, му го заборавив името. Не е одовде..., ми се чини дека Лемпке го донесол со себе, има нешто глупо во неговата физиономија, и нешто германско. Се вика Розентал.

— Розентал? Да не е Блумер?

— Блумер... Да, токму така рече дека му е името. Дали го познавате? Има нешто мошне глупо и мошне задоволно во својот изглед, но и нешто мошне строго, круто и сериозно... Полициска фигура, послушна, јас во тоа се разбирам. Уште спиев, и замислете, тој ме замоли да ги „погледнам“ моите книги и моите ракописи, да, си спомнувам, го употреби тој збор. Не ме затвори, туку само книгите ги заплени... Се држеше на дистанца, а кога разјаснуваше зошто дошол, изгледаше како јас... со еден збор, изгледаше како да мисли дека јас веднаш ќе го фатам и жестоко ќе го измесам. Сите тие луѓе од ниско потекло такви се, кога имаат работа со чесен човек. Сѐ ми беше јасно веднаш само по себе. Еве веќе дваесет години како го очекувам тоа. Ги отворив сите фиоки и му ги предадов сите клучеви, му ги предадов лично, сѐ му предадов. Бев достоинствен и мирен. Од книгите го зеде Херцен, издание од странство; подврзан егземплар „Ѕвоно“: четири преписи од мојата поема, со еден збор сето тоа. Сето тоа го однесоа. Потоа сите хартии и писмата потоа... и неколку мои одделни скици од историјата, критиката и политиката. Сето тоа го однесоа. Настасја вели дека војникот сето тоа го ставил во рачна количка и го покрил; да, така е тоа.

Тоа беше бладање. Кој ќе може тука нешто да разбере? Јас повторно го прекрив со прашања; дали Блумер дошол сам, во чие име, со кое право, како смеал, со што го објаснил тоа? Бев сам, наполно сам впрочем имаше уште некој во претсобјето да, си спомнувам за тоа, а потоа... Впрочем, ми се чини, уште некој, а во предградието имаше стражар. Треба да се праша Настасја, таа сето тоа подобро го знае. Бев мошне возбуден, знаете. Тој зборуваше, зборуваше... севозможни работи... впрочем, тој зборуваше мошне

малку, само јас зборував... Му го раскажав својот живот, се разбира, од таа единствена точка на гледање... Бев мошне возбуден но достоинствен, верувајте. Се плашам впрочем, ми се чини, и дека се расплакав. Количката ја зеле од продавачот, овде крај куќата.

— О, господи, како можело сето тоа да стане! Но, жими бога, Степане Трофимович, зборувајте поточно, зашто тоа е вистински сон, тоа што го раскажувате!

— Мил, и јас сум како на сон... Мил мој, дали знаете! Го изговори името на Тељатников и јас мислам дека токму тој се криеше во претсобјето. Да, си спомнувам: тој ми предложи прокурор, и тоа, ми се чини, Дмитриј Митрич... кој ми должи петнаесет рубли на вист, патем речено. Впрочем, не разбрав многу. Но јас ги надмудрив! А и што ми е мене грижа за Дмитриј Митрич. Јас, ми се чини, живо го молев ова да го скрие, живо го молев, дури се плашам да не се понижив, како мислите вие? Најпосле, се согласи... Да, си спомнувам, тој самиот замоли тоа да се скрие, дека ќе биде подобро ако се скрие, бидејќи тој сам дошол „да види", и ништо повеќе, и повеќе ништо. Сосема ништо... и дека, ако не најдат ништо, ништо нема ни да биде, и така сè убаво завршивме пријателски, и сосема сум задоволен.

— Па, ве молам, тој ви понудил нешто што во таквите случаи е обичен ред и гаранција, а вие тоа сте го одбиле! — извикав јас пријателски налутено.

— Да, подобро е вака без гаранции. И зошто скандал? Нека оди донекаде како меѓу пријатели... Вие знаете, ако се дознае кај нас... моите непријатели... А најодзади, за кое добро е тој прокурор, таа свиња нашиот прокурор, кој двапати беше неучтив спрема мене и кого добро го истепаа, минатата година, кај привлечната и убава Наталија Павловна, кога се скри во нејзиниот будоар. А потоа, пријателе, немојте да ми одговорите и немојте да ми ја одземате смелоста, ве молам зашто ништо не е поднесливо отколку кога е човек несреќен, а токму тогаш стотина пријатели му докажуват дека направил глупост. Туку, сед-

нете да испиете чај и, да ја кажам вистината, јас сум многу изморен... дали да прилегнам и да ставам на главата облог од киселина, што мислите?

— Веднаш! — извикав јас; — па и мраз. Вие сте многу нервозен. Блед сте, рацете ви треперат. Легнете, одморете се и почекајте со кажувањето. Јас ќе останам малку покрај вас и ќе почекам.

Тој не сакаше да легне, а јас настојував. Настасја донесе во чашата киселина, јас ја натопив шамијата и му ја ставив на главата. Потем Настасја се качи на столот за да го запали кандилото пред иконата во аголот на собата. Се зачудив кога го видов тоа; кандило досега никогаш немаше и сега одненадеж се појави.

— Тоа го заповедав пред малку, само што си отидоа тие — промрмори Степан Трофимович, погледнувајќи ме лукаво. — Кога се држат вакви работи во собата, штом ќе дојдат да ве затворат, тоа се препорачува; тие ќе мораат да пријават дека тоа го виделе.

Откако заврши со кандилото, Настасја застана крај вратата, потпирајќи го образот на десната дланка и со тажен израз гледаше во него.

– Засолнете ја со каков и да е изговор – нишна тој со главата кон мене од диванот; — не можам да го поднесам тоа руско жалење, ми здодеало.

Но, Настасја отиде и самата. Јас забележав дека тој постојано се свртува кон вратата и наслушнува што се случило во претсобјето.

— Гледате, треба да се биде готов секој момент — рече тој погледнувајќи ме значајно... ќе дојдат, ќе ве одведат и фију-у — исчезнува човекот!

— Господе преблаг! Кој ќе дојде? Кој ќе ве одведе?

— Гледате, мил мој, јас, кога заминуваше, непосредно го запрашав што ќе прави сега со мене?

— Подобро да сте го прашале каде ќе ве испрати! — извикав јас со лутина.

— Јас токму тоа и го мислев кога го прашав, но тој отиде и ништо не одговори. Видете: што се однесува до долната облека, алиштата, особено топлите алишта, тоа веќе како што сакаат тие; ако наредат

да се однесе — добро; инаку, нека ме однесат и во војнички шинел. Но триесет и пет рубли (тој одеднаш го спушти гласот, обѕирајќи се кон вратата на која што излезе Настасја) скришно ги спуштив во елекот низ дупчето од џебот, еве овде, фатете... Мислам дека елекот нема да биде симнат; а туку онака само ставив во портмонето само седум рубли, како да речам: тоа е сè што имам. Тука на масата стојат ситнините и остатокот во бакар — за да не се сетат тие дека сум ги скрил парите, туку да помислат дека е тоа сè. Зашто господ знае каде ќе ја поминам ноќта.

Пред ваквата избезуменост ја сведнав главата. Очигледно беше дека така не можеле ни да го затворат ни да го претресуваат, така како што раскажува тој; туку тој, секако, се збунил. Навистина, сето ова се случи уште пред денешните нови закони. Вистина е и тоа дека му нуделе (како што вели тој) една правилна процедура, но тој ги надмудрил и тоа го одбил... Се разбира, порано, пред денешните закони, губернаторот во краен случај можеше... но, каков можеше овде да биде крајниот случај! Ете, тоа мене ме збунуваше.

— Бездруго дошла телеграма од Петроград — рече Степан Трофимович одненадеж.

— Телеграма? Поради вас? Поради делата на Херцен и поради вашата поема? Вие сте се споулавиле! Зошто би ве затворале поради тоа?

Јас навистина се налутив. Тој направи гримаса и очигледно ова не му се допадна; и не поради мојот извик, туку поради мојата мисла дека немало никаква причина за апсење.

— Кој може денес да знае зошто ќе го уапсат? — промрмори тој загадочно.

Мене ми светна низ главата една чудна бесмислена идеја.

— Степане Трофимович! — извикав; — речете ми како на пријател, како на вистински пријател, а јас нема да ве издадам: дали вие навистина му припаѓате на некое тајно друштво?

На мое големо изненадување, тој не беше уверен дали му припаѓа на некое тајно друштво или не.

— Па, знаете, како да се земе...

— Како, „како да се земе“?

— Кога некој од сè срце му припаѓа на прогресот, кој... тогаш, кој би можел да се заколне! Мислиш како да не припаѓаш, а кога ќе погледнеш, тоа излегува дека негде и на нешто и му припаѓаш.

— Како е возможно тоа; тоа е: или — или.

— Тоа се датира уште од Петроград, кога ние двајцата, таа и јас, сакавме да издаваме весник. Ете, каде е коренот. Тогаш им побегнавме и тие нè заборавија, но сега се сетија. Драги, драги, зарем не ме познавате — извика тој болно; — ќе нè земат, ќе нè стават во пранги, па ајде во Сибир, доживотно, или ќе нè заборават во затворот

И тој тука се расплака и истури тешки, врели солзи. Ги покри очите со црвена свилена шамија и долго липаше, липаше со грчеви. Мене тоа ме потресе. Човекот кој дваесет години ни пророкуваше, нашиот проповедник, учител, патријарх, Кукољник, кој високо и величествено се држеше над сите, на кого ние искрено му се поклонувавме сметајќи го тоа за чест — гледај, тој човек сега плаче, плаче како мало дете затоа што за немирноста ја очекува прачката по која отишол учителот. Ми беше страшно жал. Тој очигледно верува во „прангите“ така како што гледа дека јас седам тука и ги чека прангите уште изутринава, овој час. А сето тоа поради делата на Херцен и поради таму некоја си своја песна! Толку исцелото најцелосно непознавање на секојдневната стварност беше трогателна и некако непријатна.

Најпосле, тој престана да плаче, стана од диванот и почна да оди по собата, постојано разговарајќи со мене. Но секој час погледнуваше низ прозорецот и наслушнуваше што се случило во претсобјето. Нашиот разговор се продолжи без врска. Сите мои уверувања и смирувања се одбиваа како зрна од ѕид. Тој малку слушаше, но имаше страшна потреба јас да го смирувам и во таа смисла зборуваше непрестајно. Видов дека не може без мене и дека сега по никоја цена нема да ме испушти. Во разговорот, се сетив дека Блумер зел и два прогласа најдени кај него.

— Какви прогласи! — изустив јас непретпазливо и уплашено. — Зарем вие...

— Ех, ми потфрлија десет егземплари — одговори тој со горчина; (тој со мене разговара ту со горчина и надуено ту мошне плачливо, ту потиштено) — за осумте јас веќе се погрижив Блумер дофати само два.

И тој одеднаш целиот поцрвени од негодување.

— Вие сте ме измешале со тие луѓе! Да не мислите дека можам да бидам во заедница со тие никаквеци, тие подметнувачи, со мојот прекрасен син Петар Степанович; со тие луѓе силни во подлоста. О, господи!

— А да не ве измешале некако вас двајцата? Но, сешто! Тоа не може да биде! — забележав јас.

— Знаете — му се одрони од устата — јас во моментов чувствувам, дека таму ќе направам некој истап. Ох, не одете си, не оставајте ме сам! Мојата ќелија денес е завршена, јас тоа го чувствувам. Јас, знаете, јас можеби ќе нападнам и некого ќе гризнам, како оној поручникот...

Тој ме погледна со чуден поглед — исплашен, а во исто време како да сака некого да исплаши. Навистина сè повеќе се раздразнуваше на некого и на нешто како што одминуваше времето а прангите не се појавија; дури и се лутеше. Настасја по некоја работа одненадеж дојде од кујната во претсобјето и тука ја закачи и ја турна закачалката. Степан Трофимович потрепери и се вкочани наместо; а кога се виде што е, тој само што не ѝ се развика на Настасја; тропајќи со нозете, ја истера назад во кујната. Малку потем, гледајќи ме очајно, рече:

— Пропаднав! Драги — тој веднаш седна крај мене и долго ме гледаше со тажен и жалосен поглед. — Драги, драги, јас не се плашам од Сибир, ви се колнам, о, ви се колнам, (дури и солзи му дојдоа во очите) — јас се плашам од нешто друго...

Веќе и по неговиот изглед јас се сетив дека сака, најпосле, да ми каже нешто необично, но се воздржува.

— Се плашам од срамот — прошепоти тој таинствено.

– Каков срам? Токму обратно! Верувајте, Степане Трофимович, сето ова што денес се случи убаво ќе се разјасни и ќе сврши во ваша корист.

— Вие сте толку уверен дека ќе ми простат?

— Ама што значи тоа „да ви простат!“ Чудни зборови! Што сте направиле вие? Јас ве уверувам дека вие ништо не сте направиле.

— Што знаете вие; целиот мој живот беше... драги... Тие за сè ќе си спомнат... па ако не најдат ништо, толку полошо — додаде тој одненадеж.

— Како, толку полошо?

— Полошо.

— Не разбирам.

— Пријателе, пријателе мој! Нека биде и Сибир, или Архангелск, нека ми ги одземат правата, ако се пропаѓа, нека се пропаѓа! Но... јас од нешто друго се плашам... (пак шепот, преплашен изглед, таинственост).

— Ама од што, од што?

— Ќе ме истепаат — изусти тој и ме погледна како изгубен.

— Кој ќе ве истепа? Каде? Зошто?

— Каде? Па таму... каде што се прави тоа.

— Па каде се прави тоа?

— Е, драги — ми прошепоти тој скоро на уво — под вас одеднаш ќе се отвори подот и вие пропаѓате до половина... тоа секој го знае.

— Приказни — извикав јас досетувајќи се; — стари приказни! Дали, навистина, и досега во тоа верувавте? — се насмеав на глас.

— Приказни! Па и тие приказни станале од нешто. Оној што е тепан нема сам да раскажува, но јас тоа веќе десет илјадипати во фантазијата сум го замислувал!

— Но, зошто вас, зошто? Па вие не сте направиле ништо... Мислам?

— Толку полошо; ќе видат дека ништо не сум направил и ќе ме истепаат.

— И уверен сте дека поради тоа ќе ве однесат во Петроград!

— Пријателе, веќе реков дека ништо не жалам, мојата кариера е завршена. Од оној момент во Скворешники кога таа од мене се прости, мене за мојот живот не ми е жал ... но срамот, срамот што ќе рече таа, кога ќе дознае?

Тој ме погледна очајно и, кутриот, целиот поцрвени. Јас ги сведнав очите.

— Таа нема што да дознае, бидејќи вам ништо нема да ви стане. Мене ми е ова како сега првпат во животот со вас да зборувам, Степане Трофимович, толку ме зачудивте изутринава.

— Пријателе, ова и не е страв; но нека ми простат, нека ме вратат пак овде и нека не ми направат ништо — сепак јас сум пропаднат. Таа ќе се сомнева во мене додека е жива, во мене, во мене, јас поет, мислител, човек на кого му подарила дваесет и две години ...

— Тоа нема ни на ум да ѝ падне ...

— Ќе ѝ падне — прошепоти тој со длабока увереност. — Јас и таа неколку пати сме разговарале за тоа во Петроград, на велици пости, пред поаѓање, кога двајцата се плашевме. Таа ќе се сомнева во мене ... а како да ѝ се разбие верувањето? Сѐ ќе изгледа неверојатно ... а освен тоа жена ... Таа ќе се израдува. Нејзе тоа и многу ќе ја заболи, ќе ѝ биде жал од сѐ срце, како на вистински пријател, но скришно — ќе се радува. Самиот ќе ѝ дадам оружје против себе, за цел век. О, пропадна мојот живот! Дваесет години полна среќа со неа ... и ете ти сега!

Тој го покри лицето со раката.

— Степане Трофимович, како ќе биде Варвара Петровна веднаш да ја известите за ова што се случи? — предложив јас.

— Господи чувај ме! — се тргна тој и скокна од местото. — За ништо и никогаш, по она што го рече на разделбата во Скворешник, ни-ко-гаш!

Очите му светнаа.

Поседовме, ми се чини, уште еден час, и повеќе, сè очекувајќи нешто — тоа веќе некако ни се вкорени во главите. Тогаш тој прилегна, дури за момент и очите ги затвори, и дваесетина минути лежеше не проговорувајќи, така што јас помислив дека спие, или падна во несвест. Одеднаш се поткрена бурно, го симна облогот од главата, скокна од диванот, се спушти кон огледалото, со трепетни раце ја врза шамијата на вратот и со громовен глас ја викна Настасја, заповедајќи да му го донесе палтото, новата паларија и стапот.

— Не можам повеќе да издржам — рече со испрекинат глас — не можам, не можам!... Одам сам.

— Каде? — скокнав јас.

— Кај Лемпке. Драги, морам, тоа ми е долг. Тоа е должност. Јас сум граѓанин и човек, не сум деланка, јас имам права, јас ги барам своите права ... Јас дваесет години не ги барав своите права, целиот живот ги заборавав ... но денеска ги барам, ги побарувам. Тој мора сè да ми каже, сè. Тој добил телеграма. Тој не смее да ме мачи, нека ме затвори, нека ме затвори, нека ме затвори!

Извикуваше со некакво врескање и удираше со нозете.

— Јас ви одобрувам — реков намерно колку што можев помирно, иако за него многу се плашев; — навистина, тоа е подобро отколку да се седи овде со таква болка; но не ми се допаѓа вашето расположение; погледнете на што личите и како ќе појдете таков. Треба да се биде достоинствен и мирен пред Лемпке. А вие сега навистина можете да јурнете на некого таму и да го гризнете.

— Ќе се предадам сам, лично. Трчам право во шепите на лавот.

— И јас ќе дојдам со вас.

— Не очекував друго од вас, ја примам вашата жртва, жртвата на вистинскиот пријател, но до куќата, само до куќата, вие не смеете, вие немате право и натаму да се изложувате себеси на опасности поради

тоа друштво. О, верувајте, ќе бидам мирен. Јас себеси се познавам во овој момент — на височината на сè што е најсвето.

— Јас, можеби и во куќата ќе влезам со вас — го прекинав. — Вчера од нивниот глуп комитет по Височки ми јавија дека и на мене сметаат и ме поканувaат на свеченоста другиден да бидам еден од редарите, или веќе како ги викаат... едно од шесте момчиња одредени да внимаваат на послужавниците, да ги гостат дамите, да ги носат гостите на нивните места и кои на левото рамо носат лента црвено-бело. Сакав да откажам, но зошто сега да не влезам под тој изговор во куќата за да се објаснам лично со Јулија Михајловна... И така вие и јас заедно ќе влеземе во куќата.

Тој слушаше, нишкаше со главата, но изгледаше дека ништо не разбира. Стоевме на прагот.

— Драги — тој ја подаде раката спрема аголот на кандилото, — драги, никогаш во тоа не верував, но... нека биде, нека биде! (Тој се прекрсти.) Да одиме!

— Да, вака е подобро — помислив јас, излегувајќи со него на улицата; — патем свежиот воздух ќе ни помогне, па ќе се смириме, ќе се вратиме дома, и ќе легнеме да се одмориме...

Но правев сметка без крчмарот. Токму патем се случи настан што го потресе и го упати по особена насока... така што јас, признавам, не можев да се надевам на таквата брзина на нашиот пријател, каква што тој ден одненадеж покажа. Кутар пријателе, добар пријателе!

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА

ФЛИБУСТЕРИ. СУДБОНОСНО УТРО

Случајот што патем ни се случи беше чуден. Но, треба да се раскаже сѐ поред. Еден час пред да излеземе Степан Трофимович и јас на улица, по градот минуваа, и многумина тоа љубопитно го гледаа, толпа луѓе, работници од фабриката на Шпигулини, седумдесет мина, можеби и повеќе. Толпата одеше убаво и мирно, скоро молчаливо, во посебен ред. Потоа се утврди дека тие седумдесет луѓе биле одбрани од сите фабрички работници, што кај Шпигулини ги имаше до деветстотини, одбрани да одат кај губернаторот и од него, додека сопствениците на фабриката не се овде, да побараат да го смени управникот кој при затворањето на фабриката и отпуштањето на работниците дрско на сите им скусил од заработувачката — факт за кој веќе нема никакво сомневање. Други пак сметаат дека тоа не се пратеници и тврдеа дека седумдесетина луѓе се премногу за такво нешто, туку дека е таа толпа просто најсилно погодена и дека тие сега одат да молат само за себе лично, така што „општ фабрички бунт“, за кој потоа се креваше врева, и немало. Трети со возбудување уверуваа дека тие седумдесет луѓе не биле прости бунтовници, туку политички, тоест, тие како најнемирни, биле уште повеќе предизвикани со оние потфрлени прогласи. Со еден збор, тоа беше нечие влијание или наговор — само што тоа досега не беше точно познато. Моето лично мислење е дека тие потфрлени написи работниците ге ги ни читале; а и да ги читале, не ќе разберea

ни збор од нив, веќе и поради тоа што авторите на тие состави, и покрај целата голотија на нивните излагања, пишуваат крајно нејасно. Но, бидејќи на работниците и без тоа им беше мошне тешко, а полицијата од која бараа помош не сакаше да мисли за нивната невола и за штетата — тогаш, што е поприродно од нивната намера заедно да одат кај „самиот генерал", ако е возможно, на тоа згора уште и со писмена молба, пристојно да се постават во ред пред влезот во неговата куќа, па штом ќе се појави тој, сите да паднат на колена и да му се пожалат како на самото провидение. Како што мислам јас, тоа беше, всушност, а не бунт и пратеници; зашто рускиот народ од искони сака да зборува со „самиот генерал" и веќе самото тоа му прави задоволство, без оглед на тоа како ќе заврши разговорот.

И затоа наполно сум уверен.

— Ако Петар Степанович Липутин, можеби и некој друг, да речеме и Фетка, се врткале меѓу работниците (за тоа постојат сигурни докази) и со нив разговарале, тоа било сѐ на сѐ со двајца, тројца, нека биде и со петмина, колку за проба, и од тој разговор ништо не излегло. Што се однесува до бунтот, работниците, дури и да сфатиле нешто од нивната пропаганда, без сомневање, долго не ги слушале тие глупи и збунети работи. Друга е работата со Фетка: тој, како што се чини, имал повеќе среќа од Петар Степанович. Во палежот во градот, што се случи три дена подоцна, навистина со Фетка учествувале, како што се знае сега, без сомнение, и двајца работници од фабриката; а по еден месец беа фатени уште тројца бивши работници, во околијата, исто така, при палежи и кражби. Но, иако Фетка успеал да придобие некои од нив без обиколување и непосредно да извршуваат такви дела, такви имаше само петмина; за другите не се слушаше ништо слично.

Како и да е, работниците сите заедно дојдоа пред куќата на губернаторот и на терасата пред неа се построија пристојно и мирно. Потем зјапнаа во вратата и чекаа. Некој ми раскажуваше дека штом застанале, веднаш сите ги симнале капите; а тоа ќе рече можеби

половина час пред да се појави „господарот на губернијата“ кој, како нарочно, тогаш не беше дома. Полицијата се појави веднаш, отпрвин поединечно, а потем, до колку можеше и во групи и, се разбира, со закана им наредуваше на луѓето да се разотидат. Но работниците останаа упорни, како стадо говеда кога ќе стаса до оградата; лаконски одговараа дека тие дошле кај „самиот генерал“. Се гледаше цврста решеност; но нивната пуста врева беше прекината, а неа брзо ја замени размислувањето, таинственото шепотно наредување и строга деловна ревност што ги набираше старешинските веѓи. Управникот на полицијата повеќе сакаше да го сочека самиот Лемпке. Бесмислица е што се зборуваше дека долетал на тројка и уште од колата почнал да вика. Тој, вистина, сакаше да лета и леташе во својата кола со жолта заднина и, веќе според тоа колку левакот и десникот, „се доведени до разузданост — сѐ повеќе и повеќе ја губат главата, тој сакаше, восхитувајќи ги сите трговци од пазарот за намирници, да се поткрене во колата, да се исправи со сета своја височина придржувајќи се за ременот од страната на колата, нарочно наместен за придржување, а десната рака да ја испружи онака како што се гледа тоа на споменициите и така да го прегледа градот. Но сега не викаше и, иако излегувајќи од колата не можеше да се воздржи од енергичните изрази, сепак тоа го направи единствено за да не ја изгуби популарноста.

Уште поголема бесмислица, потаму, што се зборуваше дека биле доведени војници со бајонети и дека со телеграма било јавено на надлежното место да се испратат козаци и артилерија; тоа се приказни во кои сега не веруваат ни оние што ги измислиле. Бесмислица е и тоа дека биле дотерани пожарните буриња со вода и дека бил прскан народот. Просто и просто, Илја Илич, распален, подвикнал дека „ниеден нема сув од вода да му излезе“, па веројатно поради тоа ги измислија бурињата, што потем влегоа и во извештаите на престолничките весници. Најточната варијанта беше, по сѐ изгледа, во тоа дека веднаш целата полиција што тука се најде ја опколила толпата, а по

Лемпке беше пратен гласник, старешина од првото одделение, кој со колата на управникот на полицијата отиде во Скворешники, знаејќи дека Фон Лемпке отишол во таа насока пред половина час со својата кола.

Но, да ја кажам вистината, за мене сепак останува нерешено прашањето како таа мирна и обична колона од молители — вистина од седумдесет луѓе — веднаш, на првиот чекор, ја претворија во бунт што се заканува да ги разниша општествените основи? Како и самиот Лемпке, штом стаса, дваесет минути по гласникот, ја прими истата таа идеја? Јас тоа би го објаснил најпрвин вака (тоа е само мое лично мислење) за Илја Илич, кој му беше кум на управникот, беше корисно ова да му се прикаже на Фон Лемпке токму во таа светлост; токму да не му се даде да ја согледа вистинската состојба на нештата. А на тоа самиот Лемпке и го наведе. За овие два дена тој со него двапати водеше тајни и посебни разговори, впрочем, нејасни и замрсени, но Илја Илич сепак успеа да види дека поглаварот цврсто се држи до идејата за прогласите и за нечие влијание на работниците на браќата Шпигулини, за наговорот на тие работници да дигнат општествен бунт — и се држеше за тие идеи толку што, можеби ќе зажалеше ако се покажеше дека тој наговор е измислица. „Сака да се истакне некако во Петроград“, помисли нашиот лукав Илја Илич откога си отиде откај Лемпке; „па што, остави го, тоа е и во мој прилог.“

Јас сум, меѓутоа, уверен дека кутриот Андреј Антонович ни поради своето лично одликување не би посакал бунт. Тоа е чиновник наполно совесен; човек кој од својата женачка останал чист. (Зарем тој е виновен што се случи место мирната државна службичка и невината Минхен, да ја добие четириесетгодишната кнегина што го издигна до себеси?) Јас точно знам дека токму тој судбоносен ден избија првите видливи последици од онаа општествена состојба што, велат, го одведе кутриот Андреј Антонович во познатиот и нарочен завод во Швајцарија, во кој сега, велат, прибира нови сили. Но, само ако се допушти дека токму тој ден се покажаа очигледните факти на не-

што, тогаш, според моето мислење, може да се допушти и тоа дека појавата на сличните факти, па макар и не толку очигледни, можела да се случи и пред тој ден Мене ми е познато, според она што најинтимно сум го чул (ако сакате, земете дека едно делче од овој настан ми го има раскажано самата Јулија Михајловна, и тоа подоцна, и тоа кога повеќе не триумфираше, туку скоро се каеше — зашто женското никогаш не се кае наполно), мене ми е познато дека Андреј Антонович, спроти тој ден, длабоко во ноќта, во три пред зората, влегол кај Јулија Михајловна, ја разбудил, и побарал да го ислуша „ултиматумот". Барањето било толку упорно што таа морала да стане од постелата, лута и со виклери седнала на диванот, и покрај саркастичното презирање сепак да го ислуша. Тогаш првпат видела колку далеку забраздил нејзиниот Андреј Антонович и во себе се преплашила. Требало сега таа да се тргне и да се ублажи, но таа го скри својот страв и се опре уште поупорно отколку дотогаш. Таа (како и секоја мажена жена како што изгледа) имала спрема Андреј Антонович свој начин, што не го испитала само еднаш и не само еднаш со тој начин го доведувала мажот до гнев. Тој начин кај Јулија Михајловна се состоеше во презривото молчење за еден час, за два часа и за дваесет и четири часа, а се случуваше и за трипати по дваесет и четири часа — молчење по секоја цена, без обѕир што зборува тој, без обѕир што прави, дури и да се качи на прозорецот, да скокне од третиот кат; начин што чувствителен човек не може да го издржи! Дали Јулија Михајловна со тоа го казнуваше својот маж за неговите грешки последните денови, за неговата љубоморна завист на губернаторски старешина спрема нејзините администраторски способности; дали се лутеше поради неговата критика на нејзиното однесување спрема младината и спрема целото наше општество, не сфаќајќи ги нејзините истанчени и далновиди политички насоки; или се лутеше на неговата бесмислена и тапоглава љубомора спрема Петар Степанович — како и да е, главно таа науми ни сега да не му попушта и без оглед на тоа што е веќе три часот ноќе и што е тој возбуден

така како што никогаш не го видела. Андреј Антонович надвор од себе одеше на сите страни од нејзиниот будоар, по простирките, и излагаше сѐ, ама сѐ, навистина без секаква врска, но затоа сѐ што се насобрало зашто — „излегло преку мерата“. Почна со тоа дека сите му се смеат, дека го „тргаат за нос“. „Го презирам овој вид изрази!“ викна тој штом ја забележа насмевката на нејзиното лице — „токму така иако не треба да се рече за нос, тоа сепак е вистина!“ „Не, госпоѓо, дојде моментот, знајте дека сега не е време за подбивање, ни со начините на женската кокетност. Ние не сме во будоарот на накитена госпоѓа, туку сме како две разделени суштества на воздушна топка, што се нашле да ја искажат вистината.“ (Се разбира, тој се збунуваше и не наоѓаше правилни форми за своите инаку точни мисли.) „Вие, вие госпоѓо, вие ме оттргнавте од мојата поранешна положба; јас ова место го примив единствено поради вас, поради вашата славољубивост... Вие саркастично се насмевнувате. Не триумфирајте, не брзајте, знајте, госпоѓо, знајте дека јас би можел, дека би умеел да се снајдам на ова место, и не само на ова место, туку на десет вакви места, зашто имам способности; но со вас, госпоѓо, но покрај вас, госпоѓо, не е возможно да се снајдам, зашто крај вас јас тие способности ги немам. Две средишта не може да постојат, а вие направивте две — едно кај мене а друго кај себе, во својот будоар — две средишта на власта, госпоѓо; но, јас тоа не го допуштам, не го допуштам! Во службата, како и во бракот, средиштето е едно, две се невозможни... Со што ми се оддолжувате вие мене?“ — извикуваше тој понатаму. „Нашиот брак се состои само во тоа, вие постојано, секој час, да ми докажувате колку сум ништотен, глуп, дури и низок, а јас севезден, секој час, со понижување морам да ви докажувам дека не сум ништожен, дека ни малку не сум глуп и дека секого го изненадувам со својата благородност!...“ Тој почна брзо и зачестено да удира со обете нозе по простирката, така што Јулија Михајловна мораше да се исправи со сурово достоинство. На тоа тој се смири, но затоа ѝ се подаде на чувствителноста и почна да плаче (да, гласно), удирајќи се во градите,

и така продолжи скоро цели пет минути, сè повеќе и повеќе губејќи присебност поради длабокото молчење на Јулија Михајловна. Најодзади веќе и сосема промаши: се издаде дека е љубоморен поради Петар Степанович. Откако почувствува дека направил преголема глупост, тој се разбесни и викна дека „нема да допушти господ да се отфрла“, дека ќе го растера „нејзиниот грешен салон без вера“, дека „и старешината мора да верува во господ“, па значи „и неговата жена“ дека „момчињата повеќе нема да ги трпи“. А „вие, вие госпоѓо, би требало поради вашето лично достоинство да се грижите за мажот и да го цените неговиот ум, па дури и ако е тој со лоши способности (а јас никако не сум со лоши способности)! меѓутоа, токму вие сте причина што овде сите ме потценуваат, токму вие создадовте такво мислење кај нив!...“ Понатаму викаше дека ќе го избрише женското прашање, дека тој здив со темјан ќе го истера, дека уште утре ќе забрани и ќе ја растури таа свеченост во корист на гувернантките (нека ги земе ѓаволот)! Дека првата гувернатка што ќе ја сретне уште утре изутрина ќе ја истера од губернијата „со козак! Нарочно, нарочно!“ — врескаше. „Знаете ли, знаете ли,“ викаше тој „дека вашите никаквеци ги наговараат оние луѓе од фабриката и дека мене тоа ми е познато? Дали знаете дека тие намерно протураат прогласи, на-мер-но! Дали знаете дека мене ми се познати имињата на четворица од тие никаквеци и дека јас ќе го загубам умот, наполно, наполно!!!...“ Јулија Михајловна сега одненадеж го прекина молчењето и сериозно изјави дека таа одамна знае за тие злосторнички намери и дека сето тоа е глупост, дека тој сето тоа премногу сериозно го примил; а што се однесува до оние немирници, таа ги знае не само тие четворица, туку и другите (го излажа таа); но дека ни најмалку нема намера поради тоа и самата да се споулави; напротив, уште повеќе верува во својот ум, и се надева дека на крај сè ќе доведе во хармонија; младинците ќе ги поттикне на работа, ќе ги вразуми, непосредно ќе им докаже дека нивните намери се познати, а потоа, потоа ќе ги упати кон нови цели, кон разумно и повисоко дејствување.

— Ох, што стана сега со Андреј Антонович!

Кога чу дека Петар Степанович пак го изиграл и грубо го исмеал, дека тој нејзе ѝ доверил многу повеќе, и многу порано отколку нему, и кога сфати дека можеби токму Петар Степанович лично е ороводецот на сите злосторнички замисли — тој збесни: „Знај, неразумна но отровна жено!“ викна тој кинејќи ги нагло сите врски, „знај дека твојот недостоен љубовник веднаш ќе го затворам, ќе го оковам и ќе го спроведам во рудничките јами, или овој час пред твои очи ќе скокнам низ прозорец!“ На оваа тирада Јулија Михајловна, зелена од лутина, се расмеа со бавна смеа, долга, ѕвонлива, смеа чие што бранување и жуборење се ширеше точно како во француски театар, кога париската артистка што игра кокетка, со договор на сто илјади, му се смее в очи на мажот што се осмелил да биде малку љубоморен. Дури, Фон Лемпке и се спушти кон прозорецот, но нагло застана како закопан, ги прекрсти рацете на градите, побледи како мртовец, па злокобно погледна во насмеаната жена: „Знаеш ли, Јулија“, прозбори тој гушејќи се и молежливо, „знаеш ли дека и јас можам нешто да направам?“ Но, на повторната и уште посилна смеа, по овие негови зборови, тој ги стегна забите, заплака и одеднаш јурна — не кон прозорецот, туку кон својата жена, надвиснувајќи ја над неа тупаницата! Но не ја спушти: не, не, не! но затоа пропадна тој тука наместо. Не чувствувајќи ги своите нозе под себе, одјури во својот кабинет и онака како што се згоди, облечен, падна ничкум на покриената постела, се завитка во покривачот грчевито од главата до петиците и така одлежа час-два — без сон, без мисли, со камен на срцето и со тапо неподвижен очај во душата. Понекогаш со целото тело потреперуваше од маченички, трескавичав трепет. На ум му паѓаа некои неврзани претстави, што на ништо не одговараа: на пример, си спомни за стариот ѕиден часовник што го имаше пред петнаесет години во Петроград и од кого беше паднала големата стрелка; си спомни за веселиот Милбе, чиновник и пријател со кого еднаш, во Александровиот парк, фатија врапче, а кога го фатија, си спомнува, се смееја така што

целиот парк ечеше, се смееја затоа што едниот од нив беше колешки асесор. Најпосле, негде околу седум изутрината, заспа и не чувствувајќи го сонот и спиеше слатко, со прекрасни соништа. Се разбуди околу десет, скокна од постелата, веднаш си спомни за сè, и со раката добро се удри по челото. Не го прими ни појадокот, ни Блумер, ни управникот на полицијата, ни чиновникот што се јавуваше за да го потсети дека членовите на — ското собрание го чекаат тој ден да им претседава — ништо не прими, ништо не слушаше ниту сакаше да разбере, туку како споулавен потрча во одделението на Јулија Михајловна. Тука Софија Антропова, една старица од благородничко семејство што веќе одамна живееше кај Јулија Михајловна, му раскажа дека Јулија Михајловна уште во десет часот повелила да отиде, со големо друштво, во три коли, кај Варвара Петровна Ставрогина, во Скворешники, да го разгледа местото за идната свеченост, тоест втората по ред што треба да се приреди по две недели и дека тоа било договорено уште онојпат лично со Варвара Петровна. Андреј Антонович, многу зачуден со таа вест, се врати во кабинетот и брзо нареди да му ја зготват колата и одвај имаше трпение да сочека.

Неговата душа чезнеше по Јулија Михајловна — само да ја погледне да биде малку крај неа, можеби и таа него ќе го погледне, ќе го забележи, ќе му се насмевне и, како и досега, ќе му прости — о-о! „Ама што е со тие коњи?" механички ја отвори дебелата книга на масата; (тој понекогаш така лунѕа по книгата кога потамина ќе ја отвори и на првата страница ќе ги прочита првите два-три реда): „Сè е колку што може да биде најдобро во најдобриот можен свет. Волтер: „Кандид". На тоа отплукна и побрза во колата: „Во Скворешники"! Кочијашот потоа раскажуваше дека господинот целиот пат го терал да брза, но само што стасале во домот на господарите на Скворешники, тој наредил кочијашот да ја сврти колата и да го врати в град. „Колку што може побрзо, те молам, колку што може побрзо!" Уште не стасани ни до предградието, господинот нареди колата да застане, се симна од екипажот и преку насипот премина во полето —

„веројатно“ си мислам, „поради некоја потреба, а тој застана и почна да ги гледа разните цвеќиња и така постоја некое време. Чудно, богами, јас сосема се посомневав“. Така кажуваше кочијашот. Си спомнувам какво беше времето тоа утро: студен, ведар, ветровит септемвриски ден; пред Андреј Антонович се простираше суровата слика на оголените полиња од кои житото веќе одамна пожнеано, силниот ветер ги нишаше жалните остатоци од жолтите цвеќенца на умирачка... Дали сакал себеси и судбината своја да ја спореди со овенатите цвеќиња убиени од есента и студот? Не верувам. Но мислам сигурно дека цветчињата ни на ум не му паѓале, ниту можеле да му паднат на ум, ниту се обѕирал на покажувањата на кочијашот, ни на старешината на првото одделение кој во тој момент стасал на колата од управникот и кој подоцна сведочеше дека губернаторот навистина го затекнал со китка цвеќе во раката. Тој старешина, еден од одушевените административни лица, Василиј Иванович Флибустеров, неодамна беше гостин на нашиот град, но брзо се истакна и се прочу со својата претерана ревност, со своето некако скоро натрапливо држење во сите работи што има да се извршат и со својата вродена состојба на нетрезвеност. Сега скокна од колата и, ништо не сомневајќи се во губернаторовата забава со цвеќето, веднаш како од пушка исфрли: „Во градот има немири.“

— А? Што? — му се сврти Андреј Антонович со сериозно лице, но без ни малку чудење, без секакво сеќавање на колата и кочијашот, туку како да е во својот кабинет.

— Ваша превозвишеност, Флибустеров, старешина на првото одделение. Во градот има бунт.

— Флибустери? — повтори Андреј Антонович.

— Да, ваша превозвишеност, се побунија Шпигулини.

— Шпигулини!...

Зборот „шпигулини“ како да го потсети на нешто. Тој се тргна и го крена прстот на челото: „Шпигули-

ни!“ Молчејќи, замислен, тој без брзање отиде до колата, се качи и заповеда да се оди в град. Старешината на одделението, во лесна кола, потера по него.

Јас замислувам дека Лемпке патем во фантазијата, нејасно и како низ магла видел многу интересни нешта, на многу теми — но кога стаса пред станот, тешко да имал некоја цврста идеја и каква и да е одредена намера. Но само што ги здогледа мирните редови на „бунтовниците“, синџирот од џандари, немоќниот (можеби и немарно немоќниот — управник на полицијата, и општото очекување вперено на него, нему сета крв му навали в срце. Блед се симна од колата.

— Капите долу! — изусти тој одвај чујно и гушејќи, се. — На колена! — вресна одненадеж и како што не се надеваше и самиот, и можеби токму од таа изненаденост, и потече целиот оној развој на нештата што настана потоа, како она на лизгалиштето за бела недела — зашто, зарем може санките, кога ќе полетаат од врвот на ридот, да застанат среде ридот? Андреј Антонович, како за свое зло, целиот живот се одликуваше со присутност на духот и никогаш на никого не викал, ниту со нозете удирал од земјата; за таквите луѓе дотолку е поопасно ако еднаш се случи санките некако нагло да им се откачат од ридот. Сè му се вртеше пред очите.

— Флибустери! — викна тој со уште посилен вресок, мошне грд и гласот му се прекина. Стоеше, не знаеше што да прави, но со целото свое суштество чувствуваше и знаеше дека нешто ќе направи неизбежно, веднаш, тој час.

„Господи!“ — се зачу од толпата. Некое момче почна да се крсти; тројца — четворица сакаа и да клекнат, но другите, сите заедно, зачекорија три чекори напред и сите одеднаш зацагорија: „ваша превозвишеност... одзедоа по четириесет... управникот... не можеш да му докажеш...“ и така натаму, и така натаму. Ништо не можеше да се разбере.

Попусто! Андреј Антонович навистина ништо не можеше да разбере; цвеќето уште му беше во раката. Бунтот му изгледаше очигледен, токму како на Степан

Трофимович колата со прангите. А низ толпата „бунтовници“, што го гледаа со широко отворени очи, го виде пред себе Петар Степанович како се врти и ги „бунтува“. Тој гнасен Петар Степанович кој од вчера никако не го остава.

— Стаповите! — викна тој уште понеочекувано.

Настана мртва тишина.

Судејќи по точните податоци, а и според моите претпоставки, ете таков беше почетокот. Натамошните податоци не се толку точни, а исто така ни моите предвидувања. Впрочем, постојат некои факти.

Прво, стаповите се појавиле некако и премногу брзо; очигледно дека досетливиот управник на полицијата, надевајќи се на потреба, однапред ги подготвил. Впрочем, беа казнети само двајца, одвај тројца, тоа го тврдам. Дека биле казнети сите, или барем половината, е чиста измислица. Неосновано е и тоа дека и некоја госпоѓа, сиромашна, но од благородничко семејство, што тука минувала, ја вчепкале и веднаш поради некоја причина ја истепале — меѓутоа, подоцна мнозина наши зборуваа за некоја кутра старица од засолништето крај гробиштата, Авдотја Петровна Тарапигина, како божем таа, враќајќи се од гости во засолништето и минувајќи преку поплочената тераса пред губернаторскиот стан, се протуркала помеѓу гледачите, од природна љубопитност, па гледајќи што се случува, извикала: „Их срамота!“ и плукнала. Затоа, божем, како и неа да ја дофатиле, па и нејзе и „одрапортирале“. За тој случај не само што пишуваа по весниците, туку кај нас во градот, во првиот план, дури собираа прилози за старата. Јас запишав дваесет копејки. И? Сега се знае дека некоја Тарапигина од домот за старици и не постои! Јас лично отидов во тој дом на гробишта да се распрашам: таму никој и ништо не чул за Тарапигина; и не само тоа, туку им беше многу криво кога им раскажав што се зборува. Јас таа измислена Авдотја Петровна намерно ја спомнувам затоа што за малку тоа истото не се случи и со Степан Трофимович (тоест за случај таа приказна со старата да беше вистинита). Можеби дури таа приказна за Тарапигина некако низ него ја поставија, подобро да

се рече, некоја низа интриги што тој ги предизвика ги преработиле во приказна за Тарапигина. Јас, имено, ни сега не знам како ми побегна тој, само што стасавме на терасата. Насетувајќи нешто многу лошо, јас сакав него одоколу да го однесам пред влезот во губернаторовата куќа, но и самиот љубопитен, застанав за момент, за првиот што ќе го сретнам да го запрашам што е сето тоа — а туку одеднаш забележав дека Степан Трофимович не е пред мене. По инстинкт, побрзав да го побарам на најопасното место; поради нешто насетував дека и неговите санки јурнале од ридот. И, навистина, го најдов веќе во средиштето на настанот. Си спомнувам, го дофатив за раката; но тој мирно и гордо ме погледна со ненадминат авторитет.

— Шер — изусти со глас во кој потрепери некоја напукната струна; — кога овие овде, — на оваа чистина пред нас, без обиколување и по своја волја воведуваат некој ред, што може тогаш да се очекува и од она . . . ако му се даде прилика да работи самостојно.

— Она! — викна Флибустеров кога го чу тоа. — Кој е „она"? А кој си ти?" се приближи тој стегнувајќи ги тупаниците. — Ти, ти кој си? — се развика тој; (напоменувам дека одлично го познаваше Степан Трофимович лично). Уште еден миг, па секако и ќе го дофатеше за јаката; но за среќа, на неговото викање Лемпке ја сврти главата. Не верувајќи, но истрајно се загледа во Степан Трофимович, како нешто да доведува во врска, па одеднаш мавна со раката. Флибустеров се тргна. Јас го извлеков од толпата Степан Трофимович. Впрочем, можеби и самиот сакаше да се засолни.

– Ајде, ајде дома – го молев непрестајно; – а што не се истепаа сега, тоа секако е заслуга на Лемпке.

– Одете си пријателе; јас сум виновен што ве изложувам. Вие имате иднина и своја кариера, јас – удри мојот час.

Тој цврсто стапна на прагот од губернаторската куќа. Вратарот мене ме познаваше; му реков дека сакаме да одиме кај Јулија Михајловна. Во салата за примање седнавме да почекаме. Не сакав да го оставам својот пријател, но знаев дека ќе биде попусто да му

се говори што и да е. Тој изгледаше како човек што се осудил самиот себеси, некако како на некоја сигурна смрт за татковината. Не седнавме еден спроти друг, туку на два разни краја, јас поблиску до вратите на излезот, а тој далеку, на спротивната страна. Замислено ја спушти главата и со обете раце лесно се потпре на својот стап. Паларијата со широка периферија ја придржуваше со левата рака. Така поседовме околу десет минути.

II

Лемпке влезе нагло, со брзи чекори, во придружба на управникот на полицијата; нè погледна расеано и не обрнувајќи ни внимание, тргна десно во кабинетот, но Степан Трофимович застана пред него и му го препречи патот. Високиот раст, појавата на Степан Трофимович, сосема поинаква од другите, му направи впечаток; Лемпке застана.

— Кој е тоа? — промрмори тој не верувајќи, како да го праша управникот, но и не свртувајќи ја главата спрема него, туку постојано гледајќи во Степан Трофимович.

— Степан Трофимович Верховенски, колешки асесор во оставка, ваша превозвишеност — одговори Степан Трофимович и достоинствено ја наведна главата. Неговата превозвишеност продолжи да го гледа, впрочем, со мошне тажен поглед.

— Предмет? — запраша тој со старешински лаконизам, па ненамерно и нестрпливо го сврти увото кон Степан Трофимович, зашто најпосле го зеде како обичен молител, со не знам каква писмена молба.

— Денес, во името на вашата превозвишеност, чиновникот изврши претрес во мојата куќа; поради тоа би сакал . . .

— Името? Името? — праша Лемпке нестрпливо, како веднаш да се сетил за нешто.

Степан Трофимович уште подостоинствено го изговори своето име.

— А-а-а! Тоа е... тоа е оној расадник... Господине, вие се прикажувавте од таква точка што... вие сте професор! Професор?

— Некогаш имав чест да ѝ одржам неколку предавања на младината од — скиот универзитет.

— На мла-ди-на-та! — како да се тргна Лемпке, иако тој, би се обложил, сѐ уште малку разбираше за што се зборува, па можеби и со кого зборува.

— Јас, господине, тоа не го допуштам — одеднаш тој силно се налути. — Јас таа младина ја забранувам! Сето тоа се прогласи, тоа е напад врз општеството, почитуван господине, гусарски напад, флибустерство... Што ќе повелите да молите?

— Напротив, мене вашата жена ме молеше утре, на нејзината свеченост, да одржам предавање. А јас овде не молам, јас сум дојден да ги барам своите права.

— На свеченост? Свеченост нема да има. Јас таа ваша свеченост ја забранувам! Предавање! Предавање? — извика тој бесно.

— Многу би сакал со мене да зборувате малку поотмено, ваша превозвишеност, да не тропате со нозете и да не викате на мене како на детиште.

— Вие секако разбирате со кого зборувате? — Лемпке поцрвени.

— Наполно, ваша превозвишеност.

— Јас со себе општеството го штитам, а вие го уривате!... Вие... Впрочем, јас си спомнувам за вас: вие сте оној гувернер во куќата на генералицата Ставрогина?

— Да, бев... гувернер... во куќата на генералицата Ставрогина.

— И во тек на дваесет години сте правеле расадник на сѐ што досега се насобрало... сите тие плодови... Ми се чини, ве видов пред малку, на терасата. Чувајте се, господине, чувајте се! Позната е насоката на вашите мисли. Бидете уверен дека јас тоа го имам предвид. Јас, господине, не можам да го допуштам вашето предавање. Такви молби не треба да ми се упатуваат.

Тој пак сакаше да тргне.

— Повторувам дека вие се лажете, ваша превозвишеност; вашата жена ме молеше на утрешната свеченост да одржам предавање — за нешто од литературата, обично предавање, ништо друго. Но сега и јас самиот го откажувам тоа предавање. Мојата непокорна молба е, ако е возможно, да добијам разјаснување на кој начин, од кои причини и зошто е извршен денешниот претрес во мојот стан? Одземени ми се некои книги, приватни и за мене драги писма и низ градот беа однесени во количка...

— Кој претресувал? — се тргна Лемпке, наполно се сети, и одеднаш целиот поцрвени. Тој брзо се сврти кон управникот. Во тој момент на вратата се покажа сведнатата, несмасна, долга појава на Блумер.

— Еве овој чиновник — рече Степан Трофимович.

Блумер зачекори напред како виновник, но кој уште не се предава.

— Вие правите само глупости — налутено и пакосно му дофрли Фон Лемпке в лице, па одеднаш целиот се преобрази и сосема се прибра и се освести.

— Проштавајте... — промрмори тој во нерешителна збрка, и поцрвени колку што се може; — сето тоа — сето тоа било, веројатно, само една несмасност, недоразбирање... едно недоразбирање...

— Ваша превозвишеност, — напомена Степан Трофимович — во младоста бев очевидец на еден карактеристичен настан. Еднаш, в театар, во ходникот, некој брзо се приближуваше до некој друг и пред целата публика го удри. Кога веднаш потоа забележа дека личноста што го претрпи тоа не е онаа на која тој удар ѝ бил наменет, туку сосема друга, само со нешто малку сличност — тој омразено и брзо, како човек кој нема кога да го губи златното време, од збор до збор рече така како сега вашата превозвишеност: „Се излагав... проштавајте, тоа е недоразбирање, единствено недоразбирање.“ А кога навредениот сепак и натаму се чувствуваше навреден и почна да вика, тогаш оној другиот со голема лутина му рече: „Ама нели ви велам дека е само недоразбирање, зошто викате уште!“

— Тоа е... тоа е, се разбира, мошне смешно... — се насмевна Лемпке со едниот агол на усните — но... но зарем не гледате дека и самиот сум многу несреќен?

Тој тоа скоро го викна и... и, како што се чини, сакаше да го покрие лицето со рацете.

Оваа неочекувана болна врева, скоро лелек, беше незадржлива. Тоа сега беше првиот момент на неговата полна, јасна свест за сè што се случи вчера — и веднаш потоа дојде моментот на очај, целосен, што понижува и што наполно се предава. Којзнае, уште еден натамошен момент, и тој, можеби, ќе се расплачеше, така што целата сала да екне. Степан Трофимович првин чудно го погледна, потем веднаш ја сведна главата и рече со глас длабоко проникнат:

— Ваша превозвишеност мојата енергична жалба повеќе нека не ве вознемирува; заповедајте само да ми се вратат моите книги и писмата...

Го прекинаа. Токму во тој момент Јулија Михајловна со целата своја придружба и со врева се врати дома од излетот во Скворешники. Но, сакам сè да опишам колку што се може подетално.

III

Прво, тие сите одеднаш, од трите коли, во толпа влегоа во салата. Влезот за одделението на Јулија Михајловна е засебен, лево од главниот влез во куќата; но овојпат сите тргнаа низ салата — јас мислам токму затоа дека тука беше Степан Трофимович и дека Јулија Михајловна, при нејзиното враќање од полето в град, веќе беше известена за сè што му се случило нему, како и сето она што беше со Шпигулини. Тоа го направи Љамшин, кого поради некоја вина го оставија дома, па не беше со нив на излетот и така сите настани ги дозна пред сите. Затоа, со некоја злобна радост, се фрли тој на изнајменото козачко коњче и тргна по патот за Скворешники во пресрет на кавалкадата прв да ѝ ги донесе веселите вести.

Јас мислам дека Јулија Михајловна, кога ги чу таквите чудни вести, и покрај сета своја голема смелост сепак малку се збуни; впрочем, веројатно само за момент. На пример, политичката страна на прашањето не можеше да ја загризи. Петар Степанович веќе четири пати сериозно ја уверуваше дека тие подбуцнувачи од фабриката на Шпигулин треба со ред добро да се истепаат, а Петар Степанович од некое време за неа е голем авторитет. „Но ... сепак, ќе ми плати тој за ова", веројатно помисли таа во себе; па тој, тоа е, се разбира, мажот. Забележувам, попатно, дека ни Петар Степанович, како намерно, во онаа заедничка прошетка не беше, и од рано утро никој го немаше видено. Патем го забележувам уште и тоа дека Варвара Петровна, откако ги дочека гостите, заедно со нив (во една кола со Јулија Михајловна, отиде в град, со намера никако да не ја пропушти последната седница на одборот за утрешната свеченост. Љамшиновите вести за Степан Трофимович, се разбира, мораше да ја заинтересираат и неа, а можеби и да ја возбудат.

Пресметката со Андреја Антонович започна веднаш. Меѓутоа, тој веќе од првиот поглед на својата прекрасна жена почувствува дека ќе биде така. Со изглед на искреност, со волшебна насмевка, таа брзо му се приближи на Степан Трофимович, му ја подаде прекрасната рака во нараквица, и го опсипа со најљубезни поздрави, како цел ден да се грижела само што побрзо да дојде, и му поласка на Степан Трофимович што најпосле го гледа во својата куќа. Таа не рече ни збор за утринскиот претрес кај стариот, како да не знае сосема ништо за тоа. На мажот ни зборче, ниеден поглед на негова страна, како и да го нема во собата. Не само тоа, туку таа веднаш некако надмоќно го присвои за себе Степан Трофимович и го однесе во собата за гости; токму како тој со Лемпке да немал никаков разговор, или како да не вреди да биде продолжен ако веќе го имало. Мене ми се чини дека Јулија Михајловна, иако секогаш знаеше да се држи, во овој случај многу се заборави. А во тоа посебно ѝ помогна Кармазинов (кој на лична молба отиде на

излетот и така, најпосле, иако како попатно, ја посети Варвара Петровна што неа, во нејзината мала суета, сосема ја разнежи). Уште од вратата (а влезе по сите други), штом го здогледа Степан Трофимович, тој извика и тргна да го прегрне, не обѕирајќи се дека Јулија Михајловна ја прекинува во разговорот.

— Од кога не сме се виделе! Најпосле!... одличен пријателе!

И зеде да се бакнува со него, се разбира, подметнувајќи го образот. Збунет, Степан Трофимович мораше тој образ да го бакне.

— Шер — ми раскажуваше тој вечерта, спомнувајќи си на ова пладне — во тој момент помислив: кој од нас двајцата е погаден? Или тој, што ме прегрна за уште и тука да ме понижи, или јас, кој го презирам и него и неговиот образ, а ваму колку што се може побрзо го бакнав, иако можев да се свртам... Фуј!

— Ајде раскажувајте, раскажувајте ми сè — мласкаше и шушттеше Кармазинов, како да може тукутака да се седне па да се раскаже целиот живот за дваесет години. Но таа глупа површност беше во тонот на големиот свет.

— Спомнете си — почна Степан Трофимович мирно и јасно, ние последен пат се видовме во Москва, на вечерата во чест на Грановски, а од тоа време поминаа дваесет и четири години... (значи, зборуваше не баш во „висок" тон).

— Колку мил човек — му го прекина зборот Кармазинов со глас што пишти и доверлив и сега веќе и премногу пријателски му го стегна рамото. — Јулија Михајловна, одведете нè во вашите соби, што побрзо, тој таму сè ќе ни раскаже.

— А, меѓутоа — ми се жалеше натаму Степан Трофимович истата вечер, треперејќи од лутина — јас од таа раздразлива слаботија никогаш не сум во некое големо пријателство. Тогаш бевме речиси момчиња, но јас уште тогаш го мразев, исто како и тој мене, се разбира...

Салонот на Јулија Михајловна набрзо се наполни. Варвара Петровна беше посебно возбудена, иако се трудеше да изгледа рамнодушно; јас дофатив два три

нејзини погледа, омразни спрема Кармазинов, а гневни спрема Степан Трофимович, гневни уште отпорано, гневни од љубомора, од љубов; Степан Трофимович ако овојпат беше немарен и ако допуштеше лесно Кармазинов пред сите да го смали, таа, ми се чини, ќе скокнеше да го тепа. Заборавив да речам дека тука беше и Лиза, и уште никогаш не сум ја видел порадосна, побезгрижна, повесела и посреќна отколку тогаш. Се разбира, беше и Маврикиј Николаевич. Потем, во толпата од млади госпоѓи и полураспуштени момчиња — обичната свита на Јулија Михајловна — меѓу кои распуштеноста важеше како веселост, а евтиниот цинизам како ум — забележав две три нови личности: некаков новодојден Полјак, лисица и вртимушка; некаков доктор Германец, здраво старче, кој секој час гласно и со задоволство се смееше на своите сопствени досетки, и некаков мошне млад кнез од Петроград, со автоматизирано држење, со вообразеност на државник и со страшно висока јака. Се гледаше дека Јулија Михајловна тој гостин многу го цени, дури и нешто повеќе, се плаши од неговата критика за нејзиниот салон.

— Драги господине Кармазинов — рече Степан Трофимович и живописно се намести на диванот, па наеднаш почна и тој да шушка, ни малку полошо од Кармазинов. — Драги господине Кармазинов, животот на еден човек од нашето минато, и од извесно убедување, мора и во растојание од дваесет и пет години да изгледа едноличен . . .

Германецот се насмеа скржаво; поправо се кикотеше, очигледно мислејќи дека Степан Трофимович рекол нешто многу смешно. Овој го погледна со особено чудење, не предизвикувајќи со тоа, впрочем, никаков впечаток на него. Го погледна и кнезот, свртувајќи се кон Германецот со целата своја јака, и стави очила, иако сето тоа без најмала љубопитност.

— . . . . мора да изгледа едноличен, повтори Степан Трофимович намерно, подвлекувајќи го секој збор колку што може подолго и посилно. — Таков е и мојот живот, низ цела четвртина век, и бидејќи секогаш

има калуѓери повеќе октолку што треба, и бидејќи јас со тоа наполно се сложувам, испадна така што јас целата таа четвртина век . . .

– Прекрасно, калуѓери! – прошепоти Јулија Михајловна и се сврти кон Варвара Петровна.

Варвара Петровна одговори со горд поглед. А Кармазинов не можеше да го поднесе успехот на францускaта фраза, па брзо и пискаво го прекина Степан Трофимович.

— Што се однесува до мене, јас сум во тој поглед смирен и живеам, еве, веќе седма година во Карлсруе. Кога минатата година општинската управа реши да постави нова водоводна цевка, јас во своето срце почувствував дека водоводното прашање на Карлсруе ми е помило и поскапоцено од сите прашања на мојата мила татковина . . . за целото време на таканаречените земски реформи.

— Принуден сум да сочувствувам во тоа макар и да не е од срце — воздивна Петар Степанович, и со многу значење ја спушти главата.

Јулија Михајловна триумфираше: разговорот стануваше и длабок и „со насока“.

— Цевка за одвод на нечистотијата? — запраша докторот ѕвонливо.

— Водоводна цевка, докторе, водоводна; и самиот помагав при изработката на проектот.

Докторот удри во голема смеа. По него и многу други, овојпат во очите на докторот, а тој тоа и не го забележа; беше многу задоволен дека се смеат и другите.

— Допуштете, Кармазинов, да не се сложам со вас — побрза Јулија Михајловна да се вмеша. — Карлсруе, нека си е со милиот бог, но вие сакате да мистифицирате, па затоа сега нема да ви поверуваме. Кој од Русите, писатели, истакнал толку современи типови, поставил толку најсовремени прашања, ги забележал посебно оние современи моменти што го прават типот на современиот работник? Вие, само вие, и никој друг. По ова, можете да уверувате колку што

сакате за својата рамнодушност спрема татковината и за страшното интересирање за водоводните цевки на Карлсруе! Ха-ха!

— Да, да јас вистина — почна да шушка Кармазинов — во типот на Погожев ги истакнав сите недостатоци на словенофилите; а во типот на Никодимов, сите задачи на нашите западноориентирани...

— Божем токму сите — прошепоти Љамшин тивко.

— Но јас тоа го правам патем, за некако да го убијам неподнесливото време и... некако да ги задоволам очекувањата на сонародниците.

— Степане Трофимович — продолжи по тоа Јулија Михајловна, одушевено, вие бездруго знаете дека утре ќе го имаме задоволството да ја чуеме извонредната работа, низа прекрасни редови... една од најновите, извонредно испирирани белетристички творби на Семјон Егорович — „Мерси"; во таа творба тој изјавува дека повеќе нема да пишува, нема за ништо на светот, па макар и самиот ангел од небото, подобро да се рече, целото високо општество да го моли да ја промени својата намера. Со еден збор, засекогаш го остава перото и ова грациозно „Мерси" упатено ѝ е на јавноста како благодарност за нејзиното постојано одушевување, со кое толку години ја следеше неговата непрекината служба на скапоцената руска мисла.

Јулија Михајловна беше на врвот на блаженството.

— Да, се проштавам; ќе го речам своето „Мерси", и ќе отидам таму... во Карлсруе да ги затворам очите — почна Кармазинов малку по малку да станува кисел.

Како и многу други од нашите големи писатели (а ние имаме мошне многу големи писатели), Кармазинов е слаб спрема пофалбите; па и покрај својата духовитост, почна да се расплинува. Но, јас мислам дека тоа се проштава. Велат, еден од нашите Шекспири еднаш во некој приватен разговор всушност толку се затрчал: вели, „нам, најголемите луѓе, навистина, не е ни возможно"... и така натаму, а самиот и не забележал што зборува.

— Таму, во Карлсруе, јас ќе ги затворам очите. Нам, на големите луѓе кога ќе ја извршиме својата задача ни останува само, не барајќи награда, што побрзо да ги затвориме очите. Така ќе направам и јас.

— Дајте ми ја адресата, јас ќе дојдам кај вас во Карлсруе, на вашиот гроб — се насмеа Германецот необично.

— Денес умрените ги пренесуваат со железница — одненадеж проговори едно од оние безначајни момчиња.

А Љамшин просто вресна од воскит. Јулија Михајловна се смрачи. Влезе Неколај Ставрогин.

— А мене ми рекоа дека ве однесле в полиција — рече тој гласно свртувајќи се право кон Степан Трофимович.

— Не; тоа беше само еден полициски случај — одговори тој — со каламбур.

— Се надевам дека тоа ни најмалку не ќе влијае на мојата молба — пак прифати Јулија Михајловна; се надевам дека вие, без оглед на каква и да е непријатност, за која јас ни сега ништо не знам, не ќе ги изневерите нашите најубави надежи: нема да ни го скратите задоволството да ве слушнеме на нашето литературно матине.

— Јас не знам ... сега ...

— Навистина, Варвара Петровна, немам среќа! ... Замислете, токму сега кога мислев дека што побрзо лично ќе запознаам еден од највидните и најнезависните руски умови, а тој, Степан Трофимович, изјавува намера да ме напушти.

— Пофалбата е речена толку гласно што јас, се разбира, треба всушност да не ја чујам — рече Степан Трофимович отсечувајќи ги зборовите; — не верувам дека мојата личност ќе биде неодложно потребна за вашата утрешна свеченост. Впрочем, јас ...

— Ама вие ќе го разгалите! — извика Петар Степанович кој одеднаш втрча во собата. — Само што го зедов во свои раце, под построга контрола, кога, ете, едно утро ... претрес, полицијата го фаќа за јаката; а сега, ете ти, госпоѓите го мазнат во салонот на упра-

вителот на градот! Тој сега, веројатно, од тешка разгаленост чувствува како секое ковче му игра; такво нешто и не сонувал! Зарем е чудно тогаш што ги озборува социјалистите!

— Не е така, Петре Степанович! Социјализмот е премногу голема мисла за да не може тоа Степан Трофимович да го увиди — го бранеше Јулија Михајловна енергично.

— Да, голема мисла; но оние што ја проповедаат не се секогаш големи! Да го прекинеме тоа, мил мој, заврши Степан Трофимович, зборувајќи му на синот и со едно прекрасно, естетско движење се поткрена од своето место.

Но, тука се случи нешто што најмалку можеше да се очекува. Од некое време Фон Лемпке исто така беше во салонот; но како никој да не го забележа иако го видоа сите кога влезе. Јулија Михајловна, сè уште при своите поранешни мисли и поранешно расположение спрема него, и натаму го игнонираше. Тој се смести блиску до вратата, па со намуртено и сериозно лице ги слушаше разговорите. Слушнувајќи ги навестувањата за настанот од изутрина, почна некако немирно да се свртува, го задржа погледот на кнезот, очигледно изненаден од неговата силно вкоченета јака чии краишта стрчеа под брадата; потем одеднаш како да се тргнал кога го чу гласот на Петар Степанович и виде дека тој втрчува, и тогаш, само што Степан Трофимович стаса да ја изговори својата сентенција за социјализмот, Лемпке нагло му пријде, стигнувајќи го патем Љамшин, на што овој отскокна со извештачено движење и вчудовиденост, почна да го трие рамото и да се преправа дека погоденото место силно го боли.

— Доста! — проговори Фон Лемпке и на преплашениот Степан Трофимович енергично му ја дофати раката и со сета сила му ја стегна. — Доста! Над Флибустерите на нашето време пресудата е извршена! Повеќе ни збор! Преземени се мерки . . .

Тој тоа го изговори гласно, се чу во сета соба, и заврши енергично. Впечатокот беше многу непријатен. Сите почувствуваа нешто кобно. Видов дека Јулија

Михајловна побледи. Ефектот се заврши со глупа случајност. Кога рече дека се преземени мерки, Фон Лемпке круто се свфти и брзо тргна од салата, но на вториот чекор се сопна на простирката, полета малку со носот и за малку што не падна. Тој за момент застана, погледна таму каде што се сопна, гласно рече: „да се промени“, па излезе. Јулија Михајловна брзо излезе по него. Кога излезе таа, се крена врева во која тешко можеше да се разбере нешто. Некои рекоа дека е „растроен“; други дека „подлегнал“; трети покажуваа со прст на челото; Љамшин, во аголот, кладе два прста над челото. Давани се знаци за домашната неслога — се разбира, сè со шепот. Но никој не си ја побара шапката за да си оди, туку сите чекаа. Не знам што успеала да направи Јулија Михајловна, но по пет минути се врати, и со сета сила се трудеше да изгледа мирно. Одоколу одговараше дека Андреј Антонович е нешто малку возбуден, но дека тоа не е којзнае што, дека тоа му останало од детството, дека таа тоа го знае „многу добро“, и дека утрешната свеченост секако ќе го разведри. Потем уште неколку љубезни зборови, колку од учтивост, упатени до Степан Трофимович а потем гласен повик до членовите на одборот веднаш да се отвори седницата. На тоа другите почнаа да се подготвуваат да си одат. Меѓутоа, жалосните настани на тој судбоносен ден уште не беа завршени . . .

Од моментот кога Николај Всеволодович влезе, јас забележав дека Лиза нагло го погледна, а потем често и долго не ги симнуваше очите од него, толку долго што, најпосле, тоа го предизвика вниманието. Видов дека Маврикиј Николаевич се навали кон неа, зад рамениците и, како што изгледаше, сакаше нешто да ѝ шепне, но очигледно ја промени намерата и брзо се исправи, обвирајќи се кон сите наоколу како виновник. И Николај Всеволодович пробудуваше љубопитност, лицето му беше побледо од обично, а погледот необично расеан. При влегувањето му упати прашање на Степан Трофимович, но како да го заборави веднаш, токму како што би рекол дека заборави да ѝ пријде на домаќинката. Лиза не ја погледна ниеднаш;

не затоа што не сакаше, туку затоа што, тоа го тврдам, ни неа не ја гледаше. Одеднаш, по кратко молчење, по повикот на Јулија Михајловна да не се губи време туку да се одржи последната седница — одеднаш одекна ѕвонливиот и намерно силен глас на Лиза. Му се обрати на Николај Всеволодович.

— Николај Всеволодович, некој капетан, кој се наречува ваш роднина, брат на вашата жена, со семејно презиме Лебјаткин, постојано ми пишува непристојни писма, се жали на вас, нуди да ми довери некои тајни за вас. Ако е тој навистина ваш роднина, забранете му да ме навредува и спасете ме од непријатноста.

Од тие зборови избиваше страшен предизвик — тоа сите го разбраа. Обвинението беше јавно, иако можеби за самата Лиза дојде неочекувано. Како кога човек ќе замижи па ќе скокне од покривот — така изгледаше.

Но одговорот на Николај Всеволодович создаде уште поголемо вчудовидување.

Прво, чудно беше самото тоа што ни малку не се изненади и што ја ислуша Лиза со најмирно внимание. Ни збунетост ни гнев не се покажаа на неговото лице. На нејзиното судбоносно прашање одговори одредено, дури некако со изглед на полна готовност.

— Да, јас ја имам несреќата да сум во роднинство со тој човек. Јас сум маж на неговата сестра, родена Лебјаткина, еве скоро цели пет години. Бидете уверени дека во најскоро време ќе ги изнесам вашите барања пред него и ве уверувам дека повеќе нема да ве вознемирува.

Никогаш нема да го заборавам страшниот израз на лицето на Варвара Петровна. Како избезумена таа малку се поткрена на столот и ја протегна десната рака пред себе како да се брани. Николај Всеволодович ја погледна неа, Лиза, присутните, па одеднаш се насмевна со бескрајна гордост и полека излезе од собата. Сите видоа како Лиза, штом Николај Всеволодович се сврти да излезе, скокна од канабето и направи јасно движење дека сака да потрча по него, но се прибра и не потрча, туку полека, не велејќи ни таа

никому ни збор, ниту погледнувајќи во некого, излезе и самата, се разбира, во придружба на Маврикиј Николаевич, кој скокна по неа...

За вревата и за разговорите таа вечер во градот нема да зборувам. Варвара Петровна се затвори во својата куќа во градот, а Николај Всеволодович отиде, велам, право во Скворешники, и не видувајќи се со мајката. Таа вечер Степан Трофимович ме испрати до својата „драга пријателка“ да ја замолам да го прими, но таму ме одбија. Степан Трофимович беше стаписан, плачеше: „Колку грозен брак! Колку грозен брак! Ужас во семејството!“ — повторуваше секој час. При сето тоа си спомни за Кармазинов и страшно го прекоруваше. За утрешното предавање, меѓутоа, енергично се подготвуваше — што да се прави — уметничка душа — се подготвуваше пред огледало, се сеќаваше за сите духовити изрази и каламбури во животот, запишани во една белешка, за да ги вметне во своето утрешно предавање.

— Пријателе, сето тоа е само за големата идеја — ми зборуваше тој, очигледно заради оправдување. — Шер ами, се раздвижив од своето дваесетипетгодишно седење и наеднаш тргнав — каде — не знам, но тргнав...

ПРВА ГЛАВА

СВЕЧЕНОСТ

I

И покрај сите недоумици и сомневања од вчерашниот „Шпигулински ден“, свеченоста беше одржана. Јас мислам дека таа ноќ дури и самиот Лемпке да умреше, свеченоста сепак ќе се одржеше — толку тоа Јулија Михајловна го доведе во врска со некое посебно значење. Но, таа и до последниот момент остана заслепена и не можеше да го разбере расположението на општеството. На крај, никој и не веруваше дека свечениот ден ќе помине без некој колосален настан, без „расплет“, како што се изразуваа по некои однапред триејќи ги рацете. Вистина, се трудат да си дадат намуртен и мудар изглед, но зборувајќи воопшто, секоја општествена скандалозна мешаница неизмерно ги весели Русите. Навистина, имаше нешто значително посериозно од голата желба за скандал: имаше општа раздразнетост, нешто бескрајно луто и наопачно, се чинеше дека веќе на секого многу му здодеало. Завладеа некој општ збунет цинизам на сила, од мака.

Не се збунуваа само госпоѓите, и тоа во една единствена точка: во беспоштедната омраза спрема Јулија Михајловна. Во тоа се сложуваа сите женски мислења, а таа кутрата, тоа ѝ не го насетуваше; до последниот час веруваше дека е „опкружена“ и дека сите подеднакво ѝ се „фанатично верни“.

Јас веќе малку навестив дека се појавиле кај нас некои мали и ништожни луѓе. Во матното време на

колебање или премин секогаш и сегде се појавуваат разни мали и ништожни луѓе. Јас не зборувам за таканаречените „првенци“, кои брзаат пред сите: (главната грижа е таа — пред сите), кон некоја цел, макар и глупава, но одредена. Јас зборувам токму за талогот. Во секое преодно време се јавува тој талог, луѓе не само без секаква цел, туку без секакво мисловно обележје; луѓе што со себе, и со својата сила, изразуваат само немир и нетрпение. Меѓутоа, тој талог, и не несвесно, скоро секогаш потпаѓа под команда на онаа малечка толпа „првенци“, што работи со одредена цел, и таа толпичка тогаш целиот тој отпадок го тера онака како што ѝ е волја, само, тоест и таа самата ако не се состои од одлични идиоти, што впрочем, исто така се случува. Кај нас се зборува, сега кога помина сѐ, дека со Петар Степанович управувала Интернационалата, а Петар Степанович со Јулија Михајловна, а таа пак, по негова команда, собираше севозможни никакивеци. Нашите најсериозни умови сега се чудат самите со себе како тогаш толку брзо пропаднаа? Во што се состоеше тоа наше матно време и зошто кај нас дојде преодното време, и во што беше тоа — јас не знам, а мислам дека не знае никој, освен оние неколкумина дојденци. Меѓутоа, тогаш најлошото ѓубре од тие мали луѓе над нас имаше предност и тие почнаа да го критикуваат сето она што е свето иако пред тоа не смееја да ја отворат устата; а луѓето први меѓу првите кои дотогаш среќно го држеа првенството, одеднаш почнаа да ги слушаат нив, а самите да молчат; а некои други најсрамно да се кикотат. Некакви си љамшининовци, тељатниковци и спахиите Тентетникови; домашните дечишта Радишчеви; Евреите со невесело, но гордо насмевнување; патници засмевачи, па некакви поети од престолнината со некаква „насока“; и поети кои во замена за насока и дарбина одеа во подѓовки (вид на горна облека) и намачкани чизми; мајори и полковници што ја исмеваат бесмисленоста на својот позив и готови се за некоја рубља повеќе веднаш да ја симнат сабјата, па да се вовлечат за писари на железничката пруга; па генерали пребегнати меѓу адвокатите; некои трговци

што се просветуваат и преобразуваат; неброени семинаристи, жени претставителки на женското прашање — сето тоа нагло зеде замав, и тоа над кого? Над клубот, над угледните чиновници, над генералите со дрвена нога, над нашето најсериозно и најнепристапно женско општество. Штом веќе и Варвара Петровна пред самата катастрофа на својот син, за малку што на целиот тој талог не му послужи како средство, тогаш на некои други наши Минерви тогашната збунетост може донекаде и да им се прости.

Денес, како што реков, сѐ се бележи за сметка на Интернационалата. Таа идеја толку се зацврсти што на странците што ќе допатуваа кај нас нештата им беа толкувани во таа смисла. Тука неодамна, советникот Кубриков, човек на околу шеесет и две години, со Станислав на вратот, без секаков повод, со глас на длабока убеденост, изјави дека „цели три месеци, без сомневање, бев под влијанието на Интернационалата.“ А кога, со целата почит спрема неговите години и заслуги, го повикаа поцелосно „да се изјасни“, тој не можеше да рече друго туку дека така „со сите свои сетила чувствував“ и остана цврсто при својата поранешна изјава, та така повеќе и не го испитуваа.

Да повторам уште еднаш. И кај нас се одржа една групичка луѓе, претпазливи, осамени уште од самиот почеток, некако затворени како под клуч. Но кој е тој клуч што ќе им се спротивстави на природните закони? И во најпретпазливите семејства, кога ќе пораснат девојките, тие ја имаат силната желба да поиграат. Така и сите тие луѓе, на крајот од краиштата, се пријавија за балот. Се замислуваше дека балот ќе биде многу сјаен, ненадминат; се раскажуваа чуда; кружеа гласови за доаѓање на кнезови со лорнети, за десетините редари, млади кавалери со ленти на левото рамо, за некакви петроградски сили; за тоа како Кармазинов се согласил, поради поголемиот приход на касата, да го прочита своето „Мерси“ во облека на гувернанта од нашата губернија, како ќе се изигра „литературен кадрил“, исто така во костими, и дека секој костим ќе претставува по некој литературен правец и мислење. Најпосле, дека во

костим ќе се изигра и накаква „достоинствена руска мисла“ — што веќе навистина беше вистинска новост. Па како да не се пријават луѓето? Сите се пријавија.

II

Според програмата, свечениот ден е поделен на литературно матине од пладне до четири, и на бал, од околу десет вечерта па до зората. Но, веќе во самата таа поделба се криеја зародишите на нередот. Прво, од самиот почеток кај публиката се утврди веста за некаква ужина што ќе се приреди веднаш по литературното предавање, или за тоа време, во одморот нарочно предвиден за тоа, за ужина, се разбира, безплатна, што влегува во програмата, и со шампањско. Мошне високата цена на влезниците (три рубли) помогна таа вест да се зацврсти. „Зарем јас туку така ќе се запишев? Свеченоста ќе трае ден и ноќ, па тогаш треба и да нè нахранат. Ќе изгладнат луѓето“, така се резонираше кај нас. Морам да признаам дека овој несреќен глас го зацврсти токму самата Јулија Михајловна со својата лекомисленост. Еден месец пред тоа, уште под првите волшебности на големата замисла, таа на првиот што ќе го сретнеше му зборуваше за своите свечености, а дека тука ќе има и некои здравици, му јави дури и на еден од престолничките весници. Што е главно, нејзе токму тие здравици ја залажаа: сакаше лично таа да ги одржи и со надеж во тоа, ги составуваше и ги пишуваше. Здравиците треба да го протолкуваат нашето главно обележје (какво? — се обложувам дека, кутрата, и не напишала), па како извештаи да влезат во престолничките весници, високата власт да ја трогнат и да ја заслепат, а потем да полетаат во сите губернии, па да предизвикаат восхитување и поддржување. Но при здравицата шампањското е неизбежна работа, а бидејќи шампањското не може да се пие насуво, тогаш, се разбира, само по себе, исто така и трпезата е неизбежна. Потем, бидејќи со нејзини напори беше составен и приредувачкиот одбор, и кога таа и сите по-

сериозни се прифатија за работата, нејзе веднаш ѝ беше јасно: ако се сонува тука за некои гозби, за гувернантите многу малку ќе остане колку и да е обилен приходот. На тој начин, прашањето имаше два излеза: или балтазарска гозба со здравици, а на гувернантите деветстотини рубли — или поголем приход, а свеченостите да се одржат речиси само формално. Впрочем, одборот само сакаше на губернаторката да ѝ влее страв и, се разбира, смисли трето решение, попомирливо и поумно, тоест свеченоста во секој поглед да биде примерна, но без шампањско; така ќе се собере убава сумичка, поголема од деветстотини рубли. Но Јулија Михајловна не се согласи со тоа; по својот карактер, таа ја презираше малограѓанската средина. И веднаш го стави својот предлог; ако е првата замисла неизводлива, тогаш треба брзо и наполно да се оди во другата крајност, тоест да се постигне колосален приход, па сите губернии да завидат.

„Публиката треба да сфати", го заврши таа својот план на седницата, „дека е неспоредливо повозвишено да се постигне општочовечка цел, отколку да се создаваат моментни телесни задоволства; дека оваа свеченост во својата суштина е само прокламирање на големата идеја, па затоа таа публика мора да биде задоволна со најскромен германски бал, единствено поради алегорија, штом тој здодевен бал веќе не ќе може никако да се избегне!" Толку одеднаш го намрази балот! Најпосле одборот ја смири. На пример, измислија и предложија „литературен кадрил" и други естетски точки, за со нив да ги заменат лесните задоволства. И Кармазинов најпосле на таа седница се согласи (дотогаш само ги заморуваше, неразбирливо мрмореше и се колебаше) да го прочита своето „Мерси" и со тоа од мозоците на нашата невоздржана публика да ја исчисти и самата мисла за јадење. На тој начин, значи, балот сепак останува триумф, иако од подруг вид. А за да не се избегне сосема од земното, одборот реши во почетокот на балот да се послужи чај (со лимон и тркалезни колачиња), потем да се понудат оранжада и лимонада, а на крајот сла-

долед, и ништо повеќе. А за оние што секогаш чувствуваат глад и, што е главно, жед, може да се направи посебно бифе, негде на крајот од сите соби, и со тоа нека се ангажира Прохорич (првиот готвач во клубот) впрочем, под најстрога контрола на одборот. Ќе се служи сѐ, но по вонредни цени, и тоа нарочно ќе се објави со натпис истакнат над вратата од собата: бифето е надвор од програмата. Другиот ден пак смислија бифето никако да не се отвора, за да не му пречи на читањето иако тоа бифе би било пет соби подалеку од белата сала во која Кармазинов имаше да го чита своето „Мерси". Интересно е дека на тој настан, тоест на тоа читање, му се даваше премногу колосално значење; и тоа го правеа токму најпрактичните луѓе од одборот, а што се однесува до поетичните луѓе — предводничката, на пример, изјави дека веднаш по тоа читање ќе нареди во нејзината сала да се вгради мермерна плоча со златен натпис дека тој ден, таа и таа година, овде, на ова место, големиот руски и европски писател, оставајќи го перото, го прочита своето „Мерси" и на тој начин се прости со руската читачка публика во лицето на претставниците на нашиот град; а тој натпис сите уште за време на балот ќе можат да го читаат, значи, сѐ на сѐ пет часа по читањето на авторовото „Мерси". Сигурно знам дека токму Кармазинов барал на матинето, додека тој чита, да нема бифе, во никаква форма, иако некои одборници му рекоа дека тоа кај нас не е обичај.

Така стоеја и така се развиваа работите, додека светот во градот и натаму веруваше во Балтазарова гозба, тоест дека одборот ќе приреди бифе; и во тоа се веруваше до последниот момент. Дури и госпоѓиците будно сонуваа за многу колачиња и за слатко, и уште за многу нешта досега незнаени и невидени. Сите знаеја дека приходите се навистина мошне обилни, дека целиот град време и грми, дека доаѓаат гости од околијата, и дека недостасуваат влезници. Исто така се знаеше дека влезници се продаваат и преку определената цена и дека има многу доброволни прилози. На пример, Варвара Петровна својата влезница

ја плати триста рубли и за украс на салата го отстапи целото цвеќе од својата оранжерија. Предводничката (член на одборот) ја даде куќата и осветлението; клубот — музиката и послугата и уште Прохорич го отстапи за цел ден. Имаше уште прилози и помош (иако не сите олку крупни), така што се доаѓаше на мислата првобитната цена на влезниците да се смали од три рубли на две. Одборот навистина отпрвин се плашеше дека госпоѓиците, ако биде цената три рубли, нема да дојдат и предлагаше влезниците да се наредат некако повеќе семејно; така што секое семејство да плати само за една своја „госпоѓица", а сите други госпоѓици од тоа семејство, нека ги има дури и десет, да влезат бесплатно. Но се покажа дека секое страхување беше излишно; напротив, госпоѓиците се пријавуваа за балот. И најсиромашните чиновници ќе ги донесат своите девојки; а повеќе од јасно е дека тие ако немаа девојки, ни на ум не ќе им паднеше да се запишат за балот. Некаков ништожен секретар ги донесе сите седум ќерки, не сметајќи ја тука, се разбира, жената и уште и внуката; а секоја од нив држеше во раката влезница од по три рубли. Значи, може да се замисли каква револуција беше тоа во градот! Треба уште да се има на ум и тоа дека свеченоста беше поделена во два дела што значи дека беа потребни по две облеки за секоја дама — попладневна, за предавањата, и вечерна-балска, за играње. Мнозина од средните општествени редови, како што се виде потоа, заложиле сè кај нашите Евреи, дури и семејните долни облеки, дури и простирките, само што не ги заложиле уште и душеците. А тие Евреи, има две години, страшно се намножија и се закотвија во нашиот град, и со времето, ги има сè повеќе. Скоро сите чиновници однапред зедоа плата; по некои поседници продаваа и од потребниот добиток само за да можат своите девојки да ги донесат на балот како маркизи и од никого да не бидат полоши.

Сјајот и убавината на фустаните овојпат беше нешто досега нечуено во нашиот град. На две недели пред свеченоста градот беше преполн со анегдоти; нив

нашите подбивачи веднаш ги пренесуваа во куќата на Јулија Михајловна. Дојде до карикирање на поодделни семејства. Неколку такви цртежи видов во албумот на Јулија Михајловна. Сето тоа им беше премногу добро познато и на оние од кои анегдотите потекнуваа и оттаму, ми се чини, и нарасна во поодделни семејства омразата спрема Јулија Михајловна. Сите негодуваа против неа; само да се спомнеше, чкртаа со забите. Веќе отпорано беше јасно: ако одборот само во нешто не му угоди на светот, а само со нешто му наштети на балот, ќе дојде до нечуена експлозија на лутина. Ете зошто очекуваа луѓето и скандал; а штом веќе толку го очекуваа — како и да не дојде до него?

Точно на пладне загрми оркестарот. Бидејќи бев редар, тоест еден од дванаестината „момчиња со ленти", со своите очи видов како почнал овој ден, полн со срамни спомени; а почна со невидена мешаница на влезот. Како можеше да се случи уште на првиот чекор сè на сè збрка, почнувајќи од полицијата? Јас не ја обвинувам публиката, татковците на семејствата не само што не се туркаа, ниту му пречеа на некого, ниту правеа прашање за својот чин и достоинство, — туку, велат, уште од улицата биле збунети кога ја виделе навалицата ретка за нашиот град, кога виделе како толпата го опседнува влезот и се турка за да влезе и не влегува просто и убаво. На тоа стасуваа и екипажите и, најодзади, улицата се затна. Денес, кога го пишувам ова, имам сигурни податоци да тврдам дека Љамшин и Липутин, а можеби и уште по некој од редарите, просто без влезници пуштија внатре неколку луѓе од дното на најодвратниот талог во нашето граѓанство. Се појавија сосема непознати личности, што допатувале некаде од околијата и уште однекаде. Овие дивјаци, штом влегоа во салата, веднаш на ист начин (токму како да ги поучил некој на тоа) почнаа да се распрашуваат за бифето, а кога слушнаа дека го нема, кудеа и пцуеја без секаква „политика", со дрскост кај нас до денес нечуена. Понекој од нив беше дошол и пијан. Неколкумина како дивјаци беа вџашени од сјајот на салата на нашата

предводничка, како никогаш ништо слично да не виделе; кога влегоа, тие вчас се смирија и зјапнаа со отворени усти. А големата бела сала, иако веќе стара, навистина беше прекрасна: грамадна, на два ката, со таван старински насликан и украсен со злато, со огледала помеѓу прозорците, драпери и во бело и црвено, со мермерни статуи (какви и да се, сепак се статуи), со старински тежок мебел од времето на Наполеон, со позлати и со рабови од црвено кадифе. На крајот од салата беше издигната висока естрада за писателите што тука ќе се покажат и ќе читаат; а во целата сала беа наместени столови, како во театарски партер. Помеѓу нив имаше широки празнини за минување на публиката.

По првите моменти на восхитеност, се слушнаа мошне глупи прашања и изјави. „Ние, можеби, и не ги сакаме тие предавања, ние добро плативме... публиката е дрско измамена... Ние сме домаќини, а не Лемпкеви!... Со еден збор, како да ги пуштиле внатре само поради тоа. Посебно си спомнувам за еден судир во кој се истакна кнезот, вчерашниот случаен гостин кај Јулија Михајловна, со тврдата јака, сличен на дрвена кукла. Тој, на нејзиното постојано замолување, се согласи на левото рамо да ја прикачи белата лента и да стане наш другар, редар. Се покажа дека оваа нема восочна кукла со федери умее, ако не да зборува, барем на свој начин да работи. Некој колосален, разбушавен капетан во оставка, потпирајќи се на цела толпа севозможен отпадок што се туркаше со него, застана до кнезот и го праша каде се оди за бифето. Кнезот му намигна на полицаецот. Наредбата беше веднаш извршена: пијаниот капетан, и покрај неговото викање, го истуркаа од салата. Меѓутоа, најпосле почна да доаѓа и „вистинската" публика и да се провлекува во три долги низи низ трите долги ходници помеѓу редовите од столови. Елементите на нередот постепено се стивнуваа, но публиката, дури и онаа „најчистата", изгледаше незадоволна и зачудена.

Најпосле се сместија и седнаа; замолчи и музиката. Шмркаа и се вртеа. Чекаа со претерано свечен изглед — што веќе само по себе беше лош знак. Но

Лемпкеви уште ги нема. Свилата, кадифето, брилијантите на сите страни светкаа и гореа; воздухот полн со мириси. Мажите ги закачиле сите свои ордени, а старците облекле мундири. Најпосле се појави предводничката, заедно со Лиза. Лиза уште никогаш не изгледала олку засенувачки прекрасна, ниту некогаш имала олку богат и сјаен фустан. Косата во кадрици, очите светат, на лицето свети насмевка. Таа очигледно направи впечаток; ја набљудуваа, шепотеа за неа. Зборуваа дека таа со очите го бара Ставрогин, но го немаше ни него ни Варвара Петровна. Јас тогаш не го разбрав изразот на нејзиното лице: Од каде на него толку среќа, радост, енергија, сила? Си спомнив за вчерашниот настан и се загрижив. Но „Лемпкеви" сè уште не доаѓаат. Тоа е веќе грешка. Потоа дознав дека Јулија Михајловна до последниот момент го очекувала Петар Степанович, без кого во последно време никаде не можеше да оди, иако тоа себеси никогаш не си го признаваше. Забележувам во заграда, Петар Степанович, спроти свеченоста, на последната седница на одборот, се откажа од редарската лента а тоа нејзе ѝ беше многу жал, дури до солзи. Потоа, уште повеќе се зачуди и необично се збуни дека него воопшто го снема; целото утро не се појави, ни на литературното читање го немаше; така, до самата вечер никој ни го виде, ни го чу. Публиката почна да покажува нескриено нетрпение. Ни на естрадата никој не се појавуваше. Во последните редови ракоплескаа како во театар. Старците и госпоѓиците се мрштеа: „Очигледно, овие Лемпкевци се прават премногу важни." Дури, и меѓу подобриот дел на публиката почна безмисленото шепотење дека, судејќи по сè, свеченоста нема ни да се одржи; дека Лемпке, бездруго, не е здрав; итн. Но, слава му на бога, „Лемпкеви" најпосле дојдоа, — тој ја водеше неа под рака. Да си ја кажам вистината, и јас многу се плашев од моментот кога ќе се појават тие. Но, значи, ете, приказните паѓаат, вистината го зема своето право. Публиката сосем здивна. Лемпке изгледаше наполно здрав, што, за тоа си спомнувам, и сите други го заклучија; и затоа може да се замисли колку по-

гледи се свртија кон него. Заради карактеристика бележам: во нашето повисоко општество малкумина беа тие што сметаа дека Лемпке некако не е здрав човек; зашто, мислеа тие, неговите работи течат сосема нормално; и дури неговиот вчерашен случај, таму на терасата, го примија со одобрување. „Требаше од почеток така да се работи“, зборуваа чиновниците. „Туку ми доаѓаат ваму некакви божемни филантропи, а сите завршуваат само со строгост и не гледаат дека токму поради таа филантропија е потребно онака да се постапува.“ Така се резонираше во клубот. Го осудуваа Лемпке само за тоа дека на тој прв чекор прилично се загреал: „Тоа требаше да се изведе поспокојно; но, нов човек“, зборуваа познавачите.

Исто така љубопитно се свртија сите очи и кон Јулија Михајловна. Секако, никој нема право од мене, раскажувачот, да бара премногу точни подробности за една работа: тоа е тајна, тука е во прашање жена. Знам само едно: сношти таа влезе во кабинетот на Андреј Антонович и остана кај него долго по полноќ. На Андреј Антонович му беше простено и тој беше смирен. Сопрузите се сложија во сè, сè е заборавено и, кога на крајот на спогодбата Фон Лемпке сепак падна на колена, со ужас спомнувајќи си за најважната завршна епизода од поминатата ноќ, убавата рака на жената, а потем и нејзините усни го спречија пламениот поток од покајнички зборови на човекот рицарски деликатен, но со умилноста на жената разнежен до попуштливост.

На нејзиното лице сега сите читаа среќа: таа минуваше ведра, во сјаен фустан. Изгледаше како на врвот од сите желби. Свеченоста, цел и круна на нејзината политика — се оствари. Обајцата, одејќи на своето место пред самата естрада, се поклонуваа и одговараа на поздравите. Веднаш беа „опкружени“. Предводничката им појде во пресрет... Но тогаш се случи едно одамнешно недоразбирање: оркестарот, ни ова ни она, туку наеднаш загрми туш... И тоа не некој марш, туку просто туш, како кај нас во клубот, на маса, кога на официјален ручек се пие за некого здравица. Денес знам дека за тоа се погри-

жил Љамшин, во својство на редар, божем во чест на доаѓањето на Лемпкеви. Се разбира, Љамшин секогаш можеше да се оправда дека тоа го направил од глупост, или од претерана ревност. Но, јас тогаш уште не знаев дека тие повеќе не се грижеле за извинување и објаснување, туку со тој ден сакале сè да свршат. Но не се заврши со тушот. Заедно со непријатната недоверба и насмевките кај публиката, одеднаш, на крајот од салата, откај хорот, екна ура, исто така божем во чест на Лемпкеви. Не со многу гласови, но да ја кажам вистината, траеше некое време. Јулија Михајловна поцрвени, очите ѝ светнаа. Лемпке застана кај своето место, се сврти спрема викачите и величествено и строго погледна во салата... Колку што можеше побрзо го седнаа на местото. Јас пак со страв го забележав на неговото лице оној бојазлив насмев со кој вчера претпладне стоеше во приемната соба на својата жена и гледаше во Степан Трофимович, пред да му пријде. Ми се стори дека и сега на лицето има некаков злокобен и, што е најлошо, нешто комичен израз — израз на суштество што себеси се принесува како жртва, само за да им угоди на високите цели на својата жена...

Јулија Михајловна набрзо со знак ме повика, па со шепот ми рече да отрчам кај Кармазинов и да го замолам да почне. Но само што се свртив, се направи друга гадост уште полоша од првата. На естрадата, на празната естрада, на која до овој момент беа вперени сите погледи и заковани сите очекувања и на која се гледаше само големата маса и крај неа два стола, на масата чаша вода на сребрен послужавник — на таа празна естрада одеднаш се појави колосалната фигура на капетанот Лебјаткин, во фрак и со бела врска. Јас толку се вчудовидов, не им верував на своите очи. Капетанот, изгледа, како да се збуни и застана во вдлабнатината на естрадата. Одеднаш во салата се чу извик: „Лебјаткин! Ти?" Глупото и зацрвенето лице на капетанот (беше сосема пијан) на тој извик се расплина во широка, тапа насмевка. Тој ја поткрена раката, го протри со неа челото, ја занниша разбушавената глава, па како решен на сè, заче-

кори двапати напред и — нагло пргна во смеа, не гласна, туку брановидна, долга, среќна, од што се заниша целото негово дебело тело, а очите малку му се собраа. Скоро половината публика почна да се смее на оваа претстава; дваесетина луѓе дури и ракоплескаа. Сериозната публика смрачено се загледуваше, но сето тоа не траеше подолго од половина минута. Одеднаш на естрадата истрча Липутин со својата редарска лента, во придружба на двајца слуги; тие внимателно го зедоа капетанот под рака, а Липутин нешто му прошепоти. Капетанот се намршти и промрмори: „Е па добро, кога е така", одмавна со раката, го сврти кон публиката грамадниот грб и го снема со придружниците. Но миг потоа Липутин пак скокна на естрадата. На усните имаше една од неговите најслатки насмевки што некако потсетуваат на киселина со шеќер, а во раката лист хартија за пишување. Со ситни но брзи чекори тој пријде до предниот раб на естрадата.

— Господа — ѝ рече на публиката — од невнимание се случи комично недоразбирање, што е сега отстрането; но јас ја примив на себе пораката на еден од нашите локални стихотворци, порака со надеж, и негова молба, длабока, полна со почитување молба... Длабоко проникнат со хумани и возвишени цели... без оглед на изгледот... со онаа иста цел што и нас сите нè соедини... да се избришат солзите на сиромашните образовани девојки од нашата губернија... Тој господин, тоест, сакам да речам, тој овдешен поет... со желба да остане инкогнито... многу би сакал да види неговата песна да се рецитира пред почетокот на балот... тоест, сакав да кажам, пред предавањето. Иако оваа песна не влегува во програмата... зашто само пред половина час е пријавена... Но нам — (кои „нам"? јас овој збунет и испрекинат говор го бележам од збор до збор) — нам ни се стори дека спрема видната наивност на чувството, споена со исто така видната веселост, дека тие стихови може да се прочитаат, тоест не како нешто сериозно, туку како нешто пригодно за свеченоста... пригодно за

идејата... Дотолку повеќе што тоа се сè на сè неколку реда... и сакам љубезната публика да ја молам да допушти...

— Читајте! — вресна глас на крајот од салата...

— Значи, да читам?

— Читајте, читајте! — одекнаа многу гласови.

— Ќе читам, со одобрување на публиката — пак се насмевна Липутин со истата зашеќерена насмевка.

Меѓутоа, сепак изгледаше како да не може да се реши; а мене ми се стори дека уште е и возбуден. И покрај целата своја дрскост, ваквите луѓе сепак се спрепнуваат. Впрочем, денешниот семинарист не би се спрепнал, но Липутин уште им припаѓаше на луѓето од старото општество.

— Однапред забележувам, тоест чест ми е однапред да забележам, дека ова не е некаква ода, какви што се пишувале некогаш за свечени моменти; туку е ова, така да се рече, шеговница, но со несомнена чувствителност поврзана со разбушавена веселост и, така да се рече, со најреална вистина.

— Читај, читај!

Липутин го отвори листот. Се разбира, никој не ќе можеше ни да го задржи. На сето згора, тој се појави со редарска лента... Со звучен глас, значи, тој издекламира:

— На татковинската гувернанта од овдешново место, од пригодниот поет на оваа свеченост:

Здраво, здраво, гувернанто!
Воспитувач од занает!
Весели се и ликувај!
Дали ти си од стар ков
или напредна ко Санд,
сеедно е, сега ликувај!

— Па тоа е Лебјаткин! Богами, Лебјаткин и никој друг! — се одзваа неколку гласови. Се разнесе смеа а и ракоплескања, иако не толку многубројни.

Ги учиш туѓите деташта
девојчиња и момчиња
по француски од буквар,
а сакаш и да намигнеш
готова си да те земе
дури и некој клисар.

— Ура! Ура! Да живее!

Но во овој век
со реформи и огнови
не те зеде ни клисар
потребни ти се госпоѓице
некои мали парички
или ќе се држиш за букварот.

— Сосема, сосема така! Ете тоа е реализам: без парички ни чекор!

Но кога денес играјќи,
ние збираме капитал,
и готвиме, пеејќи,
за тебе мираз и дарови,
те праќаме по врагот
за да не го видиш овој праг.

Седно е дал си од стар ков
или напредна како Санд
седно е, сега, чуј:
Со мираз си гувернанта,
плукни на сѐ, па ликувај!

Признавам, на своите уши не им верував. Ова е толку очигледна дрскост што на Липутин не може да му се прости дури ни за сметка на глупоста. А Липутин и не е глуп. Намерата е јасна, барем за мене: брзаат да предизвикаат неред. Неколку стихови од оваа идиотска песна, на пример, последните, се такви што нема глупост со која ќе може да се оправдаат. Липутин, како што се чинеше, и самиот чувствуваше дека далеку забраздил кога се нафатил да го изведе ова херојско дело; поради својата смелост, тој некако испадна од седлото и остана не симнувајќи се

од естрадата, како да има уште нешто да додава. Сигурно мислел дека ова ќе излезе поинаку, но, ете, дури и толпата безобразници што за време на неговиот испад ракоплескаа, сега, токму како и тие да испаднале од седлата, одеднаш се замолчија. Најглупото е дека мнозина од нив патетично го сфатија овој испад; значи, не како сатира, туку како реална вистина за гувернантите, го сфатија тоа како некоја песна со извесна насока. Претераната слобода на оваа песна сепак ги стаписа и нив. Што се однесува до преостанатата публика — целата сала беше не само скандализирана, туку и очигледно навредена. Не се лажам кога велам дека впечатокот беше таков. Јулија Михајловна подоцна раскажуваше дека само уште еден момент бил потребен па да падне во несвест. Еден од најчеститите старци ја дофати својата баба и обајцата излегоа од салата следени со вознемирени погледи од целата публика. Којзнае, можеби овој пример ќе примамеше уште неколку да си одат ако токму во тој момент на естрадата не се појавеше самиот Кармазинов, во фрак со бела врска и со книшка во раката. Јулија Михајловна фрли на него восхитен поглед, како на спасител... Јас веќе бев зад кулисите: ми беше потребно бездруго да го видам Липутин.

— Вие намерно го направивте тоа — реков, фаќајќи го налутено за раката.

— Богами, и не помислив! — се свитка тој веднаш; и почна да лаже и да се преправа дека е несреќен поради тоа. — Песничката ми ја донесоа пред малку и јас помислив дека, како интересна шега...

— Вие тоа не сте го помислиле. Да не мислите дека тоа несмасно дрдорење без дух е интересна шега?

— Да, мислам.

— Вие просто лажете; и воопшто тоа сега не ви го донесле. Вие лично сте ја составиле таа работа заедно со Лебјаткин, можеби уште вчера, и сè заради скандал. Последниот стих несомнено е ваш; а и она за клисарот. Зошто беше Лебјаткин во фрак? Значи, вие сте го подготвувале и да чита, само што тој се опил, па не му дозволивте.

Липутин ме погледна студено и зајадливо.

— А што ви е вам тоа грижа? — запраша тој одеднаш чудно мирно.

— Како што? Па и вие ја носите оваа лента... Петар Степанович каде е?

— Не знам, овде негде; а зошто?

— А зошто? Па затоа што јас сега ве разбрав сосема. Тоа е просто заговор против Јулија Михајловна, за да направите скандал...

Липутин пак ме погледна откосо:

— Ама што ви е вам тоа грижа? — се искриви тој, ги собра рамениците и се тргна.

Како да ме потури со вода. Сите мои сомневања се оправдуваат. А јас мислев дека се лажам! Што да правам? Помислив да се посоветувам со Степан Трофимович, но тој стои пред огледалото, ги набљудува разните насмевки и постојано гледа во хартијата со своите забелешки. Тој треба да излезе веднаш по Кармазинов, па веќе не е во состојба да разговара со мене. Да претрчам до Јулија Михајловна, но уште е рано за тоа: нејзе ѝ е потребна уште малку посилна поука да се извлече од убедувањето дека е „опкружена" и дека целиот свет ѝ е „фанатички верен". Таа нема ни да ми поверува и ќе ме смета за човек кој страда од привидувања. А и како ќе може таа сега и овде да помогне? „Ех", помислив, „па мене се-то тоа и не ми е грижа! Кога ќе започне, ќе ја симнам лентата и ќе си одам дома." Токму така помислив: „Кога ќе започне" — тоа го помнам.

Но вреди да се ислуша Кармазинов. Се свртив последен пат на кулисите и забележав дека тука се мотаат доста луѓе на кои не им е тука местото; има и жени. Се влегува и се излегува. „Зад кулисите" — тоа е доста тесен простор, добро одвоен од публиката со завеса, а одзади низ ходниците е направена врска со другите соби. Овде нашите предавачи го чекаат својот ред. Но во овој момент мене посебно ме зачуди лекторот што доаѓаше на ред по Степан Трофимович. И тој е некој вид професор (јас ни денес не знам точно кој е и што е тој) кој по некој студентски настан доброволно ја напуштил школата и од некоја

причина допатувал во нашиот град; но само пред неколку дена. И него ѝ го препорачаа на Јулија Михајловна, а таа го прими љубезно. Сега знам дека кај неа бил само една вечер пред предавањето и дека целата таа вечер молчел, насмевнувајќи се двосмислено на шегите и на тонот на друштвото околу домаќинката и дека со своето надмено и во исто време до страшливост снеможено држење на секого му оставил непријатен впечаток. Самата Јулија Михајловна го врбувала за предавач. Сега одеше ваму таму и, како и Степан Трофимович, шепотеше за себе, но гледаше во земјата а не во огледало. Насмевката не ја дотеруваше, иако често и грубо се смееше. Јасно беше дека ни со него не може да се зборува. Мал по раст, навидум околу четириесет години, ќелав, со голо теме, со побелена брадичка, беше убаво облечен; но најинтересно е дека при секое свртување во одот ја поткреваше десната тупаница, замавнуваше со неа над главата и веднаш ја спушташе долу како да го претвора некој свој противник во прав и пепел. Тоа го повторуваше секој момент. Мене ми беше мачно. Брзо отрчав да го слушам Кармазинов.

III

Во салата пак лебдеше нешто непријатно. Да речам веднаш: јас ѝ се поклонувам на големината на генијот, но зошто господата наши гении, на крајот од своите славни денови, се однесуваат понекогаш сосема како мали деца? И кога е некој Кармазинов и излегува со важност како да го следат петмина коморници — како може со еден писмен состав еден цел час да го држи вниманието на публиката каква што е нашата? Воопшто, сум забележал дека ни генијот во јавното, лесно литературно предавање не може публиката да ја занимава со себеси повеќе од дваесет минути. Вистина, појавата на големиот гениј нашата публика ја дочека со најголемо почитување: дури и најскромните старци покажаа допаѓање и љубопитност, а дамите дури и некое одушевување. Аплаузите, при сето тоа, беа кратки и некако не многу

пријателски, збунети. Во последните редови дури немаше ни еден испад, сè до моментот додека господин Карамазинов не проговори; но ни тогаш не се случи ништо посебно лошо, освен што се почувствува нешто како недоумица. Веќе и порано забележав дека неговиот глас беше премногу пискав, дури нешто „женски“, а на тоа згора се одликуваше и со вистински отмено, благородничко шушкање. Само што изусти неколку збора, кога одеднаш некој таму си зеде слобода гласно да се насмее — веројатно неискусен глупак, што уште не видел ништо од големиот свет, а уште и страда од вродена смешливост. Но, тука немаше никаква демонстрација; напротив, на будалата со шиштење му даваа знак да молчи и тој пропадна. И, ете, сега господинот Кармазинов накитено и нијансирано изјавуваше дека тој „отпрвин за ништо на светот не сакал да чита“; (таа изјава беше токму многу потребна)! „зашто, вели, има редови што толку потекнуваат од срцето што одвај може да се искаже тоа, и дека таквото светилиште всушност и не може да се изнесува пред јавноста“; (па зошто тогаш го изнесува?) „Но кога е веќе замолен, тој, ете, го изнесува и, освен тоа, бидејќи тој наедно сега и перото го остава засекогаш и бидејќи се заколнал по никоја цена никогаш ништо повеќе да не чита пред публика, тоа значи, само исклучително ќе ја прочита јавно оваа своја последна работа“ итн. сè слично на тоа.

Но тоа уште не беше ништо страшно; (кој не знае за авторските предговори!). Го забележувам сето ова за да потсетам дека и покрај слабото образование на нашата публика, и покрај раздразливоста во нејзините последни редови, веќе и овие зборови на авторот можеа посебно да влијаат. Значи, зарем не ќе беше подобро да прочиташе некоја мала новела, некој мал расказ, какви што некогаш пишуваше, тоест доста шарени и гиздави, но сепак и остроумни. Со тоа сè ќе беше спасено. Но не беше така! Почна со мудроста! Господи, што сè немаше тука. Слободно можам да речам: и престолничката публика ќе се стаписаше, а камоли нашата! Замислете, два печатени табака мошне изнасилено редење на зборови и сосема излишно

брборење и, уште да додадам, господинот читаше некако како од височина да ја симнува главата, како од милост, така што испадна и навредливо за нашата публика. Темата ... но кој ќе ја разбере тука неговата тема! Тоа беше извештај за некакви впечатоци, за некакви сеќавања. Но од каде? За што? — Колку и да се набираа нашите губерниски чела, ни првата половина од читањето не можевме да ја свариме, па така втората ја слушавме само од учтивост. Навистина, тука беше многу зборувано за љубовта, за љубовта на генијалниот спрема некоја личност, но право да речам, тоа испадна некако незгодно. На малечката, дебеличка фигуричка на генијалниот писател, некако, барем во моите очи не ѝ личеше да раскажува за својот прв бакнеж. И, што исто така беше непријатно, тие бакнежи некако не беа како кај преостанатите смртници. Сегде наоколу неминовно расте некаква жолтавица, сигурно жолтавица, или некаква друга трева, за која треба да се бараат информации во ботаниката. Згора на тоа, небото има некаков гримизен отсјај кој, се разбира, никој од смртните никогаш не го забележал, односно го видел секој, но секој не умеел да забележи, „а јас, вели, го забележав и ви го опишувам тоа сега вам, глупаци, како нешто најобично." Дрвото под кое седи интересната двојка неминовно мора да има портокалова боја. Седат тие така, таму негде во Германија, кога одеднаш, ја гледаат Помпеја или Касија, спроти борбата, и ним обајцата им лазат морници од восхит. Некаква русалка пишти во грмушките. Глук, во некои трски, свири на виолина. Работата што ја свири се вика „Јасно и целосно", но никому не му е позната, па поради тоа треба да се погледне во музичкиот речник. Меѓутоа, маглата се смешува, така се смешува што побрзо личи на милион перници отколку на магла. И веднаш сè исчезна и големиот поет тргна во зимскиот ден, но при пролетна југовина, преку Волга. Две и пол страници преминување преку реката; сепак најпосле пропадна во процепот на мразот. Генијот тоне — си мислите, потона! Никако! Сето тоа беше само затоа што кога веќе сосема потона и почна да се дави, пред него засветка

мало, малечко парче мраз колку зрнце, но чисто и прозирно „како замрзната солза“, а во тоа парченце мраз се огледала Германија или, подобро да се рече, германското небо, а треперењето во боите на виножито го потсетило на онаа солза која „си спомнуваш ли, се истркала од твоите очи тогаш кога седевме под смарагдовото дрво, а ти радосно извика — нема грев! Да, реков јас низ солзи, но ако е така, тогаш нема ни праведници. Ние се расплакавме и се разделивме засекогаш.“ Таа отиде некаде на морскиот брег, а тој во некаква пештера; и сега тој се спушта, се спушта, три години се спушта под Сухаревата кула во Москва, и одеднаш, во самите пазуви на земјата, во пештерата, наоѓа пламенче, а пред пламенчето испосник. Испосникот му се моли на бога. Генијот се залепува до малиот прозорец со решетка и одеднаш слуша воздишка. Мислите дека така воздивнал испосникот? Многу му е грижа на генијот за вашиот испосник! Не, туку просто и едноставно, воздишката го потсетила на нејзината прва воздишка од пред триесет години, „кога, си спомнуваш ли, во Германија, седевме под дрвата од ахат, а ти ми рече: зошто да се љуби? Погледни, наоколу се цветовите окер жолти, и јас љубам, но ќе го снема окер жолтото, и јас ќе престанам да љубам. Тука пак се измеша маглата, се појави Хорман, русалката отсвири нешто од Шопен и одеднаш, од маглата, над римските покриви, се појави Анк-Марциј со ловоров венец. Трпки на одушевеност ни поминаа низ грбот и ние се разделивме засекогаш“, итн. итн.

Со еден збор, можеби јас ова не го пренесувам, ниту умеам да го пренесам како што треба, но смислата на брборењето беше токму ваква. И, најодзади, каква е таа претпазлива страст кај нашите големи умови по каламбурите и игрите на зборови во повисоката смисла литерарни! Големиот европски филозоф, големиот научник, пронаоѓачот, работникот, маченикот — сите тие трудбеници и луѓе под бреме, сите тие за нашиот руски голем гениј се нешто слично на готвачот во неговата кујна. Тој е господин, а тие му се јавуваат со капата в рака и очекуваат заповеди. Нави-

стина, тој и на Русија гордо ѝ се подбива и ништо не му е помило од тоа пред големите умови во Европа да го објави банкротството на Русија во секој поглед, но што се однесува до него лично — тој, тој се издигнал и над тие големи европски умови! Сите тие се само граѓа за неговите каламбури. Тој ја зема туѓата идеја, заплеткува во неа антитеза и каламбурот е готов. Има грев, нема грев; вистина нема, праведници нема; атеизам, дарвинизам, московски камбани; Рим, лаври... Но тој и не верува во лаврите!... Тука сега доаѓа прописниот настап на бајроновската смраченост или гримаса како кај Хајне, нешто како кај Печорин, — и машината поаѓа, веќе поаѓа, свири и... ..туку, впрочем, пофалете ме, јас тоа многу го сакам! Јас само онака реков дека го оставам перото; почекајте, ќе ви додевам јас уште триста пати, ќе се изморите читајќи!"

Се разбира, не заврши сосема мазно; но злото е дека така почна. Веќе одамна се слушаше стружење со нозе, шмркање, кашлање и сѐ она што станува во литературните читања кога писателот, сеедно кој е, ја задржува публиката повеќе од 25 минути. Но генијалниот писател ништо не забележуваше. Тој го продолжуваше своето шушкање и дрдорење, тој и натаму знаеше да не знае за публиката, па така сите почна да ги обзема некоја неверица. Одненадеж, од последните редови, се чу еден осамен, но ѕвонлив глас:

— Господи, ама глупост е ова!

Тоа му излета несакајќи и, уверен сум, без желба да се демонстрира. Просто, човекот се беше изморил. Но господинот Кармазинов малку застана, погледна по публиката подбивно, па веднаш, со отмено држење на навреден благородник, зашушка:

— Изгледа, господа, прилично ви здодеав?

Токму во тоа и беше грешката што прозбори за тоа; штом така се предизвикува за да се добие одговор, со самото тоа, на секој никаквец му се дава можност да одговори, и речиси со право. А да се воздржеше говорникот, тие ќе шмркаа, ќе шмркаа, па некако со тоа и ќе поминеше... Можеби авторот, во

одговор на своето прашање, се надевал на аплауз, но аплаузот не екна; обратно, целата публика како да се уплаши, се згрчи и замолчи.

— Вие никогаш не сте го виделе Анк-Марциј, сето тоа е стил — одеднаш одекна еден глас, раздразнет и некако болно чувствителен.

— Точно — веднаш прифати друг глас — денеска не се знае за привиденија, туку за природните науки. Запознајте се со природните науки.

— Господа, на такви оцени најмалку се надевав! — многу се зачуди Кармазинов. Големиот гениј во Карлсруе сосема се одвикнал од татковината.

— Во наше време срамота е да се поучува вака. Како да стои светот на три риби — одеднаш загргори гласот на некоја девојка — вие, Кармазинов, не сте можеле да се спуштате во пештерата на аскетите. А и кој зборува денес за аскетите?

— Господа, мене најмногу ме чуди дека сето тоа е земено толку сериозно. Впрочем... впрочем... имате полно право. Реалната вистина никој не ја цени повеќе од мене.

Иако иронично се насмевнуваше, сепак беше стаписан. Меѓутоа, лицето му зборуваше: „Не сум јас таков каков што мислите вие; јас сум на ваша страна; само пофалете ме, колку што може повеќе, јас тоа многу го сакам!..."

— Господа — извика тој најпосле, веќе сосема навреден, јас гледам дека мојата кутра мала поема не погоди каде што требаше. А и јас самиот, ми се чини не погодив како што треба.

— Стрелал во чавка а погодил крава — викна силно некаков лудак, веројатно пијан, на кој, се разбира, не треба да му се посветува внимание. Вистина, се разнесе безобѕирна смеа.

— Крава рековте — веднаш прифати Кармазинов. Гласот му станувашe сè попискав. — Си допуштам, господа, да се воздржам од говор за чавките и за кравите. Јас премногу ја ценам секоја публика за да си допуштам себеси макар и најнаивни споредби; но јас мислев дека...

— Сепак, почитуван господине, не би требало да се... толку многу... — извика некој од последните редови.

— ...јас мислев дека, при разделбата со перото од читателите, ќе бидам ислушан...

— Да, да, ние сакаме да ве чуеме, сакаме! — одекнаа најпосле неколку одмерени гласови од првите редови.

—Читајте, читајте! — прифатија неколку одушевени женски гласови; и одвај еднаш одекна аплауз, но попатно и ретко. Кармазинов се насмевна со едната страна на усните и стана од местото.

— Верувајте, Кармазинов — одеднаш од длабината на салата се зачу свеж, млад глас. Тоа беше гласот на еден мошне млад наставник од едно училиште во околијата, прекрасно момче, мирно и благородно, кое од неодамна е наш гостин. Тој стана од своето место. — Господине Карамазинов, ако јас ја имам среќата да засакам така како што вие нам ни ја опишавте љубовта, јас својата љубов навистина не би ја внесувал во труд наменет за јавно читање...

Момчето цело поцрвени.

— Господа! — извика Кармазинов —јас завршив. Го изоставам крајот на поемата и се засолнувам. Но допуштете ми да ги прочитам само уште шесте завршни редови:

„Да, пријателу, читателу, збогум!" почна тој веднаш да чита од ракописот, и повеќе не седна во фотелјата. „Збогум, читателу, јас многу и не се грижам нашата разделба да биде пријателска навистина, зошто да те вознемирувам? И купи ме и карај ме колку што сакаш ако ти прави тоа какво и да е задоволство. Но најдобро ќе биде еден друг да се заборавиме засекогаш. И токму сите вие, читателите, одеднаш застанете толку добро и на колено и со солзи да ме молите; пишувај, о пишувај, Кармазинов, поради нас — поради татковината, поради поколенијата, поради лаврите, јас и тогаш ќе ви одговорам, се разбира, со голема благодарност, скромно: повеќе не, доста заем-

но се трудевме и се мачевме, мои драги сонародници, мерси! Време е да тргнеме секој по својот пат! Мерси, мерси, мерси!“

Кармазинов церемонијално се поклони, и, целиот црвен, како обарен, отиде зад кулисите.

— Само никој нема да ти падне на колена! Ама чудна фантазија!

— Какво самољубие!

— Тоа е само хумор — го поправи некој малку поразложен.

— Спасувајте нѐ од вашиот хумор.

— Бездруго, господа, ова беше дрскост.

— Барем заврши!

— Ех, ама се намачивме!

Но сите овие невоспитани извици од последните редови (впрочем, не само од последните) ги заглуши ракоплескањето на другиот дел од публиката. Кармазинов го предизвикуваа. Неколку госпоѓи, на чело со Јулија Михајловна и предводничката се собраа на естрадата. Во рацете на Јулија Михајловна се најде скапоцен лавров венец на перниче од бело кадифе, а на друго перниче венец од свежи ружи.

— Лаври — изусти Кармазинов со танка и малку зајадлива насмевка; — јас сум трогнат, се разбира, и со живо чувство го примам овој венец, порано направен, но уште несвенат; но ве уверувам, дами, јас одеднаш станав толкав реалист што сметам дека во наше време лаврите многу повеќе чинат во рацете на вештиот готвач отколку во моите.

— Па готвачот е корисен — извика семинаристот од „конференцијата“ кај Виргински.

Редот донекаде се растури. Од многу столови станаа гостите за да го видат чинот со лавровиот венец.

— Јас ќе додадам уште три сребреници за готвачот — прифати друг глас ѕвонливо, и дури премногу ѕвонливо, тврдоглаво ѕвонливо.

— И јас.

— И јас.

— Ама, дали има овде бифе?

— Господа, ова едноставно е измама.

Впрочем, треба да се признае дека овие распуштени господа гости сè уште многу се плашеа од чиновниците, па и од надзорникот кој беше во салата. За десетина минути сите пак некако се наместија, но дотогашниот ред веќе не можеше да се врати. И така, токму во тој започнат хаос дојде ред на кутриот Степан Трофимович.

IV

Меѓутоа, јас уште еднаш се стрчав до него зад кулисите и успеав, онака надвор од себе, да го опоменам дека, како што ми се чини, сите струни испопукале и дека ќе биде подобро за него да не се појавува, туку веднаш да си оди дома; и нека се оправда макар и со возбуденост; и дека јас на драго срце би ја симнал лентата и би пошол со него. Но токму во тој момент тој тргна на естрадата; застана, гордо ме одмери од главата до петиците, и свечено рече:

— Зошто, господине, мислите дека јас сум во состојба да направам таква нискост?

Се засолнив. Бев уверен, како два и два четири, дека тој без катастрофа нема да се врати. Меѓутоа, бидејќи тука стоев сосема снеможен, пред мене пак помина фигурата на оној дојденец професор, чиј што ред беше по Степан Трофимович и кој пред малку постојано ја креваше пругоре тупаницата и со голем замав ја спушташе. Тој сè уште одеше горе долу, задлабочен во себе, и си мрмореше нешто под носот, со змиски лукава насмевка но победнички горд. Јас некако и не сакајќи (нешто ме поттикна,) му пријдов и нему.

— Знаете — реков — судејќи по многу нешта, ако предавачот ја држи публиката подолго од дваесет минути, таа веќе и не го слуша. Не знам каква големина да е во прашање, половина час не може да издржи.

Тој одеднаш застана и некако заквичи од навреденост. На лицето му се покажа бескрајна гордост.

— Бидете спокоен — промрмори тој со презир и помина крај мене.

Тој момент во салата одекна гласот на Степан Трофимович.

„Ех, да ве снема!“ — помислив и истрчав во салата.

Уште нередот не беше стивнал, а Степан Трофимович седна во фотелјата. Од предните редови го дочекаа очигледно зловолни погледи. (Во последно време во клубот некако повеќе не го сакаа и многу помалку го почитуваа одошто порано.) Впрочем, веќе и тоа беше лошо што публиката не ја стивнуваа. Јас уште од вчера имав една чудна идеја: сè ми се чинеше дека ќе го исвиркаат штом ќе се појави. Меѓутоа, веднаш не го забележаа — поради оној нешто заостанат неред. Но, на што можеше да се надева овој човек кога и спрема Кармазинов се однесоа онака? Беше блед: десет години немаше излезено пред публика. Според возбуденоста и според сè што знаев за него, ми беше јасно дека самиот тој на своето денешно излегување на естрадата гледа како на решение на својата судбина, или така нешто. Ете, поради тоа се плашев! Ми беше мил тој човек! И што чувствував кога ја отвори устата и кога ја чув неговата прва реченица!

— Господа! — рече тој веднаш, како готов на сè, а во исто време скоро со изгубен глас: — Господа! Уште изутрина пред мене стоеше еден од оние растурени и на казна подложни ливчиња и јас стотина пати се прашував: „Каде е неговата тајна?“

Одеднаш целата сала замолчи; сите погледи, некои преплашени, се свртија кон него. Не треба да забележувам дека од првиот збор умееше да го привлече вниманието. Дури и од зад кулисите се покажаа некои глави; Липутин и Љамшин жедно наслушнуваа. Јулија Михајловна ми мавна со раката:

— Задржете го, по секоја цена задржете го! — прошепоти таа со страв.

Јас само ги собрав рамениците; зарем може да се задржи човек р е ш е н? Но, го разбирав.

— Аха, за прогласите! — се чу шепот во публиката; се раздвижи целата сала.

— Господа! Јас таа тајна ја открив. Целата тајна на нивниот ефект лежи во нивната глупост! (Нему

му светкаа очите.) Да, господа, дека таа глупост е намерно смислена, направена со сметка, поради измама, о, тоа уште ќе беше генијално! Но, спрема нив треба да се биде наполно справедлив! Тие не направиле ништо, не смислиле никаква измама! Туку е тоа сосема гола, сосема простодушна, сосема плитка, најчиста глупост — тоа е глупост во својата најбитна суштина, нешто како еден прост хемиски елемент. Да е за ронка поумно речено тоа што се сакало да се рече, секој веднаш ќе ја видеше целата ништожност на таа проста глупост. А вака сите застануваат во недоумица! „Не може тука да е само тоа", вели секој; и ја бара тајната, гледа тајна, сака да ја прочита помеѓу редовите — со тоа ефектот е постигнат. Толку славна награда глупоста никогаш не добила, иако и инаку мошне често ја заслужувала. Зашто, патем речено, глупоста, како и најголемиот гениј, подеднакво се корисни во судбината на човештвото.

— Каламбури од четириесеттите години! — се зачу нечиј, впрочем мошне тивок глас; но веднаш како сè по него да се урива; настана врева и викотница.

— Господа, ура! Предлагам да се пие за здравјето на глупоста! — извика Степан Трофимович, веќе во целосна заборавеност, како да ја предизвика салата.

Притрчав под изговор да му турам вода во чашата.

— Оставете, Степане Трофимович! Јулија Михајловна моли...

— Не, туку вие оставете ме мене, излишен момчаку! — ми отсече со силен глас. Јас избегав.

— Господа — продолжи тој — зошто возбудување, зошто таа врева и незадоволство? Јас доаѓам со маслиново гранче. Ја поднесувам последната реч, зашто во оваа работа јас го имам последниот збор — ние ќе се измириме.

— Долу! — викаа едни.

— Мир! Пуштете го да зборува — викаше другата половина. Особено се беше возбудил младиот наставник, кој, штом еднаш се осмели да зборува, сега повеќе како да не можеше да се воздржи.

— Господа, последниот збор во оваа работа — тоа е општото проштавање... Јас, преживеан старец, изјавувам свечено дека здивот на животот вее како и порано и дека живата сила во поколението не е исушена. И ентузијазмот на денешната младина е чист и светол како и во наше време. Направено е само едно: изменети се насоките, една убавина е заменета со друга! Целото недоразбирање е само во ова, што е поубаво: Шекспир или чизмата, Рафаел или петролејот!

— Тоа е клевета!

— Прашања што компромитираат!

— Провокатор!

— А јас изјавувам — вресна Степан Трофимович во крајниот степен на хаосот — јас изјавувам дека Шекспир и Рафаел стојат над ослободувањето на селаните, над народностите, над хемијата, скоро над целото човештво, зашто тие се веќе плод, вистински плод на целото човештво и можеби, највисок плод, што може да биде! Обликот на убавината со тоа е дофатен и без тоа, јас, можеби, не ќе се согласам ни да живеам... О, господи! — тој плесна со дланките — пред десет години, во Петроград, истово го извикав од естрадата, сосема истово, со исти зборови и исто како овие сега ни тие тогаш ништо не разбраа, се смееја и шушкаа како и сега овде. Тесногради луѓе, што ви недостасува, па да ме разберете? Дали знаете вие, дали знаете дека човештвото може да живее и без Англичаните, може и без Германија, особено може без Русите, и без науката може, без леб може, единствено, единствено без убавина не може, ни момент, зашто инаку се нема каде на овој свет! Целата тајна е тука, целата историја е тука! Ни самата наука не може ни момент да опстане без убавината — дали го знаете тоа вие, подбивачи! — сè ќе се претвори во измеќарство! Ни чеп не ќе можете повеќе да измислите!... Не допуштам! — бесмислено викна тој на крајот и со сета сила удри со тупаница по масата.

Додека тој квичеше без смисла и без врска, настана неред и во салата. Мнозина скокнаа од местата, некои тргнаа поблиску до естрадата. Воопшто, сето

ова се случи побрзо отколку што опишав, и отколку што би можело да се устои да се воведе ред. Впрочем, можеби тоа и не се бараше.

— Добро ви е вам лежилебовци, галеници! — се издра семинаристот, покрај самата естрада, и со задоволство му ги покажа забите на Степан Трофимович. Овој тоа го забележа и пријде до самиот раб на естрадата.

— Зарем јас, овој час, зарем не изјавив дека во младата генерација ентузијазмот е чист и светол како што бил и порано и дека таа генерација пропаѓа само затоа што се лаже во облиците на убавината! Малку ви е? А кога ќе се земе предвид дека тоа го прогласува еден навреден и убиен татко, зарем може, о, вие тесногради луѓе повеќе да се издигнете во непристрасноста и во мирното гледиште? ... Неблагодарни ... несправедливи ... зошто, зошто не сакате да се смирите? ...

И одеднаш се расплака хистерично. Пролеаните солзи ги бришеше со прстите. Од плачот му се тресеа рамената и градите. Сѐ на светот заборави ...

Публиката ја обзеде вистински страв, скоро сите станаа. И Јулија Михајловна брзо скокна, го зеде мажот за рамена и го крена од фотелјата. Се направи невиден скандал.

— Степане Трофимович! — се издра семинаристот радосно. — Овде по градов и по околината се мота сега Фетка робијашот, бегалец до робија. Краде и пљачкосува; недамна тука изврши и ново убиство. Допуштете да ве запрашам да не сте го дале вие пред петнаесет години во војска заради отплата на долгот од карти, тоест, едноставно, да не сте го проиграле на карти, кажете, дали тој ќе се најдеше на робија? Дали ќе убиваше, како сега, во борбата за живот? Што ќе речете на тоа, господине естетичар?

Се откажувам од описот на сцената што настана сега. Прво загрми бурен аплауз. Не ракоплескаа сите, туку една петина, да речеме, но ракоплескаа силно. Преостанатата публика нагрна кон вратата, но бидејќи публиката што ракоплескаше постојано се туркаше напред спрема естрадата се создаде општ ме-

теж. Госпоѓите извикуваа, неколку девојки плачеа и молеа да си одат дома. Лемпке стоеше на своето место, се обѕираше често и чудно. Јулија Михајловна се изгуби сосема — првпат откако е на свој терен. Што се однесува до Степан Трофимович, како што се чини, тој во првиот момент беше навистина пригушен од говорот на семинаристот; но потем ги крена двете раце, како да ги шири над публиката, и извика:

— Ја тресам правта од нозете мои и проколнувам... Тоа е крај... крај...

И се сврти, па мавтајќи и заканувајќи се со рацете, истрча зад кулисите.

— Тој го навреди општеството... Дајте го Верховенски! — се развикаа. Дури сакаа да отрчаат по него да го бркаат и ќе беше тешко да ги спречиш во тоа, барем во овој момент, кога одеднаш, целосна катастрофа, како бомба, загрми над собирот и се распрсна среде него: третиот предавач, оној манијакот што зад кулисите постојано мавташе со тупаницата, одеднаш дотрча на сцѐната.

Изгледаше решително како лудак. Со широка победничка насмевка и полн со бескрајна самоувереност, ја гледаше разбранетата сала и, како што се чини, му се радуваше на метежот. Ни малку не го бунеше дека ќе мора да зборува во ваков метеж; напротив, очигледно беше дека тоа го радува. И тоа толку очигледно што веднаш го сврти вниманието кон себе.

— Зарем уште нешто? — се слушнаа прашања; — уште некој? Пст! Што сака овој да каже?

— Господа! — со сета сила извика манијакот, стоеше на самиот раб од естрадата, а гласот му беше скоро онака пискли́в женски како на Кармазинов, само без благородничкото шу̀шкање.

— Господа! пред дваесет години, спроти војната со половина Европа, Русија беше идеал за сите титуларни и тајни советници. Литературата беше во служба на цензурата, на Универзитетите се предаваа маршови, војската се бѐше претворила во балет, а народот плаќаше данок и молчеше под гнетот на крепосното право. Патриотизмот се претвори во разголеност; мито се земаше од живите и од умрените. Оние

што не земаа мито беа сметани за бунтовници, зашто ја нарушуваа хармонијата. За потребите на режимот беа истребувани брезовите шуми. Европа трепереше... Но Русија низ целиот свој илјадагодишен глуп живот, уште никогаш не стасала до ваков срам...

Тој ја крена тупаницата, занесено и со закана мавтајќи со неа над главата, па одеднаш ја спушти бесно како да сака да го спепели противникот. Помина викотница се разнесе од сите страни, загрми заглушен аплауз. Ракоплескаше скоро целата сала; се поведоа и најневините; Русија е обесчестувана сенародно и јавно — зарем ќе може некој тука да вика од воодушевеност?

— Е, ова беше добро! Тоа вреди! Ура! Тоа, се разбира не е естетика!

Манијакот продолжи со одушевеност:

— Од тоа време изминаа дваесет години. Универзитетите се отворени и зголемени. „Десно-лево" се претвори во легенда; илјадници офицери недостасуваа до потребниот број. Железниците ги проголтаа сите капитали и Русија ја испреплетија како пајажина, па по петнаесет години можеби ќе може негде и да се отпатува. Мостовите горат само ретко, а градовите се издигнуваат правилно, по утврдениот ред, во сезоната на пожарите. Во судовите се изречуваат Соломонови пресуди, а поротните судии земаат мито само во борбата за живот, кога веќе умираат од глад. Селаните — робови се ослободени и сега се тепаат меѓусебно, место некогашните поседници што ги удираа со колци. Во интерес на буџетот се испиваат цели мориња и океани вотка а во Новгород, спроти старовремската, и расходувана црква Света Софија, свечено е издигната колосална бронзена топка, за спомен на илјадагодишното неработење, глупоста и мракот, кои сега се веќе минато. А Европа се мршти и пак се тркала... Петнаесет години реформи! Меѓутоа, Русија уште никогаш, дури во најгротескните епохи на својот глуп опстанок и простотија, не доаѓала до...

Последните зборови, поради вревата во толпата, не се чуја. Се виде како тој пак ја крева раката и уште еднаш победнички ја спушти. Одушевеноста ја

мина границата: викаа, се дереа, чукаа со дланките. Дури и некои госпоѓи викаа: „Доста! Ништо подобро нема да речеш!“ Беа како пијани. Говорникот шеташе по нив со очите и како да се топеше во својата слава. Јас површно забележав дека Лемпке неискажано возбуден, нешто некому му заповеда. Јулија Михајловна, целата бледа, забрзано му рече нешто на кнезот кој притрча кај неа . . . Но во тој момент цела толпа луѓе, околу шестмина, повеќе или помалку официјални лица, дотрчаа зад кулисите на естрадата, го зграпчија говорникот и го одведоа назад. Не разбирам како им се откачи, но им се откачи, повторно се спушти кон самиот раб и стаса уште да викне колку што може посилно, пак мавтајќи со тупаницата:

— Но уште никогаш Русија не дошла...

Пак го зграпчија и го повлекоа. Видов како отприлика петнаесетмина отрчаа да го ослободат, но не преку естрадата, туку отстрана, урнувајќи ја слабата ограда, која најпосле им падна... Потем видов, и на своите очи не им верував, како одеднаш однекаде на естрадата излезе студентката (роднина на Виргински) со истата своја хартија под мишка, во истиот фустан, исто онака црвена, исто онака здебелена, со две-три жени околу себе, двајца-тројца луѓе, и во придружба на својот смртен непријател гимназистот. Успеав да ја чујам и фразата:

— „Господа јас дојдов да ве известам за страдањата на несреќните студенти, за сегде каде што ги има да ги раздвижиме на заеднички протест...“

На тоа избегав. Лентата ја скрив во џебот и по споредните ходници, што веќе ги познавав, излегов од куќата на улица, па, се разбира, пред сè, тргнав право кај Степан Трофимович.

ГЛАВА ВТОРА

КРАЈ НА СВЕЧЕНОСТА

I

Тој ме прими. Се беше затворил и пишуваше. На моето повторно чукање и повикот, ми одговори низ затворената врата:

— Пријателу, јас сè завршив, кој може од мене повеќе да бара?

— Вие ништо не сте завршиле, туку само помогнавте сè да се урне. Ако знаете за бога, Степане Трофимович, само без каламбури! Отворајте! Треба да се преземат мерки, може уште и да дојдат и да ве навредат...

Мислам дека со право можев да бидам посебно строг, па и заповеднички. Се плашев тој да не преземе нешто уште поглупо. Но, колку се зачудив кога наидов на необична цврстина кај него:

— Тогаш барем не навредувајте ме првин вие самиот! Ви благодарам за сè, за сè што ми направивте досега, но повторувам: јас со луѓето сè завршив, со добрите и со лошите. Ѝ пишувам писмо на Дарја Павловна која досега толку неопростиво ја заборавав. Однесете го утре, ако сакате, а сега мерси.

— Степане Трофимович, верувајте, работата е посериозна отколку што мислите. Вие мислите дека некого таму сте спепелиле, како празно стакло! (О, бев груб и неучтив; го споменувам тоа со огорчување.) На Дарја Павловна едноставно немате зошто да ѝ пишувате... а што ќе правите сега без мене? Што

ќе смислите во практичниот живот? Вие сигурно имате намера да сторите уште нешто? А само уште еднаш себеси ќе се упропастите, ако преземете уште нешто!...

Тој стана и пријде кон вратата.

— Вие само малку време оппштевте со нив, па сте се заразиле веќе и со нивниот јазик и со нивниот тон. Господ нека ви прости, пријателу, и господ нека ве чува. Но јас отсекогаш сум забележувал кај вас некои зародоци на добрината, а вие, можеби, уште и ќе се премислите — по време, се разбира, како и сите ние, Русите. Што се однесува до вашата забелешка за мојата непрактичност, ќе ви кажам една своја одамнешна мисла: кај нас во Русија грамаден број луѓе само тоа и го прават: најбесно и особено нападно летаат како муви и ја напаѓаат туѓата непрактичност и со неа обвинуваат сè и секого, единствено не себеси. Шер, сетете се дека јас сум возбуден и немојте да ме мачите. Уште еднаш мерси за сè и да се разделиме еден од друг како Кармазинов со јавноста, значи, да се заборавиме еден со друг колку што можеме повеликодушно. Тој тоа го изведе со вешта измама; премногу молеше некогашните негови читатели да го заборават; што се однесува до мене, не сум толку самољубив и најмногу се надевам во младоста на вашето невино срце; зошто вие би си спомнувале долго време на некорисниот старец? Значи, пријателу: „Да живееме што повеќе!“ како што ми рече мене мојата Настасја на мојот лански роденден; (тие кутри луѓе понекогаш имаат прекрасни изрази, и полни со филозофија). Не ви пожелувам многу среќа — ќе ви здодее; не ви пожелувам ни неволи, туку просто, по народната филозофија, ви повторувам: „да живееме што повеќе“ и погрижете се некако да не се жалите многу; оваа совесна желба ви ја давам од себе. А сега збогум, сериозно збогум! И не стојте тука пред мојата врата, нема да ви ја отворам!

Тој навистина се оддалечи и јас повеќе ништо не можев да слушнам. И покрај своето прилично возбудување, тој зборуваше течно, без да брза и со очигледна грижа да импонира. Секако, малку се лутеше на мене

и оддалеку ми одмаздуваше, можеби и поради вчерашните „пранги“, и „душемето што се отвора“. Но неговите солзи пред светот го ставија, тој тоа го знаеше, (иако тука имаше некој вид победа) го ставија во положба донекаде и комична; а ваму нема човек кој би се грижел толку колку него за убавината и чистотата, за уметничката чистота на формата во односите спрема пријателите. А, јас него не го осудувам! Тоа ситничарство и таа негова саркастичност, и покрај сите потреси, тогаш влијаеја на мене смирувачки: човекот што толку малку се изменил спрема секојдневјето не е расположен во тој момент за нешто трагично или необично. Тогаш така мислев и, што да се прави, колку тешко се измамив! Многу нешта испуштив од вид...

Излегувам пред настаните и наведувам овде неколку од првите редови од неговото писмо до Дарја Павловна, што таа утредента навистина го прими:

„Дете мое, раката ми трепери, но јас сè завршив. При моето последно борење со луѓето вие не бевте; не дојдовте на ова „предавање“ и добро направивте. Но, ќе ви раскажуваат дека во нашата Русија, што е осиромашена во карактери, станал еден смел човек и на оние селаничишта им ја кажал вистината за самите нив: кои се и што се. тие — им реков дека се селаничишта. О, тоа се бедни и никакви селаничишта, и ништо повеќе, сосема никакви, тоа е вистинскиот збор! Коцката е фрлена; јас засекогаш си одам од овој град и не знам каде. Ме напуштија сите што ги сакав. Но вие, вие, суштество чисто и наивно, вие, покорна душа, чија судбина, со волјата на едно необично и самоволно срце, за малку што не беше врзана со мојата, вие што, можеби, со презир сте гледале на солзите што ги пролеав поради нашето неостварено венчавање; вие, што не можете, која и да сте, да гледате на мене поинаку освен како на комична појава — ох, вам, вам ви го упатувам последниот излив на своето срце, вам својот последен долг, единствено вам! Зашто не можам засекогаш да ве оставам со мислата во вас дека сум неблагодарен глупак, неучтив човек егоист, како што, веројатно, секој-

дневно ве уверува едно неблагородно и сурово срце, кое, леле, јас не можам да го заборавам...“

И така натаму и така натаму, цели четири страници голем формат.

Во одговор на неговото „нема да ви отворам“, јас трипати удрив со тупаница на неговата врата и му довикнав дека тој денес уште трипати ќе ја испрати Настасја по мене, но дека јас нема да дојдам; и така го оставив, па претрчав кај Јулија Михајловна.

II

Тука бев сведок на една грда сцена: кутрата жена пред очи ја лажеа, а јас не можев ништо да сторам. Навистина, што можев да ѝ речам? Веќе успеав донекаде да се приберам и да сфатам дека и кај мене постоеше само некое чувство, само некое сомнително насетување и ништо повеќе. Ја затеков во солзи, скоро во нервен настап, крај колонска вода и чаша обична вода. Пред неа, пред Јулија Михајловна, стоеше Петар Степанович и непрестајно ѝ зборуваше, и кнезот што молчеше, како да е под клуч. Таа со солзи и со лелеци го прекоруваше Петар Степанович поради измама. Ме зачуди дека таа целиот неуспех, целата срамота на тој ден, со еден збор, сѐ и сешто му припишува единствено на отсуството на Петар Степанович.

Значајна промена забележав и на него: како да го загрижило нешто премногу, скоро го направило сериозен. Тој обично никогаш не изгледаше сериозен, секогаш се смееше, па и тогаш кога е зол, а зол бидуваше често. О, и сега беше зол, зборуваше грубо, немарно, горчливо и нестрпливо. Ја уверуваше дека во станот на Гаганов, кај кого изутрина рано случајно навратил, го заболела главата и дека му се слошило, па така не можел да дојде на свеченоста. Но, кутрата жена сакаше уште да ја залажуваат! Главното прашање на кое наидов беше дали ќе има бал или не, со други зборови, дали ќе се изведе и вториот дел на свеченоста. Јулија Михајловна никако не се согласу-

ваше по „свежите навреди“ да се појави на балот; со други зборови, таа со сета сила сакаше за тоа да биде молена и измолена, и тоа токму од Петар Степанович. Го гледаше како да е некој дракул (и ѝ се чинеше дека во овој момент ако тој си отиде, таа ќе падне в постела. Но тој и не сакаше да си оди; и самиот со сета сила чувствуваше потреба балот вечерта да се одржи и Јулија Михајловна, по секоја цена да биде на тој бал...

— А зошто да се плаче? Вие бездруго сакате сцена? За да ја искалите на некого својата огорченост? Добро, истурете ја на мене, нападнете ме, само што побрзо, зашто времето минува, а треба да се решите. Тоа што го расипавме изутрина, на читањето, ќе го поправиме со балот. Еве, и кнезот мисли така. Се разбира, да не беше кнезот, како ќе завршеше она изутрина?

Кнезот беше против балот само во таа смисла Јулија Михајловна да не се појави таму, но балот бездруго да се одржи; но по два три притисоци на неговото мислење, малку по малку почна да мрмори дека се согласува и со тоа.

Ме зачуди веќе и премногу необичната неучтивост во тонот на Петар Степанович. Зашто, јас со презир ја одбивам онаа гадна интрига што се ширеше за некои божемни врски помеѓу Јулија Михајловна и Петар Степанович. Ништо слично ниту имаше, ниту можеше да има. Тој над неа зеде замав само со тоа што од почетокот со сите сили ја подбуцнуваше во нејзините соништа како ќе влијае врз општеството и врз министерството; влегуваше во нејзините планови, самиот ги правеше, влијаеше врз неа со најгрубо умилкување; ја окупира од главата до нозете; ѝ стана потребен како воздухот.

Кога ме здогледа мене, таа, светкајќи со очите, извика:

— Ете, прашајте го него, ни тој никако не се оделуваше од мене како ни кнезот. Кажете, зарем не е јасно како ден дека сето она беше заговор, низок и лукав заговор да ми се направи секакво зло што са-

мо може да се направи, мене и на Андреј Антонович. О, тие беа здоговорени! Имаа план. Тоа е партија, цела партија!

— Далеку сте замавнале, како и секогаш. Главно, секогаш истата песна. Впрочем, мило ми е дека дојде господинот. (Тој се направи како да ми го заборавил името.) Тој нам ќе ни го каже своето мислење.

— Моето мислење — побрзав јас — во сè се согласува со мислењето на Јулија Михајловна. Дека она беше заговор, премногу е јасно. Ви ја донесов лентата, Јулија Михаљовна. Ќе има бал или не — тоа, се разбира, не е моја работа и не е во мојата власт, но мојата редарска улога е завршена. Простете ми ја мојата загреаност, но јас не можам да работам на штета на здравата смисла и убедувањето.

— Дали слушате, дали слушате! — таа плесна со рацете.

— Слушам, и еве што ви велам — се сврти тој кон мене — јас мислам дека вие сте јале буника, што ве фрлило во бунило. Моето мислење е дека не се случило ништо, просто ништо што во овој град не било и порано и што во него не може да се случи секогаш. Каков заговор? Излегло лошо, глупо до срам, но каде е тука заговорот? Дали против Јулија Михајловна? Дали против нивната заштитничка, која ги гали, која без суд и стап им ги проштава сите нивни ученички испади? Јулија Михајловна! На што ве учев цел месец не затворајќи ја устата? На што ве предупредував однапред? Е, тогаш, зошто ви беше потребно да го собирате целиот тој свет? Вредно е да се поврзеш со ситниот свет? А зошто? Поради што? Да го обедините општеството? Ама зарем ќе се обедини, господ нека е со вас!

— А кога сте ме предупредувале? Напротив, го одобрувавте ова, го баравте она... Искрено да речам, многу ви се чудам... Самиот вие ми носевте во куќата некои туѓи луѓе...

— Напротив, јас со вас се расправав и не ви одобрував; а дека носев луѓе, да, тоа е така; но дури тогаш кога тие самите надоаѓаа по десетина, и само од неодамна, за да се состави „литературниот кадрил“;

без тие простаци не ќе можеше да се помине. Но, се надевам дека смеам да речам: десетини исти такви простаци се провлекле денес и без влезница.

— Несомнено — потврдив јас.

— Ете, гледате, и вие се слагате. Спомнете си каков тон завладеа во последно време, мислам, во целово ова местенце! Сè се претвори во чиста безобѕирност и дрскост; во непрекинат скандал на сите камбани. А кој им одобруваше на тоа? Кој го покриваше сето тоа со својот углед? Кој го збуни целиот свет? Кој ја покрена и кој ја налути ситната риба? Па вие имате албум со сите овдешни семејни тајни. И зарем вие, токму вие, сите тие поети и карикатуристи не ги милувавте по главите? Зарем не му допуштивте вие на Љамшин да ви ја бакнува раката? Зарем пред вашите очи семинаристот не му се изнавика на вистинскиот титуларен советник, а на неговата ќерка со накатранетите чизми ѝ го расипа фустанот? Па зошто тогаш се чудите дека јавноста е против вас?

— Ама сето тоа токму вие го направивте! О, господи!

— А не! Јас ве предупредував, ние се каравме. Слушате ли, ние се каравме!

— Па вие в очи лажете!

— Се разбира, вас ништо не ве чини тоа да го речете. Сега ви треба жртва, ви треба некој на кого ќе ја истурите својата огорченост; е па истурете ја врз мене, ви реков. Подобро ќе биде со вас да разговарам, господине... (тој сè уште не си спомнуваше за моето име). Да броиме на прсти: тврдам дека освен Липутин немало никаков заговор, никаков. Тоа и ќе го докажам, но прво да го анализирам Липутин. Тој се појавил со стиховите на оној луд Лебјаткин; па што е тоа? заговор — според вашето мислење? А зарем не мислите дека тоа на Липутин можело да му изгледа просто нешто духовито. Сериозно, сериозно духовита работа. Се појавил просто со намерата присутните да ги насмее и да ги развесели, а пред сите заштитничката Јулија Михајловна — и тоа е сè. Не верувате? Добро. Но зарем тоа не е во тонот на сè што се случуваше цел месец? И, дали сакате да ре-

чам сè? Богами, во други околности, можеби сè ќе поминеше мазно! Шегата била погруба или, како што се вели, силна, или така некако, но главно смешна? нели?

— Како? Зарем вие, господине, сметате дека постапката на Липутин е духовита? — извика Јулија Михајловна во голема лутина; — таква глупост, таква нетактичност, онаа нискост, оној напад! О, вие тоа намерно го велите! Тогаш и вие сте во заговор со него!

— Неминовно! Седев одзади, се криев, ја раздвижував целата малечка машинерија! Да учествував јас во заговорот, не ќе се свршеше сè само на Липутин, барем тоа можете да го сфатите! Според вашето мислење, јас веројатно и со татенцето сум се договорил намерно да направи таков скандал? Ах, а кој е виновен што на татенцето му допуштија да зборува? Кој ве одвраќаше од тоа уште вчера, вчера?

— Ох, вчера беше многу духовит! Јас така сметав; и при тоа, тој има манири: мислев, тој и Кармазинов . . . и . . . ете!

— И ете, да. Но иако имаше толку духовитост, татенцето сепак работата ја расипа; и јас лично однапред знаев дека тој така ќе ја расипе, тогаш, бидејќи несомнено му припаѓам на заговорот против вашата свеченост, јас, без сомневање, немаше уште вчера да ве наговорам да не ја пуштете козата в градина, така ли е? Меѓутоа, јас вчера од тоа ве одвраќав — ве одвраќав зашто насетував. Се разбира, не може сè однапред да се насети: ниту тој самиот, бездруго, ни момент пред тоа не знаел со што ќе пука. Зарем тие нервозни старци личат на луѓе! Но нешто уште може да се спаси: испратете утре, заради сатисфакција на публиката, по административен пат и со сите почести двајца лекари да го испитаат неговото здравје; тоа може да биде дури и денес; и потем право в болница, под студени млазови. Ако ништо друго, сите ќе се насмеат и ќе видат оти нема што да ги навредува. А јас тоа уште вечерва на балот ќе го речам, јас како негов син. Друга работа е Кармазинов. Тој излезе зелено магаре и својот став го растегнуваше цел час — зна-

чи, нема сомневање дека сум бил во заговор и со него! Ајде, си велам, уште да газам, па да ѝ наштетам на Јулија Михајловна!

— О, Кармазинов, колкава срамота! Јас просто горев, горев од срам поради нашата публика!

— Богами, јас не би горел, туку самиот него би го „нагорел". Публиката има право. А од друга страна, кој е виновен за Кармазинов? Дали ви го наметнав јас? Но, по ѓаволите со него! Туку оној третиот манијак, оној извежбаниот, е тоа е друга работа. Тука сите зеле замав, и тоа веќе не беше само мој заговор.

— Ах, не зборувајте, тоа е страшно, страшно! За тоа сум виновна единствено јас, единствено јас!

— Па, се разбира; но тука ве оправдувам. Кој може сето тоа да го предвиди, кој може да ги знае сите тие „искрени"? Од таквиот ни во Петроград не можете да се зачувате. Тој ви беше препорачан, и уште како! И така, признајте, вие сте дури и должна сега да се појавите на балот! Тоа е важна работа! Вие го донесовте на катедрата! Дословно, должна сте сега пред сите да изјавите дека тој херој е веќе во рацете на полицијата и дека вие на чуден начин сте биле измамена. Морате да го изјавите своето жалење поради настанот со полудениот човек. Него токму така и треба да го прикажете. Тие што касаат просто не можам да ги трпам. Јас и самиот, можеби, зборувам уште и полошо — но барем не од катедра! А тие токму сега нарочно врескаат за сенаторот.

— За каков сенатор? Кој вреска?

— Гледате, ни јас самиот токму не разбирам. Вие, Јулија Михајловна, не знаете ништо, за никаков сенатор?

— За сенатор?

— Знаете, луѓето се убедени дека ваму доаѓа еден сенатор, и дека од Петроград ќе ве сменат. Тоа го чув од мнозина.

— И јас сум чул — потврдив.

— Кој го зборуваше тоа? — целата пламна Јулија Михаљовна.

– То ест, кој проговорил прв? Од каде да знам. Но главно се зборува. Зборува масата. Посебно вчера. А сите некако се многу сериозни, иако ништо не може да се разбере. Секако, секој што е малку поумен и покомпетентен — не зборува, но по некои од нив сакаат да наслушнуваат.

— Тоа е нискост! И... голема глупост!

— Е па, ете, гледате, затоа и треба да се појавите, да им покажете на тие несмасници.

— Признавам, јас и самата чувствувам дека тоа ми е должност, но... но што ќе правиме ако нè чека таму друга срамота? Што ќе правиме ако не дојдат гостите? Па никој нема да дојде, никој, никој!

— Ама брзо заклучувате! Зарем тие да не дојдат? А сошиените фустани, а украсите на девојките? Кога така зборувате вие, жена... добро ги познавате луѓето!

— Предводничката нема да дојде, нема!

— Ама, најпосле, што се случило? Зошто да не дојдат! — извика тој најпосле со лута нетрпеливост.

— Срамотилаци, срамота, ете што се случи! И да не знам што се случило, но работата е таква што, по сè, јас таму не можам да одам.

— Зошто? И зарем вие, најпосле, за нешто сте виновни. Зошто ја земате вината врз себе?... Побрзо е виновна публиката, тие ваши старци, татковци на семејство, нели? Тие биле должни никаквеците и скитниците да ги засолнат, зашто таму имало само никаквеци и скитници, а ништо сериозно. Во ниедно општество полицијата сама не може да се бори. Кај нас, секој што влегува, бара да му се одреди посебен полициски орган што ќе го чува. Овдека општеството не разбира дека секој има да се чува себеси. А што прават во таквите случаи нашите татковци на семејства, угледните чиновници, жените, девојките? Молчат и се мрштат. Нема ни толку општествена иницијатива во нив, да ги спречат разните никаквеци!...

— Да, тоа е златна вистина! Молчат, се мрштат и... се обѕираат.

— Ако е вистина, тогаш треба да се рече гласно, гордо, сериозно. Токму треба да покажете дека не сте

скршена. И тоа да им се покаже на тие старци и на мајките. О, ќе успеете вие во тоа, имате вие дарбина кога е главата ведра. Ќе ги построите, па сè гласно ќе им речете, гласно! А потем напис во „Глас" или „Берзанските извештаи". За таа работа јас лично ќе се заземам, јас сè лично ќе средам. Се разбира, ќе биде потребно многу повеќе внимание: да се надгледува бифето, па да се замоли кнезот, па да се замоли овој господин овде. Не можете така да нè оставите кога треба да се почне сè наново... Значи, вие ќе влезете во салата под рака со Андреј Антонович... Како е Андреј Антонович, што прави?

— О, за тоа ангелско суштество колку неточно и навредливо судевте, колку бевте неправедливи! — одеднаш извика Јулија Михајловна со неочекувана навалица на чувства, скоро со солзи, и ја принесе шамијата кон очите. Во првиот момент Петар Степанович дури и отсече:

— Ве молам, јас... Па што стана!... Јас секогаш...

— Никогаш, никогаш! Никогаш спрема него не сте биле справедлив!

— Женското суштество никогаш не може да се сфати! — промрмори Петар Степанович со подбив, со половина уста.

— Тој е најделикатно, најубаво, најангелско суштество. Најубава душа!

— Ве молам, па јас, што се однесува до добрината... јас секогаш сум му признавал, што се однесува до добрината...

— Никогаш! Но да го оставиме тоа. Јас премногу невешто овде тоа го земав. И оној езуит, предводничката, пред малку, исто така исцеди неколку саркастични забелешки за вчерашницата.

— О, нејзе сега не ѝ е грижа за забелешките за вчерашницата; има таа и денешни. А не знам зошто да ве вознемирува вас дека таа нема да дојде? Се разбира дека нема да дојде штом наседнала на таков скандал. Можеби и не е виновна, но, ете, угледот... рачичките не ни се чисти.

— Што е тоа, не разбирам; зошто не се чисти рацете? — запраша Јулија Михајловна и го погледна со неверување.

— Вистина, јас не тврдам, но градот зборува дека токму таа нив ги составила?

— Што тоа? Што составила?

— Е, зарем вие уште не знаете? — извика тој одушевено, што мошне му успеа.

— Па Ставрогина и Лизавета Николаевна!

— Како? Што? — извикавме сите.

— Па зарем навистина не знаете? Пхи! Па тоа се трагични романи: Лизавета Николаевна од колата на предводничката преминала право во колата на Ставрогина и со неа отишла во Скворешники, среде бел ден. Пред еден час. Нема ни еден час.

Се стаписавме. Се разбира, веднаш почнавме да се распрашуваме, но за чудо, тој, иако „не сакајќи“ лично бил сведок, сепак не можеше опширно да ни раскаже. Изгледа, кога предводничката по „предавањето“ ги зела со себе Лиза и Маврикиј Николаевич за да ги однесе дома кај мајка ѝ на Лиза (која постојано боледува од нозете) таму, близу главниот влез на куќата, на 25 чекори, малку настрана, чекала нечија кола. Пред влезот Лиза скокнала од колата и отрчала право кон другата кола; вратичето се отворило и се затворило; Лиза му довикнала на Маврикиј Николаевич: „Поштедете ме!“ — и колата со полна брзина се упатила за Скворешники. На нашите нестрпливи прашања: дали имало некакви знаци? Кој бил во колата? Петар Степанович одговори дека не знае ништо; се разбира, имало повикувачки знак, но дека во колата не го видел Ставрогин. Можеби внатре бил собарот, стариот Алексеј Јегорич. На прашањето: како вие сте се нашле тука? И од каде знаете со сигурност дека отишла во Скворешники? — тој одговори дека тука се нашол зашто оттаму го водел патот, а кога ја здогледал Лиза, дека дури и потрчал по колата (па сепак, и покрај целата своја љубопитност, не видел кој е внатре!). И дека Маврикиј Николаевич не само што не тргнал во потера туку дури и не се обидел да ја задржи Лиза; уште и предводничката со

својата рака ја задржувал, додека таа со сета сила викала: „Таа оди кај Ставрогин, таа оди кај Ставрогин!“

На тоа јас одеднаш изгубив трпение и разлутено му викнав на Петар Степанович:

— Ти тоа си го наредил, никаквец! На тоа и си го поминал времето!... Ти му имаш помогнато на Ставрогин, ти си дошол во онаа кола, ти си ја пренесол во неа... ти, ти, ти! Јулија Михајловна, овој е ваш непријател, тој и вас ќе ве упропасти! Внимавајте!

И веднаш излетав од куќата.

Ни денеска не разбирам и самиот се чудам како можев онака да му подвикнам. Но погодив точно: скоро сè било онака како што реков; потоа се докажа. Главно дека и премногу беше забележан лажниот начин на кој ни ја раскажа оваа новост. Не ја раскажа веднаш кога влезе, како прва и како ретка новост, туку се правеше како ние веќе тоа и без него да го знаеме — а тоа, за олку кусо време, беше невозможно! А и да знаевме, сеедно, ние не ќе можевме да молчиме додека тој не прозбори. Ниту можел, пак поради времето, да чуе дека целиот град зборува за предводничката. Освен тоа, додека зборуваше, тој некако подло и невнимателно се насмевнуваше, веројатно затоа што нè гледаше како веќе сосема измамени глупаци. Но, повеќе не ми беше грижа за него; бидејќи поверував во најважниот раскажан факт, откај Јулија Михајловна веднаш отидов, како споулавен. Катастрофата ме погоди во самото срце, ми беше тешко, би плачел, и можеби и плачев. Просто не знаев што да преземам. Отрчав кон куќата на Степан Трофимович, но тој невозможен човек пак не ми ја отвори вратата. Настасја со страхопочитување шепотејќи ме уверуваше дека легнал да спие, но јас не поверував. Во куќата на Лиза ми успеа да се распрашам кај слугите; тие потврдија дека избегала, но дека самите ништо не знаат. Во куќата владее страв и немир; болната госпоѓа паѓа во несвест, а крај неа е Маврикиј Николаевич. На моето распрашување за Петар Степанович ми потврдија дека тој последниве денови се

влечкал понекогаш и по двапати дневно. Слугите беа невесели, за Лиза зборуваа со некоја особена почит, ја сакаат. Дека таа пропаднала, пропаднала сосема, во тоа не се сомневам, но психолошката страна на нејзиното однесување просто не можам да ја сфатам, особено по онаа нејзина вчерашна сцена со Ставрогин. Да трчам по градот и да се распрашувам кај познатите, злонамерни семејства до кои новоста, се разбира, веќе дошла, ми се стори гадно, а и понижувачко за Лиза.

Чудно беше дека отидов кај Дарја Павловна, каде што, впрочем, не ме примија; (од вчера, во куќата на Ставрогини никого не примаат); а не знам ни што можев да ѝ речам, ни зошто појдов. Откај неа се упатив кај нејзиниот брат, Шатов. Шатов ме слушаше смрштено и молчејќи. Напоменувам, дека го затеков во невидена и во нечуена потиштеност; беше силно замислен и ме слушаше некако сосила. Не рече скоро ништо; одеше горе долу по својата ќелија, тропајќи со чевлите посилно од обично. Кога веќе се симнував по скалите, тој ми довикна да одам кај Липутин: „Таму ќе дознаете“. Но јас не отидов кај Липутин, туку од голема оддалеченост пак се вратив кај Шатов и низ полуотворената врата, не влегувајќи, го запрашав лаконски, и без секакви разјаснувања, дали денеска ќе оди кај Марија Тимофеевна? Шатов за тоа само се навика и така си отидов. Бележам, за да не се заборави, дека тој истата вечер намерно отиде на крај град кај Марија Тимофеевна, и со доста добра волја; Лебјаткин мртов пијан, спиел во првата соба, на диванот. Беше токму девет часот. Така самиот ми рече, другиот ден, кога набрзина ме сретна на улица. Веќе околу десет вечерта се решив да одам на балот, но не како „млад редар“, (мојата лента остана кај Јулија Михајловна), туку од незадржлива љубопитност да слушнам (не распрашувајќи се) што се зборува кај нас за сите настани воопшто. А ме влечеше и желбата да ја видам Јулија Михајловна, макар и оддалеку. Многу си префрлав дека пред тоа си отидов онака откај неа.

III

Оваа ноќ, со своите скоро апсурдни настани и со својот расплет утредента, мене и денес ми се привидува како лош сон, како кошмар, и го прави — барем за мене — најтешкиот дел од мојата хроника. Иако задоцнив, сепак стасав пред завршувањето на балот — му беше судено, значи, на балот брзо и рано да сврши. Кога стасав пред куќата на предводничката, веќе беше единаесет. Белата сала во која се одржуваше читањето, иако имаше малку време, беше суредена да послужи, како што се мислеше, како главна сала за играње на целиот град. Иако уште од вчера не бев расположен да верувам во корисноста на овој бал, сепак не можев да ја насетам целата вистина: ниедно семејство од повисоките кругови; дури прилично малку и чиновници — а тоа веќе е мошне крупен знак. Што се однесува до госпоѓите и госпоѓиците, се покажа дека поранешните сметки на Петар Степанович (сега веќе очигледно подмолни) во поголемиот дел биле неточни: дојдоа необично малку — на четворица кавалери одвај една дама; па и тоа — каква дама! „Никаквите“ жени на обер-офицерите од полкот, различен поштенски и чиновнички ситнеж, три жени на лекари со ќерките, две три поседнички од оние најсиромашните, седумте ќерки и една внука на оној секретар кого порано негде го спомнав, трговки — зарем тоа го очекуваше Јулија Михајловна? Дури и од трговците беше изостанала цела половина. Мажите, и покрај отсутните наши знаменитости, сепак дојдоа во значителен број, но тој број даваше двосмислен и сомнителен впечаток. Се разбира, дојдоа неколцина мошне мирни и чесни офицери со своите жени, неколку најпослушни татковци на семејства, како, на пример, оној секретар, татко на седум ќерки. Целиот овој мирен свет, оваа „ситна боранија“, дојде така да се рече „по неминовност“, како што се изрази еден од тие луѓе. Од друга страна, множество дрски и подвижни личности, а освен тоа, множество такви лица за кои јас и Петар Степанович пред тоа веќе се сомневавме дека се пуштени без влезници —

изгледа дека ги имаше и повеќе одошто претпладне. Тие сите заедно седеа во бифето и, кога ќе се појавеше некој нов, одеше право таму како да се договориле веќе порано. Барем мене ми се чинеше така. Бифето се наоѓаше на крајот од многу соби, во пространо одделение каде што Прохорич се беше загнездил со сите соблазнивости на клупската кујна и со примамлива изложба од јадења и пијалоци. Тука забележав неколку лица во скоро искинати палта, во мошне сомнителни, ни малку балски костуми, луѓе што очигледно со тешка мака се истрезниле, најдени којзнае каде, донесени тука за некое време, сите туѓинци. Јас, се разбира, знаев дека по идејата на Јулија Михајловна се мислеше на приредување мошне демократски бал, „дури ни ситните граѓани да не се одбиваат, ако се случи некој од нив да купи влезница". Ова таа го рече во одборот, зашто беше наполно уверена дека на никој од нашите граѓани, кои се сиромашни, нема ни на ум да му падне да купи влезница за три рубли. Јас се утешував дека тие мрачни и скоро искинати палта, без оглед на демократизмот на одборот нема да ги пуштат да влезат. Кој ги пуштил и со каква намера? Липутин и Љамшин веќе се сменети од редарските должности (иако беа на балот и учествуваа во литературниот кадрил). Но местото на Липутина го беше зазел оној семинарист од предавањето, што силно ме зачуди, оној што најмногу го скандализира „матинето" со својот судир со Степан Трофимович. Местото на Љамшин го заседе лично Петар Степанович. Што можеше сега да се очекува. Настојував да ги прислушнувам разговорите. По некое мислење фрапираше со својата дивотија. Во една толпа, на пример, се тврдеше дека целиот оној настан со Лиза и Ставрогин го наместила Јулија Михајловна и дека за тоа добила пари од Ставрогин. Ја означуваа и сумата на парите. Докажуваа, дури, дека таа намерно и ја приредила оваа свеченост; велат, дека половината од луѓето ги нема на балот, зашто дознале во што е работата; а тоа Лемпке толку го вџашило што „се мрднал од умот" и сега таа го „води" така „мрднат". На тоа имаше многу кикотење, рапаво, ди-

во, и смеа за своја сметка. Исто така, сите страшно го критикуваа балот; Јулија Михајловна ја критикуваа веќе без секакво стеснување. Воопшто, се брбореше сурово, неврзано, пијано и немирно, па тешко беше што и да е да се изведе од тоа. Во бифето најдоа засолниште луѓе просто само онака весели, а имаше и неколку госпоѓи од оние што скоро со ништо не можете да ги зачудите, ни да ги уплашите; свет прељубезен и развеселен, во поголемиот дел од офицерските жени и нивните мажи. Тие во групи се беа наместиле на засебни маси и со претерана веселост пиеја чај. Бифето се претвори во топло засолниште скоро за половината од гостите. А дека за кусо време целата таа толпа ќе грувне во салата, страшно е и да се помисли!

Дотогаш во белата сала, во соработка на кнезот, беа составени три скудни кадрилски колони. Госпоѓиците играа, нивните родители уживаа во тоа. Но, и овде мнозина од тие чесни луѓе почнаа да размислуваат како ќе биде додека девојките малку се забавуваат, навреме да си се подготват за одење, да не чекаат „кога ќе започне“. Сите беа сосема убедени дека неминовно „ќе започне“.

Потешко од сѐ ќе ми биде да ја насликам душевната состојба на самата Јулија Михајловна. Со неа и не прозборував, иако ѝ приоѓав доста блиску. На мојот поздрав и поклон, кога влегов во салата, таа и не одговори: не ме забележа; (навистина не!). Лицето ѝ беше болно, погледот презрив и надмен, но расеан и полн со страхување. Очигледно, се мачеше да се совлада — поради што и поради кого? Би требало веднаш да си оди одовде, без одлагање, и што е главно, да го однесе мажот. А таа, ете, уште останува! Притоа на лицето веќе можеше да ѝ се забележи дека очите „ѝ се отвориле“ и дека нема ништо повеќе да очекува. Не го повикуваше дури ни Петар Степанович (а тој, се чини, и самиот ја одбегнува — го видов во бифето, беше премногу весел!) Но таа сепак се задржуваше во салата и ни за момент не го испушташе од себе Андреј Антонович. О, таа ни до последниот момент, уште денеска до пладне, со најголемо негоду-

мење ќе ја одбиеше секоја мисла за неговата болест. Но, сега веќе нејзините очи во тоа бездруго прогледале. Што се однесува до мене, мене на прв поглед ми се стори дека Андреј Антонович изгледа полошо отколку денес претпладне. Изгледа како во некој заборав, и како да не знае каде е сега. Понекогаш нагло се свртуваше со неочекувана строгост во изразот, на пример, едно двапати и на мене. Еднаш се обиде нешто да каже и почна гласно, да се чуе, но не доврши, што скоро го уплаши еден мирен стар чиновник што се најде пред него. Но дури и оваа мирна и учтива половина од публиката во белата сала се засолнуваше пред Јулија Михајловна намуртено и бојазливо и во исто време фрлаа на нејзиниот маж мошне чудни погледи, погледи внимателни, отворени, нескриени и премногу нескладни со обичната преплашеност на тие луѓе.

— Тоа е она што ме прострела и одеднаш почнав да насетувам што станува со Андреј Антонович — ми призна подоцна Јулија Михајловна.

Па сепак таа беше виновна. Веројатно, попладнето, кога со Петар Степанович, по моето бегање, решила балот да се одржи и да се оди на балот, веројатно пак отишла во кабинетот на својот маж, Андреј Антонович, кој веќе на „предавањето" беше конечно „разнишан" — и пак веројатно ја употребила целата своја заводливост, го придобила и го повлекла по себе. Но, бездруго сега многу страда! И сепак не сака да си оди! Дали ја мачи гордоста, или просто се изгубила, не знам. Покрај целата своја надменост, таа се понижуваше, и со изнасилени насмевки настојуваше да разговара со понекои госпоѓици; но тие веднаш се збунуваа, се оградуваа со простото, сомнително „да" или „не", очигледно ја избегнуваа.

Од неоспорните достоинственици на нашиот град на балот имаше само еден единствен — оној важен генерал во пензија, кого еднаш веќе го опишав и кој кај предводничката по дуелот помеѓу Ставрогин и Гаганов „му ја отвори вратата на општественото нетрпение". Тој, важен, сериозно одеше по салата, набљудуваше и слушаше и се трудеше да покаже дека

дошол повеќе заради набљудување на овдешните обичаи и „нарави“ отколку заради несомнено задоволство. Заврши со тоа што сосема ѝ се придружи на Јулија Михајловна и од неа ни за чекор не се оддалечуваше, настојуваше да ја смири и да ја охрабри. Без сомневање, тој беше најдобар човек, мошне отмен и толку стар што од него можеше да се поднесе и сожалување. Но, ѝ беше мошне тешко и самата себеси да си признае дека овој стар дрдорко се осмелува нејзе да ја сожалува и речиси да ја протежира мислејќи дека со својата присутност ѝ прави чест. Но генералот не се одделуваше од неа и постојано дрдореше.

— Градот, велат, не вреди без седум праведници... седум, ми се чини, не си спомнувам на определениот број. Не знам колкумина од тие седум вистински праведници на нашиов град... јаималѐ честа да го посетат нашиот бал, но и покрај нивната присутност, јас чувствувам дека не сум наполно безбеден. Вие ќе ми простите, прекрасна ѓоспоѓо, нели? Зборувам алегорично, но бев во бифето и мило ми е дека оттаму се вратив цел... Нашиот бесценет Прохорич таму не е на своето место и, ми се чини, до зората неговото одделение ќе се распадне. Впрочем, смешно ми е. Само чекам каков ќе биде тој „литературен кадрил“, па потоа дома на спиење. Простете му на стариот војник, јас легнувам рано, а и вам ви советувам да одите под покривач, како што им се вели на децата. А дојдовваму поради младите убавици... кои, се разбира, во толку богат комплет нигде не можам да ги видам како овде... Сите се од онаа страна на реката, а јас таму не одам. Жената на еден офицер... уште и доста убава, мошне убава и... и самата тоа го знае. Разговарав со таа малечка обесеница; жива е и... па да, и девојчињата се свежи, но тоа е сѐ, ништо повеќе од свежината. Впрочем, задоволен сум. Има вистински пупки; само, усните им се дебели. Воопшто, во руската убавина на женското лице има малку правилности и... и донекаде преминува во питулица. Вие ќе ми простите, нели? Инаку, очите се убави... насмеани очи... Овие пупки, за година или две, оду-

шевуваат со својата младост... па и за три... а потем веќе се расплинуваат, засекогаш... и кај своите мажи го создаваат оној жалосен индиферентизам кој полека го помага развитокот на женското прашање...: само ако јас тоа прашање правилно го разбирам... Хм. Салата е убава; собите не се лошо наместени. Можеше да биде и полошо. Музиката би можела да биде и многу полоша... не велам, би требало... Лош впечаток прави дека воопшто има малку госпоѓи. Тоалетите и да не ги споменувам. Грдо е дека оној таму во темнине панталони, олку отворено смее да канканира. Му проштавам дека тоа доаѓа од радост и дека е тој овдешен аптекар... но сепак, во единаесет часот, тоа е рано и за аптекар... Таму во бифето двајца се дофатија — а не ги засолнија. Кога е само единаесет часот, немирниците мора да бидат засолнети, па не знам какви и да се погледите и обичаите кај публиката... Не велам во три часот, зашто тука веќе доаѓа до неизбежното попуштање на општественото мислење — само овој бал ако се одржи до три. Варвара Петровна, се гледа, не си достоја на зборот и не прати цвеќе. Хм! Не ѝ е нејзе до цвеќе, на кутрата мајка... А кутрата Лиза, чувте? Велат, некој таинствен настан и... и на арената пак е Ставрогин... Хм! Би отишол на спиење... веќе се нишам. А кога ќе биде тој „литературен кадрил"?

Најпосле, почна и „литературниот кадрил". Од неодамна, кај нас во градот, ако се почне разговор за балот, веднаш се замислува како изгледа тој кадрил и што е тоа и така тој кадрил предизвикува бескрајно љубопитство. За успехот ништо не е поопасно — па сепак, разочарувањето беше големо!

Споредната врата од белата сала дотогаш затворена, се отвори и веднаш се појавија неколку маски. Публиката љубопитно ги опколи. Бифето одеднаш се испразни, излегоа сите до еден и нагрнаа во салата. Маските се распоредија за играње. Успеав да се провлечам во првите редови и одеднаш се најдов зад Јулија Михајловна, Фон Лемпке и генералот. Тогаш Петар Степанович, кој дотогаш негде се беше изгубил, ѝ пријде на Јулија Михајловна.

— Јас постојано внимавам на бифето — прошепоти тој со израз на ученик што направил грешка, впрочем, нарочно наместена, за колку што се може повеќе да ја налути Јулија Михајловна, таа поцрвени од лутина.

— Барем сега немојте да ме залажувате, безобразнику! — ѝ се откина од устата, скоро гласно, што се слушна меѓу гледачите.

Петар Степанович се оддалечи вонредно задоволен со самиот себе.

Тешко е да се замисли победна, попроста, поглупа и поневкусна алегорија од тој „литературен кадрил". Не можеше да се измисли ништо понескладно со нашата публика; а меѓутоа, го смислил, велат, Кармазинов. Вистина, го подготви Липутин и се советуваше со оној сакат наставник од „седенката" кај Виргински. Но сепак, идејата ја даде Кармазинов, па велат, и лично сакал да се костимира и да земе посебна и самостојна улога. Кадрилот го сочинуваа шест двојки жалосни маски, кои и не беа маски, зашто имаа алишта како и другите. Така, на пример, еден постар господин, малечок, во фрак — со еден збор како и сите други — со бела чесна брада (подврзана и во тоа му се состоеше целото костимирање), тапкајќи во место, играше со сериозен израз на лицето, често и ситно цупкајќи со нозете и скоро не помрднувајќи се потаму. Со одмерен, но веќе зарипнат глас испушташе некакви гласови — а таа зарипнатост требаше да го означи гласот на еден од познатите весници. Наспрема таа маска играа некакви два џина, Х и З; овие две букви им беа закачени на фракот, а што значи тие Х и З остана неразбирливи. „Чесната руска мисла" се огледуваше во господинот на средна возраст, со очила, во фрак, со нараквици на рацете и пранги на нозете (вистински пранги). Под мишка оваа мисла држеше некакво „дело". Од џебот ѝ ѕиркаше некаква распечатено писмо од странство а тоа писмо го содржеше уверувањето за чесноста за сите оние што се сомневаат во чесноста на „чесната руска мисла". Сето тоа редарите усно го растолкуваа и го дополнија, зашто писмото од џебот не можеше да се

прочита. „Чесната руска мисла“ во поткренатата десна рака држеше пехар, како да сака да испие здравица. Од двете нејзини страни се тетеравеа две острижани нихилистки; спроти нив пак играше некој постар господин, во фрак, но со тежок стап во раката и како да сакаше да претстави некое опасно издание, но не Петроградско. А стапот како да вели: „Ако удрам ќе ве заскокотка“. Но, и покрај својот стап, тој никако не можеше да ги поднесе постојано вперените во него очила на „чесната руска мисла“ и се грижеше да гледа настрана, а кога правеше чекор во играта, тој се извиткуваше и се вртеше бидејќи не знаеше каде да се пикне — божем, страшно го мачи совеста. Впрочем, не си спомнувам повеќе на сите тие тапоглави измислици, а сè беше приближно исто, така што најпосле ме обзеде мачен срам. И истиов впечаток на срам се гледаше и на другите гледачи, па и на најмрачните физиономии што се јавуваа од бифето. Некое време сите молчеа и гледаа со луто неверување. Малку по малку почна да бучи:

— Ама што е всушност ова? — прозбори од една група некој од бифето.

— Некаква будалштина.

— Некоја книжевност. Го озборуваат „Глас“.

Од друга група:

— Магарања!

— А не, не се тие магарања, магарања сме нис.

— Зошто си ти магаре?

— Ама, не сум јас магаре.

— Па кога не си ти магаре, јас уште помалку.

Од трета група:

— Сите вас треба со клоца, па ајде по ѓаволите!

— Со метла целата сала!

Од четврта:

— Како не им е срам на Лемпкеви ова да го гледаат?

— Зошто да им е срам? А тебе не ти е срам?

— Па и мене ми е срам; но тој е губернатор.

— А ти си свиња.

— Откако сум жива, не сум видела пообичен бал — прозбори една госпоѓа крај самата Јулија Михајловна зајадливо, со јасната желба да ја слушнат. Госпоѓата имаше четириесетина години, јадра и нарумeнета, во свилен фустан, со светла боја, позната скоро на сите кај нас, но никој не ја примаше дома. Таа беше вдовица на титуларен советник; мажот ѝ остави дрвена куќа и мала пензија, но живееше убаво, имаше и коњи. Пред два месеца ѝ дојде на посета на Јулија Михајловна, сама од своја страна, неповикана, но Јулија Михајловна не сакаше да ја прими.

— Токму таков бал и можеше да се предвиди — додаде таа и смело се загледа во очите на Јулија Михајловна.

— Па кога можел да се предвиди, тогаш зошто сте купиле влезница? — не се воздржа Јулија Михајловна.

— Па од наивност — отсече веднаш смелата госпоѓа и целата намовна; (страшно ѝ се сакаше да се судрат): но генералот застана помеѓу нив.

— Драга дамо — се навали тој кон Јулија Михајловна — навистина треба да се замине. Ние само им пречиме; без нас, тие вонредно ќе се забават. Вие направивте сè, им го отворивте балот, значи, сега оставете ги на мира. А ми се чини дека ни Андреј Антонович не се чувствува задоволен. Да не се случи некое зло?

Но веќе беше доцна.

Додека се играше кадрилот, Андреј Антонович на играчите гледаше со некакво луто сомневање; а кога во публиката почнаа да паѓаат забелешки, тој почна вознемирено да се обѕира околу себе. Првпат сега му паднаа в очи некои лица од бифето; погледот му изразуваше преголемо чудење. Одеднаш се разнесе ѕвонлива смеа на некој трик во кадрилот — издавачот на „опасното но непетроградско издание“, со стап во раката, конечно почувствува дека повеќе не може да ги поднесе очилата на „чесната руска мисла“, па не знаејќи кај да се скрие од неа, одеднаш, во последната фигура, тргна главечки во пресрет на очилата, што имаше да значи вечно одење на здра-

вата мисла во „опасното, но не и петроградско издание“; значи, главечки, со нозете пругоре. А бидејќи само Љамшин умее да оди главечки, Љамшин ја зеде улогата на издавачот со стап. Јулија Михајловна и не насетуваше дека ќе се оди главечки. „Тоа го скрија од мене, го скрија“ — ми повторуваше таа подоцна, со очај и огорченост. Кикотот на толпата, се разбира, не ѝ одеше во сметка на алегоријата (која никого и не го интересираше), туку се однесуваше просто на одењето со нозете пругоре, на фракот со пешови.

Лемпке зовре и потрепери:

— Никаквец! — викна тој покажувајќи на Љамшин; — фатете го никаквецот, превртете го... превртете го на нозе... со главата, со главата угоре...: да се исправи... угоре!

Љамшин скокна на нозе. Смеата се засили.

— Да се истераат сите никаквеци, сите што се смеат! — одеднаш заповеда Лемпке.

Толпата забучи, екна бурна смеа.

— Не треба така, ваша превозвишеност!

— Не треба да се нагрдува публиката, молам.

— Лут е! — одекна глас некаде од аголот.

— Флибустери! — викна некој од другиот крај.

На тој извик Лемпке се сврти и целиот побледи. На усните му се појави тапа насмевка — како нешто да сфати и да се сетил.

— Господа — се сврти Јулија Михајловна кон толпата што се приближуваше и во исто време го повлече мажот; — господа, вие ќе му простите на Андреј Антонович; Андреј Антонович е болен... проштавајте... простете му, господа!

Јас убаво чув кога рече „простете“. Сцената се одигра мошне брзо. Но јас многу добро си спомнувам дека токму во тој момент, токму по овие нејзини зборови, еден дел од публиката, како уплашена, се упати кон излезот. Си спомнувам и на еден женски извик низ солзи:

— Ах, пак како денес!

И одеднаш, низ целата таа тишина, пак пукна бомба, токму „пак онака како денес“:

— Пожар! Гори целото Заречје!

Не си спомнувам од каде падна прво тој страшен извик — дали внатре, откај собите, или, како што се чини, некој стрча по скалите од предната соба — но веднаш потоа настана таква збрка што јас не се осмелувам тоа да го раскажам. Половината од гостите беа токму од Заречје: сопственици на тамошните дрвени куќи или нивни жители. Полетаа кон прозорците, за миг ги тргнаа завесите, ги откорнаа корнизите. Заречје е во пламен. Навистина, пожарот беше само во почеток, но пламтеше на три сосема спротивни точки — а токму тоа и најмногу застрашуваше.

— Палеж! Шпигулинските!... — викаат во толпата.

Запомнив неколку мошне карактеристични извикувања:

— Срцето токму тоа ми го насетуваше, насетуваше палежи, постојано, деновиве!

— Шпигулиновци! — Шпигулиновци, никој друг!

— Нас намерно овде нè собраа, за таму да запалат!

Овој последниов, најчуден извик, беше женски, ненамерен, извик на загрижената Коробочка. Сè нагрна кон излезот. Нема да ја опишувам мешаницата во предната соба при барањето на бундите, наметките и шамиите; ни врескањето на преплашените жени; ни плачот на госпоѓиците. Тешко да имаше кражба; а не е чудо ако во оваа мешаница некој и си отишол без топлите алишта, зашто своето луѓето не можеа да си го најдат. За тоа потем долго во градот се зборуваше со разни додавања и „дотерувања“. Лемпке и Јулија Михајловна толпата скоро ги угуши во вратата.

— Сите да се задржат! Никој да не се пушти! — викаше Лемпке и заканувачки ја подаваше раката кон мешаницата. — Секого поединечно најстрого претресете го, веднаш!

Од салата се слушнаа енергични пцости.

—Андреј Антонович! Андреј Антонович! — извикнуваше Јулија Михајловна во краен очај.

— Прво таа да се затвори! — викна тој и заканувачки го впери прстот во жената. — Да се претресе прво таа! Балот е подготвен поради намерен палеж!

Жената вресна и се онесвести. (О, се разбира, сега веќе вистински.) Јас, кнезот и генералот побрзавме на помош, долетаа и други, па ни помогнаа во овој тежок момент. А ни помогнаа и некои госпоѓи. Ја изнесовме несреќната од пеколот и ја сместивме во кочијата; таа се освести дури кога стасавме до куќата и првиот извик пак ѝ беше за Андреј Антонович. Во урнатината на целата нејзина фантазија пред неа остана само Андреј Антонович. Пратија по лекар. Јас останав цел час кај неа. А исто така и кнезот; а генералот, во настап на великодушност (иако и самиот многу се исплаши) сакаше и цела ноќ да остане крај „постелата на оваа злосреќница", но за десетина минути, додека уште го чекавме лекарот тој заспа во фотелјата и ние го оставивме тука, на мира.

Управникот на полицијата, кој од балот брзо замина на местото на пожарот, стана веднаш по нас за да го изведе од салата Андреј Антонович и сакаше да го смести во кочијата со Јулија Михајловна, и со сета сила неговата превозвишеност ја уверуваше дека треба да се „предаде на мир" — но не разбирам зошто тоа не го изврши. Се разбира, Андреј Антонович не сакаше да чуе за мир, и настојуваше да оди кај пожарот; иако тоа не беше разумно, се заврши сепак така што управникот во својата кола таму и го однесе. Потоа раскажуваше дека Лемпке низ целиот пат гестикулирал и „викајќи искажувал идеи што, бидејќи биле необични, не можеле да бидат извршени". Подоцна таков извештај беше пратен; дека неговата превозвишеност во тој момент била во нервна треска со бунило, „како последица на неочекуван страв".

За крајот на балот не треба да се зборува. Неколку десетини безработници, а со нив и неколку госпоѓи, останаа во салата. Од полицијата ни трага. Гостите не сакаа да ја пуштат музиката, а музикантите, кога појдоа, ги натепаа. До разденување целото одделение на Прохорич се исчисти: пиеја до заборав, играа камаринско без цензура, собите ги извалкаа, и дури во зората еден дел од таа сосема пијана дружина стаса во предградието скоро на крајот на пожарот, и на нови испади ... а другата половина останаа

да спијат по собите, на диваните со кадифе и на подот, мртви пијани со сите последици на пијалакот. Изутрината, штом се укажа првата можност, ги извлекоа за нозе на улица. Така заврши балот во корист на гувернантките од нашата губернија.

IV

Пожарот нашата заречка публика ја преплаши токму затоа што беше очигледно оти тоа е намерен палеж. Значајно е и тоа дека на првиот извик „пожар!“ веднаш одекна втор „тоа се шпигулиновци!“ Денеска премногу е добро познато дека во палежот навистина учествувале тројца работници од фабриката на Шпигулини; и — тоа е сѐ. Сите други се оправдани и во јавноста и кај власта. Освен тие тројца никакквеци (од кои едниот е фатен и призна, а двајца и денеска се во бекство), во палежот без сомневање учествувал и Фетка Робијашот. Тоа е сѐ што точно се знае за пожарот; нагодувања и погодувања, тоа е сосема друга работа. Што ги раководело тие тројца никакквеци? Дали некој ги упатил или не? На сето тоа и денеска е тешко да се даде одговор . . .

Поради силниот ветер и поради големиот број дрвени згради во Заречје, и најпосле поради потпалките направени на три разни места од предградието — пожарот брзо се рашири и со неверојатна сила го зафати целиот кварт; (впрочем, поскоро треба да се рече дека пожарот почна од две страни — третата беше отсечена, пожарот веднаш изгаснат, скоро во истиот момент, кога пламна, што подоцна ќе го раскажеме). Но, во престолничките телеграми сепак претеруваа за големината на нашата несреќа — не изгори повеќе (а можеби и помалку) од четвртина Заречје. Нашата пожарна чета, навистина слаба во однос на големината и населеноста на нашиот град, сепак работеше мошне исправно и самопрегорно. Но, дури ни со соработката на населението, таа не ќе можеше многу да направи да не се променеше ветрот пред зора, кој дува пред разденување. Кога јас, сѐ на сѐ

еден час по бекството од балот, се пробив до Заречје, пожарот веќе со полна сила беснееше. Целата улица паралелно со реката гореше. Се гледаше како среде ден. Сликата на пожарот нема да ја опишувам во детали: кој не ја знае во Русија таа слика? Во најблиските споредни улици и сокаци владееше преголема тишина и забрзаност. Тука пожарот се очекуваше со сигурност; станарите го изнесуваа мебелот, но уште не се оддалечуваа од своите станови, туку седеа на исфрлените постели и сандаци, секој под својот прозорец, и чекаа. Еден дел од луѓето беа на тешка работа. — Без милост ги сечеа оградите; дури разнесуваа цели блокови што беа блиску до огнот и што беа изложени на ветрот. Плачеа само разбудените дечиња, лелекаа жените што веќе успеале да ги извлечат своите старудии од покуќнината. А оние што не стасале изнесуваа молчејќи и енергично. Искри и гламји се разнесуваа надалеку: ги гасев колку што можев. На самото место од пожарот се стискаа гледачите, дотрчуваа од сите краишта на градот. Некои помагаа во гасењето, другите гледаа како љубители. Големите ноќни пожари секогаш предизвикуваат раздразлив впечаток; на тоа и се основаат огнометите, каде што огнот се распоредува по правилни и одбрани замисли, а бидејќи од нив нема никаква опасност, тие прават весел впечаток, лесен како чаша шампањско. Друго нешто е вистинскиот пожар! Стравотија, притоа некакво чувство на опасност по себе, исто така извесен впечаток на радост од појавата на ноќниот пожар, прават кај гледачот (се разбира, не кај погорелците), некаков мозочен потрес и ги предизвикуваат неговите сопствени разурнувачки инстинкти кои, за жал, лежат во секоја душа, па и во душата на најмирниот титуларен советник, татко на семејство... Тоа темно чувство скоро секогаш занесува. „Јас навистина не знам дали пожарот може да се гледа без некое задоволство.“ Така од збор до збор ми рече Степан Трофимович кога еднаш се враќаше од ноќен пожар на кој случајно налетал и додека уште беше под првиот впечаток од таа глетка. Се разбира, ис-

тиот овој љубител на ноќниот пожар самиот би јурнал во пожарот за да спаси дете или старица. Но тоа е веќе сосема друга работа.

Туркајќи се по љубопитната толпа, јас и без застрашување стасав до најважната и најопасната точка, каде што најпосле го здогледав и Лемпке, кого го барав по личниот налог на Јулија Михајловна. Тој стоеше на урнатини од ограда, а на триесет чекори лево од него висеше црниот скелет на сосема изгорената двокатна дрвена куќа, со дупки наместо прозорци на двата ката, со урнат покрив, со пламен што овде-онде уште како змија се виткаше околу јагленосаните греди. Во длабочината на дворот, на дваесет чекори од изгорената куќа, се беше запалило и куќното крило; и тоа беше на два ката и околу него со сета сила се трудеа пожарникарите. Десно, и пожарникарите и народот ја заштитуваа доста големата дрвена зграда, која уште не гореше, но веќе неколку пати почнуваше да гори и судено ѝ беше, неминовно, да изгори. Лемпке, свртен со лицето кон крилото, викаше и гестикулираше и даваше наредби што никој не ги извршуваше. Веќе помислив дека и овде намерно го донесле и го оставиле сам. Ни онаа густа и мошне разновидна толпа околу него, во која заедно со севозможните луѓе имаше и господа (тука се наоѓаше и протата од нашата соборна црква), иако го слушаше Лемпке љубопитно и со чудење, ни во неа никој не прозбори со него, ниту некој се обиде да го изведе оттаму. Тој, блед, со светнати очи, изговараше најчудни зборови: најпосле; немаше ни шапка, одамна ја беше загубил.

— Пак палеж! Тоа е нихилизам! Ако нешто гори, тоа е нихилизам! — чув и иако немаше на што да се чудиш ни да се восхитиш, бев скоро стаписан; очигледната стварност секогаш носи во себе нешто потресно.

— Ваша превозвишеност — се чу крај него гласот на полицаецот — да ја имате добрината да се согласите... да го пробате домашниот мир... зашто за вашата превозвишеност опасно е и да се стои овде.

Шефот на полицијата, како што дознав потоа, намерно го оставил овој полицаец кај Андреј Антонович, да внимава на него и колку што може подобро да се погрижи да го однесе дома, а ако има некоја посебна опасност, да се послужи дури и со сила — налог очигледно над моќта на извршителот.

— Солзите на погорелците ќе се избришат, но градот ќе изгори. Тоа е дело на четворица никаквеци, четворица и повеќе! Затворете го никаквецот! Тој се вовлекува во семејната чест! Поради палежот се послужија со гувернантките. Гадно и подло! Ах, што прави оној? — викна Лемпке кога на покривот од пламнатото куќно крило го здогледа пожарникарот под чии нозе гореше покривот и пламенот сегде наоколу земаше замав. — Симнете го, симнете го, ќе пропадне, ќе изгори . . . гаснете го! Што бара таму?

— Гаси, ваша превозвишеност.

— Неверојатно! Огнот е во мозоците, а не на куќните покриви. Симнете го и оставете сè! Подобро е сè да се напушти, подобро! Нека биде што ќе биде! Ах, кој плаче сега? Старица? Старицата офка! Зошто сте ја заборавиле старицата!

Навистина, на првиот кат офкаше старица, осумдесетгодишна, роднина на трговецот сопственик на куќата. Но не ја заборавиле, туку таа сама се вратила внатре, додека уште можело да се влезе, во лудата намера од некоја собичка да ја извлече својата постела. Гушејќи се во чадот и офкајќи од силната жештина, зашто и собичката се беше запалила, таа сепак со сета сила се напнуваше низ разбиениот прозорец со растреперената рака да ја истурка својата постела. Лемпке јурна на помош. Сите видоа како тој претрча под прозорецот, ја дофати постелата за крајот и ја тргаше со сета сила да ја извлече низ прозорецот. Како за пакост, во тој момент од покривот падна скршена штица и го тресна несреќникот; не го уби, туку онака во летот го удри со работ по врат; но кариерата на Андреј Антонович со тоа беше завршена, барем кај нас; ударот го кутна и тој падна онесвестен.

Најпосле, настана жалосно, тегобно разденување. Пожарот се смали; по ветрот нагло настапи темница, а потем заврна ситен, тивок дожд, како да паѓа низ сито. Јас веќе бев во другиот дел на Заречје, далеку од местото каде што падна Лемпке, и тука во толпите слушав многу чудни разговори. Се појави еден мошне чуден факт; сосема на крајот од овој дел на предградието, зад бавчите, на празен простор, на педесетина чекори од другите згради — стоеше една штотуку изградена дрвена куќа и токму таа осамена куќа се запалила веднаш на почетокот од пожарот, скоро пред другите куќи. Но дури и сосема да изгореше, таа куќа, според своето растојание, не би можела да го пренесе огнот ни на една од градските згради; и обратно: и целото Заречје да гори само оваа една куќа ќе останеше цела, сеедно каков ветер дува. Излегува: таа куќа се запалила одвоено и независно од другите; и, веројатно, не се запалила туку така, за ништо. Но, што е главно, не можеше целата ни да изгори: на разденување видени се внатре чудни нешта. Сопственикот на таа нова куќа, граѓанин што живееше во блиското предградие, само што забележал дека новата куќа му гори, дотрчал и успеал да ја зачува, зашто со помошта на соседите ги расфрлал запалените дрва.

Но внатре имаше станари — во градот добро познатиот капетан Лебјаткин со сестрата, и со нив една постара жена, работничка; и ете, тие станари, капетанот, неговата сестра и работничката, сите тројца таа ноќ се заклани и очигледно ограбени, (ете, зошто го снема управникот на полицијата откај палежот; дошол ваму, и тоа токму тогаш кога Лемпке ја спасуваше постелата). Во зората веста се рашири и грамадна толпа разни луѓе, па и погорелци од Заречје, нагрвали кон ледината, кон новата куќа. Тешко беше да се помине, толку луѓе имаше тука. И веднаш ми раскажаа дека капетанот е најден на клупата, со пресечено грло, облечен, и дека, веројатно, бил заклан мртов пијан, така што и не почувствувал, а крв му истекла како од бик; дека неговата сестра, Марија Тимофеевна, целата избодена со нож, а лежела на

подот крај вратата, сигурно со убиецот будна се борела. А слугинката, бездруго, се разбудила — нејзе целата глава и беше скршена . . .

Како што раскажува газдата, капетанот вчера изутрина дошол кај него, веќе пијан, му се фалел и му покажал многу пари, до двесте рубли. Старото портмоне на капетанот, зелено, искинато, најдено е на подот; празно; но ковчегот на Марија Тимофеевна не е гибан; не е гибната ни сребрената рамка на иконата; а и алиштата на капетанот беа во целост. Се гледаше дека разбојникот брзал и дека е човек што ги знае приликите на капетанот и дека дошол само по парите и дека знаел каде стојат. Да не дотрчал газдата во истиот момент, дрвата ќе се распламтеле и бездруго целата куќа ќе се запалела и ќе изгорела „а по изгорени трупови тешко може да се дознае вистината". Така се зборуваше. Се додаваше уште и ова: станот за капетанот и неговата сестра го пазарил господинот Ставрогин, Николај Всеволодович, синот на генералицата Ставрогина; доаѓал лично да се погоди, многу настојувал, зашто газдата не сакал да ја издаде куќата, ја правел за крчма, но Николај Всеволодович не се пазарел и ја платил станарината за половина година однапред.

— Не изгореле тукутака — се слушаше во толпата.

Но мнозинството молчеше. Лицата беа смрачени; сепак, голема, видлива раздразнетост не забележав. Инаку, наоколу продолжи зборувањето за Николај Всеволодович и за тоа како е убиена неговата жена, дека тој вчера, од првата овдешна куќа, од генералицата Дроздова ја намамил девојката, нејзината ќерка, и тоа по „нечесен пат", дека ќе биде обвинет во Петроград; а дека неговата жена е убиена, тоа е очигледно, за да може да се ожени со Дроздова. Скворешники не се подалеку од две и пол врсти одовдека и, си спомнувам, помислив: нема ли да се дознае таму? Впрочем, не забележав некој да ја распалува толпата, не сакав да грешам, иако пред очите во моментот ми поминаа две три муцки од оние „бифеции", кои во зората се најдоа на пепелиштето

и јас ги познав. А посебно се сеќавам на еден слаб, висок момчак, еден од ситните граѓани, испиен, и токму таков како да се намачкал со коломаст, бравар по занает, како што чув подоцна. Тој не беше пијан, но спротивно на смрачената толпа, беше некако надвор од себе. Постојано нешто на народот му зборуваше, иако не си спомнувам што. Сè што зборуваше беа кратки реченици, како: „Браќа, што е ова? Па зарем тоа така и ќе биде", и на тоа мавташе со рацете.

ТРЕТА ГЛАВА

ЕДЕН ЗАВРШЕН РОМАН

I

Од големата сала во Скворешники (онаа во која Варвара Петровна последен пат се виде со Степан Трофимович) пожарот се гледаше како на дланка. На разденување, во шест часот, крај задниот прозорец десно, стоеше Лиза и вкочането го гледаше пламенот што се гаснеше. Во собата беше сама. Вчерашниот фустан на неа, празничен, од предавањето — јасно зелен, богат, целиот во тантели, но веќе истуткан, навлечен на брза рака и немарно. Одненадеж забележа дека на градите ѝ е лабаво закопчан и поцрвени, брзо го поправи фустанот, ја дофати од фотелјата црвената шамија што вчера при доаѓањето ја остави таму и ја префрли преку раменици. Бујната коса во растурени кадрици ѕиркаше под шамијата, паднатата на десното рамо. Лицето ѝ беше уморено, загрижено, но очите ѝ пламтеа под собраните веѓи. Таа повторно пријде до прозорецот и врелото чело го потпре на студеното стакло. Се отвори вратата и влезе Николај Всеволодович.

— Испратив гласник, на коњ, — рече тој — и за десет минути сѐ ќе чуеме; а сега се зборува дека изгорела цела четвртина од Заречје, онаа поблиску до брегот, десно од мостот. Сѐ запалиле уште во дванаесет. Сега се смирува.

Тој не пријде до прозорецот, туку застана на три чекори зад неа; таа не се сврти.

— По календарот требаше уште пред еден час да се раздени, а скоро е како ноќ — рече таа злоболно.

— Календарите само лажат — почна тој со љубезна насмевка, но се засрами, па побрза да додаде: — Здодевно е да се живее по календар, Лизо.

И сосема замолчи, лут на новата баналност што ја рече. Лиза се насмевна со половина усни:

— Вие сте толку тажен, што дури ни зборови не наоѓате за мене. Но, смирете се. Рековте токму како што треба: јас секогаш живеам по календар. Секој мој чекор е пресметан по календар. Се чудите?

Таа брзо се сврти, отиде до прозорецот и седна во фотелјата.

— Седнете и вие, ве молам. Ние нема долго да бидеме заедно и сакам сѐ што ми е волја да кажам... Зошто не би рекле и вие сѐ што сакате?

Николај Всеволодович седна крај неа, па полека, скоро бојазливо ѝ ја зеде раката.

— Што значи тој говор, Лизо? Од каде тоа толку однеандеж? Што значи тоа: „Ние нема да бидеме долго заедно?" Тоа е веќе втората загадочна фраза за овој половина час откако се разбуди.

— Вие сте презеле да ги броите моите фрази? — се насмеа Лиза. — А се сеќавате ли, вчера кога дојдов овде, себе се нареков мртовец? А вие пронајдовте дека треба на тоа да заборавите. Да заборавите, или да не запаметите?

— Не си спомнувам, Лизо. Зошто мртовец? Треба да се живее...

— Замолчивте! Вие сосема сте ја изгубиле вашата говорливост. Јас го проживеав својот момент на овој свет, па доста. Дали се сеќавате на Христифор Иванович?

— Не се сеќавам — се намршти тој.

— Христифор Иванович, во Лозана? Тој страшно ми здодеа. Ќе ја отвори вратата и секогаш вели: „Само за момент", а останува цел ден. Не сакам да личам на Христифор Иванович и да останам цел ден.

Болен впечаток се појави на неговото лице.

— Лизо, тешко ми е поради тој ваш говор, што е скршеност. Таа гримаса скапо ве чини вас самата. Зошто ви е? Поради кого?

Гласот му доби топлина.

— Лизо — извика тој — ти се колнам, сега те сакам повеќе отколку вчера кога дојде!

— Чудно признание! Зошто е овде вчера и денес и тоа мерење?

— Нема да ме оставиш! — продолжи тој скоро очајно; — ние уште денеска заедно ќе отидеме, нели? Нели?

— Леле, не стегајте ми ја раката толку силно. Каде ќе одиме заедно уште денес? Пак негде да „воскреснеме"? Не, не, доста беа пробите, а и доцна е за мене; а не сум ни способна, за мене тоа е премногу далеку. Ако треба негде да се оди, тогаш во Москва, и таму да се прават посети и да се прима — тоа е мојот идеал, вие знаете; јас ни во Швајцарија не криев од вас каква сум. А кога не можеме да отидеме во Москва и таму да правиме посети, зашто и вие сте женет, тогаш нема ни што да се зборува за тоа.

— Лизо! Што стана вчера?

— Стана она што стана.

— Тоа е невозможно! Тоа е немилостиво!

— Па што ако е немилостиво? Поднесете го кога е немилостиво.

— Ми одмаздувате за вчерашната фантазија... — промрмори тој со пакосна насмевка. Лиза пламна.

— Колку ниска мисла!

— Па зошто тогаш ми подаривте... „толкава среќа"! Дали имам право да знам?

— Не, снајдете се некако и без правото; немојте со глупост да ја завршите нискоста во своето сомнение. Денес за тоа не ќе имате среќа. Навистина, да не се плашите од мислењето на големиот свет, и дека ќе ве осудуваат поради ‚толкавата среќа"? О, ако е така, тогаш не плашете се, жими бога! Овде вие не сте причина за ништо, не сте одговорен пред никого. Кога вчера ја отворив вашата врата, вие не знаевте кој ви доаѓа. Овдека е во прашање токму мојата

фантазија, како што вие пред малку се изразивте, мојата фантазија и само мојата. Можете на секого да му гледате в очи смело и победнички!

— Твоите зборови, таа насмевка, еве веќе цел час ме исполнуваат со студен страв. Таа „среќа“, за која ти зборуваш толку свирепо ме чини . . . сè. Зарем сега можам да те изгубам? Ти се колнам, вчера помалку те сакав. Па зошто денес ми одземаш сè? Знаеш ли ти колку чини за мене таа, таа нова надеж? Со живот сум ја платил.

— Со својот или со туѓ?

Тој брзо се поткрена.

— Што значи тоа? — запраша гледајќи ја со вкочанет поглед.

— Дали сте ја платиле со својот или со мојот живот? Тоа сакав да прашам. Или сега ништо не можете да сфатите? — пламна Лиза. — Зошто скокнавте толку нагло? Зошто ме гледате така? Ме застрашувате. Зошто вие постојано се плашите? Одамна сум забележала дека вие се плашите, и тоа токму сега, токму денес . . . Господи, колку бледнеете.

— Ако ти, Лизо, нешто знаеш, јас, јас, ти се колнам, не знам ништо . . . ниту пред малку за она нешто споменував кога реков дека со својот живот сум платил . . .

— Ништо не ве разбирам — проговори таа, подзастанувајќи бојазливо.

Најпосле, тивка, замислена насмевка се појави на неговите усни. Тој полека ги потпре лактите на колениците и го покри лицето со рацете.

— Грд сон и бунило . . . Ние разговаравме за две различни работи.

— Ништо не знам за што зборувавте . . . Дали знаевте вчера дека денес ќе си одам откај вас? Да или не? Не лажете ме, дали знаевте?

— Знаев . . . тивко изусти тој.

— Па тогаш, што сакате? Го знаевте и „моментот“ сте го зеле и сте го оставиле зад себе. Па какви се тогаш сметките?

— Кажи ми ја чистата вистина — извика тој со длабока мака — кога вчера ја отвори мојата врата, дали и ти самата знаеше дека ја отвораш колку само за еден час?

Таа го погледна со омраза.

— Вистина е, и најсериозниот човек може да поставува најчудни прашања. А зошто се вознемирувавте поради тоа? Да не е од самољубието дека вас жената прва ве остава, дека не ја оставате вие неа? Знаете, Николај Всеволодович, откако сум овде, кај вас, се уверив дека, помеѓу другото, вие спрема мене сте многу великодушен; а јас токму тоа не можам да го поднесам од вас.

Тој стана и направи неколку чекори по собата.

— Добро, нека мора да се сврши така... но како можело сето тоа и да се случи?

— Не е важно! А што е главно, вие тоа самиот го знаете на прсти и го разбирате подобро од кој и да е на светот, и самиот со тоа и сметавте! Јас сум госпоѓица, благородничка, моето срце е воспитувано во опера — ете, како и од каде започна, тоа е целиот одговор.

— Не е.

— Нема тука ништо што би можело да го разниша вашето самољубие; и сѐ е совршена вистина. Започна од убавиот „момент" што јас не можев да го поднесам. Оној пат, кога пред целиот свет јавно ве „навредив", а вие ми одговоривте како рицар, отидов дома и веднаш погодив дека од мене бегавте зашто сте оженет, а никако зашто ме презирате; а јас пак, како госпоѓица од високиот свет, најмногу се плашев од презирот. Сфатив дека вие мене, со своето бегање само сте ме штеделе. Гледате колку ја ценам вашата великодушност. На тоа дојде Петар Степанович и сѐ ми разјасни. Ми довери дека ве движи голема мисла, пред која ние двајцата сме ништо, и јас и тој, но дека сепак јас ви го препречувам патот. И себеси се вбројуваше; по секоја цена сакаше да бидат тројца и ми зборуваше некои претерано фантастични работи за некаков чун и кленови весла, од некоја руска песна. Го пофалив и му реков дека

е поет, а тој тоа го прими како најздрава монета. А бидејќи јас одамна знаев дека немам долг век и дека мене треба само да ми се даде „знак“, го примив она и се решив. И тоа е сè, и доста е, и ве молам — повеќе без објаснување. Може дури и да се скараме. Не плашете се од никого, јас сè примам на себе. Јас сум лоша, каприциозна, ме заведе оперскиот чин, јас сум госпоѓица, благородничка... Но, знаете ли, сепак мислев дека вие којзнае колку ме сакате. Не презирајте ја лудата глава и не смејте ѝ се на оваа солза што сега падна. Јас страшно сакам да плачам, „жалејќи се себеси“. Но доста. За ништо не сум способна, ни вие не сте за нешто способен; две играчки од две страни, и со тоа да се утешиме! Барем не страда самољубието.

— Сон и бладање! — извика Николај Всеволодович кршејќи си ги рацете и шеткајќи по собата. — Лизо, кутра, што си направила од себе?

— Се изгорив на свеќа, и ништо повеќе. Да не плачете и вие? Бидете светски човек, бидете помалку чувствителен...

— Зошто, зошто дојде кај мене?

— Но, зарем вие најпосле не разбирате во каква смешна ситуација се поставувате со таквото прашање?

— Зошто самата се упропасти толку грдо и толку глупо и што ќе правиме сега?

— И тоа е тој Ставрогин, „крвопиецот Ставрогин“, како што ве наречува една дама овде, вљубена во вас! Слушајте, веќе ви реков: јас својот живот го имам пресметано на еден момент и мирна сум. Пресметајте го така и вие својот... впрочем, вие немате зошто, зашто ќе имате уште многу разни „моменти“ и „мигови“.

— Толку колку и ти; ти го давам својот голем збор; ни миг повеќе отколку ти!

Тој постојано одеше и не го гледаше нејзиниот брз и проникалив поглед, одеднаш како неочекувано осветлен одненадеж. Но зракот на светлоста веднаш ѝ згасна.

— Кога би ја знаела ти цената на мојата сегашна и невозможна искреност, Лизо, Лизо, кога само би можел да ти доверам...

— Да се довери? Вие сакате нешто да ми доверите? Бог да ме зачува од вашите исповеди! — му се вмеша во зборот скоро со страв.

Тој застана и чекаше вознемирено.

— Морам да ви признаам, во мене уште тогаш, во Швајцарија, се зацврсти мислата дека на вашата душа лежи нешто страшно, нечисто и крваво, кое истовремено ќе нè стави и во мошне смешна ситуација... Чувајте се да ми се исповедате, ако е тоа така — ќе ви се смеам. Ќе ви се смеам гласно, целиот свој живот... Зошто, пак бледнеете? Не сакам, не сакам, веднаш ќе си одам — таа брзо скокна од столот, со движење на гадливост и презир.

— Измачувај ме, казни ме, истури ја на мене омразата! — извика тој во очај. — Наполно си во право! Јас знаев дека не те сакам и те упропастив. Да, „го оставив зад себе моментот“; имав уште една надеж... уште одамна последно... Не можев да ја издржам светлината што ми го огреа срцето вчера кога дојде, ти самата, ти прва. Поверував!... Можеби верувам уште и сега.

— Таквата благородна отвореност ќе ја вратам на ист начин: јас не сакам да бидам ваша болничка сестра. Дури да станам и чуварка, ако не стасам да умрам во оваа згодна прилика и уште денес, но и ако станам тоа, кај вас нема да дојдам, иако се разбира, вие вредите колку и секое суштество без рака или без нога. Секогаш ми се чинело дека ќе ме заведете и ќе ме однесете таму некаде каде што има грамаден зол пајак со човечки раст и дека цел живот ќе го гледаме тој пајак и ќе се плашиме од него. Во тоа ќе помине нашата заемна љубов. Замолете ја Дашенка, таа со вас ќе појде каде што сакате.

— А вие не можете и сега да не ја споменете?

— Кутрото кученце! Поклонете ѝ се. Знае ли таа дека вие уште во Швајцарија си ја планиравте за својата старост? Каква грижа! Каква претпазливост! Леле, кој е тоа?

Во длабочината на собата вратата одвај осетно се отвори; нечија глава се проври и пак брзо се скри.

— Дали си ти, Алексеј Егорич? — запраша Ставрогин.

— Не, тоа сум само јас — пак до половина се појави Петар Степанович. — Добро утро, Лизавета Николаевна! Во секој случај, добро утро! Знаев дека двајцата ќе ве најдам во оваа соба. Дојдов точно на еден единствен миг, Николај Всеволодович — побрзав по секоја цена, само на два збора... неизбежни... само два збора.

Ставрогин тргна, но по три чекори се врати кај Лиза.

— Лизо, ако овој час нешто чуеш, знај дека виновникот сум јас!

Таа се тргна и го погледна страшливо; тој брзо излезе.

II

Собата откаде што наѕираше Петар Степанович беше големо овално претсобје. Покрај гостинот тука беше и Алексеј Егорич, но гостинот го ослободи. Николај Всеволодович ја затвори зад себе вратата од која излезе и застана во очекување. Петар Степанович го погледна брзо и прашално.

— Значи, ако веќе знаете — забрза Петар Степанович, како што се чини, со желба да му влета во душата со очите — тогаш, се разбира, никој од нас за ништо не е виновен, а пред сѐ не сте вие, бидејќи ова е многу чудна случајност... совпадливост на случајности... со еден збор, правната работа не може да се однесува на вас и побрзав навреме да ве известам.

— Изгорени? Убиени?

— Убиени, но не се изгорени, тоа е она што е лошо, но ви давам чесен збор дека јас ни тука не сум виновен, колку и да се сомневате вие — зашто вие можеби се сомневате? Нели? Ако ја сакате чистата вистина, тогаш знаете, мене моментно ми светна

мислата на тоа — па вие самата скришум ми ја навестивте (несериозно, туку да ме закопкате, зашто вие сериозно и не би ја навестиле) но јас не се решив нити би се решил, по никоја цена, ни за сто рубли, а тука и нема никаква добивка, тоест за мене, за мене нема... — (тој ужасно брзаше и брбореше како воденица). — Но да видите сега случајности: од свои пари (слушате, од свои, од вашите ни рубља — што е главно, вие тоа самиот го знаете), од своите пари му дадов на оној пијан Лебјаткин 230 рубли, му ги дадов некни прикечеринaта, слушајте добро, некни, а не вчера по предавањето, внимавајте на тоа, тоа е мошне важно, поради тоа што јас тогаш навистина ни малку не знаев дали Лизавета Николаевна ќе ви дојде или не; а своите пари ги дадов затоа што вие тогаш покажавте мошне убаво дека сте наумиле својата тајна да му ја објавите на целиот свет. Во тоа, впрочем, не сакам да навлегувам, ваша работа е... рицар... но, право да си кажам, сепак сум изненаден како да ме удрил стап среде чело. Но бидејќи премногу ми здодеаја сите тие трагедии и сè и сешто — внимавајте, јас зборувам сериозно, иако се служам со старословенски изрази — бидејќи сето тоа, најпосле, им штети на моите планови, се зареков Лебјаткин по секоја цена и без ваше знаење да го испратам во Петроград, уште повеќе дека и самиот настојуваше да отиде. Една грешка: парите ги дадов во ваше име — грешка или не? Но слушајте сега, слушајте како се искриви сето тоа...

Во пламенот на говорот тој сосема му се приближи на Ставрогин и почна да го фаќа за реверот од палтото (а можеби и намерно). Ставрогин со силен замав го удри по раката.

— Ама што ви е... доста... така можете раката да ми ја скршите... Главно е сега како сето тоа се искриви — забрбори тој повторно, а за ударот повеќе не мислеше. — Јас прикечеринaта ги давам парите за тој, со сестрата, утредента штом се раздени, да отпатува; и таа мала работа му ја доверувам на оној никаквец Липутин, тој лично да ги испрати. Но, на никаквецот му се допаднало да се по-

шегува со публиката како ученик — можеби сте чуле? На предавањето. Слушајте, ама слушајте, живи бога обајцата пијат, ја составуваат песната, од која што половината е на Липутин; овој него го облекува во фрак додека мене ме уверува оти уште изутрината го испратил, а него го чува негде во некое зафрлено сопче, за потоа да го истурка на естрадата да се лигави. Но овој се опива, брзо и неочекувано. Потем доаѓа познатиот скандал, потем него полумртов го донесуваат дома, а Липутин скришно му зема двесте рубли и му остава само ситни. Но, по несреќа, овој уште изутрината ги вадел од џебот тие двесте рубли, се фалел и ги покажувал каде што не треба. А бидејќи Фетка само на тоа и чека, а многу нешто чул и кај Кирилов (си спомнувате ли, вашиот миг?), тој се решава да се користи. И, ете, тоа е целата вистина. Мило ми е дека Фетка не ги нашол барем парите... а ваму сметал на илјади, никаквец! Брзал, а уште, како што изгледа, се уплашил и од пожарот... Верувајте, тој пожар ми дојде како цепеница по главата. Тоа е... самиот ѓавол ќе знае што е тоа! Тоа е самовластие, и уште какво. Ете гледате, јас од вас, од кого многу очекувам, навистина не сакам да кријам; значи, да, во мене одамна зрееше една толку згодна идеја, за палеж, зашто таа е мошне народна и популарна, но ја чувам за критичниот час, за оној скапоцен момент кога сите ние ќе востанеме и... кога, туку тие одеднаш го смислиле тоа, самоволно и без наредба го изведоа сега, во моментот кога требаше токму притајување и да се дува во тупаницата! Секако тоа е големо самовластие! Јас уште не знам ништо, но се зборува за двајца работници на Шпигулини... но ако тука има и н а ш и, ако макар само еден од нив ги греел тука своите раце — тешко нему! Гледате ли што значи кога макар за трошка ќе ви се попушти! Не, тој демократски талог со своите „петки“ е лоша потпора; тука е потребна една прекрасна, кумирски деспотска волја, која не се потпира на нешто случајно и што стои надвор... Тогаш и петките ќе си ги свиткаат опашките во покорност и, кога ќе потреба, послушно ќе послужат... Но, за

секој случај, иако сега во сите труби се свири дека на Ставрогин му било потребно својата жена да ја запали и дека поради тоа и градот изгори, јас...

— А, веќе се труби, труби?

— Па, всушност, ништо не се труби и, признавам, просто ништо и не чув, но жими бога, што да се прави со народот, особено со погорелците? Глас народен, глас божји? Зарем треба многу па најглупиот глас да се пушти по ветрот?... Се разбира, всушност, вие нема од што да се плашите. Прво, вие правно сте обезбеден, а и по совеста сте чист и невин — зашто вие тоа не го сакавте, нели? Не? Нема никакви докази? Сè е само збир на околности... Освен ако Фетка ги запаметил вашитѐ невнимателни зборови, тогаш, кај Кирилов. (А зошто тогаш и сте ги изговориле?), па сепак, ни тоа не докажува ништо; а на Фетка ќе му го скусиме јазикот; уште денес ќе му го скусам...

— А труповите не се сосема изгорени?

— Ни малку; тој никаквец не знаел ништо да среди како што треба. Но мене ми е мило дека барем вие сте толку спокоен... зашто вие не сте за ништо виновен, дури ни во мислата, но сепак... Секако ќе ми признаете дека сето тоа вашата работа корисно ја средува: одеднаш станавте слободен, вдовец, и овој час можете да се ожените со прекрасна девојка со големо богатство, и која на тоа згора уште е во вашите раце. Ете, што може да направи простиот и глуп збир на околности, нели?

— Вие ми се заканувате, глупа главо?

— Ех, сешто, сешто! Сега веќе веднаш сум глупа глава! И каков е тој тон? Место да се радувате, а вие... Јас долетав вам со намера да ве известам... А со што би можел да ви се заканувам? Токму поради заканите вие сте ми потребен! Токму! Мене ми е потребна вашата добра волја, а не вашата согласност од страв. Вие сте светлост и сонце... Јас од вас чувствувам страв најголем страв, а не вие од мене! Па не сум јас Маврикиј Николаевич... Ах, замислете, летам јас вам на кола, а кога — Маврикиј Николаевич, овде,

тука, кај оградата од вашиот парк, онаму одзади, на крајот од паркот... во шинел, целиот изводенет — сигурно цела ноќ киснел! Чуда! До каде се споулавуваат луѓето.

— Маврикиј Николаевич! Навистина?

— Навистина, навистина. Ене го крај оградата... Одовдека, одовдека на триста чекори, мислам. Јас брзав да се провлечам крај него, но ме виде. А вие не знаевте? Во тој случај, многу ми е мило дека не заборавив тоа да ви го кажам. Токму таков е најопасен, само ако случајно има револвер, а на тоа згора, најпосле, ноќ, влажно време, природна чувствителност — зашто, какви се само неговите услови! Ха, ха! Што мислите вие, зошто кисне таму?

— Се разбира, ја чека Лизавета Николаевна.

— Види! А зошто би одела таа кај него? И... по овој дожд... колку е глупав!

— Таа сега веднаш ќе појде кај него.

— Ехеј! Види новост! Значи... ама, слушајте, сега нејзините работи сосема се менуваат; зошто ѝ е сега Маврикиј, вие сте слободен вдовец, можете уште утре да се ожените со неа, нели? Таа тоа уште и не го знае... оставете ми го тоа мене, јас веднаш сѐ ќе изработам. Каде е таа, треба и неа да ја израдуваме.

— Да се израдува?

— Ами како, ајде.

— Вие мислите дека нејзе не ѝ текнува за тие трупови? — Ставрогин замижи некако особено.

— Се разбира, не ѝ текнува — прифати Петар Степанович играјќи глупак — поради тоа што, навистина, правнички... ех, вие! Па нека ѝ текне! Сето тоа кај жените вонредно се губи во сенка — уште вие не ги знаете жените! Освен тоа, за неа сега целата игра е во тоа да се омажи за вас, бидејќи себеси се осрамоти; освен тоа, јас ѝ ја наполнив главата за „чунот", имено, увидов дека токму со тој чун на неа може да се влијае. Значи, од тој калибар е таа девојка. Не грижете се, таа ќе премине преку тие трупчиња, колку убаво ќе биде, ихааа, колку убаво, дотолку повеќе што вие сте сосема невин, нели? Зарем не е вистина. Тие малку трупови таа ќе ги чува за

вас потем малку да ве задева, така, во втората година на бракот. Кога жената го зема венецот, секогаш се снабдува со што и да е од тие старудии на мажот, но тогаш, што ќе биде тогаш, по една година? Ха, ха, ха!

— Кога сте дошле со кола, тогаш неа веднаш однесете ја кај Маврикиј Николаевич. Токму сега рече дека не може да ме трпи и дека ќе ме остави. Се разбира, од мене кола не ќе земе.

— Види! Ама зарем навистина сака да оди? Од каде тоа? — погледна Петар Степанович будалесто.

— Сношти увиде дека јас ни малку не ја сакам... кое, впрочем, секогаш и го знаела.

— А зарем не ја сакате? — прифати Петар Степанович со израз на бескрајно чудење. — Па кога е така, тогаш зошто ја примивте вчера кога ви дојде? И зошто, како благороден човек веднаш не ја известивте дека не ја сакате? Тоа е мошне грдо од вас; а и мене, во каква гадна ситуација мене пред неа ме поставивте?

Ставрогин одеднаш се насмеа.

— Му се смеам на својот мајмун — објасни тој веднаш.

— А! Погодивте дека фатив да лудувам! — се насмеа и Петар Степанович чудно весело; — сакав да ве насмеам! Замислете, јас веднаш, штом влеговте вам, по вашето лице погодив дека имате „несреќа“... Дури можеби и полн неуспех, а? Е, се обложувам — извика тој скоро душејќи се од љубопитност — дека цела ноќ во една соба сте го губеле скапоценото време на препирка за каква било голема благородност! Туку проштавајте, проштавајте! Што ми е? Јас уште вчера со сигурност знаев дека вие тоа со глупост ќе го завршите. Ви ја донесов само за да се забавите и да ви докажам дека со мене нема да ви биде здодевно; за такво нешто и триста пати ќе ви чинам; јас воопшто сакам на луѓето да им бидам пријатен и да им угодувам. А ако таа сега не ви е потребна, а јас со тоа и сметав, ех, тогаш, тогаш само поради тоа и ја доведов, тогаш...

— Значи, сте ја довеле само заради моја забава?
— А зошто прашувате?
— А не за да ме принудите својата жена да ја убијам?
— Види! А зарем вие ја убивте? Ама трагичен човек ти е овој!
— Сеедно, ја убивте вие.
— Зарем ја убив јас? Та зарем не ви реков: јас тука ни трошка не сум замешан. Сепак, вие почнувате да ме вознемирувате.
— Продолжете! Рековте: „ако сега таа не ви е потребна, тогаш“ ...
— Тогаш оставете ми ја мене, се разбира! Јас вонредно ќе умеам да му ја предадам на Маврикиј Николаевич, кого помеѓу другото, никако јас не го наместив онаму долу во паркон; немојте уште тоа да си го ставите себеси во главата. Јас сега се плашам од него. Вие рековте во колата ... Јас тоа само онака патем го изустив. А што ќе се прави ако тој има револвер? Добро е дека го зедов својот. Еве го (тој од џебот го извади револверот, го покажа и веднаш пак го скри), го зедов поради долгиот пат. Впрочем, сето тоа јас часкум ќе го средам ... Нејзиното срценце токму сега боледува по Маврикиј Николаевич ... мора да боледува ... и, знаете, богами, дури ми е по малку и жал за неа! Ќе ја составам со Маврикиј, а таа веднаш ќе почне да се сеќава на вас, фалејќи ве, фалејќи ве пред него, а него в очи ќе го навредува — женско срце! Гледај, вие се смеете! Многу ми е мило дека толку се развеселивте ... Значи, ајде! Ќе почнам прво со Маврикиј, а за оние ... за убиените ... знаете, не ќе биде ли добро сега да се помолчи? И без тоа потем ќе се дознае.

Одеднаш Лиза се појави во вратата.

— За што ќе дознаам? Кој е убиен? Што рековте за Маврикиј Николаевич? — одненадеж рече Лиза.
— А! Вие сте наслушнувале!
— Што рековте сега за Маврикиј Николаевич? Убиен е?
— А! Значи, не сте чуле добро! Бидете мирна, Маврикиј Николаевич е жив и здрав, во што можете

веднаш да се уверите, зашто тој е овде крај патон, крај оградана... изгледа дека целата ноќ тука ја поминал; искиснал, во шинелот е. Јас поминав крај него, ме виде.

— Тоа не е вистина. Вие рековте „убиен"... Кој е убиен? — прашуваше таа упорно, со мачна недоверливост.

— Убиена е мојата жена, нејзиниот брат Лебјаткин и нивната слугинка — рече Ставрогин решително.

Лиза потрепери и страшно побледи.

— Ѕверски необичен случај, Лизавета Николаевна, најглуп случај на злосторство — веднаш забрбори Петар Степанович; — само грабеж, случај каде што крадецот се користел со пожар; дело на разбојник, на Фетка Робијашот, и лудиот Лебјаткин, кој своите пари секому му ги покажувал... Затоа и дотрчавваму... како камен в чело... Ставрогин одвај ја поднесе веста што му ја донесов. Ние овде се советувамe дали веднаш да ви кажеме или не.

— Николај Всеволодович, дали ја зборува тој вистината? — одвај изусти Лиза.

— Не, зборува невистина.

— Како невистина! — се тргна Петар Степанович; — што е сега тоа?

— Господи, ќе полудам! — извика Лиза.

— Ама разберете дека сега тој е луд човек! — викаше Петар Степанович многу силно; зашто, најпосле, жена му е убиена! Гледате ли колку е блед! Цела ноќ поминал со вас, ни за момент не отишол, па како, може на него живи бога да падне сомневање?

— Николај Всеволодович, кажете како пред господ дали сте виновен, а јас на вашиот збор ќе му верувам како на господов збор, ви се колнам, и ќе одам со вас на крајот на светот, о, ќе одам! Ќе одам како кученце...

— Зошто ја кинете, вие, фантастична главо — се разбесни Петар Степанович. — Лизавета Николаевна, богами, истолчете ме во аван ако тој не е невин; напротив, убиен е тој и блада, гледате. Ништо, ништо не е виновен, дури ни во мислата! Сето е само чин на разбојникот, кој за една недела ќе биде про-

најден и со камшиќ тепан. Тоа се Федка Робијашот и работниците на Шпигулини, тоа го извикува целиот свет, па затоа и јас...

— Дали е вистина? Дали е вистина? — прашуваше Лиза треперејќи целата во очекување на последната пресуда.

— Јас не сум ги убил, и на тоа се противам, но знаев дека ќе бидат убиени, и убијците не ги задржав. Одете си од кај мене, Лизо — изусти Ставрогин и тргна во собата.

Лиза го покри лицето со рацете и излезе од куќата. Петар Степанович сакаше да отрча по неа, но се врати во собата.

— Така вие? Така вие? Така вие од ништо не се плашите? — налета тој на Ставрогин, помамно, мрморејќи ги зборовите без врска и скоро не мерејќи ги, со пена на усните.

Ставрогин стоеше среде собата без збор. Со левата рака полека беше дофатил едно перче од својата коса и збунето се насмевнуваше. Петар Степанович силно го повлече за ракавот.

— Пропаднавте сега! Што мислите вие, зошто ни се потребни устите? Секого ќе обвините, а самиот ќе отиде во манастир, или по ѓаволите... Но, седно, јас ќе ве истепам до смрт па макар и да не ви е страв од тоа?

— Ах, вие брборите! — го здогледа најпосле Ставрогин. — Трчајте! — се тргна тој нагло — трчајте по неа, наредете да донесат кола, не оставајте ја... Трчајте, трчајте, живи бога! Однесете ја дома, никој да не дознае, и да не отиде таму... каде што се телата... телата... Ставете ја со сила во колата... Алексеј Егорич! Алексеј Егорич!

— Застанете, не викајте! Таа е сега веќе во прегратките на Маврикиј Николаевич. Нема Маврикиј да седне во вашата кола. Застанете! Ова чини повеќе од колата!

Тој пак го извади револверот; Ставрогин го погледна сериозно.

— Па што, убијте — изусти тој тивко, скоро помирливо.

— Ух, по ѓаволите, каква лага човек на себе навлекува — затрепери Петар Степанович. — Господ да го убие! И, навистина, бездруго морала да плукне на вас! Каков чун сте ми вие! Вие сте само издупен чун на распаѓање!... Де, треба да се свестите, макар од лошотија, макар од пакост! Е — ех! Навистина, вам, изгледа, сè ви е сеедно, кога самиот си барате куршум во челото?

Ставрогин чудно се насмевна.

— Да не сте таков лудак, јас можеби сега и ќе речев да... Само да сте за една ронка поумен! — рече Ставрогин.

— Добро, јас сум лудак, но не сакам и вие, мојата поважна половина, да бидете лудак! Дали ме разбирате?

Ставрогин разбра, можеби единствено тој. Зарем Шатов не се зачуди кога Ставрогин му рече дека Петар Степанович има ентузијазам?

— Одете си сега откај мене по ѓаволите, а до утре јас од себе ќе исцедам што и да е. Дојдете утре.

— Навистина? Навистина?

— Од каде да знам! По ѓаволите, по ѓаволите!

И излезе од собата.

— А можеби е и подобро — промрмори Петар Степанович за себе засолнувајќи го револверот.

III

Тој истрча да ја стаса Лизавета Николаевна. Уште не беше отидена далеку, само неколку чекори од куќата. Како да ја задржал Алексеј Егорич, кој и сега оди по неа, на еден чекор далеку, во фрак, наведнат покорно, без капа. Тој непрестајно ја моли да го почека екипажот; стариот беше уплашен, скоро плачеше.

— Оди си! Господинот моли за чај, нема кој да го послужи — го оттурна Петар Степанович, па без прашање веднаш ја зеде под рака Лизавета Николаевна.

Таа не ја оттргна раката; изгледаше како да не е сè уште сосема свесна.

— Пред сè, вашиот пат не води таму — пропелтечи Петар Степанович, — треба да одиме одовде, а не крај паркот; а потоа секако, пеш не може да се оди, до вашата куќа има три врсти и вие не сте ни облечена за тоа. Кога би причекале малку. Јас имам кола, овде е, за миг ќе ја донесам, ќе ве сместам во колата и ќе ве однесам, така што никој и не ќе забележи.

— Вие сте многу добар ... — проговори Лиза мило.

— Оставете, ве молам — секој хуман човек, на моето место и во слична ситуација, ќе го направи истото ...

Лиза го погледна и се зачуди.

— Ах, господи, а јас мислев дека е тоа уште оној стариот ...

— Слушајте, ве молам, многу ми е мило дека вие сето тоа така го земате, зашто сето тоа е најстрашна предрасуда. И кога веќе така тргна, зарем тогаш не е подобро јас на старецот веднаш да му наредам да ја приготви колата — само десет минути — а ние да се вратиме и да почекаме пред главниот влез, а?

— Најнапред сакам ... каде се оние убиените?

— Ах, пак фантазија! Тоа и ме плашеше. Не, подобро тие ситници да ги оставиме настрана; нема вие што да видите таму.

— Јас знам каде се, ја знам таа куќа.

— Е, па што, и да знаете! Ве молам, дожд, магла (прекрасна должност си зедов на себе)! Слушајте, Лизавета Николаевна, ви останува едното или другото: или ќе тргнете со мене во колата, и тогаш ќе почекате, или чекор потаму нема да одиме, зашто ако отидеме уште дваесет чекори, тогаш нас бездруго ќе нè забележи Маврикиј Николаевич ...

— Маврикиј Николаевич? Каде е? Каде е?

— Е, ако сакате со него, тогаш молам уште малку да ве придружувам и да ви покажам каде е тој, па потем слуга покорен; јас не сакам сега да му приоѓам.

— Тој ме чека, господи! — таа застана нагло и руменило ѝ се разлеа по лицето.

— Но, ве молам, ако е тој човек без предрасуди!... Лизавета Николаевна, знаете, сето тоа не е моја работа; овде јас сум сосема споредна личност, вие тоа и самата го знаете, но сепак ви пожелувам секакво добро... Кога нашиот „чун" не ни успеа, кога се покажа дека е сето тоа само стар, гнил чун добар само да се распадне...

— Ах, прекрасно! — извика Лиза.

— Прекрасно, а вам у ви течат солзи! Тука е потребна срченост. Во ништо не треба да му се отстапува на мажот. Во нашиот век, кога жената... Ух, по ѓаволите! (Петар Степанович само што не плукна.) А што е главно, за ништо да не се жалат; уште се може да се сврти кон најдобро. Маврикиј Николаевич е човек... со еден збор, човек со чувства, иако не е многу зборлест, што е, инаку, исто така добро, секако под услов да е без предрасуди...

— Прекрасно, прекрасно! — се насмеа Лиза хистерично.

— Ама, по ѓаволите... Лизавета Николаевна — одеднаш се најде навреден Петар Степанович; живи бога, јас ова го зборувам сериозно, го правам само поради вас... зашто што ми е... Вчера ви бев на услуга, кога сето тоа самата го посакавте, а денес... Ех, еве, одовде се гледа Маврикиј Николаевич, ене го седи, не нè гледа. Знаете, Лизавете, сте ја читале „Полинка Саксова"?

— Што е тоа?

— Новела, „Полинка Саксова". Ја читав уште како студент... Некаков си чиновник Сакс, имашлив човек, ја затворил жената во куќата, поради неверство... Но, по ѓаволите тој расказ, плукам јас на тоа! Еве, ќе видите дека Маврикиј Николаевич ќе ви ја понуди својата рака пред да стасате до дома. Уште не нè гледа.

— Ах, и нека нè гледа! — извика Лиза одеднаш како безумна; — Ајде, ајде одовде! Во шумата, в поле!

И таа отрча назад

— Лизавета Николаевна! Тоа е веќе мошне малодушно! — трчаше по неа Петар Степанович. — И зошто не сакате да ве види? Напротив, треба отворено и гордо да му погледате в очи... Ако мислите нешто, на о н а... моминското... па тоа е само предрасуда, чиста застареност... Но кај одите, живи бога, каде? Ех, да бегате! Подобро да се вратиме кај Ставрогин, да ја земеме мојата кола... Па каде одите? Таму е поле — види, падна!

Тој застана. Лиза леташе како птица, не знаејќи каде; Петар Степанович застана педесетина чекори зад неа. Таа падна, се сопна од стебло. Во тој момент, оддади, отстрана, се разнесе силен извик, извикот на Маврикиј Николаевич, кој виде како трча и паѓа Лиза, па и тој преку полето трчаше кон неа. Петар Степанович за еден миг отстапи спрема вратите на куќата на Ставрогин, за што побрзо да седне во својата кола.

А Маврикиј Николаевич, во голем страв, веќе стоеше крај Лиза — таа веќе потстана: се наведна и нејзината рака ја држеше во својата. Неверојатните околности на ваквата средба му го потресоа мозокот, солзи му течеа низ лицето. Виде како таа на која тој ѝ укажуваше најголема почит, безумно трча преку полето, во ова време, по вакво време, само во лесен фустан, сега истуткан, извалкан од паѓањето . . . Не можеше ни збор да прозбори; го симна својот шинел и со растреперени раце ѝ ги покри плеќите. Па одеднаш извика, чувствувајќи дека таа со усните ја допре неговата рака.

— Лизо! јас ништо не разбирам, но не терајте ме на страна од себе!

— Да, да, ајде што побрзо одовде, немојте да ме оставите! — па го зеде за раката и го поведе. — Маврикиј Николаевич — одеднаш го спушти таа гласот преплашено — јас онаму постојано се охрабрував, а овде се плашам од смртта. Јас ќе умрам, ќе умрам многу брзо, но се плашам, се плашам да умрам... — шепотеше и цврсто ја стегаше неговата рака.

— Ох, барем да има некој да помине... се обѕираше тој очајно; — да има барем некој патник! Нозете ќе ги исквасите, вие... ќе изгубите памет!

— Ништо, ништо — го осмелуваше таа — вака, покрај вас, помалку ми е страв, држете ме за раката, водете ме... каде одиме сега, дома? Не, јас сакам прво да ги видам убиените. Велат ја заклале неговата жена, а тој вели дека ги убил самиот. Тоа не е вистина, не е вистина, нели? Сакам да ги видам заклаките... поради мене... поради нив тој сношти престана да ме сака... Сакам сѐ да видам и сѐ да дознаам. Побрзо, побрзо, јас ја знам таа куќа... таму гореше... Маврикиј Николаевич, пријателу, немојте да ми простите мене, нечесната. Зошто да ми простите? Зошто плачете? Удрете ме по лицето, убијте ме овде во полево, како куче!

— Никој сега не е ваш судија изјави Маврикиј Николаевич со цврст глас. — Господ нека ви прости, а јас сум ваш судија помалку од секој друг!

Но ќе биде чудно да се опишува нивниот разговор. Тие двајцата одеа, подрака, брзо, како полуспоулавени. Се упатија прво кон пожарот.

Маврикиј Николаевич уште не губеше надеж дека ќе сретне некоја кола; но никој не наиде. Ситниот, танок дожд целата околина наполно ја пробива, го голта секој отсјај и се претвора во замаглена, сива, еднолична маса. Одамна е веќе ден, а се чини дека не се разденило. Одеднаш, во таа темна, студена магла се оцрта некоја појава, необична и незамислива, доаѓајќи во пресрет. Замислувам да сум бил јас на местото на Лизавета Николаевна, јас, ми се чини, не би им верувал на своите очи; а таа, меѓутоа, радосно извика и веднаш го позна човекот што им се приближуваше. Тоа беше Степан Трофимович. Како отишол тој од куќата и на кој начин можела да се оствари неговата безумна идеја, идеја од главата, за бекство — за тоа подоцна ќе зборуваме. Ќе споменам само дека тој тоа утро веќе имаше треска, но ни болеста не можеше да го запре; со цврст чекор одеше по водената ледина; се гледаше дека покрај целото свое неискуство и непрактичност, поради кабинетскиот жи-

вот, за својот потфат размислил колку што можел и умеел најдобро. Облечен „патнички“, тоест во шинел, опашан со широк појас од лакирана кожа, на нозете имаше длабоки нови чевли и панталони со доколеници. Веројатно дека одамна вака ги замислувал патниците; а појасот и длабоките чевли со сјајните гусарски доколеници, во кои и не умееше да се снајде, ги имаше најдено неколку дена порано. Неговиот костум го дополнуваше паларијата со широка периферија, шал од камилска волна, со кој добро го завиткал вратот, стап во десната рака, а во левата мошне мала, но тешко накрцкана патничка торба. Притоа уште во десната рака држеше и отворен чадор. Овие три предмети, чадорот, стапот и торбата за целата прва врста одење му беа мошне незгодни за носење, а потоа веќе и тешки.

— Дали сте навистина вие? — извика Лиза гледајќи го со тажно чудење, што го замени првиот нејзин несвесен бран на радост.

— Лиза! — извика и Степан Трофимович, па и тој отрча кон неа, скоро во бунило. — Драга, драга, да не сте и вие . . . во ваква магла? Гледајте: руменило на пламенот! Вие сте сите несреќни, нели? Гледам гледам не зборувајте, но ни вие мене не прашувајте ме. Ние сите сме несреќни, но треба на сите да им се прости. Проштавај, Лизо и ќе бидеме засекогаш слободни. За да се разделиме со светот и да станеме наполно слободни, треба да проштаваме, да проштаваме, да проштаваме.

— Но зошто клекнавте?

— Затоа што, проштавајќи се од светот, сакам во вашиот лик да се простам и со целото свое минато! — тој се расплака и обете нејзини раце ги принесе кон своите насолзени очи. — Паѓам на колена пред сето она што во мојот живот било прекрасно, го прегрнувам и му благодарам! Јас сега се разбив на две половини: онаму е безумник што најаве сонувал да се извиши на небото дваесет години! Овде, снеможен и измрзнат старец, гувернер. Кај тој трговец, ако воопшто постои тој трговец . . . Туку, Лизо, колку сте

накиснале! — извика тој и скокна на нозе, чувствувајќи дека неговите колена се извлажниле на водената земја; — а како се случило да сте во тој фустан?... и да одите пеш и да сте на ова поле... Плачете? Ах, чув нешто... Но од каде вие сега овде, — забрза тој со прашањата, со бојазливо лице и со длабоко неверување спрема Маврикиј Николаевич; – знаете ли колку е часот?

— Степане Трофимович, дали сте чуле нешто за убиените луѓе?... Дали е тоа вистина? Вистина е?

— Тие луѓе? Цела ноќ го гледав црвенилото на нивното дејствување. Тие поинаку не можеа да завршат... (Очите пак му засветкаа.) Бегам од бладачките соништа, од трескавичното бунило, бегам да ја барам Русија, постои ли таа Русија? Та тоа сте вие, шер капетан? Никогаш не сум се посомневал дека ќе ве најдам каде било на некој голем подвиг... Но, земете го мојот чадор, Лиза — и зошто морате токму пеш да одите? Живи бога, земете го барем чадоров, за мене е сеедно, ќе најдам негде некаков екипаж. Јас одам пеш затоа што Стаси (тоест Настасија), да дознаеше дека сакам да одам, ќе се развикаше преку целата улица! а јас сакав да излезам кришум, колку што се може повеќе инкогнито. Не знам, но таму во оној „Глас“, пишува за непрестајни разбојништва; но, мислам, можеби не може да се случи штом ќе излезам на пат веднаш да налетам на разбојници. Драга Лиза, ми се чини, вие рековте дека некој некого убил? О, господи, вам ви е лошо!

— Ајде! Ајде! — извика Лиза како во нервен напад и пак го повлече Марвикиј Николаевич да оди со неа. — Застанете, Степане Трофимович — одеднаш се врати таа кај него; застанете, да ве прекрстам, кутриот. Можеби ќе биде подобро да ве врзиме, но белки подобро ќе биде со крст да ве благословам. И вие помолете му се на бога за кутрата Лиза... онака, само малку. Немојте многу да се трудите. Маврикиј Николаевич, дајте му го на ова дете неговиот чадор, подајте му го. Така... Ајде, ајде!

Дојдоа пред кобната куќа токму во оној час кога густата толпа свет, насобран пред куќата, веќе доста

се изнаслуша за Ставрогин и за тоа дека за него било корисно да ја убие својата жена. Но, при сето тоа, повторувам, големото мнозинство и натаму слушаше молчејќи и неподвижно. Се забораваа само пијаните врескачи и луѓе што можат да „откинат“, отприлика како оној граѓанин што тука сега мавта со рацете. Сите го знаат како човек многу мирен, но тој некако одненадеж се „откинал“, или ако сакате „излетал“; секогаш така ако нешто го вчудовиди, па излетува господ ќе знае каде.

Јас не видов кога дојдоа Лиза и Маврикиј Николаевич. А прво ја здогледав Лиза и се скаменив; ја видов далеку од себе, во толпата, а Маврикиј Николаевич отпрвин не го забележав. Изгледа дека му беше даден знак, па за чекор-два изостана зад мешаницата; или луѓето го беа раздвоиле. Лиза се пробиваше низ толпата, не гледајќи и не забележувајќи околу себе, како да е во треска, како да побегнала од болница, и, се разбира, многу брзо го сврти вниманието на себе. Почнаа гласно да зборуваат и одеднаш заврескаа со обвинувања. Некој викна: „Оваа е Ставрогина!“ А од другата страна: „Малку им е што убиваат, туку доаѓаат и да гледаат!“ И одеднаш видов како, одзади, над нејзината глава, се крена и се спушти нечија рака. Лиза падна. Се разнесе стравотниот крик на Маврикиј Николаевич; тој се спушти на помош и со сета сила го удри човекот кој пред него ја засолнуваше Лиза. Но во истиот момент граѓанинот го зграпчи откај грбот со двете раце.

Некое време ништо не можеше да се распознае во мешаницата што настана. Изгледа дека Лиза се поткрена, но пак падна, од друг удар. Толпата одеднаш се разби и направи круг околу Лиза. Таа лежеше, а Маврикиј Николаевич, раскрвавен, избезумен, стоеше над неа, плачеше и ги кршеше рацете. Не си спомнувам точно што стана потем, паметам само дека Лиза ја кренаа. Отрчав по неа: уште беше жива и можеби уште при свест. Во толпата го вчепкаа граѓанинот, и уште тројца. Тие тројца и денес одречуваат дека имале некое учество во злосторството и упорно

тврдат дека се погрешно фатени. Можеби и не се виновни. Граѓанинот, иако фатен на дело, ни до денес не умее точно да разјасни како се случило сè. Јас, како очевидец кој, иако далеку од настанот, морав при иследувањето да го дадам својот исказ — изјавив дека сигурно сè стана крајно случајно и ненамерно и дека тоа го направија луѓе можеби и расположени за тоа, но кои беа малку свесни, туку пијани, кои веќе изгубиле свест. И денес така мислам.

ЧЕТВРТА ГЛАВА

ПОСЛЕДНА ПРЕСУДБА

I

Тоа утро многумина го виделе Петар Степанович и забележале дека бил необично возбуден. Во два часот попладне отрча кај Гаганов; тој беше дошол од своето село само за еден ден, но кај него се собраа полна куќа гости, па многу и жестоко разговараа за најновите настани од тој ден. Петар Степанович зборуваше најмногу од сите и сите ги принудуваше да го слушаат.

За него кај нас секогаш се мислеше како за „дрдорлив студент со дупка во главата", но сега тој зборуваше за Јулија Михајловна, а во оваа општа бркотница, темата беше привлечна. Тој, како нејзин недамнешен и најинтимен доверлив човек, кажа многу нови и неочекувани подробности; случајно (и, се разбира, непретпазливо), ги запозна и со неколку нејзини мислења за личности од градот што ги познаваа сите, а со тоа допре во многу самољубија. Тоа, од него денес излегуваше некако нејасно и збунето, како од човек без итрина и непретпазливост, кој, како чесен, беше ставен во мачна неизбежност наеднаш да изнесе мошне неверојатни работи, и кој, во својата простодушна неумешност, ни самиот не знае како да почне и со што да заврши. Мошне невнимателно му се откина од устата и тоа дека на Јулија Михајловна ѝ е позната целата тајна на Ставрогин, и дека токму таа самата ја спроведувала целата таа сплетка. Таа, ре-

че, и него, Петар Степанович, го вовела во тоа, бидејќи и тој бил вљубен во онаа несреќна Лиза — аваму, така го „стегнале“ што речиси тој ја довезол Лиза до Ставрогин во својата кола.

— Да, да; господа, лесно ви е вам да се смеете, но да знаев, ех, само да насетував како ќе заврши сето тоа! — доврши тој.

На разни вознемирувачки прашања за Ставрогин, тој отворено изјави дека, според негово мислење, катастрофата на Лебјаткини е просто и јасно само случајност, и дека за сè е виновен самиот Лебјаткин, кој ги покажувал своите пари. Ова особено добро го расветли. Еден од слушателите му рече дека тој во куќата на Јулија Михајловна јадел и пиел, уште само што не спиел, а сега првиот е готов да ја оцрнува; и дека сето тоа не е толку убаво, како што мисли тој. Но Петар Степанович веднаш се одбрани.

— Јас кај неа не сум јадел и пиел затоа што немам пари; ниту пак сум виновен што ме повикуваа таму. Дозволете сам да пресудувам колку треба да бидам благодарен.

Воопшто, зад себе остави впечаток во своја полза: „Нека е и приглуп и, секако, празен, но што е пак тој виновен за глупавоста на Јулија Михајловна? Дури, произлегува дека тој неа ја задржувал...“

Околу два часот, наеднаш се расчу дека Ставрогин, за кој толку многу се говореше, со попладневниот воз ненадејно отпатувал во Петроград. Тоа многу го заинтересира целиот град, многумина ги собраа веѓите. Петар Степанович толку се стаписал, што дури и во лицето се изменил и чудно извикал: „А кој ли можел да го пушти тој глас?“ И веднаш отрчал од Гагнов, кај што беше. Сепак, го виделе потоа уште во две или три куќи.

Прекувечерината тој најде можност да допре и до Јулија Михајловна, навистина со голем труд, зашто таа никако не сакаше да го прими. Тоа го дознав дури по три седмици, од неа лично, пред нејзиното заминување за Петроград. Не ми зборуваше за деталите на тоа видување, туку, откако се стресе, ми забележа дека тој неа тогаш „ја зачудил преку секоја

мера“. Јас мислам дека сигурно ѝ се заканувал оти ќе ја пријави како член на заедничкото дело, само ако ѝ падне на ум да „говори“. А таквата итна потреба за застрашување е во врска со неговите тогашни замисли што, нејзе, се разбира, ѝ беа непознати. Дури подоцна, по пет дена, се присети зошто тој се посомнева во нејзиното молчење, и зошто така се бранеше од напливот на нејзината лутина...

Во осум вечерта, кога веќе се смрачи, во Фомината улица, таму на крајот на градот, во малата накривена куќичка, во станот на подофицерот Еркељ, се собраа сите *наши*; сите петмина. Самиот Петар Степановиќ нареди собирот да биде тука; но токму тој неоправдано задоцни, па членовите го чекаа цел час. Она офицерче, доселеник, кој таа вечер кај Виргински целото време преседи со молив в раце и бележник пред себе — беше овој Еркељ. Неодамна дојде в град, се насели во зафрлена улица, кај две стари сестри; требаше наскоро пак да отпатува, па затоа најскришно беше заедничкиот собир да биде во неговиот стан.

Ова чудно момче беше ретко молчаливо: можеше да помине десет часови непрекинато во најживо друштво и најнеобични разговори, а ни збор да не проговори; наспроти тоа, со внимание да ги следи говорниците со своите детски очи, и да ги слуша. Лицето му беше мошне убаво, дури и некако мошне умно. Но ѝ припаѓаше на „петката“: нашите мислеа дека има некои посебни задачи што треба да ги изврши. Денеска се знае дека немал никакви задачи, а тешко и самиот да ја сфаќал својата положба. Тој единствено се приклони кон Петар Степанович, кога, тука неодамна, се запознал со него. Кога би се запознал со кој било монструм, предвреме расипан, па овој со какво било социјално-романтично оправдување би го поттикнал да состави една разбојничка дружина и, колку за проба, би му заповедал да го убие и ограби првиот мужик што ќе го сретне — тој без збор би пошол и би ја извршил и таа наредба. Имаше некаде во некое место болна мајка на која ѝ праќаше половина од својата бедна плата; а како ли само таа, бездруго,

ја сака оваа сирота белокоса и убава глава, се плаши за неа, кружи над неа и на господ му се моли! Јас за него зборувам олку опширно бидејќи навистина го жалам.

Нашите беа возбудени. Вчудовидени беа од настаните во минатата ноќ, а, како што изгледа и ги исплашија. Простиот, макар и систематски воден скандал, во кој тие толку својствено учествуваа досега, се разви онака како што тие не се надеваа. Пожарот од ноќеска, убиството на Лебјаткини, дивјаштвото на толпата спрема Лиза — сето тоа се такви изненадувања, какви што тие во својата програма не предвидуваа. Запалено ја осудуваа раката што ги движеше кон деспотизмот и неискреноста. Со еден збор, додека вака го очекуваа Петар Степанович, тие еден кај друг создадоа такво расположение што заемно беа решени од Петар Степанович конечно да побараат категорични појаснувања; а ако пак тој уште еднаш се извлече, како што веќе еднаш го стори тоа, тогаш би ја раскинале „петката", но наместо неа би формирале ново тајно здружение за „пропаганда на идејата", и тоа, се разбира, само по себе, засновано врз принципите на еднаквост и демократизам. Липутин, Шигалев и познавачот на народот, посебно ја поткрепуваа таа мисла; Љамшин замолкнуваше, се премислуваше и сакаше првин да се ислуша Петар Степанович; но бидејќи тој никако не доаѓаше, оваа неодговорност само уште повеќе досипуваше отров. Еркељ молчеше како занемен и само се грижеше да се послужи со чајот што самиот го носеше откај газдарицата, и тоа во чаши, за да не мора да го внесе самоварот со кое во собата би ја пуштил слугинката.

Петар Степанович дојде дури во девет и половина. Со брзи чекори пристапи до тркалезната маса пред софата, околу која седеше друштвото, ја задржа шапката во рацете и го одби чајот. Изгледот му беше зол, груб, строг и надуен. Бездруго, по изразот на нивните лица забележал дека се „бунат".

— Пред да ја отворам устата, кажете што имате; вие на нешто сте се решиле — напомена со злобна насмевка, прелетувајќи со очите по нивните лица.

Липутин тргна „од името на сите“ и, со глас што трепери од чувство на навреденост, изјави: „ако вака продолжи, тогаш можеме самите себеси челата да си ги скршиме“. О, тие ни малку не се плашат самите себеси челата да си ги скршат, и на тоа се готови, загрижени се само за заедничкото дело; (општо раздвижување и одобрување). Оттаму, спрема нив треба да се биде искрен, за секогаш навреме да знаат, „инаку, што ќе биде?“ (пак раздвижување и неколку грлести звуци). „Таквиот начин понижува и е опасен... Ние ова не го бараме затоа што се плашиме, туку затоа што така мораме: зашто, ако работи само еден, а другите само одат по него, тој едниот може да изнаприкаже невистини, а сите ќе настрадаат.“ (Извици: да, да! Сите работат за едно.)

— По ѓаволите, што сакате?

— Каква врска со заедничкото дело имаат љубовните доживувања на господинот Ставрогин? — зовре Липутин. — Нека му припаѓа колку сака на центарот, ако воопшто и постои тој фантастичен центар! Тоа ние не сакаме да го знаеме. Меѓутоа, извршено е убиство, полицијата е разбудена, а по конецот ќе се дојде и до клопчето.

— Ако заглавите вие со Ставрогин, ќе заглавиме и ние, — додаде познавачот на народот.

— И сосема бесполезно за општото дело — намуртено — заврши Виргински.

— Сешто! Убиството е случајност; Феѓка сакаше само да ги ограби.

— Хм! Па сепак, зачудувачко совпаѓање — се превитка Липутин.

— Е, ако веќе сакате, се случило токму со ваша помош.

— Како тоа со наша помош?

— Прво, вие Липутин лично сте учествувале во таа интрига; и, второ, што е и најважно, вам ви беше наредено да го испратите Лебјаткин и да му ги предадете парите, а што сторивте вие? Да го испратевте ништо не ќе имаше.

— А зарем вие не дадовте некаква идеја дека е подобро да го оставиме да чита песна?

— Идејата не е наредба. Наредбата беше тој да биде пратен оттаму.

— Наредба. Мошне чуден збор... Напротив, вие наредивте тоа испраќање да се спречи.

— Се лажете и говорите глупости покажувајќи и самоволие. А убиството е дело на Феѓка и тој тоа го направи исклучиво поради грабеж. Сте слушнале што се прикажува и сте поверувале во тоа. Бевте страшливци. Ставрогин не е толку глупав, а доказ за тоа ви е што тој денес во дванаесет отпатувал, откако се видел со вице-губернаторот; да имало нешто, него не би го пуштиле среде бел ден да отпатува за Петроград.

— Но ние никако и не тврдиме дека господин Ставрогин лично ги испотепал — прифати Липутин заједливо и без премислување; — дури можело да се случи тој ништо и да не знаел, токму како и јас вам лично најдобро ви е познато дека јас ништо не знаев, макар што влетав во тоа како говедо во пласт.

— Но, кого обвинувате вие? — го погледа Петар Степанович луто.

— Оние на кои им било потребно да го запалат градот.

— Најлошо е тоа што вие се извлекувате. Впрочем, дали ќе сакате ова да им го покажете и прочитате на другите; тоа е само заради потврдување.

Од џебот тој го извади анонимното писмо од Лебјаткин до Лемпке и му го предаде на Липутин. Овој го прочита и се виде дека беше зачуден, па замислено му го предаде на оној до себе. Писмото набрзо направи цел круг околу масата.

— Дали навистина ова е раката на Лебјаткин — запраша Шигалев.

— Неговата — изјавија Липутин и Толкаченко (тоест познавачот на народот).

— Толку колку за уверување, и затоа што знаев дека многу сте станале нежни спрема Лебјаткин — повтори Петар Степанович земајќи го писмото — на тој начин, господа, некаков си Феѓка сосема случајно нè ослободува од опасен човек. Еве по некогаш што значи случај. Поучна работа, нели?

Членовите се загледаа секавично.

— А сега, господа, и мене ми дојде редот да испрашувам — се окуражи Петар Степанович. — Дозволете да дознаам какви беа причините што повелавте да го запалите градот без одобрување?

— Што тоа? Ние, ние сме го запалиле градот? Тоа е веќе болна глава! — екнаа извици.

— Разбирам што премногу сте се размавтале сѐ друго сте заборавиле — продолжи Петар Степанович — но ова со Јулија Михајловна веќе не е ситен скандал. Ве повикав, господа, за да ви ја кажам големината на опасноста што толку глупаво сте си ја натовариле, и која, покрај вас, и на другите премногу им се заканува.

— Напротив, дозволете, и ние би сакале да ви кажеме колкав е степенот на деспотизмот и нееднаквоста со кои заобиколно од членовите се преземени олку сериозни и наедно необични мерки — изјави Виргински, речиси разбеснет кој дотогаш молчеше.

— И така, вие одречувате? А јас тврдам дека палењето го изведовте вие, единствено вие, и никој друг. Господа, не одречувајте! Јас имам точни докази. Вие, дури, со своето самоволие го изложивте на опасност општото дело. Вие сте само еден јазол од бескрајната мрежа јазли и на центарот му должите слепа покорност. Меѓутоа, тројца од вас ги наговориле работниците на Шпигулини, а за тоа не имале ни најмалку овластувања ниту упатства, и пожарот е предзвикан.

— Кои тројца? Кои тројца од нас?

— Завчера во четири часот, вие Толкаченко, вие во „Поменка" го наговаравте Фомка Завјалов.

— Господи! — скокна тој — ако му реков еден збор, и тоа без никакви намери, само онака; затоа тој ден бил маван; но веднаш отстапив, видов дека премногу е пијан. Да не го споменевте тоа сега, јас никогаш не би се сетил. Еден збор не можел да запали огин.

— Вие сте како оној што се чудел зошто од една малечка искричка цела фабрика со барут одлетала во воздух.

— Му шепотев, и тоа во еден агол; му зборував на уво. Впрочем, како сте можеле да дознаете? — наеднаш се присети Толкаченко.

— Седев таму, подолу од вашата маса. Не грижете се, господа, го познавам секој ваш чекор. Господине Липутин, вие итро се насмевнувате? А јас знам, на пример, дека пред четири дена, на полноќ, подготвувајќи се за спиење, во својата спална соба ја раскинавте вашата жена.

Липутин зина и побели.

(Подоцна се дозна дека за потфатот на Липутин Петар Степанович дознал од Агафја, слугинката на Липутин, на која уште порано ѝ платил за следење, што дури подоцна се разјасни.)

— Можам ли и јас да констатирам еден факт? — наеднаш стана Шигалев.

— Констатирајте.

Шигалев седна и се подготви:

— Доколку разбрав, а не може и да не се разбере, вие господине, лично и во почетокот, а потоа уште еднаш, мошне говорнички, макар и премногу теоретски, ја развивате сликата на Русија, покриена со бескрајна мрежа јазли. Секоја членка во работата, создавајќи прозелити и ширејќи се со странични одделенија во бесконечност од своја страна, има задача со системна пропаганда на осудување на постојниот ред и на луѓето, непрекинато да го урива значењето на месната власт, меѓу населението да направи бркотница, да посее цинизам и скандали, целосна недоверба во сè, жед за поубавото и, конечно, да влијае со палежите како со средство, пред сè народно за да може земјата, во еден однапред определен миг да биде фрлена, ако затреба и во очај. Дали се ваши овие зборови што се погрижив верно да ги запаметам? Дали е тоа програмата на вашата акција, што ни ја соопштивте како овластен пратеник на централниот, патем речено, за нас и до ден-денес непознат и речиси фантастичен комитет?

— Сосема така; само, вие многу развлекувате.

— Секој има право да говори. Па бидејќи направивте ние самите да дознаеме дека денес постојат не-

колку стотици такви одделни „јазли“ на мрежата што ја покрива Русија и бидејќи ја развивте мислата дека ако секој јазел успешно ја изврши својата работа, тогаш цела Русија, во определено време, на знак ...

— По ѓаволите, веќе и без вас има многу работа! — се помести Петар Степанович во својата фотелја.

— Ако сакате, ќе скратам и ќе завршам само со едно прашање: скандалите веќе ги видовме, го видовме и незадоволството на жителите, го чувме мрморењето, присуствувавме на паѓањето на овдешната административна управа и учествувавме во тоа и, на крајот, со своите очи го видовме палежот. Со што уште не сте задоволни? Зарем тоа не е ваша програма? Со што можете да нè обвините?

— Самоволието! — гневно викна Петар Степанович. — Додека сум јас овде, вие не смеете да работите без мое овластување. Доста. Пријавата е тука, готова е, и, можеби утре, или уште ноќта ќе бидете фатени. Еве ви. Веста е сигурна.

Притоа сите зинаа.

— Ќе ве фатат не само како поттикнувачи на палежот туку и како членови на „петката“. Предавникот ја познава целата тајна на мрежата. Еве што изигравте.

— Бездруго, Ставрогин! — викна Липутин.

— Како ... зошто Ставрогин? — се тргна Петар Степанович. — Е, по аѓволите, не! — се свести тој веднаш — тоа е Шатов! Мислам дека на сите ви е познато оти своевремено Шатов му припаѓаше на нашето дело. Морам да ви кажам отворено дека, следејќи го со помош на една личност, во која тој не се сомнева, дознав, зачуден, дека за него составот на мрежата не е тајна, да... знае сè до збор. За да се спаси од обвинение поради неговото поранешно соучество, тој нè предал сите. Досега се премислуваше и јас го штедев. Со тој пожар вие сега сосема му ги одврзавте рацете: трогнат е и повеќе не се премислува. Уште утре ќе бидеме затворени како потпалувачи и злосторници.

— Навистина? Од каде знае Шатов?

Непоимливо возбудување.

— Сè е чиста вистина. Јас немам право да ви ги издадам патиштата и начините како го пронајдов тоа; но, еве што можам да сторам за вас; преку едно лице можам да влијаам врз Шатов, така што тој, не предизвикувајќи сомнение, би ја одложил пријавата. Но не подолго од дваесет и четири часа. И, така, можете да сметате дека до задутре изутрина сте безбедни.

Сите молчеа.

— Тогаш тој треба да биде пратен по ѓаволите — прв викна Толкаченко.

— Тоа требаше одамна да се направи! — дофрли со омраза Љамшин, удирајќи со тупаница по масата.

— Но, како да се направи тоа? — промрмори Липутин.

Петар Степанович уште веднаш го прифати прашањето и го изложи својот план. Имено, утре пред полноќ, Шатов треба да се излаже, под изговор дека треба да ја предаде тајната печатница што ја чува, Шатов треба да биде доведен на она осамено место каде што таа е закопана и — „таму веќе сè ќе се нареди". Тој навлезе во мошне потребните подробности, кои ние засега ќе ги испуштиме, и подробно ќе ги појасниме оние тогашни двосмислени односи на Шатов спрема централното друштво, што на читателот веќе му се познати.

— Сè е така — рече Липутин несигурно — но сепак, бидејќи е тоа ... нов настан во иста смисла ... тоа премногу ќе го загрижи сечиј ум.

— Без сомнение — потврди Петар Степанович — но и за тоа се погриживме. Има начини сомнението целосно да биде отстрането.

И, со старата точност, тој раскажа сè за Кирилов, за неговото планирано самоубиство со ветување дека ќе чека на знак, а дека пред смртта ќе остави белешка, и дека си зема на себе да го напише сето она што ќе биде речено. (До збор, тој сега раскажа сè за она што и на читателот му е познато.)

— Неговата цврста намера да си го одземе животот — филозофска, а според мене будалеста — т а м у е веќе позната; (го продолжи појаснувањето Петар Степанович). Т а м у не губат ниту влакно, ниту ронка, сѐ оди за општото дело. Кога т а м у ја видоа ползата од тоа и се уверија во целосната сериозност на неговата намера, веднаш му понудија помош да отпатува во Русија (а тој пак, од којзнае каква причина, сакал по секоја цена да умре во Русија), му дадоа задача, со обврска од негова страна дека ќе ја исполни (и ја исполни), а со тоа го обврзаа со ветување, што вам ви е познато, дека со себе ќе заврши тогаш кога ќе му биде наредено. За сѐ даде збор. Водете сметка дека тој според посебни основи, му припаѓа на нашето дело и сака да биде корисен; повеќе не можам да ви доверувам. Утредента, п о Ш а т о в, јас на Кирилов ќе му издиктирам запис дека тој е виновен за неговата смрт. Тоа ќе изгледа мошне веројатно! Тие беа пријатели, заедно заминаа во Америка каде што се скараа, и сето тоа во записникот ќе биде појаснето и... и, дури, судејќи по низа околности, на Кирилов ќе може многу нешта да му се издиктираат, на пример, за прогласите, а може нешто и за пожарот. Впрочем, за тоа јас уште ќе размислам. Не грижете се, тој е без предрасуди, сѐ ќе потпише.

Се слушнаа сомневања. Приказната беше фантастична. Инаку, за Кирилов сите имаа горе-долу по нешто слушнато, а најмногу Липутин...

— Но, тој може наеднаш да се премисли и да не изврши — рече Шигалев — вака или онака, тој е умоболен, значи, надежите во него не се сосема основани.

— Не грижете се, господа, тој ќе го стори тоа — рече Петар Степанович отсечно. — Според договорот, пред самиот настан јас морам да го потсетам на тоа, значи, уште денеска. Го повикувам Липутин веднаш да тргне со мене кај него, за да се увери, па тој, господа, штом ќе се врати, уште денес ќе ви каже дали е вистина ова што ви го зборував. Впрочем, — пресече тој наеднаш со возбудлива лутина, како да

се присетил дека за вакви бедници преголема чест е вака да се измачуваш и да ги убедуваш, — најпосле, правете како што сакате. Ако не се решите, сојузот се раскинува, но единствено врз основа на фактот дека вие сте покажале непослушност и неверност И така, од овој миг ние сме секој за себе. Но, да знаете, во таков случај, освен непријатностите со пријавата на Шатов и нејзините последици, вие врз себе навлекувате уште една мала непријатност, јасно посочена уште при создавањето на сојузот. Што се однесува до мене, господа, јас од вас многу не се плашам... И не помислувајте дека со вас сум толку многу врзан... Впрочем, сеедно.

— Не, ние се решаваме — изјави Љамшин.

— Нема друг излез — промрмори Толкаченко — ако уште и Липутин го потврди тоа со Кирилов, тогаш...

— Јас сум против; јас со сета сила на својата душа протестирам против таква крвава одлука! — стана Виргински.

— Па? — праша Петар Степанович.

— Што па?

— Вие рековте п а... и јас чекам.

— Ми се чини дека не реков п а... сакав да речам дека ако се решаваме, ова...

— Ова?

Виргински замолчи.

— Јас мислам дека може и да не се води грижа за безбедноста на сопствениот живот — наеднаш ја отвори устата и Еркељ — но ако општото дело поради тоа трпи, тогаш, јас мислам дека не треба да се заборави безбедноста на сопствениот живот...

Тој се збрка и поцрвени. Колку и да беа зафатени секој со своето прашање, сите го погледнаа зачудено, толку големо беше изненадувањето што и тој можел да проговори.

— Јас сум за општото дело — наеднаш рече Виргински.

Сите станаа. Се здоговорија утре напладне уште еднаш меѓусебно да се известат, да не се собираат само заради тоа, и со тоа да се доврши целосно договорот. Посочено е и местото каде што е закопана печатницата, поделени се улогите и должностите. Липутин и Петар Степанович се упатија заедно кај Кирилов.

II

Сите наши веруваа дека Шатов ќе поткаже, но исто така веруваа и дека Петар Степанович со него си игра како со ништожник. Потем, сите знаеја дека и покрај сето тоа, утре сите заедно ќе се појават на тајното место, како и тоа дека судбината на Шатов е запечатена. Чувствуваа дека наеднаш, како муви, паднаа во пајажината на голем пајак; беа гневни, но треперея од страв.

Во нивните очи, спрема нив, Петар Степанович бездруго беше виновен; можеше сè да мине и многу полесно и похармонично, само тој да се погрижеше макар и за ронка да ја разубави стварноста. Наместо фактот да го изнесе во поубава светлина, како некоја граѓанска величина на старите Римјани, или нешто слично — тој го истакна само грубиот страв и опасноста за сопствената кожа, а тоа беше мошне несмасно. Секако, сето тоа е борба за живот, и друг принцип не постои, тоа сите го знаеја, но сепак . . .

Петар Степанович немаше време да ги крева старите Римјани: и самиот беше исфрлен од колосек. Бегството на Ставрогин го чукна по глава и го пригмечи. Го излага друштвото дека Ставрогин се видел со вице-губернаторот; всушност, тој отпатува а со никого не се виде, па дури ни со мајка си. А зарем навистина не е чудно тоа што никако не го вознемирувала. (Власта подоцна мораше да даде и посебен одговор за тоа?) Петар Степанович цел ден се распрашуваше за него, но ништо не дозна. Никогаш не се возбудувал и лутел толку. А зарем и можеше, зарем можеше та-

ка наеднаш да се откаже од Ставрогини! Ете, затоа и не можеше да биде премногу нежен со нашите. Дури, тие и рацете му ги врзаа; веќе беше наумил без одложување да тргне по Ставрогин; меѓутоа, го задржа Шатов, петката требаше докрај да ја зацврсти, онака, за секој случај. „Не чини напразно да се испушти, можеби и ќе затреба". Јас мислам дека тој расудуваше. така.

Што се однесува до Шатов, Петар Степанович сосема беше уверен дека тој ќе ги поткаже. Сето, она што им го изнакажа на нашите за таа пријава, беше лага; ниту некогаш видел некое негово поткажувачко писмо, ниту пак за него беше слушнал, но беше убеден во тоа како во два по два четири. Нему му изгледаше јасно дека Шатов за ниедна цена нема мирно да ги поднесе настаните во овој миг: смртта на Марија Тимофеевна, и дури сега, дури сега ќе се реши. Којзнае, можеби Петар Степанович дошол до некои податоци според кои имаше причина така да мисли. Познато беше дека тој лично го мразеше Шатова; се скарале некогаш, а Петар Степанович навредите не ги простуваше. Јас, дури сум убеден дека токму тоа беше главната причина за сè.

Нашите тротоари се тесни, од тула, а такви се и пристапите. Петар Степанович чекореше по средината на тротоарот па го зафаќаше во сета широчина, не водејќи сметка за Липутин, за кој пак немаше место покрај него, па овој мораше или да брза или да оди чекор по него, или пак за да оди напоредно со него заради разговор беше принуден да шлапка по калта на улицата. Наеднаш Петар Степанович се присети дека и тој пред малку исто така шлапкаше по калта за да го следи Ставрогина, кој како и тој сега, одеше по средината на тротоарот и го зафаќаше целиот. Се сети за целата тогашна сцена и го обзеде лутина.

Но, и Липутин беше налутен поради навредата. Петар Степанович нека се однесува спрема нашите како што сака, но спрема него? Од сите наши тој најмногу з н а е, од сите нив тој на заедничкото дело му е најблизок, најинтимно е споен со него, и сè досега, макар и посредно, на тоа дело најмногу сора-

ботуваше. О, знае тој дека Петар Степанович, уште сега, може во краен случај и да го убие. И тој одамна го мрази Петар Степанович; и тоа не толку поради опасноста колку поради неговото горделиво и надуено однесување спрема него. Денеска, кога требаше да се реши за вакво дело, му се лутеше нему повеќе од сите наши заедно. Оф, знаеше тој дека уште утре тој ќе биде прв на местото „како роб“ и дека ќе ги донесе тука и другите. А да можеше сега, пред утрешното, да го убие Петар Степанович, но, се разбира, себеси да не се упропасти, би го сторил тоа без да се премислува.

Задлабочен во своите размислувања, тој молчеше и трчаше по својот мачител. Овој пак, како што изгледа, беше заборавил на него; понекогаш само ќе го поттурнеше со лактот, невнимателно и несмасно. Наеднаш тој во нашата најугледна улица запре и влезе в кафеана.

— Каде таму? — зовре Липутин — тоа е кафеана.

— Сакам да каснам бифтек.

— Оставете го тоа, тука секогаш има многу луѓе.

— Ако.

— Но ... ќе задоцниме. Веќе е десет.

— Нема што да се задоцни.

— Но јас ќе задоцнам! Тие ме чекаат да се вратам.

— Ако; глупаво е да се вратите кај нив. Јас заради вашите маки денеска не ручав. А кај Кирилов ... колку подоцна, толку подобро.

Петар Степанович зеде одделна соба. Налутен и навреден, Липутин седна во една фотеља во аголот следејќи го како јаде. Мина повеќе од половина час, Петар Степанович не брзаше, слатко јадеше, ѕонеше, бараше сенф, потоа пиво, но не проговори ни збор. Беше длабоко замислен. Тој можеше да врши две работи: слатко да јаде и длабоко да размислува. Липутин конечно толку го замрази што не беше во состојба од него погледот да го одлепи. Тоа беше нешто слично на нервен напад. Го броеше секој залак од бифтекот што Петар Степанович го ставаше в уста, го мразеше и поради тоа како ја отвора устата, како

џвака, како се загледува во секој помрсен залак, исцицува; го мразеше и самиот бифтек. Конечно, во очите почна да му се мати; во главата му се вртеше; врелина и студенило наизменично му минуваа по грбот.

— Вие не работите ништо; прочитајте го, — му дофрли наеднаш Петар Степанович некаква хартиичка.

Липутин се доближи до свеќата. Хартијата беше ситно испишана, со грд ракопис и со петна на секоја страна. Додека тој се бореше со неа и ја совладуваше, Петар Степанович веќе беше платил и тргнал. На тротоарот Липутин му го врати ливчето.

— Задржете го; подоцна ќе ви кажам. Впрочем, што велите?

Липутин затрепери целиот.

— Според мене... ваков проглас... тоа е бесмисленост...

Омразата си најде пат; тој почувствува како таа го презема и понесува.

— Ако се решиме — се тресеше целиот како во треска — да шириме вакви прогласи, ние со својата глупавост и неразбирање на работите ќе навлечеме врз себе презир.

— Јас поинаку мислам — одговори Петар Степанович, чекорејќи сигурно.

— А јас поинаку; вие ли го составивте тоа?

— Тоа вас да не ве интересира.

— Мислам дека и онаа песничка „Светла личност“ е нешто што ни малку не е вредно; најлоша песна што воопшто може да биде. Никогаш Херцен не можел да ја напише.

— Се лажете, песната е добра.

— Јас се чудам, на пример, и поради тоа — зборуваше Липутин еднакво воден од својот разигран дух — што ни се предлага да работиме така за да пропаднеме сите. Во Европа, што е сосема природно, постои желба сѐ да биде урнато, зашто таму има пролетаријат, а овде, кај нас, молам, ние сме само љубители на тие идеи и, како што мислам јас, ние само дигаме прав.

— Мислев дека сте фуриерист.

— Кај Фурие не е така, молам, не е, не е така.

— Знам, сѐ е глупост.

— Не, кај Фурие нема глупости... Простете, јас никако не можам да поверувам дека во мај ќе пламне востание.

Липутин дури и се откопча, толку му беше жешко.

— Е, ајде де, доста! А сега да не заборавам — прескокна Петар Степанович мошне ладнокрвно — ова ливче ќе морате своерачно да го сложите и отпечатите. Ќе ја откопаме печатницата на Шатов и уште утре вие ќе ја примите. Ќе отпечатите што повеќе примероци, во што покусо време, а потоа цела зима ќе ги делите. Има кој да се погрижи за пари. Ни требаат што повеќе примероци, зашто и од другите места ќе ви ги бараат.

— А, не, не ... молам, простете, не земам јас врз себе таква... Одбивам.

— Па сепак ќе земете. Јас работам според упатствата на централниот комитет, морате да се покорите.

— А јас мислам дека нашите центри во странство заборавиле на руската стварност и прекинале секаква врска со неа, па затоа само бладаат,... јас дури мислам дека наместо многу стотици петки во Русија, всушност постои само нашата и дека никаде нема некаква мрежа — конечно задушувајќи се, изговори Липутин.

— Со тоа заслужувате уште поголем презир, бидејќи, и покрај тоа што не верувате во општото дело, сепак потрчавте по него... трчате и сега по мене како грда шатка.

— Не, господине, не трчам. Ние сосема имаме право да се повлечеме и да создадеме ново друштво.

— Буд-дала! — наеднаш во миг згрми Петар Степанович, заканувајќи се и блеснувајќи со очите.

И двајцата стоеја извесно време еден спроти друг. Петар Степанович се сврти и самоуверено се упати понатаму по истиот пат.

Во главата на Липутин светна како молња: „Ќе се свртам и ќе се вратам; ако не се свртам сега, никогаш не ќе можам да се вратам". Така мислеше точно десет чекори, но на единаесеттиот, во неговиот мозок светна нова и очајна мисла: тој не се сврти и не се врати.

Пристигнаа до куќата на Филипов, но пред да пријдат до самата куќа, свртија во зафрлена споредна уличка, или, подобро речено, на незабележлива патека покрај оградата, па извесно време мораше да одат по стрмниот олук, на кој нозете не се држеа, туку, требаше да се придржуваат за оградата. На најтемниот крај на накривената ограда, Петар Степанович извади една штица и така направи премин низ кој се провлече; Липутин се зачуди, но се провлече и тој, а штицата ја намести како што беше. Тоа беше тајниот премин по кој Феѓка одеше кај Кирилов.

— Шатов не мора да знае дека сме овде — строго му шепна Петар Степанович на Липутин.

III

Како и секогаш во ова доба, Кирилов седеше на кожената софа и пиеше чај. Тој не се крена во пресрет на гостите, туку целиот некако се вовлече и вознемирено погледна во оние што влегоа.

— Не сте се измамиле — рече Петар Степанович — точно за тоа и дојдов.

— Денеска?

— Не, не, утре... некаде во ова доба.

Потоа брзо седна крај масата и растреперено се загледа во вознемирениот Кирилов. Впрочем, тој веќе се смири... изгледаше како секогаш.

— Еве, овие никако не веруваат. Да не се лутите што го доведов Липутин?

— Денеска не се лутам, меѓутоа, утре сакам сам...

— Но не пред да дојдам јас, а потоа пред мене.

— Не би сакал пред вас.

— Се сеќавате ли дека ветивте да напишете и потпишете сè што ќе ви речам да напишете.

— За мене е сеедно. Долго ќе останете сега?

— Треба да се видам со еден човек и да останам овде половина час, инаку како што сакате; а половина час ќе минам.

Кирилов замолчи. Меѓутоа, Липутин се намести малку настрана, под портретот на владиката. Очајничката мисла од пред малку го совладуваше сè повеќе и повеќе. Кирилов речиси и не го забележува. Липутин и отпорано ја знаеше теоријата на Кирилов и секогаш му се смееше, но сега молчеше и натуштен гледаше околу себе.

— Јас не би се спротивставил да пијам чај — се доближи до столот Петар Степанович — јадев бифтек па сметав дека ќе ве затекнам на чај.

— Во ред, пијте.

— Порано нудевте самиот — кисело спомена Петар Степанович.

— Тоа е сеедно. Нека пие и Липутин.

— Не, благодарам, јас . . . не можам.

— Не сакам, или не можам? — веднаш му се сврти Петар Степанович.

— Кај него не сакам — изразито одби Липутин. Петар Степанович се намурти.

— Мириса на мистицизам; ѓавол ќе ве знае какви луѓе сте, сите вие!

Никој не му одговори; молчеа цела минута.

— Но јас знам нешто — наеднаш додаде тој отсечно — не постои таква предрасуда што ќе нè задржи да не ја извршиме нашата должност.

— Ставрогин отпатувал? — запраша Кирилов.

— Отпатува.

— Добро сторил.

Петар Степанович како да блесна со очите, но се совлада.

— Мене ми е сеедно што мислите вие; само секој да си го одржи својот збор.

— Јас ќе го одржам.

— Впрочем, секогаш сум бил убеден дека вие вашата должност ќе ја извршите, како независен и напреден човек.

— Ама смешен сте.

— Ако, мене ми е мошне мило кога можам некого да насмеам. Секогаш ми е мило кога можам да угодам.

— Вие многу сакате јас да се убијам, а се плашите да не се откажам од тоа наеднаш?

— Тоест, гледајте, вие вашата замисла самиот ја врзавте со нашите акции. Сметајќи на таа ваша замисла, ние веќе по нешто презедовме, така што никако не ќе можете да се откажете, и затоа нас нè определија и нè пратија.

— Само, со никакво право!

— Разбирам, разбирам, само по ваша волја, а ние ништо друго и не сакаме освен да се исполни вашата волја.

— И јас ќе морам да ги преземам на себе сите ваши гадотии и страхотии.

— Чујте Кирилов, да не се плашите? Ако сакате да се откажете, кажете го тоа веднаш.

— Јас не се плашам.

— Тоа го велам затоа што поставувате многу прашања.

— Скоро ќе си заминете?

— Пак прашувате?

Кирилов презирно го разгледа.

— Ете, гледате — продолжи Петар Степанович, а сè повеќе и повеќе се лутеше и се возбудуваше, но никако не го пронаоѓаше вистинскиот тон — сакате да си одам за да останете сам и да се средите; но тоа се опасни знаци, токму заради вас, и пред сè поради вас. Сакате многу да размислувате. Според мене, подобро е да не размислувате, отколку онака. Па, богами, и вие ме вознемирувате.

— Мошне ми е гнасно тоа што во тој миг покрај мене ќе биде ползавец каков што сте вие.

— Па тоа е сеедно. Ако сакате, јас во тоа време ќе излезам и ќе останам на скалите. Ако вие умирате, а не сте рамнодушен, тогаш... тоа е мошне

опасно. Јас ќе излезам надвор на скалите а вие замислете си дека ништо не разбирам и дека сум бескрајно понизок од вас.

— Не, не сте бескрајно; вие имате способности, но не разбирате многу бидејќи сте низок човек.

— Многу ми е мило, многу мило. Јас веќе реков дека ми е мило што обезбедувам разонода . . . во ваков момент.

— Вие ништо не разбирате.

— Тоест, јас . . . Секако, јас слушам со почит.

— Вие ништо не можете; вие ни сега не можете да ги скриете ситните пакости, а и незгодно ви е да ги покажете. Вие ќе ме налутите и јас веднаш ќе побарам уште половина година.

Петар Степанович погледна во часовникот.

— Во вашата теорија никогаш ништо не сум разбрал, но знам дека не ја измисливте заради **нас**, па денеска и без нас ќе ја остварите. Знам уште дека вие не сте ја изеле идејата туку идејата вас, па, значи, тој момент не ќе го одложувате.

— Како тоа? Мене ме изела идејата?

— Да.

— А јас не сум голтнал идеја? Тоа е добро. Вие имате мал разум. Вие само боцкајте, јас се гордеам.

— Прекрасно е тоа, прекрасно. Токму така и треба, да се гордеете.

— Доста; се напивте, одете си.

— Ѓавол да го земе, море — потстана Петар Степанович. — Макар што е рано. Слушајте Кирилов, јас оној човек ќе го најдам кај Мајасничиха, разбирате? Или пак и таа излага?

— Не ќе го најдете, зашто тој е овде а не таму.

— Како овде, по ѓаволите, каде е?

— Седи во кујната, јаде и пие.

— Како смеел? — пламна Петар Степанович, црвен во лицето и лут — мораше да чека . . . Сешто! Ниту има пасош, ниту пак пари!

— Не знам. Дојде да се прости, облечен е и спремен. Ќе замине и нема да се врати. Тој вели дека вие сте подлец и не сака да ги чека вашите пари.

— А — а! Тој се плаши јас да не... е па да, јас можам и сега, ако... Каде е, во кујната?

Кирилов ја отвори спореднáта врата што води во мала потемна соба; а покрај таа соба, преку три скали, се слегуваше долу во кујната, право во преградено сопче во кое обично се сместува постелата на готвачката. И тука, во аголот, под иконата, на масата со бел чаршав, седеше Феѓка. Пред него на масата имаше пијалак, леб на чинија и парче студено говедско со компири во еден земјен сад. Тој потпивнуваше и веќе беше поднапиен, но сè уште седеше во кожув и јасно се гледаше дека е подготвен за заминување. Зад преградата шиштеше самовар, но не за Феѓка, туку Феѓка според должноста го распалуваше и еве веќе една недела, или поточно, секоја ноќ се грижеше да врие и тоа за „Алексеј Нилич, зашто господинот многу беше свикнат ноќе да пие чај". Јас цврсто верувам дека тоа говедско со компири, во отсуство на готвачката, за Феѓка го исекол лично самиот Кирилов.

— Што си наумил? — се стркала низ скалите Петар Степанович — Зошто не чекаше таму каде што ти е наредено?

Феѓка се окуражи.

— Запри Петре Степанович, запри — проговори тој, контејќи го секој збор; — прво нешто овде е да разбереш дека си дојден во отмена посета кај господин Кирилов, Алексеј Нилич; кому ти секогаш можеш чевлите да му ги чистиш, бидејќи тој е еден поучен ум од тебе, а ти си само — их!

Надмено плукна суво настрана. Кај него се забележуваше горделивост, решителност и некакво мошне опасно наместено резонерство пред вистинска експлозија. Но Петар Степанович немаше повеќе време да ги забележува опасностите, а тоа не се согласуваше ниту со неговото гледање на работите. Денешните настани и неуспеси веќе сосема го збркаа... Откај темната собичка, со оние три скали, љубопитно ѕиркаше Липутин.

— Сакаш или не сакаш добар пасош, или пак поголема сума пари, за да одиш таму каде што ти е наредено, а? Сакаш или не сакаш?

— Гледаш, Петар Степанович, ти од почетокот, уште веднаш почна да измамуваш, па затоа ти пред мене си само вистински неранимајко. Исто како гадната вошка кај човека... ете, за таков те сметам. Ти, за невина крв, ми трупаше големи пари и за тоа му положи заклетва на Ставрогин — а, всушност, сето тоа е само твоја безобразност. Јас, ниту за капка не сум вмешан, не затоа што се во прашање една и пол илјади рубли, туку господин Ставрогин тебе те изнатепа по образите, а тоа и нам ни е познато. Сега повторно ми се закануваш и повторно ми ветуваш пари, но за кое дело? — тоа го премолчуваш. Затоа јас во својата глава веќе се сомневам зошто ме праќаш во Петроград? На господинот Ставрогин, Николај Всеволодович, од пакост, со што било да му се одмаздиш, а тука се надеваш и на мојата лековерност. И поради тоа, произлегува дека првин ти си, самиот, убиец. А знаеш ли ти што си заслужил само затоа што поради својата расипаност си престанал да веруваш во господа творецот, вистинскиот творец? Сеедно е дали се поклонуваш пред идолите, или стоиш на иста линија со Татарин, или пак со Морвин. Алексеј Нилич, филозоф, многупати ти објаснуваше за вистинскиот господ, Творецот Создавач, за суштеството на светот, исто така и за идните судбини и преобразувања на сите предмети и сите ѕверови, и за книгата Апокалипса. Но ти, како и секој глупав безбожник, во својата глувост и немост си упорен, и на тоа го наведе дури и наредникот Еркељ, како и секој соблазен катил, наречен атеист...

— Грдотијо пијана! Не само што ги кине иконите, туку и за господа проповеда!

— Види, Петар Степанович, да ти кажам точно: јас ја искинав, но ги симнав само бисерите, а, можеби, во тој миг, пред кандилото на Севишниот, и моите солзи, којзнае, можеби се престориле во бисери, поради некоја моја мака, зашто јас сум вистински сиротец кој нема ни свое најпотребно засолниште. Го

знаеш ли ти она од книгите, како некогаш, во старо време, некој трговец, исто така, со солзи на очите, воздишка и молитва, украл бисер од зрациите околу нејзината глава, па потоа пред целиот народ на колена се влечел и на нејзиното подножје се вратил назад; Мајката Заштитничка пред сите јавно го прегрнала и го благословила, па така во таа работа и во тоа време чудо се случило, а преку власта било заповедано сето тоа најсоодветно и во царските книги да се запише. А ти, си пуштил глушец, речиси си пуштил глушец; си се изнасмеал и на прстот божји. И да си мој природен господар, кого јас, уште како дете, го носев на нашите раце — јас тебе денеска би ти судел, и тоа да не се мрднеш од местово!

Петар Степанович го зафати тешка лутина.

— Зборувај, дали денес се виде со Ставрогин?

— Не ти дозволувам никогаш така да ме распрашуваш. Господин Ставрогин стои пред тебе во вистинска зачуденост, и ни малку, ни со пожелување не учествуваше во она, а уште помалку со свои заповеди, или пак со пари. Ти, најбесрамно ме наведе на ова.

— Пари ќе добиеш, уште две илјади ќе добиеш во Петроград, на самото место, и тоа сè во сребро, и уште ќе добиеш.

— Лажеш, другарче, а смешно ми е и да те гледам со колку лековерен ум си. Господин Ставрогин стои пред тебе како на скали, а ти одоздола лавкаш на него како глупаво кученце додека тој смета оти голема чест би ти направил ако одозгора плукне на тебе.

— Но, знаеш ли ти — се разлути Петар Степанович — дека тебе никаквец еден, не ќе те пуштам ни чекор понатаму оттука, туку, првин ќе те предадам на полицијата.

Феѓка скокна на нозе и бесно светна со очите. Петар Степанович извлече пиштол. Тогаш се случи брза и немила сцена: пред да стигне Петар Степанович да го впери пиштолот, Феѓка за миг се извитка и со сета сила го плесна по образот. Во ист момент се слушна и вториот силен удар, па третиот, па чет-

вртиот, сè по образот. Петар Степанович се зашемети, ги ококори очите, промрмори нешто и, наеднаш, како труп тресна на подот.

— Еве ви го, носете го! — викна Феѓка во победнички став во миг го дофати качкетот, бовчата под клупата и исчезна.

Петар Степанович кркореше во несвест. Липутин помисли на убиство. Кирилов претрча во кујната.

— Вода! — викна тој и со железната лажица црпна од ведрото па го напрска по главата. Петар Степанович се мрдна, малку ја поткрена главата, седна и несвесно погледна околу себе.

— Па, како е? — праша Кирилов.

Тој пак, го гледаше вкочането не познавајќи го сè уште; но кога го здогледа Липутин, се насмевна со својата непријатна насмевка и наеднаш скокна, дофаќајќи го пиштолот од подот.

— Ако решите утре да избегате како оној подлец Ставрогин — се нафрли неразумно на Кирилова, целиот блед, а зборовите ги пелтечеше и не ги изговараше точно — јас и на другата половина на Земјината топка ќе ве ... обесам, како муви ... ќе ве смачкам ... разбирате ли!

Пиштолот го стави точно на челото на Кирилов, но речиси во истиот миг се прибра сосема и ја тргна раката, го пикна пиштолот в џеб па без зборови излета од куќата. Липутин по него. Се провлекоа низ оној премин и пак тргнаа по стрмниот олук, придржувајќи се за оградата. Со брзи чекори Петар Степанович тргна по улицата. Липутин одвај го стаса На првата крстосница запре зачуден.

— Па? — се сврти тој предизвикувачки кон Липутин.

Липутин се присети за пиштолот, а сè уште трепереше и од онаа сцена; но од устата, некако само од себе, без да сака и незадржливо, му се откина одговорот:

— Јас мислам ... мислам дека „од Смоленск до Ташкент веќе ни малку нестрпливо не го очекуваат својот студент".

— А видовте ли што пиеше Феѓка во кујната?

— Што пиеше? Вотка.

— Тогаш, да знаете, пиеше последен пат во животот. Ви препорачувам тоа да го запомните заради натамошно управување. А сега одете по ѓаволите, до утре не сте ми потребни. Но, погледајте ме добро: не шегувајте се!

Липутин главечки отрча дома.

IV

Уште одамна Липутин се снабди со пасош на туѓо име. Чудно е дури и да се помисли дека овој мал исправен човек, ситничав домашен тиранин, во секој случај, службеник (иако фуриерист) и, конечно, пред сè, капиталист и лихвар — одамна дојде на фантастична мисла за секој случај да се обезбеди со пасош и со него да избега преку границата, а к о .... а тој дозволува тоа а к о и да дојде, макар што тој никогаш не умееше пак да формулира што би можело да значи тоа... ако.

Но тоа сега наеднаш се формулира само, онака како што човек најмалку може да се надева. Очајната мисла на Липутин со која влезе кај Кирилов, уште откако на тротоарот од устата на Петар Степанович го чу зборот „будала", беше, уште утре, штом ќе пукне муграта, сè да фрли настрана, па да се префрли од татковината преку границата! Кој не верува дека вакви фантастични работи се случуваат и денеска во нашиот секојдневен живот, нека се извести од биографиите на сите денешни руски бегалци преку границата. Умно и реално, ниту еден досега не заминал. Секогаш само во царството на привидот, далеку од стварноста, и ништо повеќе.

Кога Лупутин стаса дома, првин се заклучи, а потоа ја дофати торбата и почна грчовито да се подготвува за на пат. Главна грижа му беа парите, колку и како ќе успее да ги спаси; зашто, според неговото сфаќање, повеќе не смееше да се премислува ниту

за момент, и штом ќе се раздени, треба да биде на пат. Тој дури не знаеше ни каде, ни како да влезе во возот; и нејасно, како во сон, реши да влезе било каде, на некоја поголема станица, втора или трета по ред од градот, макар до неа да оди и пеш. Така, инстинктивно, не знаејќи што прави, со цела бура во главата, се мачеше околу торбата кога наеднаш запре, отфрли сè и со длабока воздишка се спружи на софата.

Јасно почувствува и секавично сфати дека тој бега за да избега, но дека за одговор на прашањето дали треба да бега пред или по Шатов, нема веќе сили; чувствуваше дека тој сега е само тело, грдо и нечувствително, инертна маса што ја движи некоја друга, непозната сила; и чувствуваше дека, и покрај тоа што има пасош, да избега од Шатов (инаку зошто би брзал вака?), сепак нема да избега пред Шатов, ниту пак од Шатов, туку токму по Шатов, и дека тоа така е решено, потпишано и запечатено. Ставен во неподнеслива мака, тој непрекинато се лутеше, врескаше, се чудеше во себеси, наизменично воздивнуваше и се смируваше, но, лежејќи на софата, сепак, некако дочека до единаесет часот утредента. И токму тогаш се случи оној неочекуван удар што на неговата одлука ѝ даде пресудна насока. Во единаесет, штотуку ја беше отклучил вратата и беше избегал во утринската облека, дозна, и тоа од своите, дека Феѓка, разбојникот, бегалец, затвореник, човек кој на сите им влеваше страв, ограбуваше цркви, неодамнешниот убиец и потпалувач, по кој нашата полиција трагаше, но не можеше да го фати — тој Феѓка, во мугрaта е најден убиен на седум врсти од градот, таму каде што насипот кривуличи кон споредниот пат за Захарјино, и дека за тоа веќе зборува целиот свет.

Липутин панично истрча од дома за да ги слушне и дознае подробностите, првин, дека Феѓка, судејќи по сите знаци, е и ограбен; а второ, дека полицијата веќе има силни причини за сомневање, па и неколку сигурни податоци, за да заклучи дека негов убиец е Фомка, работник кај Шпигулини, оној со кој Феѓка

ги уби Лебјаткини, а потоа ги запали, и тоа дека меѓу нив уште патем дошло до караница поради големите пари, украдени кај Лебјаткини, што Феѓка божем ги затаил... Липутин отрча и до куќата на Петар Степанович; на задниот влез успеа тајно да дознае дека Петар Степанович, навистина, се вратил дома ноќта, така околу еден часот, но дека спиел, вистина немирно, до осум изутрината. Значи, сè изгледаше дека во смртта на разбојникот нема ништо необично и дека во слични кариери често се случувале токму вакви расплети; меѓутоа, сличноста со кобните зборови дека Феѓка „оваа вечер последен пат пие вотка" и брзото остварување на ова пророштво, беа толку значајни што Липутин престана да се премислува. Оној удар, значи, падна токму како камен да се урнал врз него и го смачкал. Кога се врати дома, ја турна со нога својата торба, а вечерта, во определен час, прв се појави на местото здоговорено за состанок со Шатов; навистина, со пасош во џебот.

ГЛАВА ПЕТТА

ПАТНИЦИ

I

Катастрофата на Лиза и смртта на Марија Тимофеевна оставија мачен впечаток кај Шатов. Јас веќе споменав дека тоа утро набрзина се видов со него и дека ми се пристори оти тој не знае што сака. Меѓу другото, ми рече дека некнивечер (значи, три часа пред пожарот) бил кај Марија Тимофеевна. Изутрината бил да ги види труповите, но, колку што знам, јас, тоа утро никаде не даваше никакви изјави. Меѓутоа, вечерта, се крена бура во неговата душа... и, мислам дека можам точно да кажам, во самракот му дојде таков момент што тој беше готов да стане, да отиде, и да каже сè. Што е тоа сè — знаеше само тој. Се разбира, ништо не ќе оствареше; единствено себеси ќе ѝ се предадеше на власта... Немаше никакви докази за да обвини некого за сторени злосторства, зашто и самиот имаше само нејасни претчувства и присетувања; инаку, за него тоа беше исто што и целосно уверување. Тој беше готов и самиот себеси да се упропасти, само кога би можел да ги „смачка гадовите"; тоа се негови сопствени зборови. Овој негов стремеж Петар Степанович донекаде точно го насетуваше и знаеше дека многу ризикува што за утрото го одлага извршувањето на својата нова страшна замисла. Во него, како и обично, имаше голема сигурност во себе а презир спрема сите други „ситни луѓе", особено спрема Шатов. Тој одамна го презираше Ша-

тов поради неговиот „плачлив идиотизам“, како што се изразуваше за него во странство; и цврсто се надеваше дека со овој неискусен човек лесно ќе излезе на крај, тоест, дека целиот тој ден не ќе го испушти од погледот и дека при првата опасност ќе му го пресече патот. И, навистина, „гадовите“ не ни претчувствуваа.

Во осум вечерта (токму во тоа време кога нашите се беа собрале кај Еркељ, го чекаа Петар Степанович и се лутеа) Шатов со главоболка и мала температура лежеше спружен на својата постела, во темнина, без свеќа; го мачеа сомневања, се лутеше, се решаваше на изјава, но никако не можеше да се реши; проколнувајќи се, однапред претчувствуваше дека сето тоа не води кон ништо. Малку по малку тој се заборави во лесен сон и во сонот виде нешто слично на кошмар му се сони дека на својата постела е врзан од глава до петици, не може да се мрдне, меѓутоа, целата куќа ечи од страшни удари по оградата, во вратичката, во неговата врата, на одделението на Кирилов, така што целата куќа се тресе; и некој глас, од далечина познат, но за него измачувачки глас, тажно го повикува. Тој наеднаш се разбуди и се исправи во постелата. Се зачуди што на вратата сè уште некој чука, макар што тоа беше послабо отколку во сонот, но сè почесто и поупорно; а оној чуден и „мачителски“ глас, иако не натажен, напротив, нестрплив и лут, исто така подеднакво се слушаше таму долу крај вратата, прекинуван од некој друг глас, што беше поуморен и обичен. Шатов скокна, го отвори прозорецот за проветрување и ја измолкна главата.

— Кој е таму? — викна тој, буквално вкочанет од страв.

— Шатов ако сте вие — му беше одговорено одоздола остро и тврдо — тогаш, ве молам, бидете добар да изјавите отворено и чесно, се согласувате ли да ме примите внатре, или не?

Навистина, така е! Го позна гласот!

— Marie... Ти ли си?

— Јас сум, јас, Марија Шатова, и ве уверувам дека повеќе ни минута не можам да го задржувам превозникот.

— Веднаш ... само свеќа — попушти Шатов со гласот. Потоа тргна во потрага по кибрит. Кибритот, како и обично во вакви моменти не можеше да биде пронајден. На подот го испушти свеќникот со свеќата, но бидејќи одоздола се слушна нестрплив глас, отфрли сè и главечки отрча по стрмните скали за да ја отвори малата вратичка на влезот на куќата.

— Услужете ме, придржете ми ја торбата, додека јас расчистам со овој глупак — така го пресретна госпоѓа Марија Шатова и во рацете му ја мушна мошне лесната, евтина рачна торба од платно со бронзени шајчиња, од дрезденска изработка. Потоа таа се нафрли на превозникот: — Ве уверувам дека добивате повеќе отколку што е потребно. Ако цел час без потреба ме влечкавте по овие глибави улици, тогаш за тоа само вие сте виновен, секако не знаевте каде е оваа глупава улица и оваа улава куќа. Повелете, примете ги вашите триесет копејки и бидете сигурен дека ништо повеќе не ќе добиете.

— Но, госпоѓо, па вие самата ме упативте во Вознесенска улица, а ова е улицата „Водици“ а Вознесенска, ене каде е одовде. Само бадијала го испотив коњот.

— Вознесенска, „Водици“, сите тие глупави називи треба вам да ви бидат попознати отколку мене, зашто вие сте одовде; освен тоа, вие сте и неправедливи; јас уште веднаш ви реков дека сакам да одам во куќата на Филипови и вие посебно потврдивте дека таа куќа ја знаете. Во секој случај, можете во судот утре да барате задоволување, а сега, ве молам, оставете ме на мир.

— Еве, еве уште пет копејки — рече Шатов благо, па од својот џеб извади петка и му ја подаде на превозникот.

— Бидете добар, ве молам, и не правете го тоа! Ви забранувам! — зовре Мm Шатова, но превозникот го сврти коњот, а Шатов ја фати за раката и ја привлече кон вратичката.

— Побрзо, Marie, побрзо... сето тоа се ситници, и... види, многу си наводенета. Полека, овде се оди нагоре... многу ми е жал што нема светлост... скалите се стрмни, држи се цврсто, цврсто, ах, добро, еве ја мојата соба. Прости, не е осветлено... Веднаш!

Тој го крена свеќникот, меѓутоа, кибритот уште долго не го пронајде. Госпоѓа Шатова стоеше на средината од собата, чекаше, молчеше и не се помрднуваше.

— Фала му на бога, одвај! — викна тој радосно и ја расветли собата. Марија Шатова секавично го разгледа станот.

— Ми зборуваа дека лошо живеете, но сепак не мислев дека е вака — изговори таа, со гнасење и се упати кон постелата. — Оф, уморна сум! — рече, и со израз на немоќ седна на тврдата постела. — Ве молам, оставете ја торбата, седнете на столот. Впрочем, како што сакате; ми се испречувате пред очите. Кај вас ќе останам привремено додека не најдам работа... зашто засега не знам ништо... како е тука... ниту пак имам пари. Но ако ви пречам, бидете добар, пак ќе ве замолам, и кажете ми веднаш, како што, впрочем, и сте должен доколку сте чесен човек. Утре можам нешто и да продадам за да платам за гостилница, а до гостилницата повелете придружете ме вие лично... О, колку сум уморна!

Шатов целиот затрепери.

— Не е потребно да одите во гостилница, Marie, не е потребно! Каква гостилница? Зошто ви е, зошто ви е?

Ја молеше со склопени дланки.

— Добро, ако е можно без гостилница, сепак е обврзно работата да биде разјаснета. Сетете се Шатов дека ние двајцата две недели и неколку дена проживеавме во брак во Женева; а, еве, три години како сме разделени; впрочем, без некоја посебна караница. Но не помислувајте дека се вратив за да ја обновам караницата од поранешната глупост. Се вратив да побарам работа; а овде дојдов затоа што ми

е сеедно, каде било. Не дојдов за да се каам за што било; бидете добар, не помислувајте и на таква глупост.

— О, Marie, не требаше тоа да се споменува, не требаше! — нејасно промрмори Шатов.

— Ако е така, ако сте вие толку развиен и тоа да го разберете, тогаш си дозволувам да речам: тоа што сега непосредно ве побарав и навратив во вашиот стан, дојде на извесен начин и оттаму што никогаш не сум мислела дека сте низок човек, туку дека сте, можеби, многу и многу подобар од другите... никаквеци!

Очите и светнаа. Бездруго многу нешта претрпела од разни „никаквеци".

— И, ве молам, бидете уверени дека ни малку не ви се потсмевнував кога ви велев дека сте добар. Го реков тоа просто, без дотерување; јас не го поднесувам тоа. Туку, сѐ е глупост. Секогаш сум се надевала дека сте толку умни, за да не здодевате... О, доста, уморна сум!

Го погледна со долг, измачен и уморен поглед. Шатов стоеше на пет чекори од неа и слушаше, срамежливо, но некако обновен, со некој нов сјај на лицето. Овој силен и суров човек, секогаш намуртен, сега наеднаш смекна и се разведри. Во душата му затрепери нешто необично, ретко, сосема неочекувано. Трите години на разделеност, трите години на растурен брак, во неговото срце ништо не избришаа и потиснаа. А можеби, токму секој ден во тие три години мислел на неа, на драгото суштество кое некогаш му рекло „те сакам"

Познавајќи го Шатов, јас со сигурност можам да речам дека тој никогаш не би можел да си дозволи да сонува дека некоја жена му вели „те сакам". Тој беше чист и срамежлив како дивина, гледаше на себе како на голема грдотија, го мразеше своето лице и својата природа, се споредуваше со страшило кое може единствено да се води и покажува само на панаѓурите. Поради тоа, тој пред сѐ ја ценеше чесноста, а на своите принципи и уверување им се предаваше до фанатизам; беше намуртен, горделив, лут и неразго-

ворлив. Но, еве, ова суштество, единствено ова, го сакаше цели две недели (тој во тоа секогаш веруваше, секогаш веруваше!), а тој секогаш го сметаше за повисоко од себе, без оглед на своето сопствено трезвено сфаќање на нејзините заблуди; и на тоа суштество тој можеше да му прости сè, сосема сè (за тоа не се поставуваше прашање); можеше да биде само нешто спротивно: тој сметаше дека пред неа тој е виновен за сè, и таа жена, еве, Марија Шатова, стапна во неговата куќа, пак е тука, пред него ... тоа речиси не може да се сфати! Тој е вчудовиден; овој настан содржи во себе нешто многу страшно за него, а заедно со тоа многу среќа за него, што тој не можеше а можеби и не ја сакаше туку се плашеше да се прибере. Беше тоа сон. Но кога таа го погледа со измачениот поглед, веднаш сфати дека тоа толку сакано суштество, страда, можеби е нажалено и потиснато. Срцето му претрпна. Со болка се загледа во нејзините црти: од тоа уморно лице одамна исчезнал сјајот на првата младост. Навистина, таа сè уште е убава, а во неговите очи е убавица, како и порано што беше. (Навистина беше тоа жена од дваесет и пет години, мошне цврста, со над среден раст, повисока од Шатов, со костенлива и бујата коса со бледо и тркалезно лице, со крупни темни очи, што сега светкаа со трескав сјај) но, нејзината претходна лековерна, наивна и простодушна енергија што му беше добро позната, сега се преобрази во мрачна безволност, чувствителност, разочарување, во некој цинизам на кој таа сè уште не беше свикната и кој и нејзе ѝ здодеваше. Но, што е најважно, таа е болна, тоа тој јасно го виде. И покрај својата плашливост пред неа, тој наеднаш ѝ пристапи и ја фати за двете раце.

— Marie ... Знаеш ... можеби си многу уморна, те молам, не лути се ... Ако се согласиш, на пример, да земеш барем малку чај, сакаш ли? Чајот прекрасно закрепнува, сакаш ли? Дали ќе се согласиш, дали?

— Што има да се согласувам, се разбира, се согласувам; вистинско дете сте, како и секогаш. Ако можете, дајте. Мошне тесно е кај вас! И студено!

— О, веднаш ќе затоплам; дрва, дрва, ... имам јас дрва! — се растрча Шатов; — дрва ... но ... но ... впрочем, ќе биде веднаш и чајот — мавна тој со раката како во очај и решително ѝ ја грабна шапката.

— А каде? Можеби немате чај дома?

— Ќе биде, ќе биде, ќе биде, веднаш ќе биде, сѐ ќе има доволно ... јас ...

Го зеде пиштолот од полицата.

— Ќе го продадам овој пиштол, веднаш ... или ќе го заложам.

— Какви се тие глупости? И колку ќе трае тоа! Ете, земете пари, ако немате ништо; мислам дека тука има осум гривници; тоа е сѐ. Кај вас е речиси како во улава куќа.

— Не треба, не ми требаат твоите пари; веднаш... за еден миг ... можам и без пиштолот ...

И отрча право кај Кирилов. Тоа веројатно беше час-два пред да дојде Петар Степанович со Липутин. Шатов и Кирилов, и покрај тоа што седеа во еден двор, речиси и не се видуваа, но кога ќе се видеа речиси и не се поздравуваа: премногу долго заедно „лежеа" во Америка.

— Кирилов, вие секогаш имате чај; дали има кај вас чај и самовар?

Кирилов шеткаше по собата (како што знаеше тој, по цела ноќ), сега брзо запре и го погледа Шатов вкочането, впрочем, без особено чудење.

— Чај има, шеќер има, и самовар има. Но самовар не ви треба, чајот е топол. Седнете и напијте се.

— Кирилов, ние заедно лежевме во Америка ... Ми дојде жена ми ... Јас ... Дајте го чајот ... ми треба самовар.

— Штом е жената тука, ќе треба самовар. Но, самоварот подоцна. Јас имам два. А сега земете го чајникот од масата. Топол е, најтопол. Земете сѐ; земете шеќер; целиот. Леб ... Многу леб; целиот. Има телешко. Пари — една рубља.

— Дај пријателе! Утре ќе ти вратам! О, Кирилов!

— Тоа е онаа жена од Швајцарија? Тоа е добро. И тоа што сте дотрчале, и тоа е добро.

— Кирилов! — извика Шатов земајќи го чајникот во едната рака, а во другата шеќерот и лебот. — Кирилов! Кога... кога би можеле да се откажете од вашите соништа и да го отфрлите вашиот атеистички занес... о, што човек би биле, Кирилов!

— Се гледа дека ја сакате жена си, дури и по разделбата во Швајцарија. Тоа е добро штом е и по Швајцарија. Кога ќе ви треба чај, дојдете пак. Доаѓајте преку цела ноќ, јас не можам да заспијам. Ќе биде и самовар. Земете рубља, еве. Одете кај жена ви, а јас ќе останам и ќе мислам на вас и на вашата жена.

Марија Шатова, очигледно беше мошне задоволна што тој се врати брзо и речиси желно го прифати чајот; но не беше потребно да трча по самоварот, таа испи само половина чашка и зеде само малечок залак леб. Телешкото го одби со грозење и раздразливост.

— Ти си болна Marie; сето тоа кај тебе е болно... — плашливо рече Шатов, грижејќи се околу неа.

— Се разбира, болна сум; ве молам, седнете. Кај го добивте чајот кога го немавте?

Шатов ѝ раскажа за Кирилов, површно, накратко. Таа беше чула нешто за него.

— Знам дека е улав; ве молам, доста; зарем малку улави има? Значи, сте биле во Америка? Слушнав, пишувавте.

— Да, јас... пишував во Париз.

— Доволно е, и ве молам, зборувајте нешто друго. Вие според принципите сте словенофил?

— Јас... јас... ова, не оти не сум... Бидејќи нема можности да бидам Русин, станав словенофил — се насмевна тој со половина уста, со напор на човек кој е духовит сосила и не сосема во годен миг.

— А вие не сте Русин?

— Не, не сум Русин.

— Навистина, сево ова е глупост. Седнете, конечно, ве молам, зошто шеткате ваму-таму! Да не мислите дека бладам? Или можеби сум во бунило? Рековте дека само вие двајцата сте во куќава?

— Двајца... и долу...

— И сè толку умни! Што има долу? Рековте: долу?

— Не, ништо.

— Како ништо? Сакам да знам.

— Сакав да речам дека сега сме само ние двајцата во куќава а долу порано живееја Лебјаткини...

— Тоа е таа што ја убиле ноќеска? — дофрли наеднаш таа. — Слушнав. Штом допатував, слушнав. Имавте и пожар?

— Да, Marie; да, и можеби во овој миг сум страотно низок што им простувам на никаквеците...

Тој брзо стана и почна да чекори по собата, а рацете ги имаше кренато горе како во гнев.

Но Marie не го разбра. Таа растргано ги следеше неговите одговори. Го прашуваше, но не го слушаше.

— Убави работи се случуваат кај вас! О, грдо е сето тоа! Сите се никаквеци! Но седнете најпосле, ве молам! О, ама ме лутите! — Таа изнемоштено ја спушти главата врз перницата.

— Marie, нема повеќе... ти можеби ќе прилегнеш?

Таа не одговори и беспомошно ги затвори очите. Бледото лице стана токму како кај мртовец. Заспа речиси во истиот миг. Шатов погледа наоколу, подобро ја намести свеќата, уште еднаш вознемирено погледна во нејзиното лице, цврсто ги стегна рацете и на прсти за миг излезе од собата. Горе, на скалите го впери лицето кон аголот и така остана десетина минути, нем и неподвижен. Ќе останеше и подолго, но одоздола наеднаш се слушнаа лесни, претпазливи чекори. Некој се искачуваше. Шатов се присети дека заборави да ја затвори малата вратичка од влезот.

— Кој е? — запраша шепотејќи.

Непознатиот посетител се искачуваше без брзање и не одговараше. Кога се искачи горе, тој запре; во темницата не можеше да се забележи кој е; наеднаш се слушна неговото претпазливо прашање.

— Иван Шатов?

Шатов одговори и веднаш ја протегна раката за да го задржи; но овој го фати за раката — Шатов затрепери како да допрел некое страшно, лигаво животно.

— Останете тука — брзо прошепоти Шатов; — не влегувајте; сега не можам да ве примам. Ми се врати жена ми. Ќе изнесам свеќа.

Кога се врати со свеќата, пред себе виде млад офицер; не му го знаеше името, но некаде го имаше видено.

— Еркељ — се претстави овој. — Ме видовте кај Виргински.

— Се сеќавам; седевте и пишувавте. Слушнете! — пламна сега Шатов и, гневен, му се доближи, но сè уште постојано шепотеше — сега кога ме фативте за рака, ми дадовте еден знак. Но, знајте, дека јас на сите знаци можам да плукнам! Не знам и не го ценам но и не го одобрувам тоа што... јас не сакам... можам веднаш да ве фрлам низ скалите... го знаете ли вие тоа?

— Не, јас ништо за тоа не знам и никако не ми е јасно зошто се налутивте — одговори гостинот благо и речиси простодушно. — Јас имам нешто да ви јавам и затоа сум дојден и, што е најзначајно, не сакам да го губите времето. Кај вас е машината која не е ваша и за која сте одговорен како што и самиот знаете. Мене ми е наредено да побарам од вас уште утре, точно во седум вечерта, да му ја предадете на Липутин. Освен тоа, наредено ми е да ви соопштам дека од вас повеќе ништо и никогаш нема да се бара.

— Ништо?

— Совршено ништо. Вашата молба е уважена и вие засекогаш сте отстранет. Навистина, така ми е наредено да ви кажам.

— Кој нареди?

— Оние што ми го доверија знакот.

— Вие дојдовте од странство?

— Тоа е... тоа е, мислам, за вас сеедно.

— По ѓаволите! Но кога ви било наредено така зошто не дојдовте порано?

— Се држев до некои упатства и не бев сам.

— Знам, знам, не бевте сам ... По ... ѓаволите! А зошто не дошол самиот Липутин?

Офицерот го премолчи прашањето.

— И, така, ќе ви се јавам утревечер точно во шест часот, па заедно ќе отидеме пеш дотаму. Освен нас тројцата, не ќе има никој друг.

— Верховенски?

— Не, нема. Верховенски ќе отпатува утре претпладне во единаесет.

— Така и мислев! — прошепоти бесно Шатов и се тресна со тупаницата по колкот; — бега, гадотијата!

Возбуден, тој се замисли. Еркељ непрекинато го гледаше, молчеше и чекаше.

— А како ќе ја однесете машината? Зашто, таа не може наеднаш да се земе во рацете и така да се однесе.

— Тоа не ќе биде потребно. Вие само ќе го покажете местото, а ние само ќе се увериме дали навистина е закопана таму. Ние само приближно го знаеме местото; но не знаеме точно каде. А дали на уште некој му го покажавте местото?

Шатов го погледна

— И вие, и вие, и вие детиште, будалесто детиште, и вие се затрчавте како говедо! Е, па да, ним тоа навистина им е потребно. Добро, одете си! Е — е. Тој никаквец сите нѐ измами! Ви ја наполни главата и избегал.

Еркељ го погледна ведро и мирно, но како да не го разбра.

— Верховенски избегал! Верховенски! — гневно крцна со забите Шатов.

– Па тој сѐ уште е тука, не е заминат. Заминува дури утре – напомена Еркељ благо и разумно. — Јас посебно го повикав и него и тој да биде таму, како сведок, упатствата за мене доаѓаат од него (се издаде тој, сѐ уште младо и неискусно детиште). Но, за жал, не се согласи со мене; вели дека мора да патува; а навистина нешто брза.

Шатов уште еднаш фрли сожалувачки поглед на ова простодушно дете, но брзо одмавна со раката како да вели „вреди ли сожалувањето?"

– Добро, ќе дојдам – го прекина разговорот; – а сега, ајде, одете си.

— Значи, јас ќе бидам тука точно во шест — се поклони Еркељ обносливо, па полека тргна по скалите.

— Глупавко! — извика по него Шатов од врвот на скалите не можејќи да се воздржи.

— Како, молам? — се одѕва оној долу.

— Ништо, одете!

— Ми се стори дека нешто рековте.

II

Еркељ беше „глупавко“ поради тоа што во главата ја немаше најважната причина што владее со главата; мали, подредени причини имаше многу, дури и оние до итрост. Фанатично, детски приврзан за „општото дело“, а всушност за Петар Степанович, тој работеше по неговите упатства и наредби, добиени тогаш на „седницата“ на н а ш и т е во неговиот стан, кога беа утврдени и поделени улогите. Определувајќи ја неговата улога на пратеник, Петар Степанович успеа десетина минути да поразговара со него издвоено, во четири очи. Бидејќи кај природи каква што е младиот Еркељ, по малку неразумен, „општото дело“ оди со желно потчинување на нечија волја, зашто тоа за нив е исто, тие ситни фанатици, каков што е и Еркељ, служењето на јавната идеја не можат да го разберат поинаку, отколку како нејзино спојување со некоја личност, која, според нивното сфаќање, ја изразува таа идеја. Чувствителниот, нежен и добриот Еркељ, можеби ќе беше најнечувствителниот меѓу убијците со кои Верховенски го опкружуваше Шатов; можеби ќе можеше, без никаква омраза, ни со окото да не трепне, да гледа како оној го убиваат. На пример, му беше наредено, меѓу другото, додека ја предава пораката, добро да ги согледа околностите во кои се наоѓа Шатов; и кога Шатов го прими на скалите и му зборуваше во оган, Еркељ не забележувај-

ќи дека жена му се вратила, наеднаш пронајде инстинктивна итрина да не покаже ни најмалку љубопитност во врска со тоа, и покрај тоа што му светна во главата дека тој факт — враќањето на жената — има големо значење во смисла на успехот или неуспехот на нивната акција . . .

Навистина така и беше; само тој факт ги спаси „гадовите" од намерата на Шатов да ги пријави на власта, а наедно со тоа и ним им помогна да се „откачат" од него, од Шатов . . . Прво, тој факт го возбуди Шатов, го исфрли од колосекот, му ја одзеде неговата вообичаена острина на видот и претпазливоста. Во неговата глава, зафатена сега со нешто сосема друго, најмалку можеше да навлезе некаква идеја за неговата лична безбедност. Напротив, дека Петар Степанович утре бега, поверува со задоволство: тоа мошне добро се согласуваше и со неговите сомненија! Кога се врати во собата, повторно седна настрана, се потпре со лактите на колената и го покри лицето со рацете. Го мачеа горчливи мисли . . .

Повторно ја крена главата, стана; одеше на прсти за да ја погледа: „Господи! до утре температурата сигурно ќе се развие! Можеби веќе и почнува! Бездруго е настинатa. Не е свикната на оваа страшна клима, па потоа вагон, трета класа, надвор бура, дожд, нејзината мала наметка е тенка, нема топла облека . . . И, сега, да биде оставена, поттурната и без помош . . . Па оваа торбичка, оваа сиромашка торбичка! Колку е малечка, колку е лесна, сета стуткана, десетина фунти! Кутрата, многу е изнемоштена, многу, бездруго многу доживеала! Горделива е, и затоа не се жали. Но, лута е, јадосана. Тоа е поради болеста: во болеста и ангелот би станал јадосан. Челото бездруго ѝ е суво, врело; под очите има синило и . . . и пак е убаво тоа лице. па таа прекрасна бујна коса, па . . ."

Тој брзо го сврти погледот и веднаш се оддалечи од неа; како да се плашеше од помислата дека во неа може да види нешто друго освен несреќно, намачено суштество на кое му е потребна помош.

„Какви се тие надежи! О, колку низок, колку гнасен е човекот!"

Пак седна во своето катче, го покри лицето со рацете и повторно почна буден да сонува, да се сеќава... и пак нејасно виде некои свои надежи.

„Оф, уморна сум, оф, уморна!“ — се сеќаваше тој за нејзините воздишки и нејзиниот испрекинат глас. „Господе! Да ја отфрлам сега — а таа има само осум гривеници; ми го подаде своето портмоне, старо, излитено, малечко! Дојде да бара работа, а што разбира од работата, што знае таа за Русија? Навистина, тоа е како кај самоволните деца — сè само фантазии кои децата ги создаваат; па уште се лути, бедничката, што Русија не личи на убавите соништа од туѓина! О, несреќни суштества, о, невини детишта!... Но, навистина, овде е студено...“

Си спомна дека таа му се пожали, и се сети дека беше ветил да ја запали печката... „Дрва има, можам да ги донесам, само да ја разбудам... Да, ќе може. А што да правам со телешкото? Ќе се разбуди па можеби ќе ѝ се пријаде... Туку, тоа подоцна; Кирилов цела ноќ не спие... Со што да ја покријам, таа мошне цврсто спие, но бездруго ѝ е студено, о, сигурно!“

Пак пријде да ја види; фустанот беше малку поткренат, па затоа ѝ се гледаше половината десна нога, до коленото. Тој веднаш се сврти, речиси исплашено, го слече топлото палто, а остана во кратката износена кошула и ја покри, обидувајќи се да не погледне таму каде што беше разголената нога.

Потпалувањето на печката, движењето на прсти, погледот врз спалната, мечтаењето во аголот, потоа повторниот поглед врз спалната — му одзеде многу време. Поминаа два-три часа. И токму во тоа време Верховенски и Липутин беа кај Кирилов. Најпосле, Шатов во својот агол задрема. Таа зајачка; тој се разбуди; таа го повика; овој скокна како виновник.

— Marie! Заспав... о, Marie, јас сум вистински никаквец!

Таа се поткрена, се загледа зачудено, како да не знае каде е, и веднаш, изненадено, незадоволно и налутено рече:

— Ви ја зафатив постелата и заспав како мртва од заморот; а вие, како смеевте да молчите, што не ме разбудивте? Како смеевте да помислите дека намерно сакам да ви бидам товар?

— Како можев да ве разбудам Marie?

— Можевте, требаше! Тука нема друга постела, а јас ја зафатив вашата. Не смеевте да ме ставате во значајна положба. Можеби помисливте: дојдов да се користам со вашата милост? Веднаш да прилегнете во својата постела, а јас ќе бидам таму накрај, на столот.

— Marie, нема толку столови, а пак нема ниту што да се постеле.

— Па тогаш, значи на подот. Инаку, вие ќе морате на подот. Јас сакам на подот, уште веднш!

Таа стана, сакаше да зачекори, но наеднаш некој силен грчевит наплив на болка како да ѝ ја одзеде силата и решителноста; гласно офна и повторно се струполи на постелата. Шатов притрча, а Marie го мушна лицето во перницата, ја грабна неговата рака, со сета сила ја притисна во својата и почна да ја превиткува. Тоа потраа речиси цела минута.

— Marie, душо, ако треба ќе повикам лекар; тука е доктор Френцил, јас добро го познавам... Ќе отрчам до него.

— Сешто!

— Како сешто! Кажи Marie, што те боли? Би можело да ставиме облоги... на стомакот на пример... Тоа го можам и јас, без лекар... И синапот е мошне добра работа.

— Што, што ќе биде — го запраша таа зачудено, поткревајќи ја главата и гледајќи го заплашено.

— А што тоа, Marie, што е тоа: што ќе биде? — повтори тој не разбирајќи ја — што е тоа што ме прашуваш? О, боже, јас сосема се збркувам, Marie, прости што веќе ништо не разбирам.

— Но, оставете го тоа, не морате ништо да разберете. А би било и мошне смешно... — се насмевна таа горчливо. — Раскажувајте нешто што било. Чекорете по собава и раскажувајте. Не запирајте се крај мене и не гледајте ме, посебно ве молам за тоа веќе петстотини пати!

Шатов почна да чекори по собата, гледаше во подот и со сите сили се обидуваше да не погледне во неа.

— Тука, не лути се Marie, те молам, тука има телешко, а тука блиску е и чајот... Пред малку само лизна од него...

Таа со гнасење и со омраза одмавна со раката. Шатов очајно си го гризна јазикот.

— Слушајте ме, имам намера овде да отворам книговезница, и тоа врз основа на разумни принципи на здружување. Вие живеете овде, и, што мислите, дали ќе успеам во тоа?

— Е, Marie, кај нас книгите и не се читаат, па книгите всушност и ги нема. А дали тој книгата и ќе ја подврзува?

— Кој тој?

— Па, овдешниот читател и овдешниот жител воопшто, Marie.

— Ете, така, речете појасно, а не **т о ј**, зашто кој е **т о ј** не се гледа. Не ја знаете граматиката.

— Тоа е во духот на јазикот, Marie, — промрмори тој.

— Но, одете вие со вашиот дух — ми здодеавте. — Зошто овдешниот жител или читател не сака да ги подврзува?

— Зашто тоа се два големи периоди во развитокот: да ја читаш книгата и да ја подврзуваш. Тој во почетокот по малку, со векови, се свикнува да чита, но книгата ја раскинува, не ја чува и ја фрла, зашто ја гледа како несериозен предмет. А подврзувањето означува и почитување на книгата; потоа, тоа значи дека не само што ја засакал па ја чита, туку ја разбира и ја цени како предмет со вредност. До тој период сè уште не стигнала целата Русија. Европа одамна ги подврзува.

— Тоа, впрочем, е педантно, но барем не е глупаво речено и ме потсеќа на времето од пред три години; вие пред три години бевте мошне духовит.

Ова таа го изрече со иста вџашеност како што ги изговараше сите свои каприциозни фрази.

— Marie, Marie, — ѝ се сврти Шатов разнежен — о, Marie! Кога би знаела што сè мина попусто за тие три години! Подоцна слушнав дека ме презре затоа што ги сменив своите стари убедувања. А кого го отфрлив? Непријателите на живиот живот, некои застарени либерали, кои се плашат од својата сопствена независност, лакеите на мислата, непријателите на личноста и слободата, пропаднати, старечки бессилни проповедници, трупови и гнилежи! Што стои зад нив? Старост, златна средина, сосема малограѓанска; ниска и подмолна неспособност, завидлива еднаквост без лична вредност, еднаквост каква што може да ја разбере еден лакеј, или пак како што ја разбирал Французинот од деведесет и третата. А што е најзначајно, секаде никаквеци, никаквеци, и никаквеци!

— Да, никаквеците ги има многу — проговори таа испрекинато и болно. Лежеше спружена, неподвижна, како да не смее да се помрдне; со глава зафрлена малку настрана на перницата, гледајќи во таванот со делумно папсан но врел поглед. Лицето ѝ беше бледо, усните суви и испечени.

— И ти го согледуваш тоа Marie, го согледуваш! — извикна Шатов. Таа сакаше да му даде некој знак со главата, но пак ја нападнаа грчевите. Повторно го скри лицето во перницата и повторно цела минута со сета своја сила и до болка ја стегаше раката на Шатов, кој ѝ притрча залуден од страв.

— Marie, Marie! Добога, Marie, тоа може да биде мошне сериозно!

— Молчете... Не сакам, не сакам, не сакам — извикуваше таа речиси гневно, свртувајќи го повторно лицето нагоре. — Не смеете да ме гледате со тоа ваше сожалување! Чекорете по собата, зборувајте што и да е, зборувајте...

Шатов, како изгубен, почна повторно нешто да мрмори.

— Со што се занимавате овде? — го запраша таа уфрлувајќи му се во зборувањето со гнаслива нестрпливост.

— Одам во канцеларијата на еден трговец — одговори тој — Јас Marie, кога би сакал, и овде би можел да дојдам до добри пари.

— Дотолку подобро за вас...

— О, немој нешто да помислиш Marie, тоа го реков само така...

— А уште што работите? Што проповедате? Вие навистина не можете а да не проповедате, таков ви е карактерот...

— Проповедам за Господа, Marie!

— Во кого и самиот не верувате. Таа идеја никогаш не можев да ја разберам.

— Но да го оставиме тоа, Marie, подоцна за тоа.

— Која е таа Марија Тимофеевна?

— И за тоа подоцна, Marie.

– Не смеете да ми ставате такви забелешки! Дали е вистина дека таа смрт може да се забележи во злосторството на... тие луѓе?

— Несомнено — крцна со забите тој.

Marie наеднаш ја крена главата и викна болно.

— Не осмелувајте се да ми зборувате и натаму за тоа, не смеете тоа, никогаш не смеете, никогаш, никогаш!

И повторно во настап на грчовити болки падна во постелата; сега веќе по третпат; но овојпат извиците беа посилни, се престорија во викотница.

— О, здодевен човеку! О, неподнеслив човеку! — се превиткуваше таа по постелата, сега повеќе не жалејќи се, но поттурнувајќи го Шатов кој стоеше крај неа.

— Marie, ќе сторам сѐ што сакаш... Ќе чекорам, ќе зборувам...

— Живи вера, зарем не гледате дека почна?

— Што почна Marie?

— А од каде да знам! Зарем јас тука нешто знам... О, проклето! О, проклето да е сѐ однапред!

— Marie, кога би сакала да ми кажеш што е тоа што почнува... инаку јас... како можам да разберам, јас, ако вие така?

— Вие сте занесеник, бесполезен дрдорко! О, проклето да е сѐ на светов!

— Marie! Marie!

Тој најсериозно помисли дека кај неа почнува лудило.

— Но, живи вера, зарем не гледате дека се мачам со породување — се поткрена таа погледнувајќи го со голема омраза што ѝ го нагрди лицето. — Проклето да е, однапред проклето да е тоа дете!

— Marie — извика Шатов кога конечно и самиот виде во што е работата ... — Зошто не ми го рече тоа порано? — се освести тој во истиот миг и со енергична решителност ја дофати шапката.

— Но од каде да знам кога сум влегла овде? Зарем ќе дојдев кај вас? Ми беше речено дека тоа ќе дојде дури по десет дена! Но каде, каде одите? Не обидувајте се!

— По бабица! Ќе го продадам пиштолот; сега пред сè по пари!

— Не обидувајте се! Ништо! Не смеете да викате бабица, туку проста жена, некоја баба, јас имам само осум гривеници во портмонето ... Селските жени раѓаат и без бабица. А ако умрам дотолку подобро ...

— Ќе дојдат и бабица и стара жена. Само, како, како да те оставам сама Marie!

Потоа помисли дека е подобро, без оглед на нејзиниот гнев и лутина, сега да остане сама, отколку да остане без помош подоцна, па не слушајќи ги нејзините лелеци ниту пак жестоките извици, главечки се стрча по скалите.

III

Пред сè кај Кирилов. Беше веќе околу еден часот ноќта. Кирилов стоеше на средината на собата.

— Кирилов, жена ми се породува!

— Што значи тоа?

— Ќе роди, ќе роди дете!

— Вие ... да не се лажете?

— О, не, не, има грчеви!... Уште веднаш, во овој час, потребна ѝ е една проста жена, каква било стара жена... Може ли веднаш да се пронајде?... Кај вас имаше многу жени...

— Многу ми е жал што не умеам да родам — одговори замислено Кирилов — тоест, не, не што јас можам да родам, туку не можам да помогнам друг да роди... или... не, тоа не умеам да го кажам.

— Сакате да речете дека вие лично не можете да помогнете во раѓањето, но јас не ве молам за тоа, туку за жена, за жена ве молам, чуварка или слугинка!

— Жена ќе има, но можеби не веднаш, ако сакате јас ќе бидам наместо...

— О, невозможно; сега одам понатаму. Кај бабицата Виргинска.

— Гадотија!

— Да, точно е тоа Кирилов, но таа е подобра од другите. Да, точно е, сето тоа таа ќе го направи без скромност пред светоста, без радост, со гнасење, со укор и безбожност — и тоа пред една таква голема тајна, пред појавата на новото суштество!... О, а таа, мојата жена, уште сега го проколнува детето и сѐ друго...

— Ако сакате јас...

– Не, не, но додека јас притрчам (о, ќе ја довлечкам јас Виргинска) дотогаш вие повремено доаѓајте до моите скали и наслушнувајте, но не влегувајте, ќе ја исплашите, никако не влегувајте, само наслушнувајте... за секој случај... А ако се случи последното, тогаш влезете.

— Разбирам. Пари — уште рубли. Еве, сакав за утре да имам кокошка но сега не сакам. Трчајте побрзо, трчајте со сите сили, а самовар ќе има цела ноќ.

Кирилов ништо не знаеше за намерите спрема Шатов; а ниту порано знаеше дека Шатов го очекува некаква опасност. Знаеше само дека тој со „тие луѓе“ има некакви стари сметки и макар што и тој беше делумно замешан во таа работа, според упатствата што му беа дадени од странство (впрочем, мошне површни упатства, зашто тој во ништо поблиску

не учествуваше), сепак, во последно време сè остави настрана, сосема се повлече од секаква работа, а пред сè од „работата“ на „заедничкото дело“, предавајќи се сосема на духовниот живот, на размислувањето. Петар Степанович, на седницата го повика Липутин заедно да отидат до Кирилов за да се увери и тој дека Кирилов, во одреден час ќе ја прими на себе сета одговорност во „делото Шатов“, но сепак, во расправата со Кирилов не рече ни збор за Шатов, дури ни оддалеку; веројатно сметаше дека тоа не е умно, дека Кирилов не е сигурен и дека е подобро работата да ја одложи до утре кога сè ќе биде завршено, кога на Кирилов ќе му биде „сеедно“. И Липутин забележа дека за Шатов, и покрај ветувањата, не станувавше ни збор, но беше премногу возбуден за да може да протестира.

Шатов како бура јуреше по Муравина улица, проклнувајќи ја нејзината должина и не согледувајќи ѝ го крајот.

Требаше долго време да тропа на вратата; сите веќе одамна спиеја. Шатов почна да баботи по прозорците, колку што може посилно и без какво било премислување. Кучето што беше врзано надвор почна да се нафрла, да лае бесно и луто. Тоа го прифатија сите кучиња од улицата; се крена кучешка тревога.

— Што тропате, и што сакате? — конечно се слушна од прозорецот гласот на Виргински, мошне мек и без некоја трага на „навреденост“. Капакот се подотвори, а се отвори и прозорецот.

— Кој е таму, каква е таа безобразност? — налутено зацимоли женски глас кој наполно се согласуваше со „навреденоста“, гласот на старата девојка, роднина на Виргински.

— Јас сум, Шатов, жена ми се врати и само што нема родено.

— Па нека роди одете си!

— Дојдов по Арина Прохоровна; без неа нема да заминам.

— Таа не може да оди кај секој. Ноќната практика е посебна... Одете кај Макшеева и внимавајте да не правите викотница — трештеше разлутен женски глас.

Се слушна како Виргински ја смирува шурнеата, но старата девојка го туркаше и не попушташе.

— Јас нема да одам — извика повторно Шатов.

— Почекајте, почекајте малку — рече конечно Виргински, кога успеа да ја надвика девојката. — Ве молам Шатов, почекајте пет минути додека ја разбудам Арина Прохоровна; ве молам не тропајте и не викајте... О, колку е страшно сево ова!

По пет бескрајни минути се појави Арина Прохоровна.

— Ви дојде жена ви? — се слушна нејзиниот глас низ отворениот прозорец; Шатов многу се изненади што нејзинот глас нималку не е лут, туку, само, како што е вообичаено, заповеднички; но Арина Прохоровна не умееше поинаку да зборува.

— Да, жена ми дојде, и сега треба да роди.

— Марија Игњатијевна!

— Да, Марија Игњатијевна. Се разбира, Марија Игњатијевна!

Замолчија. Шатов чекаше. Во куќата шепотеа.

— Одамна ли е дојдена? — пак запраша Mme Виргинска.

— Синоќа, во осум. Ве молам побрзајте!

— Видете, да не се лажете? Дали таа лично ве прати кај мене?

— Не, не ме прати по вас; таа бара некоја проста жена, за да не ме изложи на трошоци, но не грижете се, јас ќе платам.

— Добро; ќе дојдам, платиле или не. Јас секогаш ги ценев слободните и независните чувства на Марија Игњатијевна, макар што можеби таа и не се сеќава за мене. Дали ги имате најпотребните работи?

— Немам ништо, но сè ќе пронајдам, сè ќе има...

„Сепак има благородност во овие луѓе!“ — мислеше Шатов патем. „Човекот и уверувањето — тоа се, изгледа, две работи, во многу нешта различни. Јас

можеби тука згрешив!... Сите сме виновни, сите сме виновни и... кога би можеле сите во тоа да се увериме!“

Кај Љамшин не мораше долго да тропа; чудно, тој брзо го отвори прозорецот и скокна од постелата, иако беше во ноќна облека, со што се изложуваше на можноста да добие кивавица, зашто во однос на своето здравје, тој беше мошне претпазлив и постојано се грижеше за него. Но таа претпазливост и брзина имаа особена причина: Љамшин цела ноќ трепереше и сè досега не можеше да заспие поради возбудата од седницата кај нашите; постојано — му се присторуваа некои неофицијални и нималку непожелни гости, а најмногу го мачеше веста дека Шатов ќе ги пријави на власта... И, сега наеднаш, како намерно да му затропаа толку страшно и силно на прозорецот!

Кога го здогледа Шатов, тој толку се исплаши што веднаш го затвори прозорецот и се пикна во постелата. Шатов како луд тропаше и понатаму и викаше.

— Како се решавате да тропате така ноќе? — викна Љамшин заканувајќи се дури по две минути, но сега беше пресечен од страв и одвај се реши повторно да го отвори прозорецот за да се увери конечно дека Шатов е дојден сам.

— Еве ви го пиштолот, земете го назад, но дајте ми петнаесет рубли.

— Што е тоа, да не сте пијан? Тоа е разбојништво; само колку да настинам, причекајте, веднаш ќе се наметнам.

— Дајте ми веднаш петнаесет рубли. Ако не ми дадете ќе тропам и ќе викам до утре; ќе го скршам черчевето.

— А јас ќе ја повикам стражата за да ве мине низ дланките и да ве пикне в затвор.

— А јас сум нем, нели? Јас не можам да викнам стражар? Кој треба да се плаши од стражар, вие или јас?

— И вие сте во состојба да имате такви подли намери... знам што целите... Почекајте, почекајте

живи господа, не тропајте! Ве молам, кој има пари ноќе? И, зошто ви се пари, освен ако не сте пијан?

— Ми се врати жена ми. Ви подарив десет рубли; никогаш не сум пукал; земете го пиштолов, земете го веднаш, вратете ми ги парите.

Љамшин механички ја протегна раката низ прозорецот и го прифати пиштолот; малку почека па потоа наеднаш живо ја промолкна главата низ прозорецот и, како да е надвор од себе, со морници низ грбот, промрмори:

— Лажете, не ви е дојдена жена ви, од каде... Тоа... вие едноставно сакате некаде да избегате.

— Вие сте луд, каде ќе бегам? Бега вашиот Верховенски, а не јас. Сега бев кај бабицата Виргинска; веднаш се согласи да дојде. Завршувајте. Жена ми се мачи; ми требаат пари; ајде, дајте ми пари!

Во еластичниот ум на Љамшин светна цел огномет од идеи. Дојде до секавичен пресврт; но стравот сè уште не му даваше да размислува.

— Но, како тоа... па вие не живеете со жена ви?

— Главата ќе ви ја скршам поради такви прашања.

— Оф, господе, простете, јас само се зачудив... но разбирам, разбирам... туку... туку... зарем ќе дојде Арина Прохоровна! Вие рековте дека ќе дојде? Знаете, тоа не ќе биде вистина. Гледате, гледате, гледате, вие на секој чекор зборувате невистини.

— Таа сега е кај неа, тоа е сигурно, не задржувајте ме, а јас не сум виновен што сте глуп.

— Тоа не е вистина и јас не сум глуп. Простете, но не можам...

Сесема збунет тој сакаше и по третпат да го затвори прозорецот, но Шатов толку му свика, што Љамшин за миг повторно ја провре главата.

— Но тоа е веќе вистински атак на личноста! Што сакате вие од мене, но, што? Формулирајте! И внимавајте, внимавајте, среде ваква ноќ!

— Сакам петнаесет рубли, воловска главо!

— Но јас, можеби, јас не сакам пиштол. Не сте во право. Ќе купите предмет и, готово е, не сте по-

веќе во право. Јас по никоја цена не можам ноќе да дадам толку пари. А кај можам и да најдам толку пари?

— Ти секогаш имаш пари, а јас ти простив десет рубли; туку, ти си веќе познат Евреин.

— Дојдете задутре — слушате ли, задутре напладне, точно во дванаесет, па ќе ви дадам сè, сè ќе ви дадам.

Шатов и по третпат почна лудо да удира по касата од прозорецот.

— Дај сега десет рубли, а утре штом ќе се раздени другите пет.

— Не, туку задутре до пладне пет, а утре, богами, не ќе имам. И повеќе не доаѓајте, повеќе не доаѓате.

— Дај десет! О, никаквец!

— Но зошто се нафрлате? На! — тој подаде низ прозорецот една банкнота.

Шатов ја прифати — само пет рубли.

— Богами не можам повеќе, макар и да ме убиеш, не можам! задутре можам да ти ги дадам сите, а сега ништо не можам.

— Јас не си одам одовде! — згрми Шатов.

— Па, еве, земете уште, гледате, еве, уште, а повеќе не давам!

Шатов почувствува бес, очај, пот. Двете подадени банкноти беа по една рубла. Само седум рубли, толку имаше сега.

— Ѓавол да те земе, ќе дојдам утре! Ќе те изнатепам, Љамшин, ако не подготвиш уште осум рубли.

„Но, јас нема да бидам дома, будалиште!“ брзо помисли Љамшин.

— Запрете, запрете, — лудо повика тој по Шатов, кој веќе отрча понатаму. — Запрете, вратете се. Кажете ми, ве молам, дали навистина ви се вратила жена ви.

– Глупак! – рече Шатов со презир и уште побргу отрча дома.

IV

Ќе спомнам дека Арина Прохоровна ништо не знаеше за намерите утврдени на вчерашната седница. Кога Виргински се врата дома, збунет и истоштен, не се осмелуваше ни збор да рече за таа одлука, но сепак не успеа да се совлада и да не ѝ довери половина од сето тоа, а тоа значи, сè што рече Верховенски за неизменетата намера на Шатов да ги пријави на власта; но уште веднаш додаде дека тој на таа вест многу не ѝ верува. Арина Прохоровна многу се исплаши. И, ете, затоа кога Шатов дотрча по неа, таа уште веднаш се реши да замине, макар што беше уморна, зашто цела ноќ беше ангажирана околу една родилка. Секогаш беше уверена дека вакви трици како Шатов се во состојба да направат граѓанска нискост; но доаѓањето на Марија Игњатјевна, работата ја постави на друго гледиште. Стравот од Шатов, очајничкиот тон на неговата молба за помош, значат пресврт во предавничките чувства: човек кој е решен и самиот да се предаде, само за да ги упропасти другите, поинаку, се чини, би изгледал и би говорел поинаку а не она што го кажа тој. Со еден збор, Арина Прохоровна реши сè да види лично, со своите очи. Виргински беше мошне задоволен со нејзината одлука — како да му беа симнати од грбот пет пуда! Дури се здоби и со надеж: Шатов му изгледаше сосема поинаков отколку што го прикажа Верховенски.

Шатов не се измами; кога се врати дома ја затече Арина Прохоровна кај Marie. Штом дојде таа со презир го избрка Кирилова кој клечеше долу крај скалите; потоа брзо се запозна со Marie, која не кажа дека и порано се знаела со неа; виде дека Marie е во „најлоша состојба", то ест, дека е јадосана, несредена и во најголемиот степен на малодушноста, па затоа за околу пет минути ја презеде власта над сите нејзини отпори.

– Зошто сте запнале против олку скапа акушерка? – прашуваше таа токму во моментот кога влезе Шатов; – вистинска бесмисленост; сосема погрешно

мислење поради ненормалноста на вашата состојба. Со помош на некаква си баба, народна бабица, вие, со педесет проценти лош исход, лошо би поминале; а тука во тој случај ќе има повеќе работа и повеќе трошоци, многу повеќе, отколку покрај акушерка која повеќе се плаќа. Откаде знаете дека јас сум скапа акушерка? Ќе платите подоцна и јас нема да земам од вас повеќе, а за успехот гарантирам; крај мене нема да умрете; тоа никогаш не ми се случило. А ако сакате, детето уште утре ќе го пратам во дом, потоа во село на негување, и, готова работа. Вие ќе оздравите, ќе се зафатите со корисна работа, па за кратко време ќе го наградите Шатов за станот и трошоците што никако не ќе бидат толку големи...

— Не го мислам јас тоа... Јас немам право да го оптоварувам...

— Тоа се рационални и граѓански чувства; но верувајте, Шатов нема речиси ништо да изгуби ако сака барем за малку да се пресврти од фанатичен човек во човек со здрави и точни идеи. Треба само да не се прават глупости, да не се удира на барабан, по градот да не трча со изваден јазик. Да не го задржуваше ова, тој можеби до утре ќе ги кренеше сите овдешни лекари; ги вознемири сите кучиња во мојата улица! Лекари не се потребни; јас веќе реков дека гарантирам за вас. Баба сè уште може да се земе, само заради послужување, а тоа многу не чини. Впрочем, и тој може корисно да биде употребен, а не само да прави некакви глупости. Раце има, нозе има и ќе отрча до аптека, а притоа нималку да не ги повредува вашите чувства со „милостиња“. Каква е таа милостиња, по ѓаволите! Зарем тој не ве доведе во оваа состојба! Зарем тој не ве скара со семејството во кое бевте воспитувачка, со една себична намера со вас да се ожени? Секако, го слушнавме ние тоа... Впрочем, тој пред малку дотрча како луд и се развика во целата улица. Јас на никого не му се претпоставувам и дојдов само поради вас; од принцип, зашто сите наши должат солидарност; јас тоа го реков, за да знае; го реков тоа

пред да дојдам од дома. Ако според ваше наоѓање сум излишна, тогаш, збогум; само да не се случи несреќа — која инаку лесно може да се отстрани.

Таа дури и потстана од столот.

Marie беше толку немоќна, толку многу страдаше, а, треба да се каже вистината, толку многу се плашеше од настанот што воопшто не смееше да ја пушти бабицата. Но, таа жена наеднаш ѝ стана одвратна: говореше нешто што не ѝ беше во душата на Marie. Но одвратноста ја победи предвидувањето дека може и да умре во рацете на неумешна бабица. Спрема Шатов, пак, стана уште пожестока; понепоштедна. Конечно, дојде до тоа што му забрани не само да се „осмели“ да ја погледне, туку ни со лицето да не се свртува на кај неа. Родилните болки се зголемија. Проколнувањата и укорите станаа сè полути и поразбеснети.

— Нека си оди одовде — рече Арина Прохоровна — сосема е изменет во лицето, само ве плаши со тоа; блед е како мртовец! Што ви е, кажете, ве молам, вие, смешен чудаку? Гледај, комедија!

Шатов не одговори. Реши ништо да не одговара.

— Сум гледала глупави татковци кои во вакви моменти се споулавувале! Но тие, барем...

— Престанете! Или пак оставете ме, по ѓаволите, да умрам! Не зборувајте ништо! Не сакам, не сакам, не давам! — се развика Marie во маките.

— Да не се проговори ни збор, тоа секако не оди, единствено ако умот не сте го изгубиле; јас токму така мислам за таа работа и за вашата состојба. Ако ништо друго, мора да се зборува за самата работа. Еве, кажете ми. Дали имате нешто подготвено? Одговорете ми вие Шатов, нејзе не ѝ е до ништо.

— Но всушност што ви е потребно, кажете?

— Значи, ништо не е подготвено.

Таа наброја се што е потребно за ваков настан; и, треба да ѝ се признае, се ограничи само на она што е крајно потребно, најсиромашно. По нешто може да се најде кај Шатов. Marie му го подаде клучот за да побара во нејзината патна торба. Бидејќи рацете му треперея, тој по непознатата брава чепкаше подол-

го отколку што беше потребно. Стрпливоста ја напушти Marie, но кога Арина Прохоровна притрча за да му го одземе клучот, таа воопшто не ѝ дозволи да ѕирне во торбата, со тврдоглави извици и плач, бараше торбата да ја отвори самиот Шатов.

За некои предмети мораше да се оди кај Кирилов. Само што се сврти Шатов и тргна, таа налутено го повика да се врати; се смири само тогаш кога тој во најголема брзина се врати од скалите велејќи ѝ дека оди само за минута за да го донесе она што е најпотребно, и дека веднаш ќе се врати.

— Навистина госпоѓо, тешко е вам да ви се угоди — се насмеа Арина Прохоровна; — еднаш сврти се со лицето кон ѕидот, и не обидувај се да погледнеш; потоа, да не се издвои од вас ни за минута, при што, веднаш се расплачувате... Дури нешто и ќе си вообрази... Ајде, ајде, не муртете се така тврдоглаво, да, не тријте ги очите, јас само се шегував.

— Тој не смее ништо да си вообразува!

— Тра-ла-ла, кога тој не би бил вљубен во вас како теле, не би трчал по улиците, со изваден јазик, ниту пак би ги вознемирил сите кучиња во градот! Прозорецот ми го растресе.

V

Шатов го најде Кирилова како сè уште шетка горе-долу по собата, толку растроен што веќе беше заборавил дека на Шатов му е дојдена жена му, па го слушаше без да го разбере.

— А, да, да — се присети тој наеднаш, како божем со напор и само за миг да се откргнал од некоја идеја што го беше презела — да... баба... Жена или баба? Чекајте: и жена и баба, нели? Се сеќавам; бев, баба ќе дојде, само не веднаш. Земете перница. Што уште?... Да,.. Чекајте... дали вам, Шатов, ви доаѓаат моменти на вечна хармонија?

— Знаете Кирилов, повеќе не вреди ноќе да не спиете.

Кирилов се стресе и, чудно, почна да зборува мошне похармонично, отколку порано. Се гледаше дека сè што имал да размислува, одамна го формулирал, а можеби и го запишал.

— Има моменти, ќе се соберат пет или шест заедно наеднаш, кога ќе се почувствува в миг присуството на вечна хармонија, тогаш целосно пронајдени. Тоа не е овоземско; не велам дека е и небеско, туку дека човекот во овоземска форма тоа не може да го поднесе. Треба да се измениш физички или да умреш. Тоа чувство е јасно и непосредно. Некако наеднаш ќе ја почувствувате природата и веднаш ќе речете: да, тоа е вистината. Кога Господ го создал светот, тој на крајот на секој ден од создавањето рекол: „Да, тоа е вистината, тоа доброто". Тоа . . . тоа не е трогателност, туку само така, радост. Човек не проштува повеќе ништо, зашто нема што да проштува. Тоа не е затоа што сакате — тоа е нешто повеќе од љубовта! Нешто што е многу, мошне јасно и претставува голема радост. Кога тоа би траело повеќе од пет секунди, душата не би можела да издржи, би била принудена да исчезне. Во тие пет секунди јас го живеам животот за нив ќе го дадам целиот свој живот, затоа што тоа е вредно. За да се издржи така десет секунди, би требало човекот да се измени физички. Сметам дека човекот треба да престане да се раѓа. Зошто ни се децата, зошто ни е развитокот, кога насоката е достигната? Во Евангелието е речено дека на воскреснувањето нема повеќе раѓање, туку сите ќе бидат божји ангели. Навестување . . . Вашата жена раѓа?

— Дали тоа често ви доаѓа, Кирилов?

— На три дена еднаш, во неделата еднаш.

— Немате епилепсија?

— Не.

— Ќе ја добиете. Внимавајте на себе Кирилов; јас сум слушал дека епилепсијата токму така се појавува. Еден епилептик нашироко ми го раскажа тоа навестувачко доаѓање и чувствување пред појавата на епилепсијата, точно како и кај вас; и тој определува пет секунди и вели дека повеќе не може да издржи.

Сетете се за стомната на Мухамед — садот сѐ уште не бил расипан, а тој на коњот го прелетал рајот. Садот, тоа се вашите пет секунди; тоа премногу потсеќа на вашата хармонија; а Мухамед бил епилептик. Внимавајте на себе, Кирилов. Внимавајте на епилепсијата!

— Не ќе дојде — мирно се насмевна Кирилов.

VI

Ноќта минуваше. Шатов го бркаа, му се лутеа, повторно го повикуваа. Marie сега беше во најголемиот страв за својот живот. Викаше дека сака да живее, „по секоја цена, по секоја цена!" и се плашеше да не умре: „Тоа не вреди, тоа не вреди!", повторуваше таа. Да не беше Арина Прохоровна, ќе беше мошне лошо. Таа, малку по малку, целосно ја совлада болната. Marie веќе го слушаше секој нејзин збор, секој нејзин извик, како дете. Арина Прохоровна ја освојуваше со строгоста, а не со нежноста, но затоа работеше многу умешно. Се разденуваше. Арина Прохоровна наеднаш измисли дека Шатов отрчал по скалите и дека му се моли на господа, па и двете се насмеаја. Се насмеа и Marie, пакосно и зајадливо, како божем да ѝ станува уште полесно од тоа смеење. Конечно, Шатов го избркаа сосема. Дојде влажно, студено утро. Тој го притисна лицето до ѕидот во аголот, исто како синоќа кога дојде Еркељ. Трепереше како лист, не смееше да размислува, но мозокот се сврзуваше со сѐ што во него ќе се појавеше, како што обично се случува во сонот. Соновите го понесуваа без престан и се прекратуваа секогаш како изгниени конци. Од собата се слушна, конечно, овојпат не лелек туку страшен, речиси животински извик, неиздржлив, невозможен. Тој сакаше да ги затне ушите, но немаше сили, па падна на колена повторувајќи несвесно: „Marie, Marie!" И, конечно, екна писокот, поинаков писок, од кој Шатов се тргна, скокна на нозе; писокот беше детски, слаб и испрекинат. Тој се прекрсти и се втурна во со-

бата. На рацете на Арина Прохоровна кмечеше, се мрдаше со малечките раце и нозе мало, црвено, стуткано суштество, сосема немоќно, и, како некоја ситна ронка што зависи од секој, па и најмал ветрец; но тоа врескаше и го најавуваше своето постоење, како и тоа дека има право на живот. Marie лежеше како умрена, но брзо ги отвори очите и мошне чудно погледна во Шатов; беше тоа некој сосема нов поглед; каков што тој сè уште не беше во состојба да сфати, но никогаш досега ниту го познавал ниту пак го запаметил кај неа.

— Момче? Момче? — ја праша таа болно Арина Прохоровна.

— Детиште! — викна таа наместо одговор и почна да го повива бебето.

Кога го пови и сакаше да го спушти на постелата, меѓу двете перници, само за миг му го предаде на Шатов да го придржи. Marie кришум, и како да се плаши од Арина Прохоровна, му мавна со главата на Шатов. Тој веднаш ја разбра и ѝ го принесе детето за да го види.

— Колку е . . . убаво . . . — прошепоти таа со слаб глас и слаба насмевка.

— О, како ме гледа! — се насмевна Арина Прохоровна мошне весело, сета свечена, погледнувајќи во лицето на Шатов; — Види само какво му е лицето!

— Радувајте се Арина Прохоровна . . . Ова е голема радост . . . — рече мазно Шатов, со израз на идиотско блаженство, разведрен од двата збора што ги рече Marie за детето.

— Ме чуди и таа ваша голема радост! — рече Арина Прохоровна весело, трчајќи ваму-таму, раскревајќи и работејќи како робинка.

— Тајната на појавата на новото суштество е мошне голема тајна, и таа е необјаснива. Арина Прохоровна, многу ми е жал што тоа не ќе го разберете!

Шатов мрмореше без врска, наивно и воодушевено. Како нешто да му се вртеше во главата, и се излеваше од душата пред него, без негова волја.

— Ќе бидат двајца, две суштества, и наеднаш доаѓа третото. Нов дух, целосен, довршен дух што не го

прави човековата рака; нова мисла и нова љубов, мошне чисто... И на светот нема ништо повозвишено од тоа!

— Ех, што сѐ изнаприкажа! Тоа е конечно само краен степен на развитокот на еден организам и ништо друго, нема тука никакви тајни — се смееше силно Арина Прохоровна, искрено и весело. — Вака испаѓа дека секоја мува е тајна. Туку, знаете што: непотребните луѓе не би требало да се раѓаат. Првин треба сѐ одново да се искове за да нема излишни, па дури тогаш треба да се раѓаат. А вака, задутре ќе биде одвлечен во скривалиште. Туку, така и треба.

— Не дозволувам во скривалиште, никогаш, сѐ додека сум јас — цврсто се спротивстави Шатов, потпирајќи се на подот.

— Ќе го посините?

— Тој е и мој син.

— Се разбира, тој е Шатов, по законот е Шатов, и нема зошто да ја истакнувате вашата желба да бидете некаков добротвор. Не можат тие без фрази. Убаво, убаво, туку знаете што, господине и госпоѓо, време е јас да си одам — го заврши таа конечно своето подготвување. — Ќе дојдам уште утре, ќе дојдам и вечер, ако затреба; а сега, бидејќи сѐ добро се заврши, треба да одам и кај други, ме чекаат одамна. Тука некаде блиску до вас Шатов, живее една баба; бабата е мошне добра; но ни вие не занемарувајте ја; поседете крај неа, можеби ќе ѝ затребате; а ми се чини Марија Игњатијевна нема да ве брка... да но се шегувам...

Крај вратата, до каде што Шатов ја допрати, таа додаде:

— Ме насмеавте, никогаш толку во животот не сум се насмеала; пари од вас нема да земам: и во сонот ќе се смеам. Никогаш ништо посмешно од вас ноќва не видов.

Таа замина наполно задоволна. Според она како што изгледаше Шатов, и според неговиот говор, ѝ беше јасно како ден дека овој човек „е готов да биде светец" и дека е „последна крпа, од оние најлошите". Таа на-

мерно го заобиколи патот, макар што оттаму ѝ беше поблиску да дојде до другата родилка. Сакаше да му раскаже на Виргински.

— Marie, таа ти нареди некое време да не спиеш, макарштo, како што гледам, многу е тешко за тебе — рече плашливо Шатов. — Да поседам малку крај прозорецот за да те причувам, а?

Тој седна крај прозорецот на софата, така што таа не можеше да го гледа. Но нѐ помина ни минута, таа го повика налутено замоли да ѝ ја поправи перницата. Тој зеде и ја намести. Таа луто гледаше во ѕидот.

— Не така, о, не така. О, колку невешти раце!

Шатов ја дотера перницата уште малку.

— Наведнете се — проговори таа чудно и, колку што можеше, грижејќи се да не го гледа.

Тој затрепери, но сепак се сведна.

— Уште... Не така... поблиску — наеднаш нејзината лева рака цврсто го прегрна и тој на своето чело почувствува цврст и влажен бакнеж.

— Marie!

Устата ѝ трепереше. Таа се совладуваше, но наеднаш потстана, а очите ѝ светнаа, па рече:

— Николај Ставрогин е никаквец!

Потоа изнемоштено, како пресечена, падна со лицето кон перницата, заплака нервозно, а со својата рака цврсто ја стегна неговата.

Од тој миг повеќе не го пушташе откај себе, постојано бараше да ѝ седи крај главата. Таа малку можеше да зборува, но непрекинато гледаше во него и се насмевнуваше блажено. Наеднаш се измени, се престори во некаква глупавка. Некако сѐ се измени Шатов или плачеше како мало дете, или пак, господ знае, зборуваше сешто, чудно, наивно, воодушевено; ѝ ги бацуваше рацете, таа го слушаше со занес, можеби не го разбираше, но со својата слаба рака умилно му ја местеше косата; го мазнеше, го гледаше чувствено. Тој ѝ раскажуваше за Кирилов; потоа за тоа како тие ќе почнат да живеат „од почеток и засекогаш“, збору-

ваше за тоа дека има господ, дека сите се добри... Во тоа воодушевување го крена детето за да го погледаат уште еднаш.

— Marie — извика тој држејќи го детето во рацете — Marie, готово е со старото бунило, со некогашниот срам, подбивањето и со мртвилото! Ајде да работиме и да тргнеме по нов пат. Тројцата, да, да!... Па, да, а какво име ќе му дадеме Marie?

— Име? — повтори таа зачудено, а на лицето наеднаш ѝ се појави голема тага.

Потоа плесна со рацете, прекорно го погледна Шатов, а лицето го забуца во перницата.

— Marie, што ти е? — извика тој со тежок страв.

— И вие можевте, можевте... О, неблагодарник!

— Marie, прости ми, Marie... Прашував само како ќе го наречеме. Јас не знам...

— Иван, Иван — го крена таа своето зацрвенето и расплакано лице; — Зарем можевте и да помислите на некое друго и страшно име?

— Marie, смири се! О, колку си вознемирена, возбудена!

— Вие ова му го препишувате на тоа? Тоа е нова грубост. Се обложувам дека ако речев да го крстиме... со она страшно име, вие веднаш ќе се согласевте, без да го забележите тоа! О, сите се неблагодарни и ниски, сите, сите!

Се разбира, за миг се смирија. Шатов ѝ советуваше да спие. Таа заспа, но неговата рака не ја испушташе; се будеше често и го погледнуваше, токму како да се плашеше дека ќе си замине, па повторно заспиваше.

Кирилов испрати една баба за да „честита", а покрај тоа, прати и топол чај и штотуку испечен котлет, како и буљон со бел леб — за „Марија Игњатјевна". Болната со апетит го изеде буљонот; бабата го препови бебето; а Marie го принуди Шатов да го изеде котлетот.

Времето одминуваше. Бидејќи беше истоштен, Шатов заспа, онака на столот, со главата на нејзината перница. Вака ги затече Арина Прохоровна — го одржа зборот — ги разбуди и весело, со Marie поразговара за

она што требаше, го прегледа детето, а на Шатов повторно му нареди да излезе. Потоа се пошегува со „сопружниците“, мошне духовито и со посебно нагласување на презирот и напнатоста, па замина задоволна како пред тоа...

Сосема беше смрачено кога Шатов се разбуди. Тој брзо ја запали свеќата, па отрча по бабата, но само што запре на скалите, се стаписа поради некакви тивки, бавни чекори на некој човек што се искачуваше нагоре. Дојде Еркељ.

— Не влегувајте! — прошепоти Шатов, па брзо го повлече за раката и го упати надолу кон излезот. — Чекајте ме овде, веднаш ќе дојдам; вас сосема ве заборавив, сосема! Вие ме потсетивте на себе!

Толку беше забрзан што воопшто не отиде кај Кирилов, туку само ја повика бабата. Marie ја обзеде лутина и очај поради тоа што тој „можел и да помисли да ја остави сама“.

— Но — извика тој воодушевено — ова е последниот чекор! А потоа нов пат и никогаш, никогаш повеќе нема да ги споменуваме изминатите стравотии!

Сепак тој некако ја смири и вети дека ќе се врати точно во девет; ја бакна цврсто, ги бакна и детето и бабата и дотрча кај Еркељ.

И двајцата се упатија кон паркот на Ставрогин, во Скворешники, каде што Шатов пред половина година, на осамено место, на крајот на бавчата, таму каде што почнува боровата шума, ја закопа доверената печатница. Местото беше осамено, сосема невидливо, мошне далеку од куќата на скворешничките господари. Од куќата на Филипов дотаму требаше да се оди пеш три и половина врсти, можеби и четири.

— Зарем пеш? Ќе земам кола.

— Ве молам да не земате — одговори Еркељ, и тоа посебно го бараше. Зашто и превозникот е сведок.

— Добро... по ѓаволите! Сеедно, само да се заврши, да се заврши! — го забрзаа чекорењето.

— Еркељ, вие сте малечко дете! — извика Шатов. — Дали некогаш сте биле среќен?

— А вие, како што изгледа, сега сте мошне среќен — забележа Еркељ љубопитно.

ШЕСТА ГЛАВА

МАЧНА НОЌ

I

Во текот на денот Виргински употреби околу два часа за да ги посети сите наши и да ги извести дека Шатов бездруго нема намера да ги издаде, зашто се вратила жена му и дека му се родило дете, па, „познавајќи го човековото срце“, не смее да се помисли дека тој во овој миг може да биде опасен. Но, мошне се збрка: дома не најде никого освен Еркељ и Љамшин. Еркељ го ислуша сето тоа молчејќи, отворено му гледаше во очите, а на непосредното прашање: „Дали ќе сака и тој да дојде во шест часот?“ со највредна насмевка одговори: „Ќе дојдам, се разбира.“

Љамшин, пак, како што изгледа, лежеше мошне сериозно болен, завиткан во покривката сè до главата. Кога влезе Виргински, тој се исплаши; но штом проговори, веднаш замавта со рацете под покривката, молејќи да го „остави на мир“. Меѓутоа, сепак ислуша сè за Шатов, само што вестта дека ниеден од друштвото не беше дома, малку го изненади. Но и тој го зачуди Виргински со веста (ја слушна од Липутин) за смртта на Феѓка, што му ја раскажа набрзина и без некоја врска. На непосредното прашање од Виргински: „Дали треба таму да се оди или не?“ Љамшин повторно почна да мавта со рацете и да моли да се оттргнат од него, како од „човек кој не знае ништо и кој сака да биде на мир“

Виргински се врати дома со мачен впечаток и мошне вознемирен; му беше тешко што мора да крие од семејството; беше свикнат сѐ да ѝ доверува на својата жена; и во тој момент, во неговиот вжештен мозок да не се распламти нова мисла, нова помирлива намера, тој со страв легна в постела како и Љамшин. Но таа нова мисла го зацврсна; па на здоговорениот миг дури нестрпливо чекаше, а на зборното место се упати многу порано.

Местото беше убаво скриено, таму на крајот на големата бавча на Ставрогин. Јас подоцна посебно бев таму за да видам; бездруго, таа сурова есенска вечер и тоа место тогаш изгледале мошне мрачно. Тука почнува стара шума која е забранета за сечење; огромни вековни борови се истакнуваат во темнината како затемнети и нечисти дамки. Темнината беше толку густа што еден со друг не се познаваа ниту на два чекора; меѓутоа, Петар Степанович, Липутин, а потоа и Еркељ, донесоа светилки. Не се знае зошто и кога. Меѓутоа, во некое незапаметено време, тука беше направена една мошне смешна пештера од груб и неизделкан камен. Масата и клупите во пештерата веќе одамна беа изгниени и се распаѓаа. На околу двесте чекори десно, завршува и третиот рибник во паркот. Рибниците почнуваат речиси од самата куќа и се протегаат еден по друг повеќе од една врста, сѐ до крајот на паркот. Тешко може да се верува дека викот или пак пукотница оттаму можат да се слушнат до домашните во осветлената куќа на Ставрогин. По вчерашното заминување на Николај Всеволодович, а ако се изземе и Алексеј Егорич, во куќата не останаа повеќе од петмина или шестмина домашни, речиси инвалиди. Со целосна веројатност може да се смета: ако некој од тие осаменици слушне викотница, или повик за помош, тоа кај нив ќе предизвика само страв, но никој од нив бездруго не ќе се поткрене од своето место крај загреаната печка и топлата постела, за да тргне на помош.

Во дваесет минути по шест часот, сите беа собрани, освен Еркељ кој беше пратен по Шатов. Петар Степанович овојпат не доцнеше; дојде со Толка-

ченко. Толкаченко беше намуртен и загрижен, беше исчезната онаа негова намерна и безобзирно фалбациска решителност. Тој речиси и не се отстрануваше од Петар Степанович и, како што изгледаше, наеднаш му стана безгранично приврзан — мошне често живо се вркаше околу него и се доближуваше за да му шепоти; додека овој воопшто не му оговараше или пак налутено му мрмореше нешто, само да се отргне од него.

Шигалев и Виргински дојдоа дури и нешто порано од Петар Степанович; кога тој се појави тие веднаш се подиставија, полни со длабоко и отворено намерно молчење. Петар Степанович го крена фенерот, ги погледна внимателно, сомнително и навредливо. „Ќе бараат да зборуваат", му светна во главата.

— Го нема Љамшин? — го запраша тој Виргински. — Кој рече дека е болен?

— Јас сум тука — извика Љамшин зачудено, појавувајќи се од зад едно дрво. Имаше топол капут, беше добро завиткан во шалот, па беше тешко да му се осветли и разгледа лицето.

— Тогаш не е дојден уште само Липутин?

Од пештерата излезе молчејќи и Липутин. Петар Степанович повторно го крена фенерот.

— Зошто сте се завлекле таму, зошто досега не излеговте?

— Верувам дека сите ќе го задржиме своето право на слободно движење — промрмори Липутин, бездруго, не знаејќи што сака да рече.

— Господа — го крена гласот Петар Степанович, со што за првпат горазниша досегашниот полушепот, што остави впечаток — господа, мислам дека добро ме разбирате, и дека ние сега нема цел ден да зборуваме. Вчера сè е речено и изџвакано, најнепосредно и определено. Но, можеби, како што гледам според вашите физиономии, некој би сакал нешто да изјави: во тој случај, нека го стори тоа што побрзо. По ѓаволите, време има малку, а Еркељ секој миг може да го доведе.

— Тој бездруго ќе го доведе — додаде туку така Толкаченко.

— Ако не се лажам, првин треба да се предаде печатницата — се распрашуваше Липутин; како и самиот да не разбира зошто поставува прашање.

— Се разбира, бездруго нема да ја загубиме работата; — тука Петар Степанович го крена фенерот кон неговото лице. — Но, како што се договоривме вчера, ние не мора од него сега и да ја примиме. Тој само нека ни го покаже местото каде што е закопана; подоцна ние ќе ја откопаме. Знам дека се наоѓа на околу десет чекори понатаму од некој агол на оваа пештера. О, Липутин, гавол да ве земе, како го заборавивте тоа. Здоговорено е вие лично да го дочекате а потоа да излеземе и ние... Интересно е тоа што вие тука дури и нешто се распрашувате; или пак тоа го правите само онака...

Липутин се намурти и замолчи. Молчеа сите. Ветерот ги нишаше врвовите на боровите.

— Јас, господа, сепак се надевам дека секој од вас ќе ја изврши својата должност — наеднаш го прекина молчењето Петар Степанович.

— Знам дека на Шатов му се вратила жена му и дека родила — наеднаш рече Виргински возбудено, забрзано; одвај ги изговараше зборовите и гестикулираше. — Познавајќи го човековото срце... може да се верува дека тој засега нема да нè предаде... зашто тој е среќен. И, бидејќи пред малку отидов кај сите и ги барав, а никого не најдов дома, и бидејќи сега, можеби, ништо не е ни потребно...

Тој запре зашто му запре и дишењето.

— Кога вие, господине Виргински, наеднаш би станале среќен — зачекори Петар Степанович кон него — дали вие би го одложиле, непријавувањето, за тоа нема ни збор, туку каков било опасен и храбар граѓански потег, што сте го ставиле пред својата среќа и што би го сметале за должност и обврска, без оглед на опасноста и загубата на својата среќа?

— Не, не би го одложил! За ништо не би го одложил! — одговори Виргински со некое премногу неусогласено чудно воодушевување и сиот растреперен.

— Повеќе би сакале да станете повторно несреќен отколку да бидете никаквец?

— Да, да... Дури, сосема напротив... повеќе би сакал да бидам вистински никаквец... тоест, не... не сосема никаквец, напротив, целосно несреќен отколку никаквец.

— Убаво; запомнете тогаш дека и Шатов таа претставка ја смета за свое граѓанско јунаштво, свое највозвишено уверување; а доказ за тоа е што тој и самиот на извесен начин со тоа се доведува во опасност пред власта, макаршто поради претставката секако многу нешта ќе му бидат простени. Таков човек од тоа нема да се одрече за никаква цена. Не постои среќа која може него да го победи; ќе помине само еден ден, тој пак ќе се присети, ќе се укори себеси и ќе ја изврши својата намера. Притоа јас и не гледам некаква среќа во тоа што жена му, по три години, се вратила дома да го роди детето на Ставрогин.

— Но тоа негово поткажување, тоа негово обвинување никој не го видел — изрече Шигалев наеднаш и енергично.

— Обвинувањето го видов јас — подвикна Петар Степанович; — обвинувањето го видов, а целиот овој говор е мошне глупав господа!

— А јас — веднаш пламна Виргински — јас протестирам со сета своја сила... Јас сакам... Еве што сакам: јас сакам кога ќе дојде тој, сите да излеземе и сите да го запрашаме: ако е вистина тоа нека се земе од него покајување, на чесен збор, и тогаш да го пуштиме слободно. Во секој случај, сослушување! Сослушување и дури тогаш пресуда! А не сите да се скриеме и да го нападнеме.

— Со чесен збор да се доведе во опасност целото општо дело — тоа е врв на глупоста! По ѓаволите, тоа е мошне глупаво! И каква е таа улога, господа, што во момент на опасност ја примате на себе!

— Јас протестирам, јас протестирам — тврдеше Виргински едно и исто.

— Не врескајте сега! Нема да го слушнеме знакот. Шатов, господа... (По ѓаволите, колку е глупаво сево ова!) Јас веќе ви реков дека Шатов е словенофил, значи, еден од најглупавите луѓе... Туку, по ѓаволите, тоа е сосема сеедно. За презир! Вие само ме

попречувате! Шатов, господа, беше огорчен човек. Па бидејќи, сепак, сакал или не, му припаѓаше на друштвото, јас сѐ до последниот миг се надевав дека можеме со него да се користиме за општото дело и да го употребиме како огорчен човек. И покрај тоа што се веќе издадени најточни наредби, јас не го чував и го штедев... Го штедев стопати повеќе, отколку што вреди! Но тој заврши како поткажувач... Но, зошто сево ова, цел ден! По ѓаволите! Плукам јас на тоа!... Туку, само нека се обиде некој од вас сега да се откаже! Ниту еден од вас нема право да го напушти делото! Вие можете со него и да се бакнувате, ако сакате, но заради „чесен збор“ да го предадете општото дело — немате право! Така прават само свињи и владините платеници!

— А кој е овде платеник на владата? — изрече Липутин.

— Можеби вие. За вас, Липутин, подобро е да молчите; вие зборувате така само од навика. Потплатени се, господа, сите оние што во моментот на опасноста се плашат како страшливци. Секогаш ќе се најдат улави што ќе отрчаат во последниот миг и ќе повикаат: „Леле, простете ми, па сите ќе ги продадам!“ Но, да знаете господа, дека сега за никаква доставка не ќе ви биде повеќе простено! Ако правнички малку и се попушти, сепак, секого го чека Сибир, а освен тоа нема да избегате и од еден друг меч. А тој друг меч е поостар од државниот.

Сиот бесен Петар Степанович изрече и некои излишни работи. Шигалев решително зачекори три чекори поблиску до него.

— Јас уште до синоќа размислував за делово — почна тој уверено и методично, како и секогаш (мене ми се чини дека кога и земјата под него би се отворила, тој ниту тогаш не би ја зголемил својата интонација, ниту пак за цртичка би ја изменил методичноста на своето излагање). — И кога размислив, заклучив дека планираното убиство е само губење скапоцено време, кое би можело да се употреби на повистински и на поитни потреби, а тоа убиство штетно нѐ оддалечува од нормалниот пат, што секогаш нај-

многу му штетело на делото и за цели десетици години ги одложувало неговите успеси, зашто тука доаѓа до потчинување на влијанието на лекомислени и несозреани луѓе, пред сè политички, наместо до влијание на чисти социјалисти. Јас овде дојдов да протестирам против планираното дело, преземено за поука на сите, а потоа да се издвојам себеси од овој миг, кој вие, не знам зошто, го наречувате миг на опасност за вас. Јас не се отстранувам поради страв од таквата опасност, ниту пак поради чувствителност спрема Шатов, со кој не сакам да се бакнувам и збратимувам, туку единствено затоа што целава работа, од почеток до крај, се спротивставува целосно на мојата програма. А што се однесува до поткажувањето и поткупувањето, можете, од моја страна, да бидете сосема мирни: поткажување нема.

Тој се сврти и замина.

— Ѓавол да го земе! Ќе се сретне со нив и тогаш Шатов ќе го забележи! — викна Петар Степанович и го извлече пиштолот. Се слушна дури и чкртањето на кренатото чкрапало.

— Можете да бидете уверени — повторно се сврти Шигалев — дека со Шатов можеби уште и ќе се поздравам, ако го сретнам, но нема да го предупредам.

— А знаете ли вие, господине Фурие, дека можеби ќе платите за тоа?

— Внимавајте, ве молам! Јас не сум Фурие. Кога ме мешате со тој сладникав премислувач, кој нереално ги сфаќа работите и проповеда, со тоа само докажувате дека мојот ракопис, и покрај тоа што беше во вашите раце, остана сосема непознат. Што се однесува до вашата одмазда, ќе ви кажам дека попусто го вперивте оружјето; во овој миг тоа за вас е мошне незгодно. А што ни се заканувате за утре или задутре, освен непотребно трчкање, пак ништо не ќе добиете за себе ако ме убиете мене: мене ќе ме убиете, но, порано или подоцна, ќе му пристапите на мојот систем. Збогум.

Во тој миг на околу двесте чекори од бавчата, откај рибникот се слушна свиркање. Липутин, како што беше здоговорено вчера, веднаш одговори исто та-

ка со свиркање (немајќи доверба во својата уста без заби, тој уште изутрината купи во продавницата за една копејка детска земјена свирка). Еркељ, патем, успеа да го подготви Шатов за ова свиркање, за да не се разбуди кај него некакво сомневање.

— Бидете безгрижен, јас ќе тргнам настрана од нив, нема да ме забележат — им рече Шигалев сериозно, со доверлив шепот, а потоа без да брза, не забрзувајќи ги чекорите, се упати дома низ темната бавча.

Денеска сосема точно се знае, сè до најмали детали за тоа како е извршен стравотниот настан. Првин, Липутин ги пречека Еркељ и Шатов, до самата пештера; Шатов со нив не се поздрави, ниту пак им подаде рака, но уште веднаш забрзано и гласно рече:

— А каде ви е мотиката? И зарем нема уште една светилка? Но, не плашете се! Овде навистина нема никој, а од Скворешники никој не ќе слушне ништо, дури и топови да пукаат. Местото е ова, токму кај оваа точка...

Тој тропна со ногата на место што навистина беше само на десет чекори понатаму од задниот агол на пештерата, кон шумата. Во истиот миг од зад дрвата излета Толкаченко, го нападна од грб, а Еркељ, исто така одзади, го зграпчи за лактите. Липутин го нападна однапред. Тројцата го кутнаа и го притиснаа на земја. Потоа скокна и Петар Степанович со пиштолот. Кажуваат дека Шатов се уште имал време да ја сврти главата кон нив и да ги види и познае. Три светилки ја осветлувале сцената. Шатов викна, кратко и очајно, но повеќе не му дозволија да вика: Петар Степанович точно и сигурно ја намести цевката на неговото чело, притисна силно и — го пушти чкрапало. Пукотот изгледа не беше силен; барем кај Скворешники ништо не се слушна. Слушна, се разбира, само Шигалев кој се оддалечи за околу триста чекори, но како што самиот подоцна призна, ниту се свртил ниту пак запрел. Смртта настапила во истиот миг. Целосна разумност — не мислам и ладнокрвност — имаше единствено Петар Степанович. Тој клекна, па брзо и сигурно ги претресе џебовите на убиениот. Па-

ри немаше (парите останаа под перницата на Марија Игњатјевна). Пронајде само две три ливчиња без вредност: една трговска белешка, наслов на некоја книга и една стара хотелска сметка од странство, којзнае зошто две години чувана во џебот. Петар Степанович ги зеде ливчињата в џеб, па кога наеднаш забележа дека сите се беа собрале да го гледаат трупот и ништо не работат, почна да се нафрла луто и неучтиво, да ги гони да работат. Се освестија првин Толкаченко и Еркељ, потрчаа и за миг од пештерата изнесоа два камена, тешки секој по околу дваесет фунти, уште изутрината оставени таму и подготвени, тоест цврсто врзани со јаже. Уште порано, на седницата, беше утврдено трупот да биде однесен до најблискиот (третиот) рибник и таму да биде фрлен во вода, па затоа веднаш почнаа да ги запетлуваат камењата со трупот, за нозете и за вратот. Врзуваше Петар Степанович, а Толкаченко и Еркељ само ги придржуваа камењата, да му ги подадат, првин еден а потоа и друг. Првин Еркељ го подаде својот камен; за целото тоа време Толкаченко мошне долго го држеше својот камен, во рацете, како висок, со целото тело своднат, како во положба на почит, за да може, без задржување на работата, веднаш да го подаде каменот штом ќе му биде потребен; но ниеднаш не помисли својот товар да го спушти на земја. Кога конечно и двата камења беа врзани и Петар Степанович стана загледувајќи се во физиономиите на присутните, се случи нешто сосема неочекувано што сите мошне ги изненади.

Како што веќе е речено, речиси сите стоеја, гледаа и ништо не работеа, освен она малку што го сработија Толкаченко и Еркељ. Виргински, навистина, како и сите други, се спушти кон Шатов, но сепак не го дофати, ниту откај грбот, ниту за рацете, ниту пак помагаше да го придржуваат. А Љамшин во толпата се најде дури по истрелот. Потоа сите, во текот на целиот тој напор со трупот, што потраа можеби десет минути, сите некако изгубија по еден дел од свеста. Кога се построија околу трупот, почувствуваа, не вознемиреност и возбуда, туку, единствено некакво чудење. Липутин стоеше напред, до самиот труп. Зад

него преку неговите рамења ѕиркаше Виргински со некоја посебна и некаква споредна љубопитност, без врска со предметот, па дури и на прсти се поткреваше за подобро да гледа. Љамшин се беше скрил зад Виргински и само повремено, претпазливо и внимателно ѕиркаше зад него, за да се скрие повторно. А кога камењата беа врзани и Петар Степанович потстана, наеднаш Виргински затрепери целиот од ситна трепет, плесна со рацете и многу силно болно извика:

— Ова не е тоа! Не е тоа! Не, никако не е тоа!

Кон овој толку задоцнет извик тој можеби ќе додадеше уште нешто, но Љамшин го прекина за да не доврши: бидејќи стоеше зад него, наеднаш и со сета сила го опфати и стегна, па записка со некој неверојатен вресок. Има моменти кога човек, на пример, од силен страв, ќе извика со некој туѓ глас, глас кој порано кај него не би можел да се замисли, а сето тоа понекогаш знае да биде мошне страшно. Љамшин не викаше со човечки глас, туку некако како ѕвер. Сѐ посилно и посилно, со грчовита сила, стегајќи му ги назад рацете на Виргински, тој врескаше без прекин и со ококорени очи гледаше во сите нив; устата му беше отворена премногу широко, а со нозете испрекинато тропаше по земјата како божем ситно чука во тапан. Виргински толку многу се исплаши, што и тој самиот почна да вреска како улав, со толкава разлутеност, каква што од него не се очекуваше никогаш, се оттргнуваше од рацете на Љамшин, го гребеше и бодеше и удираше колку и каде што можеше да досегне со рацете зад грбот. Конечно Еркељ му помогна да ги расклопи рацете на Љамшин. Но, кога Виргински, исплашен, отскокна десетина чекори, наеднаш, Љамшин, здогледувајќи го Петар Степанович, повторно вресна па дури и се залета кон него. Се сопна од трупот, преку трупот падна врз Петар Степанович, успевајќи да го опфати со рацете и да ја притисне својата глава на неговите гради, така што ниту Толкаченко ниту пак Липутин не можеа да сторат ништо. Петар Степанович викаше, плукаше, го тепаше со тупаница по главата и конечно некако се оттргна за да го извлече пиштолот. Го вовлече првин во отво-

рената уста на Љамшин, но овој и натаму непрекинато врескаше. Толкаченко, Еркељ и Липутин веќе цврсто го држеа за рацете, но Љамшин сè уште врескаше и не обрнуваше внимание на пиштолот. Конечно, Еркељ некако ја стутка својата шамија од фулар и умешно му ја пикна во устата, па така беше пресечен пискотот. Со остатокот од јажето Толкаченко му ги врза рацете.

— Ова е неразбирливо — рече Петар Степанович набљудувајќи го споулавениот Љамшин со вознемирено чудење.

Тој бездруго беше вчудовиден.

— За него имав сосема поинакво мислење — додаде замислено.

Засега кај него го оставија Еркељ. Требаше да се побрза со отстранувањето на мртовецот; имаше досега толку викотница и пискот што некаде тоа можеше и да се слушне. Толкаченко и Петар Степанович ги кренаа фенерите, а трупот го потфатија под главата; Липутин и Виргински го фатија за нозете и така зедоа да го носат. Товарот со двата камења беше тежок; а растојанието од таму до рибникот изнесуваше повеќе од двесте чекори. Најсилен беше Толкаченко. Тој советуваше да се оди во чекор, но никој не му одговараше, па одеа како што тргнаа. Петар Степанович одеше од десно и сосема свиткан ја носеше на своите рамења главата на мртовецот, а со левата рака одоздола го придржуваше каменот. Сè до половината на патот, Толкаченко не можеше да се сети да го придржува својот камен, па затоа, Петар Степанович, пцуејќи, конечно му свика. Неговиот извик беше ненадеен и осамен; сите носеа и натаму молчејќи и само Виргински, кога стасаа до самиот рибник, свиткан под товарот и снеможен од неговата тежина, пак со оној ѕвонлив и плачен глас извика:

— Ова не е тоа, не, не, ова никако не е тоа!

Местото каде што завршуваше третиот скворешнички рибник беше мошне големо и неистакнато, едно од најосамените и најмалку бараните места во паркот, особено во ова доцно време на годината. На тој крај рибникот се спојуваше со брегот со трева. Тие ги спуш-

тија фенерите, замавнаа со трупот и го фрлија во вода. Одекна тап и долг звук. Петар Степанович го крена фенерот, по него се наредија и другите, и сите љубопитно гледаа како тоне мртовецот; но ништо не се гледаше: телото со двата камена потона веднаш. По површината на водата минаа големи бразди и меури и брзо изумреа. Работата беше завршена.

— Господа — сѐ сврти кон сите Петар Степанович — сега ќе се растуриме. Нема сомневање, вие ќе ја чувствувате онаа слободна горделивост која се здружува со извршувањето на слободната должност. Ако сега, за жал, можеби сте и вознемирени од такви чувства, вие ќе ги сетите, без сомневање, и утре, кога веќе ќе биде срамота да не се почувствуваат. Се согласувам на Љамшиновото премногу срамно возбудување да гледам само како на бунило, дотолку повеќе што тој, велат, уште од изутрина бил болен. А вам Виргински, еден момент на слободно размислување, ќе ви покаже дека во интерес на општото дело, не беше можно потпирање на чесен збор, туку требаше да се направи токму онака како што ние и направивме. Последиците ќе ви докажат дека претставката на Шатов постоела. Согласен сум да ги заборавам вашите извици. Што се однесува до опасностите — не се гледа никаква! Никому не ќе му дојде на ум да се посомнева на кој било од нас, особено ако сите вие умеете да се однесувате; и така, значи, што е најважно, сѐ зависи од вас самите и од она целосно уверување кое, се надевам, уште утре ќе го зацврстите. Меѓу другото, вие сте споени во одделна организација на слободното друштво на едномислениците, за да можете во даден момент да ја здружите вашата енергија за општото дело и, кога и ако затреба, еден со друг да се испрашувате и да се чувате. Секој од вас го обврзува виш интерес. Вие сте повикани да ја обновите борбата; зашто таа работа, поради устоеноста, старечки е изнемоштена и мириса; тоа, заради поттик, постојано нека ви е пред очите. Целата ваша работа сега се состои само во уривање — сѐ да се урне; и државата, и нејзиниот морал. Да останеме само ние кои однапред се подготвивме да ја примиме

власта: умните со себе ќе ги здружиме, а глупавите ќе ги јавнеме. Вие поради тоа не треба да се збунувате и премислувате. Подмладокот треба од почеток да се воспитува за да знае да ја заслужи слободата. Ни претстојат уште многу илјади шатовци. Да се организираме за да ја преземеме власта; она што лежи безработно, незафатено и само се прозева, срамно би било да не го поведеме со себе. Уште веднаш одам кај Кирилов и изутрина ќе го имаме документот во кој тој, пред смртта, дава изјава заради известување на власта, и сè прима на себе. Од таква комбинација нема ништо поверојатно. Прво, тој со Шатов живееше во непријателство, живееја заедно во Америка, па според тоа, имале време да се скараат. Познато е дека Шатов ги изневерил принципите; значи, нивното непријателство доаѓа од начелата и од стравот од поткажување — а тоа е непријателство кое најмалку простува. Сето тоа така ќе биде и запишано. Конечно, може да се спомене и тоа дека кај него, во куќата на Филипов, живееше и Феѓка. И така, сето тоа целосно ќе го отстрани секое сомневање во вас, зашто сите тие говеда ќе ја загубат главата од големата слика. Утре, господа нема да се видиме; јас морам накусо да одам во околијата. Но задутре ќе добиете вести од мене. Би ви советувал, особено утрешниот ден да го преседите дома. А сега да се растуриме по двајца и по различни патишта. Ве молам Толкаченко да се заземете за Љамшин и да го одведете дома. Вие на него можете да влијаете, и, што е најзначајно, објаснете му колку може самиот да си наштети со малодушноста. Во вашиот роднина Шигалев, господине Виргински, нема да се сомневам, исто така, ни во вас; тој нема да предаде. Останува единствено да жалиме заради неговото однесување. Впрочем, и покрај сето тоа, тој сè уште не изјави дека го напушта друштвото, па затоа сè уште рано е да се погребува. Значи, побрзо, господа! И покрај тоа што оние се воловски глави, сепак, претпазливоста не е непотребна.

Виргински тргна со Еркељ. Еркељ, предавајќи му го Љамшин на Толкаченко, успеа да го доведе кај

Петар Степанович и да му покаже дека тој се прибрал, дека се кае и дека моли за прошка; дури и не се сеќава што му се случило. Петар Степанович замина сам, заобиколувајќи го рибникот од другата страна, покрај паркот. Тоа беше најдолгиот пат. Мошне се изненади кога речиси на половина пат го стаса Липутин.

— Љамшин ќе потказже Петар Степанович.

— Нема; тој ќе се вразуми и ќе се сети дека ако потказже прв ќе замине во Сибир! Сега никој нема да потказже. Нема ни вие...

— А вие?

— Нема сомневање во тоа дека сите ќе ве впрегнам, само ако мрднете за да предадете; и вие тоа го знаете. Но вие нема да предадете. Затоа трчавте по мене цели две врсти?

— Петар Степанович, Петар Степанович! Тешко може да се верува — ќе се видиме пак.

— Зошто?

— Кажете ми само едно.

— А, што? Впрочем, сакам да се исчистите одовде.

— Само еден одговор, но вистински: дали ние сме единствената петка на светот, или пак навистина има неколку стотици. За ова прашувам од повеќе причини Петар Степанович.

— Го гледам тоа по вашата споулавеност. А знаете ли Липутин дека вие сте поопасен од Љамшин?

— Знам, знам, но одговорот, вашиот одговор!

— Вие сте глупав! Сега веќе, впрочем, мислам дека ви е сеедно дали е една или се илјада.

— Значи, една! Веднаш го знаев тоа! — извика Липутин. — Секогаш знаев дека е една, сè до овој миг...

Не дочека друг одговор, туку се сврте назад и брзо се стопи со темнината.

Петар Степанович малку се замисли.

— Не, никој нема да предаде — прозбори решително — но дружината мора да остане дружина и да слуша! Или пак, јас ќе ги... Еј, какви трици се сите тие, навистина, богами!

II

Верховенски првин наврати во својот стан, па совесно, без да брза, точно и убаво го подготви патничкиот багаж. Изутрината во шест часот тргнуваше брзиот воз. Тој воз доаѓаше само еднаш неделно, а беше воведен неодамна, засега само како проба. И покрај тоа што Петар Степанович н а ш и т е ги извести дека само привремено се разделува од нив, и дека божем оди во околијата, сепак, подоцна се дозна, имаше сосема други цели. Кога заврши со багажот, тој се пресмета со домаќинката (неа уште пред тоа ја извести за своето заминување) и со кола се упати кај Еркељ, кој живееше близу до станицата. А потоа, околу еден часот по полноќ, се упати кај Кирилов, мина повторно низ тајниот влез на Феѓка.

Душевната состојба на Петар Степанович беше стравотна. Покрај другите, за него мошне значајни неповолности (за Ставрогин сѐ уште ништо не можеше да дознае), тој, ми се чини — зашто не можам да тврдам со сигурност — денес од некаде (најверојатно од Петроград) доби еден таен извештај за некаква опасност што во најскоро време го очекува. Се разбира, за тоа време сега кај нас во градот се шират многу приказни; но ако порано се знаело нешто точно, тоа му било познато само на оној кој требало да го знае тоа. Јас лично сметам дека Петар Степанович имал работа и некаде на друго место, не само кај нас, па навистина можело да биде следен и да добие известување. И наспроти циничното и очајно сомневање на Липутин, јас сум уверен дека Петар Степанович навистина имал уште две-три петки покрај нашата, на пример, во двете престолнини; а ако не петки, тогаш врски и јатаци, и тоа можеби и мошне необични. Не помина повеќе од три дена од неговото заминување, а во нашиот град од престолнината дојде наредба Петар Степанович веднаш да биде затворен — но не знам точно поради какво дело, кај нас или на некое друго место. Оваа наредба дојде токму за да го засили оној потресен впечаток на стравот, речиси мистичен, кој го обзеде нашиот прет-

поставен, како и нашето дотогаш мошне лековерно општество; а стигна токму тогаш кога се обелодени таинственото и мошне значајно убиство на студентот Шатов; како и сите вонредно таинствени околности што го следеа тој настан. Но, наредбата задоцни! Тогаш, Петар Степанович, под туѓо име, веќе беше во Петроград, откаде што, кога намириса во што е работата, избега преку границата... Туку, јас отидов премногу напред.

Тој кај Кирилов влезе со изглед на налутен човек, подготвен за караница. Покрај главната работа, сакаше да откине од Кирилов и нешто лично, за нешто да му се одмазди. Кирилов како да се израдува на неговото доаѓање; забележливо беше дека го очекувал долго време и со болна нестрпливост. Лицето му беше побледо отколку порано, а погледот на црните очи тежок и вкочанет.

— Мислев дека нема да дојдете — проговори тој мачно, од длабочината на аголот на софата, откаде што инаку не се ни помести за да го пречека.

Петар Степанович запре пред него, и пред да проговори, се загледа во неговото лице со неподвижен поглед.

— Значи сè е в ред и нема да се откажеме од нашата намера... нели, јунаку? — се насмевна тој со навредливо — закрилничка насмевка. — А ако задоцнив — додаде тој со непријатна шегобијност — барем вие нема што да се пожалите на тоа: ви подарив три часа.

— Не сакам од вас подарени часови! Ти не можеше да ми ги подариш... глупчо!

— Како? — се штрекна Петар Степанович, но веднаш се совлада. — Гледај го, чувствителен! Е? Па ние сме налутени? — ги усогласуваше своите зборови со изглед на навредлива надуеност. — Во ваков миг пред сè е потребен мир. Најдобро е сега себе да се сметаш за Колумбо, а на мене да гледаш како на глушец и да не сметаш на мојата навреда. Тоа го препорачував вчера...

— Јас не сакам да те гледам како глушец...

— Што е тоа сега, комплимент? Туку, впрочем, и чајот е студен... значи, сè е наопаку! Да, овде се случува нешто сомнително. А — а! Гледај, таму на прозорецот во чинијата има нешто (тој се доближи до прозорецот). О — о, варена кокошка со ориз!... Но, зошто досега не е начната? Бездруго сме биле во таква душевна состојба што дури ни кокошката...

— Јас јадев; и тоа не е ваша работа; замолкнете!

— О, се разбира, па тоа сега е сеедно. Но за мене, за мене не е сеедно: замислете, речиси и не ручав и, според тоа, ако оваа кокошка, како што мислам, сега веќе и не е потребна, а?...

— Изедете ја ако можете...

— Благодарам, а потоа ќе земам чај.

Тој за миг се смести крај масата, на другиот крај на софата, и со ретка лакомост се нафрла на јадењето; но во исто време, секој момент ја набљудуваше својата жртва. Со лутина и одвратност, Кирилов гледаше во него неподвижно, поточно, како да нема сили да се оттргне од тој предмет на одвратност!

— Туку, навистина — наеднаш дофрли Петар Степанович јадејќи и натаму — навистина, а нашето дело? Нели не се откажуваме? Нели? А писмото?

— Оваа ноќ открив дека ми е сеедно. Ќе напишам. За прогласите?

— Да, и за прогласите. Впрочем, јас ќе издиктирам. Зашто, вам ви е сеедно. Зарем во овој миг би можело содржината да ве вознемирува?

— Тоа не е твоја работа.

— Не е моја, се разбира. Впрочем, сè на сè само неколку реда: дека со Шатов сте разнесувале прогласи, меѓу другите, и со помош на Феѓка кој се криел во вашиот стан. Оваа точка за Феѓка и за станот мошне е значајна, дури и најзначајна. Гледате, јас спрема вас сум сосема отворен.

— Шатов? Зошто Шатов. Никако Шатов.

— Еве ти сега, зашто ви е тоа? Сега веќе не можете да му наштетите.

— Му дојде жена му. Таа се разбудила и испратила да ме прашаат каде е тој.

— Праќала да прашаат за него? М-м! Тоа не е добро. Можеби ќе прати повторно; никој не смее да знае дека сум овде.

Петар Степанович се загрижи.

— Таа нема да дознае; пак спие; кај неа е бабицата Арина Виргинска.

— Токму затоа и ... мислам дека нема да слушне? Знаете, добро би било влезот да се затвори.

— Ништо нема да слушне. А ако дојде Шатов, јас ќе ве скријам во собана.

— Шатов нема да дојде; а вие ќе напишете дека сте се скарале поради предавство и откажување... вечерва ... и дека тоа е причината за неговата смрт.

— Умрел! — извика Кирилов и скокна од софата.

— Вечерва во осум; но, подобро е да се рече синоќа во осум; зашто сега е еден по полноќ.

— Па, ти си го убил!... И тоа го претчувствував вчера!

— Како да не претчувствувавте! Еве, со овој пиштол! — (Тој го извлече пиштолот, изгледа за да го покаже, но повеќе не го тргаше, туку го задржа во раката, подготвено.) — Чуден човек сте вие, навистина. Па, живи бога Кирилов, вие и самиот знаете дека токму така требаше да се пресметаме со тој неранимајко. Што требаше тука да се претчувствува? Јас тоа веќе неколкупати го претресов. Шатов подготвуваше пријава; јас го гледев; никако не смеев да го оставам. И вам ви беше дадено упатство да внимавате; вие ми рековте пред три недели дека ...

— Замолкни! Ти тоа си го сторил затоа што во Женева ти плукнал в лице!

— И затоа, и за уште нешто друго. За многу други нешта, впрочем, без никаква омраза. Што скокате? Зошто ги извадувате тие фигури? О! Гледај само какви сме ... Еве ...

Тој скокна и го впери пиштолот пред себе. Меѓутоа, и Кирилов наеднаш го дофати од прозорецот својот пиштол, уште изутрината подготвен и напол-

нет. Петар Степанович заседе став и го впери оружјето во Кирилов. Кирилов зајадливо се насмевна.

— Ајде признај, никаквецу, го зеде пиштолот само за да не те убијам... јас нема да те убијам... макар што, макар што...

Пак го впери пиштолот во Петар Степанович, како божем да ја мери метата, како да нема сили да се откаже од задоволството да се замисли себеси како го убива. Петар Степанович непрекинато и во ист став, чекаше до последниот момент и не повлекуваше, изложувајќи се со тоа на опасност првин тој да добие куршум в чело, отколку прв да пука; зашто од овој „улав" и тоа можеше да се очекува. Но „улавиот" конечно ја спушти раката, зашто беше задишен и целиот растреперен; не можеше да говори.

— Се пошегувавме и сега доста — го спушти оружјето и Петар Степанович. — Јас знаев дека се шегувате; само знаете, ризикувавте; јас можев да стрелам...

Тој мошне мирно седна на софата, си тури чај, впрочем, со малку растреперена рака. Кирилов го спушти пиштолот на масата и почна да чекори горедолу.

— Јас нема да напишам дека го убив Шатова и... Сега повеќе ништо нема да напишам. Нема писмо!...

— Нема?

— Нема.

— Чудна лицемерност, да чудна глупост! — тука Петар Степанович веќе позелени од бес. — Јас впрочем и го претчувствував тоа. Знаете, нема да ме исплашите. Како што сакате, навистина. Кога би можел сосила да ве принудам, јас секако би ве принудил. Впрочем, вие сте подмолен.

Петар Степанович сè повеќе и повеќе ја губеше стрпливоста.

— Вие тогаш баравте пари од нас, ни фрлавте прав в очи... Само, и покрај сето тоа, јас одовде не излегувам без резултат, барем додека не видам оти вие самиот ќе си ја здробите главата.

— Сакам веднаш да излезеш — се спротивстави Кирилов без премислување.

– Не, тоа никако! – Петар Степанович повторно го зеде пиштолот; – Веројатно сега ви дојде на ум од чиста пакост и од страв сè да одложите, а утре да отидете и да пријавите, за да можете повторно да добиете малку пари . . . Зашто тоа се плаќа. Ѓавол да ве земе, но такви страшливци како што сте вие, на сè се подготвени! Но, не вознемирувајте се: јас сè согледав однапред и знаев: нема да излезам одовде додека еве, со овој пиштол не ја здробам таа ваша глава, како и на оној никаквец Шатов – доколку вие лично се исплашите и ја одложите намерата . . . ѓавол да ве земе!

– Ти по секоја цена сакаш да ја видиш и мојата крв?

– Но не од омраза, ме разбирате ли? Мене ми е сеедно. Туку за да бидам спокоен за нашето дело. На човека не можеш да се потпреш, гледате и самиот. Јас ни малку не ја разбирам таа ваша фантазија самиот да се убиете. Тоа јас не го измислив, туку вие смиот го рековте пред јас да слушнам за тоа, и тоа не ми го рековте прво мене, туку на членовите во странство. И не заборавајте дека никој од нив не ве принудил на тоа, никој од нив не ве ни познавал, туку самиот дојдовте да се доверите, од чиста чувствителност. И, што можете сега кога токму врз тоа, уште тогаш, и тоа со ваша согласност и понуда (запаметете: понуда!) беше заснован планот за овдешното дело! Тоа сега повеќе не може да се менува. На тој начин, вие се поставивте во состојба да знаете, да знаете премногу, што инаку не би требале да го знаете. Ако појдете утре да нè пријавите кај власта, дали тоа можеби и вам не ќе ви биде незгодно? Што мислите? Вие сте се обврзале, сте дале збор, сте зеле пари... И сега повеќе не можете да откажувате...

Петар Степанович беше мошне загреан, но Кирилов одамна не го слушаше. Тој повторно замислено шеташе по собата.

— Жал ми е за Шатов — рече тој и повторно запре пред Петар Степанович.

— Па, ова, и мене, впрочем, можеби ми е жал, и зарем...

— Молчи никаквец! — згрми Кирилов и направи страшен и недвосмислен потег. — Ќе те убијам!

— Ајде де, лажев, лажев, се согласувам. Ни малку не ми е жал за него. Но, доволно! Доста! — скокна Петар Степанович, протегајќи ја раката исплашено.

Кирилов наеднаш се смири и повторно почна да шета.

— Јас нема да одложувам, токму сега сакам да се убијам: сите се подлеци!

— Гледате, ете, тоа е идеја; се разбира, сите се подлеци, и колку му е тешко и гнасно на пристојниот човек да живее на светот...

— Глупчо, и јас сум подлец како тебе, како сите, не сум пристоен човек. Пристоен човек никогаш и немало.

— Конечно се сетив. Зарем вие, Кирилов, како умен човек не сфативте дека сите се еднакви и исти, дека не постои ни подобро ни полошо, туку само умно и глупаво, и дека ако сите се подлеци (што впрочем е само глупост), тогаш, судејќи по сѐ, нема подлеци!

— А! Па ти навистина не се смееш! — го погледна Кирилов со чудење. — Ти тоа го кажуваш запалено и просто... Зарем луѓе како тебе имаат убедување?

— Кирилов, јас никогаш не можев да разберам зошто сакате да се убиете. Знам само дека така се постапува поради убедување. Поради цврсто убедување. Но ако чувствувате потреба да се изнаприкажете, јас ви стојам на услуга... Само треба да се има на ум и времето...

— Колку е часот?

— О, точно два — Петар Степанович погледна во часовникот и запали цигара.

„Мислам дека ќе можеме да се спогодиме“ помисли тој.

— Немам што да ти кажувам повеќе — промрмори Кирилов.

— Разбирам; тука има нешто за господ... Зашто вие еднаш, а можеби и двапати тоа ми го објасну-

вавте. Кога ќе се убиете, ако воопшто се убиете ќе бидете господ... така нешто ми се чини?

— Да, јас ќе бидам господ.

Петар Степанович не се насмевна. Чекаше. Кирилов го погледна остроумно.

— Вие сте политички лажливец и интригант, вие сакате да ме сведете на филозофија и на воодушевување, да ме смирите, да ми го отстраните гневот, и кога ќе се смирам да ми измолите писмо за тоа дека јас сум го убил Шатов.

Петар Степанович одговори речиси со природна простодушност:

— Ех, добро, нека сум и таков никаквец; но зарем вам, Кирилов, во последните моменти тоа не вие е соедно? Ајде кажете ми, ве молам, зошто да се караме: вие сте ваков, јас сум онаков, и, што произлегува од тоа? А освен тоа, и двајцата сме...

— Подлеци.

— Па да речеме и подлеци. Вие добро знаете дека тоа се само зборови.

— Целиот живот јас не сакав тоа да бидат само зборови. Јас и сега секој ден сакам тоа да не бидат зборови.

— Да, секој бара таму каде што е подобро... ситна риба... тоест, секој си бара конфор според себе, своја погодност, тоа е сѐ. Мошне одамна позната работа.

— Погодност велиш?

— Но дали е вредно да се расправаме за тој збор.

— Не, ти добро рече: погодност. Господ е потребен, и затоа мора да го имаш.

— Е, прекрасно!

— Но јас знам дека го нема и дека не може да го има.

— Тоа е поточно.

— Зарем не разбираш дека со тие две мисли човек не може да остане меѓу живите?

— Можеби треба да се убие?

— Зарем ти не разбираш дека единствено поради тоа човек може да се убие? Ти не разбираш дека може да има и таков човек, еден на илјада од ваши милиони, кој нема да сака и нема да го поднесе тоа.

— Јас разбирам само дека вие, ми изгледа, се премислувате... Тоа е мошне лошо.

— И Ставрогин го изеде идејата. — Кирилов не ја забележуваше напомената и мрачно чекореше по собата.

— Како? — Петар Степанович го изостри слухот; — каква идеја? Дали тој нешто лично ви зборуваше?

— Не, јас се сетив: Ставрогин ако верува во нешто, тој не верува дека верува. А ако не верува, не верува дека не верува.

— Кај Ставрогин има нешто друго, поумно од тоа... — налутено промрмори Петар Степанович, следејќи го вознемирено пресвртот на разговорот и бледиот Кирилов.

„Ѓавол да го земе, нема да се убие", мислеше тој „секогаш тоа го претчувствував; изопачен мозок и ништо повеќе; пих, каква човечка ништожност!"

— Ти си последниот кој е со мене — наеднаш се смилува Кирилов; — и не би сакал со тебе лошо да се разделам.

Петар Степанович не одговори веднаш. „По ѓаволите, што е пак сега ова?" Си помисли тој повторно.

— Верувајте Кирилов, јас против вас како личност немам ништо и секогаш...

— Ти си низок и лажен ум. Но и јас сум исто што и ти и ќе се убијам, а ти ќе останеш жив.

— Тоест, сакате да речете дека сум толку низок што сакам да останам меѓу живите.

Тој сè уште не можеше да пресуди дали е згодно или не, во ваков момент да продолжува со ваков разговор, па реши да се „управува според околностите". Но, Кирилов и досега го лутеше постојано со својот тон на посилен и со својот отворен презир, а тоа пак сега го лутеше уште повеќе отколку порано. Можеби затоа што Кирилов, кој по некој час треба да умре (зашто, сепак, Петар Степанович ова

постојано го имаше на ум), му изгледа получовек, некој кому тој таа силина и претерана горделивост никако не смее да му ја дозволи.

— Ми се чини дека ми се фалите што ќе се убиете?

— Јас секогаш се чудам зошто сите остануваат да живеат — рече Кирилов не слушајќи ја неговата забелешка.

— Па! Да земеме дека е тоа идеја, меѓутоа...

— Мајмун, ти ми попушташ само за да ме покориш. Молчи! Ти не разбираш ништо. Ако нема господ, тогаш јас сум господ.

— Е, таа ваша точка никогаш не можев да ја разберам: зошто вие сте господ?

— Ако има господ, тогаш сѐ е негова целосна волја, и јас не можам да бидам надвор од таа негова волја. Доколку го нема, тогаш целосната волја е моја, и должен сум да ја објавам својата волја.

— Слободната волја? Зошто да бидете обврзан на тоа?

— Затоа што целата волја стана моја. Зарем никој на целата планета, кога ќе пречисти со господ и ќе се увери во својата волја, нема да смее без страв, во главната точка да ја покаже слободната волја? Тоа е како кога сиромав ќе добие наследство и ќе се исплаши, па не смее да се доближи до ќесето, зашто себеси се смета за бессилен да го има тоа. Јас сакам да ја објавам слободната волја. Нека бидам единствен, но ќе го сторам тоа.

— Сторете го.

— Јас сум должен да се убијам, зашто најзначајната точка на мојата слободна волја е: да се убијам самиот себеси.

— Впрочем, вие не сте единствениот што се убивате, има многу самоубијци.

— Со причина. Но без каква било причина, туку единствено поради својата слободна волја, таков сум само јас.

„Нема да се убие", пак му светна во главата на Петар Степанович.

— Знаете што — рече тој налутено. — Да сум на вашето место, јас својата слободна волја би ја покажал на тој начин што би убил некој друг, а не себеси. Можете да бидете корисен. Можам да ви кажам кого да го убиете, само ако не се плашите. Тогаш ќе се согласам да не се убиете денес. Може да се спогодиме.

— Да убијам друг, тоа би било најниската точка на мојата слободна волја; а ти си целиот во неа. Јас не сум ти; јас ја сакам највисоката точка и ќе се убијам себеси.

„Со својот ум, богами, дотаму е дојден" зајадливо промрмори Петар Степанович.

— Јас сум должен да го објавам неверувањето во господ — рече Кирилов шеткајќи по собата. — За мене нема повозвишена идеја од тоа дека не постои господ. За мене зборува целата човекова историја. Човекот го сторил само тоа: го измислил господа, за да живее и да не се убива; во тоа се состои целата светска историја до денес. Единствено јас во светската историја не сакав да го измислам господа, и тоа е првпат. Нека дознаат еднаш засекогаш.

„Нема да се убие" се плашеше Петар Степанович.

— А кој да дознае? — го поттикна тој. — Овде сме само јас и вие; можеби и Липутин?

— Сите ќе дознаат. Сите треба да знаат... Нема ништо тајно што не ќе стане јавно. Тоа го рече Т о ј.

Тој со трескавично воодушевување покажа кон иконата на Спасителот пред кој гореше кандило. Петар Степанович се налути.

— Вие, бездруго, токму во него верувате! И кандило палите; да не е тоа можеби „за секој случај"?

Кирилов замолчи.

— Знаете што, јас мислам дека вие можеби верувате повеќе отколку попот.

— Во кого? Во Н е г о? Слушај — запре Кирилов, а неподвижниот и занесен поглед го впери пред себе. — Слушни, голема идеја: Беше на земјата еден ден, а во средината на земјата стоеја три крста.

Едниот на крстот толку веруваше што му рече на другиот: „Денеска со мене ќе бидеш во рајот". Заврши денот, двајцата умреа, заминаа и не го најдоа ниту рајот, ниту пак воскреснувањето. Не се оствари изреченото ветување. Слушај: О в о ј човек беше поголем од сите на земјата, го претставуваше она за што таа треба да живее. Целата планета, и сето она што е на неа, без тој човек е — само лудило. Таков човек немало ниту пред, ниту по него, никогаш, а чудото постоело. Во тоа и е чудото, што го немало и нема да има такво, никогаш. Штом е така, штом природните закони не го сожалиле ниту О в о ј, а ниту пак ни чудото свое, туку и него го натерале да живне меѓу лаги и да умре за лага, тогаш, значи, целата планета е лага, и таа стои врз лаги и глупав потсмев. Бездруго, и самите закони на планетава се лага и ѓаволски подвижници. Па зошто да се живее? Одговори ми ако си човек.

— Тоа е вториот пресврт на работите. Мене ми се чини дека вие заборавивте две разни причини; а тоа е очајно. Но, дозволете, што ќе правиме ако вие сте господ? Ако лагата е завршена и ако вие се сетивте дека целата лага доаѓа оттаму што досегашниот господ постоел?

— Конечно, разбра! — извика Кирилов зарадуван. — Значи, може да се разбере штом тоа го разбра човек како тебе! Разбираш ли сега: спасот на секој е да ја докаже таа мисла. Но кој ќе ја докаже? Јас! Јас не разбирам како можел досега атеистот да знае дека нема господ, но пак не се убивал? Да дознаеш дека нема господ, а да не осознаеш оти во тој ист миг самиот стануваш господ — тоа е апсурд, инаку, човек мора да се убие себе си; никако поинаку! Ако тоа го дознаеш, ти си крал и нема да се убиеш; туку, ќе живееш во најславна слава. Но, тој е еден, оној што го дознал тоа прв мора да се убие, веднаш, никако поинаку инаку кој ќе почне и кој ќе докаже? Јас ќе се убијам, бездруго, за да почнам и за да докажам. Јас сум по неволја господ и несреќен сум зашто имам д о л ж н о с т на сите да им ја објавам својата слободна волја. Сите се несреќни затоа што

се плашат да ја објават својата слободна волја. Човекот досега бил несреќен и страшливец, бидејќи се плашел да ја објави најзначајната точка на својата волја, и својата волја ја прикажувал срамежливо, како ученик. Јас сум мошне несреќен, зашто многу се плашам. Стравот е човековото проклетство... Но, јас ја објавувам слободната волја и должен сум да ве уверам дека не верувам. Јас ќе почнам и ќе довршам, и ќе ја отворам вратата. И ќе спасам. Тоа за луѓето ќе биде само спас, тоа единствено е за сите луѓе, а идните поколенија ќе бидат физички преродени; зашто во сегашната физичка форма, како што си замислувам јас, човекот не може никако да биде без досегашниот господ. Јас три години го барав атрибутот на своето божество — тоа е Слободната волја! Тоа е сè што можам да го покажам во најзначајната точка, непокорноста и новата стравотна слобода на волјата. Зашто таа навистина е страшна. Јас ќе се убијам за да ја покажам непокорноста и својата нова страшна слобода.

Лицето на Кирилов беше неприродно бело, погледот пак, неиздржливо тежок. Како да беше во треска. Петар Степанович помисли дека овој сега ќе падне.

— Дај го перото! — наеднаш сосема неочекувано извика Кирилов во решително воодушевување. — Диктирај, сè ќе потпишам. Ќе го потпишам и тоа дека сум го убил Шатов. Диктирај додека ми е смешно. Не се плашам од мислењето на вообразените надуени робови! Ќе видиш дека сè што е тајно ќе стане јавно! А ти ќе бидеш прегазен... Јас верувам! Верувам!

Петар Степанович веднаш ја дофати мастилницата и хартијата и почна да диктира за да го искористи моментот; целиот трепереше од успехот.

„Јас, Алексеј Кирилов објавувам“...

— Запри! Не сакам. Кому му објавувам?

Кирилов се тресеше како да има треска. Изгледа дека оваа изјава и некоја посебно ненадејна мисла, наеднаш целиот го проголта, како некој излез на кој неговиот изнамачен дух бурно налетал, макар само за минута.

— Кому му објавувам? Сакам да знам кому?

— На никого, на сите, на првиот кој ќе го прочита. Ништо поодредено? На целиот свет!

— На целиот свет? Браво! И да нема каење. Не сакам да има каење, и не сакам да биде упатено до власта!

— Но нема, богами, немојте, нека оди по ѓаволите сета власт!

— Запри. Би сакал да има горе една муцка со изваден јазик.

— Ех, сешто! — се налути Петар Степанович. — Сето тоа може да се искаже и без цртеж, само со тон.

— Со тон? Тоа е добро. Да, со тон, со тон! Диктирај, со тон!

— „Јас Алексеј Кирилов", диктираше Петар Степанович енергично и заповедно, наведнат над рамењата на Кирилов и следејќи го секој збор што го пишуваше со рака растреперена од возбудување, „јас, Кирилов, изјавувам дека денеска... ти октомври, вечерта во осум часот го отепав студентот Шатов во паркот, и тоа поради предавство, како и поради тоа што на власта ѝ ги предал прогласите и Феѓка, кој кај нас двајца, во истата куќа, на Филипов, живееше и спиеше десет дена. Се убивам денеска со пиштол не затоа што се каам, и што се плашам од вас, туку затоа што уште во странство имав намера да си го одземам животот."

— Само толку? — извика Кирилов со чудење и налутено.

— Ни збор повеќе! — одмавна со раката Петар Степанович и тоа така за да успее во истиот момент да му го одземе документот.

— Стој! — Кирилов силно ја притисна раката на хартијата; — стој! Бесмисленост! Јас сакам да кажам со кого го извршив убиството. Зошто Феѓка? А пожарот? Јас сакам сѐ, и уште да се потсмевнувам, да се исмејувам, сакам со тон, сакам со тон!

— Доволно е Кирилов, ве уверувам дека е доволно — повторно молеше Петар Степанович, а це-

лиот трепереше од страв да не биде скинат листот. — За да се поверува, треба да биде понејасно, токму вака, впрочем вака, само како навестување. Треба да се покаже само дел од вистината, толку колку човек да ги надразни. Тие самите себеси повеќе ќе се изналажат, отколку ние самите; и со тоа, се разбира, ќе си поверуваат самите себеси повеќе, отколку нам; а тоа е секако најдобро, најдобро од сè друго! Дајте ми го! Вака е прекрасно! Дајте ми го, дајте ми го!

Тој постојано се обидуваше да му ја земе хартијата. Кирилов ширум ги отвори очите и слушаше како да се обидува да разбере, но изгледа повеќе не можеше да сфати.

— По ѓаволите! — се разлути Петар Степанович — па тој сè уште не потпишал! Што сте ги ококориле очите, потпишувајте!

— Јас сакам да ги наградам ... — промрмори Кирилов; во исто време го зеде перото и се потпиша. — Јас сакам да ги наградам.

— Додајте: Vive la république,[1] доволно е.

— Браво! — речиси зарика Кирилов од воодушевување. — Vive la ... Не, не, не така ... Vive la république démocratique, sociale et universelle, ou la mort[2] ... Не, не, не така ... Liberté, égalité, fraternité ou la mort.[3] Ова е поубаво, ова е поубаво. — Со задоволство сево ова го напишав под своето име.

— Доволно е, доволно е — повторуваше Петар Степанович.

— Запри, уште малку ... Јас, знаеш, ќе се потпишам уште еднаш на француски: „de Kiriloff, gentilhomme russe et citoyen du mond[4]. Ха, ха ха! — се задуши тој од смеа. — Не, не, не, запри! Најдов нешто поубаво: еурека! Значи: gentilhomme, seminarist

[1] Да живее републиката.

[2] Да живее демократска, социјална и универзална република.

[3] Слобода, еднаквост, братство или смрт!

[4] де Кирилов, руски благородник и граѓанин на светот.

russe et citoyen du monde civilisé“[1] ова е поубаво од сè, од сè... — скокна од софата и со ненадеен и брз потег го дофати пиштолот од прозорецот, отрча со него во другата соба а вратата добро ја затвори зад себе.

Петар Степанович стоеше малку размислувајќи и гледајќи во вратата.

„Ако дошол моментот, тогаш бездруго ќе пука, а ако почне да размислува, ништо не ќе биде.“

Ја зеде хартијата, седна и повторно ја прегледа. Пак му се допадна она што беше напишано во изјавата.

„Сега уште што треба? Извесно време треба да останат во збрка и дилема. Паркот? Во градот нема парк, но кога ќе помислат ќе се сетат на оној кај Скворешники. Додека се сетат, ќе измине време; додека го бараат трупот, пак ќе мине време, а ако го пронајдат трупот, тој ќе биде доказ дека е вистина она што е напишано; значи, вистина ќе е и сè друго, вистина е, значи, и она за Феѓка. А тоа, значи: Феѓка? Феѓка — тоа е палежот, тоа се Лебјаткини, значи: сè потекнало оттука, од куќата на Филипов, а тие тоа не го знаеле ниту го виделе; сè пропуштиле, и сето тоа сосема ќе ги збрка! Нашите — нема ни да помислат на нив. Шатов, па потоа Кирилов, па Феѓка, па Лебјаткин; па зошто тие се убиле еден со друг? Еве им уште едно мало прашање... По ѓаволите! уште нема истрел!...“

Тој навистина ја читаше изјавата и во неа уживаше, но сепак секој миг со некој мачен немир наслушнуваше и наеднаш се налути. Неспокојно погледна во часовникот — мошне е доцна, а веќе изминаа десет минути откако Кирилов излезе... Ја дофати свеќата па се упати кон вратата на собата во која беше затворен Кирилов. Крај самата врата се присети дека свеќата догорува, по дваесет минути сосема ќе изгори а друга свеќа нема. Се фати за кваката и внимателно слушаше; не се слушаше ни нај-

---

[1] руски благородник, семинарист и граѓанин на цивилизираниот свет.

мал звук; тој наеднаш ја отвори вратата и ја крена свеќата. Нешто за'ржа и се нафрли на него. Тој со сета сила ја тресна вратата па уште и ја потпре, но набрзо сè се смири и повторно завладеа мртва тишина.

Долго стоеше така нерешителен со свеќата в рака. Во моментот кога ја отвори вратата можеше само малку да ѕирне внатре, па сепак му мина пред очите лицето на Кирилов кој стоеше во длабочината на собата крај прозорецот, како и дивата разлутеност со која наеднаш јурна кон него. Петар Степанович затрепери, брзо ја спушти свеќата на масата, го подготви пиштолот и на прсти скокна во спротивниот агол за доколку Кирилов ја отвори вратата и со вперен пиштол тргне кон масата да има време пред Кирилов да ја измери метата и да го повлече чкрапалото.

Петар Степанович сега повеќе не веруваше во самоубиството. „Стои на средината на собата и мисли", му мина низ главата како бура. „Па уште и таа темна, стравотна соба... За'ржа и јурна — тука има две можности: или јас го спречив во моментот кога сакаше да пука или... или пак стоеше и мислеше за тоа како да ме убие мене... Да, така е, размислуваше... Тој знае дека јас нема да си заминам пред да го убијам, доколку тој самиот не сака и не смее да го стори тоа, значи нему му е потребно тој мене да ме убие пред да го убијам јас него.. Па сепак, таму повторно е тишина! Дури е и страшно: наеднаш се отвори вратата... лошо е тоа што тој во господ верува полудо отколку попот. Нема да се убие, никако!... Денес премногу се намножени оние кои со „својот ум се дојдени дотаму". Трици! Никаквец! По ѓаволите! Свеќа, свеќа! По малку ќе догори, секако... Во секој случај, треба да се заврши... Па сега можам и да го убијам... Според оваа изјава никој не може ни да помисли дека јас сум го убил. Можам така да го наместам на подот со испукан пиштол во раката, што секој мора да помисли на самоубиство...

По ѓаволите! А како да го убијам? Јас ќе ја отворам вратата, а тој пак ќе јурне и ќе пука пред мене. Е, ќе промаши, се разбира!“

Така се мачеше Верховенски, треперејќи од вакви неизбежни мисли и поради својата нерешителност. Конечно, ја зеде свеќата и повторно дојде до вратата, а пиштолот го крена и го подготви; тогаш со левата рака во која ја држеше свеќата ја притисна кваката. Но тоа го стори невешто; кваката крцна, се слушна чкрипење. „Ќе пука веднаш и тоа право!“ му мина низ главата. Тој со сета сила ја турна вратата со ногата, ја крена свеќата и го нанишани со пиштолот: но оттаму — ниту истрел, ниту извик. Во собата немаше никој.

Верховенски се сепна. Собата немаше излез. Тој уште повисоко ја крена свеќата и внимателно разгледа: едноставно — никој! Со половина глас го повика Кирилов, а потоа уште еднаш посилно; никој не се јавуваше.

„Можеби избегал преку прозорецот?“

Навистина, на едниот прозорец е отворено окното за проветрување. „Глупост, низ окното не можел да избега.“ Петар Степанович мина преку целата соба, право кон прозорецот. „Не, никако!“ Наеднаш тој брзо се сврти и виде нешто необично од што целиот се стресе. Крај ѕидот, кон прозорецот, десно од вратата имаше креденец. Десно од него, во аголот што го прават ѕидот и креденецот, стоеше Кирилов, а стоеше мошне необично — неподвижен, исправен, рацете му беа спуштени до колковите, главата кренатa и тилот цврсто прилепен на ѕидот, и, како што изгледаше, имаше желба да се повлече и да исчезне. Според сите знаци можеше да се рече дека се скрил, но во тоа никако не можеше да се верува. Петар Степанович запре малку косо од аголот, за да може да ги види само поистакнатите делови на фигурата. Сè уште никако не смееше да се сврти лево, за да го види Кирилов добро и да ја разбере загатката. Срцето силно му зачука... Наеднаш сиот го обзеде беснило; тој се оттргна од своето место, викна и тропајќи со нозете бесно јурна кон страшното место.

Но кога дојде сосема близу, тој повторно запре како скочанет, дури уште посилно исплашен. Што е најзначајно, тој се исплаши затоа што фигурата, и покрај тоа што викна и силно втрча, не се ни помести, дури и не трепна; остана сосема скаменета и личеше како да е од восок. На лицето на фигурата се забележуваше неприродно бледило, црните очи беа вкочанети и гледаа во некоја точка во просторот. Петар Степанович ја осветли фигурата одозгора до долу и повторно до горе, од сите страни, и го разгледа лицето. Наеднаш тој забележа дека Кирилов, и покрај тоа што гледа некаде во празно, сепак го гледа накосо па дури можеби и го набљудува. Тогаш му дојде на ум пламенот од свеќата сосема да го доближи до лицето на „овој гад“, за малку да го здожежи и да види што ќе прави. Наеднаш му се стори дека Кирилов мрдна со брадата, и дека од усните му слезе подбивна насмевка — поточно, како да ја погоди неговата намера. Петар Степанович затрепери, и не знаејќи за себе, цврсто го стегна Кирилова за раката.

Потоа се случи нешто толку необично, и толку брзо што ни подоцна Петар Степанович не можеше како-така да ги среди своите чувства. Само што се допре до Кирилов, овој брзо ја наведна главата и со неа му ја исфрли свеќата од рака; свеќникот тресна на подот, а свеќата се згасна. Во истиот миг Верховенски почувствува силна болка во малиот прст на левата рака. Тој вресна; и, се сеќава само толку, дека штом Кирилов падна на него и го касна за прстот тој, надвор од секоја присебност, трипати со сета сила го удри со пиштолот по глава. Конечно го оттргна прстот и главечки се спушти да бега од куќата, барајќи го патот низ темнината. Од собата по него летнаа стравотни извици:

— Сега, сега, сега, сега!...

И така десетина пати. Но тој непрекинато бегаше и веќе пристигна во претсобјето, кога наеднаш екна силен истрел. Тогаш тој запре во темнината на претсобјето, и околу пет минути му се препушти на размислувањето. Конечно, повторно се врати во собата. Свеќникот, испаднат од раката, требаше да го

бара на подот десно од креденецот. Но, со што да ја запали свеќата. Наеднаш му светна во главата едно нејасно сеќавање: синоќа, кога се стрчна во кујната да го нападне Феѓка, му се стори дека во аголот на полицата забележа поголема црвена кутија кибрит. Пипкајќи, тој се упати лево кон вратата на кујната; мина низ собата и слезе низ скалите. На полицата, точно на тоа место за кое сега се присети, во темнината ја напбара кутијата, полна, сè уште неначната. Тука не запали ниту едно кибритче, туку брзо се упати горе. Крај креденецот, на истото место каде што со пиштолот го удри Кирилова кога овој го касна, тој наеднаш повторно се присети на својот прст и речиси во истиот миг почувствува неиздржлива болка во него. Ги стисна забите и некако го запали остатокот од свеќата, повторно ја стави во свеќникот и погледна наоколу. Крај отворениот прозорец лежеше трупот на Кирилов, свртен со нозете кон десниот агол на собата. Куршумот беше минал низ десната слепоочница, а зрното го пробило черепот сосема и излегло на левата страна. Наоколу се гледаа распрскани крв и мозок. Пиштолот беше останат во раката на убиецот, а раката лежеше на подот. Смртта бездруго настапила во истиот миг. Верховенски разгледа сè, па стана и на прсти излезе во првата соба, ја затвори вратата, свеќата ја остави на своето место, поразмисли и заклучи дека не треба да ја згаснува — претпоставуваше дека не може да предизвика пожар. Уште еднаш го погледа документот на масата, се насмевна несвесно, па потоа којзнае зошто, на прсти излезе од куќата. Пак се провлече низ влезот на Феѓка, назачки, совесно го намести документот како што треба, и го остави зад себе.

III

Точно во шест часот без десет минути на железничката станица, крај мошне долгата низа вагони, шеташе Петар Степанович заедно со Еркељ. Петар Степанович патуваше а Еркељ го испраќаше. Багажот

беше предаден, торбата внесена во вагонот од втора класа, на одбрано место. Првото ѕвоно ѕвоноеше, се чекаше второто. Петар Степанович гледаше отворено на сите страни, ги следеше патниците кои влегуваа во вагоните. Но блиски и познати немаше; само еднаш или двапати имаше можност да климне со главата — на еден трговец кого површно го познаваше, потоа на некој млад селски поп кој патуваше само до втората станица во својата парохија. Еркељ, очигледно, во овие последни моменти сакаше да поразговара за нешто значајно, иако можеби самиот тој не знаеше што би можело да биде тоа; но никако не се решаваше да почне. Постојано му се чинеше дека Петар Степанович се мачи со него и нестрпливо го очекува последното ѕвоно.

— Вие на секого гледате така отворено — рече тој некако плашливо, како да сака да го опомене.

— А зошто да не? Јас сè уште не морам да се кријам. Рано е. Не грижете се. Само се плашам ѓавол да не го земе Липутина; ќе намириса и ќе дотрча.

— Тие не се сигурни Петар Степанович — рече Еркељ решително.

— Липутин?

— Сите, Петар Степанович.

— Сешто; сега сите се поврзани поради она синоќа. Ниту еден од нив нема да предаде. Кој би можел, освен ако не го изгуби умот, да оди во сигурна пропаст?

— Но тие, Петар Степанович, бездруго сите ќе го изгубат умот.

Оваа мисла бездруго влегуваше во главата на Петар Степанович и затоа забелешката на Еркељ го налути уште повеќе.

— Да не се плашите и вие, Еркељ? Јас во вас се надевам повеќе отколку во другите. Сега согледав кој колку вреди. Кажете им усно сè, уште денеска, тоа вам непосредно ви го наложувам. Посетете ги утре. Моето писмено упатство прочитајте им го утре или задутре, кога ќе ги соберете, кога ќе бидат во состојба да ислушаат... А, верувајте, такви ќе бидат

уште утре, зашто мошне ќе се исплашат, па ќе бидат меки како восок... А што е најзначајно, вие не попуштајте.

— О, би било подобро да не заминувате, Петар Степанович!

— Па јас заминувам само за неколку дена. — Ќе се вратам веднаш.

— Петар Степанович — рече Еркељ внимателно, но со сигурен глас — па да одите дури и во Петроград... Зарем јас не разбирам дека вие го работите само она што е неопходно за општото дело.

— Помалку и не очекував од вас Еркељ. Штом се сетивте дека ќе одам во Петроград, можете и да разберете дека вчера, во оној момент, не можев да кажам дека патувам далеку, зашто сите ќе се исплашеа. Вие и самиот видовте какви беа. Но вие разбирате дека јас работам за општото дело, за главната и значајна работа, за работа од општо добро, а не за да избегам, како што го смета некојси Липутин.

— Да одите дури и преку граница Петар Степанович, јас пак ќе ве разберам, навистина ве разбирам: вие својата личност морате да ја заштитувате, зашто вие сте сè и сешто, а ние сме никој и ништо. Јас разбирам, Петар Степанович.

Кутрото дете, гласот му треперешe.

— Благодарам Еркељ... Уф, ми го допревте болниот прст! — (Еркељ несмасно му ја стегна раката; болниот прст беше мошне убаво преврзан со црн тафт.) — Но јас ви повторувам јасно и определено; во Петроград одам за да ја намирисам работата, одам, дури можеби само за дваесет и четири часа, и веднаш се враќам ваму. Кога ќе се вратам, јас само привидно ќе се преселам на село кај Гаганов. Ако тие сметаат дека постои каква било опасност, ќе дојдам прв за да ја поделиме. Ако пак се задржам во Петроград, во истиот миг вам ќе ви дадам знак... по познат пат; а вие ним:

Одекна второто ѕвоно.

— Значи, само уште пет минути до поаѓањето. Знаете, јас не би сакал овдешната д р у ж и н а да се растури. Не се плашам за себе. Не грижете се; јас

имам многу такви јазли во заедничката мрежа и нема ништо особено да ценам; но секој еден излишен јазел ништо нема да пречи. Впрочем, што се однесува до вас, јас сум мирен, макар што ве оставам речиси сам со оние грдотии; но не плашете се, тие нема да предадат, не ќе смеат... О, о, и вие денеска? — му викна тој зачудено, со сосема поинаков, весел глас, на некој млад човек кој зарадувано му пристапи да се поздрават, — не знаев дека и вие патувате со брзиот Каде? Кај мајка ви?

Мајката на момчето беше најбогата сопственичка во соседната губернија; момчето ѝ е некој далечен роднина на Јулија Михајловна, а во нашиот град се гостеше околу две недели.

— Нема да одам понатаму, во Р... Треба осум часа да се седи во вагонот. Во Петроград? — се насмеа момчето.

— Зошто сметате дека одам токму во Петроград? — се насмеа уште поотворено Петар Степанович.

Момчето му се закани со прстот во нараквица.

— Се разбира, погодивте — прошепоти Петар Степанович таинствено — носам писма од Јулија Михајловна, и таму морам а се видам со три-четири личности, знаете со кои, ѓавол да ги земе, искрено да ви речам. Ѓаволска должност.

– Кажете ми зошто таа толку се исплашила? — прошепоти момчето. — Вчера дури не сакаше ниту да прима; колку што знам јас за мажот нема што да се плаши; — напротив, тој толку убаво падна за време на пожарот, што речиси животот го жртвуваше.

— Секако, се разбира, ве молам, — се насмеа Петар Степанович, — туку, гледате, таа се плаши оттука да не напишале... тоест некои господа... со еден збор, тука е главно Ставрогин тоест кнезот К... Е, има тука цела приказна, па ако дозволите, патем нешто ќе ви кажам, доколку кавалерството го дозволува тоа... Ова е мојот роднина, заставник Еркељ, од околијата.

Момчето кое накосо погледна во Еркељ ја допре паларијата; Еркељ се поклони.

— Но знаете ли Верховенски, осум часа во возот тоа е страшна судбина. Со нас во првата класа патува и Берестов, еден мошне смешен полковник; соседи сме со имотите; се ожени со Гарина (nèe de Garine)[1]; знаете, тоа е еден од подобрите; особено според идеите. Овде се задржа само два дена; љубител е на вистот; сакате ли, што велите? Четвртиот веќе го забележав, тоа е Припухлов, наш и т-ски трговец, со брада, милионер, и тоа вистински милионер, ви велам... Јас ќе ве запознам; мошне привлечна торба со богатство, убаво ќе се насмееме.

— Вист играм со најголемо задоволство и мошне сакам да играм во вагон, но јас сум во втора класа.

— Оставете го тоа, никако! Ќе седнете со нас. Веднаш ќе наредам багажот да ви го пренесат во прва класа. Кондуктерот ме слуша. Што имате, торба? Плед?

— Одлично, тргнуваме!

Петар Степанович ја зеде својата торба, наметката, книгата, и веднаш со најголема готовност отиде во прва класа. Еркељ во тоа му помагаше. Се јави и третото ѕвоно.

— Значи, Еркељ — рече Петар Степанович набрзина и со израз на деловност, и за последен пат му ја подаде раката низ прозорецот — јас, еве, седнувам да играм со него.

— А зошто ми го појаснувате тоа, Петар Степанович? Па јас разбирам, навистина сѐ разбирам, Петар Степанович!

— Па тогаш, до среќно... — додаде тој свртувајќи се брзо кога во тој миг го повика момчето за да го запознае со играчите. Еркељ повеќе не го виде својот Петар Степанович!

Се врати дома мошне растажен. Не затоа што се плашеше од тоа што Петар Степанович вака наеднаш ги остава, туку... туку затоа што толку брзо се сврти од него штом го викна младиот помодар

[1] Родена de Garin.

и . . . . можеше да му рече сѐ друго а не „до среќно" . . . или . . . Барем малку посилно да му ја стиснеше раката!

Токму ова последново беше значајно. Зашто нешто друго почна да го најадува и неговото кутро срце, нешто што тој ни самиот сѐ уште не го разбираше, нешто што имаше врска со она од синоќа.

СЕДМА ГЛАВА

ПОСЛЕДНОТО ПАТУВАЊЕ НА СТЕПАН ТРОФИМОВИЧ

I

Уверен сум дека Степан Трофимович мошне се плашеше чувствувајќи дека се доближува времето за неговиот непромислен потфат. Уверен сум дека поради страхувањето, многу страдаше, особено последната ноќ пред заминувањето, во таа стравотна ноќ. Настасја, потем, се сеќаваше дека тој доцна легнал да спие и дека спиел. Но тоа ништо не докажуваше; велат, осудените на смрт мошне тврдо спијат пред самата казна. И покрај тоа што од куќата излегол тогаш кога веќе беше разденето, а нервозните луѓе во тоа време секогаш се малку посмели (така, мајорот, роднина на Виргински, штом ќе мине ноќта, ја губи вербата во господа) — сепак, верувам, тој поради стравот не можел да се замисли себеси онака сам на патот, ниту пак во таква состојба. Сигурно е дека во неговите мисли, во првиот миг, веројатно нешто очајно ја згаснало силата на страшното чувство за изненадувачката осаменост, во која се најде наеднаш, само што ја остави Stasie[1] и своето дваесетгодишно загреано место. Но сеедно; и покрај најјасната свест за сите стравотии што го очекуваа, сепак излезе на патот и тргна по него! Имаше тука нешто горделиво и воодушевувачко, без оглед на сѐ друго! О, можеше тој да ги прифати сјајните понуди на Варвара Петров-

---

[1] Стасја, Настасја

на и да остане со нејзините милостивости comme un обичен прикрепен човек[1]. Тој пак, ете, не ја прифати милоста и не остана. Ја остава самиот, тој ѝ го крева „знамето на големата идеја", и тргнува за да умре на патот... Бездруго, така се чувствувал, секако дека неговата постапка само така му изгледаше.

Повеќепати низ главата ми се влечкаше уште едно прашање: зошто бегаше пеш, зошто не отпатува со кола? Во почетокот тоа го толкував со неговата педесетгодишна непрактичност и со фантастичното заобиколување на идеите под влијание на силното чувство. Ми се чинеше дека бездруго му изгледала мошне прозаична мислата за патен лист, за коњите (макар и со ѕвонче); напротив, поклоничкото патување, па дури и со чадор, многу е поубаво и одмаздувачки — љубовно. Но денес, кога сè се заврши, мислам дека сè беше многу пообично; прво, тој се плашеше да земе под наем кола, зашто тоа можеше да го дознае Варвара Петровна и сосила да го задржи, што таа сигурно и ќе го сторeше, а тој сигурно и ќе се покореше — па тогаш, збогум големи мисли, засекогаш! А второ, за да земе патен лист за поштенска кола, требаше да знае и каде оди. Но, токму тоа, да се знае каде заминуваш, токму тоа беше она што во тој миг претставуваше вистинска мака за него; тој никако не можеше да определи, ниту да го посочи местото на своето патување. Зашто, за да се реши за кој било град, во тој миг неговата намера ќе му заличеше на бесмисленост и невозможност — тој тоа мошне добро и однапред го чувствуваше. И што би работел во тој посочен град? И зошто да не дојде во некој друг? Да го бара ce marchand[2]? Но кој marchand? Тогаш пак, се појавуваше второто, и тоа најлошото прашање. Навистина, за него не беше ништо пострашно од ce marchand, по кој толку брзо тргна во потрага, аваму, се разбира, најмногу се плашеше дека навистина ќе го пронајде. Не, најдобро е да се впушти по големиот, главниот пат, онака, едноставно, да излезе на пат и

[1] Како обичен, прикрепен човек.

[2] Тој трговец.

да тргне, да не размислува за што било, додека може да не размислува. Главен пат, тоа е нешто долго — долго, на кое не му се гледа крајот; токму како животот човеков, токму како сонот човечки. Главниот пат содржи идеја, а поштенската кола — каква идеја има тука? Во поштенската кола идејата има крај . . . Значи, Viva la grande route[1], а потоа што ќе даде господ!

По ненадејната и неочекувана средба со Лиза, која веќе ја опишав, во уште поголем заборав се упати натаму по насипот. Патот водеше покрај Скворешники, само за половина врста настрана; тој, чудно, во почетокот не забележа дека тргна по него. Во тој момент му беше мошне тешко темелно да размисли, или барем јасно да согледа што сака. Дождецот ту почнуваше ту престануваше, но тој ни дождот не го забележуваше. Ниту забележуваше ниту знаеше дека торбата ја префрлил преку рамото, ниту пак дека тоа му го олеснува чекорењето. Бездруго, имаше изминато една врста, или пак една и пол врста, кога наеднаш запре и се сврти. Стариот, прост колски, и избразден и изриен, пат се протегаше пред него како бескраен конец, засаден по страните со бели врби; десно од него беше пуста ледина со одамна пожнеани ниви; лево пак, џбунови, а уште понатаму, зад нив, шумичка. Во далечината — во далечината одвај се забележуваше железничката пруга која накосо исчезнуваше, а над неа се виеше тенок чад од некој воз, но не се слушаше никаков звук. Степан Трофимович малку се исплаши, но само за миг. Воздивна без причина, ја спушти торбата крај врбата и седна да се одмори. Додека се местеше да седне, тој почувствува морници, па се завитка во наметката; и дури тогаш забележа дека врне дожд, па затоа го отвори чадорот. Седеше така доста долго и повремено цвакаше, старечки шушкајќи со устата; во рацете пак, ја стегаше цврсто рачката на чадорот. Пред очите му се појавуваа низа различни трескави слики и во неговиот мозок брзо се менуваа. „Lise, Lise“, мислеше тој;

---

[1] Да живее патот!

а со неа и се Maurice... Чудни луѓе... Но каков чуден пожар беше тоа? Што зборуваа? И кои се тие, убиените? Изгледа Stasie сè уште не беше дознала за да ме дочека со кафето... На карти? Зарем јас на карти ги прокоцкав луѓето? Хм! Кај нас во Русија, за време на таканареченото крепосно право... О, господи, а Феѓка!"

Целиот затрепери од страв и се обѕирна околу себе. „А што ќе биде ако тој Феѓка е некаде овде зад џбунот; велат дека имал некаде овде на патот цела толпа разбојници... О, господи, тогаш, јас ќе... Тогаш јас ќе му ја кажам целата вистина; дека сум виновен ... и дека десет години заради него страдав, повеќе отколку тој таму во војската... и..., ќе му го дадам своето портмоне. Хм! J'ai en tout quarante roubles; il prendra, il prendra les roubles, et il me tuera tout de même...[1]

Исплашен, којзнае зошто, тој го затвори чадорот и го спушти крај себе. Оддалеку, по патот од градот, се појави некоја проста кола. Се вознемири и малку повнимателно се загледа во неа.

„Grâce à Dieu[2], тоа е кола... и... оди полека; тоа не може да биде опасно. Тоа се овдешни клети коњи, изморени... Јас секогаш сум говорел за потеклото на видовите... впрочем, тоа го зборуваше во клубот Петар Илич, а јас тогаш го убедував, et puis[3]... а што ли е она назад?... изгледа дека во колата седи некоја жена, селанка и селанец, cela commence à être rassurant.[4] Селанка назад, а селанец напред c'est très rassurant[5]. А зад колата оди крава врзана за роговите c'est rassurant au plus haut degre[6].

Колата пристигна спроти него; мошне цврста и добра селска кола. Жената седеше на добро наполнета врећа; а селанецот на своето седиште; со нозе виснати настрана кон Степан Трофимович. Зад колата

---

[1] Имам само четириесет рубли, тој ќе ги земе рублите и пак ќе ме убие.

[2] Фала му на господа

[3] И потоа

[4] Тоа почнува да ме смирува

[5] Тоа е мошне утешно

[6] Тоа веќе во најголем степен е смирувачко

навистина се влечкаше некаква црвеникава крава, врзана за роговите. Селанецот и жената ги ококориле очите кон Степан Трофимович, а тој кон нив, но кога ги пропушти крај себе, на околу дваесет чекори, тој наеднаш стана и тргна да ги стаса. Му се виде дека е мошне посигурно да се оди во друштво на колар, но кога ги стаса, тој пак заборави на сè и повторно потона во своите испрекинати и неврзани мисли и претстави. Чекореше понатаму и, се разбира не ни сонуваше дека во тој момент тој за нив е најзагадочен и најзанимлив предмет што воопшто може да се види на патот.

— А кој сте вие господине, ако смеам да запрашам? — му се сврти конечно женичката, токму во моментот кога тој расеано погледна во неа. Таа повеќе не се воздржуваше да не го прашува. Имаше околу дваесет и седум години, јадра, со црвени веѓи и зажарена, со црвени усни умилно насмеани, а зад нив светкаа бели еднакви заби.

— Вие... вие мене ли ме прашувате? — промрмори Степан Трофимович со тажно чудење.

— Вие ќе сте трговец — проговори селанецот со сигурност.

Селанецот беше висок човек на околу четириесет години, со мошне широко и умно лице, широка и црвена брада.

— Не, не сум трговец, јас... јас... moi c'est autre chose[1] — одговори некако Степан Трофимович и за секој случај позапре зад колата и така продолжи да оди паралелно со кравата.

— Од господата е — заклучи селанецот кога слушна странски зборови и го мавна коњот.

— Затоа и постојано ве гледаме; вие бездруго сте тргнати на прошетка? — повторно запраша љубопитната жена.

— Вие... вие мене ли ме прашувате?

— Странските патници понекогаш доаѓаат по железниот пат; тие ваши чевли како да не се овдешни...

---

[1] Јас... тоа е нешто сосема друго

— Офицерски чевли — додаде селанецот самозадоволно и значајно.

— Не; јас не сум офицер, јас...

„Некоја љубопитна жена“ се налути Степан Трофимович во себе; „како ли само ме набљудува... mais enfin...[1] Со еден збор, чудно, како нешто да сум им сторил, а јас ништо не им сторив.“

Жената нешто прошепоти со селанецот.

— Ако немате ништо против, ние, ако сакате ќе ве поведеме, доколку тоа ви е пријатно.

Степан Трофимович веднаш се прибра.

— Да, да пријатели, со најголемо задоволство, зашто јас многу се изморив; но само како ќе се качам?

„Чудно е сево ова“, помисли тој, „долго одев крај кравата, а ниту на ум не ми дојде да ги замолам да седнам со нив. Тој „вистински живот“ има во себе нешто карактеристично“.

Селанецот и покрај сето тоа, сè уште не ја запираше колата.

— Ако даде господ? — запраша тој малку недоверливо.

Степан Трофимович не успеа веднаш да го разбере.

— Бездруго ќе одите во Хатово?

— Во Хатово? А што барам во Хатово? Не ми е познато најдобро, макар што сум слушнал.

— Тоа е село Хатово, село, девет врсти оттука.

— Село? C'est charmant[2], а, да нешто сум слушнал.

Степан Трофимович и натаму постојано чекореше, а тие сè уште не го земаа во колата. Конечно му светна во главата генијална мисла.

— Да не мислите дека сум... јас имам пасош. — јас сум професор, тоест, ако сакате, учител... главно. Јас сум главен учител. Oui, c'est comme ca qu'on peut traduire[3], јас со задоволство би седнал во колата и јас ќе ви купам... ќе ви купам полкило пијалак.

---

[1] Впрочем

[2] Прекрасно!

[3] Да, тоа така може да се преведе

— Половина рубља за вас, господине, патот е тежок.

— Инаку ќе ви биде мошне жал — додаде жената.

— Половина рубља? Е, добро, половина рубља. C'est encore mieux, j'ai en tout quarante roubles, mais...[1]

Селанецот го запре коњот и тие двајцата со здружени сили го качија Степан Трофимович на колата и го наместија на вреќата крај жената. Виорот на мислите не го напушташе. Повремено и самиот чувствуваше дека е мошне расеан и дека не мисли на она на кое би требало да мисли, и се чудеше на сето тоа. Оваа вест за умствената болна немоќ станувашe секој час сè потешка и го навредуваше.

— А ова... како ова? Кравата назад? — наеднаш ја запраша тој женичката.

— Но, што ви е господине? Како никогаш да не сте виделе? — се насмеа жената.

— Ја купивме во градот — се замеша селанецот — а нашето добиче, што ќе правиш, го снема пролетва, — пцовиса. Крај нас, секаде наоколу сè изумре, сè, не остана ни половина ако сакате да верувате; па лелек, лелек...

Тој повторно го мавна коњот кој се беше заглавил во колска бразда.

— Да тоа се случува кај нас во Русија... и воопшто ние Русите... се разбира, се случува, — не ја доврши својата мисла Степан Трофимович.

— Кога веќе сте учител тогаш што барате во Хатово? Можеби одите некаде понатаму?

— Јас, тоест, да имам намера понатаму... C'est a dire[2] одам кај еден трговец.

— Да не е во Спасово?

— Да, да точно во Спасово. Впрочем, тоа е едно и исто.

— Ако одите во Спасово и тоа пеш, тогаш вие со вашите чевли ќе патувате цела недела — се насмеа жената.

---

[1] Тоа е подобро, јас имам навистина само четириесет рубли, но...

[2] Тоест

— Да, да, и тоа е седно, mes amis[1], седно — нестрпливо ја прекрати тој.

„Мошне љубопитни луѓе; впрочем, оваа жена зборува подобро од него; и јас гледам дека говорот од деветнаесетти февруари донекаде им е изменет, а... исто ми се фаќа дали одам во Спасово или не. Впрочем, ќе им платам и зошто тогаш тие да ми здодеваат".

— Ако одите во Спасово тогаш ќе морате и со брод — повторно продолжуваше селанецот.

— Тоа е токму како што треба — дофрли жената мошне живо — зашто ако се оди со коњска запрега, по брегот, ќе има некаде околу триесет врсти заобиколување.

— Ќе има четириесет.

— Утре точно во два ќе најдете брод во Устјево — потврди жената.

Степан Трофимович замолчи тврдоглаво. Замолчија и тие. Селанецот го маваше коњот; жената понекогаш накусо ќе проговореше со него по некој збор. Степан Трофимович задрема. И многу се зачуди кога жената, смеејќи се, го повлече а тој се најде во некое големо село, пред вратата на една селска куќа со три прозорци.

— Задремавте, господине?

— Што е? Каде сум јас? А, да! Па... седно — воздивна Степан Трофимович и слезе од колата. Невесело се загледа околу себе; изгледот на селото му се стори чуден и некако мошне далечен и непознат.

— А јас заборавив на половината рубла! — се сврти тој кон селанецот мошне брзо. Се гледаше дека му е страв да се оддели од нив.

— Во собата ќе се пресметаме — го повика селанецот — повелете.

— Таму е убаво — го храбреше жената.

Степан Трофимович стапна на изабените влезни скали.

— Па зарем е возможно ова! — прошепоти тој со длабоко и страшливо неверување, но сепак влезе

---

[1] Пријатели мои

во куќата. — Elle l'a voulu[1] — нешто му го прободи срцето, но тој повторно заборави сè, па дури заборави и дека влезе во оваа куќичка.

Тоа беше забележлива, мошне чиста селска куќичка со три прозорци и две соби; не е тоа некоја друмска меана, туку нешто како патничка куќичка, во која по старата навика, се запираа само познати патници. Степан Трофимович без премислување дојде на почесното место, а притоа заборави да се поздрави, седна и се замисли. Меѓутоа, мошне необичното и пријатно чувство на топлина по трите часа минати на влажниот пат, брзо се разлеаја по неговото тело. Па и оние морници што секавично и испрекинато му минуваа по грбот, како што обично се случува кај посебно нервозни луѓе кога се наоѓаат во треска, му станаа наеднаш некако чудно пријатни. Тој ја крена главата и привлечната миризба на топли палачинки, околу кои крај печката се вртеше домаќинката, го заскокоткаа неговото сетило. Насмевнувајќи се како дете, тој ја прегрна домаќинката и мазно рече:

— А што е тоа? Палачинки? Mais c'est charmant.[2]

— Сакате господине? — уште веднаш внимателно го пресретна домаќинката.

— Да, сакам... сакам и... би ве молел уште чај — живна Степан Трофимович.

— Да го подготвиме самоварот? Со задоволство...

На големата чинија со големи сини шари, се појавија палачинки, мошне познати, селски, тенки, полупченични, прелиени со жешка свежа маст, мошне вкусни. Степан Трофимович проба со задоволство.

— Колку е масно и колку вкусно! Уште ако е возможно, un doigt d'eau de vie.[3]

— Можеби сакате и малку вотка, господине?

— Така, така, малку, un tout petit rien.[4]

— Значи, за пет копејки?

— За пет, за пет, за пет, un tout petit rien — одобри Степан Трофимович со блажена насмевка.

---

[1] Таа го сакаше тоа
[2] Па тоа е прекрасно
[3] Еден прст ракија
[4] Сосема малку

Ако го замолите простиот Русин нешто да стори за вас, тој ако може ќе ве услужи срдечно и на свој начин; а ако го замолите да донесе малку вотка тогаш обично, неговата мирна готовност минува веднаш во некоја забрзана и радосна послушност, речиси во роднинска грижа за вас. Оној што ќе оди по вотката — па макар пиеле само вие, — и тој самиот чувствува дел од задоволството што ќе го имате вие... Не поминаа повеќе од три-четири минути (меаната беше на два чекори понатаму), а на масата пред Степан Трофимович се најде полкило и поголема зелена чашка.

Тој тури во чашката, стана и со некаква свеченост мина преку собата во другиот крај, каде што на вреќата беше сместена неговата сопатничка, жената со црните веѓи, која патем со своето распрашување толку многу му здодеваше. Жената се збрка и почна да се извлекува, но кога го изрече сето она што пропишува пристојноста, таа конечно стана, учтиво ја испи чашката во три голтки, како што пијат жените, на лицето ѝ се појави израз на голема мака, ја врати чашката и му се поклони на Степан Трофимович. Тој достоинствено ѝ одговори со поклон и горделиво се врати крај масата.

Сето тоа кај него се случи поради некакво воодушевување; а само минута пред тоа, тој не знаеше дека на оваа млада и весела жена ќе ѝ укаже почитување.

„Јас совршено умеам да се однесувам спрема народот, совршено; јас тоа секогаш им го зборувам", помисли тој задоволен со себе и си го дотури остатокот од пијалокот во шишето; и макар што остана помалку од една чашка, сепак, пијалакот животворно го загреа, па дури, малку му удри и во главата.

„Je suis malade tout à fait, mais ce n'est pas trop mauvais d'être malade.[1]

— Сакате ли да имате? — одекна крај него мирен женски глас.

---

[1] Јас сум сосема болен но не е лошо да се биде болен.

Тој ги крена очите и зачуден здогледа пред себе госпоѓа — une dame et elle en avait l'air[1] од преку триесет години, на изглед мошне скромна, облечена граѓански, во темен фустан со голема сива шамија на плешките. На лицето ѝ се гледаше некаква милозливост што на Степан Трофимович веднаш му се допадна. Таа штотуку се беше вратила во куќата; пљачките ѝ лежеа на клупата, токму до местото што го зазеде Степан Трофимович; меѓу другото и една кожена торба на која тој уште кога влезе се сеќава погледна љубопитно; а покрај неа имаше уште една мала торба од мушама. Од таа торба госпоѓата извади две мошне убаво подврзани книги со крвчиња втиснати на подврската и му ги принесе на Степан Трофимович.

— Eh... mais je crois que c'est l'Evangile,[2] со најголемо задоволство... А, дури сега разбирам... Vous étes ce qué on appelle[3] книгоносец; неодамна читав за тоа... половина рубља?

— По триесет и пет копејки — одговори таа.

— Со најголемо задоволство. Je n'ai rien contre l'Evangile, et...[4] Одамна сакав повторно да го читам.

И се присети дека Евангелието не го читал уште од пред триесет години, а пред седум години според книгата на Ренано Vie de Jésus[5]; се присети на неколку реда. Бидејќи немаше ситни пари, тој ги извади своите четири десетки — тоа беше сѐ што имаше. Домаќинката зеде да му ги размени парите и тој дури сега кога подобро загледа, забележа дека во куќата беа собрани многу луѓе и дека одамна сите го набљудуваат, и, изгледа зборуваат за него. Зборуваа за пожарот во градот. Најмногу зборуваше сопственикот на колата со кравата, зашто тој штотуку се беше вратил од градот. Зборуваа за палежот, за Шпигулини. „Па

---

[1] Тоа е дама, и токму изгледа како дама

[2] Е, би рекол дека тоа е Евангелие

[3] Вие сте, како што го наречуваат...

[4] Немам ништо против Евангелието

[5] Животот на Исус

тој ништо не ми рече за пожарот додека ме водеше, а инаку зборуваше за сè“, се присети Степан Трофимович.

— Степан Трофимович, брате, дали ве гледам вас, господине? Е, ни малку не се надевав!... а вие не ме познавте? — извика еден постар човек, низок и според изгледот, старински домашен прислужник, со избричена брада и во наметка со завиткана јака. Кога го слушна своето име, Степан Трофимович се исплаши.

— Простете — промрмори тој не се сеќавам добро.

— Заборавивте? Па јас сум Анисим, Анисим Иванов, бев на служба кај покојниот господин Гаганов, и толкупати сум ве гледал кај Авдотја Сергиевна, можеби ќе се сетите, таа скрши нога, падна од колата, се возеше за на бал, сега живее крај манастирот, а јас сум кај неа, господине; и сега, еве, дојдов да ги видам, сакам во губернијата да ги видам своите...
— Секако, секако. Па кога ве видов вас се израдував, спрема мене бевте мошне добар — се насмевнуваше израдувано Анисим. — А каде се упативте вие, господине... но, ми се чини како да сте наполно сам?

Степан Трофимович исплашено го погледна.

— Да не сте тргнале за кај нас во Спасово, господине?

— Да, во Спасово. Il me semble que tout le monde va à Spassof...[1]

— Можеби ќе одите кај Фјодор Матвеевич? Многу ќе се израдува. Бидејќи уште одамна ве почитува; па и сега ве споменува; толку пати...

— Да, да, одам кај Фјодор Матвеевич.

— Ако, ако; треба. Селаните овдека се чудат... велат ве сретнале на насипот како одите пеш. Глупав свет, господине.

— Јас... јас тоа... јас Анисим, знаеш се обложив како Англичаните, дека ќе заминам пеш, јас...

По челото и по слепоочницата му изби пот.

---

[1] Ми се чини дека целиот свет оди во Спасово.

— Ако, ако; треба... — го слушаше Анисим со немилосрдна љубопитност. Но Степан Трофимович не можеше понатаму да продолжи. Толку се збрка што помисли да стане и да излезе од куќата. Но тогаш го донесоа самоварот со приборот, а во ист момент се врати и жената со книгите. Со еден потег на човек кој се спасува, тој се сврти кон неа и ѝ понуди чај. Анисим отстапи.

И навистина, меѓу селаните се јавуваше сомнение. „Кој е овој? Го најдоа на патот, одеше пеш, зборува дека е учител, облечен е како туѓинец, а умот му е како кај дете, одговара наопаку, како божем од некој избегал, а има пари!“ Веќе помислуваат да го пријават на кметот, бидејќи и така во градот нешто не е мирно“ ... Но Анисим сето тоа го смири, излезе во тремот и на секој што сакаше да слушне му рече дека Степан Трофимович не е учител, туку е „најпознат човек“ и се занимава со најголеми науки, беше овдешен сопственик и веќе дваесет и две години живее кај жената на генерал Ставрогин, наместо најзначајната глава во куќата и од секого во градот ужива ретка чест (тој за една вечер остава по една сива и шарена). Според чинот, тој е советник во благородничкиот клуб, исто што и воен потполковник, бездруго ќе е само за еден чин помалку од вистински потполковник. А тоа што има пари, доаѓа оттаму што жената на генерал Ставрогин му дава колку што сака... и така натаму, и така натаму. „Mais c'est une dame, et treé comme il faut[1], воздивна Степан Трофимович од напаста во ликот на Анисим, и со пријатна љубопитност почна да ја следи својата нова сосетка со книгите која пиеше чај, од чиничето и макаше шеќер. „Ce petit morceau de sucre ce n'est rien[2]... Имаше таа во себе нешто благородно и независно, но во истиот миг и нешто спокојно. Le comme il faut tout pur[3], само некако малку на свој начин“.

---

[1] Ама, тоа е дама, и тоа уште каква.
[2] Тоа мало парче шеќер, тоа е ништо, само.
[3] Чиста ноблеса.

Набрзо дозна од неа дека се вика Софија Матвеевна Уљитина, дека живее во К., во сопствена куќа, дека има сестра вдовица, а нејзиниот маж, потпоручник, кој чинот го добил како наредник за заслуги, загинал на Севастопољ.

— Но вие сѐ уште сте мошне млада, vous n'avez pas trente ans[1].

— Триесет и четири — одговори таа со насмевка.

— Вие и француски разбирате?

— Малку; јас четири години проживеав во една богата куќа; и тука покрај децата и јас малку научив.

Таа раскажа дека по смртта на мажот, а тогаш имала само осумнаесет години, останала некое време во Севастопољ, „меѓу сестрите", а потоа живеела по разни места и сега, еве патува и го продава Евангелието.

— Mais mou Dieu[2], дали вам кај нас во градот не ви се случи еден чуден, мошне чуден настан?

Таа се сцрви; доказ дека тоа ѝ се случило нејзе.

— Ces vauriens, ces malheureux[3] ... — почна тој со глас што трепереше од лутина и сожалување; болниот и гнасен спомен мачно одекна во неговото срце. За миг се заборави каде се наоѓа;

„Гледај, таа заминала" се тргна кога забележа дека ја нема крај него. „Таа мошне често излегува и нешто е зафатена; забележувам дека дури е и вознемирена . . . Bah, je deviens egoiste[4].

Ги крена очите и повторно го забележа Анисим, но овојпат во мошне опасни околности. Целата куќа беше полна со селани, а сите, изгледа, ги беше довел Анисим. Тука е и сопственикот на куќата, и селанецот со кравата, потоа уште некои двајца селани (превозници), некаков мал поднапиен човек, облечен селски, меѓутоа, избричен, сличен на граѓанин кој фатил да пие — и зборуваа повеќе од сите. Сите расправаа нешто за него, за Степан Трофимович. Селанецот со кравата остануваше на своето; тој тврдеше дека по

---

[1] Вие немате триесет години.
[2] Но, боже мој . . .
[3] Тие никаквеци, тие злонамерници.
[4] О, станувам себичен.

брегот ќе има четириесет врсти и дека е неопходно да се патува со брод, и никако поинаку. Напиениот граѓанин и домаќинот одговараа жестоко.

— Па, да братец, на неговото господство бездруго ќе му биде поблиску да патува со бродот преку езерото; тоа е посигурно, но ова сега како што е, бродот може и да не дојде дотука.

— Ќе дојде, ќе дојде. — Ќе доаѓа тој уште една седмица — се расправаше Анисим повеќе од сите други.

— Да, така е! Само не доаѓа точно, а времето сега е мошне лошо, а се случува во Устјево да се чека на бродот и по три дена — рече поднапиениот.

— Во Спасово ќе пристигне сигурно утре, господине, и тоа до вечерта, точно навреме, — рече Анисим и речиси од кожата ќе излезеше.

— Mais qu'est ce qu'il a cet homme?[1] — рече Степан Трофимович плашејќи се за својата судбина.

Превозниците сѐ повеќе чекореа напред, се спогодуваа — бараа три рубли до Устјево. Другите велеа дека тоа е точно така, дека тоа е цената и дека целото лето по таа цена се возеле до Устјево.

— Но... и тука ми е добро... И не сакам да одам — шушна Степан Трофимович.

— Во ред господине, тоа е вистина, но убаво е и кај нас во Спасово, и тоа уште како е убаво; а, освен тоа, и Фјодор Матвеевич многу ќе се израдува.

— Mon Dieu, mes amis[2], сево ова за мене е мошне неочекувано.

Конечно, одвај се врати и Софија Матвеевна. Но, седна на клупата, натажена и убиена.

— Значи, нема за мене Спасово! — ѝ рече таа на домаќинката.

— Што, и вие ќе одите во Спасово? — се тргна Степан Трофимович.

Дозна дека една сопственичка, Надежда Егоровна Свјетлицина, ѝ порачала да ја причека во Хатово и ѝ ветила дека ќе ја одведе до Спасово, но, еве, воопшто не е дојдена.

---

[1] Но, што сака тој човек?

[2] Господ, пријатели.

— Што ќе правам сега? — повторуваше Софија Матвеевна.

— Mais ma chère et nouvelle amie[1], па можам и јас, токму како таа сопственичка да ве одведам во тоа, како се викаше тоа село; зедов кола под наем; и утре можеме заедно во Спасово.

— Зар и вие во Спасово?

— Mais que faire, et je suis enchante![2] Ќе ве поведам со особена радост; ене, ќе возат оние, веќе зедов кола... Едниот од вас го пазарив — им се сврти тој на превозниците. Наеднаш силно посака да оди во Спасово.

По петнаесет минути седнаа во покриената б р и ч к а[3], тој мошне живнат и сосема задоволен; таа пак покрај него со својата торба и благодарната насмевка. Анисим ги сместуваше.

— Добар пат, господине! — сè уште со сите сили се меткаше тој околу бричката; — многу ви се израдувавме и тоа само господ знае како!

— Збогум, збогум, пријателу, збогум!

— Ќе се видите, господине, и со Фјодор Матвеевич.

— Секако, братец, секако... и со Фјодор Петрович... туку, збогум.

II

— Гледате, драга пријателке, а вие ќе ми дозволите да се наречам ваш пријател, n'est-ce pas?[4] — почна Степан Трофимович забрзано, и тоа штом тргна бричката. — Гледате, јас... J'aime le peuple, c'est indispensable, mais il me semble que je ne l'avais jamais vu de près. Stasie... cela va sans dire qu'elle est aussi du peuple... mais le vrai peuple[5], значи, вистинскиот,

---

[1] Но, мила и нова пријателко.

[2] Што можам поинаку, воодушевен сум.

[3] Полупајтон.

[4] Нели?

[5] Јас го сакам народот, тоа е и неизбежно, од тоа не можеме да се ослободиме, но ми се чини дека никогаш одблиску не сум го видел. Стаси (Настасја),... само по себе се разбира дека и таа е од народот... од вистинскиот народ.

оној од патот; нему, ми се чини, единствено му е до тоа да дознае каде одам јас... Туку, да избегаме од навредите... Ми се чини дека јас малку се збркувам во разговорот, но тоа, секако, ќе е од брзањето.

— Изгледа дека сте болен — рече Софија Матвеевна, набљудувајќи го со остро око, но со многу почитување.

— Не, не сум, само треба малку да се завиткам; но така е, тоа е некој свеж ветер, и тоа мошне свеж, но... но и тоа ќе го заборавиме. Што е најзначајно, тоа не сакав да го речам. Chère et incomparable amie[1], ми се чини дека речиси сум среќен, а причина сте вие. За мене, впрочем, среќата не е корисна работа, зашто тогаш брзам без одложување да им простам на сите свои непријатели...

— Па ако, па тоа е мошне убаво, ве молам.

— Не секогаш, chère innocente. L'Evangile... voyez vous, désormais nous le prècherons[2] јас со најголемо задоволство ќе ги продавам вашите прекрасни книги. Да, јас чувствувам дека можеби идејата quelque choze de trèsnouveau dans ce genre.[3] Народот е религиозен c'est admis[4], но тој сè уште не го знае Евангелието. Јас ќе му го изложам... во усното излагање можат да се исправат грешките во таа книга, спрема која, се разбира, готов сум да покажам најголемо почитување. Јас, значи, и на патот ќе бидам корисен. Јас секогаш сум бил корисен. Јас тоа секогаш им го зборував, et â cette chère ingrate...[5] О, да простиме! Пред сè да им простиме, да им простиме на сите и засекогаш! Да се надеваме дека и нам ќе ни биде простено. Да, зашто сите сме виновни, и тоа секој од нас спрема друг. Сите сме виновни,

— Мислам дека ова вие мошне убаво го рековте.

---

[1] Драга, единствена пријателке.

[2] Мила невиност. Евангелие... гледате, понатаму заедно ќе го проповедаме.

[3] Нешто сосема ново од тој вид.

[4] Тоа е така.

[5] И на онаа драга неблагодарница.

— Да, да... јас чувствувам дека мошне добро зборувам. Јас мошне добро ќе им зборувам, туку, туку што беше она најважното што сакав да го речам? Постојано се збркувам и заборавам... Дали ќе ми дозволите од вас да не се разделувам? Чувствувам дека вашиот поглед... и... се воодушевувам од вашето држење; простодушна сте, само... гледате... на крајот на зборовите ја изговарате буквата с[1] и чајот го истурате во чиничето... и она грдо макање шеќер; но сето тоа кај вас е некако прекрасно, а според вашите белези заклучувам... О, не сцрвувајте се и не плашете се од мене како од човек. Chère et incomparable, pour moi, une femme, c'est tout.[2] Јас не можам да не живеам крај жена, и тоа само крај неа... Јас сум многу, многу збркан... Никако не можам да се сетам што сакав да речам. О, благословен е секој оној на кого господ секогаш му праќа жена и... и, дури сметам дека се наоѓам и во некакво воодушевување. И, на патот, па тоа е возвишена мисла. Е, еве, што сакав да речам за таа мисла, сега се присетив инаку никако не ќе погодев. Но зошто нè повлекоа понатаму? Беше убаво и таму, а овде е... cela devient trop froid. A propos, j'ai en tout quarante roubles, et voilà, cet argent,[3] земете ги, ве молам, јас не умеам да чувам пари, ќе ги загубам, ќе ми ги земат, и... ми се чини, би спиел; нешто ми се врти во главата. Така, ми се врти, се врти. О, колку сте добра, со што ме покривате?

— Вие бездруго имате треска, па затоа ве покрив со својата прекривка; туку, парите, јас би...

[1] Во говорот на простите и потчинети луѓе, и воопшто кога се сака да се искаже некаква почест и почитување спрема говорникот, често по зборот се слуша уште едно „с", како остаток од зборот судар, господин, госпоѓа, кои уште од времето на крепосното право означувале сопственик или големосопственик на имот, спахија, благородник. Во туѓ јазик тоа „с" може да се замени со низа зборови или пак со „молам", или пак воопшто не се преведува.

[2] Мила и единствена, за мене жената е сè.

[3] Овде станува некако премногу студено. Навистина, имам само околу четириесет рубли, тоа ми е сè; еве ги тие пари.

— О, богами, n'en parlons plus, parce que cela me fait mal[1], о, колку сте добра!

Тој некако наеднаш го пресече говорот и заспа необично брзо, со трескав сон, сиот растреперен. Споредниот пат по кој патуваа во изминатите седумнаесет врсти беше нерамен па колата силно се тресеше. Степан Трофимович често се будеше, брзо се поткреваше од малото зглавје што му го поднамести Софија Матвеевна, ја фаќаше за раката и се уверуваше: „Тука сте?“ како да се плашеше дека таа ќе го остави. Ѝ рече дека сонувал зината челуст со заби и дека од неа многу се гнаси. Софија Матвеевна мошне се загрижи за него.

Превозниците ги одведоа пред една поголема селска куќа со четири прозорци и со зградички во дворот што служеа за живеење. Степан Трофимович побрза да влезе во куќата и тргна право во другата соба, што беше најширока и најубава. Неговото сонливо лице доби израз на некаква деловност. На домаќинката, висока и јадра селанка од околу четириесет години, со мошне црна коса, а речиси и со мустаци, веднаш ѝ рече дека ја зема целата соба само за себе, побара собата да биде заклучена и никој повеќе внатре да не влегува, parce que nous avons à parler. Qui j'ai beaucoup à vous dire, chere amie...[2] „Ќе ви платам, ќе ви платам!“ ѝ мавна тој со раката на домаќинката.

Макар што говореше брзо, јазикот сепак му се движеше тешко. Домаќинката го ислуша нељубезно, но замолчи, во знак на согласување, во што се чувствуваше впрочем и нешто како закана. Тој од сето тоа ништо не забележа; и забрзано (многу се беше забрзал) побара и таа веднаш да си оди и веднаш, колку што може побрзо, „со најмалку задржување“, да му донесе ручек.

Сега, жената со мустаци повеќе не можеше да се соземе.

---

[1] Да не зборуваме повеќе за тоа, тешко ми е.

[2] Зошто имаме разговор. Да, драга пријателке, имам многу нешто да ви речам.

— Ова не е станица, господине; ние не подготвуваме ручек за патниците. Обарени ракови или пак самовар, тоа е сè што подготвуваме! Ништо друго немаме; свежа риба ќе има дури утре...

Но Степан Трофимович одмавна со рацете и со люта нестрпливост повтори неколкупати: „Ќе платам, само побрзо, побрзо, „Решија да земат чорба од риба и печена кокошка; но домаќинката рече дека кокошка не може да се добие во целото село, и покрај тоа што се согласи да побара, но со таков израз како божем прави мошне ретка услуга.

Веднаш по нејзиното излегување, Степан Трофимович седна на софата и крај себе ја смести Софија Матвеевна. Во собата имаше и софа и стол, но тие бедно изгледаа. Воопшто, целата соба (со одделението за постела, зад преградата), мошне широка, со жолти, стари и начнати тапети, со стравотни митолошки литографии по ѕидовите, со долга редица икони, обични и бакарни, на расклопување, наместени на предниот дел, со чуден мебел од најразлична изработка — целата таа соба создаваше некаква непријатна комбинација на нешто граѓанско и исконско-селско. Но Степан Трофимович дури и не го погледна сето тоа, ниту пак на големото езеро на десетина заграби од куќата

— Конечно седнавме и никого не ќе пуштиме! Сакам сè да ви раскажам, сè да ви раскажам, од почеток.

Софија Матвеевна го запре со голема вознемиреност:

— Дали ви е познато Степан Трофимович...

— Comment, vous savez déjà mon nom?[1] — се насмевна тој зарадувано...

— Па, го слушнав од Анисим Иванович, кога со него зборувавте... Значи, еве, ако смеам, еве што сакам од своја страна да...

Почна брзо да му шепоти погледнувајќи кон затворената врата плашејќи се да не наслушнува некој — дека во ова село е мошне лошо. Дека сите овдешни селани, иако се рибари, секое лето се занимаваат со

---

[1] Како, па вие веќе го знаете моето име?

тоа што секое лето ги ограбуваат патниците, земаат награда колку што ќе им падне на ум. Бидејќи ова село не е на пат и „на удар", туку зафрлено, и дека овде се доаѓа само затоа што запира бродот, а кога бродот не ќе дојде, (зашто штом малку ќе се влоши времето, бродот никако не навраќа), тогаш, за неколку дена ќе се насоберат многу патници, па ги зафаќаат сите куќи во селото, а домаќините само на тоа и чекаат, и тогаш за секој предмет наплатуваат трипати повеќе, овој домаќин пак, е вообразен и надуен зашто во ова место тој е најбогат, кај него една полна рибарска мрежа вреди илјада рубли.

Степан Трофимович речиси прекорно гледаше во нејзиното необично живо лице и неколкупати направи потег за да ја прекрати. Но, таа остана на своето и доврши дека, „со една мошне отмена госпоѓа" од градот била летоска овде, преноќиле додека чекале да пристигне бродот и тука останале цели два дена, па толку маки доживеале што е страшно само да се присетиш . . . „Гледате, Степан Трофимович, вие оваа соба ја задржавте само за себе . . . Тоа ви го велам само за да ве предупредам . . . Онаму, во онаа другана соба, веќе има патници, еден постар човек и едно момче, па потоа некоја госпоѓа со деца, а до утре, до два часот, ќе се наполни целата куќа, бидејќи бродот веќе два дена не е дојден, до утре сигурно ќе биде тука. И така, заради посебната соба, и затоа што баравте кај нив да ручате, и заради штетата врз другите патници, тие од вас господине ќе бараат толку колку што ни во престолнината не се слушнало никогаш . . .

А тој патеше, вистински патеше.

— Assez mon enfant, ве молам, nous avons notre argent et après, et après, le bon Dieu.[1] Се чудам што вие, покрај возвишеноста на своите сфаќања . . . Assez, asez, vous me tourmentez[2] — рече тој хистерично; — пред нас е целата наша иднина, а вие . . . вие ме плашите со иднината . . .

---

[1] Доста, дете мое, ние, прво, имаме пари, а потоа, добриот господ . . .

[2] Доста, доста, вие ме мачите.

И веднаш почна да ѝ прикажува сѐ што доживеал, а толку брзаше, што од почетокот тешко можеше да се разбере. Приказната беше мошне долга. Послужија чорба, послужија и кокошка, донесоа конечно и самовар, а Степан Трофимович непрекинато зборуваше ... Донекаде сѐ личеше на вчудовидувачко и болно, но тој навистина беше болен. Тоа беше ненадеен напор на умствените сили што, секако, мораше веднаш и да заврши — Софија Матвеевна сето тоа за целото време го претчувствуваше, додека тој раскажуваше согледувајќи ја вонредната изнемоштеност на силата во неговиот, инаку веќе нарушен организам. Својата приказна ја почна речиси од детството, кога „со свежи гради трчал по полињата"; а дури по цел час дојде до своите две женачки и животот во Берлин. Јас, впрочем, не смеам да се подсмевнувам. За него во сето тоа имаше нешто големо и, зборувајќи на најновиот јазик, еден вид борба за живот. Пред себе, сепак, ја гледаше неа, онаа што ја одбра за себе и за својата иднина, па брза, така да се рече, да ја посвети ... Не треба неговата генијалност за неа да остане тајна. Можеби во однос на Софија Матвеевна многу и претеруваше, но, ете, ја одбра неа ... без жена не можеше да се одржи. На нејзиното лице пак, можеше да забележи дека таа речиси и не го разбира, па дури и она што е најзначајно не го разбира.

„Ce n'est rien, nous attendrons[1] — а засега може да разбере само со претчувство" ...

— Мила моја, единствено што ми е потребно, тоа е вашето срце, и ништо повеќе! — извикуваше тој прекратувајќи ја приказната; — потребен ми е и тој ваш поглед, мил и восхитувачки поглед со кој сега ме гледате ... О, не сцрвувајте се! Јас еднаш веќе го реков ...

За кутрата Софија Матвеевна, вака фатена, сето тоа беше необично и магливо; приказната за малку ќе преминеше во дисертација за тоа дека никој и никогаш не можел да го разбере и дека „кај нас во

[1] Ништо за тоа, ќе почекаме.

Русија талентите пропаѓаат"!... „О, сето тоа, молам, беше премногу умно", раскажуваше потоа таа мошне тажно. Го слушаше со забележлива болка, со малку ококорени очи. А кога Степан Трофимович почна со хумор и духовити зајадливости на сметка на „нашите првенци и оние кои владеат", таа се обиде еднаш или двапати да се насмевне како одговор на неговата смеа, но кај неа тоа беше полошо од солзи. Со поголема жестокост и омраза тој сега се нафрли на нихилистите и „новите луѓе". Дури со тоа вистински ја исплаши. Таа малку здивна, впрочем, само со лажно воздивнување, и тоа кога почна вистинскиот роман. Жената секогаш е жена, па макар да е и калуѓерка. Софија Матвеевна се насмевнуваше, нишкаше со главата, силно се сцрвуваше и го соборуваше погледот; со тоа пак целосно го занесе и го воодушеви Степан Трофимович, така што тој сега многу нешта ѝ „дополнуваше". Варвара Петровна испадна најубава „црномуреста" (која го воодушевуваше Петроград, а и многу други европски престолнини), додека мажот ѝ, „соборен од куршум кај Севастопољ", умре само затоа што не се чувствуваше достоен за нејзината љубов, и што му ја отстапи на својот соперник, тоест лично на Степан Трофимович...

— Не збунувајте се, моја кротка душо, христијанко моја! — извика тој пред Софија Матвеевна, речиси и самиот верувајќи во она што го зборува. — Тоа беше нешто вишо, нешто толку нежно, за што ние двајцата никогаш во својот век не сме се изјасниле.

Како причина за ваквата состојба на работите, во натамошното раскажување се појавуваше и една русокоса (ако тоа не е Дарја Павловна, тогаш јас не знам на кого мислел). Таа русокоса за сè ѝ должеше на црномурестата, и како далечна роднина израсна во нејзината куќа. Кога црномурестата конечно ја забележа љубовта на русокосата спрема Степан Трофимович, таа се повлече. Русокосата пак, кога ја забележа љубовта на црномурестата спрема Степан Трофимович, исто така, се повлече. И сите тројца, изнемоштени од заемна великодушност, молчеа така повлече-

ни во себе, цели дваесет години... „О, каква страст беше тоа, каква страст! — извика тој задушувајќи се во најискрен занес. „Јас го видов целосниот процут на нејзината (на црномурестата) убавина, ја видов со препукнато срце. Од ден на ден забележував како таа минува крај мене засрамена од целата своја убавина". (Еднаш тој рече: „дека се срами од својата дебелина"). „Конечно, тој, ете, избега, оставајќи го целиот тој страстен дваесетгодишен сон. „Vingt ans!"[1] И сега, еве ме на патот!" Потоа со некоја мошне чудна состојба на неговиот ум, тој почна да ѝ објаснува што треба да значи оваа денешна „толку неочекувана, толку судбоносна средба засекогаш". Софија Матвеевна, конечно стана од софата мошне возбудена; дури се обиде да падне пред него на колена и да заплаче. Прикквечерината станувашe сè погуста; тие двајца веќе неколку часа минаа во затворената соба.

— Ќе биде подобро да ме пуштите да си одам во другата соба — пропелтечи таа — вака луѓето можеби нешто ќе помислат.

Конечно се оттргна; тој ја пушти да замине, давајќи ѝ збор дека веднаш ќе легне да спие. Простувајќи се со неа тој се пожали дека многу го боли главата. Уште кога влезе во куќата, Софија Матвеевна својата торба и багажот ги беше оставила во првата соба, со цел да преноќи кај домаќините; но не успеа да се одмори.

Ноќта на Степан Трофимович му се случи, за мене и за сите негови пријатели, толку познатиот напад на колерината — редовна последица на сите нервни напори и на неговите морални потреси. Кутрата Софија Матвеевна, целата ноќ не заспа. И бидејќи го служеше болниот, таа беше принудена често да влегува и излегува од куќата, и тоа само низ собата на домаќинот, поради тоа се лутеа не само домаќините, туку и патниците, па дури почнаа и да се караат, особено во мугрáта кога таа сакаше да го подготви самоварот. За целото време на нападот Степан Трофимович беше во полузанес; повремено му се присторуваше дека го

[1] Дваесет години!

подготвуваат самоварот, дека му даваат да пие (некаква малина), дека со нешто му го стоплуваат стомакот и градите. Но, речиси, постојано чувствуваше дека т а а е крај него, дека таа влегува и излегува, го симнува од постелата и повторно го враќа на неа. Во три часот изутрината, му беше подобро, па малку потстана, ги спушти нозете од постелата, и не мислејќи на ништо, клекна пред неа. Тоа веќе не беше само поклон, тој едноставно падна пред неа на колена и почна да ги бакнува краиштата на нејзиниот фустан.

— Ве молам, не... јас не сум за тоа, не сум вредна — пелтечеше таа, обидувајќи се да го крене на постелата.

— Спасителко моја! — тој побожно ги склопи дланките пред неа — Vous êtes noble comme une marquise![1] Јас, јас сум ѓавол! О, јас додека сум жив би бил несреќен...

— Смирете се — го смируваше Софија Матвеевна.

— Пред малку ве лажев поради славата, поради сјајот, од суетност и безработноста во животот, и тоа сè до последниот збор! О, каков никаквец сум, о, каков никаквец!

Сега колерината премина во друг напад, во хистерично осудување на самиот себе. Јас за таквите напади зборував кога пишував за неговите писма до Варвара Петровна. Тој наеднаш се присети на Лиза, се присети на видувањето од вчера изутрина: „Тоа беше мошне страшно и сигурно тогаш беше многу несреќна, а јас не ја ни запрашав, не дознав! Мислев само на себе! О, што станува со неа? Знаете ли што станува со неа?" ја молеше тој Софија Матвеевна.

Потоа се колнеше дека нема да ја измами неа (тоест Варвара Петровна), и ќе се врати кај н е а. „Ќе доаѓаме крај нејзината врата, (тоест, заедно тој и Софија Матвеевна) секој ден, кога таа седнува во колата и заминува на утринска прошетка, и мирно ќе ја гледаме... О, јас сакам да ме удри и по другиот

[1] Вие сте отмена како маркиза.

образ; со сласт го сакам тоа. Ќе ѝ го покажам својот друг образ comme dans votre livre![1] Дури сега разбирам што значи да го поднесеш вториот... lanitu.[2] Никогаш досега тоа не сум го сфатил!

За Софија Матвеевна почнаа два најстрашни дена во нејзиниот живот; таа и сега се присетува на нив со трепет. Степан Трофимович сериозно се разболи и не можеше да замине на бродот, кој овојпат се појави точно во два часот попладне; а таа немаше сили да го остави сам, па затоа и таа не отпатува во Спасово. Како што таа сега раскажува, тој мошне се израдувал што бродот заминал понатаму без него.

— Прекрасно, прекрасно е — мрмореше од постелата; — инаку се плашев дека ќе заминеме. Овде е толку убаво, никаде не е поубаво... Нема да ме оставите? О, нема да ме оставите?

И покрај сето тоа, „овде" не беше ни малку убаво. Тој едноставно не сакаше да слушне за нејзините тешкотии; главата му беше преполна само со фантазии. На својата болест не гледаше сериозно, туку како на нешто што минува, на безначајност за која тој и не размислува, туку само за тоа дека ќе „тргнат во светот" и ќе ги продаваат „тие книги". Ја замоли малку да му чита од Евангелието.

— Одамна го немам читано... во оригинал. Може да се случи некој нешто да ме запраша, а јас да згрешам; треба бездруго да се подготвам.

Таа седна крај него и ја отвори книгата.

— Вие читате прекрасно — ѝ се уфрли тој уште во почетокот. — Гледам јас, гледам дека не се лажам! — додаде неразбирливо, но свечено. Воопшто, постојано беше во некаква свечена состојба. Таа му ја прочита проповедта во шумата.

— Assez, assez, mon enfant,[3] доволно е... Зарем вие не сметате дека т о а е сосема доволно!

Изнемоштено ги склопи очите. Беше мошне слаб, но сè уште не ја губеше свеста. Софија Матвеевна

---

[1] Како во вашата книга.

[2] Образ.

[3] Доста, доста дете мое.

стана да си оди, мислејќи дека тој сака да спие, но тој ја задржа.

— Мила моја, јас целиот свој живот лажев. Па дури и тогаш кога ја кажував вистината. Никогаш не сум ја зборувал вистината заради самата вистина, туку поради себе. Јас тоа и порано го знаев но сега и го гледам... Но, каде се тие пријатели што целиот живот сум ги навредувал со своето пријателство! И сите други! Savez-vous[1], јас можеби и сега лажам, можеби и сега измамувам. Значајно е дека јас самиот себеси си верувам кога измамувам. Во животот најтешко е да живееш а да не лажеш... и на својата родена лага да не ѝ веруваш... Ние ќе бидеме заедно, ќе бидеме заедно, ќе бидеме заедно! — додаде тој со ентузијазам.

— Степан Трофимович — замоли плашливо таа — би можеле ли да пратиме по лекар во губернијата?

Тој силно се исплаши.

— Зошто? Est-ce que je suis si malade? Mais rien de sérieux[2]. А зошто ни се туѓинците? Уште тие да дознаат, и што ќе биде тогаш? Не, не, никого од туѓинците, ние ќе бидеме заедно, заедно! — Знаете — рече тој откако малку помолчи — прочитајте ми уште нешто, онака, без избор, што било, каде што окото ќе се задржи.

Софија Матвеевна ја отвори книгата и почна да чита.

— Кај што ќе се отвори, каде што случајно ќе се отвори — повторуваше тој.

„И на Ангелот во Лаодикиската црква напиши му“ ...

— Како? Што? Од каде е?

— Од Апокалипсата.

— О, je m'en souviens, oui, L'Apocalipse. Lisez, lisez.[3] Јас со книгата гатам за нашата иднина; сакам да видам што ќе излезе; читајте, од ангелот, од ангелот читајте...

---

[1] Знаете.

[2] Зарем јас толку сум болен? Па тоа не е нешто сериозно?

[3] О, се сеќавам, да, Апоклипсата. Читајте, само читајте.

„И на Ангелот од Лаодикиската црква напиши му: така зборува Амин, сведокот верен и вистинит, почеток на суштеството Божје. Ги знам твоите дела, дека не си ниту студен ниту жежок; о, да си студен или жежок! Бидејќи си млак, а не си ниту студен ниту жежок, ќе те исплукам од устата Своја. Зашто зборуваш: богат сум, се збогатив, и ништо не ми е потребно, а не знаеш дека си несреќен, несакан, и сиромав, и слеп, и гол."

— Тоа ... и тоа стои во вашата книга! — извика тој со светнати очи, поткревајќи се од перницата; — никогаш не сум го знаел тој голем стих! Чујте ме: подобро студен, студен човек, отколку млак, отколку само млак! О, ќе докажам јас! Само, не оставајте ме, не оставајте ме сам! Ќе докажеме, ќе докажеме!

— Нема да ве оставам, Степан Трофимович, никогаш! — ја прифати таа неговата рака и ја стегна со двете свои, ја стави на срцето и го гледаше со насолзени очи. („Во тој момент ми беше многу жал за него", раскажуваше таа подоцна.) Неговата уста затрепери во грч.

— Туку, навистина Степан Трофимович, навистина, како вака? Дали да му се јавам на некој ваш познат, или пак, ако сакате на роднините?

Но тоа толку го исплаши што потоа нејзе ѝ беше тешко зошто тоа повторно го спомена. Треперејќи и тресејќи се, ја молеше да не повикува никого, да не презема ништо; бараше од неа збор, повторуваше молејќи: „Никој, никој! Само ние, единствено ние, nous partirons ensemble."[1]

Мошне лошо беше и тоа што домаќините почнаа да се лутат, мрмореа и ѝ здодеваа на Софија Матвеевна. Таа им плати колку што бараа и се погрижи да ги убеди дека ќе има уште пари; и тоа малку ги смекна; но домаќинот бараше „видување" (тоест, докази за личноста на Степан Трофимович). Болниот со пренагласена горделива насмевка покажа на својата мала торба; во неа Софија Матвеевна пронајде указ за неговата оставка, или нешто слично на тоа, како

[1] Ќе заминеме заедно.

доказ за тоа како тој го проживеал својот живот. Сопственикот не попушташе и рече: „Треба да си оди одовде каде било, зашто кај нас не е болница; а ако умре, тогаш, којзнае уште што може да се случи, ќе се намачат." Софија Матвеевна сакаше и со него да зборува за лекар, но веднаш забележа дека кога би „плаќале во губернијата" сето тоа би можело да биде мошне скапо, па треба бездруго да се остави настрана секаква помисла за лекар. Сневеселена таа се врати крај болниот. Степан Трофимович сè повеќе изнемоштуваше.

— Прочитајте ми сега уште едно место... она за свињите — проговори тој наеднаш.

— Што-о? — се исплаши Софија Матвеевна.

— За свињите... таму го има и тоа... ces cochons...[1] јас се сеќавам, зли духови влегле во свињите и тие сите се удавиле. Прочитајте ми го тоа, секако, потоа ќе ви кажам зошто. Сакам да се присетам буквално. Ми треба буквално.

Софија Матвеевна добро го знаеше Евангелието, па затоа веднаш го пронајде она место од Лука, кое јас како епиграф го истакнав во мојата хроника на уводно место. Го пренесувам овде повторно:

„А таму пасеше по шумата големо стадо свињи, и Го молеа да им дозволи да влезат во нив. И им дозволи. Тогаш излегоа ѓаволите од човекот и влегоа во свињите; и јурна стадото од брегот во езерото и потона. А кога видоа свињарите што се случи, избегаа и јавија во градот и по селата. И излегоа луѓето да видат што би и дојдоа кај Исус; и го најдоа човекот од кого ѓаволите беа излегле, а тој седи облечен и умен крај нозете Исусови; и се исплашија. А оние што видоа, им кажаа како се излекува од беснилото."

— Мила моја, — прошепоти Степан Трофимович сиот возбуден — savez-vous,[2] тоа е прекрасно... и необично место целиот живот ми беше камен од кој се препнував... dans se livre...[3] така што тоа место го запаметив уште од детството... Токму сега ми

[1] Оние свињи.
[2] Знаете ли.
[3] Во таа книга.

дојде на ум една мисла; une comparaison...[1] Сега ми доаѓаат многу мисли; гледате, тоа е од збор до збор така со нашата Русија. Тие зли духови што излегле од болниот и влегле во свињите — тоа се отрови, зараза, сета нечистотија, сите нечисти сили, сатани, врескачи, намножени во нашиот голем и мил болен, во нашата Русија, со векови множени! Oui, cette Russie que, j'amais toujours.[2] Но, големата мисла и големата волја ја благословуваат одвисоко, исто како оној свиреп лудак, и ќе излезат сите тие нечестиви, сета нечистотија, сета таа гнасотија што се натрупала на површината... нечистите сили сами ќе молат да влезат во свињите. Можеби веќе се и влезени! Тоа сме ние и тие, и Петрушка... et les autres avec lui...,[3] а јас сум можеби првиот меѓу сите нив... споулавени и збеснети ние ќе скокнеме во морето и ќе потонеме сите; таму нè води патот и само тоа ни останува. Но, болниот ќе се излекува и „ќе седне крај нозете Исусови“... и сите ќе гледаат со чудење и воодушевување... Мила моја, vous comprendrez après... Nous comprendrons ensemble.[4]

Тој почна да блада и конечно ја загуби свеста. Така мина целиот утрешен ден. Софија Матвеевна седеше крај него и плачеше. Веќе е трета ноќ како не спие и одбегнува да им се појави на домаќините пред очи, а тие, таа претчувствува, нешто подготвуваа. Спасот дојде дури третиот ден. Тоа утро Степан Трофимович се прибра, ја позна и ѝ ја подаде раката... Таа, надевајќи се, се прекрсти. Тој посака да погледне низ прозорецот: „Tiens, un lac...[5] о, господе езеро, а јас сè уште не сум го видел“... Во тој миг пред влезот зачкрипи кола и во куќата дојде до невидена збрка.

---

[1] Една споредба.

[2] Да, таа Русија која секогаш ја сакав.

[3] И другите со нив.

[4] Ќе разберете подоцна. Ќе разбереме и двајцата.

[5] Гледај, езеро.

III

Тоа беше Варвара Петровна која дојде со двајца лакеи и со Дарја Павловна, и тоа во кола со четири седишта. Чудото се случи едноставно: Анисим, кој умираше од љубопитност, отишол во градот и веднаш утредента ја побарал куќата на Варвара Петровна, а кај слугите се искажал дека во селото го видел наполно сам Степан Трофимович, потоа дека селаните го виделе сам и на насипот, одел пеш и се упатил кон Спасово, преку Устјево, но тогаш веќе во друштво, со Софија Матвеевна. Но бидејќи Варвара Петровна веќе беше мошне вознемирена, и бидејќи веќе знаеше за бекството, го бараше својот пријател бегалец, лакеите уште веднаш ја известија за Анисим. Кога слушна што зборува тој, и, што е најзначајно, она што го вели за неговото заминување во Устјево со некоја Софија Матвеевна, во една кола, таа веднаш се подготви и по свежата трага се одвезе во Устјево. За неговата болест таа сѐ уште не ни сонуваше.

Се слушна нејзиниот сув и заповеден глас; дури и домашните се исплашија. Таа овде запре само за да се распраша, зашто беше убедена дека Степан Трофимович веќе е одамна во Спасово; но кога слушна дека е тука и дека е болен, таа возбудено влезе во куќата.

— Каде е тој? А, тоа си ти! — викна таа кога ја здогледа Софија Матвеевна која во тој миг се појави на прагот на другата соба — по твоето бесрамно лице гледам дека ти си таа. Оди си ти, никаквице! Веднаш, ни трага овде да не ти остане! Треба да ја избркаме, инаку, сестро, јас тебе ќе те ставам в затвор засекогаш! Засега да ја задржиме во друга куќа. Таа еднаш веќе беше в затвор, но ќе биде пак. А ти домаќине, те молам, не помислувај да пуштиш некого внатре додека сум јас тука. Јас сум жена на генералот Ставрогин и ја заземам целата куќа... А ти, драга моја, ќе ми ги кажеш сметките за сѐ.

Познатиот глас го стресе Степан Трофимович. Затрепери. Таа веќе влезе кај него зад преградата. Свет-

кајќи со очите, го турна со ногата столот, се потпре на него, па ѝ викна на Даша:

— Излези малку и остани кај домашните. Каква љубопитност е тоа? Вратата добро затвори ја зад себе.

Молчејќи извесно време таа со некаков грабежлив поглед го следеше неговото исплашено лице.

— Па, како сте, Степан Трофимович? Дали прошетавте? — ѝ се оттргна од устата со лута иронија.

— Chère — пропелтечи Степан Трофимович надвор од себеси — јас го дознав вистинскиот руски живот... Et je prêcherai L'Evangile...[1]

— О, колку бесрамен и неблагодарен човек! — викна таа и плесна со рацете — Малку ви е што ме посрамивте, сте се врзале... О, вие стар бесрамнику, расипано суштество!

— Chêre...

Гласот му се прекрати, не можејќи повеќе ништо да рече, само гледаше со очите изгубени од страв.

— Која е т а а?

— C'est un ange... C'etait plus qu'un ange pur moi,[2] таа целата ноќ... О, не викајте, не плашете ја, chêre, chêre...

Варвара Петровна трескајќи скокна наеднаш од столот и потоа се чу нејзиниот исплашен извик: „Вода, вода"! Тој, навистина, пак се освести, но таа сѐ уште постојано трепереше од страв и целата побледена гледаш во неговото искривено лице, па дури тогаш сфати дека тој е сериозно болен.

— Дарја — шепотејќи, ја повика Дарја Павловна — веднаш праќајте по лекар, по Залцфиш; Егорич, нека замине веднаш; кола нека земе одовде, а во градот друга. До вечерва да биде овде.

Дарја побрза да ја изврши наредбата. Степан Трофимович постојано гледаше изгубено, исплашено, а устата му трепереше.

— Почекај Степан Трофимович, почекај душо, — го смируваше таа како да е дете. — Ајде, почекај

[1] Мила... Ќе проповедам Евангелие.
[2] Таа е ангел... За мене беше повеќе од ангел...

малку, почекај, сега ќе се врати Дарја и... О, господе; домаќинко, домаќинко! Па дојди барем ти, мила моја!

Нестрплива, таа самата отрча кај домаќинката.

— Веднаш, овој миг т а а да се врати ваму! Да се врати, да биде вратена!

За среќа, Софија Матвеевна сè уште не стаса да си замине од куќата; со својата торба и бовчата само што беше го пречекорила прагот. Ја вратија назад. Толку беше исплашена што ѝ треперев и рацете и нозете. Варвара Петровна ја зграпчи за раката како соколот пилето и лудо ја повлече во собата на Степан Трофимович.

— Е, еве ви ја. Не сум ја изела. Вие мислевте дека јас, така едноставно, ја изедов.

Степан Трофимович ја фати раката на Варвара Петровна, ја стави врз очите и целиот бликна во солзи, плачејќи болно, како да добил напад.

— Смири се, доволно е, душо моја, доста. О, господи, па смирете се! — викна таа бесно. — О, мачител, вечен мачител!

— Мила моја — пропелтечи конечно Степан Трофимович, обраќајќи ѝ се на Софија Матвеевна — останете малку таму, мила моја, би сакал нешто да кажам...

Софија Матвеевна веднаш побрза да излезе.

— Chère... chère... — почна тој задушувајќи се.

— Не зборувајте Степан Трофимович, почекајте малку додека не се соземете. Еве вода. Но, почекај-те!

Таа повторно седна на столот. Степан Трофимович цврсто ѝ ја стегаше раката. Таа долго време не му дозволуваше да зборува. Тој ја крена нејзината рака кон усните и почна да ја бакнува. Таа ги стегна забите, гледајќи некаде во аголот.

— Je vous aimais![1] — му се оттргна конечно. Никогаш, никогаш таа од него не беше ги слушнала овие зборови, и тоа вака изговорени.

---

[1] Јас ве сакав.

— Хм! — мрморна таа наместо одговор.

— Je vous aimais toute ma vie... vingt ans![1]

Таа постојано молчеше — минута, две три.

— А како ли се беше подготвил за Даша!... Се намирисал!... — наеднаш проговори таа со стравотен шепот, а Степан Трофимович, ни жив ни мртов.

— Беше врзал нова шамија околу шијата...

Пак молчење, минута, две.

— Се сеќавате ли за цигарата?

— Драга моја — прошепоти тој исплашен.

— Цигара, вечер, крај прозорецот... месечината сјаеше... по разговорот под смреките... Во Скворешники? Се сеќаваш ли, се сеќаваш, нели? — скокна таа од местото, ја прифати перницата на двата краја и ја тресеше целата, заедно со неговата глава. — Се сеќаваш ли ти, бескорисно, бескорисно, слабо и бедно суштество, вечно и вечно непотребно суштество! — пискаше таа со својот гневен шепот, воздржувајќи се да не извика. Конечно го остави, падна на столот и го покри лицето со рацете. — Доста! — се прекрати самата и се исправи. — Дваесетте години поминаа, и тие не можат да се вратат, а јас сум била мисирка!

— Je vous aimais[2] — тој пак ги склопи рацете.

— Но зошто тука непрекинато aimais, aimais[3]. Доста! — скокна повторно таа. — И ако сега веднаш не заспиете јас ќе ви... Вам ви е потребно мирување; да спиете! веднаш да спиете! затворете ги очите... О, господе мој, тој можеби ќе сака да појадува! Што земате? Што јаде? О, господи, па каде е таа? Каде е таа?

Повторно брзаница. Степан Трофимович со изнемоштен глас проговори дека навистина би можел да отспие une heure[4], а потоа може un bouillon, un thé... enfin il est si heureux.[5]

---

[1] Ве сакав целиот живот... дваесет години.
[2] Ве сакав.
[3] Сакав, сакав.
[4] Еден час.
[5] Еден буљон, чај... со еден збор, тој е среќен.

И навистина како да заспа (бездруго се преправаше). Варвара Петровна почека малку, па на прсти излезе од зад преградата.

Таа заседна во собата на домаќините, домаќините ги избрка, а на Даша ѝ нареди да ѝ ја доведе о н а а. Почна сериозно распрашување.

— Сега, снао, раскажи сè, подробно; седни крај мене. Така. Значи?

— Јас го сретнав Степан Трофимович...

— Стој! Молчи! Ти напоменувам, ако излажеш или сокриеш нешто, јас тоа од под земја ќе го ископам. Значи?

— Со Степан Трофимович јас се... само што пристигнав во Хатово, госпоѓо... — почна Софија Матвеевна, речиси без здив.

— Стој, молчи! Што дрдориш? Прво, каква птица си?

Потоа таа некако успеа сè да ѝ раскаже за себе, впрочем, најкратко, почнувајќи од Севастопољ. Варвара Петровна слушаше, молчеше, исправено во столот, гледајќи ја остро и непрекинато право во очите.

— Што си толку исплашена? Зошто гледаш во земјата? Јас ги сакам оние што гледаат право во очите и со мене се расправаат. Продолжи.

Таа заврши со средбата, раскажа за книгите и за тоа како Степан Трофимович ѝ укажа чест на селанката со вотката.

— Добро, добро, само немој да заборавиш ниту еден детаљ! — ја храбреше Варвара Петровна.

Конечно Софија Матвеевна ѝ раскажа како заедно тргнаа на пат и како Степан Трофимович непрекинато зборувал, „веќе сосема разболен, госпоѓо", а тука во собата ѝ го раскажа целиот живот, од почетокот, а зборуваше неколку часа.

— Раскажувај го тоа за животот.

Софија Матвеевна наеднаш запна и сосема се збрка.

— За тоа госпоѓо не умеам ништо да ви речам — изрече таа и само што не заплака; — јас речиси ништо не разбрав.

— Лажеш! Не е точно дека ништо не си разбрала!

— Молам, долго ми раскажуваше за некоја угледна црнокоса госпоѓа — Софија Матвеевна мошне поцрвени кога забележа дека Варвара Петровна има бели влакна и дека ни најмалку не личи на „црната“.

— За црнокоса? Но, што поточно? Ајде зборувај!

— Па, тоа дека таа угледна госпоѓа многу била вљубена во господинот, целиот свој живот, дваесет години, но таа никако не смеела да го покаже тоа, се срамела затоа што била премногу дебела . . .

— Лудак! — пресече Варвара Петровна замислено, но решително.

Софија Матвеевна веќе наголемо плачеше.

— Ништо не умеам убаво да раскажам, зашто бев многу исплашена за господинот, па и не можев да разберам, бидејќи господинот, како мошне умен човек...

— За неговата памет не може да суди чавка каква што си ти. Ти ја нудеше ли раката?

Соговорничката затрепери.

— Се вљубил ли во тебе? Зборувај! Ти ја нудеше ли својата рака? — викна Варвара Петровна.

— Па, така нешто, — залипа таа. — Само, тоа воопшто не го примав, — додаде таа и со верба во себе ја крена главата.

— Како се викаш? Име и презиме?

— Софија Матвеевна.

— Е, тогаш чуј, Софија Матвеевна, дека е тоа најнекорисен, и најнизок никаквец. Господи, господи! Дали сметаш дека јас сум зла?

Софија Матвеевна ги ококори очите.

— Зла, тиранка? Дека неговиот живот јас го упропастив?

— Што зборувате госпоѓо, од каде пак тоа, кога и вие самата плачете, госпоѓо?

Навистина очите на Варвара Петровна ѝ беа полни со солзи.

— Но, седни, седни, не плаши се. Погледни ме уште еднаш право во очите; зошто се сцрви? Даша, дојди ваму, погледни ја: дали таа има чисто срце?

И за чудо, што можеби и уште повеќе ја уплаши Софија Матвеевна, Варвара Петровна неочекувано ја чукна по образот.

— Жал ми е само што е мисирка. Мисирка, за своите години. Убаво, драга моја, јас ќе се погрижам за тебе. Гледам, сево ова е глупост. Остани засега овде, стан ќе ти најдеме, а од мене ќе имаш храна и сè... додека испрашам...

Софија Матвеевна, исплашена, пропелтечи дека мора да побрза.

— Нема каде да брзаш. Ги купувам сите твои книги, а ти седи тука. Молчи, без приговор. Зашто, јас и да не бев дојдена, ти сигурно ќе останеше крај него?

— Не ќе го оставев за ништо на светов — изрече Софија Матвеевна мирно и сигурно, бришејќи ги солзите.

Лекарот Залцфиш пристигна дури доцна ноќта. Тоа беше мошне уважен старец и мошне искусен лекар; а неодамна го загуби своето службено место поради една амбициозна расправија со својот претпоставен. Варвара Петровна уште веднаш презеде сè за што повеќе да го „протежира" кај него својот болен. Тој го прегледа внимателно, се распраша и претпазливо ѝ изјави на Варвара Петровна дека состојбата на „болниот" е мошне сомнителна поради компликациите што се појавиле во болеста, и дека треба да се надеваат „и на најлошото". Варвара Петровна, која во текот на дваесетте години беше одвикната и од самата помисла дека сè што доаѓа лично од Степан Трофимович може да биде сериозно и пресудно, сега наеднаш беше длабоко потресена и дури побледи.

— Зарем нема никакви надежи?

— Не дека нема никаква надеж, но...

Таа не легна да спие, остана целата ноќ будна и одвај дочека да се раздени. Само што дојде на себе болниот и ги отвори очите (тој непрекинато беше при себе, само сè повеќе ја губеше својата сила и изнемоштуваше) — таа, со изглед на крајна решителност, му пристапи и рече:

— Степан Трофимович, треба сè да се предвиди. Пратив по свештеник... Ќе морате да ја исполните вашата должност...

Знаејќи што мисли тој за тоа, таа многу се плашеше да не одбие. Тој во неа гледаше зачуден.

— Глупост, глупост! — фати да се жали таа мислејќи дека тој одбива. — Сега нема шега. Доволно лудувавте.

— Но... зарем јас сум толку болен?

Тој, замислено се согласи. Воопшто, јас многу се зачудив кога подоцна од Варвара Петровна дознав дека тој ни малку не се исплашил од смртта. Можеби во неа и не верувал, туку и понатаму сметал дека неговата болест е безначајна.

Се исповедал и се причестил со сета подготвеност. Сите, и Софија Матвеевна, па и слугите, пристапија по причесната за да го поздрават. Сите плачеа, воздржано, гледајќи во неговото олабавено и изнемоштено лице, во побелените и растреперени усни.

— Oui, mes amis,[1] само се чудам за што вие толку се... толку се грижите. Утре веројатно ќе станам, па ќе... отпатуваме... Toute cette cérémonie...[2] на која, се разбира, и ја искажувам сета должна... беше...

— Ве молам, отец, останете крај болниот — брзо го задржа свештеникот Варвара Петровна кој инаку веќе сакаше да го соблече епитрафилот. — Штом ќе се послужи чај, ќе ве молам, веднаш почнете да му зборувате за божественото, за да ја закрепнете вербата во него.

Свештеникот почна да зборува; сите седеа или стоеја крај постелата на болниот.

— Во нашето грешно време — почна свештеникот одмерено, држејќи ја чашката со чајот во раката — вербата во Севишниот е единственото засолниште за човековиот род, за сите грижи и искушенија во животот, како и за надежите за вечно блаженство ветено на праведните...

Ова како да му ја поврати целата сила на Степан Трофимович; убава насмевка слезе од неговите усни.

---

[1] Да пријатели.

[2] Сета оваа церемонија...

— Mon pére, je vous remercie, et vous êtes bien bon, mais[1] . . .

— Никако mais, никако mais! — извика Варвара Петровна и се помести на столот. — Отец — се сврти таа кон свештеникот — ова е човек, ова е човек . . . по еден час пак ќе треба да го исповедате! Таков човек е тој!

Степан Трофимович се насмевна воздржано.

— Пријатели мои — прозбори тој — за мене господ беше потребен и затоа што тоа е единственото суштество кое може вечно да се сака . . .

Дали навистина почна да верува, или пак го тргна величествениот чин на извршувањето на тајната, разбудувајќи ја во него уметничката чувствителност, сепак, тој изрече неколку зборови спротивни на неговите досегашни убедувања, и ги изрече цврсто, без премислување и, велат, мошне чувствително.

— Бесмртноста на мојата душа е потребна и поради тоа што господ нема да стори неправда со тоа што сосема ќе го згасне пламенот на љубовта спрема него, кога таа во моето срце веќе еднаш се запалила. А што е поголемо од љубовта? Љубовта е поголема од постоењето; и како може едно суштество да не се ведне пред неа? Ако сум го засакал и сум се израдувал на својата љубов; може ли да се случи тој и мене и мојата радост да ги згасне и да ме претвори во ништо? Ако постои господ, тогаш и јас сум бесмртен! Voilà ma profession de foi[2].

— Господ постои, Степане Трофимович, верувајте постои — молеше Варвара Петровна; — одречете се од сите ваши лудости, отфрлете ги барем еднаш во животот! (Како што изгледа, таа целосно не го разбрала неговото profession de foi).

— Пријателе мој — живнуваше тој сè повеќе, макар што гласот често му се прекратуваше — пријатели мои . . . кога јас го разбрав . . . оној поттурен lanit . . . веднаш . . . и друго разбрав . . . J'ai menti toute ma vie,[3]

[1] Ви благодарам отец, вие сте мошне добар, но . . .
[2] Ете, тоа е моето „Вјерују".
[3] Лажев цел живот.

целиот свој живот! Би сакал ... впрочем, утре ... Утре сите ние ќе отпатуваме.

Варвара Петровна заплака. Тој бараше некого со очите.

— Еве ја, тука е — го разбра таа и му ја доведе Софија Матвеевна за рака. Тој нежно се насмевна.

— О, јас многу би сакал пак да живеам! — извика тој со вонреден прилив на енергија. — Секој момент, секој миг од животот треба да биде за човека блаженство ... мора, навистина, мора тоа да биде! Самиот човек тоа така треба да го направи, тоа е негова должност. Тоа за него е закон — скриен, непознат, но кој несомнено постои ... О, би сакал да го видам Петруша ... и сите нив ... и Шатов.

Ќе споменам дека тие за Шатов сѐ уште ништо не знаеја, ниту Дарја Павловна, ниту Варвара Петровна, ниту пак Залцфиш, кој последен дојде од градот.

Степан Трофимович се возбудуваше сѐ повеќе и повеќе, болно и над своите можности.

— Веќе и самата мисла дека постои нешто што е неизмерно поправедливо и посреќно отколку што сум јас, тоа, мене — о, без обѕир кој сум јас, без обѕир што сум сторил веќе ми ја исполнува душата со трогателност, ја прелева со радост, слава и благодарност! За човека е многу позначајно од личната среќа да знае во секој момент да верува дека сѐ и за секого има некаде една совршена и мирна среќа. Целиот човек, секогаш може да се прикрепи пред тоа нешто што е инаку бескрајно големо. Ако на луѓето им биде одземено чувството за бескрајната големина, тие нема да сакаат да живеат, ќе умрат во очај. Неизмерноста и крајноста исто така му се неопходни на човека, како и оваа мала планета на која живее ... Пријатели мои, да извикаме сите, сите: да живее Големата Мисла! Вечна, бескрајна Мисла! За секој човек, без оглед кој е тој, неопходна потреба е да ја ведне главата пред она што е Големата Мисла! Барем нешто Големо — тоа е неопходна потреба. За секого, и за најглупавиот човек ... Петруша ... О, колку би

сакал сите нив пак да ги видам! Тие не знаат дека таа вечна Голема Мисла се наоѓа и во нив.

Доктор Залцфиш не присуствуваше на чинот на причестувањето. Наеднаш влезе во собата и се вчудовиди. Го избрка друштвото, барајќи да не го вознемируваат болниот.

По три дена Степан Трофимович го заврши својот живот, но во целосна несвест. Згасна некако полека, како свеќа што догорува. Откако тука беше извршено опелото, Варвара Петровна го пренесе телото на својот сиромав пријател во Скворешники. Неговиот гроб е во црковната порта и веќе е под мермерна плоча. Натписот и оградата останува да бидат завршени напролет.

Отсуството на Варвара Петровна од градот траеше само осум дена. Заедно со неа, и тоа крај неа, во нејзината кола, во градот дојде и Софија Матвеевна и, како што изгледа, се пресели кај неа засекогаш. Да го споменам и тоа: само што ја загуби свеста Степан Трофимович (истото тоа утро), Варвара Петровна веднаш и сосема ја отстрани од куќата Софија Матвеевна, а болниот го негуваше самата, сè до неговиот крај; дури кога ја испушти душата, повторно ја повика и неа. И нејзе онака исплашена ѝ понуди (поточно ѝ нареди) засекогаш да се пресели кај неа во Скворешники, не сакајќи да слушне за какви било причини.

— Сето тоа е ништо. Јас лично ќе одам со тебе и ќе го продаваме Евангелието. Сега веќе немам никого на овој свет.

— Па, имате син! — спомена Залцфиш.

— Јас немам син! — се огради Варвара Петровна — како да беше насетила.

ОСМА ГЛАВА

КРАЈ

I

Сите направени престапи и злосторства беа откриени со неверојатна брзина, многу побрзо отколку што мислеше Петар Степанович. Сѐ почна со несреќната Марија Игњатијевна, онаа ноќ кога мажот ѝ беше убиен. Откако се разбуди во муграта, таа посегна со раката за да го пронајде и, кога не го виде крај себе, неописливо се возбуди. Чуварката која кај неа преноќи, и која ја пронајде Арина Прохоровна, никако не можеше да ја смири. Само што почна да се разденува, чуварката стрча кај Арина Прохоровна, откако болната ја убеди дека таа знае каде се наоѓа Шатов и кога ќе се врати. Меѓутоа, и Арина Прохоровна беше во некаква грижа: таа од својот маж веќе дозна за настанот од синоќа во Скворешники. Тој се врати дома дури околу единаесет часот ноќта, во мошне страшна состојба и изглед; ги кршеше рацете, ничкум падна на постелата и, тресејќи се од грчовит плач, постојано повторуваше: „Тоа не е тоа; тоа никако не е тоа!". Се разбира, конечно сѐ ѝ призна на Арина Прохоровна, единствено нејзе од сите домашни. Таа го остави на постелата и строго му порача, „ако сака да кмечи, тогаш нека вреска во перницата, за да не се слушне и дека ќе биде никаквец ако утре се издаде со што било." Таа сериозно се замисли и веднаш се подготви „за секој случај"; непотребните хартии, книгите, па можеби и прогласите, без каква

било трага можеше да ги скрие или уништи. Според сето тоа, заклучи дека таа, нејзината сестра, тетката, студентката, па можеби и нејзиниот клапушест брат — нема многу да се плашат. Кога чуварката изутрината дотрча кај неа, таа без премислување отиде кај Марија Игњатијевна. Впрочем, многу сакаше што побргу да се убеди дали сето тоа е вистина, она што мажот ѝ вчера исплашен и безумен со шепот сличен на бладање ѝ го рече за намерите на Петар Степанович, во однос на онаа општа корист од самоубиството на Кирилов.

Но кај Марија Игњатијевна дојде доцна: кога чуварката ја беше пратила кај бабицата, и кога остана сама, родилката не можеше да се воздржи, туку стана од постелата, нафрли на себе од облека она што ѝ дојде под рака, нешто мошне лесно и она што не е за есенска доба — и самата слезе до Кирилов, сметајќи дека тој можеби посигурно од кој било ќе може да ѝ каже нешто за мажот ѝ. Може да се замисли како влијаеше на родилката она што го виде таму. Значајно е тоа дека таа не го прочита неговото претсмртно писмо, а тоа лежеше на масата пред нејзините очи. Секако, поради стравот, не успеа ниту да го види. Излета оттаму и се врати горе во својот „светларник" под покривот, го зеде детето и со него излезе од дома на улица.

Утрото беше влажно, беше падната магла. Минувачи во оваа зафрлена улица немаше. Таа непрекинато трчаше, го губеше здивот, газеше по студената и мека кал. Конечно, почна да тропа на вратите по куќите: во една не ѝ отворија, во друга долго не ѝ отвораа: од нестрпливост отрча на трета и тука почна да тропа. Тоа беше куќата на нашиот трговец Титов. Направи голема збрка, плачеше и со несврзани мисли ги уверуваше дека мажот ѝ е убиен. Кај Титов знаеја по нешто за него, и многу се исплашија што таа, како што слушнаа од неа, само пред дваесет и четири часа родила, а трча по улиците во ова доба, во ваква облека по овој студ, со детето в раце, одвај повиено. Првин помислија дека жената е во бунило, дотолку повеќе што не можеа да разберат кој е

убиен — Кирилов или нејзиниот маж. Таа забележа дека не ѝ веруваат и веќе помисли и понатаму да трча, но тие сосила ја задржаа. Таа, раскажуваа, силно врескала и се оттргнувала. Заминале во куќата на Филипов — и по два часа целиот град знаеше за самоубиството на Кирилов и за неговото претсмртно писмо. Полицијата дојде и кај родилката, која сè уште беше присебна; тогаш се виде дека таа тоа писмо не го имаше прочитано; а како и од каде заклучила дека мажот ѝ е убиен, од неа не можеа да дознаат. Таа само викаше: „Кога тој е убиен, тогаш убиен е и мојот маж; тие беа заедно!“. Непосредно пред ручекот, таа падна во кома од која повеќе не се освестуваше, а по три дена умре. Детето, настинато, умре пред неа.

Кога Арина Прохоровна не ги најде во куќата ниту Марија Игњатијевна ниту нејзиното дете, таа самата заклучи дека е во прашање несреќа и сакаше да отрча дома, но запре крај вратата и ја прати чуварката „долу во куќното крило, да го запраша господинот дали кај него е Марија Игњатијевна и дали тој нешто знае за неа“. А пратеничката се врати врескајќи лудо, и сето тоа се слушаше по целата улица. Арина Прохоровна ѝ велеше да не вреска и никому да не кажува, зашто „ќе ја земат на суд“ и со тој значаен аргумент успеа да ја замолчи, а оваа да избега од таа куќа.

Само по себе се разбира дека полицијата уште истото утро ја вознемири „како бабица кај жената на Шатов“, но господ знае зошто од неа не успеаја да дознаат, зашто таа мошне разумно и студено раскажа сè што видела и слушнала кај Шатов; а за оној настан изјави дека ништо не знае и не разбира.

Може да се замисли каква тревога се крена во градот. Нов настан, повторно убиство! Но сега дојде и нешто друго: стана јасно дека има, дека навистина има некакво тајно друштво на убијци, палежници — револуционери, бунтовници. Стравотната смрт на Лиза, убиството на жената на Ставрогин, самиот Ставрогин, палежот, балот за воспитувачките, распуштеноста на друштвото околу Јулија Михајловна... Дури

во исчезнувањето на Степан Трофимович сакаа по секоја цена да видат загатка. Многу, многу се шепотеше за Николај Всеволодович. Вечерта се дозна и за исчезнувањето на Петар Степанович; чудно, за него најмалку се зборуваше. Тој ден најмногу се зборуваше за „сенаторот“.

Крај куќата на Филипов стоеше толпа речиси целото попладне. Писмото на Кирилов навистина ја измами полицијата. Се поверува дека Кирилов го убил Шатова и дека „убиецот“ самиот се убил. Впрочем, власта навистина се збрка, но не сосема. Зборот „парк“ на пример, што онака неопределено беше ставен во писмото, никого не го збрка, како што Петар Степанович се надеваше. Полицијата веднаш одјури во Скворешники и тоа не само затоа што таму има парк, а инаку никаде на друго место кај нас, туку и по некој осет, бидејќи сите стравотии последниве денови беа во врска со Скворешники, непосредно или делумно. (Напоменувам дека Варвара Петровна, не знаејќи ништо, рано изутрината замина во потрага по Степан Трофимович.) Истата вечер го најдоа трупот на убиениот Шатов и тоа, пак според некои траги; на местото каде што е извршено убиството беше најдена неговата шапка која убијците, со ретка лекомисленост, ја беа заборавиле. Полицискиот и лекарскиот преглед на трупот и неколку претпоставки и домислувања, уште на првиот чекор го разбудија сомневањето дека Кирилов во тоа не можел да биде сам, без другари. Се разјасни дека постои тајно друштво Шатов — Кирилов, во врска со прогласите. Но кои им беа другарите? На *нашите*, на кој било од нашите, дента никој и не помислуваше. Се дозна дека Кирилов живеел како затвореник и толку многу бил осамен, што, Феѓка, кого сите и секаде го бараа, можел оние неколку дена без да биде виден, да живее со него заедно — како што впрочем се гледаше и од писмото... — Што е најзначајно, сите ги мачеше тоа што од целата збрка не можеше да се извлече ништо заедничко, ништо што работите би ги поврзало и средило. Тешко е да се замисли до какви заклучоци и до какви неначалности би дошло на-

шето општество, исплашено до паника, ако наеднаш, уште утредента не се разјаснеше сè. А тоа го стори Љамшин.

Тој не можеше да издржи. Му се случи она што Петар Степанович конечно и го претчувствуваше. Според пораката на Толкаченко, а потоа и на Еркељ, тој целиот следен ден го одлежа в постела, навидум мирен, не прозборувајќи ни збор, дури не одговарајќи ако некој нешто го запрашаше — постојано беше свртен кон ѕидот. Така, целиот тој ден ништо не слушна, ниту пак знаеше за она што се случуваше во градот. Но, Толкаченко, кој мошне добро знаеше што се случи, вечерта науми да ја напушти улогата што му ја наметна Петар Степанович, да внимава на Љамшин, и реши да се префрли од градот во околијата, значи просто речено, да избега. И сето тоа затоа што го беше загубил умот, како што Еркељ го предвиде тоа за сите. Во овој момент, напоменувам дека и Липутин го снема од градот, уште истиот ден до пладне. Но се случи некако така што власта за неговото исчезнување дозна дури утредента предвечер, кога непосредно се пристапи кон испрашување на неговото семејство, исплашено со неговото исчезнување, и кое од страв молчеше.

Туку да продолжиме со Љамшин. Само што остана сам (зашто Еркељ надевајќи се во Толкаченко, порано си отиде дома), тој уште веднаш излета од куќата и, се разбира, мошне брзо дозна како стојат работите. Не враќајќи се повеќе дома, тој почна да бега кај што го водат очите. Но ноќта беше толку темна, а неговиот потфат толку страшен, мачен и тежок, што тој откако мина две-три улички, се врати дома и целата ноќ мина заклучен. Како што изгледа, пред муграта тој сакаше да се убие, но тоа не му одеше од рака. При сето тоа, така затворен остана сè до пладне, па тогаш наеднаш отрча во управата. Велат, таму ползел на колена, плачел и врескал, го бакнувал подот, зборувал дека не заслужува на службениците чевлите да им ги бакне. Го смириле па дури биле и љубезни спрема него.

Испрашувањето, велат, траело три часа. Тој призна сè, раскажа искрено сè што знаеше, секој детаљ; истрчуваше, избрзуваше со признанијата, го кажуваше дури и непотребното и без прашање. Се утврди дека тој знае многу и дека работите мошне добро ги изнесе: трагедијата на Шатов и Кирилов, палежот, смртта на Лебјаткини и другото; сето тоа дојде на втор план. А на преден план дојдоа Петар Степанович, тајното друштво, организацијата, мрежата. На прашањето зошто изврши толку убиства, скандали и гнасотии, Љамшин со треснава брзаница одговараше дека тоа беше „заради системно нарушување на државната основа, заради системно распаѓање на општеството и на сите закони: за поради тоа сите да ја загубат смелоста, па тогаш од сето тоа да се направи збрка; а кога така ќе се разниша општеството, разболено, изнемоштено и гнило, цинично и без верба, но со бескрајна желба за каква било раководна мисла и самоодбрана — тогаш сè наеднаш да биде земено во свои раце, да се крене знамето на револуцијата, потпирајќи се на цела мрежа јазли и петки, кои за тоа време би влијаеле, би работеле, би врбувале и практично би ги барале сите начини и сите слаби места за кои можат да се зафатат.“ Тој заврши со заклучокот дека Петар Степанович, колку само заради проба, првпат овде, во нашиот град, извел една таква системна бркотница, еден, така да се рече, план за натамошна работа; а само заради проба на сите петки. И, рече дека сето тоа е негова (на Љамшин) мисла, негова претпоставка и решение на сите настани и, дека, вели, „мошне е потребно тие тоа да го запаметат и да го имаат предвид, па да се знае колку е искрен и колку е благороден тој во намерите кога работата ја објаснил вака и, според тоа мошне добро може да користи и однапред може да ѝ биде на услуга на управната власт.“ На вистинското прашање дали има многу такви „петки“, одговори дека ги има многу, во бескрај, и дека цела Русија е покриена со мрежа; и макар што тоа не можеше да го докаже, сепак, јас сметам, тој одговори сосема ис-

крено. Ја покажа печатената програма на друштвото, отпечатена во странство, како и проектот за развивање на системот за натамошна работа, кој, и покрај тоа што беше даден како нацрт, беше напишан од раката на Петар Степанович. Она што Љамшин го кажа за „уривањето на основите“ го рече од збор до збор според ставовите од таа хартија; дури не заборави да ги искаже ни точките ни запирките, макар што ги уверуваше дека сето тоа е само негово мислење. За Јулија Михајловна тој, чудно, занимливо и смешно до збор и непрашан, рече дека таа е „невина“, и дека тие само ја „изиграле“. Значајно е и тоа дека сосема го огради од соработката со целото тајно друштво Николај Ставрогин, и тоа од секаква спогодба и договор со Петар Степанович. (За драгоцените и мошне смешните надежи на Петар Степанович и Ставрогин, Љамшин не знаеше ништо.) Смртта на Лебјаткин според неговиот исказ ја намести, лично Петар Степанович и тоа единствено со итра насока Ставрогин да биде вовлечен во злосторство, за да може овој да зависи од него, од Петар Степанович. Но наместо благодарност, на која Петар Степанович бездруго, несомнено и лекомислено сметал, „кај благородниот Ставрогин предизвика само лутина, дури и „очај“. Искажувањето за Ставрогин Љамшин го заврши мошне брзо и без прашања, очигледно со особена цел; дека Ставрогин, рече, е мошне „ретка птица“, мошне значајна, но дека тука се крие некаква тајна, дека тој меѓу нив живеел речиси инкогнито, дека тој има некоја задача и лесно може да се помисли пак да дојде кај нас од Петроград, (Љамшин беше уверен дека Ставрогин е во Петроград), но овојпат во сосема поинаков изглед и во поинакви околности, во придружба на лица за кои можеби набрзо и кај нас ќе се слушне, и дека сево ова тој (Љамшин) го слушнал од Петар Степанович, „тајниот непријател“ на Николај Ставрогин).

Nota bene: по два месеца Љамшин призна дека намерно го иззел Ставрогин, зашто се надевал во неговата протекција, како и во тоа дека тој во Петроград ќе му издејствува олеснување, за два сте-

пена поблага казна, а за патот во прогонство ќе го снабди со пари и со препораки. Од ова може да се види дека тој навистина имал претерани поими за вредноста на Николај Ставрогин.

Се разбира, истиот ден беше затворен и Виргински, а, онака во лутина, и целата негова куќа (Арина Прохоровна, нејзината сестра, тетката, па и студентката, веќе одамна се ослободени; а се зборува дека по кратко време ќе биде пуштен и Шигалев, зашто тој не спаѓа во ниедна од категориите на обвинетите; впрочем, сето тоа е само разговор). Виргински веднаш се покори на сè: кога дојдоа да го затворат лежеше болен, имаше оган. Велат, тој речиси и се израдувал: „ми се симна од срце", како да рекол. За него сега се слуша дека дава отворени изјави, но со некое достоинство, и дека не се одречува од ниедна од своите „светли личности", проколнувајќи го во исто време политичкиот пат (спротивен на социјализмот) на кој бил наведен толку случајно и лекоумно, „во виорот на стекот на околностите". Неговото држење во извршувањето на убиството се толкува со такви гледања кои ја ублажуваат неговата вина; па изгледа дека и тој може да смета на некои олеснувања. Барем така се тврди.

Но судбината на Еркељ тешко може да се олесни. Тој, откако беше затворен, постојано молчи, или, ако може, ја извртува вистината. Од него досега не можеше да се добие ниту еден збор каење. А наспроти тоа, токму тој разбуди некаква симпатија и кај најстрогите судии, пред сè со својата младост, со својата незаштитеност, со очигледниот доказ дека е само фанатичка жртва на политичко заведување, а најмногу со своето однесување спрема својата мајка, на која ѝ праќаше речиси половина од својата мала плата. Неговата мајка сега живее кај нас; немоќна е и болна жена, предвреме остарена. Моли за синот и плаче и, буквално речено, се валка пред нозете на судиите. Нешто мора да се случи — но многумина кај нас веќе го жалат Еркељ.

Липутин го затворија во Петроград каде што поминал цели две седмици. Со него се случи речиси

неверојатна работа, и тешко е тоа да се објасни. Велат имал пасош на туѓо име и можел сосема сигурно да избега преку границата; имал поголемо количество пари со себе — па сепак останал во Петроград, без да отпатува некаде. Извесно време ги барал Ставрогин и Петар Степанович, па наеднаш почнал да пие и неуморно да води распуштен живот, како човек кој целосно го загубил здравиот ум, смислата и разбирањето на својата состојба. Во Петроград го фатиле во јавна куќа, уште и пијан. Се пренесуваат гласови дека тој никако не ја губи својата смелост, дека во своите изјави лаже и дека на судот се подготвува со некаков триумф и надеж? Дури, решен е и да зборува на судот.

Толкаченко, фатен некаде во околијата, само десет дена по бегањето, се однесува неспоредливо поучтиво, не лаже, не се извлекува, кажува сè што знае, не се правда, се осудува себеси со сета скромност, но исто толку е расположен да се изнаприкаже и да фразира; зборува многу и со задоволство, а кога работата ќе дојде до познавање на народот и неговите револуционерни елементи, тој дури зазема и посебен став, сака ефекти. И тој, се слуша, има намера да зборува на судот. Воопшто, тој и Липутин не се плашат многу, а тоа навистина е мошне чудно.

Повторувам, работата сè уште не е завршена. Денес, по три месеци, нашето општество здивна, се поправи и освежи; има свое мислење, и тоа во таква мера, што некои Петар Степанович го сметаат за гениј, барем како човек со „генијални способности". „Организација, господа!" И — велат во клубот и креваат прст угоре. Впрочем, сето тоа е мошне невино; и многумина тоа го знаат. Други пак, напротив, не ја одречуваат остроумноста но со целосно непознавање на стварноста, со една страшна апсурдност, со извртено и тврдоглаво разбирање во една насока, со ретка површност што оттаму настанува. Што се однесува до неговите морални особини, тука сите се согласни, тука луѓето не спорат.

Не знам навистина уште кого да споменам, дали некого ќе заборавам. Маврикиј Николаевич сосема

отпатува некаде. Старата Дроздова подетини... Впрочем, ми останува уште да раскажам и за еден тажен настан. Ќе се ограничам само на фактите.

Варвара Петровна, по враќањето, остана во својата куќа во градот. Наеднаш врз неа се нафрлија сите натрупани вести и мошне ја вознемирија. Таа се затвори во самотијата. Беше вечер; сите беа изморени, па затоа рано легнаа да спијат.

Изутрината собарката со таинствен израз ѝ предаде на Дарја Павловна едно писмо. Писмото, како што рече таа, дошло вчера, но доцна, кога веќе сите легнале и таа не смеела да ги разбуди. Писмото не дошло преку пошта, туку во Скворешники го донесол некој непознат човек, и му го предал на Алексеј Егорич. Овој пак, веднаш лично го донесол и ѝ го предал нејзе в раце доцна синоќа, и веднаш потоа заминал во Скворешники.

Срцето ѝ чукаше додека го гледаше писмото, а го гледаше долго и не смееше да го отвори. Знаеше од кого е: ѝ пишуваше Николај Ставрогин. Таа ја прочита адресата на пликот: „Алексеј Егорович, за Дарја Павловна, доверливо“.

Еве го тоа писмо, од збор до збор, без поправање на каква било, па и најмала грешка, во стилот на рускиот господски син, кој, и покрај сета своја европска образовност, сѐ уште не го беше доучил руското пишување.

„Драга Дарја Павловна,

Вие некогаш посакавте да дојдете кај мене, да бидете домаќинка, па го прифативте ветувањето да пратам по вас тогаш кога ќе биде потребно. Јас патувам по два дена и нема да се вратам. Дали сакате да дојдете со мене?

Минатата година јас, како Херцен, се запишав да бидам граѓанин на Кантон Ури, и тоа никој не го знаеше. Таму веќе купив и мала куќичка. Имам уште дваесет илјади рубли, ќе отидеме таму и ќе живееме до крајот на животот. Јас оттаму нема да заминувам никаде.

Местото е мошне здодевно, клисура; планините ги стеснуваат и погледот и мислата. Мошне мрачно. Ако не ви се допадне, јас ќе ја продадам, и ќе купам друга куќа, на друго место.

Јас не се чувствувам добро, но верувам дека тамошниот воздух ќе ме излекува од халуцинациите. И тоа, физички; а морално, вие знаете сè; само дали сè?

Јас многу сум ви раскажувал за мојот живот. Но не сè. Дури ни вам не сè! И овојпат ќе потврдам дека во свеста јас сум виновен за смртта на мојата жена. По сето тоа со вас не се имам видено, и затоа сега ви го потврдувам. Згрешив во однос на Лизавета Николаевна; но тоа вие го знаете, тука вие речиси сè почувствувавте.

Подобро е да не доаѓате. Тоа што ве викам кај себе претставува страшна нискост. И зошто вие со мене да го погребите својот живот? Вие сте ми мила, и мене, во тагата, ми беше добро крај вас: единствено крај вас можев гласно за себе да зборувам сè. Од тоа ништо не произлегува. Вие сама се определивте да бидете „чуварка" — тоа е ваш израз; зошто толкава жртва? Задлабочете се, исто така, и видете дека јас не ве посакувам кога ве викам, ниту ве ценам кога ве очекувам. А ваму, пак, и ве викам и ве чекам. Во секој случај, потребен ми е вашиот одговор, зашто мошне набрзо треба да патувам. Во тој случај ќе отпатувам сам.

Од Ури не очекувам многу; едноставно одам. Не го одбрав намерно тоа мрачно место. Во Русија ништо не ме врзува — во неа, исто така, сè ми е туѓо, како и секаде. Навистина, во неа помалку сакав да живеам, отколку на друго место, но ни во неа не можев нешто да мразам.

Јас секогаш и секаде ја гледав својата сила. Вие така ме советувате заради „познавање себе си". Во загледувањето во себе и поради јавниот хоризонт, како и порано, преку целиот мој живот, мојата сила се покажуваше неопределено. Пред вашите очи поднесов удар од вашиот брат; својата женачка ја признав јавно. Но во што да се стави силата — тоа е

она што никогаш не сум го видел, не го гледам ни сега, и покрај тоа што ги добивав вашите пофалби во Швајцарија, во кои поверував. Јас можам, исто така како и секогаш досега, секогаш да посакам да сторам добро дело и чувствувам од тоа задоволство, наедно со тоа јас го сакам и злото, и исто така пак чувствувам задоволство. Но и едното и другото чувство, како и порано, премногу е површно, а никогаш не може да биде силно. Моите желби не се многу силни; не можат да ме управуваат. Реката може да се преплива на стебло а не на трска. Она – за да не помислите дека јас во Ури патувам со какви било надежи.

Јас, како и досега, никого не обвинувам. Пробав јас и голема распуштеност, и во неа ја истрошив силата, но распуштеноста јас не ја сакам и не ме привлекува. Вие во последно време ме набљудувавте. Знаете, јас и на вашите нихилисти гледав со пакост, со завидливост спрема нивните надежи? Но вие попусто се плашевте; јас не можев да им бидам другар, зашто ништо не исповедав, ниту пак бев нивни едномисленик. А тоа не можев да бидам ниту од шега, ниту од пакост, и не затоа што би се плашел од шегата — јас од смешното не можам да се исплашам — туку затоа што сепак имам навики на угледен човек, па тоа ми беше гнасно. Ако спрема нив чувствував повеќе омраза, пакост и завидливост, јас можеби ќе заминев со нив. Оценете, дали ми беше лесно и колку се мачев!

Мила, мој најдобар другар, нежно и великодушно суштество, кое конечно го согледав! Можеби вие сонувате дека ќе ми подарите толку љубов, и дека ќе ме усреќите со толку убавина од вашата прекрасна душа, па се надевате дека со самото тоа конечно ќе ја ставите пред мене мојата цел? Не, подобро за вас е да бидете попретпазлива; и мојата љубов би била исто толку површна како што сум и самиот, а вие ќе бидете несреќна. Вашиот брат рече дека оној што ја губи врската со својата земја, ги губи и своите богови, тоест сите свои стремежи и насоки. За сѐ може да се спори во бесконечност, но од мене се

истуруваше само одречување, без каква било великодушност и без некаква сила. Дури се истури и одречувањето. Сè и секогаш беше површно и слабо, овенато, изнемоштено. Великодушниот Кирилов не можеше да ја издржи идејата и — се уби; но јас гледам дека тој бил великодушен затоа што не бил при здрав ум. Јас никогаш нема да го загубам здравиот ум и никогаш нема да поверувам во идејата дотаму, до каде што дојде тој. Дури не можам ни да ѝ се предадам на идејата толку, колку него. Никогаш, никогаш јас не можам да се убијам!

Знам дека треба да се убијам, да се исчистам себеси од земјава како гнасен инсект; но јас се плашам од самоубиство, зашто ми е страв од великодушноста. Знам дека во бескрајната низа на моите лаги ќе дојде уште една. Па тогаш каква корист да се лажеш себе си, за да глумиш великодушност? Кај мене никогаш не ќе се забележи јадосување ниту пак срам, а тоа значи ниту очај.

Простете што пишувам толку многу и вакво нешто. Се освестив. Тоа случајно го сторив. Вака малку се и сто страници, а доволни се и десет реда. Доволни се и десет за повикување на „чуварката“.

Откако отпатував живеам на петтата поштенска станица кај управникот. Со него се запознав за време на една пијанка, пред пет години во Петроград. Дека јас тука живеам никој не знае. Пишете ми на негово име. Ви ја праќам адресата.

Николај Ставрогин.“

Дарја Павловна уште веднаш отиде кај Варвара Петровна и ѝ го покажа писмото. Таа го прочита и ја замоли да излезе за да го прочита уште еднаш, но повторно ја повика.

— Ќе одиш? — запраша речиси плашливо.

— Ќе одам — одговори Даша.

— Подготви се? Ќе одиме заедно!

Даша ја загледа прашално.

– А што ќе правам сега овде? Зарем не е сеедно? И јас ќе станам граѓанка на Ури, и јас ќе живеам во клисурата... Не плаши се, нема да поулавам.

Се подготвуваа брзо за да стигнат за попладневниот воз. Но не помина ни половина час кога од Скворешники дојде Алексеј Егорич. Тој јави дека Николај Всеволодович како „од небо“ дошол изутрината, со утринскиот воз, и дека се наоѓа во Скворешники, но „изгледал така што не одговарал на прашањата, ги обиколил сите соби и се затворил во својата“...

— Јас и покрај нивната заповед наумив да дојдам и да ви јавам — додаде Алексеј Егорич мошне внимателно и значајно.

Варвара Петровна го погледна проникливо и не сакаше да го испрашува. Колата веднаш беше подготвена. Ја поведе и Даша. Додека се возеа, велат често се крстеле.

Сите врати од неговата соба беа отворени, но Николај Всеволодович никаде го немаше.

— Можеби е во мезанинот, молам? — рече Фомушка внимателно.

Значајно е тоа дека со Варвара Петровна во неговото одделение влегоа и неколку слуги, а другите чекаа во салата. Досега тие никогаш не се осмелуваа да ја навредат етикетата. Варвара Петровна го беше видела тоа и молчеше.

Се искачија во мезанинот. Таму имаше три соби; но во ниедна од нив не најдоа никого.

— Да не отишолваму? — покажа некој на вратата од светларникот. Навистина малата вратичка од собата на таванот, инаку секогаш затворена, сега беше ширум отворена. Требаше да се искачат речиси до самиот покрив и тоа по дрвени скали, долги, мошне тесни и мошне стрмни. На врвот беше собата.

— Јас таму не одам. Зошто би отишол таму? — пребледи Варвара Петровна, погледнувајќи во слугите. Тие ја гледаа и молчеа. Даша трепереше.

Варвара Петровна потрча по скалите; Даша по неа; но само што зачекори во светларникот, таа вресна и падна онесвестена.

Граѓанинот на Кантонот Ури висеше веднаш тука, крај вратата. На столчето лежеше лист хартија и на него пишуваше: „Не треба никој да биде обвинет, ова го сторив самиот.“ На столчето беа нај-

дени уште чекан, парче сапун и голема железна шајка, бездруго сето тоа однапред подготвено. Цврстото свилено јаже, сигурно порано одбрано и купено, на кое се беше обесил Николај Всеволодович, беше добро намачкано со сапун. Сето тоа ја покажуваше намерата и свесноста до последниот момент.

Нашите лекари откако го прегледаа трупот енергично изјавија дека лудилото е наполно исклучено.